Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филозофски факултет
Институт за историја - Скопје

# ОХРИД ВО РАНИОТ СРЕДЕН ВЕК (ОД V ДО XI ВЕК)

*(докторска дисертација)*

Кандидат:
м-р Тони Филипоски

Ментор:
проф. д-р Коста Аџиевски

Скопје 2009

# ОХРИД ВО РАНИОТ СРЕДЕН ВЕК
## (од V до XI век)


ВОВЕД: ПРИРОДНО-ГЕОГРАФСКИ УСЛОВИ ВО ОХРИДСКО-СТРУШКАТА КОТЛИНА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .1

ГЛАВА I: ЛИХНИД ОД ПОДЕЛБАТА НА РИМСКОТО ЦАРСТВО (395 г.) ДО ДОАЃАЊЕТО НА СЛОВЕНИТЕ

1. Лихнид-провинција Нов Епир-диоцеза Македонија-префектура Илирик

*1.1. Провинција Нов Епир*

а) Формирање. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6

б) Нов Епир во позначајните извори од IV-VI век. . . . . . . . . . . . . . . . . . . .12

в) Лихнид и околината дел од Нов Епир. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 17

г) Распространетост-граници. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .22

д) Градови-седиште. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 25

*1.2. Диоцеза Македонија-префектура Илирик*. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 26

2. Засегнатоста на Лихнид од варварските навлегувања на Балканот (од крај на IV до средина на VI век)

*2.1. Визиготското присуство во Нов Епир кон крајот на IV и почеток на V век*. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .29

*2. 2. Остроготските продори во провинцијата Нов Епир во II-та половина на V век*. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 34

а) Остроготскиот продор на Валамир до Драч (459 г.) . . . . . . . . . . . . . . .35

б) Остроготското навлегување во Нов Епир во осмата деценија на V век. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 37

3. Рановизантискиот урбан изглед на Лихнид - остатоци од материјална култура и нумизматички наоди од V и VI век. . . . .59

*3. 1. Остатоци од материјалната култура*. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .64

а) Остатоци од заштитни бедеми. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .65

б) Старохристијански базиликални градби. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 66

в) Остатоци од профани објекти и некрополи. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .70

*3. 2. Нумизматички наоди*. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .71

4. Лихнидска епископија-Лихнидски епископи. . . . . . . . . . . . . . .73

ГЛАВА II: ЛИХНИД/ОХРИД ОД СРЕДИНАТА НА VI ДО СРЕДИНАТА НА IX ВЕК

1. Лихнид и Нов Епир во контекст словенските продори и населување на Балканот. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 84

2. Комани-Кроја населби. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .103

3. Охрид и племето Верзити-склавинија Верзитија. . . . . . . . . . .116

4. Континуитет на византиско влијание преку Драчката архонтија и Драчката тема (VII- средина на IX век) . . . . . . . . . 125

ГЛАВА III: ОХРИД ПОД БУГАРСКА ВЛАСТ

1. Паѓање под бугарска власт. Административна припадност

*1.1. Паѓање под бугарска власт.* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .129

*1.2. Административна припадност.* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 131

2. Охрид во време на Климент и Наум

*2.1. Климент.* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 135

а) Градителство. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 137

б) Мисионерско-просветителска работа. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 148

*2. 2. Наум.* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 160

3. Охридска епископија. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 164

ГЛАВА IV: ОХРИД ВО РАМКИТЕ НА САМУИЛОВАТА ДРЖАВА (976-1018)

1. "Одметништвото"(969) и востанието (976) на комитопулите. Самуил (976-1014)

*1. 1. "Одметништвото" (969) и востанието (976) на комитопулите.* .171

*1. 2. Самуил (976-1014)* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 175

а) Охрид-"метропола". . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .182

2. Последните години и паѓање под византиска власт (1014-1018)

*2.1. Гаврил Радомир (1014-1015) и Јован Владислав (1015-1018)* . . . . . . .191

*2. 2. Паѓање под византиска власт*. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .209

## ГЛАВА V: ОХРИД ПОД ВИЗАНТИСКА ВЛАСТ (1018-1118)

1. Административна поставеност. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 230
2. Востанието на Петар Делјан (1040-1041) . . . . . . . . . . . . . . . . .243
3. Востанието на Ѓеорги Војтех и Константин Бодин
(1072-1073) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 250
4. Охрид во време на Алексиј I Комнин (1081-1118) . . . . . . . . . .255
*4. 1. Византиско-норманската војна (1081-1085)* . . . . . . . . . . . . . . . . . 257
*4. 2. Првата крстоносна војна (1096-1099) и норманскиот продор на Боемунд Тарентски (1107-1108)*
а) Првата крстоносна војна (1096-1099) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 280
б) Норманскиот продор на Боемунд Тарентски (1107-1108) . . . . . . . . . .298

## ГЛАВА VI: СОЦИЈАЛНО-ЕКОНОМСКИ И ЦРКОВНИ ПРИЛИКИ ВО XI И ПОЧЕТОК НА XII ВЕК

1. Социјално-економски прилики. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 309
*1.1. Охрид во писмата на Теофилакт*. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .312
а) судирот меѓу Теофилакт и фискалните чиновници. . . . . . . . . . . . . . . 313
б) црковно стопанство. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .322
в) Теофилакт и Охриѓаните. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .327
*1. 2. Урбана структура и остатоци од материјалната култура*. . . . . 338
2. Црковни прилики
*2. 1. Охридската архиепископија/патријаршија во време на Самуиловата држава*. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .356
*2. 2. Охридската архиепископија во време на византиското владеење (до почетокот на XII век)* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 358
*2.3. Црковните градби во Охрид (XI-почеток на XII век)*
а) Св. Софија. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .366
б) Горната црква на архиепископот Теодул. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .370

в) Св. Пантелејмон. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 371
ЗАКЛУЧОК. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 375
Користени извори литература. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .380

# ВОВЕД: ПРИРОДНО-ГЕОГРАФСКИ УСЛОВИ НА ОХРИДСКО-СТРУШКАТА КОТЛИНА*

Градот Охрид како во минатото така и денес претставува најголема градска населба во Охридско-струшката котлина. Споменатата котлина се протега во крајниот југозападен дел на Р. Македонија, односно во западните предели на историско-географска Македонија.

Големиот Динарско-пиндски планински систем, кој сочинува една голема и издложена целина во западниот дел на Балканскиот полуостров ја вклучува и Охридско-струшката котлина. Во геометриски поглед котлината има неправилна форма, но главно е развлечена во насока север-југ. Се протега на површина од околу 1 300 километри квадратни. Нејзината најголема должина во насока север-југ е измерена во источниот дел и изнесува околу 47 километри. Најголемата ширина во насока запад-исток, која е измерена со средишните делови, изнесува околу 38 километри. Во јужните делови од котлината ширината изнесува околу 15 километри. Котлината интерно е поделена на: Охридски крај, Струшки крај и Дебарца. За разлика од мнозинството на котлини и области во Македонија, кои лежат во сливот на реката Вардар, односно во сливот на Егејското море, котлината предмет на разгледување се протега во сливот на реката Црн Дрим, односно во сливот на Јадранското море. Охридско-струшката котлина на северозапад, запад и југ се граничи со областите: Булчиза, Голо Брдо, Черменика, Мокра и околината на Подградец, сите во Р. Албанија. Од исток и североисток таа се граничи со македонските котлини или области: Преспа, Демир-Хисар, Кичевска котлина и Дебарски Дримкол.

Охридско-струшката котлина од сите страни е омеѓена со високи планини. За запад се издигнува планината Јабланица; на северозапад-Караорман; на исток и југоисток-Илинска планина, Плакенска планина,

---

* Користена литература: М. Панов, Географија на СР Македонија, I, Скопје 1976; П. Кировски, Природно-географските одлики на Охридско, Охрид и Охридско, I, Скопје 1985, 11-32; Ј. Серафимова-Хаџишче, Охридско Езеро, Охрид и Охридско, I, Скопје 1985, 33-59; В. Битракова-Грозданова, Топографијата и урбаниот развој на Лихнидос, Историја, XXII/2, Скопје 1986, 249-263; Ј. Ф. Трифуноски, Охридско-струшка област (Антропогеографска проучавања), Београд 1992.

Петрино и Галичица. На југозапад областа се стеснува поради протегањето на Охридското Езеро.

Потребно е да се потенцира дека западната граница е мошне изразена благодарение на исклучително високите планински врвови на Јабланица (1 644 м., 2 135 м., 2 259 м. и 2130 м.) и е долга околу 27 километри. На северозапад, кај селото Ташмаруништа, се соединуваат ограноците на планините Јабланица и Караорман. Токму на тоа место реката Црн Дрим почнува да се пробива низ Дримколската клисура. Недалеку од селото Ташмаруништа почнува северозападната граница. Највисоките планински врвови (1 332 м., 1 670 м., 1 600 м. и 2 242 м.) на Караорман ја затвораат котлината од северозапад, чија вкупна должина на границата изнесува 34 километри. На исток и југоисток котлината исто така е затворена благодарение на бројните и високи врвови (1 466 м., 1 362 м., 1 577 м., 1 919 м., 1 999 м., 1 661 м., 1 854 м., 1 737 м., 1 802 м., 1 953 м. и 2075 м.) на планините: Илинска, Плакенска, Петрино и Галичица. Должината на границата изнесува 75 километри. На југозапад езерото претставува природна граница.

Котлината се одликува со голема висинска разлика меѓу одредени нејзини делови. Најниската висинска точка изнесува 690 метри и е измерена покрај коритото на реката Дрим, во близина на селото Ташмаруништа, додека највисоката точка претставува врвот Црн Камен (2 259 м.) на планината Јабланица.

Охридскиот дел од котлината се смета пределот околу градот Охрид и источниот брег на Охридското Езеро. Дополнително Охридскиот крај се дели на два дела: пределот на сливот на Коселска река северно од градот и вториот, јужно од градот, кој главно го опфаќа подмножјето на планината Галичица.

Охридско-струшката котлина иако е опкружена со високи планини од дамнина е мошне добро поврзана со соседните области. Според општите географски услови во антиката и средниот век најзначајни биле три патни правци кои излегувале од котлината. Првата кон Скадар (дебарско-скадарски пат); втората кон Драч (елбасанско-драчки пат) и

третата кон Битола (битолско-солунски пат). Дури во поново време на значење добива патот Кичево-Тетово-Скопје.

Преку долината на реката Црн Дрим, која продолжува со долината на Бел Дрим, се отворала т.н. медитеранска насока, која ги поврзувала следните базени: Метохија, Пилот, околината на Дебар и околината на Охрид. Долината на реката Голем Дрим од своја страна тесно ги поврзувала наброените предели со Скадарско-зетскиот базен покрај Јадранското море. Токму долините на споменатите реки ги следеле важни патни комуникации, кои во антиката и средниот век биле користени за воена, дипломатска, трговска, културна и миграциона намена.

За големото значење кое го имал патот Виа Егнатиа (Драч-Константинопол) низ историјата не треба посебно да се зборува. Токму Охридско-струшката котлина попречно (исток-запад/запад-исток), била пресекувана од оваа исклучително важна патна комуникација, која мошне често била користена во антиката и средниот век. Се смета дека нејзината главна маршрута од исток во котлината влегувала преку превојот Буково (Петрино), а на запад кон Драч излегувала веројатно во близина на превојот Ќафасан.

Потребно е да се спомене функционирањето и на други помали патишта, патеки и патчиња преку тешкопристапни превои на планините: Јабланица, Илинска, Плакенска, Петрино и Галичица, кои главно овозможувале одвивање на пешачки и карвански сообраќај. Неизвесно е од кое време таков вид на пат минувал по источното крајбрежје на Охридското езеро од Охрид кон Подградец и Корча.

За одредување на климата во Котлината големо значење има географската положба во горниот дел на сливот на Црн Дрим и висинската разлика на релјефот. Големо влијание игра тоа што не е многу оддлечена од Јадранското Море, а исто така што на дел од неа се протега Охридското Езеро. Котлината се наоѓа меѓу подрачје со континентална клима на исток и предели со изменета медитеранска клима на југ, запад и север. Поради тоа во областа не владеат единствени климатски услови. Па така климата во областа е преод меѓу континенталниот и медитеранскиот тип.

Вообичаено е што просечните зимски температури се повисоки, а летните температуре се пониски отколку во другите околни котлини, што значи дека зимите се доста благи, а летата посвежи. Според метеролошките анализи месечната просечна најниска температура во Охрид изнесува 1,7 степени во јануари, а највисоката 22 степени во месец август. Просечната пак годишна температура изнесува 12 степени. Количеството на дождови исто така не е рамномерно. Во најниските делови на котлината паѓаат просечно од 600-700 мм. на м2 дожд во текот на една година, а на највисоките делови достигнува дури до 2000 мм. на м2.

Котлината изобилува со огромни водени ресурси. Покрај бројните извори, карстни врела, артески извори, цистерни, локви и бројни реки тука е Охридското Езеро. Тоа опфаќа централни и јужни делови од котлината, по потекло е тектонско и безмалку има елипсовидна форма. Лежи на надморска височина од 695 м.; зафаќа површина од 358 км2; должина на крајбрежна линија од 87 км.; максимална должина од 30 км.; максимална широчина од 14, 50 км.; средна широчина од 11 км.; максимална длабочина од 288, 70 м. и средна длабочина од 151 м. Тоа е едно од најголемите и најдлабоките езера во Јужна Европа. Источниот и западниот брег на езерото се високи и стрмни, за разлика од јужниот и северниот брег кои се рамничарски. Освен од бројните извори езерото се прихранува од околу 40 помали реки и потоци, од кои 17 се наоѓаат на македонска територија.

Најголема река во котлината е Црн Дрим, која истекува од Охридското Езеро и тече од југ кон север. Во минатото делот од коритото на реката во Струшкото поле, иако мочурлив бил исклучително плоден за обработка. Во реката Црн Дрим се влеваат поголем број помали реки. Меѓу поголемите реки во котлината треба да се споменат Сатеска и Коселска река. Додека Сатеска тече низ Струшкото поле (западен дел на котлината), Коселска река е единствена река која се истакнува по својата големина во источниот дел од котлината. Во Охридското Езеро се влева во близина на Охрид, поконкретно од неговата западна страна.

* * *

*

Географската положба на градот Охрид, центарот на котлината, била и денес е исклучително поволна од повеќе аспекти. Стариот дел од градот (Варош) се протега на две варовити купи (брега) кои осамени и стрмни се издигнуваат во Охридското поле, заплискувани од езерото. Целиот простор на Варош, кој е опколен со ѕидини, е со големина од 38 хектари. Двата брега ги дели едно длабоко седло кое денес го следи улицата “Илинденска”. Западниот брег, кој е поголем (25 ха), се нарекува Високо Кале (Уч Кале). На доминантната позиција од стари времиња постои затворен, односно утврден простор-тврдина, кој се вика Горни Сарај или Самуилова тврдина. Наспроти повисокиот се протега пониският брег, чие доминантно плато се вика Дебој. Природната предиспозиција на ридестиот терен кој значел поголема безбедност, дебелите ѕидини и близината на водата претставувале повеќе од доволни предуслови од најстари времиња интензивно да се живее на тој простор. Во периодите кога непречено функционирал патот Виа Егнатиа улогата на Лихнид/Охрид, како крајпатен пункт, уште повеќе се зголемувала. Токму затоа рановизантискиот автор од VI век, Прокопиј Кесариски, го вбројува Лихнид во редот на старите и густо населени места. Навистина со право може да се истакне дека во споредба со останатите македонски градови, доминантен дел од најкрупните, односно, круцијалните настани, личности или институции од македонското средновековие се случувале, делувале или биле во некаква врска со Охрид. Во продолжение ќе се потрудиме аргументирано да ја потврдиме таквата констатација, но во една ограничена историска рамка (V-XI век).

# ГЛАВА I: ЛИХНИД ОД ПОДЕЛБАТА НА РИМСКОТО ЦАРСТВО (395 г.) ДО ДОАЃАЊЕТО НА СЛОВЕНИТЕ

## 1. Лихнид-провинција Нов Епир-диоцеза Македонија-префектура Илирик

Самиот поднаслов алудира дека во овој дел се занимаваме со прашањето на административната поставеност, поконкретно припадноста на градот Лихнид прво кон најситната административна единица-провинцијата Нов Епир, преку диоцезата Македонија за да дојдеме до префектурата Илирик. Иако е сосема извесно дека во почетокот на V век веќе била конституирана гореспоменатата административна мрежа во која влегувал градот Лихнид, сепак за посеопфатно презентирање на проблемот неопходно е да се навратиме барем во предходното столетие, ако не и порано, за да го проследиме настанувањето на таа мрежа, секако со тежиште на прашањето за формирањето на провинцијата Нов Епир. Како особено интересно се наметнува прашањето поради кои причини градот Лихнид со неговата поширока околина, најверојатно уште при формирањето на провинцијата Нов Епир, влегол во неа, а не останал на пример во границите на провинцијата Македонија?

### *1.1. Провинција Нов Еӣир*

а) Формирање

Сосема оправдано може да се изнесе оценката дека од крајот на III и во текот на I-та половина на IV век се случувале мошне крупни реформи во административната поставеност на Римската империја.[1] Тоа секако се наметнало како неопходна потреба по завршувањето на нестабилниот и кризен период низ кој поминала Империјата во III век, проследен со чести

---

[1] Особено значаен труд каде мошне подробно се анализира администартивното уредување на Римската империја во време на Диоклецијан и Константин со сите промени кои се случувале е она на: T. D. Barnes, The New Empire of Diocletian and Constantine, Cambridge-London 1982, 91-250.

промени на владетелите. Доаѓањето на власт на Диоклецијан (284-305) претставува настан кој несомнено значел позитивна пресвртница за натамошно преживување на Империјата. Со воведување на тетрархискиот систем на владеење (293) во редот на бројните реформски мерки кои ги иницирал и почнал да ги спроведува Диоклецијан со право му се припишуваат и оние кои имале административна природа. Ситнењето и делењето на провинциите, кои дотогаш биле големи и гломазни, бил само еден од позначајните методи кои се применувале во административното преуредување на Римската империја.[2]

Меѓу провинциите кои биле предмет на поделба и ситнење се нашла и провинцијата Македонија. Како во пописите на провинциите и диоцезите, така и во други извори, почнувајќи од првата четвртина на IV век, вообичаено се споменуваат две нови провинции, чии територии во претходниот период влегувале во провинцијата Македонија. Сосема логично преовладало мислењето дека овие две провинции произлегле од провинцијата Македонија. Се работи за провинциите Нов Епир[3] и Тесалија. Поради непостоење на директен изворен податок кој би ја открил годината кога се случило изделувањето на провинциите Нов Епир и Тесалија од рамките на дотогашната провинција Македонија во

---

[2] T. D. Barnes, The New Empire, 224-225. Сп.: J. G. Anderson, The Genesis of Diocletian's Provincial Re-organisation, The Journal of Roman Studies, 22, London 1932, 24-32; A. H. M. Jones, The Later Roman Empire (284-602), III, Oxford 1964, 1456-1457; П. Ст. Коледаров, Името Македония в историческата география, София 1985, 19-22; R. C. Blockley, East Roman Foreign Policy: Formation and Conduct from Diocletian to Anastasius, Leeds 1992, 97; S. Williams, Diocletian and the Roman Recovery, London 1997, 15-24, 61-70; R. Rees, Diocletian and the Tetrarchy, Edinburgh 2004, 24-30; М. Б. Панов, Административни промени во Македонија во IV-V век: нови датирања, Историја, историографија и настава по историја, Скопје 2007, 115-116 и наведената понова литература.

[3] При споменување на поимот Епир Б. Примов (Латински извори за българската история, I, София 1958, 80, бел. 1) сметал за потребно да објасни дека се работи за римска провинција, која го опфаќала западниот дел од Грција и која по реформите на Диоклецијан била разделена на две провинции-Нов Епир (Албанија) и Стар Епир, што е сосема погрешно. Во одредницата *Epirus* (Tabula Imperii Romani (Naissus-Dyrrhachion-Scupi-Serdica-Thessalonike), Ljubljana 1976, 52) воопшто не се наведува дека провинцијата Нов Епир настанала со одделување на територии од провинцијата Македонија. Во реномираниот Oxford Dictionary of Byzantium, New-York-Oxford, I, 1991, 715 се прави изворно непоткрепена конструкција дека провинцијата Епир можеби била одвоена од провинцијата Ахаја дури во време на Диоклецијан, и до времето кога настанал *Laterculus Veronensis*, според авторите на речникот меѓу 328 и 337 г., провинцијата Епир била поделена при што настанале провинциите Стар Епир и Нов Епир, кои прво влегувале во диоцезата Мизија, а подоцна во диоцезата Македонија. Во изданието: Nikopolis und Kephallenia, Tabula Imperii Byzantini (P. Soustal), 3, Wien 1981, 47, правилно се констатира дека провинцијата Нов Епир произлегла од провинцијата Македонија.

историографијата постојат единствено различни тези за датирање на настанот.

Во продолжение се осврнуваме токму на прашањето за времето и околностите во кои се случило настанувањето на провинцијата Нов Епир. Тоа е значајно поради големата веројатност дека уште од формирањето на оваа нова провинција градот Лихнид со својата поширока околина целосно влегол во нејзините рамки. Припадноста на градот Лихнид кон провинцијата Нов Епир се потврдува од повеќе подоцнежни изворни податоци на кои детално се задржуваме подолу.

Пописот на доцноримските провинции и диоцези, познат како *Laterculus Veronensis*, во науката вообичаено се смета дека претставува најран попис од таков вид, каде меѓу останатите провинции за прв пат се споменува Нов Епир (epiros noua).[4] Тоа што се третира како најран попис истовремено не значело дека тој може лесно да се датира па затоа се отворила широка расправа токму околу неговото датирање. Притоа пописот хронолошки се сместувал во мошне широки граници, најрано кон крајот на III век - најдоцна во годините по 358 г. Иако Т. Д. Барнс аргументирано и доста издржано дошол до претпоставката дека делот од пописот кој се однесува на источните провинции и диоцези ја прикажува административната поставеност на тој дел од Империјата во периодот меѓу 314/315 и 324 г.[5], тоа хронолошко прецизирање и натаму не може да помогне во одговор на прашањето од кога почнала да функционира провинцијата Нов Епир како посебна административна единица.

Во релативно поново време објавен е еден епиграфски натпис, чија содржина индиректно сведочи за постоење на провинцијата Нов Епир пред 314 г., што секако дополнително ги стеснува хронолошките граници кога таа била формирана. Исто така овој поново откриен податок треба да придонесе во науката комплетно да се отфрли тезата дека провинцијата

---

[4] Најново критичко издание на *Laterculus Verronensis* подготвил Т. Д. Барнс (The New Empire, 202-203). "Diocensis misiarum habet. prouincias numero. XI: dacias. Misia superior margensis. dardania. macedonia. thessalia. priantina. priualentina. epiros noua. Epiros uetus. creta"

[5] T. D. Barnes, The New Empire, 203-205 со исцрпна библиографија на сите различни мислења за датирањето на *Laterculus Veronensis*; М. Милин, (Epirus Nova sine Dalmatorum, Ziva Antika, 47/1-2, Skopje 1997, 141) го прифаќа мислењето на Т. Д. Барнс; М. Б. Панов,

Нов Епир била формирана дури во времето кога со балканските провинции владеел царот Константин I (317-337).[6] Во продолжение се задржуваме на споменатиот драгоцен епиграфски податок.

Во близина на античка Фотике (географски во обласга Епир, денес дел од Р. Грција) пронајден е мошне значаен епиграфски натпис чија содржина ја пренесуваме интегрално според толкувањето на Хаил: "Fortissimo et piis/simo Caesari d.n./ Gal(erio) Val(erio) [Maximiano]/ p.f. inv[icto Augusto]/ Coronius Titianus v.p./ praes(es) prov(inciae) vet(eris) Epiri/ num(ini) eorum dicatissi/mus".[7]

Во натписот недвосмислено и децидно се споменува провинцијата Стар Епир (Epirus Vetus). Сосема е извесно дека претходно постоечката провинција Епир,[8] чија територија речиси во целост се совпаѓала со географскиот Епир, го добила атрибутот Стар едновремено или кусо време откако била формирана провинцијата Нов Епир за да биде возможно нивното разликување. Така самото споменување на провинцијата Стар Епир претставува сигурна индикација дека во време кога е пишуван натписот од Фотике, покрај провинцијата Стар Епир постоела и провинција Нов Епир.

Инаку, според толкувањето на М. Хаил, управителот на провинцијата Стар Епир, Корониус Титијанус натписот му го посветил на Максимијан Галериј со голема веројатност во времето додека тој бил август (305-311), оставајќи резерва дека тоа можеби било сторено порано

---

Административните реформи на Диоклецијан, Галериј и Константин I и Македонија, ГИНИ, 50/1, Скопје 2006, 113-114 и бел. 6 со понова литература.

[6] Ф. Папазоглу начелно се изјаснува дека не може сигурно да се утврди кога настанала провинцијата Нов Епир. Сепак таа иако ја дозволува можноста дека истата била формирана уште во време на Диоклецијан, сепак со набројувањето на повеќе изворни податоци кои сведочат за постоењето на провинцијата во време на Константин I индиректно за поприфатливо го смета мислењето дека истата била формирана во негово време. Сп.: Ф. Папазоглу, Македонски градови у римско доба, Скопје 1957, 89-90; Ibid, Лихнид во доцноцарскиот период, Охрид и Охридско низ историјата, I, Скопје 1985, 113-114. Дека провинцијата Нов Епир најверојатно била формирана во време на Константин I се изјаснила и З. Костиќ (Осврт на административне поделе Македоније крајем антике, ЗРВИ, 35, Београд 1996, 78)

[7] M. Heil, Zwei spätantike Statthalter aus Epirus und Achaia, Zeitschrift für Papyrologie und Epigraphik, 108 (1995), 159.

[8] Провинцијата Епир била формирана во II век, со издвојување на територии од провинцијата Ахаја. Види: TIB, 3, 47. Дека провинцијата Епир добила ново име Стар Епир констатира Т. Д. Барнс (The New Empire, 217).

додека тој бил цезар (293-305). Резервата е оставена поради тоа што постојат неколку примери од други натписи каде описот на титулата за цезарите е погрешно интерпретирана и е идентична со онаа за августите. Бидејќи во натписот од Фотике постои опис за титулата август М. Хаил претпоставува и предлага дека во натписот треба да стои титулата август, иако, најверојатно поради оштетеност, не бил во можност да ја прочита конкретно самата титула. [9]

Токму дилемата во титулирањето на Галериј е проблем кој не овозможува поексплицитно датирање на натписот. Тргнувајќи од познатите факти дека Галериј бил цезар од 293 до 305 г., додека како август се титулирал од 305 до 311 г., М. Хаил најпрво го датира натписот во 305 г., најраната година кога Галериј ја носел титулата август. Имено тој повлекува паралели и наоѓа сличности во формулациите меѓу натписот од Фотике и еден друг натпис од Шпанија, кој пак веројатно потекнува од 305 г. Но во продолжение повикувајќи се на можноста дека се работи за погрешен опис на титулата, односно дека Галериј во натписот можеби се споменува како цезар, тој дава втор предлог за датирање на натписот и овој пат го датира мошне широко од 293 до 305 г.[10] Во секој случај по ниту една варијанта М. Хаил натписот не го датира подоцна од 305 г., што значи дека засега таа година би можела да се прифати како terminus ante quem за формирањето на провинцијата Нов Епир.

Во продолжение се задржуваме на некои дилеми во науката кои можеби наизглед не помагаат да се дојде до годината кога била основана провинцијата Нов Епир, но посредно сепак може да придонесат за дополнително приближување кон одговорот на ова значајно прашање.

Имено веќе претходно напоменавме за опстојувањето на две спротиставени гледишта во науката по прашањето за време на кој владетел била формирана провинцијата Нов Епир. Според едни тоа се случило во време на владеењето на Диоклецијан, а пак според други во време на владеењето на Константин I. Но бидејќи со добиените сознанија

---

[9] M. Heil, Zwei spätantike Statthalter, 160.

[10] Ibidem, 160-161. Сп.: M. Milin, Epirus Nova sine Dalmatorum, 141-143, која смета дека во натписот можеби бил намерно употребен епитетот fortissimus, вообичаен за августите, иако Галериј бил цезар, поради извојуваната голема победа над Персијанците.

од поново време станува сосема извесно дека во 317 г., кога Константин I завладел со балканските простори, провинцијата Нов Епир веќе била формирана, се чини како единствено веродостојно се наметнува мислењето дека провинцијата Нов Епир била формирана во времето кога власта ја имал Диоклецијан.

Но тука се појавува проблем кој во науката досега не бил доволно елабориран. Имено не треба да се заборави дека од 286 г. Диоклецијан ја делел власта и територијата на Империјата со уште еден август, а од 293 г. и со уште двајца цезари. На еден од цезарите, кој се викал Максимијан Галериј (293-311), му била отстапена непосредната власт токму над областите на Илирик и диоцезата Мезија, а во тие рамки и над големата провинција Македонија.[11] Во тој контекст особено е значаен еден податок од Лактанциј според кој административното регулирање на провинциите било во надлежност на четворицата владетели,[12] од тетрархијата, што значи не само на Диоклецијан. Впрочем на таквата можност на посреден начин дополнително упатува споменувањето на провинцијата Стар Епир и името на Галериј, а не на Диоклецијан во натписот од Фотике. Бидејќи се чини се поизвесно сознанието дека од 293 г. во рацете на Галериј се наоѓале сите надлежности на владеењето со балканските простори, вклучително и административните работи, логично се наметнала констатацијата дека во време и од страна на Галериј најверојатно била формирана новата провинција Нов Епир, а не од Диоклецијан.[13]

Навистина се чини прерано дека провинцијата Нов Епир можела да биде формирана пред 293 г., што би одело во прилог на широко прифатената теза дека во време на Диоклецијан дошло до ситнење-делење на провинцијата Македонија. Доколку се прифати како голема

---

[11] Сп.: T. D. Barnes, The New Empire, 197, 199; Историја српског народа, I, 92 (М. Мирковић); S. Williams, Diocletian and the Roman Recovery, 61-70; R. Rees, Diocletian and the Tetrarchy, 24-30; М. Б. Панов, Солун за време владеењето на Максимијан Галериј, ГИНИ, 41/1-2, Скопје 1997, 129-130; Idem, Административните реформи, 116-117.

[12] Firmiani Lactanti Opera omnia accedunt carmina eius quae ferentur et L. Caecilii qui inscriptus est de mortibus persecutorum liber, Corpus Scriptorum ecclesiasticorum latinorum, vol. XXVII, fasc. II, ed. S. Brandt, G. Laubmann, Wien 1897, 7; 2-4 (поради недостапност на изворот цитирано преку: М. Б. Панов, Административни промени, 116).

[13] М. Б. Панов, Административните реформи, 112-116; Idem, Административни промени, 116-118.

веројатност дека тоа се случило по 293 г., власта над провинцијата Македонија веќе ја имал цезарот Галериј. Претпоставката на М. Б. Панов дека формирањето на провинциите Тесалија и Нов Епир, кои секако настанале со одделување на соодветни територии од провинцијата Македонија, хронолошки треба да се определи по 299 г., односно во периодот 299-305,[14] засега ни изгледа како оптимална варијанта во обидите за хронолошкото прецизирање на формирањето на провинцијата Нов Епир.

Но сепак прашањето за конкретното одредување на годината кога се случила таа крупна административна промена засега мора да го третираме како отворено, евентуално до пронаоѓањето на некој нов пред се епиграфски споменик, кој би содржел релевантни податоци за разрешување на ова прашање. Затоа може да се констатира дека во натписот од Фотике засега е содржан драгоцен податок кој на посреден начин сведочи дека Нов Епир како посебна провинција најрано се јавува во времето кога со просторот на Илирик вледеел цезарот или августот Галериј. Можноста дека провинцијата била формирана пред 293 г., па Галериј да ја наследил состојбата, се чини дека дека е мошне мала.

б) Нов Епир во позначајните извори од IV-VI век

Во науката од поодамна се познати и се користат изворните податоци кои сведочат за постоењето на одделна провинција Нов Епир во текот на IV и следните две столетија.

Доколку се прифати датирањето за делот на *Laterculus Veronensis* кој се однесува на административното уредување на Источниот дел на Империјата (314/315-324), кое го предлага Т. Д. Барнс, тогаш тоа е најрано

[14] М. Б. Панов, Административните реформи, 115-116; Idem, Административни промени, 116-118. Аргументи за предложеното хронолошко прецизирање кога била формирана споменатата провинција авторот се обидува да најде во проследувањето на воено-политичката активност на Галериј по 299 г. Сп: V. Popovic, Byzantins, Slaves et Autochtones Dans Les Provinces de Prevalitane et Nouvelle Epire, Villes et Peuplement Dans L' Illirycum Protobyzantin, Rome 1984, 182.

директно споменување на провинцијата Нов Епир во еден изворен податок. [15]

Меѓу бројните откриени лихнидски епиграфски споменици постојат два кои за нас се значајни поради тоа што во нив се споменува провинцијата Нов Епир заедно со имињата на моменталните провинциски управители кои се наоѓале во ранг на презид (praesides). Освен што се откриени на просторот на денешен Охрид во натписите не е споменат градот Лихнид.

Во првиот натпис името на провинцијата Нов Епир е споменато во вообичаен контекст за епиграфските натписи од времето на тетрархијата и потоа. Президот на провинцијата Флавиј Хигин го посветува натписот на цезарот Констанциј (324-337) или на цезарот Констанс (333-337), синови на августот Константин I, кои освен што имале слични имиња и двајцата носеле иста титула. Поради оштетеност на делот од редот каде било испишано името засега не е утврдено дали се работи за цезарот Констанциј или пак е во прашање цезарот Констанс. Иако Ф. Папазоглу смета дека оштетениот дел од натписот ги дозволува двете варијанти на читање, сепак должината на оштетениот ред придонел таа за поверојатна да ја истакне тезата дека во натписот било испишано покусото име, односно цезарот Констанс. Од разрешувањето на прашањето на кој цезар се однесува натписот директно зависи датирањето на истиот.[16]

Вториот натпис, кој пак президот Софрониј го посветува на императорот Констанциј (337-361) и цезарот Константин Гал, познат е по контраверзата која била предизвикана од читањето и толкувањето на зборот Dalmatorum, на крајот од натписот.[17] М. Милин по подоцнежните повторни истражувања на натписот имала доблест да ја корегира не само

---

[15] T. D. Barnes, The New Empire, 203-205.

[16] Ф. Папазоглу, Македонски градови, 89-90; Ibid, Лихнид во доцноцарскиот период, 113; М. Душаниќ, Epirus Nova Dalmatorum, Жива Антика, 20, Скопје 1970, 142-143.

[17] М. Душаниќ, Epirus Nova Dalmatorum, 137-141. Сп.: F. Papazoglu, O pojmovima "Epir" i "Ilirija" u poznorepublikansko doba, Godišnjak Akademije Nauka i Umetnosti Bosne i Hercegovine, Knj. XIII (Centar za Balkanološka ispitivanja, knj. 11), Sarajevo 1976, 197; Ibid, Лихнид во доцноцарскиот период, 113; M. Pillon, Une Enigme de l'Histoire Administrative Epirote au Siecle: L'Epirus Nova Dalmatorum, Hommage a Alain Ducellier, Toulouse 2004, 283-294.

Инаку во делото на Т. Д. Барнс (The New Empire) отсуствува споменувањето на президот Софрониј, како еден од провинциските управители од IV век, кои инаку споменатиот автор мошне педантно ги евидентирал.

својата туку воедно и проширената теза во науката и да утврди дека наместо Dalmatorum треба да стои: "d(evotus) n(umini) m(aiestatique) eorum". Со самото тоа била наполно отфрлена евентуалната можност на зборот Dalmatorum да му се дава значење на некаков илирски атрибут на провинцијата Нов Епир.[18]

Покрај *Laterculus Veronensis* постојат уште два пописи од IV век, но од подоцнежно време. Едниот претставува само попис на провинции и е познат под името *Laterkulus Polemii Silvii.* Тука провинцијата Нов Епир (Epirus noua) е спомената како една од провинциите на Илирик.[19] Во вториот попис на провинции и диоцези составен од Руфиј Фест (*Breviarium rerum gestarum populi Romani*), се сретнува изразот два Епира (Epiri duae)[20] под што неспорно треба да се подразберат провинциите Стар и Нов Епир. Еднакво како *Laterkulus Veronensis* така и овие два подоцнежни пописи мошне тешко се датираат.[21] Но сепак со голема доза на сигурност е утврдено дека тие ја откриваат административна поставеност на доцноримското царство во втората половина на IV век, што значи дека го потврдуваат опстојувањето на провинцијата Нов Епир во тој период.

Провинцијата Нов Епир на посреден начин се споменува и во делото *Romana et Getica*, чиј автор е познатиот историчар од VI век Јорданес. Најпрво на едно место при набројувањето на провинциите во Илирик тој ги споменува двата Епира (Epyros duos). На други две места во делото при опишување на настаните поврзани со визиготското присуство на Балканот кон крајот на IV век, во редот на провинциите се нашла и именката во множина Епири (Epiros).[22] Тука без сомнение треба да се подразберат двете провинции кои носеле исто име, но различен атрибут. Едниот од двата Епира секако дека била провинцијата Нов Епир.

---

[18] M. Milin, Epirus Nova sine Dalmatorum, 139-140.

[19] Notitia Dignitatum, accedunt Notitia urbis Constantinopolitanae et Laterculi provinciarum, ed. Seeck, Berolini 1876, 257 (*Laterkulus Polemii Silvii*).

[20] Festi Breviarium rerum gestarum populi Romani, edidit: Carolus Wagner, Lipsiae-Pragae 1886, VIII, 3.

[21] Богата библиографија за различните мислења околу датирањето на двата пописи дава З. Костиќ (Осврт на административне поделе, 79, бел. 8 и 9.)

[22] Iordanis Romana et Getica (recensuit: T. Mommsen), Berlin 1961, 28, 95, 97; Йордан, О происхождении и деяниях Гетов "Getica" (Е.Ч. Скржинская), Москва 1960, 94-95; 153-154.

Во еден од малубројните фрагменти кои се сочувани од делото на рановизантискиот историчар Малх од Филаделфија (Сирија), постои податок каде се споменува провинцијата Нов Епир и седиштето Дирахион, во врска со остроготскиот продор предводен од Валамир во 459 г.[23]

*Notitita Dignitatum* или Списокот на службените рангови несомнено претставува најопсежен и најкомплетен спис од таков вид. Во делот каде се откриваат службените рангови од источните области на Империјата на два пати се споменува провинцијата Нов Епир (Epiri nouae). Прво е наброена меѓу осум провинции кои влегувале во префектурата Илирик, а на чие чело се наоѓале управители во ранг на президи. Вториот пат се споменува во друг контекст како една од шесте провинции кои ја сочинувале диоцезата Македонија. Датирањето и овој пат претставува проблем па така Списокот приближно се датира кон крајот на IV и почеток на V век.[24]

Во врска со црковните случувања од разгледуваниот период се бележат неколку места во расположливиот изворен материјал, главно во папските писма и другите официјални црковни документи, каде меѓу бројните провинции од Илирик се сретнува и провинцијата Нов Епир. Со папската уредба од 412 г., чие издавање фактички значело формирање на Солунскиот викаријат, папата Инокентиј на солунскиот епископ Руф му ја доверил јурисдикцијата над десет провинции меѓу кои се наоѓала и провинцијата Нов Епир. Следното споменување на провинцијата Нов Епир може да се најде во едно папско писмо од 422 г., кое освен до солунскиот епископ било упатено и до епископите на неколку илирски провинции меѓу кои биле и двата Епира (Стар и Нов). Во 431 г. може да се

---

[23] Malchos de Philadelphia, Fragmenta, HGM, I, fr. 11, 399. Податокот го цитираме преку Н. Зечевиќ (Византија и Готи на Балкану у IV и V веку, Београд 2002, 110, 117 и бел. 93 и 153), која два пати го цитира изданието кое ни остана недостапно. Во поновото критичко издание на Малх, подготвено од Р. Блокли (The Fragmentary Classicising Historians of the Later Roman Empire (Eunapius, Olympiodorus, Priscus and Malchus), II, (Text, Translation and Historiographical Notes: R.C. Blockley), Liverpool 1983) таков податок не најдовме. Дека Драч бил освоен од Валамир дознаваме и од: Prosperi Continuatio Havniensis, ed Th. Mommsen , MGH Auct. antiquiss, IX, 1892, 459 цитирано преку: Иордан, О происхождении и деяниях Гетов (Е.Ч. Скржинская), 340, бел. 684.

[24] Notitia Dignitatum, I, 4-5; III, 9-10. Најново критичко издание на Notitia Dignitatum види: La Notitia Dignitatum (Nueva Edicion Critica Y Comentario Historico, Concepcion: Neira Faleiro), Nueva Roma 25, Madrid 2005, 1-697.

датира документот од кој се дознава дека на синодот на Солунскиот викаријат меѓу епископите од неколку провинции присуствувале и оние од провинцијата Нов Епир.[25]

Познатиот историчар Прокопиј Кесариски во делото: *De Aedificius* (За градбите), издадено околу 560 г., на две места ја споменува провинцијата Нов Епир. Првиот пат тоа го прави кога детално го образложува и опишува формирањето на јустинијановиот систем на одбрана главно од словенските, но и од другите варварски навлегувања на Балканот. Притоа територии каде особено биле применети тие фортификациони мерки ги издвојува оние на Епир Нов и Стар како што се наречени (ἐνταῦθά τε κἀν τῇ ʽΗπείρῳ τῇ τε νέα καὶ τῇ παλαιᾷ καλουμένη),[26] во што секако се препознаваат истоимените провинции. Втор пат провинцијата Нов Епир (ʽΗπείρω νέα) требало да се споменува во насловот на списокот на новоподигнати тврдини кои, според Прокопиј, ги изградил царот Јустинијан.[27]

в) Лихнид и околината дел од Нов Епир

Засега најраниот изворен податок кој потврдува дека најверојатно од формирањето на провинцијата Нов Епир градот Лихнид со својата поширока околина станал дел од неа, го наоѓаме во *Itenerarium*

---

[25] Р. Братож, Ранохристијанската црква во Македонија и нејзиниот однос спрема Рим, Избор од емитуваните содржини на третата програма на Радио Скопје, бр. 44, Скопје 1990, 51-52. Поради недостапност на писмата цитирано според Р. Братож.

[26] Procopii Caesariensis Opera Omnia (recognovit Iacobus Haury), Volumen III/2, VI Libri ΠΕΡΙ ΚΤΙΣΜΑΤΩΣ sive De aedificiis cum duobus indicibus et appendice, Lipsiae in aedibus B. G. Teubneri 1913, 107. На едно место Прокопиј го споменува поимот Епир без никакви додавки. Сметаме дека на ова место овој термин има историско-географско значење и не се однесува на провинцијата Нов Епир. (Ibidem, 108).

[27] Procopii De aedificiis, 116. Уште Hoesch во изданието "За градбите" од 1607 г. токму на ова место интервенирал и покрај терминот ʽΗπείρω (Епир) го додал зборчето νέα (нов), што е сосема прифатено од следните издавачи на споменатото дело на Прокопиј.

При одредување на местоположбата на родното место на царот Јустинијан, Прокопиј Кесариски споменува дека тврдината Таурисион се наоѓала "меѓу Европските Дарданци кои живеат зад границите на Епидамнонците"(Procopii De Aedificiis, 104-105). Под поимот Епидамнонци треба да се подразбере дека тука буквално не се мисли на граѓаните на Епидамнос, кои биле мошне оддалечени од провинцијата Дарданија, туку преносно на жителите на провинцијата Нов Епир, која навистина граничела со Дарданија. Како што е познато Епидамнос бил седиштe на провинцијата Нов Епир.

*Burdigalense*. Споменатиот итенерар е датиран во 333/34 г. и во него пишува дека границата меѓу Македонија и Епир (finis Macedonia et Epiri) се наоѓала околу 13 милји (20 км н.б.) источно од Лихнид кај тврдината/местото Брусида (mutatio Brucida).[28] Иако во изворот не е прецизирано секако дека при споменувањето на Епир всушност се мисли на провинцијата Нов Епир.

Во продолжение се задржуваме на останатите податоци во кои на едно место се споменуваат градот Лихнид и провинцијата Нов Епир и на тој начин директно ја потврдуваат провинциската припадност на градот Лихнид.

На едно писмо датирано најрано во 457 г. испратено од епископите на Нов Епир до царот Лав I (457-474) се потпишал и Антониј епископот на Лихнид, што посредно упатува дека неговото епископско седиште се наоѓало во провинцијата Нов Епир. Инаку лихнидскиот епископ Антониј е познат и како еден од учесниците на црковниот собор одржан во Ефес (449).[29]

Во еден фрагментот на Малх од Филаделфија, каде опширно се опишуваат случувањата поврзани со остроготското присуство и пустошења на Балканот во седумдесетите години на V век, се споменуваат Лихних и Нов Епир. Имено се изнесуваат податоци од кои може да се заклучи дека градот Лихнид влегувал во "така наречениот Нов Епир" (ἐπὶ τὴν Νέαν λεγομένην ‘Ηπειρον).[30]

Следното споменување на Лихнид и Нов Епир на едно место е во врска со лихнидскиот епископ Лаврентиј. Во деведесетите години на V век

---

[28] K. Miller, Itineraria Romana (Römische Reisewegen der Hand der Tabula Peuntengeriana), Stuttgart 1916, 70; 520. Ф. Папазоглу, Македонски градови, 195. Ф. Папазоглу (Лихнид во доцноцарскиот период, 113) смета дека најраното сигурно датирано споменување на провинцијата Нов Епир се наоѓа токму во споменатиот Итинерар.

[29] Ф. Папазоглу, Лихнид во доцноцарскиот период, 115; Р. Братож, Ранохристијанската црква, 49.

[30] The Fragmentary Malchus, II, fr. 20, 440-443. Само на едно место во посочениот фрагмент се споменува Нов Епир, додека за означување на истоимената провинција авторот неколку пати го користи терминот Епир без додавки. Секако на тие места каде се споменува само Епир треба да се подразбере дека тој всушност мисли на провинцијата Нов Епир, што претставува релативно честа појава и во други извори од тоа време.

пишувано е едно папско (Галезиј или Анастасиј II) писмо адресирано до епископот Лаврентиј од Лихнид во Нов Епир.[31]

Во опширниот попис на доцноримските провинции и градови, кој е познат како Синекдемот на Хиерокле (*Hieroclis Synekdemus*), меѓу другите провинции се споменува и името на провинцијата Нов Епир заедно со градските центри кои функционирале во нејзините рамки. Меѓу деветте градови во Нов Епир, осми по ред се наведува градот Αυλινιδος, кој без сомнение е идентификуван со Лихнид.[32] Се смета дека иако Синекдемот датира од VI век, во него всушност е содржана административната поставеност на Империјата од претходното столетие.

Познатиот византиски историчар, Прокопиј Кесариски, современик на царот Јустинијан (527-565), во својата мошне обемна историографска продукција нашол за потребно само на едно единствено место да го спомене Лихнид заедно со нецелосното име на провинцијата на која припаѓал. Имено во неговата *Тајна историја* (*Ανεκδοτα-Arcana historia*) пишувајќи за природните непогоди кои се случиле во Империјата за време владеењето на Јустинијан, но и на неговиот претходник Јустин (518-527), меѓу градовите кои страдале од земјотрес го споменува и градот Лихнид во Епир.[33]

* *
*

Како мошне интересно, но во истовреме и како деликатно се наметнува прашањето зошто градот Лихнид со својата поширока околина влегол во новоформираната провинција Нов Епир, а не останал во провинцијата Македонија? На тоа прашање се надоврзува едно друго за тоа зошто доминантниот дел од територијата на новата провинција која во раната антика била населена од Илири, го добила името Нов Епир, а не на

---

[31] Р. Братож, Ранохристијанската црква, 56.

[32] Hieroclis Synecdemus et Notitiae Graecae Episcopatuum, accedunt Nili Doxapatrii Notitia Patriaarhatuum et Locorum Nomina Imutata, ex recognitione Gustavi Parthey, Amsterdam 1967, 15.

[33] Prokopije iz Cezareje, Tajna istorija (prevod: A. Vilhar; predgovor i komentar: Dr. R. Radić), Beograd 2004, 103.

пример "Нов Илирик"[34] или можеби Нова Илирија? Навистина е тешко да се понудат задоволителни одговори на двете прашања.

Во врска со првопоставеното прашање можеби треба да се помисли дека етничкиот принцип бил клучен при одредувањето на новите гранични линии меѓу провинциите. Па така на едно место Ф. Папазоглу смета дека со издвојување на Нов Епир на Македонија и била вратена старата етничка граница на "исток",[35] поточно на запад. Токму во таа насока се изјаснил М. Б. Панов, според кого владетелите од I-та половина на IV век го земаат токму етничкиот принцип при дефинирањето на новите административни граници. Во тој контекст административните промени во провинцијата Македонија се сфаќаат како некаква тенденција за реоформување на етничките граници на Македонија.[36]

Во спротивност со изнесените тврдења оди една постара, но мошне извесна теза на Ф. Папазоглу, според која при формирањето на провинцијата Тесалија, во време на Диоклецијан, освен областите на географска Тесалија од провинцијата Македонија, кон новата провинција биле придодадени и јужните македонски области Елимиотида и Орестида.[37] Со ваквата теза авторката паѓа во контрадикторност кога еднаш смета дека со формирањето на Нов Епир новата западна граница на провинцијата Македонија повторно се совпаднала со нејзината стара етничка граница, а во случајот кога со основањето на провинција Тесалија наводно и биле приклучени две јужномакедонски области тоа треба да се толкува дека новата јужна провинциска граница на Македонија отстапувала од нејзината етничка граница. Се поставува прашањето зошто се настојувало новата западна граница на провинцијата Македонија да се совпадне со етничката, а кога се работело за јужната нејзина граница тоа не било случај?

Доколку навистина етничкиот принцип бил најважен тогаш зошто од територијата на која во раната антика живееле Илири не била

---

[34] F. Papazoglu, O pojmovima "Epir" i "Ilirija", 198.

[35] Ф. Папазоглу, Македонски градови, 90.

[36] М. Б. Панов, Административните реформи, 117-119; Idem, Македонија меѓу Византискиот исток и Римскиот запад (IV-V век), ГИНИ, 49/1-2. Скопје 2005, 91.

[37] Ф. Папазоглу, Македонски градови, 87-91.

формирана само една провинција и таа не се викала Илирија? Имено посведочено е дека во IV-V век постоеле повеќе од една т.н. "илирски" провинции.

Во случај да се прифати етничкиот принцип тогаш тоа на посреден начин би можело да сугерира дека Дасаретите и нивниот центар Лихнид биле дел од илирскиот животен простор па затоа заедно со територијата која во раната антика ја населувале јужноилирските племиња влегле во доцноантичката провинција Нов Епир.

Токму прашањето за етницитетот на Дасаретите до денес стои сеуште отворено во науката. За оние кои ја застапуваат тезата дека Дасаретите биле илирско племе, било сосема логично што нивната област во доцната антика влегла во провинцијата Нов Епир заедно со областите на останатите јужноилирски племиња.[38]

Но исто така постојат други доста убедливи тези според кои Дасаретите немале илирско потекло, односно биле горномакедонско, бригиско или епирско племе.[39] Доколку се прифати било која од тезите за нивното неилирско потекло тогаш потребно е некакво објаснување зошто Лихнид и поранешната област на Дасаретите влегле во рамките на "илирската" провинција Нов Епир во доцната антика.

Без децидно да се определуваме за ниту една од постоечките тези, иако се чини се поизвесно нивното неилирско потекло, сметаме за потребно да се нагласи дека повеќе вековниот период на хеленизација и романизација извршил големо влијание врз т.н. "етничка припадност" или етницитетот на балканското население, до таа мера што во доцната антика етницитетот воопшто не бил клучен во редефинирањето на административните граници. Па така доколку градот Лихнид и неговата поширока околина во раната антика не биле дел од јужноилирскиот

---

[38] Ibidem, 225. Сепак авторката констатира дека Дасаретите и особено градот Лихнид биле под силно културно влијание на Македонија.

[39] Н. Проева, Прилог кон историјата на античките Македонци, Годишен зборник на Филозофки факултет, 43-44/17-18, Скопје 1990-1991, 17; Idem, Туѓи елементи во културата на Горна Македонија во римско време, Цивилизации на почвата на Македонија (Прилози за истражувањето на културата на почвата на Македонија), кн. 2, Скопје 1995, 81-88 и особено бел. 27; Idem, Епихорските имиња во Горна Македонија, Јазиците на почвата на Македонија (Прилози за истражувањето на културата на почвата на

простор, во периодот на доцната антика можеле да бидат вклучени во рамките на новоформираната провинција Нов Епир од воено-политички и економски причини. Впрочем сосема е извесно дека по изминато подолго време под римска власт балканското население во голема мера се изедначувало во својот развој, притоа намалувајќи ги меѓусебните социјални, јазични, културни и др. разлики. Нов Епир била нова и релативно мала провинција, со мал број градски центри на својата територија, кои во истовреме претставувале и епископски седишта. Лихнид во IV век без сомнение важел за развиен градки центар и епископско седиште и можеби токму поради таа причина бил вклучен во новата провинција. Впрочем од раната антика Лихнид и околината претставувале гранични предели кои во еден период влегувале во илирската држава, а во друг период во македонската држава. За разлика од Нов Епир, провинцијата Македонија сеуште била доста пространа провинција, на чија територија постоеле побројни градски центри.

Но ако во раната антика поголемиот дел од територијата на идната провинција Нов Епир ја населувале Илири зошто провинцијата не го добила името според нив? На тоа прашање единствено се обидела да одговори Ф. Папазоглу, според која во време на римското продирање на Балканот (II век п.н.е.) се појавила тенденција на пренесување и проширување на поимот Епир на просторот на јужноилирското крајбрежје, додека пак поимот Илирик почнал се повеќе да се врзува за јадранската приморска област северно од Лисос (Леш). Токму тука лежи причината за подоцнежното наметнување на името Епир како составен дел на името на новата провинција. Постојат две околности кои можеле да влијаат на проширување на поимот Епир во јужнолириските предели. Прво, јужноиталските Грци и Италците од дамнешни времиња одржувале прекуморска комуникација со Епир и зборот "ἤπειρος” за нив имал првобитно и преносно значење на “копно”. Ваквото значење подоцна го превзеле и Римјаните. Второ, поморскиот сообраќај меѓу Рим и Грција, од почетоците исто така се водел доминантно или можеби исклучиво по

Македонија), кн. 3, Скопје 1996, 83-93; Idem, Студии за античките Македонци, Скопје 1997, 118-130, 134.

јужните патишта од брегот на Епир преку Тесалија кон Средна Грција. Овој пат бил користен и подоцна, но напоредно со новиот пат Via Egnatia, кој поминувал низ Илирија. Токму оваа околност можеби влијаела кај Римјаните обласа каде се истоварувале по препловувањето на Јонското море да ја наречат "Епир". Треба да се потенцира дека овој поим за Римјаните имал чисто географска содржина, а никако не етничка или политичка.[40]

г) Распространетост-граници

Провинцијата Нов Епир се протегала на просторот на денешна средна и јужна Албанија, но во нејзините граници влегол и мал дел од Македонија.

На север провинцијата Нов Епир се граничела со провинцијата Превалитана. Границата се наоѓала јужно од реката Дрим некаде помеѓу градовите Драч, кој влегувал во Нов Епир и Леш, кој бил дел од Превалитена. На југ Нов Епир се граничел со провинцијата Стар Епир и гранична линија приближно ја следела долината на реката Војуса.[41] Северната и јужната гранична линија на новата провинција Нов Епир всушност не била нова. Најверојатно истите гранични линии на југ и на север новата провинција ги наследила од провинцијата Македонија.[42]

Од источната страна провинцијата Нов Епир се граничела со провинцијата Македонија. Источната гранична линија се чини најпроблематична за определување бидејќи не била постојана и стабилна. Според В. Поповиќ на исток природна граница на провинцијата Нов Епир била реката Црн Дрим.[43]

Таквото мислење не може да се прифати бидејќи Лихнид се наоѓал источно од Црн Дрим, а сигурно е дека влегувал во Нов Епир.

---

[40] F. Papazoglu, O pojmovima "Epir" i "Ilirija", 197-210.

[41] V. Popovic, Byzantins, Slaves et Autochtones, 182, 184; Idem, Албанија у касној антици, Илири и Албанци, Београд 1988, 204-205.

[42] F. Papazoglu, O pojmovima "Epir" i "Ilirija", 198.

[43] V. Popovic, Byzantins, Slaves et Autochtones, 182, 184; Idem, Албанија у касној антици, 205.

Најверојатно се работи за превид од страна на В. Поповиќ. Граничната линија секако треба да се бара источно од реката Црн Дрим и од градот Лихнид. Во таа смисла постои мошне веродостоен податок од Итенерарот од 333/334 г. според кој станува јасно дека граничната линија меѓу провинциите Македонија и Нов Епир се наоѓала на оддалеченост од 13 римски милји или 20 километри источно од Лихнид. Токму на таа оддалеченост од градот познат е единствениот граничен пункт, односно планинската тврдина Брусида (mutatio Brucida).[44] Се чини мошне извесна претпоставката дека источната граница на провинцијата Нов Епир во потполност се совпаѓала со источната граница на лихнидската територија.[45]

Источната граница на провинцијата Нов Епир на исправен начин ја сфатиле П. Ст. Коледаров и Р. Братож и истата ја исцртале на карта.[46] Според П. Ст. Коледаров планините кои ги разделувале провинциите Македонија Салутарис и Нов Епир биле: Малешат, Петринска, Турие и Дешат.[47] Навистина ни изгледа најверојатно дека источната и североисточната гранична линија меѓу двете провинции приближно се движела по sртовите на планините: Галичица, Петрино, Плакенска и Илинска.

Но сепак единствено И. Микулчиќ се обидел попрецизно да ја исцрта граничната линија меѓу провинциите Македонија и Нов Епир. Тој комбинирајќи ги скудните податоци од пишаните извори; познавањето на природната конфигурација на теренот и податоците од ограничените археолошки истражувања ја предлага следнава гранична линија. Притоа предлага реконструкција на маршутите за патиштата кои ги поврзувале двете провинции. Според него: “граничната линија на терен треба да ја замислиме повлечена по главниот срт на долгиот венец Галичица (2255 м)-Петрина (1854 м)-Плакенска (1999 м)-Илинска (1969 м). Егнатиевиот пат

[44] K. Miller, Itineraria Romana, 70; 520; Ф. Папазоглу, Македонски градови, 195.

[45] Ф. Папазоглу, Македонски градови, 195.

[46] П. Ст. Коледаров, Името Македония, 20-21; Р. Братож, Ранохристијанската црква, карта стр. 45.

[47] П. Ст. Коледаров, Името Македония, 23. Сп.: С. А. Иванов, Оборона балканских провинций Византии и проникновение “варваров” на Балканы в первой половине VI в., Византийский временник, 45, Москва 1984, 40.

го користел 400 м високиот премин Буково за колски сообраќај преку граничната бариера. По овој премин води и денешниот пат Охрид-Битола. Меѓутоа 7 км јужно од него води еден многу потежок, но затоа за 17 км покус пат. Тој од Лихнид водел право на исток на 900 м високиот премин Исток, контролиран од три високи кастели долж планинската патека (кај Велгошти, Петрино и Евла). Некаде кај денешен Ресен се приклучувал на главниот пат. Преку Галичица воделе две тешки планински патеки од Охридско Езеро (Нов Епир) кон Преспа (провинција Македонија). Тие биле контролирани од тврдините кај Пештани и Трпејца од охридска страна, а кај Шурленци, Отешево и Стење од преспанска страна. Граничнта линија северно од Буково може да ја следиме долж венецот на Плакенска и Илинска. На преминот Пресек границата го сечела патот Лихнид-Скупи и се искачувала на Стогово (2273 м), опфаќајќи ја од север долината Дебарца. Тука стоел синџир од гранични кастели. Натаму на север границата се спуштала од Стогово во теснецот на Радика, на устието на Мала Река. Од другата страна се искачувала на долгиот венец на Кораб (2764 м), продолжувајќи кон масивот на Шара на север. На устието на Мала Река во Радика стоеле четири гранични кастели и стражи (кај Косоврасти, Могорче и Скудриње), кои ги контролирале патиштата од Дрим кон север (по Радика) и кон исток (по Мала Река)."[48]

Кон средината на IV век од северозападниот дел од провинцијата Македонија била формирана нова провинција Македонија Салутарис, која имала привремен карактер. Од списот *Notitia Dignitatum* се дознава дека таа била поделена меѓу соседните провинции Нов Епир и Превалитана,[49] а можеби еден дел останал во провинцијата Македонија.

Новата западна граница на Македонија, а источна на Нов Епир, според И. Микулчиќ: "била корегирана во нејзиниот северен дел, долг околу 130 км. Тргнувајќи од Илинска планина право на север, границата водела на Бабасач (1262 м), Песјак (1874 м), Сува Гора (1853 м) и Жеден, избивајќи на Љуботен на север. Јужниот дел од одделената територија,

[48] И. Микулчиќ, Античките градови во Македонија, "Макропроект историја на културата на Македонија", кн. 8, Скопје 1999, 215-216 и карта на доцноантички тврдини..

[49] Notitia Dignitatum, III, 9-10; Ф. Папазоглу, Македонски градови, 91; П. Ст. Коледаров, Името Македония, 22-23; И. Микулчиќ, Античките градови, 216.

веројатно денешниот Кичевски регион, бил присоединет кон Нов Епир, а северниот дел, Полозите, кон Превалитана".[50]

Ваквите обиди за детална реконструкција на граничната линија меѓу двете провинции се чинат мошне веројатни. Доколку во индина се добијат дополнителни податоци пред се од археолошките истражувања, може да се очекува потврдување или делумна промена на наводите.

Не е познато дали воопшто дошло до ново поместување и промена на источната гранична линија на Нов Епир со формирањето или пак згаснувањето на провинцијата Македонија Секунда во V век.

д) Градови-седиште

Според Синекдемот на Хиерокле покрај Дирахион-Епидамнос (Драч), познати се уште неколку приморски и континентални градови, на кои може да им се утврди местоположбата. Тоа се: Скампа (Елбасан), Аполонија, Билис, Амантија, Пулхериопол, Аулон и Лихнид.[51] Од наброените градови за кои е сосема извесно дека влегувале во Нов Епир единствено градот Лихнид денес влегува во Р. Македонија, а сите останати влегуваат во границите на денешна Р. Албанија.

Во науката е прифатено мислењето дека стариот Дирахион (Драч) бил седиште на провинцијата Нов Епир. Но збунува податокот од Синекдемот на Хиерокле според кој Лихнид бил претставен како провинциска метропола.[52] Таквиот податок В. Поповиќ го третира како грешка, потенцирајќи дека сосема е сигурно дека Лихнид никогаш не бил ниту цивилна ниту црквена метропола на Нов Епир, чија улога ја имал градот Драч.[53]

---

[50] И. Микулчиќ, Античките градови, 216.

[51] Hieroclis Synecdemus et Notitiae Graecae Episcopatuum, 15; V. Popovic, Byzantins, Slaves et Autochtones, 184; В. Поповић, Албанија у касној антици, 205. За доцноантичкиот урбан развој на градовите: Дирахион, Скампа, Аполонија, Билис, Амантија и Аулон види: N. Ceka, The Illiyrans to the Albanians, Tirana 2005, 271-284.

[52] Hieroclis Synecdemus et Notitiae Graecae Episcopatuum, 15.

[53] V. Popovic, Byzantins, Slaves et Autochtones, 184; В. Поповић, Албанија у касној антици, 205.

Но сепак во науката постои мислење според кое Лихнид во текот на IV век за одредено време, односно привремено бил провинциско седиште. Тезата не се базира на податокот од Синекдемот, кој е од подоцнежно време, туку на два-три епиграфски споменици најдени во Охрид во кои се споменуваат провинциски управници на Нов Епир. Според Ф. Папазоглу самото сознание за нивно присуство во Лихнид упатува на претпоставка дека градот можел да стане привремено провинциско седиште на Нов Епир, некаде по земјотресот кој го погодил Драч во 314 г.[54]

Се сложуваме дека сепак постои одредена реална можност податокот од Синекдемот, дека Лихнид бил метропола-седиште на Нов Епир, да се третира како веродостоен. Секако таквата позиција Лихнид можел да ја има привремено, евнтуално поради или во времето на првото готско освојување на Дирахиј во 459 г. и/или за време на второто готско освојување во 479 г. Лихнид за време на првиот и вториот продор сигурно не бил освоен од Готите. Подетално за готските продори расправаме подолу.

### *1.2. Диоцеза Македонија-префектура Илирик*

Откако ги исцрпивме податоците кои се однесуваа на провинцијата Нов Епир, сметаме дека е потребно да се задржиме на околностите и скудните податоци во врска со формирањето на покрупните административни единици-диоцезата Македонија и префектурата Илирик, во чии рамки всушност припаѓала провинцијата Нов Епир во текот на V век и потоа.

Провинцијата Македонија пред поделбата и потоа провинцијата Нов Епир влегувале во рамките на покрупната административна единица, диоцезата Мезија, која најверојатно била оформена во времето на Диоклецијан. Впрочем најрано во изворите диоцезата Мезија се споменува во Laterculus Verronensis.[55] Но се смета дека во времето на

---

[54] Ф. Папазоглу, Лихнид во доцноцарскиот период, 114; M. Milin, Epirus Nova sine Dalmatorum, 141.

[55] T. D. Barnes, New Empire, 202-203, 224-225.

Константин I диоцезата Мезија била поделена при што настанале две нови диоцези-Дакија и Македонија.[56] Во Бревијарумот на Руфиј Фест пишува дека диоцезата Македонија била составена од седум провинции: Македонија, Тесалија, Ахаја, двата Епира, Превалитана и Крит.[57] Припадноста на провинцијата Нов Епир кон диоцезата Македонија останува непроменета во текот на V век.

Познато е дека во време на Јустинијан (527-565) диоцезите веќе не постојат како административни единици што било резултат на предјустинијанскиот развој на провинциската управа.[58] Тоа значи дека диоцезата Македонија пред сосема да исчезне најверојатно постепено го губела значењето.

Покрај зголемувањето на бројот на диоцезите, името на императорот Константин I се поврзува и со формирањето на најкрупните администартивни единици-префектури. Иако префектурата Илирик низ целиот V век без сомнение фигурирала како посебна административна единица, во времето на Константин, кога воопшто почнале да функционираат префектурите, но и потоа до крајот на IV век, нејзината територија главно сеуште била дел од централната префектура Италија-Илирик-Африка, а само повремено била управувана од посебен префект.[59]

По смртта на Теодосиј I (395 г.), кога Империјата била дефинитивно поделена на Западен и Источен дел, Илирик како посебна префектура формално припаднала во Источниот дел на Империјата. Но аспирации за завладување со овие простори уште веднаш во 395 г. пројавил регентот на западноримскиот император, Стилихон, кој располагал со побројна војска. За да ги осигура правата на својот штитеник, регентот на источноримскиот император, Руфин, ја привлекол на своја страна визиготската војска на чело со Аларих. Токму присуството на

---

[56] A. H. M. Jones, The Later Roman Empire (284-602), III, 104-107, 373; З. Костић, Осврт на административне поделе, 80; П. Ст. Коледаров, Името Македония, 22; М. Б. Панов, Административните реформи, 119-121.

[57] Festi Breviarium, VIII, 3.

[58] Љ. Максимовић, Северни Илирик у VI веку, ЗРВИ, XIX, Београд 1980, 31.

[59] Историја српског народа, I, 94 (М. Мирковић); Н. Зечевић, . . . Usque ad Illyricum . . . Ubi Cuncta Perierunt? Илирик у писаним извештајима IV-VII века, Трећа југословенска конференција византолога (Крушевац 10-13. мај 2000), Београд-Крушевац 2002, 165-174.

визиготскиот водач Аларих и неговата војска биле пресудни во одвратувањето на двата обида на Стилихон да завладее со префектурата Илирик.[60]

Најверојатно во 408 г. треба да се датира првата привремена поделба на префектурата Илирик меѓу двата дела на Империјата. Провинциите на диоцезата Македонија, меѓу кои и Нов Епир, секако дека останале во рамките на Источен Илирик под власта на Источниот дел на Империјата-Византија. Таквата состојба траела до 437 г. кога Византија привремено ја превзела воено-административна власт над целата територија на префектурата Илирик. Со хунските напади Византија ја загубила контролата овојпат на поголем дел од префектурата Илирик, но не и над провинцијата Нов Епир, која веројатно не била директно засегната од овие напади. Следувал период кога мошне тешко се следеле промените на административните права на владетелите на двата дела на Империјата врз префектурата Илирик, кои често зависеле од фактичката состојба и моменталната воена превласт на теренот. Сепак главно Источен Илирик речиси постојано се наоѓал под власта на источните (византиските) владетели, а седиштето на префектурата Илирик во најголем дел од времето бил сместен во Солун. Иако формално префектурата Илирик се чини се одржала како административна единица до VII век.[61]

Сублимирано според описите на рановизантиските писатели од V век, Илирик бил претставен како ромејска, политички релативно стабилна административна единица, со нагласено погранично и одбранбено значење, и секако попроодна и поурбанизирана територија од претставите кои биле присутни на Запад. Неможноста од директно посматрање на состојбите во Илирик, најмногу поради честите варварски

[60] М. Б. Панов, Административни промени, 121-122; Idem, Јустинијана Прима-Тесалоника-Сирмиум: паралели помеѓу политиката на Јустинијан I и Теодосиј II, ГИНИ, 51/1, Скопје 2007, 8. Подолу се задржуваме на присуството на Аларих и Визиготите во балканските провинции.

[61] Сп.: Љ. Максимовић, Северни Илирик, 19-22; Н. Зечевић, Илирик у писаним извештајима, 165-166, 174-180; М. Б. Панов, Македонија и Византија во IV и V век, Скопје 2003 (докторска дисертација во ракопис), 183-195.

продори и присуство, кај византиските писатели од VI век предизвикале чувство и претстава дека Илирик е речиси загубен за државата.[62]

## 2. Засегнатоста на Лихнид од варварските навлегувања на Балканот (од крај на IV до средина на VI век)

### *2.1. Визиготското присуство во Нов Епир кон крајот на IV и почеток на V век*

Токму во годините по смртта на царот Теодосиј (395), кога дошло до дефинитивна поделба на Римската Империја, во изворите се опишуваат мошне интересни случувања кои може да се доведат во врска со провинцијата во која влегувал градот Лихнид.

Имено постојат податоци од кои се дознава дека голема западноготската војска предводена од Аларих во два наврати - првиот пат веројатно непрекинато неколку години (397-401), а вториот пат во 405-407 г. (?) - престојувала во Епир.

Во 395 г. поголема група готски федерати на Империјата, дотогаш населени во Долна Мезија, незадоволни од својот статус се побуниле и дошле под ѕидините на Цариград. По кратката опсада на градот, вештата ромејска дипломатија успеала да ги пренасочи кон Тесалија и Хелада, каде останале до следната 396 г. Потоа на чело со нивниот водач Аларих, тие се упатиле на Пелопонез, каде во 397 г. биле пресретнати од западноримската војска на Стилихон. Дали по поразот или постигнатиот мировен договор во секој случај Аларих се повлекол на север кон Епир,[63] односно во неколку провинции на Илирик.[64]

Токму во тој контекст доцноантичките автори Клавдиј Клавдијан, Зосим, Созомен и Јорданес го споменуваат Епир во врска со Готите на

---

[62] Н. Зечевић, Илирик у писаним извештајима, 181.

[63] H. Wolfram, History of the Goths, Berkeley 1988, 141-142; P. J. Heather, Goths and Romans (332-489), Oxford 1991, 202, 211-213; Idem, The Creation of the Visigoths, The Visigoths from Migration Period to the Seventh Century and Ethnographic Perspective, San Marino 1999, 48;

[64] Н. Зечевић, Византија и Готи на Балкану у IV и V веку, Београд 2002, 148, 158-160, 175-176.

Аларих[65] и евентуално нивниот престој таму. Од таму во науката оправдано се изградило мислење дека Аларих и Готите престојувале во Епир во периодот 397-401 г., веројатно како федерати, за потоа да се вратат од Италија во Епир во текот на 406-407 г.[66] Поради скудноста и непрецизноста на податоците останува нејасно дали при споемувањето на "Епир" се мисли на провинцијата Стар Епир или на провинцијата Нов Епир или пак поимот Епир е употребен како географска одредница, што посредно би значело дека се однесува на Стар Епир. Исто така постои можност поимот "Епир" да е употребен за означување на територијата на двете провинции, кои во своето име го содржеле тој поим.[67]

Но покрај наведувањето на изворното сведоштво дека Готите во 397 г. се повлекле во "Епир", во науката постојат различни мислења за територијата која за зафатиле Готите при нивното населување. Според едно мислење, Готите ги опустошиле провинциите Ахаја и Епир, а потоа продолжиле да пустошат по останатите делови на префектурата Илирик.[68] Според друго од неразбирливи причини населувањето на Готите во 397 г., предводени од Аларих се ограничува само на територијата на Македонија, поточно пределите меѓу реките Бистрица и Вардар. Од друга страна во картата која се дава се бележи Епир (Стар Епир н.б.) како територија каде престојувале Готите.[69] Според трето мислење сосема неодредено и конфузно прво се изнесува мислење дека Готите се населиле во Грција или Епир, за во продолжение да се споменат провинциите Македонија и Дакија во тој контекст. На подготвената карта пак може да се види дека како територија каде наводно биле населени Готите издвоена е онаа на

---

[65] Claudii Claudiani Carmina, rec. T. Birt, MGH AA, X, Berolini 1892, XX, 213-215; Zosimi comitis et exadvocatus fisci Historia Nova, ed. L. Mendelssohn, Lipsiae 1887, V, 48, 2; Sozomenos Historia Ecclesiastica, Patrologia cursus completus, Series Graeca, 126, ed. J. P. Migne, Paris 1864, VIII, 25; Iordanis Romana et Getica, 95-97.

[66] Ευ. Χρυσος, Συμβολη στην Ιστορια της Ηπειρου, Ηπειροτικα Χρονικα, 23 (1981), 47-48; Н. Зечевић, Византија и Готи, 160.

[67] Сп.: Ф. Папазоглу, Лихнид во доцноцарскиот период, 116; И. Микулчиќ, Варвари во Македонија во доцната антика, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 48, Скопје 1995, 245.

[68] N. Miteva, The Goths and the Late-Ancient Civilization in the Balkan Peninsula, Etudes Historiques, IX, Sofia 1979, 11. Иако во тоа време не постои провинција Епир, по се изгледа авторката тука мисли на провинцијата Стар Епир.

[69] H. Wolfram, History of the Goths, 142; 151; appendix, map 6a.

Дакија, односно пошироката околина на градот Улпијана (?).[70] Постои и гледиште според кое иако Аларих бил принуден привремено да се повлече во планинската провинција Епир, сепак останува потполно непознат просторот каде Аларих и неговите соплеменици престојувале во периодот 397-401 г. Сосема неодредно се дозволува можноста тие да се разместиле по градовите во јужен Балкан.[71]

Мошне е значајно мислењето на Н. Зечевиќ според кое: "Готите на Аларих од 397 до 401 г. населувале неколку провинции на Илирик, сигурно Нов Епир и Македонија".[72] Слично и В. Поповиќ смета дека Аларих го завзел Нов Епир.[73] Доколку се прифати можноста поимот “Епир” да се толкува како провинција Нов Епир[74] или да ја вклучува, тогаш треба да се претпостави дека еден дел од готските војски на Аларих, неколку години пред да заминат на Запад, можеби престојувале и во пошироката околина на градот Лихнид.

Според мислењето на Н. Зечевиќ извесно е дека во IV век Готите преферирале да се населуваат на напуштена земја во околината на градските центри, а не во чисто рурална средина оддалечена од градовите.[75] Останува отворена можноста дека во тој неколку годишен

---

[70] P. J. Heather, Goths and Romans, 203; Idem, The Goths, Oxford 1996, 140. Потполно е конфузно и збунувачки градот Улпијана (Липљан) и неговата поширока околина да се подведува под Дакија, веројатно провинција Дакија, кога е сосема извесно дека влегувале во провинцијата Дарданија. Доколку се мисли на покрупната административна единица-диоцезата Дакија, каде секако припаѓал, потребно е да се нотира. Впрочем во текстот авторот споменува провинција, а не диоцеза Дакија. Инаку двете провинции, кои во своето име го содржеле поимот Дакија (Крајбрежна и Средоземна) се протегале источно од градот Улпијана и провинцијата Дарданија.

[71] M. Kulikowski, Rome’s Gothic Wars-From the Third Century to Alaric, Cambridge 2007, 167-168. Останува непознато што подразбира под планинската провинција Епир. Дали Стар или Нов Епир?

[72] Н. Зечевић, Византија и Готи, 160. Во врска со населувањето на Готите во IV век авторката забележува просторен феномен, односно нивното настојување за групно населување во рамките на одредени географки области. Бидејќи тие области најчесто се совпаѓале со управните единици на Царството, може да се заклучи дека Готите ги почитувале административните граници на Ромејскиот свет. (Ibidem).

[73] V. Popovic, Byzantins, Slaves et Autochtones, 198; Idem, Албанија у касној антици, 213. Според М. Панов (Македонија меѓу Византискиот исток и Римскиот запад (IV-V век), ГИНИ, 49/1-2, Скопје 2005, 104-105) до 401 г. на просторот на Епир била концентрирана главнината на готските сили. Иако не потенцира од контекстот се разоткрива дека всушност мисли на провинцијата Нов Епир.

[74] Познати се повеќе примери во изворите од IV и V век, каде провинцијата Нов Епир едноставно и скратено се нарекува Епир. Види погоре стр. 12-13.

[75] Н. Зечевић, Византија и Готи, 119-120.

период на преодот на IV во V век околината на Лихнид била засегната од готски напади и/или од привремено нивно присуство. Тоа мислење сепак мора да остане во сферата на предложени тези бидејќи за тоа не постојат пишани изворни податоци.[76] Евентуална потврда на даденото мислење може да се очекува доколку се пронајдат и понудат посигурни сознанија добиени од некои следни археолошки истражувања на просторот на Охрид и неговата околина.[77]

Сепак како што постојат резерви и разногласие по прашањето за територијата која привремено ја населувале Готите, исто така, постојат недоречености во врска со хронологијата на споменатите случувања. Така поради недостиг на податоци останува неизвесно дали Готите веднаш во 397 г. се повлекле од Пелопонез кон Нов Епир или нешто подоцна го направиле тоа. Иако останува неизвесно што правеле Готите до нивното заминување за Италија во 401 г., сепак се чини дека во тие години Готите не се впуштале во воени активности.[78] Она што е сосема извесно е дека за време на неколкугодишниот готски престој во “Епир” и веројатно во други провинции на Балканот, ромејскиот владетел Аркадиј на готскиот водач Аларих му ја доделил највисоката воена функција во рамките на префектурата Илирик-magister militum per Illyricum.[79]

Бидејќи се чини дека еден значителен дел од готската војска до 401 г. престојувал во “Епир”, односно Нов Епир, интересно е да се осврнеме на прашањето кој пат го користеле Готите при нивното заминување за

[76] Во таа насока оди претпоставката на Ф. Папазоглу (Лихнид во доцноцарскиот период, 116) дека иако Лихнид директно не се споменува во изворите во врска со овие настани, тешко е да се верува дека тој останал сочуван од готските напади. Слично и В. Битракова-Грозданова (Топографијата и урбаниот развој на Лихнидос, Историја, XXII/2, Скопје 1986, 259) се изјаснила дека Лихнид би можел најрано да биде зафатен од наездата на Готите кон крајот на IV век, иако не се споменува во изворите. Исто така изнесена е претпоставка дека Лихнид кон крајот на IV век бил цел на германските племиња, секако мислејќи на Аларих и Визиготите (Види: Археолошка карта на Република Македонија, II, Скопје 1996, 260).

[77] И. Микулчиќ (Варвари во Македонија, 245-246) одредени примероци на обетки со октаедарска глава, најдени во с. Велгошти крај Охрид и во самиот град, ги третира како археолошка потврда за готско присуство кон крајот на IV век.

[78] Н. Зечевић, Византија и Готи, 148. Според П. Хедер (Goths and Romans, 205-206) воопшто постои недостаток на изворни известувања за периодот 395-405.

[79] H. Wolfram, History of the Goths, 142; P. Heather, Goths and Romans, 204-205; M. Kulikowski, Rome’s Gothic Wars, 167; Н. Зечевић, Византија и Готи, 160-161 и бел. 84, според која токму податокот дека Аларих ја носел оваа највисока воена функција во Илирик

Италија? Иако не постојат конкретни податоци се смета дека тие се упатиле кон север поминувајќи го Сирмиум и следејќи го течението на реката Сава во Панонија се до Италија.[80] Постои мислење дека за да дојдат до Панонија го користеле патот по долините на реките Вардар и Морава.[81]

По поминати неколку години во Норик и Панонија, Аларих со својата војска се вратил во "Епир", но овојпат менувајќи ја страната како сојузник на Хонориј и Стилихон и противник на Аркадиј. Иако во науката постои разногласие во врска хронологијата на повторното доаѓање и времетраењето на Алариховиот престој во "Епир",[82] во секој случај околу 405 г. Аларих веќе повторно се наоѓал во Епир. Овојпат намерата била од Епир да се започне со воени дејствија, кои имале за цел Илирик да се приклучи кон владенијата на западноримскиот цар, Хонориј.[83] Ваквите планови не биле остварени. Веројатно во 408 г. Аларих по втор пат бил принуден да се повлече од Епир кон Италија, овојпат трајно.

### *2. 2. Остроготските продори во провинцијата Нов Епир во II-та половина на V век*

Пред детално да се зафатиме со обработка на остроготските продори, значајно е накусо да се осврнеме на хунската опасност на Балканот и периодот на нивната доминација во Панонија, која всушност претходела на остроготската. Тоа е потребно од две причини. Прво, постои сосема оправдано мислење дека Остроготите како малцински и

---

говори во прилог на тоа дека неговите Готи населувале поширок простор во Илирик, а не единствено провинцијата Нов Епир.

[80] H. Wolfram, History of the Goths, 150-151. За причините за заминувањето на Аларих во Италија види: P. Heather, Goths and Romans, 206-208.

[81] М. Б. Панов, Македонија и Византија, 117-118. Евентуално за да "излезат" од Нов Епир на патот по долината на реката Вардар најверојтно било неопходно дел од нив да го користат патот Via Egnatia. Тоа би можело да значи дека при напуштање на Нов Епир, Готите кои привремено биле населени во внатрешноста на провинцијата, движејќи се по Via Egnatia кон исток, поминале покрај градот Лихнид. Сепак постои отворена можност Готите да го напуштиле Нов Епир и преку други помалку значајни патишта.

[82] H. Wolfram, History of the Goths, 153-154; P. Heather, Goths and Romans, 210-213.

[83] Sozomenos Historia Ecclesiastica, VIII, 25; Zosimi Historia Nova, V, 48, 2. Сп.: H. Wolfram, History of the Goths, 153-155; P. Heather, Goths and Romans, 211-213; M. Kulikowski, Rome's Gothic Wars, 171.

подреден дел зеле учество во хунските продори на Балканот.[84] Второ, уште повеќе поради можноста Нов Епир и Лихнид да биле засегнати во еден од нивните продори.

Повеќе деценискиот период на релативен мир на Балканот, кој започнал со доаѓањето на власт на царот Теодосиј II (408-450) и траел до почетокот на четириесетите години на V век, бил нарушен од хунскиот племенски сојуз на чело со Атила. При хунскиот опустошувачки продор во 441/42 г. во Илирик биле погодени градовите: Сингидунум, Виминациум, Сирмиум, Наисус (Ниш) и др., а исто така настрадала и Тракија.[85]

Во 447 г. Хуните повторно го поминале Дунав, но овојпат зафаќајќи поширок и подлабок простор од префектурата Илирик. Иако постојат бројни, но воопштени известувања од овој продор во ниту еден од нив не се споменува Епир или Нов Епир. Но затоа пак Македонија е нотирана меѓу земјите кои биле погодени од хунските грабежи и пустоши. Забележано е дека хунскиот продор на југ ја опфатил Грција и Ахаја и дека тие допреле дури до Термопилите.[86] Поради невоедначената терминологија во изворите се поставува прашањето дали при споменувањето на Македонија се мисли на истоимената провинција или на диоцезата? Доклку се мисли на провинцијата Македонија,[87] тешко дека провинцијата Нов Епир можела подиректно да биде засегната од овој продор.

[84] N. Miteva, The Goths, 13; H. Wolfram, History of the Goths, 257-258.

[85] Marcellini V.C. Comitis Chronicon, MGH AA, XI, ed. Th. Mommsen, Berolini 1894, 80-81; Fragmentary Priscus, II, 226-227. Сп.: G. Wirth, Atila und Byzanz, Byzantinische Zeitschrift, 60/1, München 1960, 45-48; R. Frakes, The Impact of the Huns in the Balkans in the Late Antique Historiography, Migration in Balkan History, Belgrade 1989, 41-45; Историја српског народа, I, 96-97.

[86] Marcellini V.C. Comitis Chronicon, 82; Iordanis Romana et Getica, 42; Pauli Historia Langobardum, MGH, XIII, 16. И. Микулчиќ (Варвари во Македонија, 248) ги вбројува провинциите Нов и Стар Епир, меѓу оние кои биле зафатени од хунскиот продор, иако останува непознато според кој изворен податок.

[87] Како своевидна потврда за хунските пустошења во провинцијата Македонија може да послужат археолошките наоди на хунско оружје во Стоби и Хераклеа Линкестис. Види: Е. Манева, Коскени плочки од рефлексни лакови и троребрести врвови од стрели со номадско потекло од Хераклеа, Зборник на трудови на заводот на заштита на спомениците на културата, природните реткости-Музеј и галерија-Битола, 6-8, Битола 1987, 49-60; И. Микулчиќ, Варвари во Македонија, 248; Idem, Антички градови, 201, 253.

Но доколку поимот Македонија се протолкува како диоцеза тогаш постои можност сите провинции кои припаѓале на диоцезата Македонија повеќе или помалку да биле засегнати од хунскиот продор па меѓу нив и провинцијата Нов Епир. Сепак за таквото мислење засега нема никаква потврда во пишаните и материјалните извори.[88]

Хунскиот продор бил навистина силен и жесток. Завршил со повлекување на Хуните кон север заедно со голем плен и пљачка, што сепак не оставил потрајни последици за Византија. Во 448 г. било договорено Хуните да ги задржат претходно освоените територии северно од градот Наисус (Ниш), но веќе следната година вештата византиска дипломатија ги принудила да се повлечат преку Дунав, обврзувајќи се да им плаќа годишен данок. На тој начин бил ставен крај на непосредната хунската опасност за балканските владенија на Византија.[89]

а) Остроготскиот продор на Валамир до Драч (459 г.)

Не поминало многу време од отстранување на хунската опасност, а византиската власт одново била принудена да се справува со нова опасност која се заканувала од доаѓањето и присуството на источноготските племиња на Балканот. Познато е дека при нивното населување се издвоиле две поголеми групи. Едната предводена од тројцата браќа Тиудимер, Видимир и Валамир населиле пространи делови на Панонија, а другата голема остроготска група на чело со Триариј се концентрирала во Тракија.[90]

---

[88] Постои можност дека иако провинцијата Нов Епир веројатно директно не била опустошена од Хуните, градот Лихнид, како граничен пункт кон провинцијата Македонија, на посреден начин да ги почувствувал последиците од хунскиот продор. Засега не ни е познато дека се објавени било какви археолошки наоди од хунско потекло пронајдени во Охрид и околината или пошироко на територијата на поранешната провинција Нов Епир. Сепак во Археолошка карта, II, 260, се остава можност дека Лихнид можеби бил цел на хунскиот продор од 447 г.

[89] The Fragmentary Priscus, II, 229-233; R. Frakes, The Impact of the Huns, 44-45; Историја српског народа, I, 97.

[90] Поопширно за разместувањето на Остроготите во Панонија и Тракија види: A. Lippold, Vzhodni Goti in Rimski Cesarij od 455 do 507, Zgodovinski Casopis, 41/2, Ljubljana 1987, 206-207; H. Wolfram, History of the Goths, 248-268; Н. Зечевић, Византија и Готи, 116-117.

Делот од Готите, кои со дозвола на Византија се населиле во Панонија, на местото на Хуните, почнувајќи од 457 г., па продолжувајќи следните две години, според Јорданес, го разграбале и разориле Илирик,[91] при што во 459 г. готскиот водач Валамир го освоил градот Епидамнос (Драч) седиштето на Нов Епир.[92]

Податокот е значен бидејќи се работи за мошне длабок готски продор на Балканот. Останува неизвесно кој пат го користеле Готите за да стигнат до Драч. Според едно мислење Остроготите предводени од Валамир во 459 г. продреле до Епир движејќи се по долината на реката Морава. Дури Драч, главниот град на провинцијата паднал во нивни раце.[93] Според друго мислење Готите своите напади ги фокусирале од Панонија кон Епир, притоа сметајќи дека провинцијата Македонија не била засегната од овие напади.[94]

Доколку претпоставиме дека Готите од Панонија се движеле по Моравската долина, за стигнат до Драч во Нов Епир, а да не влезат во Македонија тие најверојатно морале да поминат низ Дарданија и Превалитана. Една од маршутите која можела да биде користена при продорот е следнава: движејќи се по Моравско-Вардаскиот пат тие скршнале кон Улпијана, но не продолжиле кон Леш или Скадар, туку го користеле регионалниот пат по течениjата на реките Бел Дрим и Црн Дрим. Тој пат во близина на денешна Струга се поврзувал со патот Виа Егнатиа. Од тука движејќи се кон запад секако би ја следеле трасата на патот Виа Егнатиа за да стигнат до Драч.[95] Единствено во случај да била

[91] Iordanis Romana et Getica, 128. Сп.: The Fragmentary Priscus, II, 340-341. Н. Зечевиќ (Византија и Готи, 110 бел. 93) констатира дека Јорданес за Готите во овој период известува мошне нејасно и сосема исправно забележува дека воопшто не го споменува завземањето на Драч. Но затоа Н. Митева (The Goths, 14) и М. Б. Панов (Македонија и Византија, 141) цитирајќи го токму податокот на Јорданес сосема погрешно се изјасниле дека градот Драч бил освоен од Готите на Валамир, иако во податокот воопшто не се споменува Драч (Види: Iordanis Romana et Getica, 128).

[92] Види белешка 23. Сп.: Историја Црне Горе, I, Титоград 1967, 251-253 (J. Ковачевић); V. Popovic, Byzantins, Slaves et Autochtones, 198; Idem, Албанија у касној антици, 213.

[93] H. Wolfram, History of the Goths, 262; P. Heather, Goths and Romans, 247, не го споменува освојувањето на Драч од страна на Валамир. Сп.: A. Lippold, Vzhodni Goti, 207.

[94] М. Б. Панов, Македонија и Византија, 141.

[95] Тоа е една од можните варијанти на движење кога се работи за маршута: Панонија-Драч. Секако дека постојат уште варијанти на кои се осврнуваме во следната глава кога расправаме за сличниот словенски напад на Драч во 540 г.

користена опишаната маршута на движење градот Лихнид би можел подиректно да биде засегнат од овој готски продор. Засега не постојат никакви навестувања или упатувања дека Валамир се движел токму по таа маршута.

Исто така останува непознато по кој пат Готите се вратиле во Панонија, најверојатно 460/61 г., одкако бил постигнат мировен договор со византискиот цар Лав I (457-474). Како услов за повлекувањето на Готите Византија се обврзала дека ќе плаќа годишен данок во висина од 300 фунти во злато.[96] Притоа Теодорих Амал, внук на Валамир, бил пратен како заложник и гарант на мирот во Константинопол, каде останал десет години.[97]

## б) Остроготското навлегување во Нов Епир во осмата деценија на V век

За време на десетгодишниот престој на младиот Тедорих Амал на византискиот двор воените пресметки меѓу царот Лав I и останатите источноготските водачи не престанувале. Во изворите се сретнуваат мошне фрагментарни и парцијални податоци за тие судири од кои тешко може да се добие појасна слика, но сигурно е дека се случувале подалеку од Нов Епир.[98]

Две-три години по враќањето на Теодорих Амал кај своите соплеменици (473-474), византиските цареви Лав I и Зенон (474-491) се соочиле со нови и помасовни источноготски навлегувања на Балканот. Карактеристично е тоа што токму еден од подобро опишаните нивни продори на Балканот бил директно наосочен кон провинцијата Нов Епир и конкретно градот Лихнид се нашол во центарот на случувањата.

Кога станува збор за изворните податоци кои известуваат за готско-византиските односи во седумдесетите години на V век може да се каже дека се доста исцрпни и за одредени настани мошне детални. Но од друга

---

[96] The Fragmentary Priscus, II, 340-341; 394, f. 146. Сп.: H. Wolfram, History of the Goths, 262; P. Heather, Goths and Romans, 247; Н. Зечевић, Византија и Готи, 110, 117.

[97] H. Wolfram, History of the Goths, 262; P. Heather, Goths and Romans, 247; N. Miteva, The Goths, 14; A. Lippold, Vzhodni Goti, 207-208.

[98] H. Wolfram, History of the Goths, 263-268; Н. Зечевић, Византија и Готи, 110-111.

страна постојат недостатоци поради тоа што тие безмалку речиси комплетно потекнуваат од еден автор, фрагментарни се, наместа контрадикторни и недатирани. Тој автор, чии пишани сведоштва претставуваат далеку најисцрпен и најверодостоен извор за овие случувања се вика Малх од Филаделфија (Сирија).[99]

Денес во историографијата постојат поделени мислења околу повеќе прашања во врска со овие настани, но особено се истакнуват оние кои се однесуваат на хронологијата и бројноста на готските навлегувања насочени кон провинциите Македонија и Нов Епир. Во поново време со право преовладува тезата дека во осмата деценија на V век провинцијата Македонија била погодена од две одделни готски навлегувања, од кои единствено вториот нивни продор продолжил и бил директно насочен кон провинцијата Нов Епир.[100]

Сознанијата за првото готско навлегување во провинцијата Македонија главно се базираат на известувањата од Јорданес. Според него, голема готска војска, на чие чело се наоѓал Тиудимер, ја преминала реката Сава и го нападнала градот Наисус, првиот град во Илирик. Во исто време по наредба на Тиудимер, неговиот син Теодорих со дел од војската и во придружба на Астат и Инвилиј, бил пратен преку тврдината Херкулис, кај градот Улпијана. Пристигнувајќи таму тие успеале да го покорат како градот Улпијана така и градот Стоби. Потоа потчиниле уште некои места во Илирик дотогаш неосвоиви (недостапни). Од тесалиските градови Хераклеа и Лариса најпрво собрале плен, а потоа војнички ги покориле.[101]

---

[99] Од делото "Βυζαντιακα" на Малх сочувани се единствено фрагменти, главно идентификувани во делата на други автори. Повеќеслојна анализа на Малх како автор и на неговите фрагменти види: B. Baldwin, Malchus of Philadelphia, Dumberton Ouks Papers, 31, Waschington 1977, 91-107; R. C. Blockley, The Fragmentary Classicising Historians of the Later Roman Empire (Eunapius, Olympiodorus, Priscus and Malchus), Liverpool 1981, 71-85; M. Errington, Malchos von Philadelpheia, Kaiser Zenon und die zwei Theoderiche, Museum Helveticum, 40/2, Basel 1983, 82-110; P. Heather, Goths and Romans, 233-237.

[100] Сп.: H. Wolfram, History of the Goths, 268-276; A. Lippold, Vzhodni Goti, 208-211; P. Heather, Goths and Romans, 265-266, 278-286; Н. Зечевић, Византија и Готи, 155-156, 162-168.

[101] Iordanis Romana et Getica, 131-132. Споменувањето на тесалиска Хераклеа од страна на Јорданес се смета за грешка. Направена е исправка и во научната литературата преовладува гледиштето дека се работи за Хераклеа Линкестис во Македонија.

Тиудимер од Наисус се упатил и пристигнал пред Солун, каде испратен од царот веќе се наоѓал патрицијот Хиларион со својата војска. Кога Хиларион увидел дека е опколен од Готите, испратил пратеништво до Тиудимер, кое имало задача да го одврати готскиот крал од разрушување на градот. Потоа бил склучен сојуз со Готите и им биле препуштени за населување следниве седум македонски градови: Кир, Пела, Европа, Медиана, Петина, Бер и Диум. Населувајќи се во споменатите градови Готите го положиле оружјето и заживеале спокојно со својот крал. Не поминало долго време кралот Тиудимер се разболел, ги повикал Готите во градот Кир и за наследник го назначил својот син Теодорих.[102]

Во науката се присутни оправдани резерви за веродостојноста на податоците од Јорданес. Се чини дека Јорданес на премногу концизен и воопштен начин ги прикажува готските продори од тој период. Токму затоа постои голема веројатност во описот на Јорданес за наводно едниот готски продор, всушност да се содржани и поедини податоци кои се однесуваат на следните два подоцнежни готски продори. Токму на тој проблем се осврнуваме подолу откако претходно ќе презентираме и анализираме еден поопширен фрагмент од Малх, кој се однесува на следниот готски продор.

Покрај недатираноста на податоците од Јорданес во науката главно е прифатено мислењето дека поголем дел од опишаните настани се случиле во годините 473-474 г. Се смета дека по смртта Тиудимер во 474 г., новиот водач на Амалиските Готи, Теодорих Амал, до 476 г. веќе ги имал поведено и населено своите соплеменици од Македонија во Нова (Свиштов) на Дунав, во провинцијата Долна Мезија.[103]

Тоа биле турбулентни години исполнети со воено-политичко ривалство за превласт и наклоност од Византија меѓу водачот на Панонските Готи-Теодорих Амал и водачот на Тракиските Готи-Теодорих Страбон. Двајцата наизменично ја менувале својата улога: кога едниот

---

[102] Iordanis Romana et Getica, 131-132.

[103] H. Wolfram, History of the Goths, 269-270; P. Heather, Goths and Romans, 265-266, 275-277; R. C. Blockley, East Roman Foreign Policy, 81. Сп.: T. S. Burns, A History of the Ostrogoths, Bloomington 1984, 56-57.

бил ромејски сојузник, другиот се претворал во лут ромејски противник. За подоцна да си ги променат улогите. Низ сите тие настани всушност се препознавала примената на добро познатата византиска политика divide et impera.[104]

Следните години, 477-478 г., Теодорих Амал повторно бил принуден директно да се конфронтира прво со својот готски ривал Теодорих Страбон во Тракија, а потоа и со војските на византискиот цар Зенон, во еден момент достигнувајќи дури до Долгиот Ѕид пред Константинопол. Токму во ситуација кога се нашол под силен византиски воен притисок во Родопите и/или Тракиските низини, Теодорих Амал со својата бројна војска уште еднаш неочекувано се насочил кон пределот по долината на реката Вардар во Македонија, на тој начин барајќи привремен излез од тешката ситуација во која се нашол.[105]

Меѓу дваесетината сочувани фрагменти од делото "Βυζαντιακα" на современикот на случувањата од седумдесетите години на V век, Малх од Филаделфија, во науката е познат еден фрагмент, кој најчесто е нумериран под број 18.[106] Се работи за доста опширен фрагмент во кој меѓу другото мошне детално се пренесуваат случувањата во врска со готскиот продор и пропратните настани за време на нивното задржување во провинциите Македонија и особено во Нов Епир. Поради честото директно споменување и големото значење што го имал градот Лихнид во овие случувања се наметнува потребата споменатиот фрагмент со особена темелност во целост да се разгледа и препрочита.

Според известувањето на Малх, Теодорих Амал по претрпените човечки загуби во судирите со ромејските војсководачи, разгневен повлекувајќи се од некоја неименувана област (во Тракија н.б.), опожарувајќи и убивајќи на се што ќе наидел по патот, го нападнал и

---

[104] Сп.: H. Wolfram, History of the Goths, 270-273; Н. Зечевић, Византија и Готи, 135-136, 185.

[105] Fragmentary Malchus, II, fr. 18, 432-435. Сп.: T. S. Burns, A History of the Ostrogoths, 57-58; H. Wolfram, History of the Goths, 272-273; P. Heather, Goths and Romans, 278-281; Idem, The Goths, 160-161; R. C. Blockley, East Roman Foreign Policy, 81-82; Н. Зечевић, Византија и Готи, 180-184.

[106] M. Errington, Malchos von Philadelpheia, 95, истиот фрагмент предлага дека треба да се нумерира под број 14; додека Р. К. Блокли (Fragmentary Malchus, II, 493) под број 20.

освоил Стоби, првиот град во Македонија. Потоа авторот веднаш се префрла на настаните во Солун, попатно споменувајќи дека Готите на Амал зазеле позиции во близина на Солун.[107] Тоа би требало да значи дека од Стоби Готите го продолжиле движењето по долината на реката Вардар приближувајќи се до Солун. Таквата нивна постапка несомнено претставувала сериозна закана за овој значаен административно - црковен центар на Византија.

Во следните редови Малх мошне детално се задржува на бунтот кренат во Солун од неговите граѓани, кои се сомневале и стравувале дека царот Зенон и префектот на градот Јован можеби веќе договориле мирно предавање на градот на Амаловите Готи. Бидејќи не ја контролирал ситуацијата во Солун, Зенон ги испратил Артемидор и Фока како свои пратеници кај Теодорих Амал. Тие успеале со помирливи зборови привремено да го одвратат готскиот водач од понатамошни пустошења и разурнувања на провинциите и градовите и од евентуалната негова намера да го освои Солун. Бил постигнат договор да почнат преговори за мир. Затоа Теодорих испратил свои пратеници за Византион (Константинопол н.б.). Во меѓувреме со својата војска се придвижил кон запад и сопрел пред Хераклеа (Линкестис н.б.) во Македонија.[108]

Теодорих значително време се задржал во околината на Хераклеа, откако во првиот момент го поштедил градот и околината од пустошења и грабежи. За тоа веројатно постоеле две причини: ветувањето кое што го дал преку пратениците на Царот дека ќе прекине со пустошењата, а секако и гостопримливиот пречек кој што му го приредиле епископот и граѓаните на Хераклеа, пропратен со пригодни дарови и обезбедување на прехрамбени продукти.[109]

Додека Теодорих со својата војска престојувал во околината на Хераклеа се случиле многу настани. Покрај инсистирањето од теодороховите пратеници дека Царот треба што побрзо да испрати свој ополномоштен пратеник кај Теодорих, таа постапка се оддолжила.

---

[107] The Fragmentary Malchus, II, fr. 20, 434-437.

[108] Ibidem, 436-437.

[109] Ibidem.

Готските пратеници залудно нагласувале дека било тешко подолго време да се спречува мноштвото луѓе да не нанесуваат штети во областа каде престојувале.[110]

Во меѓувреме додека Теодорих го чекал Зеноновиот пратеник, Малх ги опишува случувањата во Византион (Константинопол н.б.). Таму Зенон за свој пратеник го одредил Адамантиј, кој што бил патрициј, поранешен префект на престолнината, а сега ја и добил титулата конзул. Тој требало да му ја пренесе царевата понуда на Теодорих дека му се отстапува земја во Пауталија. Притоа Малх ја објаснува оправданоста на одлуката од византиска воено-стратегиска перспектива зошто се отстапува земја токму во тој дел од префектурата Илирик. Исто така на Адамантиј му биле дадени 200 либри злато, наменети за неопходните вонредни трошоци за храна кои би ги имал управителот на Пауталија по евентуалното пристигнувањето на Готите на чело со Теодорих во таа област.[111]

За време на престојот на големата готска војска во близина на Хераклеа, Малх известува и за следниве настани. Имено тој накусо се навраќа на бунтот во Солун, при што соопштува дека префектот Јован бил пречекан во заседа од вооружени војници со мачеви. По пристигнувањето на Адамантиј во градот бил повторно воспоставен ред. Дали поради неизвесноста од преговорите со Зенон или веќе претходно имал испланирано Теодорих од околината на Хераклеа испратил пратеници во Епир (Нов Епир н.б.) кај Сидимунд со молба да му помогне во завладувањето со Епидамнос и со останатиот Епир (Нов Епир н.б.). Малх за Сидимунд открива дека живеел на својот имот во близина на Епидамнос, дека бил соплеменик на Теодорих и дека бил влијателен и богат благородник во служба на Византија. Сидимунд ја прифатил молбата на Теодорих и за таа цел отишол во Епидамнос каде меѓу граѓаните и војниците на градскиот гарнизон, кој броел две илјади души, ја

---

110 Ibidem, 438-439.

111 Ibidem. Сосема е извесно дека под античкиот град/област Пауталија се крие денешен Ќустендил, кој во тоа време влегувал во провинцијата Средоземна Дакија. Види: T. S. Burns, A History of the Ostrogoths, 59; H. Wolfram, History of the Goths, 273-274. Р. Блокли (The Fragmentary Malchus, II, 460, f. 47) и А. Липолд (Vzhodni Goti, 210) Пауталија погрешно ја сместуваат во Дарданија.

проширил веста дека наводно Царот донел одлука да го предаде градот на Готите. Поради таквата наводна одлука, Сидимунд ги убедувал, дека за нив најдобро било додека Готите сеуште се наоѓале далеку од градот тие навреме да го напуштат истиот без да помислуваат на воена пресметка со нив. Откако граѓаните и војниците му поверувале, Сидимунд на Теодорих му пратил известување да дојде што може побрзо за да го превземе градот.[112]

Во меѓувреме додека тоа се случувало во Епидамнос, Теодорих сеуште се наоѓал во околината на Хераклеа. Тој чекал одговор од Сидимунд, но и вести од неговата болна сестра која наскоро умрела. Исто така го очекувал пристигнувањето и на Адамантиј за да дознае какви решенија за него и за неговите луѓе предлагал царот Зенон. Но пратеникот сеуште не пристигнал. По погребувањето на сестра си тој го добил одговорот од Сидимунд, кој итно го повикувал во Епидамнос.[113]

Теодорих подготвувајќи се за тргнување кон Епидамнос, од граѓаните на Хераклеа, кои во меѓувреме го напуштиле градот и се засолниле во една цврста тврдина во близина, побарал поголемо количество жито и вино, кое му било потребно за неговата војска. Граѓаните не биле во можност да му одговорат позитивно на барањето, правдајќи се дека за време на подолгиот престој во малата тврдина се што имале потрошиле. Разлутен од одговорот на граѓаните на Хераклеа Теодорих го опожарил поголемиот дел од градот и се упатил кон Епидамнос.[114]

До ова место во фрагментот опфатени се исклучиво случувањата во времето додека Теодорих престојувал на просторот на провинцијата Македонија. Тоа значи дека авторот освен што конкретно се задржува на напредувањето и постапките на Теодорих во провинцијата Македонија, тој ги опфаќа и настаните што се случувале истовремено или меѓувремено надвор од Македонија, секако поврзани или предизвикани од неговиот престој во таа провинција. Така тој напоредно известува за случувањата во

---

[112] The Fragmentary Malchus, II, fr. 20, 438-441.
[113] Ibidem, 440-441.
[114] Ibidem.

Константинопол, Солун и Епидамнос. Дури по напуштање на Хераклеа, без сомнение движејќи се по патот Виа Егнатиа, тој влегол во провинцијата Нов Епир.

Малх во фрагментот издвојува доста простор на изложување на настаните непосредно пред и по влегувањето на готскта војска во провинцијата Нов Епир. Така тој објаснува дека патот кој водел кон таканаречениот Нов Епир бил тешко прооден и тесен. Теодорих напред испратил коњаница, која имала за цел да ги освои околните и попатни високи места за да може војската безбедно да напредува. Коњаницата без отпор ги освоила високите места, по што дошла и главнината од војската. Пред нив се издигнувала тврдина, обезбедена со одреден број војници. Било планирано готската војска со својата масовност и ненадејно појавување да ја принуди малубројната војска од тврдината на бегство. Планот бил остварен. Откако војниците од тврдината го здогледале мноштвото готска војска кое им се приближува ја напуштиле тврдината, се дале во бегство и притоа не помислувајќи на можноста да се затворат во тврдината и да ја бранат.[115]

Потребно е да се претпостави дека се работи за некоја неидентификувана крајпатна и погранична тврдина. Нејзината функција без сомнение била да го контролира патот Виа Егнатиа како и границата меѓу провинциите Македонија и Нов Епир. Според Х. Волфрам најверојатно се работи за некоја тврдина на преминот Ѓавато.[116] Сепак поверојатно е да се претпостави дека непознатата тврдина се издигнувала поблиску до Лихнид, односно во близина на преминот/превојот Буково. Можеби се работи за нелоцираната тврдина Брусида, спомената во *Itenerarium Burdigalens* од I-та половина на IV век.[117]

На тој начин готската војска на чело со Теодорих преминала во провинцијата Нов Епир. По одминувањето на тврдината Готите напредувале низ пуст планински предел. Потоа Малх известува за

---

[115] Ibidem.

[116] H. Wolfram, History of the Goths, 274.

[117] K. Miller, Itineraria Romana, 70, 520. Ф. Папазоглу, Македонски градови, 195, смета дека Брусида треба да се бара во близина на селото Буково. Според И. Микулчиќ (Античките градови, 228) пак Брусида (Бригида) веројатно се наоѓала во близина на месноста Прентов Мост, с. Опеница.

распоредот на готската војска при нејзиното навлегување се подлабоко во Нов Епир. Со дел од војската напред патот го пробивал лично Теодорих, потоа следувал делот кој го предводел Соас, најголемиот од неговите војсководачи, а на крајот се наоѓал делот на чие чело бил братот на Теодорих, Теодимунд. Теодорих откако безбедно го поминал делот од патот кој врвел низ планинскиот предел, се симнал во рамнината, убеден дека никој не ги следи. Таму немало никој да му се спротистави. Охрабрен од ситуацијата тој им заповедал на двата преостанати дела од војската, кои се движеле поспоро позади него, поради бројните коли со товар и комората, дека безбедно може да го продолжат своето напредување.[118]

На кратко да ги разгледаме опциите по кој пат се движела војската на Теодорих напредувајќи кон Лихнид. Според И. Микулчиќ преку преминот Буково (420 м) во антиката минувала главната траса на патот Виа Егнатиа, која во тој дел не била многу стрмна и затоа овозможувала одвивање на колски сообраќај. Но 7 километри јужно од Буково, преку Петринска Планина, водела друга и потешка траса до преминот Исток (860 м.) Поради големата угорнина и стрмнина за искачување превојот можел да се помине со товарен добиток, но не и со коли. Сепак превојот бил доста користен во антиката поради 17 километри покусата маршута Охрид-Ресен за разлика од главната траса. За користењето на превојот сведочат трите крајпатни тврдини: кај с. Велгошти, Петрино и Евла. Во Преспанско Поле, некаде во близина на Ресен, овој пат се приклучувал на главната траса. Како трета и најтешка опција за патување од Нов Епир во Македонија или обратно треба да се споменат две тешки планински патеки кои од Охридско Езеро преку Галичица завршувале во Преспа. Патеките биле контролирани од тврдините кај с. Пештани и с. Трпејца од охридска страна; и оние кај с. Шурленци, Отешево и с. Стење од преспанска страна.[119]

Имајќи ги во предвид предложените маршути преку кои Теодорих со својата војска можел да премине од провинцијата Македонија во Нов Епир, се определуваме за првата која минувала преку превојот Буково,

---

118 The Fragmentary Malchus, II, fr. 20, 440-441.
119 И. Микулчиќ, Античките градови, 216; 228.

бидејќи била далеку најлесна за патување, секако во споредба со останатите. Впрочем поради тоа што имал голем број коли во своите редови, Теодорих веројатно немал голем избор па бил принуден да ја избере единствената маршута која овозможувала патување со коли.

Движејќи се брзо и непречено напред Теодорих имал намера без најава да освои некој град. Прв град на кој што наишол бил Лихнид. Неговата намера и обид да го освои градот била осуетена и неговиот напад бил одбиен, според Малх, поради тоа што: "градот се наоѓа на утврдено место, внатре има полно извори и житото веќе било собрано внатре".[120]

Сосема е извесно дека постоел барем еден обид да се освои градот. Останува непознато на кој начин бил изведен веројатно единствениот обид да се оствари целта, но одбраната на градот без сомнение добро функционирала. Во науката е присутно мислењето дека главната причина да се освои Лихнид била недостигот од прехрамбени продукти со кој се соочувала готската војска. Токму поради споменувањето на собраното жито се смета дека готското присуство пред Лихнид треба хронолошки да се прецизира во времето на жетвата, односно во летниот период од годината.[121] Неуспешниот обид на Теодорих да го освои Лихнид бил на задоволителен начин нотиран во дел од научната литература, но без притоа подетално да се анализира настанот.[122] П. Хедер пак изложувајќи ги детално настаните за готскиот продор во Нов Епир, од неразбирливи причини испуштил да го спомене неуспешниот обид на Теодорих да го завземе Лихнид,[123] а пак Н. Зечевиќ сосема погрешно наведува дека Теодорих доста брзо и лесно го освоил Лихнид, дека притоа жителите без борба се предале и дека нивната судбина останува непозната.[124]

---

120 The Fragmentary Malchus, II, fr. 20, 440-443.

121 The Fragmentary Malchus, II (R. C. Blockley), 461, f. 54.

122 Сп.: T. S. Burns, A History of the Ostrogoths, 59; Ф. Папазоглу, Лихнид во доцноцарскиот период, 117; В. Битракова-Грозданова, Старохристијански споменици во Охридско, Охрид 1975, 14; Idem, Топографијата и урбаниот развој, 259; H. Wolfram, History of the Goths, 274; Р. Братож, Ранохристијанската црква, 54; И. Микулчиќ, Варвари во Македонија, 249; Археолошка карта, II, 260; F. M. Ausbuttel, Theoderich der Grosse, Darmstadt 2003, 35-36; N. Ceka, The Illiyrans to the Albanians, 309; М. Б. Панов, Македонија меѓу Византискиот исток, 109.

123 P. Heather, Goths and Romans, 281, 292.

124 Н. Зечевић, Византија и Готи, 166.

Во науката постои мислење дека во текот на готскиот продор во Нов Епир градот Лихнид наводно бил подложен на подолготрајна неуспешна опсада. Притоа наводно била разорена околината на градот, заедно со хипотетичката помала населба Хермелеја.[125] Сепак од сознавањето на околностите и од текот на настаните произлегува констатацијата дека Теодорих по се изгледа не бил настојчив во обидот да го завземе градот и не се задржал долго време во близина на Лихнид, бидејќи неговата примарна цел била превземање на градот Епидамнос. Тој со својата војска можеби намерно избегнал во тој момент да го троши времето, кое му било многу драгоцено, во долги опсади на Лихнид и опустошување на неговата околина, мислејќи дека поважно би било најпрво да се завземе провинциското седиште Епидамнос, а после тоа веројатно полесно ќе можел да се справи и со добро утврдениот и снабден со храна и вода Лихнид.

Неосвојувањето на Лихнид сепак подоцна ќе се покаже како голема стратешка грешка на Теодорих. Токму Лихнид ќе стане главната база на Византија од каде ќе тргнуваат нејзините вешти дипломатски мисии, а во исто време од таму успешно ќе се планираат и изведуваат воени акции. Сета оваа дволична политичка игра, координирана од царот Зенон, имала за крајна цел: прво да се неутрализира, а потоа и да се отстрани готската опасност од Балканот.

Теодорих од Лихнид непречено продолжил со своето напредување кон Епидамнос. Пред да го завземе Епидамнос тој ја превзел Скампија (Елбасан н.б.), за која се вели дека од порано била напуштена од жителите.[126]

---

[125] В. Маленко, Раносредновековната материјална култура во Охрид и Охридско, Охрид и Охридско низ историјата, I, Скопје 1985, 280-281, 301-302; В. Маленко-П. Кузман, Хермелеја, Лихнид, 6, Охрид 1988, 98-99; Археолошка карта, II, 260. Ваквата теза се потпира на неубедливо толкување на археолошки наоди поврзани со доцноантички гробови ископани од внатрешната страна на северното охридско обѕидие кај Дебој.

Од досегашните археолошки истражувања во Охрид и околината не ни е познато дека се пронајдени предмети со готска атрибуција во врска со нивниот продор од V век. Таквата состојба можеби се чини логична бидејќи Теодорих со дел од војската не успеал да го освои градот, а потоа останатиот дел од големата готска војска единствено поминала и го одминала градот. Но затоа постои археолошка потврда за готското присуство во останатите предели на Нов Епир во V век. Види: N. Ceka, The Illiyrans to the Albanians, 309.

[126] The Fragmentary Malchus, II, fr. 20, 442-443.

Впечатливо е дека во својот опширен фрагмент Малх одвоил сосема малку простор, само две куси реченици, за завземањето на овие два значајни града во провинцијата Нов Епир, додека настаните кои претходеле, вклучително и неуспешниот обид да се освои Лихнид, многу поопширно се опишани.

Потоа Малх се префрла на случувањата во византискиот табор. За време додека Адамантиј сеуште престојувал во Солун до него стигнала веста дека контролата над градот Епидамнос веќе ја превзел Теодорих. Адамантиј веднаш испратил свој пратеник во Епидамнос. Пратеникот од име на Адамантиј требало да го укори Теодорих, потсетувајќи го дека дејствува спротивно на ветувањата кои им ги дал претходно на византиските пратеници дека ќе сопре со понатамошни освојувања и грабежи и дека ќе го сочека исходот од преговорите. На Теодорих уште му било порачано да сопре таму каде се наоѓал, да не ги присвојува бродовите (веројатно од пристаништето во Епидамнос н.б.) и со ништо да не ја менува моменталната ситуација, додека Адамантиј лично не пристигне.[127]

Следниот потег на Адамантиј било неговото патување во придружба со Филоксен од Солун за Едеса, каде се наоѓал Сабинијан. Таму на Сабинијан му било предадено царско писмо, со кое се назначувал за главен стратег на војската, по што меѓусебно се советувале за актуелната ситуација. Процениле дека е опасно да се нападнат Готите додека се движат поради тоа што во тој момент располагале со недоволен број војници. Одлучиле да се превземат мерки со цел да се собере на едно место распснтата војска, а во меѓувреме да се одржуваат преговори. Само што тргнале од Едеса Адамантиј и неговата придружба го пресретнале пратеникот-коњаник испратен од Адамантиј, кој се враќал од Епидамнос заедно со еден готски свештеник. Тој требало да му ја гарантира безбедноста на Адамантиј при неговото патувањето низ провинцијата Нов Епир до Епидамнос.[128]

---

[127] Ibidem.
[128] Ibidem.

Поведувајќи го готскиот свештеникот со себе византискиот табор предводен од Сабинијан и Адамантиј брзо пристигнал пред градот Лихнид. Малх на ова место повторно се задржува на настани што се случиле во Лихнид. Имено тој го опишува пречекот и влегувањето на византискиот табор во градот. Се потенцира дека за споменатите високи претставници на византиската власт бил организиран свечен пречек од страна на градските власти и останатите граѓани (веројатно пред портите на самиот град н.б.) по што тие влегле во градот. Притоа Малх попатно споменува дека Лихнид бил богат град со стари скапоцености.[129]

Бидејќи Лихнид не паднал под готска власт логично било тоа што Сабинијан и Адамантиј со својата воена придружба побрзале да се утврдат токму во безбедниот Лихнид и оттаму да ги планираат понатамошните воено-дипломатски акции кои директно зависеле од развојот на ситуацијата. Лојалноста на градските власти и на мнозинството на населението на Лихнид без сомение им ја олеснувале работата. Секако во истовреме било мошне важно да се наоѓаат што поблиску до Епидамнос, што престојот во Лихнид без сомнение им го овозможувал.

Адамантиј овојпат од Лихнид испратил нов пратеник за Епидамнос, кој имал задача да му понуди на Теодорих две можности како би можеле тој и Адамантиј најпосле да остварат директна средба. Според првата можност на Теодорих му било понудено со неколкумина свои доверливи луѓе да дојде и во некое место во близина на Лихнид да се сретне и да преговара со Адамантиј или според втората можност Адамантиј лично да отиде во Епидамнос под услов Теодорих претходно да испрати двајца заложници (војсководачот Соас и Дагистеј) во Лихнид, кои би биле задржани до враќањето на Адамантиј од Епидамнос. Теодорих се одлучил за втората понуда, но при испраќањето на двајцата заложници за Лихнид, тој сепак им заповедал да останат во Скампија и барал од Сабинијан да се обврзе со клетва дека ќе ја гарантира нивната безбедност до враќањето на Адамантиј. Поради тоа што Сабинијан одбил да даде клетва, бидејќи тоа било спротивно на неговите обичаи и верувања, Адамантиј, по вербалниот

[129] Ibidem.

конфликтот со Сабинијан, со двесте војници сепак одлучил од Лихнид да замине за Епидамнос.[130]

Во продолжение Малх го опишува тешкото патувањето на Адамантиј од Лихнид до Епидамнос. Адамантиј тргнал навечер и се движел преку високи и тешко пристапни стрмнини, по тесен и тешко прооден пат на малкумина познат, по кој за прв пат тогаш, како што кажувале, по него поминале коњи. Така Адамантиј следејќи заобиколна маршута пристигнал до тврдината во близина на Епидамнос.[131]

Од презентираните податоци станува јасно дека Адамантиј не ја следел истата и веројатно во истовреме главна траса на патот Виа Егнатиа која ја користел Теодорих при неговиот продор од Лихнид до Епидамнос. Еден од главните пунктови на тој пат, Скампија, која не била многу оддалечена од Лихнид, се наоѓала под готска контрола. Можеби Адамантиј користел некој споредна траса од патот Виа Егнатиа, секако намерно за да ја избегне фреквентната главна траса која веројатно во најголем дел била контролирана од Готите. Дури возможно е тој воопшто да не се движел по Виа Егнатиа туку дека користел некој сосема друг алтернативен и во истовреме уште потешко прооден пат од Виа Егнатиа за да стигне до Епидамнос.[132] Од податоците што следуваат се дознава дека третиот дел од готската војска мошне споро и веројатно во развлечена формација се движеле кон Епидамнос. Тие исто така можеби биле причина поради која Адамантиј одлучил да ја избегне главната траса од патот Виа Егнатиа кон Епидамнос, во услови кога од Теодорих немал добиено дополнителни безбедносни гаранции.

Откако известува дека најпосле дошло до директна средба меѓу Теодорих и Адамантиј во непосредна близина на Епидамнос, Малх мошне детално се осврнува на преговорите, при што во текстот вметнува еден подолг цитат од обраќањето на Теодорих. Имено тој ги обвинил Ромеите

---

[130] Ibidem, 442-445.

[131] Ibidem, 444-445.

[132] Постои можност да се работи за некој пат кој го пресекувал централниот планински предел на провинцијата Нов Епир, подоцна во средниот век област позната под името Арбанон (Албанон). Притоа не треба да се исклучи дека за га ги избегне Готите Адамантиј се движел по долината на реката Црн Дрим па потоа преку местата каде во средниот век се протегале Дебар и Кроја за да стигне до целта.

дека претходно ја злоупотребиле неговата лојалност кон нив, откако прво го наговориле, а потоа во одлучувачкиот момент не му ја пружиле ветената воена помош при пресметката во Тракија со неговиот готски конкурент, Теодорих Страбон. Адамантиј пак одговарајќи му најпрво го потсетил дека Царот покрај тоа што му имал доделено високите титули- патрициј и стратег, тој бил почестен и со други дарови и богатства. Адамантиј се обидувал да го отфрли и релативизира обвинувањето на Теодорих за однесувањето на Ромеите во Тракија, за кое обвинување Малх мошне објективно оценува дека било оправдано. Го потсетил дека иако Ромеите го држеле Теодорих и неговата војска опколени во Тракија сепак подоцна му дозволиле да се извлече. Адамантиј го завршил искажувањето со препораката дека Теодорих треба да завземе поумерен став кон царот Зенон, бидејќи на крајот сепак нема да може да ја победи силната ромејска војска. Му било понудено да го напушти Епир (Нов Епир н.б.) и неговите градови, бидејќи никој нема да дозволи тој да продолжи да владее со толку големи градови, откако претходно ги истерал нивните жители. Доколку го напушти Епир за населување му се нудела плодна земја надвор од градовите во слабо населената провинција Дарданија.[133]

Теодорих прифатил со своите соплеменици да ја напушти провинцијата Нов Епир, но го замолил Адамантиј да се одложи нивното населување во Дарданија до доаѓањето на пролетта поради големиот замор на готската војска. Притоа ветил дека готската војска ќе се воздржи од освојување на нови градови и од предизвикување на дополнителна штета. За да се прифати одложувањето на преселбата Теодорих бил подготвен да исполни низа услови и услуги во корист на византиската власт, кои самиот му ги понудил на Адамантиј, како што биле на пример: неговата војска да не излегува од градовите кои ги држи и да не ја ограбува околината; да ја префрли комората и цивилното готско население во еден град кој ќе го избере Царот; мајка си и сестра си да ги даде во заложништво; тој лично да дојде во Тракија на чело со шест илјадна војска каде со царска помош би ги уништил сите Готи од Тракија, по што би станал стратег наместо Теодорих Страбон и да му биде

[133] The Fragmentary Malchus, II, fr. 20, 444-447.

допуштено да живее во престолнината како ромејски граѓанин. Како последна услуга која ја нудел била да оди во Далмација и да го симне од престолот узурпаторот Непот.[134]

Адамантиј му одговорил на Теодорих дека не бил оплномоштен да се договара со него за ништо се додека тој се наоѓа во Нов Епир и дека за сето она што било понудено од Теодорих тој требало дополнително да го извести Царот. Така Адамантиј отишол да му поднесе извештај на Царот, а Теодорих требало да чека додека не ја дознае одлуката на Царот.[135]

Во врска готскиот продор и преговорите кои во меѓувреме се воделе, се чини станува јасно дека главната интенција на Теодорих била да завземе и насели што повеќе градови конкретно и единствено во провинцијата Нов Епир. Но силното инсистирање на византискиот цар дека Готите мора што побрзо да се повлечат од споменатата провинција, сепак го принудиле Теодорих се чини фиктивно да се согласи со повлекувањето и веднаш обидувајќи се да го пролонгира. Најверојатно самиот Теодорих бил свесен дека византискиот цар Зенон по никоја цена не можел да дозволи подолготрајно препуштање во готски раце на таков значаен административен центар каков што бил Епидамнос.

Додека Адамантиј и Теодорих преговарале во близина на Епидамнос во Лихнид веќе се собрала значителна ромејска војска, како последица на претходно издадената заповед од стратегот Сабинијан. Стратегот добил информација дека еден значителен дел од готската војска, меѓу кои се наоѓале братот и мајката на Теодорих, заедно со коморите и бројните товарни коли, мошне бавно се спуштаат од планината Кандавија. Всушност тоа бил третиот дел од големата готска војска. Во продолжение Малх ја опишува битката која се случила во близина на Лихнид. Сабинијан ја построил коњаницата, а пешаците ги испратил по околните планини со заповед кога и на кое место да се појават. Потоа навечер со делот од собраната војската кој го предводел се упатил кон местото каде се наоѓале Готите. Во момент на разденување тој ги нападнал Готите кои веќе биле во движење. Братот и мајката на

[134] Ibidem, 446-447.
[135] Ibidem.

Теодорих кога виделе дека се нападнати успеале да си го пробијат патот и да избегаат во полето. Потоа го разурнале мостот по кој поминале и кој висел над длабока провалија. На тој начин од една страна на Ромеите им ја одзеле можноста да ги следат и стигнат избеганите Готи во полето, а од друга страна на останатите свои соплеменици им била прекратена единствената можност да се спасат. Поголемиот дел од Готите кои не избегале преку мостот, иако останале опколени, се обиделе да пружат отпор, но набрзо биле поразени. Сабинијан се здобил со голем плен кој се состоел од: околу две илјади коли; повеќе од пет илјади заробеници и друг плен. Пред да се упати назад кон Лихнид Сабинијан наредил потешките запленети коли да бидат изгорени бидејќи нивниот транспорт од местото каде се одиграла битката до Лихнид изгледал исклучително тежок поради тешкопроодниот и стрмен терен. Потоа Сабинијан се вратил во Лихнид.[136]

Потоа Малх повторно се осврнува на случувањата кои се одиграле во Лихнид. Кога Сабинијан по битката со Готите се вратил во Лихнид таму веќе бил пристигнат Адамантиј по одржаната средба со Теодорих. Адамантиј во тој момент сеуште не знаел за извојуваната победа на Сабинијан над Готите. Сабинијан освен повидните заробеници, кои ги оставил под стража, преостанатите заробеници и целиот плен го поделил на војската. Бидејќи предходно им имал наредено на ромејските градови да подготват што е можно поголем број коли, потребни за претстојните борби со Готите, сега ја повлекол наредбата поради заплената на готските коли кои ги задоволиле потребите. Додека Сабинијан се подготвувал за можеби одлучувачката воена пресметка со Теодорих, од своја страна Адамантиј, се обидувал по дипломатски пат да го затвори готското прашање. Како што имал ветено, Адамантиј му испратил писмо на Царот преку кое го известил за преговорите со Теодорих и веројатно барајќи насоки за понатамошно делување. Од друга страна Сабинијан и префектот Јован,[137] исто така испратиле писмо до Царот, во кое откако со доза на

[136] Ibidem, 446-449.

[137] На ова место се споменува дека префектот Јован во моментот престојувал во Лихнид. Но збунува тоа што претходно Малх (The Fragmentary Malchus, II, fr. 20, 438-439) веќе известил дека истата личност во Солун била нападната во заседа од војници со мечеви. Иако се добива впечаток дека еден таков напад Јован тешко дека можел да преживее и дека токму поради тоа Адамантиј, а не Јован, потоа го смирувал бунтот во

преувеличување го известуваат за постигнатиот воен успех, предлагале да не се склучува договор со Готите туку тие насилно да се изгонат од провинцијата Нов Епир или доколку останат таму да се уништат. Така на царот Зенон за разрешување на готскиот проблем му биле понудени две спотиставени опции: дипломатска и воена, од кои требало да се одлучи за една од нив. Во Лихнид пристигнал царскиот пратеник кој ја донел одлуката според која требало да се прекинат понатамошните преговори со Теодорих, а Сабинијан и Гентон (Гот женет за Ромејка од Епир, кој располагал со своја војска) со сите сили да започнат војна со Готите. Адамантиј пред да ги прочита царските наредби, ја собрал војската, ја пофалил за покажана решителност и и заповедал и во иднина да се бори храбро. Така тој поздравен од војската и испратен со почести заминал од Лихнид.[138] Разрешницата на овој византиско-готски судир може само да се претпоставува поради завршувањето на фрагментот токму на ова место.

Настаните детално опишани од Малх во фрагментот предмет на рагледување навистина изгледаат веродостојно. Тие дури се пропратени со цитати од директните учесници во настаните. Впрочем сосема е извесно дека Малх во фрагметот опишува континуиран след на настани во текот на една година.[139] Поради недатираноста на настаните опишани во фрагментот на Малх, во науката главно се предлагаат две години кога се случил готскиот продор во Нов Епир: 478[140] или 479 г. Дури е присутно и осаменото гледиште според кое продорот се случил во 480 г.[141]

Сепак најбројни се авторите, кои на аргументиран начин го застапуваат мислењето дека продорот треба да се датира во 479 г.,[142]

---

Солун, веројатно солунскиот префектот сепак го преживеал вооружениот напад штом подоцна се споменува во Лихнид. Сп.: Д. Стојанов, Меѓу Готите и централната власт: бунтот во Тесалоника (479), ГИНИ, 50/1, Скопје 2006, 134-135.

[138] The Fragmentary Malchus, II, fr. 20 449-450.

[139] P. Heather, Goths and Romans, 281.

[140] Ф. Папазоглу, Лихнид во доцноцарскиот период, 117; В. Битракова-Грозданова, Топографијата и урбаниот развој, 259; Археолошка карта, II, 260; М. Б. Панов, Македонија меѓу Византискиот исток, 108-109. Т. С. Барнс (A History of the Ostrogoths, 58-59, 63) иако детално се задржал на продорот не нашол за потребно да предложи негово датирање.

[141] F. M. Ausbuttel, Theoderich der Grosse, 36.

[142] A. Lippold, Vzhodni Goti, 210-211; H. Wolfram, History of the Goths, 275-276; B. Поповић, Албанија у касној антици, 213; P. Heather, Goths and Romans, 281; Idem, The Goths,

поточно пред зимата на 479/480 г., односно во текот на пролетта и/или летото 479 г.[143] Р. Блокли предлага дека конкретно летото 479 г бил изведен неуспешниот готски обид да се завземе Лихнид.[144] Освен недатираноста на фрагментот како дополнитени проблеми остануваат непроверливоста и неспоредливоста на податоците од фрагментот со други современи извори.

Забележително е дека еден поголем дел од настаните опишани од Малх во фрагментот се случувале во Лихнид и неговата околина или биле во некаква врска со градот. Самото тоа претставува најдобар индикатор за исклучително важната улога која ја имал градот за време на готскиот продор во Нов Епир. Од една страна успеал да одолее на готскиот завладувачки обид, за потоа да биде претворен во главна византиска воено-дипломатска база од каде биле планирани и тргнувале сите акции за справување со готската опасност.

Покрај Малх единствено уште Јорданес (VI век) оставил релативно обемни, но конфузни податоци за готските продори од седумдесетите години на V век, кои бараат внимателно толкување. Во продолжение накусо се потсетуваме на суштината од известувањето на Јорданес, кое претходно веќе го презентиравме. Имено при големиот готскиот продор предводен од Тиудимер биле освоени градовите: Наисус, Улпијана, како и градовите Стоби и Хераклеа Линкестис во Македонија, Лариса во Тесалија, а Солун бил загрозен. Притоа биле потчинети уште некои места во Илирик, дотогаш неосвоиви. Јорданес потоа известува дека по постигнатиот мировен договор со византиската власт на Готите им било дозволено да се населат во седум македонски градови во поширокета околина на Солун.[145]

---

261; Р. Братож, Ранохристијанската црква, 54; R. C. Blockley, East Roman Foreign Policy, 82; И. Микулчиќ, Варвари во Македонија, 248; K. M. Hatersley-Smith, Byzantine Public Arhitecture Between the Fourth and Early Eleventh Centuries AD, with Special Reference to the Towns od Byzantine Macedonia, Thessaloniki 1996, 19; Н. Зечевиħ, Византија и Готи, 156, 166, 184; N. Ceka, The Illiyrans to the Albanians, 272.

[143] Д. Стојанов, Меѓу Готите и централната власт, 130-131 и бел. 16 со наведената литература.

[144] The Fragmentary Malchus, II, 461, f. 54.

[145] Сп.: Iordanis Romana et Getica, 131-132.

Постојат одредени индиции дека од главнината на податоците кои го опишуваат првиот готски продор во Македонија (473-474 г.), може да се издвојат одредени секвенци кои возможно е да се доведат во врска со подоцнежниот готски продор во Нов Епир опишан од Малх. Токму затоа сметаме дека е потребно да ги компарираме податоците на Малх со оние на Јорданес.

Заедничко во известувањата на двајцата автори е готското завземање на градовите Стоби и Хераклеа Линкестис и загрозувањето на Солун. Различно е тоа што тежиште во описот на Јорданес се дава на случувањата во Македонија, додека во описот на Малх тежиште се дава на настаните во Нов Епир. Во науката со право преовладува мислењето дека известувањата на Малх и Јорданес толку многу се разликуваат меѓу себе што навистина е невозможно тие да се толкуваат во контекст на еден готски продор.

Доколку се прифати дека Малх во фрагментот 18 известува за еден готски продор кој се случил подоцна од оној што го опишува Јорданес тоа само делумно изгледа како задоволително толкување. Имено постојат силни индиции дека Јорданес во еден свој пасус всушност поврзал и испреплетил настани кои се случиле за време на три готски продори (473-474 г., 479 г. и 482 г.). Така на пример готското завземање на Лариса, за кое известува Јорданес, не треба да се поврзе со готскиот продор од 473-474 г., туку со оној од 482 г., кога според Комес Марцелин, Теодорих ги опустошил провинциите Македонија Прима, Македонија Секунда и Тесалија, како и градот Лариса.[146]

Па така може да се претпостави дека делот од описот на Јорданес, според кој Готите предводени од Тиудимер го освоиле Наисус, Улпијана и Стоби; дека потоа дошле пред Солун за подоцна договорно да ги населат седумте македонски градови, по се изгледа се однесува на првиот нивни продор од 473-474 г.

---

[146] Marcellini V.C. Comitis Chronicon, 92. Сп.: P. Heather, Goths and Romans, 300; Х. Волфрам (History of the Goths, 277) смета дека во 482 г. Теодорих по втор пат ја нападнал Лариса; Н. Зечевић, Византија и Готи, 164-165, во врска со конфузниот податок на Јорданес сосема оправдано изнесува констатација дека тој имал мошне маглива претстава за топографијата на Илирик, еднакво како и за хронологијата на настаните.

Но затоа пак преостанатите податоци од Јорданес, според кои Теодорих освоил уште некои недостапни места во Илирик, а потоа и Хераклеа Линкестис, изолирано гледајќи, постои можност да се доведат во врска со готскиот продор од 479 г., опишан од Малх. Според податоците на Малх, за кои веќе расправавме, освен градот Хераклеа од провинцијата Македонија, Готите освоиле и други градови и места во провинцијата Нов Епир, што може да биде содржано во кратката и неодредена формулација на Јорданес дека Теодорих освоил уште некои недостапни места во Илирик.

Епилогот од големиот готскиот продор и времетраењето на нивниот престој во провинцијата Нов Епир останува непознат, поради недостиг на изворни податоци. Сепак се чини дека добиената воена предност и иницијатива по победата кај Кандавија и собирањето на голема војска кај Лихнид византискиот цар Зенон не ја ефектуирал во конечна победа, која би резултирала со истиснување на Готите од Нов Епир до крајот на 479 г. Во науката постојат гледишта дека Теодорих со својата бројна војска во Драч и Нов Епир останал најмалку до следната 480 г., а можеби дури до 481 г., кога по смртта на Сабинијан и Теодорих Страбон, излегол од подредената положба и повторно станал сериозна закана за градовите во балканските провинции на Византија. По превземањето на опустошувачкиот продор во Македонија и Тесалија во 482 г., Теодорих и готската војска, главно населени во Долна Мезија, продолжиле да претставуваат влијателен фактор во византиско-готските односи до нивното конечно напуштање на балканските провинции и заминувањето во Италија во 488 г.[147]

---

[147] Сп.: N. Miteva The Goths, 14; T. S. Burns, A History of the Ostrogoths, 63-66; A. Lippold, Vzhodni Goti, 211-212; H. Wolfram, History of the Goths, 275-278; P. Heather, Goths and Romans, 294-297, 300-308; И. Микулчиќ, Варвари во Македонија, 249; Н. Зечевић, Византија и Готи, 156-157, 168, 173-174, 190-191,

* *
*

Според еден податок на Комес Марцелин во време на царот Анастасиј I, поточно во 517 г., некои гетски коњаници освен Тракија ги нападнале и опустошиле: двете Македонии, Тесалија стигнувајќи до Термопилите и Стар Епир, притоа одведувајќи во ропство мноштво од населението.[148] Под поимот гетски коњаници всушност треба да се подразберат припадници на хуно-бугарските племиња, кои не секогаш имале јасно одреден етнички состав,[149] а не припадници на словенските племиња.[150] Иако според изворот од овој варварски продор биле зафатени единствено соседните провинции на Нов Епир, сепак постои можност Лихнид и провинцијата во која влегувал на некој индиректен начин да ги почувствувале последиците од овој силен и длабок варварски продор.

Потребно е да го споменеме и кусиот податок кој се однесува на лангобардскиот продор кој достигнал до Драч, седиштето на Нов Епир. Според Прокопиј тој продор се случил околу 540 г.[151] Иако во тој период Лангобардите биле византиски сојузници во смирување на Гепидите и Херулите, тие во еден момент се одважиле да организираат длабок продор во Илирик. Притоа Лангобардите најверојатно продреле од Далмација за преку Скадар и Леш (Превалитана) да стигнат до Драч.

Кога ги споменуваме Лангобардите треба да се истакне дека токму во време на јустинијановите освојувања на Запад градот Драч претставувал мошне значајна византиска поморска, но и воопшто воена база, особено во борбите со едно друго германско племе. Токму од тука тргнувале и завршувале повеќе главно офанзивни акции против Остроготите во Далмација и Италија за време на долготрајната

---

148 Marcellini V.C. Comitis Chronicon, 99-100.

149 Љ. Максимовић, Северни Илирик, 23. Сп.: Историја српског народа, I, 109; Микулчиќ, Варвари во Македонија, 249.

150 Историја на македонскиот народ, кн. I, Скопје 1969, 63; Б. Панов, Населување на Словените во Охридскиот крај, Охрид и Охридско низ историјата, I, Скопје 1985, 175.

151 Procopii Caesariensis Opera Omnia (recognovit: Jacobus Haury), vol. II, De Bellis, Libri V-VIII (edition stereotypa correctior addenda et corrigenda adiecit: Gerhard Wirth), Lipsiae in Aedibus B. G. Teubneri 1963, 443; Ф. Баришић, Византиски Сингидунум, ЗРВИ, 3, Београд 1955, 5; Љ. Максимовић, Северни Илирик, 33.

Византиско-остроготска војна. Па така во изворите од II-та четвртина на VI век Драч се споменува неколку пати во врска со овие воени дејствија.[152]

Иако е тешко да се каже дали Лихнид директно бил зафатен од овој лангобардски продор, тој во многу елементи потсетува на еден подоцнежен, но словенски, на кој ќе се задржиме во следното поглавје.

## 3. Рановизантискиот урбан изглед на Лихнид - остатоци од материјална култура и нумизматички наоди од V и VI век

Византискиот град во периодот од IV до VI век приближно може да се дефинира како голема населба со неземјоделска функција и со население кое е ангажирано во извршување на различни функции. Тоа е компактна, често веќе утврдена населба, со голема густина на градби (згради). Градот претставувал административен, економски и културен центар за околната област која можела да биде со различна големина и можеби да има функција на субцентар. Најпосле градот ја извршувал улогата на посредник меѓу поголемите градски центри. Одбранбениот карактер е многу помалку изразен отколку што е случај со градовите по завршувањето на VI век.[153]

Во оние провинции, како на пример Македонија, Ахаја и др., каде во првите векови од н.е. имало голем број градови веќе до V век нивниот број бил рапидно намален. За разлика од нив провинците во чии граници функционирале само неколку градови, нивниот број останал речиси еднаков и во V век.[154] Второто правило се однесува токму за територијата која во V век ја сочинувала провинцијата Нов Епир, а во првите векови од н.е. била дел од провинцијата Македонија. Меѓу релативно малиот број

---

152 Procopii De Bellis, II/V-VIII, 37, 82, 353; Византиски извори за историју народа Југославије, I, Београд 1955, 31-38. Сп.: Г. Острогорски, Историја на Византија, 94-95; N. Ceka, The Illiyrans to the Albanians, 310-311.

153 J. Koder, The Urban Character of the Early Byzantine Empire: Some Reflections on a Settlement Geographical Approach to the Topic, The 17th International Byzantine Congress Major Papers, Dumbarton Oaks/Georgetown University, Washington, D.C., August 3-8, 1986, 157.

154 Ibidem, 156.

градски населби на тој простор кои опстанале до V век и подоцна се вбројува и градот Лихнид.

Проблематиката за развојот на византискиот град до педесетите години на минатиот век речиси да не била перцепирана од истражувачите. Генерално се претпоставувало и се прифаќало дека животот и карактерот на градот во византискиот средновековен период претставувал природен и непрекинат продолжеток на градот од доцната антика.[155]

Според истражувањата на Џ. Расел, прв кој во науката ја изнел тезата за дискоконтинуитет на византискиот град бил А. П. Каждан, според кого полисот во неговата класична форма исчезнал во VII век, а кога од средината на IX век византискиот град почнува да оживува тој добива радикално поинаква форма. Бидејќи тезата главно се темели на археолошки и нумизматички наоди, во науката предизвикала разбирлива контраверза поради тоа што во одредени нејзини делови влегува во спротивност со и онака мошне скудните пишани податоци од тој период. Иако дискусијата по ова прашање не е завршена сепак засега значителен дел од истражувачите ја прифаќаат предложената теза за остар прекин во континуитетот, односно појавата на дисконтинуитет во развојот на византискиот град.[156]

Главно овој феномен се препознава во стеснување и намалување на населениот простор во градот, пропратено со пропаѓање и запуштање на профаните и сакралните градби и на крај кулминирајќи со делумно или во многу случаи и со целосно напуштање и иселување на градот. Овој колапс на градовите на Балканот се објаснувал со успешната инвазија на Словените и Аварите, а на Источниот Медитеран прво се сметало дека е резултат на арапските освојувања, за подоцна да се утврди дека всушност

---

[155] Сп.: A. Dunn, The Transition from *Polis* to *Kastron* in the Balkans (III-VII cc.): General and Regional Perspectives, Byzantine and Modern Greek Studies, 18, Birmingham 1994, 60-80, каде се нуди теоретска расправа за методолшките пристапи во обидите за дефинирање на промените кои се случувале со градските населби. Како да се спротиставуваат две методолшки предлошки "судбината на градот" наспроти "транзиција на полисот во кастрон".

[156] J. Russell, Transformations in Early Byzantine Urban Life: The Contribution and Limitations of Archaeological Evidence, The 17th International Byzantine Congress Major Papers, Dumbarton Oaks/Georgetown University, Washington, D.C., August 3-8, 1986, 137 и особено

пресудно влијание во пропаѓањето на градовите, особено во Мала Азија, имале персиските освојувања од втората деценија на VII век. Според подржувачите на тезата за прекинувањето на континуитетот на византискиот град, градовите биле постапно напуштани во текот на VII век, а населението се преселувало во селска-рурална средина, каде во краен случај на опасност можеле да најдат засолниште во форма на кастра (тврдина) на ридовите и во тврдините-цитадели од градовите кои веќе биле напуштени.[157] Без сомнение дека ваква слична судбина доживеал и градот Лихнид, како директна последица на словенските продори и присуство. Сепак остануваат непознати многу подробности за времето и околностите под кои настапил дисконтинуитетот во развојот.[158]

Во волуменозното дело "За градбите" од Прокопиј Кесариски се забележува нецелосност во опишувањето и набројувањето на новоподигнатите и обновените градови и тврдини во Византија во време на Јустинијан I (527-565). Впрочем самиот Прокопиј на едно место на некој начин се оградува истакнувајќи дека Јустинијан I направил толку работи кои не е лесно да се пребројат или просто да се опишат.[159] Освен списокот каде се набројуваат новоподигнати и обновени тврдини во провинцијата Нов Епир,[160] за таа провинција претходно не постои општ текстуален опис на градителската активност на Јустинијан I каде вообичаено се опишува зајакнувањето и обновувањето на градовите, онака како што постои за провинциските градови на: Стар Епир, Македонија (Македонија Прима и Македонија Секунда н.б.), Тесалија и др.[161] Па така полесно може да се разбере тоа што отсуствува споменувањето не само на Лихнид туку и на

---

опсежната библиографија на трудови кои го третираат прашањето за континуитет или дисконтинуитет на византискиот град.

[157] Ibidem, 137-138.

[158] Ѓ. Бошковиќ (О неким проблемима развитка материјалне и духовне културе и ликовних уметности средњег века у Македонији, Зборник, VI-VII (1967-1974)(Зборник посветен на Димче Коцо), Скопје 1975, 81 и бел. 2) иако смета дека постои евидентен дисконтинуитет во урбаниот развој, односно деурбанизација (крај на VI-IX век) во Македонија предизвикана од пустошењата и депопулацијата, сепак од непознати причини ги издвојува Лихнид и Скупи како стари градови каде претпоставува дека тенката нитка на урбаниот живот не била потполно прекината.

[159] Procopii De aedificiis, 102-103.

[160] Ibidem, 116-117.

[161] Ibidem, 107-108; 112-116.

останатите провинциски градови: Дирахиј (Драч), Скампа (Елбасан), Аполонија, Билис, Пулхериопол и Аулон. Сепак Нивното неспоменување во делото на Прокопиј не претставува доволен аргумент за да се тврди дека во овие градови немало обновувања, особено на обѕидијата. Едноставно треба да се претпостави дека Прокопиј или немал конкретни информации или пропуштил да извести за градителските потфати кои без сомнение биле изведени во градовите на провинцијата Нов Епир.

Иако Лихнид директно не се споменува во делото на Прокопиј, "За градбите", сепак постои еден мошне интересен воопштен податок кој се однесува за провинцијата Нов Епир. Опишувајќи како функционирал системот на одбрана кој со засилен интензитет бил граден и обновуван во време на Јустинијан I, Прокопиј особено се задржува на Дунавската граница. Според него покрај брегот на реката Дунав биле изградени бројни тврдини и насекаде биле поставени воени гарнизони се со цел да се воспостави строг надзор на варварските преминувања. Тоа требало да претставува прва одбрамбена линија, но како проблем се појавил недостатокот на човечки ресурси. По евентуалното пробивање на таа линија равничарските предели би останале небранети, доколку не би постоела и втора одбрамбена линија. Со цел да се обезбеди индивидуална и постојана заштита земјишните имоти во граничниот предел или биле претворени во тврдини или ја користеле тврдината на соседниот земјишен имот,[162] односно во рамките на еден земјишен имот била изградена или обновена една тврдина, која можела да биде користена и од соседниот земјишен имот доколку на неговата територија немало тврдина. Овој податок не би бил толку интересен доколку во продолжение не се истакнува дека покрај пограничниот равничарски предел оваа мерка на индивидуална и постојана заштита била превземена "и во Нов Епир, како што се нарекува", и во Стар Епир.[163]

Причините за издвојувањето единствено на овие две провинции во прв момент навистина изгледаат нејасни. Впрочем познато е дека со градење и обновување особено на тврдини во поголема или во помала

---

[162] Ibidem, 106-107.

[163] Ibidem.

мера биле зафатени сите балкански провинции. Можеби издвојувањето на провинциите Нов Епир и Стар Епир не треба да се толкува како случајно, туку како индикација дека оваа мерка на заштита од сите балкански провинции најдоследно била применета токму во овие две провинции. Во прилог на тоа зборува доста големиот број подигнати и обновени тврдини, како и други градителски потфати кои биле превземени токму во овие две провинции.[164]

Конкретно за изгледот на градот Лихнид во V и VI век постојат сосема мал број пишани податоци. Според Малх кон крајот на V век градот Лихнид се наоѓал на утврдено место и внатре располагал со извори со вода.[165] Овие две карактеристики, добра утврденост и снабденост со вода, несомнено биле примарни фактори кои му овозможувале на еден доцноантички, но и подоцна средновековен град не само да опстојува туку и да се развива. Токму затоа воопшто не изненадува податокот на Прокопиј Кесариски според кој Лихнид во време на царот Јустинијан I, а веројатно уште во време на неговиот претходник царот Јустин I (518-527), влегувал во редот на градовите кои од дамнина биле густо населени,[166] секако пред да биде погоден од земјотрес. Се претпоставува дека како последица од земјотресот и потоа појавата на чума драстично било намалено населението во градот. Се поставува прашањето дали Лихнид бил обновен во време на Јустинијан I и доколку бил обновен во колкава мера? Единствено е сигурно дека името на Лихнид изчезнува од историските извори засекогаш.[167]

---

[164] Ibidem, 106-108; 116-118. Во провинцијата Нов Епир, според Прокопиј, биле подигнати дури 32 нови тврдини, а обновени 26 или вкупно во списокот се наброени 58 тврдини. Земајќи ја во предвид населеноста, големината и конфигурацијата на теренот на провинцијата Нов Епир оваа бројка на новоподигнати и обновени тврдини навистина е импозантна. За споредба на просторот на Македонија, кој е далеку понаселен, поголем и со поповолна конфигурација на теренот отколку провинцијата Нов Епир вкупно биле подигнати и обновени 46 тврдини (Procopii De aedificiis, 118-119).

[165] The Fragmentary Malchos, II, fr. 20, 440-443.

[166] Prokopije, Tajna istorija, 103. Ф. Папазоглу (Лихнид во доцноцарскиот период, 120, бел. 28) истакнува дека нема можности да се утврди која година Лихнид бил разурнат од земјотрес. Сепак бидејќи се смета дека еден поголем дел од наброените градови од Прокопиј како: Скупи, Коринт, Аназарб, Дирахиј и Антиохија, настрадале од земјотрес во време на царот Јустин I, тогаш може да се претпостави дека во тоа време и Лихнид бил погоден од истата природна стихија.

[167] Ф. Папазоглу, Лихнид во доцноцарскиот период, 118.

Покрај отсуството на податоци во делото “За Градбите”, кои би сведочеле за евентуални градежни зафати во Лихнид по претрпеното разурнување од земјотрес, сепак се чини дека во време на царот Јустинијан I во градот биле превземени одредени градителски потфати. Таков заклучок директно произлегува од досегашните резултати од археолошките истражувања. Токму пронајдените остатоци од материјалната култура (V-VI век) во Охрид ќе бидат предмет на интерес во продолжение.

### *3.1. Остатоци од материјалната култура*

Урбаниот изглед и развој на Лихнид во V и VI век единствено останува да се реконструира од остатоците на материјалната култура. Впрочем за тој период воопшто е утврдено дека во градитеството се случуваат промени во квантитативна и особено во квалитативна смисла. Со други зборови се градело многу повеќе од порано, почнал да се употребува малтерот и други потрајни градежни материјали, а при градењето се применувале и нови техники. Поради тоа градбите на терен подобро се сочувани, што овозможува полесно нивно откривање и вреднување. Предничат остатоците од фортификационите и црковните градби.[168]

Од досегашните археолошки истражувања на просторот на денешен Охрид може да се заклучи дека градот не претставува исклучок, односно се потврдуваат општите наводи. Најбројни, најчести и најсочувани се наодите токму од тој период.

а) Остатоци од заштитни бедеми

Доцноантичката урбаната целост на Лихнид, односно стариот дел од градот, наречен Варош, според мислењето на В. Битракова-Грозданова, за првпат бил целосно заштитен со ѕидини по значителното проширување на градот кон југ и исток токму во IV-V век. Тврдинските ѕидини кои денес

[168] И. Микулчиќ, Античките градови, 190.

се видливи во голем дел се само надоградување на основите кои се поставени во антиката. Впрочем честа е појавата кај античките градови со долг континуитет над темелите на најстарите ѕидини да се доградуваат нови или постојните да се прекриваат и обложуваат со нови ѕидарски техники. На повеќе места е откриен доцноантички опус на градење со појаси од четири реда тули на оддалеченост од 1-2 метри, а меѓу нив е употребена ѕидарија од кршен камен. Ваквата техника на градење позната под името опус микстум, се следи во источниот бедем кај Дебој во три фрагмента; еднаш на северниот бедем и на неколку места кај Високо Кале. Додека западната и дел од северната страна од тврдинските ѕидини биле подигнати во поранoиот период, дел од северната страна и источната страна од ѕидините, најрано бил подигнат во IV век кога било заокружено и платото на Дебој. Значи од тогаш веројатно датираат најстарите ѕидини околу месноста Дебој, кои потоа продолжувале кон југ се до езерските брегови, чии траги особено биле видливи до почетокот на XX век. На тој начин се постигнало затворање и заштита на проширената градска населба со опфаќање на источниот дел од охридскиот рид во рамките на тврдинскиот простор. На источната страна од обѕидието од тоа време постоеле два влеза-порти: Челна порта и Долна порта.[169]

б) Старохристијански базиликални градби

Со подемот во урбанито развој кој го бележи Лихнид во доцноцарскиот период и во времето на раната христијанизација, станува евидентно подигнувањето на христијански базилики во текот на IV, V до почетокот на VI век. Првично се констатирани седум базилики во рамки на утврдениот град: две кај Имарет; една на ул. “Илинденска”; една под црквата Св. Софија; една кај Горни Сарај-Чобанови; една над театарот и една кај Дебој.[170] Кон наброени базилики треба да се придодадат следниве

---

[169] В. Битракова-Грозданова, Топографијата и урбаниот развој, 258-262; Idem, Лихнид во ранохристијанскиот период и неговото урбано јадро, Јубилеен зборник-25 години митрополит Тимотеј, Охрид 2006, 259-260. Сп: В. Маленко, Раносредновековната материјална култура, 280-281.

[170] В. Битракова-Грозданова, Топографијата и урбаниот развој, 258.

базилики: една на просторот помеѓу улиците"Боро Шаин", "Христо Узунов" и "Илинденска"; како и силни индиции дека под и/или во непосредна близина на црквите: Св. Никола Челнички, Св. Јован Арбанашки, Св. Никола Пандонос и Св. Никола Геракомија постоела уште по една таква градба.[171]

Првата од двете пространи ранохристијански градби на локалитетот Имарет (Плаошник), позната е под името поликонхална црква. Таа се наоѓа северно од Климентовата црква Св. Пантелејмон. Димезиите на основата и архитектонската структура без сомнение ја потврдува монументалноста на градбата во целина. Наодите на фрагменти од стаклена паста со позлата, употребена во ѕидното сликарство, како и установените траги од позлата на фрагментите од пластика, укажува дека при изградбата биле користени раскошни материјали. Бидејќи црквата се наоѓала во центарот на Лихнид, можно е црквата да претставувала катедрален храм на лихнидските епископи. Утврдено е дека крајната фаза во формирањето на оваа голема црква се одвивала во II-та половина на V век. Настојувањата на лихнидските црковни великодостојници старата градба од IV или од почетокот на V век да ја монументализираат, неколку децении подоцна покажува дека добила значење на исклучително угледна црква, што е позврзано со предлогот за нејзината катедрална намена.[172]

Со големите археолошки зафати во 2001 г. за доископување на Клименовата црква Св. Пантелејмон, најпосле биле откриени остатоците од големата трибродна ранохристијанска црква, инаку регистрирана уште со пораненешните ископувања на Д. Коцо. Оваа пространа базилика со димензии 48 x 34 метри, организирана е во три брода со нартекс и комплекс за крштевање со предворје, квадратен баптистериум со кружна писцине. Необична е поставеноста на атриумот на северната страна на базиликата, ориентиран кон плоштадот. Баптистериумот е поставен југоисточно од базиликата и очигледно е дека е доградена во друга фаза.

[171] В. Маленко, Ранохристијански објекти во Охрид и Охридско, Лихнид, 7, Охрид 1989, 3 и бел. 4; 9.

[172] В. Битракова-Грозданова, Споменииците од предисториски и антички период, Охрид и Охридско низ историјата, I, Скопје 1985, 152-153. Поопширно за поликонхалната црква види: В. Битракова-Грозданова, Ранохристијански споменици во охридскиот регион, Охрид 1975, 22-66; Idem, Спомениците од антички период, 145-153.

Тој не прави една компактна архитектонска целина со главниот објект. Подовите на базиликата се покриени со мозаици, кои се инцидентно сочувани. Најдобро е сочуван мозаикот во баптистериумот. Што се однесува до мозаиците повеќе би се рекло дека на нив истовремено работеле неколку мајстори, со различна занаетчиска и уметничка зрелост отколку дека постои стилска временска невоедначеност. Се добива впечаток дека целата градба е брзо работена и во однос на архитектурата и во однос на декорацијата. Наивноста на претставите изведени на подот од крстилницата се очигледни. Дури се чувствува дека се немало готови планови за изведување на илустрациите. Од првичната анализа на мозаиците се смета дека големата базилика била подигната набрзина и подоцна од поликонхалната црква. Се претпоставува дека ранохристијанскиот храм бил подигнат кон крајот на V или почетокот на VI век и тоа било направено во контекст на уредувањето на доцноантичкиот плоштад на Плаошник. Таа без сомнение претставува една од најголемите базилики досега откриени во градот и околината.[173]

На локалитетот Дебој откриени се остатоци од уште една трибродна базилика. Градбата е значително оштетена во османлискиот период, особено југоисточните делови од ѕидовите. Иако фрагментарно сочуван откривањето на објектот дало свој придонес во проучувањата на градби од ваков карактер. Притоа јасно се издиференцирани две градбени фази на објектот со два хоризонти на мозаични подови. Во првата фаза објектот се состои од атриум; нартекс со странични анекси од јужната и северната страна и наос со три кораби одвоени со колонади. Поголем дел од просторот бил прекриен со мозаици, кои по својот колорит и геометрискиот мотив се издвојуваат од останатите мозаици во регионот. Во втората фаза на просторот на стариот атриум биле подигнати нартекс и егсонартекс; потоа странични анекси од јужната и северната страна на нартексот; наос со три издолжени кораби и најверојатно крстилница на јужниот дел. Мозаичниот под во нартексот речиси во целост е сочуван.

---

173 В. Битракова-Грозданова, Лихнид во ранохристијанскиот период, 261-263, 266. Со најновите истражувања од 2008 г. постојат силни индиции дека се откриени остатоци од трета ранохристијанска базилика на Имарет (Плаошник). Сепак за да се потврдат таквите индиции потребно е време и дополнителни истражувања.

Остатоци од камена пластика не се најдени. Се претпоставува дека првата фаза на градбата датира од крајот на IV век и/или првите децении на V век и дека припаѓа во групата на т.н. гробјански базилики. За втората фаза се предлага преодот од V во VI век.[174]

Во продолжение се задржуваме на уште неколку објекти познати како ранохристијански базилики, чии сегменти се идентификувани во стариот дел од градот (Варош). Нивното целосно откривање и истражување главно е оневозможено поради нивната прекриеност од средновековни градби и/или од современа инфраструктура. Постојат силни индиции дека црквата Св. Софија е подигната над ранохристијанска црква. На просторот на средновековната црква во повеќе наврати досега се извршени сондажни археолошки интервенции. Утврдено е дека црквата е постевена на темели од две антички градби и дека северниот и јужниот дел од црквата директно лежат на постари ѕидови. Западно од црквата откриени се остатоци од ѕидови и столбови од ранохристијанската црква, веројатно од атриумскиот простор. Под средновековниот олтарен простор и презвитериумот откриени се остатоци од мозаичен под, постари ѕидови и бази за столбови. При градбата на средновековната црква евидентно е користењето на делови од доцноантичка камена пластика.[175]

На улица "Климентска" откриени се источни делови од три простории кои веројатно припаѓаат на поголем ранохристијански објект, кој се протега кон запад. Подовите од две простории имаат мозаик, а третата камени плочи. Југозападно од овој наод на улица "Илинденска", во близина на Античкиот театар, откриен е нартекс, покриен со плочи од печена земја и дел од троделниот наос, украсен со мозаичен под од геометриска орнаментика. Просторната близина како и идентичноста на одделни геометриски мотиви од мозаичните претстави упатуваат на констатацијата за нивна заедничка припадност.[176] На просторот помеѓу

---

[174] В. Битракова-Грозданова, Споменициите од антички период, 156; В. Маленко, Ранохристијански објекти, 7-8.

[175] В. Маленко, Ранохристијански објекти, 9-10. Сп.: Б. Чипан, Света Софија-катедрален храм на Охридската архиепископија (хронологија на архитектурата), Скопје 1995, 29-33.

[176] В. Маленко, Ранохристијански објекти, 8-9. Според В. Битракова-Грозданова (Споменициите од антички период, 156) веројатно истиот објект на улица "Климентска",

улиците: "Боро Шаин", "Христо Узунов" и "Илинденска" и на запад од нив откриени се ѕидови, мозаични подови, камена пластика и градбена керамика со припадност на еден простран и комплексен објект од доцноантичко време. Досегашните наоди упатуваат дека и овој објект претставувал ранохристијанска базилика.[177] Врз основа на добиените сознанија и карактерот на наодите кои произлегле од извршените сондажни истражувања на просторот до црквата Св. Никола Челнички; западно од Св. Јован Арбанашки; под Св. Никола Пандонос и под Св. Никола Геракомија, постојат индиции за своевремено постоење на уште четири ранохристијански сакрални објекти во утврдениот дел од градот.[178]

Од непосредната околина на потесното градско јадро на Охрид, како особено значајни и вредни ранохристијански базилики, потребно е да се споменат базиликата кај Студенчишта и онаа кај Св. Еразмо.[179]

Местото и улогата на Лихнид во доцноантичкиот-ранохристијанскиот период како духовен и културен центар, изразено со присуство на 18 монументални ранохристијански базилики, од кои еден поголем дел е лоциран во самиот град Охрид и неговата непосредна околина, како и моќта на Лихнидската епископија, секако дека не се врамува во своите регионални граници туку излегува и надвор од нив.[180] Се чини дека периодот од средината на V до почетокот на VI век културната и уметничката активност во градот Лихнид била најинтензивна.[181] Секако дека до крајот на I-та половина на VI век во Лихнид веројатно се одржува општиот тренд на урбан развој, особено во времето на царот Јустинијан I.

---

кој бил богато декориран со подни мозаици не бил сакрална градба. Од анализата на мозаичните подови и изборот на насликаните мотиви, се чини дека објектот треба да се стави во врска со некој христијански комплекс, можеби дел од палатата на лихнидските црковни високодостојници.

177 В. Маленко, Ранохристијански објекти, 9.

178 Ibidem.

179 В. Битракова-Грозданова, Спомениците од антички период, 153-157; В. Маленко, Раносредновековната материјална култура, 288; В. Маленко-П. Кузман, Хермелеја, 94-96; В. Маленко, Ранохристијански објекти, 6-7.

180 В. Маленко, Раносредновековната материјална култура, 305

181 В. Битракова-Грозданова, Спомениците од антички период, 159.

в) Остатоци од профани објекти и некрополи

Од досегашните археолошки истражувања, освен сакрални констатирани се и поретки остатоци од градби кои имале профан карактер. На улица "Илинденска" откриени се делови од четири простории, кои припаѓале на некаков монументален објект. Нивните подови се на различни нивоа. Подот на првата просторија била покриена со тули и тегули, како и со мермерни плочи, а втората просторија исто така била покриена со тули, но наизменично наредени на подлога од варов малтер. При ископувањето откриени се обработени бигори со остатоци од обоен малтер, камена пластика, фрагментирано рамно стакло, фрагменти од ѕиден мозаик, фреско малтер и ситни мозаични камчиња од стаклена паста во различни бои и траги од позлата. Целокупните карактеристики на откриените архитектонски остатоци и наодите од објектот упатуваат дека се работи за монументален објект од доцноантичко време, раскошно украсен со разновидни подови, камена пластика, живопис и ѕиден мозаик. Се претпоставува дека се работи за профан објект од ранохристијанскиот период, веројатно епископска резиденција, лоцирана на простор опкружен со ранохрстијански базилики.[182]

При систематското ископување на Античкиот театар на просторот на периметралните ѕидини и северно од нив се срекаваат остатоци од доцноантички градби.[183] По целата должина и од двете страни на улицата "Климентска" забележителни се архитектонски остатоци со испреплетени ѕидини, од кои еден дел припаѓаат на античкиот период.[184] Некрополи од IV-V век и подоцна откриени се на локалитетите: Дебој; северниот дел од Старата чаршија и др.[185]

[182] В. Маленко, Ранохристијански објекти, 10-11.
[183] В. Маленко, Раносредновековната материјална култура, 279.
[184] Ibidem, 282.
[185] Ibidem, 281; 285-286.

### *3. 2. Нумизматички наоди*

Во недостиг на пишани податоци, резултатите добиени од истражувањата на монетоковањето и монетите претставуваат мошне драгоцен "извор" кој овозможува осознавање на непознати сегменти од социјално-економскиот развој на одреден град/област во одредено време. Во дадениот случај интересно е да се осврнеме на нумизматичките наоди пронајдени на територијата на Охрид, кои датираат од V и VI век.

Пред две и пол децении при изработка на преглед на византиски монети од охридската нумизматичка збирка при Завод-Музеј-Охрид не се објавени монети од византиските владетели од V век. Дури од времето на цар Анастасиј I, односно од крајот на V и почеток на VI век, се евидентирани најраните византиски нумизматички наоди во споменатата збирка. Од вкупно 70 рановизантиски монети кои ги содржела Збирката селектирани и анализирани се: 7 монети (1 златен солид, 2 бакарни фолиси и 4 бакарни полуфолиси) ковани во време на царот Анастасиј I (491-518); 2 бакарни фолиси од време на царот Јустин I (518-527); 11 монети (1 златен солид, 8 бакарни фолиси, 1 бакарна монета од 16 нумии и 1 бакарен полуфолис) од време на царот Јустинијан I (527-565) и 2 бакарни полуфолиси од време на царот Јустин II (565-578).[186] На тој начин останува непознато колку монети вкупно и поединечно од секој од византиските цареви од V век поседува охридската музејска збирка, а истото важи и за владетелите од VI век.

Може да се претпостави дека соодносот во бројноста на селектираните и анализираните монети, по вредност и владетели, по се изгледа приближно го пресликува соодносот во бројноста на 70-те монети од Збирката по истите параметри. Забележително е дека единствените златни солиди и воопшто најбројни се селектираните монети од времето на царевите Анастасиј I и Јустинијан I. Тоа секако е директен показател за зголемениот оптек на монети, што пак претставува индикатор за постигнатиот засилен социјално-економски развој во нивно време.

---

[186] Д. Размоска-Бачева, Преглед на византиските монети од V до XIII век од нумизматичката збирка во Охрид, Лихнид, 5, Охрид 1983, 83, 87-90.

Благодарение на сеуште необјавените резултати од анализата на нумизматичките наоди од археолошките истражувања на Самоиловата тврдина во 2001 г., се дознава дека најмалку 11 монети припаѓаат на владетели од V век и уште непознат број од 58-те монети кои не се идентификувани. Па така 2 монети се на Хонориј и по 3 на владетелите Теодосиј II, Маркијан и Зенон, што значи вкупно 11.[187] На истиот локалитет е пронајдено засега првото и единствено засолнето рановизантиско депо од VI век во Охрид. Од вкупно 113 најдени бакарни монети: една е кована во време на царот Јустин I; 6 од царот Јустинијан I; дури 63 од царот Јустин II; 27 од царот Тибериј II; 14 од царот Маврикиј и по една неидентификувана имитација и хибридна монета.[188]

Како што ни е познато освен монети од Анастасиј I примероци од останатите владетели од V век засега не се објавени.[189] Затоа единаесетте поединечни нумизматичките наоди најдени на локалитетот Самоилова тврдина засега претставуваат единствени монети од V век за кои дознавме. Нивното пронаоѓање претставува придонес во потврдувањето на сознанието за континуирана циркулација на монетите во текот на V век. Од друга страна нивната мала бројност не дозволува дополнителни анализи.

Во врска со презентираните драгоцени податоци за оставата може да се констатира дека 113-те монети покриваат поголем период од VI век, при што со својата бројност повеќекратно доминираат монетите од Јустин II. Затоа континуитетот во циркулацијата на монетите во текот на VI век исто така не треба да се доведува во прашање.

Во меѓувреме, од 80-тите години на минатиот век, веруваме дека драстично е збогатена нумизматичката збирка при Завод-Музеј-Охрид со рановизантиски монети. Тоа особено се однесува на последното

---

[187] Презентираните необјавени податоци ни станаа достапни благодарение на пресретливоста на М. Хаџи-Манева (Оддел за нумизматика, Народна банка на Р. Македонија), за што во оваа прилика и изразуваме искрена благодарност.

[188] Les Tresor monetaires byzantins des Balkans et d' Asie Mineure (491-713), par C. Morrisson, V. Popovic et V. Ivanisevic, 13, Realites Byzantines, Paris 2006, 291-292.

[189] Според добиените информации, кои ги сметаме за релевантни, во нумизматичката збирка при Заводот и Музеј-Охрид постојат непознат број поединечни нумизматички наоди од V век, но кои веројатно досега не предизвикале поголем интерес па затоа не се објавени.

десетлетие по изведувањето на интензивните археолошки истражувања особено на локалитетот Имарет (Плаошник).[190] За жал најголем дел од монетите досега не се објавени и на тој начин сме оневозможени да ги дополниме досегашните сознанија. Останува неизвесно дали ќе се потврди или измени досегашниот соодност во бројност на монети, по параметри на вредност и припадност на владетели.

## 4. Лихнидска епископија-Лихнидски епископи

Процесот од постепено проширување на христијанското учење до неговото претворање во единствена официјална религија во Римската империја бил мошне тежок и долготраен. Како потврда за појавата и широката активност на источните христијански проповедници во првите векови од н.е. сведочи развивањето и почитувањето на култови во балканските градови кон голем број христијански маченици.[191] Во тој контекст Лихнид не заостанувал зад останатите градови на Балканот.

Св. Еразмо е името на првиот христијански проповедник за кој се смета дека престојувал и делувал во Лихнид и околината. За неговиот живот и делување главно дознаваме од повеќе хагиографски дела посветени на него. Како позначајни се издвојуваат две латински и две грчки житија. Иако постојат значителни разлики и контрадикторности во фактографијата на житијата значајно е тоа што речиси во секое од нив се споменува Лихнид-Охрид како едно од местата каде Еразмо го проповедал христијанството. Извесно е дека пред неговото пристигнување во Лихнид тој како епископ на Антиохија бил затворен и мачен во времето на царот Диоклецијан (крај на III-почеток на IV век). Во Лихнид (Лукридон)[192] и/или

---

[190] Според сознанијата со кои располагаме на локалитетот Плаошник досега не е пронајдена ниту една остава со монети од рановизантискиот период (V и VI век). Доколу може да се верува на добиените информации до летото 2008 г. на споменатиот локалитет според слободна проценка биле пронајдени неколку илјади поединечни нумизматички наоди од доцноантичкиот период (IV-VI век). Други поконкретни податоци ни останаа недостапни.

[191] Сп.: Т. Живковић, Црквена организација у српским земљама (рани средњи век), Београд 2004, 33-34.

[192] Во опширното грчко житие за Св. Еразмо се споменува градот Лукридон, кој со право се идентификува со градот Лихнид. Види: Х. Меловски, Две житија на Свети

Хермелеја, населба во близина на Лихнид,[193] Еразмо покрстил повеќе илјади луѓе и особено се истакнал со направени бројни подвизи и чуда, како што било оживувањето на детето на видниот лихнидец Анастас.[194] Дури од Пролошкото житие произлегува дека Св. Еразмо животот го завршил во Хермелеја кај Лихнид,[195] во што сепак не треба да се верува. За поверодостоен се смета податокот од другите житија според кој Св. Еразмо умрел на 2 јуни 303 г. во Формија (Италија), каде бил и погребан.[196]

Евидентно е дека делувањето на Св. Еразмо оставило неизбришливи белези на просторот на Лихнид. Неговото маченииштво за христовото дело придонело да се развие култ на почитување и славење на светецот поради направените подвизи. Неговото име и претстави се сретнуваат низ бројни примери во средновековието и современото време во разни контексти.[197] Сепак се чини дека подигнувањето на старохристијанската базилика во II-та половина на V век, веројатно посветена на Св. Еразмо (денес истоимена месност-локалитет), директно сведочи за почетоците и воедно за континуитет во почитувањето на култот на споменатиот светец на дадениот простор од доцната антика до денес.[198] На тој начин всушност се потврдува автентичноста на пишаните

---

Еразмо-Лихнидски, Лихнид, 6, Охрид 1988, 70, 75; Idem, Москополски зборник (Пролошки житија на светци), Скопје 1996, 23, бел. 7.

[193] Хермелеја се споменува единствено во Пролошкото житие на Св. Еразмо во Москополскиот зборник, во врска со Лихнид. Според В. Маленко и П. Кузман (Хермелеја, 89-99) Хермелеја, како населба, патна станица или поголема урбана единица, наводно се протегала на просторот на локалитетите Св. Еразмо, Габавски Рид, Габавци, Чекоштина, Патерица и Козлук, за што не постои доволна изворна поткрепа. Ваквото мислење го прифатил Р. Братож (Ранохристијанската црква во Македонија, 42). Х. Меловски (Москополски зборник, 22, бел. 5) смета дека станува збор или за приградска населба на Лихнид или за помала населба во близина на Лихнид, со голема веројатност на самиот брег на езерото. Сепак тој се воздржал да предложи нејзина евентуална местополжба.

[194] Ј. Мариа Весели, Свети Еразмо од Формија-Свети Еразмо Формиски или Охридски, Лихнид, 6, Охрид 1988, 56; Р. Братож, Ранохристијанската црква во Македонија, 40-41; Х. Меловски, Две житија на Свети Еразмо, 70, 75; Idem, Москополски зборник, 23.

[195] Х. Меловски, Москополски зборник, 24, 27.

[196] Ј. Мариа Весели, Свети Еразмо од Формија, 53-65; Р. Братож, Ранохристијанската црква, 41-42; Х. Меловски, Две житија на Свети Еразмо, 70; Idem, Москополски зборник, 27.

[197] Ј. Мариа Весели, Свети Еразмо од Формија, 54-55; Б. Алексова, Loca Sanctorum Macedoniae-Култ на мартирите во Македонија од IV до IX век, Скопје 1995, 32; Х. Меловски, Москополски зборник, 27.

[198] Ј. Мариа Весели, Свети Еразмо од Формија, 54; Х. Меловски, Две житија на Свети Еразмо, 71; Idem, Москополски зборник, 26-27; Р. Братож, Ранохристијанската

податоци од Житијата за своевремениот престој на Св. Еразмо во Лихнид и околината.

Кусиот осврт на делот од животот и делувањето на Св. Еразмо, кој се однесува на Лихнид, потребно е да се третира како своевидна предисторија на формирањето и функционирањето на лихнидската епископија. Неговата мисионерска работа во Лихнид веројатно во голема мера создала предуслови и го олеснила подоцнежното формирање на епископијата.[199] Во текот на IV век всушност се случиле клучните настани кои го етаблирале и втемелиле христијанското монотеистичкото учење како доминантна религија: царот Константин I го прифатил христијанството како државна религија; почнале да се одржуваат првите големи црковни собори и почнала да се формира широка црковно-административна мрежа на епископии по провинциските градови.

Во скудниот доцноантички изворен материјал не постои конкретен податок кој бил ја открил годината на формирање на лихнидската епископија и името на првиот поглавар. Извесно е дека во списокот на епископите-учесници на Првиот вселенски црковен собор во Никеја (325 г.) името на Лихнид и евентуално на неговиот епископ не се сретнува,[200]

---

црква, 42, смета дека врската на Св. Еразмо со охридското подрачје веројатно потекнува од античкиот период, но наводно дека во тоа време неговиот култ бил пренесен од Италиј; В. Битракова-Грозданова, Лихнид во ранохристијанскиот период, 259. За фреско-претставите на Св. Еразмо во средновековните цркви: Ц. Грозданов, Портрети од светителите од Македонија (IX-XVIII), Скопје 1983, 138-144.

И. Снегаров (Жития на народни светии, писани на охридско наречие съ гръцко писмо, Македонски преглед, 5-6, София 1925, 29) иако правилно се изјаснил дека култот на Св. Еразмо бил проширен уште пред доселување на Словените, сепак причините за неговата рашireност ја бара во лажната дилема дека или тоа било така поради неговото маченииштво во Охрид или пак поради наводното пренесување на неговите мошти во градот. Х. Меловски (Москополски зборник, 27-28) сосема исправно причините за раширеноста на култот на Св Еразмо во Охрид во прв ред ги гледа во неговата мисионерска дејност во градот, за што наведува соодветна аргументација.

В. Битракова-Грозданова (Старохристијански споемници, 34) изнела теза дека Поликонхалната базилика на Имарет (Плаошник) можеби била изградена како црква-мартириум посветен на Св. Еразмо. Б. Алексова (Loca Sanctorum Macedoniae-Култ на мартирите во Македонија од IV до IX век, Скопје 1995, 31, 186-187) во потполност ја прифаќа ваквата теза и се обидува да ја надогради и засили со нови согледувања за што не понудила убедлива аргументација. Сепак тешко е да се поверува дека на толку мала оддлеченост (Имарет - локалитет Св. Еразмо) биле подигнати две големи базилики посветени на еден светец, макар да се работи и за Св. Еразмо.

[199] Сп.: Б. Алексова, Loca Sanctorum Macedoniae, 31.

[200] E. Honigmann, La Liste Originale des Peres de Nicee, Byzantion, XIV/1, Bruxelles 1939, 48, 54-56. Сп.: R. Bratož, Razvoj organizacije zgodnjekrščanske cerkve na ozemlju Jugoslavije od 3. do 6. stoletja, Zgodovinski časopis, 40/4, Ljubljana 1986, 369.

што веројатно значи дека до таа година епископијата сеуште не била основана или дека лихнидскиот епископ не зел учество на Соборот, што се чини помалку веројатно.

Како најрана година кога веќе била формирана Епископијата се смета 343, додека најраниот познат лихнидски епископ се викал Зосим или Дионисиј. Имено во актите на големиот црковен собор одржан во Сердика во 343 г., како еден од учесниците се споменува “Zosimus a Macedonia de Lignido”.[201] Според друг извор на истиот Собор се јавува “Dionysius de Macedonia de Lychnido”.[202]

Останува непознато од кои причини во изворите се јавуваат две различни имиња за првиот познат лихнидски епископ. Сметаме дека Р. Братож е мошне упатен во проблематиката на доцноантичката црковна историја на Балканот па затоа за поприфатливи ги сметаме неговите наводи за името на лихнодскиот епископ, но сепак останува нејасно зошто воопшто не го консултирал и коментирал другиот извор кој го цитирале Ф. Папазоглу и В. Битракова-Грозданова. Значи епископот Зосим бил првиот и воедно последниот засега познат лихнидски епископ од IV век.

Бидејќи во преостанатите делови од двата податока се споменува Македонија во врска со Лихнид, а сосема е извесно дека во тој период градот административно влегувал во провинцијата Нов Епир, истражувачите нашле за потребно да се осврнат на тоа прашање. Додека еден истражувач смета дека се работи за анахронизам,[203] друг претпоставува дека споменувањето на Македонија можеби се однесува на истоимената диоцеза во која несомнено влегувала провинцијата Нов Епир.[204]

---

[201] Hilarius, Collectanea Antiariana, Parisiana B II 4 (ed. A. L. Feder), Corpus scriptorium ecclesiasticorum Latinorum, 65, Wien 1916, 135, n. 23 (Поради недостапност на изворот цитирано преку: Р. Братож, Ранохристијанската црква во Македонија, 44); R. Bratož, Razvoj organizacije, 370, 392.

[202] Le Quien, Oriens Christianus, II, Parisiis 1740, 285 (Поради недостапност на изворот цитирано преку: Ф. Папазоглу, Лихнид во доцноцарскиот период, 114); В. Битракова-Грозданова, Старохристијански споменици, 16; Idem, Лихнид во ранохристијанскиот период, 264.

[203] Р. Братож, Ранохристијанската црква, 44, бел. 38.

[204] В. Битракова-Грозданова, Старохристијански споменици, 16.

Ф. Папазоглу, посветила повеќе простор на проблемот. Според нејзиното гледиште се работи за привремено несовпаѓање на цивилната и црковната административна мрежа, односно подоцнежно прилагодување и менување на рамките на црковната според веќе создадената цивилна администрација. Како што се чини приспособувањето на црковните граници кон провинциските не било извршувано наеднаш и организирањето на митрополии во западните делови на Царството во целост било спроведено дури кон крајот на IV век. Таква пракса во уредувањето на црковните работи веројатно била применета во провинцијата Нов Епир. Ползувајќи еден податок од византискиот хроничар Јован Малала, каде меѓу другото се истакнува дека во време на царот Теодосиј на Дирахиј му било дадено право на митрополија, Ф. Папазоглу претпоставува дека податокот всушност се однесува на создавањето на епархијата Нов Епир - Дирахиската митрополија, која токму во во тоа време во црковен поглед била одделена од Македонија и од солунскиот митрополит. Во V век неспорна е припадноста на Лихнид кон епархијата Нов Епир[205]

Изнесената теза за подоцнежното формирање на епархиите-митрополиите е мошне примамлива, но за нејзино прифаќање потребна е дополнителна аргуметација. Сепак доколку се прифати ваквото мислење тоа би значело дека Лихнидската епископија влегла во Драчката митрополија дури кон крајот на IV век, условно по поминати повеќе децении од нејзиното основање. Од тука би произлегло дека формирањето на црковното административно уредување се одвивало доста забавено.

Во врска со формирањето на Солунскиот викаријат во 412 г., како црковна институција формирана од папата Инокентиј I (401-417) за заштита и проширување на западното црковно влијание во Источен Илирик, интересно е да се напомене дека и епископите на Нов Епир биле длабоко инволвирани во настаните. Тогаш папата Инокентиј I на солунскиот епископ Руф му ја предал јурисдикцијата над провинциите во

[205] Ф. Папазоглу, Лихнид во доцноцарскиот период, 115. Веќе на Никејскиот собор (325) надвладеало начелото дека црковната администрација треба да ја следи политичката. Секој град требало да има своја епископија, а секоја провинција требало да сочинува една црковна епархија на чело со митрополит-епископ (Ibidem).

Источен Илирик, вклучително и Нов Епир.[206] Сепак во случувањата поврзани со Солунскиот викаријат конкретно лихнидскиот епископ не се споменува.

Следниот лихнидски епископ познат од пишаниот изворен материјал се јавува дури кон средината на V столетие. Повторно во црковни акти, но овојпат од црковниот собор во Ефес (449 г.) се дознава дека меѓу бројните учесници се вбројувал и епископот Ἀντώνιος Λυχνίδου (Антониј од Лихнид).[207]

Во науката постои мислење дека епископот Антониј наводно присуствувал на Вселенскиот црковен собор одржан во Халкедон (451),[208] но од деталниот увид на опширниот оригнален список на епископите-учесници на споменатиот црковен собор сосема јасно произлегува дека името на лихнидскиот епископ не се сретнува.[209] Значи извесно е дека од непознати причини Антониј не присуствувал на Соборот.

Но сепак истиот лихнидски епископ подоцна се споменува уште на едно место во изворите. Овојпат Антониј се јавува како еден од потписниците на писмо упатено од епископите на епархијата Нов Епир до царот Лав I (457-474), во кое се потврдува антемата кон монофизитите.[210] Од тука призлегува дека Антониј како лихнидски епископ сигурно останал најмалку десетина години, без притоа да знаеме кога бил поставен и која година заминал од таа висока црковна позиција.

---

[206] За Солунскиот викаријат и инволвираноста на епископите на Нов Епир види: Р. Братож, Ранохристијанската црква, 50-54.

[207] E. Honigmann, The Original Lists of the Members of the Council of Nicaea, the Robber-Synod and the Council of Chalcedon, Byzantion, XVI/1 (1942-1943), Boston 1944, 35. Сп.: C. Pietri, La Geographie de L' Illyricum Ecclesiastique et Ses Relations Avec L' Eglise de Rome (Ve-VIe siecles), Villes et Peuplement Dans L' Illirycum Protobyzantin, Rome 1984, 32-33, 60; Ф. Папазоглу, Лихнид во доцноцарскиот период, 115, со право смета дека епископот Антониј бил на страната која била против монофизитското учење; R. Bratož, Razvoj organizacije zgodnjekrščanske cerkve, 377, n. 78; Idem, Ранохристијанската црква во Македонија, 49.

Засега останува непознато кои биле претходниците на епископот Антониј и дали постоел континуитет во црковната епископска управа во Лихнид од појавата на првиот лихнидски епископ во IV век до појавата на лихнидскиот епископ во V век.

[208] Ф. Папазоглу, Лихнид во доцноцарскиот период, 115; В. Битракова-Грозданова, Лихнид во ранохристијанскиот период, 264-265.

[209] E. Honigmann, The Original Lists, 50-62. Сп.: C. Pietri, La Geographie, 61-62.

[210] В. Битракова-Грозданова, Старохристијански споменици, 18; Ф. Папазоглу, Лихнид во доцноцарскиот период, 115; C. Pietri, La Geographie, 35; Р. Братож, Ранохристијанската црква, 49, го датира писмото во 457 г. или нешто подоцна.

Црковно-политичката активност на групата балкански епископи во кои влегувал и лихнидскиот епископ, главно не ги надминувала локалните, односно провинциските рамки, бидејќи вообичаено во документите тие се јавуваат единствено како потписници. Епископите во тој период без исклучок настапуваат како “западни” епископи, односно приврзаници на римскиот папа, против различните движења на христијанскиот Исток. Сепак поради неповолниот политички развој на настаните во II-та половина на V век црковните врски меѓу балканските епископи и Рим станале полабави. Истрајното настојување на цариградските епископи, со помош на византиските цареви, да ги оттргнат епископиите на Источен Илирик од црковното влијание на Рим, дало резултати. Со донесувањето на т.н. Акацијска шизма (484), од страна на истоимениот цариградски патријарх, всушност било предизвикано целосно прекинување на врските меѓу Рим и Солунскиот викаријат, кој фактички престанал да постои.[211]

Во последната деценија на V век се бележат обиди на папите Феликс III (483-492), Геласиј (492-496) и Анастасиј II (496-498) за обновување на римското црковно влијание во Источен Илирик.[212] Токму во тој контекст, како еден од нивните повидни приврзаници меѓу епископите на Источен Илирик, во изворите се јавува лихнидскиот епископ Лаврентиј.

Неговото име се споменува во две папски писма и во делото на византискиот хроничар Амијан Марцелин. Најрано Лаврентиј се споменува во едно писмо од папата Геласиј (494 г.?) или папата Анастасиј II упатено лично до него, епископот на Лихнид во Нов Епир. Всушност се дознава дека писмото испратено од Геласиј или Анастасиј II било возвратно писмо-одговор на некое писмо на епископот Лаврентиј претходно упатено до еден од нивните претходници. Дури на посреден начин се открива дел од содржината на писмото на Лаврентиј, во кое се известувал актуелниот папа дека солунската црква го осудила Акациевото еретичко учење според претходно дадените папски упатства. Од писмото, кое главно има сложена теолошка содржина, се добива јасен впечаток

---

211 Р. Братож, Ранохристијанската црква, 49, 54-55.

212 Ibidem, 55.

дека лихнидскиот епископ бил сметан за доверлив папски приврзаник, кој требало да помогне во придобивање на останатите епископи во Илирик. Бидејќи за римската црква било вообичаено на новопоставениот епископ да му се пренесе формулата на вистинската вероисповед, папата го известува лихнидскиот епископ за формулата на вероисповедта, но во коментирана форма. Во централниот дел од писмото е пренесен кус трактат за природата на Христос со изразени антимонофизитски акценти. Тоа е сосема разбирливо со оглед на тоа што писмото е наменето за епископ кој живеел, или барем се наоѓал во непосредна близина, на територија која била опфатена од споменатата ерес.[213]

Следното папско писмо кое е познато дека исто така било упатено до лихнидскиот епископ Лаврентиј датирано е во 497 г. Тоа значи дека писмото било испратено од папата Анастасиј II. Во содржински поглед писмото има големи сличности и совпаѓања со претходното. Може да се заклучи дека на папата Галесиј со голем труд делумно му успеало да го обнови папското влијание во Илирик.[214]

Во времето на римскиот папа Хормисд (514-523) и византискиот цар Анастасиј I (491-518) борбата за црковна превласт над Илирик добила драматични размери. Користејќи ја побуната и првични победи на генералот Виталијан против царот Анастасиј I, споменатиот папа привремено постигнал значителен успех, кој се состоел во следново. Група илирски епископи предводени од никополскиот миррополит Алкис биле потикнати да ги прекинат односите со солунската епископија, која била на страната на монофизитите и да се стават под директна зависност на папата.[215]

Но откако царот војнички го поразил Виталијан, биле превземени мерки против епископите-приврзаници на папата во Илирик. Во 516 г.

---

213 Р. Братож, Ранохристијанската црква, 56. Според Ф. Папазоглу (Лихнид во доцноцарскиот период, 117) писмото било пратено во 492 г. од папата Геласиј, додека Ш. Пиетри (La Geographie, 46, f. 87) писмото му го припишува на папата Анастасиј II.

Останува нејасно дали податокот за пренесувањето на формулата за вистинската вероисповед може да се поврзе со евентуално неодамнешното поставување на Лаврентиј за епископ.

214 Р. Братож, Ранохристијанската црква, 59.

215 Marcellini V.C. Comitis Chronicon, 98-99. Сп.: Ф. Папазоглу, Лихнид во доцноцарскиот период, 117; Р. Братож, Ранохристијанската црква во Македонија, 61.

царот повикал петмина непокорни илирски епископи да дојдат во престолнината и да одговараат за своите постапки. Освен тројца епископи од Средоземна Дакија; еден од Стар Епир, во Константинопол пристигнал и епископот Лаврентиј од Лихнид (Laurentium Lychnidensem) во Нов Епир. Лаврентиј бил осуден на прогонство и седум години бил задржан во престолнината. Таму во повеќе наврати се обидувал да го убеди царот во исправноста на католичкото учење. За време на престојот во Константинопол тој се излекувал од долгогодишната болест во атриумот на црквата Св. Козма и Дамјан и така здрав се вратил во татковината, каде што умрел поминувајќи ја 80-тата година од животот.[216]

Евидентно е дека за епископот Лаврентиј постојат поисцрпни податоци. Времето поминато на лихнидското епископско седиште кон крајот на V и во почетокот на VI век може приближно да се одреди дека било мошне долго.[217] Сосема е јасно дека тој бил директно инволвиран во долготрајните пресметки за црковна превласт над илирските провинции. Притоа континуирано ја застапувал и спроведувал западната црковна политика и поради тоа бил во постојана писмена комуникација со актуелните папи. Секако во тоа време се вбројувал во редот на повидните и повлијателни илирски епископи, кои не се плашеле да му пркосат и на византискиот цар Анастасиј I. Токму затоа периодот од 516 до 523 г. како прогонето лице го поминал во престолнината каде не ја променил црковно-политичката ориентација. Веројатно затоа не му било дозволено враќање во Лихнид. По седум години поминати во престолнината тој се вратил во некое неидентификувано место, односно земјата од каде потекнувал. Таму во длабока старост ја дочекал смртта. На тој начин може да се претпостави дека од 516 г. до својата смрт Лаврентиј повеќе не

[216] Marcellini V.C. Comitis Chronicon, 99. Сп.: И. Николајевић, (Cahiers archeologiques, Fin de I' Anatiquite et Moyen Age publies par A. Grabar et J. Hubert, XIX, Paris 1969)-Приказ, Старинар 21 (1970), Београд 1972, 190-191; C. Pietri, La Geographie, 44-45; Ф. Папазоглу, Лихнид во доцноцарскиот период, 118; Р. Братож, Ранохристијанската црква, 61.

[217] Ф. Папазоглу, Лихнид во доцноцарскиот период, 117. Ibidem, 118 и И. Николајевић, Приказ, Старинар 21 (1970), 190-191, сосема погрешно предлагаат дека Лаврентиј починал пред 519 г. Доколку му се верува на А. Марцелин дека Лаврентиј заминал за Константинопол во 516 г. и таму останал седум години во прогонство тогаш нејасно е како можел да умре пред 519 г.?

се вратил во Лихнид. Значи тој бил принудно оддалечен од Лихнид и всушност предвреме променет од епископската позиција.

Поради фрагментарноста на пишаните податоци тешко е да се добие макар површна претстава за неговиот живот и делување во Лихнид. Сепак во науката со право е присутна претпоставката дека токму во негово време Лихнид преживувал подем во својот урбан развој, што произлегува од анализа на остатоците на материјалната култура.[218]

Смртта на царот Анастасиј во 518 г. означувал пресвртен настан за скорото укинување на Акацијската шизма. Со доаѓање на власт на византиски цар Јустин I настапил период на нормализирање на црковните односи меѓу Рим и Константинопол. Почнале преговори и размена на пратеништва меѓу двете страни. На свечен начин со потпишување на протокол на 28 март 519 г. било формализирано помирувањето на двете цркви.[219]

Како претходница на овој свечен чин, во почетокот на 519 г., пратеништво на папата Хормисд, тргнало од Рим за Константинопол. Патувајќи по патот Виа Егнатиа, во почетокот на март пратеништвото застанало во Лихнид. Таму било пречекано со големо воодушевување. Притоа лихнидскиот епископ Теодорит во една од црквите јавно го прочитал и потоа го потпишал протоколот за прифаќање на правоверната т.н. халкедонска вероисповед, со што била изразена верноста на лихнидската епископија кон папската верска политика.[220]

Веќе во мај 519 г. епископот Теодорит му испратил писмо на папата Хормисд во кое ја потврдува својата лојалност и верност, при што изразил сопствена восхит за католичката победа и завшрувањето на шизмата.[221]

---

[218] И. Николајевић, Приказ, Старинар 21 (1970), 191; В. Битракова-Грозданова, Ранохристијански споменици, 96; Idem, Лихнид во ранохристијанскиот период, 266. За сосема произволно треба да се смета мислењето на Н. Цека (The Illyrians to the Albanians, 278) дека некој од лихнидските епископи од тоа време изградил летна резиденција на западниот брег на Езерото, на ридот во близина на селото Лин.

[219] Р. Братож, Ранохристијанската црква, 61. Поопширно за промената на црковната политика на новиот византиски цар Јустин I и настаните во врска со тоа види: A. A. Vasiliev, Justin the First-Introduction to the Epoch of Justinian the Great, Cambridge 1950, 160-190.

[220] A. A. Vasiliev, Justin the First, 174; Р. Братож, Ранохристијанската црква, 62. Сп.: И. Николајевић, Приказ, Старинар 21 (1970), 191; Ф. Папазоглу, Лихнид во доцноцарскиот период, 118.

[221] Р. Братож, Ранохристијанската црква, 62.

Теодорит е последниот познат лихнидски епископ. Неговото име се споменува единствено во врска со настаните од 519 г. па затоа останува потполно непознато колку време останал лихнидски епископ. Сосема е очигледно дека тој ја продолжил црковната политика и ориентација на неговиот веројатен претходник Лаврентиј. Впрочем нивната тенденција во делувањето против монофизитизмот и несторијанството во ниту еден момент не било доведено во прашање. Тешко е да се одреди времето до кога опстојувала Лихнидската епископија. Логично е да се помисли дека додека словенскиот притисок дозволувал функционирање на градот Лихнид, дотогаш веројатно постоела и епископија во градот.

# ГЛАВА II: ЛИХНИД/ОХРИД ОД СРЕДИНАТА НА VI ДО СРЕДИНАТА НА IX ВЕК

## 1. Лихнид и Нов Епир во контекст на словенските продори и населување на Балканот

Прашањето за словенските навлегувања и нивното подоцнежно масовно населување на широкиот простор на Балканот во историографијата е третирано од различни аспекти. Сепак најзначајно е тоа што нивното населување предизвикало коренити, суштински и трајни промени во етнографската структура на балканското население, при што доминантен станал словенскиот елемент.

Првото, изворно потврдено, словенско навлегување во балканските провинции на Византија на посреден начин се бележи уште кога на власт се наоѓал царот Јустин I (518-527), за во време на неговиот наследник, царот Јустинијан I (527-565), навлегувањата да станат нормална и мошне честа појава.[222] Во науката I-та половина на VI век главно се смета како период во кој словенските продори сеуште имале единствено ограбувачки карактер.[223]

Во македонската историографија малку се обрнувало внимание на фактот дека градот Лихнид и околината во текот на словенските навлегувања и подоцна во време на нивното населување административно припаѓал на провинцијата Нов Епир. За разлика од најголемиот дел од македонските градови и области кои природно гравитирале кон градот Солун, Лихнид со околината повеќе гравитирал и се наоѓал поблиску до

---

[222] Procopii De Bellis, II/V-VIII, 476. Според Прокопиј (Tajna Istorija, 100) Илирик, цела Тракија, односно сите краишта од Јадранското Море до предградијата на Константинипол, меѓу кои Хелада и областа на Херсонес, скоро секоја година биле напаѓани од Хуните, Словените и Антите, откако Јустинијан дошол на власт. Сп.: Историја на македонскиот народ, I, Скопје 1969, 63-64; Г. Острогорски, Историја на Византија, 96; B. Ferjancic, Invasions et installation des Slaves dans les Balkans, Villes et Peuplement Dans L' Illirycum Protobyzantin, Rome 1984, 88; К. Аџиевски, Пелагонија во средниот век, Скопје 1994, 11; И. Стефоска, Словените на почвата на Македонија (од VII до почеток на X век), Скопје 2002, 21-22.

[223] Г. Острогорски, Историја на Византија, 96-97; Љ. Максимовић, Северни Илирик, 36; К. Аџиевски, Пелагонија, 12.

провинцискиот центар Драч. Слично како Солун и градот Драч успеал да одолее и да се одбрани од словенските напади. Но додека за Солун постојат податоци во кои доста детално се опишува на кој начин градот се справувал со Словените, во случајот со Драч такви податоци речиси потполно отсуствуваат.

Воопштеноста на податоците кои известуваат за словенските продори на Балканот од I-та половина на VI век и подоцна не дозволуваат поконкретно да се дознае до кои размери провинцијата Нов Епир била погодена од тие ограбувачки продори. Во тој контекст уште е потешко да се даде одговор на прашањето дали и колку градот Лихнид и околината биле засегнати од тие продори?

Сметаме дека е антиципирана потребата да се набројуваат словенските продори од кои веројатно или “сигурно” бил засегнат градот Лихнид и при тоа не нудејќи никаква аргументација за тоа.[224] Потребно е да се потенцира дека во расположливиот пишан изворен материјал градот Лихнид воопшто не се споменува во врска со бројните словенски навлегувања. Тоа не претставува ништо невообичаено бидејќи освен Солун и уште неколку поголеми градови, во изворите отсуствува споменувањето на мнозинството балкански градови,

---

[224] Б. Панов (Охрид и Охридско во ранофеудалниот период, Охрид и Охридско низ историјата, I, Скопје 1985, 175-176) гетскиот продор во 517 г., од кој, меѓу другото, настрадале двете Македонии и кој достигнал до провинцијата Стар Епир, го споменува како прв словенски продор од кој бил засегнат градот Лихнид, "зошто Лихнидската област тогаш административно била вклучена во Епир". Прво, поимот гетски попрво треба да се протолкува како хуно-бугарски, а не словенски, и второ, во изворот се потенцира дека тој продор достигнал до провинцијата Стар Епир, а Лихнид влегувал во друга провинција која се викала Нов Епир. Провинција Епир во тоа време не постоела. Потоа продолжува дека од 40-тите години на VI век градот бил се повеќе изложен на словенски напади. Според истиот автор:"Градот Лихнид кој лежел на патот за Драч сигурно многу настрадал" при словенскиот продор од 548 г. и дури тој тогаш бил заземен. Точно е дека единствен словенски продор од I-та половина на VI век, кој може да се доведе во некаква врска со Лихнид е токму овој, за што впрочем расправаме подолу. Но констатациите дека: градот од 40-тите години на VI век бил се повеќе изложен на словенските напади; дека во 548 г. "сигурно многу настрадал" и дека истата година дури бил заземен од Словените, најблаго речено може да се оквалификуваат како произволни и изворно потполно непоткрепени. Тоа што Словените во 551 г. продреле во Илирик за Б. Панов е доволно да изнесе уште една произволна констатација дека: "Градот Лихнид и неговата околина сигурно биле многу погодени од овие пустоши и пљачкосувања". Повторно според истиот автор (Охрид и Охридската област во првите векови по словенската колонизација (VI-VIII век), Средновековна Македонија, 3, Скопје 1985, 652, 654) охридскиот крај секако бил засегнат овојпат од нападот на "готските (?) (словенските) коњаници" во 517 г., а во 548 г. градот Лихнид "сигурно и овој пат многу настрадал" од Словените.

за кои единствено може да се претпостави дека порано или подоцна сепак не биле одминати од словенските навлегувања и подоцна населување. Токму во таа голема група на градови, кои не можеле да бидат одминати од бројните словенски навлегувања, без сомнение влегувал и градот Лихнид.

Единствениот податок кој се однесува на провинцијата Нов Епир, односно во кој директно се споменува градот-седиште Драч во врска со еден словенски продор, датиран е во 548 г. Според овој податок: "војската на Словените, поминувајќи ја реката Дунав, извршила страшни злодела над сите Илири се до жителите на Драч". Продорот бил проследен со убивање и заробување на сите возрасни лица на кои наидувале и пљачкање на богатството, а исто така и со освојување на многу од тамошните небранети тврдини. Притоа Словените биле мошне слободни во своето движење, иако постојано биле следени од 15 илјадна војска предводена од илирските архонти, која немала храброст да се приближи поблиску до нив.[225]

Се работи за силен словенски продор кој вообичаено за тој период имал ограбувачки карактер. Случајно или не продорот до Драч бил организиран во време кога главнината од византиската војска под команда на Велизар бил ангажиран во борби против Остроготите во јужна Италија.[226] Во науката со право бил изразен сомнеж за големина на пасивната војска предводена од илирските архонти, која наводно броела дури 15.000 луѓе.[227] Секако дека нивниот број бил помал, инаку тешко би можело да се замисли толку бројна војска да остане пасивна и да им дозволи на Словените слободно движење и толку длабок продор на византиска територија. Впрочем сомнеж за големината на византиската војската предизвикува и сознанието дека

---

[225] Procopii De Bellis, II/V-VIII, 423; ВИИНЈ, I, 38. Сп.: Љ. Максимовић, Северни Илирик, 34; B. Ferjancic, Invasions et installation, 89.

Б. Панов (Охрид и Охридската област, 654) цитирајќи го податокот сосема произволно и погрешно толкува еден негов дел. Според неговото толкување: "Словените се движеле доста слободно, бидејќи попатните тврдини никој не ги бранел, поради зачестените земјотреси"(?). Податокот на Прокопиј е сосема јасен дека Словените освоиле многу од тамошните тврдини бидејќи никој не ги бранел, а при тоа доста слободно се движеле. Причината за тоа не мора да биле земјотресите, туку ангажираноста на војската на други боишта на запад и исток.

[226] Г. Острогорски, Историја на Византија, 94-95.

[227] Љ. Максимовић, Северни Илирик, 34 и бел. 75а.

токму во тие години главното воено ангажирање на Византија било насочено кон Јужна Италија против Остроготското кралство, а не на Балканот и покрај зачестените словенски навлегувања.

Посебен интерес предизвикува делот од податокот кој се однесува на ограничувањето на просторот кој бил зафатен од овој продор. Имено според податокот Словените ја поминале реката Дунав и направиле страшни злодела над сите Илири се до Драч, при што се споменати и илирски архонти. При анализа на овој податок внимание привлекуваат токму поимите: Илири и илирски архонти. Со првиот поим се именува населението, кое настрадало при словенскиот продор од 548 г., а со вториот воените началници кои раководеле со пасивната војска. Според предложеното толкување со поимите Илири и илирски архонти се именувало загрозеното население и воените началници според актуелната административната припадност. Со други зборови тука се нагласува нивната припадност кон префектурата Илирик, односно дека при словенскиот продор настрадале исклучиво областите на префектурата Илирик, првенствено северниот дел.[228]

Познато е дека словенските и другите варварски племиња во текот на VI век продирајќи од заддунавјето во Тракија и Илирик и користејќи ги постоечките патишта, најчесто се движеле од север кон југ. Според географската положба на реката Дунав и градот Драч сосема е извесно дека словенската војска не отстапила од споменатата насока на движење.

Во науката досега никој потемелно не се задржал на прашањето за одредување на можната маршута на движење на словенската војска во 548 г. Единствено постои куса претпоставка дека Словените таа година го

---

[228] Ibidem, 34. Можност поимот Илири да бил употребен како архаизам не постои. Иако употребата на антицизми од страна на средновековните автори била мошне присутна, овој пат сигурно не се работи за таков случај. Доволно силен аргумент за тоа е споменувањето на "илирски архонти", кои несомнено биле воени началници на префектурата Илирик. Инаку за просторот, кој што во раната антика бил населен од илирските племиња (денешното хрватско, црногорско и албанско крајбрежје, но и денешна континентална Албанија), бил употребуван географскиот поим Илирик (Илирија), за подоцна, веројатно во I век, на еден помал дел од просторот да биде формирана римската провинција Илирик (Сп. F. Papazoglu, O pojmovima "Epir" i "Ilirija", 202-208 i bel. 38). Останува да се претпостави дека од словенскиот продор биле опфатени одредени предели од

поминале Дунав не на неговиот долен тек, туку некаде на границите на Илирик. Кога расправа за големиот словенски продор од 550-551 година, Љ. Максимовиќ претполага маршута по која се движеле Словените од влегувањето во Илирик до нивното доаѓање во околината на Ниш. Интересно е што авторот ја дозволува можноста токму истата насока да била користена и при словенскиот продор од 548 г. Подрачјето на Ниш имало особено стратегиско значење за Византија, поради тоа што почнувајќи од 40-тите години на VI век, токму тука се соединувале двете основни патни комуникации по кои биле изведувани варварските продори во Илирик - едната по долината на Морава и втората по долината на Тимок. Конкретно се предлага дека Словените при продорот од 550-551 г. ја поминале реката Дунав во плитките делови под кањонот Ѓердап, па потоа продолжиле по долината на реката Тимок.[229] Според друго мислење пак Словените при големиот продор од 550-551 г. ја поминале реката Дунав во панонскиот дел на неговиот тек и продолжиле кон југ по долината на реката Јужна Морава.[230] Една од предложените две насоки на движење на Словените во 550-551 г., најверојатно ја користеле и Словените во 548 г. Тоа значи дека Моравско-Вардарската патна комуникација тешко дека можела да биде избегната.

Но, доколку се прифати тезата дека Словените се движеле или пак избиле на Моравско-Вардарскиот пат во која насока, односно по кој пат го продолжиле своето движење за да стигнат до градот Драч?

Во тоа време за да се стигне до Драч во функција биле две поголеми и позначајни патни комуникации. Едната која доаѓала од север и втората, Виа Егнатиа, од исток.[231] Патот кој доаѓал од север го поврзувал градот Драч со епископскиот центар Леш, еден од најзначајните градови во провинцијата Превалитана. Градот Леш всушност се наоѓал на крстопат. Тој од една страна

---

поранешната римска провинција Илирик, како и делови од актуелните крајбрежни провинции: Превалитана и Нов Епир, во рамките на префектурата Илирик.

[229] Љ. Максимовиќ, Северни Илирик, 34-35; B. Ferjancic, Invasions et installation, 89.

[230] Ф. Баришић, Византиски Сингидунум, 8 и бел. 31.

[231] За патната мрежа во провинциите: Дарданија, Превалитана и Нов Епир види превземената карта: V. Popovic, Byzantins, Slaves et Autochtones, 183; Idem, Албанија у касној антици, 203.

бил поврзан со патот кој доаѓал од Улпијана, провинција Дарданија, а од друга страна со патот кој доаѓал од Скодра, седиштето на провинцијата Превалитана. Градот Скодра, од своја страна, бил поврзан со две патни комуникации кои доаѓале од Далмација. Доколку Словените продреле до Драч од север постојат две варијанти на нивното веројатно движење. Според едната мошне веројатна варијанта тие се движеле по често користената Моравско-Вардарска комуникација до Наисус, но скршнувајќи кај Улпијана преку Скадар или Леш пристигнале до Драч.[232] Тоа значи дека Словените при таков продор би ги загрозиле провинциите: Дарданија, Превалитана и дел од Нов Епир.

Но, не треба да се исклучи варијантата дека словенските напаѓачи во 548 г. при својот продор до Драч делумно го користеле познатиот пат Виа Егнатиа. Тоа можело да се случи доколку доаѓајќи од север и движејќи се по Моравско-Вардарската комуникација, исто така скршнале кај Улпијана, но не продолжиле по патот за Леш или Скадар, туку го користеле регионалниот пат по течениjата на реките Бел Дрим и Црн Дрим, кој пак во близина на денешна Струга се поврзувал со патот Виа Егнатиа. Од тука движејќи се кон запад секако би ја следеле трасата на патот Виа Егнатиа за да стигнат до Драч.

Засегнатоста на Лихнид и околината од словенскиот продор кој се случил во 548 г. според сегашната состојба со изворниот материјал мора да остане неизвесна. Презентирајќи ги главните патни комуникации во тоа време, останува да се претпостави дека словенската војска се движела по една од нив за да стигне до Драч. Може единствено да се констатира дека Лихнид бил попатно загрозен само доколку словенската војската го користела патот

[232] Сп.: И. Микулчиќ, Варвари во Македонија, 251; Idem, Средновековни градови и тврдини во Македонија, Скопје 1996, 25. Потребно е да се спомене дека постоела уште една патна алтернатива за са се стигне до Драч, но која го исклучува користењето на Моравско-Вардарската долина/пат. Доколку Словените продреле преку Далмација тие до Скадар пристигнале движејќи се по едната од двете или по двете познати патни комуникации. Потоа од Скадар преку Леш (Лисос) се приближиле до Драч. Во овој случај од словенскиот продор би настрадале провинциите: Далмација, Превалитана и дел од Нов Епир.

по теченијата на реките Бел Дрим и Црн Дрим, кој во близина на денешна Струга се приклучувал на Виа Егнатиа.

Од средината на VI век словенските продори почнале да добиваат нова димензија. Оттогаш освен што Словените продорирале почесто и помасовно, почнува да се јавува тенденција на нивно подолго задржување, а потоа и постапно населување на византиските територии. Првиот директен и често цитиран податок, кој веројатно сведочи за почетокот на таквата промена во однесување на Словените, го дава Прокопиј Кесариски. Според него во периодот 550-551 г. се случиле неколку особено масовни словенски продори во Илирик и Тракија. За сериозноста и масовноста на овие продори сведочи податокот дека при еден од продорите тие имале намера да го освојат Солун, а при друг, се приближиле до Долгиот ѕид, оддалечен нешто повеќе од еден ден одење од Константинопол. Токму во едни такви околности на речиси несметано движење и пустошење, Словените при еден продор распрснати во три групи ги ограбувале балканските краишта. Но за разлика од претходните продори кои завршувале со нивно релативно брзо враќање со пленот во заддунавјето, тие во овој случај останале да презимат на ромејска територија. Притоа се потенцира дека Словените имале комодитет како да се наоѓаат на сопствена земја, без да се плашат од непријателот.[233]

Најверојатно пресудно значење во отпочнување на процесот на потрајно словенско населување, конкретно на просторите на Македонија, секако извршиле прво словенските, а потоа и аваро-словенските продори од 80-те години на VI век кои за разлика од претходните се одликувале со поголема масовност и долготрајност. Меѓу другото тогаш бил извршен и првиот словенски напад на Солун.[234] Со самиот почеток на осумдесетите години на VI век па речиси до крајот на деценијата, главно според податоците на Јован Ефески и Михајло Сириски; како и оние од "Чудата на Св.

---

[233] Procopii De Bellis, II/V-VIII, 475-483; ВИИНЈ, I, 44-49. Сп: Историја на македонскиот народ, I, 65; Љ. Максимовић, Северни Илирик, 35-36 и бел. 80 со библиографија за почетокот на словенското населување; B. Ferjancic, Invasions et installation, 89-91; К. Аџиевски, Пелагонија, 12.

[234] К. Аџиевски, Пелагонија, 12-13.

Димитрија Солунски" и Монемвасиската хроника, започнал процесот на масовно и потрајно словенско населување со тежиште во Македонија и Грција.[235]

Како мошне значајно се наметнува прашањето: кога започнало и колку масовно било словенското населување во провинцијата Нов Епир во чии рамки влегувал градот Лихнид и околината?

Според еден податок од Константин Порфирогенит, Аварите и Словените ги принудиле староседелците да се повлечат меѓу другите места и во Драч.[236] Иако податокот е воопштен и недатиран сепак на посреден начин потврдува дека и провинцијата Нов Епир била зафатена од словенската колонизација. Може да се претпостави дека токму провинцискиот центар Драч бил најчесто прибежиште во прв ред на староседелското градско и друго население од Нов Епир. Во тој контекст и жителите на градот Лихнид не претставувале исклучок па веројатно и на нив градот Драч им пружал сигурна заштита.

Бројните аваро-словенски и словенски продори од 80-тите години на VI век без сомнение претставувале дотогашна кулминација што се однесува на нивната масовност и интензитет во однос на претходните. Како најдобар пример може да се издвојат двата неуспешни напади и опсади на Солун (584, 586), седиштето на префектурата Илирик. Значајно е да се потенцира дека токму тие продори биле проследени или завршувале со масовно словенско населување пред се на пространите области во Македонија и Грција. Според Монемвасиската хроника во 587-588 г. на посреден начин под контрола на аварскиот каган, всушност преплавени од Словените биле цела Тесалија, Хелада, Стар Епир, Евбеја, вклучувајќи го особено и Пелопонез.[237] Од едно папско писмо, датирано во јуни 592 г., се дознава дека во тоа време епископот

[235] Сп.: Историја на македонскиот народ, I, 65; Љ. Максимовић, Северни Илирик, 46-48; Б. Панов, Ранофеудалниот период, 177; Г. Острогорски, Историја на Византија, 108; В. Ferjancic, Invasions et installation, 95-102; К. Аџиевски, Пелагонија, 12-13; И. Стефоска, Словените, 41- 45.

[236] Constantine Porphyrogenitus, De administrando imperio, (Gy. Moravcsik), Washington D.C., 1967, 30/9, 95; 32/24-26.

[237] Cronaca di Monemvasia (Introduzione, Testo Critico, Traduzione e Note I. Dujcev), Palermo 1976, 12, 18.

на Леш (провинција Превалитана н.б.) не се наоѓал во своето седиште туку бил принуден привремено да побегне во Италија.[238] Тоа е посреден доказ за опфатеноста и на провинцијата Превалитана од позасилените словенски продори, што истовремено не мора да подразбира и масовно населување како во Македонија и Грција.

Меѓу наброените провинции и географски области може да се забележи дека недостасува споменувањето на провинцијата Нов Епир, иако таа граничела со Стар Епир, Македонија и Превалитана. Дали ваквата состојба со изворните податоци упатува на можноста дека на територијата на Нов Епир словенското населување во тој период не добило толку масовен карактер како на пример во соседните Стар Епир и Македонија?

Без оглед на степенот на масовноста во науката се чини постои оправдано мислење дека Нов Епир не бил одминат од словенското населување. Токму затоа се смета дека нападите и навлегувањата на Словените во 80-тите години на VI век претставувале почеток на словенизирањето на една голема географска површина, составена од: Ахаја, Хелада, Тесалија, Стар Епир, Нов Епир и Македонија. Тоа бил процес кој се одвивал од југ кон север.[239]

Преку споредување на податоците од пишаните извори и сознанијата од археологијата, пред се од анализа на нумизматичките наоди, во науката се правеле обиди да се одреди времето кога била прекината циркулацијата на византиски монети. На тој начин посредено може да се утврди истиснувањето на византиската власт и евентуалниот почеток на помасовно словенско населување во поголем дел од Балканскиот полуостров.[240] Според постарите

---

[238] Gregorii I papae registrum epistolarum, ed. P. Ewald, MGH, Epistolae, I, Berlin 1899, [16] 69, [8]70, [15]-[24] 120. Сп.: M. Whitby, The Emperor Maurice: Theophylact Simocatta on Persian and Balkan Warfare, Oxford 1988, 144; И. Стефоска, Словените, 39.

[239] V. Popovic, Aux origines de la slavisation der Balkans: la constitution des premieres Sklavinies macedoninnes vers la fin du VIe siecle, Academie des inscriptionset belles letters. Comptes rendus des seances de l'annee 1980, Paris 1980, 256-257. За недоволно изворно заснованата теза во науката дека населувањето на Словените во Македонија започнало нешто подоцна види: Т. Живковић, Јужни Словени под византијском влашчу, Београд 2002, 177-186.

[240] Сп.: D. M. Metcalf, The Mint of Thessalonica in the Early Byzantine Period, Villes et Peuplement Dans L' Illirycum Protobyzantin, Rome 1984, 117, 128.

резултати од истражувањата се дошло до констатација дека во 585/86 г. дошло до целосен прекин стоко-паричната размена и оптекот на византиски монети во Македонија,[241] а последните остави од Олимпија, Коринт и Атина датирани се дури две-три години порано.[242]

Со новите нумизматички наоди во науката се појавија оправдани обиди за реинтерпретација на податоците. Се дошло до издржана констатација дека прекинот на циркулацијата на монети на територијата на Македонија наместо во 585/586 г., потребно е да се помести неколку години подоцна (588/89-589/590 г.). Но сепак се чини проблематично тврдењето дека тогаш единствено дошло до привремен прекин, а времето кога започнал вистинскиот целосен прекин на циркулација на монетите на просторот на Македонија и пошироко на Балканот потребно е да се пролонгира за неколку децении.[243] Во секој случај констатираниот прекин на циркулацијата на монети кон крајот на 80-тите години на VI век несомнено претставувал директна последица на силните словенски напади проследени со нивно населување.

Последните десет години од владеење на византискиот цар Маврикиј (582-602) биле одбележани со голема и долготрајна воена контраофанзива насочена против Словените и Аварите од другата страна на реката Дунав. Но освен привременото запирање на словенските продори и населување, други потрајни придобивки Византија не постигнала.[244]

Од почетокот на VII век словенската инвазија проследена со масовно населување на Балканот добила особено силен интензитет. Тоа бил почеток

---

[241] V. Popovic, Les temoins archeologiques des invasions dans l'Illyricum byzantin, Melanges de l'Ecole francaise de Rome, Antiquite, 87/1975, 460-464; Idem, Aux origines de la slavisation, 243-244.

[242] V. Popovic, Aux origines de la slavisation, 245.

[243] М. Хаџи-Манева, Нумизматички сведоштва за крајот на VI и VII век, Macedoniae Acta Arhaeologica, 18 (2002-2004), Skopje 2008, 389-390 и 381 бел. 6 со понова нумизматичка литература за рановизантиските остави од крајот на VI и VII век.

[244] Г. Острогорски, Историја на Византија, 109-111; Љ. Максимовић, Северни Илирик, 49; B. Ferjancic, Invasions et installation, 104-105; M. Whitby, The Emperor Maurice, 156-169.

на последната етапа од нивното трајно населување во Македонија и во останатите византиски провинции на Балканот.[245]

Токму во тоа време, поточно од 614-616 г., познато е дека мноштво Словени, освен што го нападнале и опсадиле градот Солун, ги опустошиле Тесалија, соседните острови, Хелада, Ахаја, Епир, голем дел од Илирик, дел од Азија и егејските острови.[246] Бидејќи тука се набројуваат исклучиво "грчки" провинции, веројатно зад поимот Епир всушност се крие провинцијата Стар Епир,[247] која се наоѓала поблизу и граничела со нив. Значи провинцијата Нов Епир повторно не се споменува.

Како своевидно надоврзување може да послужат присутните мислења во науката според кои етничките промени во Епир не биле толку големи како во некои други области на Балканот. Последиците од словенското населување не можеле да бидат толку тешки во Епир како што биле во соседна Далмација или во старите римски провинции во внатрешноста на Балканот. Словените во текот на VI век во Епир продреле неколку пати: 548, 571-582, 591 г., помалку отколку во другите области на државата.[248]

Причините за евентуално помалата опфатеност на провинцијата Нов Епир со словенското населување можеби треба да се побараат во законитостите на историската географија, кои се поткрепени со резултатите од истражувањата на топонимијата, хидронимијата и оронимијата. Имено во науката се дошло до сознанието дека Словените се населувале во рамнините, долините на реките, околу езерата и во ниско ридестите предели на Балканот.[249]

---

[245] К. Аџиевски, Пелагонија, 14. Сп.: И. Стефоска, Словените, 52-54. Претерана и изворно непоткрепена е констатацијата на Б. Панов (Ранофеудалниот период, 177) дека до почетокот на VII век македонските области биле наполно словенизирани, што секако се случило подоцна.

[246] P. Lemerle, Les Plus Anciens Recueils des Miracles de Saint Demetrius et la Penetration des Slaves dans les Balkans, I, Paris 1979, 175, 3-179; ВИИНЈ, I, 188-189. Сп.: К. Аџиевски, Пелагонија, 14; И. Стефоска, Словените, 52-53.

[247] V. Popovic, Byzantins, Slaves et Autochtones, 211; Idem, Албанија у касној антици, 228.

[248] Ј. Ферлуга, Драч и његова област од VII до почетка XIII века, Глас Српске академије наука и уметности (Оддељење историских наука), CCCXLIII/5, Београд 1986, 68-69. Во овој дел кога Ј. Ферлуга го споменува Епир всушност мисли на провинцијата Нов Епир.

[249] Ј. Ферлуга, Драч и његова област, 69. Сп.: И. Стефоска, Словените, 25-27.

Таквите закономерности се потврдуваат доколку се погледнат истражувањата на топонимијата за територијата на поранешните провинции: Превалитана и Нов Епир, безмалку денешна Албанија. Произлегло сознанието дека во областите јужно од реката Шкумба; околу Скадарско Езеро; по долината на реката Црни Дрим и околу Охридското Езеро, доминантни се словенските топоними. Затоа пак северниот дел на Нов Епир, односно просторот северно од реката Шкумба и речиси цела провинција Превалитана останале помалку засегнати од словенското населување. Присуството на словенски топоними во овие краишта, каде доминирале високи планини, речиси е занемарливо, за сметка на поголемото присуство на латински топоними.[250]

Доколку условно се прифати констатација за помала масовност на словенското населување во провинцијата Нов Епир, дали тоа подеднакво би се однесувало и за просторот на денешната Охридско-струшка котлина која била дел од споменатата провинција?

На тоа прашање мошне тешко може да се даде одговор. Секако дека природно-географските услови на Охридско-Струшката котлина, со езерото, рамнината и нискоридестите делови, несомнено биле погодни за населување на Словените. Но сепак распространетоста и доминанантноста на словенската топонимија обврзувачки не мора да значи безрезервен аргумент во прилог на рано и воедно масовно словенско населување. Постои отворена можност словенската топонимијата да била проширена подоцна.[251]

Вообичаено се смета дека ликвидирањето на византиската власт во балканските градови се случило како директна последица на силниот словенски притисок. Што точно се случувало со градот Лихнид во тој почетен

---

[250] V. Popovic, Byzantins, Slaves et Autochtones, 208-210; Idem, Албанија у касној антици, 222-227; 238-241. За словенската топонимија во Албанија види: А. М. Селищев, Словяанское население в Албании, София 1931, 327-351; Xh. Ylli, Das slavische Lehngut im Albanischen, 2. Teil-Ortsnamen, Muchen 2000. За доминантноста на словенските топоними во Охридско-струшката котлина види: В. Пјанка, Топономастиката на Охридско-преспанскиот базен, Скопје 1970, 287, 310, 317-470.

[251] В. Поповиќ (Byzantins, Slaves et Autochtones, 213; Албанија у касној антици, 229) со право укажува дека словенските топоними во Албанија не треба исклучиво да се поврзуваат

период на претпоставено словенско населување не е познато. Сепак, како што истакнавме погоре, постојат непобитни докази дека во одреден период во градот било прекинато функционирањето на византиската административно-црковна власт и тој преживеал подолг дисконтинуитет во својот урбан развој.

Поради недостиг на пишани изворни податоци анализата на нумизматичкиот материјал останува мошне релевантен метод кој може да се примени за точно или приближно одредување на времето кога се случило ликвидирањето на византиската власт во Лихнид. Како непосреден индикатор за тоа се зема прекинот на циркулацијата на монетите. Да проследиме кои се последните нумизматички наоди во Лихнид пред претпоставеното слоевенско населување.

Според постарите истражувања последните нумизматички наоди од Лихнид, пред да биде прекинатата циркулацијата на рановизантиски монети, датираат од времето на царот Јустин II (565-578). В. Поповиќ споменува еден примерок кован во Константинопол во 575-576 г.[252] Во охридската музејска нумизматичка збирка постојат значителен број примероци ковани од овој владетел, од кои објавени се единствено два бакарни полуфолиси исковани во Солун. Освен што се дознава дека се работи за нов тип на монети првпат воведени од Јустин II, останува непознато нивното поконкретно датирање.[253]

Во 2001 г. во рамки на археолошките истражувања на локалитетот "Самуилова тврдина", во североисточниот дел, било пронајдено рановизантиско депо кое броело 113 бакарни монети. Освен местото и контекстот на наодот е мошне значаен. Имено монетите биле вкопани во подот на една градба, во која е забележан слој на палење, искршени покривни тегули и паднати камења. Terminus post quem на оставата е 586/87 г., што го одредува еден полуфолис на царот Маврикиј. Депонирањето на оставата и

---

за словенската колонизација од VI-VII век, туку и со експанзијата на бугарската и зетската држава.

[252] V. Popovic, Aux origines de la slavisation, 243.

[253] Д. Размовска-Бачевска, Нумизматичките наоди од југозападниот дел на Република Македонија од V век п. н. е. до XIV век, Охрид 2002, 158, 168-169, 189.

трагите од палење се поврзуваат со одреден словенски напад, кој можел да се случи истата година кога била искована монетата на Маврикиј (како своевиден повратен словенски удар по неуспешната опсада на Солун во 586 г.) или со некој подоцнежен напад. Бидејќи најмладите примероци од оставата не покажуваат значителна истрошеност се претпоставува дека истата била засолнета најдоцна до крајот на 80-тите години на VI век.[254] Воедно како поединечен наод на истиот локалитет пронајден е еден перфориран фолис на Маврикиј од 589/90 г., кој веројатно бил секундарно употребуван. Поради тоа останува несигурно дали монетата навистина била во оптек во рамките на Лихнид. Евидентиран е уште еден подоцнежен фолис од времето на царот Никифор Фока, кован во Антиохија во 604/05 г., најден на непозната локација во околината на Охрид. Двата подоцнежни поединечни наоди се причина да се изнесе теза дека стоко-паричната размена во областа на Лихнид сепак продолжила по претпоставениот словенски напад на градската тврдина.[255]

Со пронаоѓањето на првата рановизантиска остава на монети во Охрид и особено полуфолисот од Маврикиј (586/87 г.) всушност се прејудицира времето кога се случил претпоставениот прекин на циркулацијата на монети во Лихнид. Ваквите наоди со право го вбројуваат Лихнид во редот на голем број јужнобалкански градови и области кои во време на царот Маврикиј, поконкретно во втората половина на 80-тите години на VI век, доживеале прекин на циркулацијата на монети,[256] што пак се смета како главен индикатор при одредување на времето на ликвидирање на византиската власт.

---

[254] М. Хаџи-Манева, Нумизматички сведоштва, 387. Во споменатата остава, како што претходно спомeнавме, биле пронајдени уште 13 монети од Маврикиј, но со порана датација. За дадената информација и благодариме на М. Хаџи-Манева (Оддел за нумизматика, Народна банка на Р. Македонија). За оставата спореди: Les Tresors monetataires byzantins, 291-292.

[255] М. Хаџи-Манева, Нумизматички сведоштва, 387, 389. Поради необработеност и необјавеност на мнозинство постари и понови нумизматичките наоди од II-та половина на VI век, кои денеска се дел од богатата нумизматичка збирка на Завод и Музеј-Охрид, ни останаа недостапни податоците за евентуално пронајдени монети (бројност и датација) од царот Маврикиј од локалитетот Плаошник и/или на други охридски локалитети.

[256] Види страна 88-89. Сп.: М. Хаџи-Манева, Нумизматички сведоштва, 383-388.

Во науката од поодамна е воочена поврзаноста меѓу прекинот на циркулацијата на монетите на Балканот и словенското распрснување по балканските провинции кое следувало по големиот словенско-аварски напад и опсада на Солун (есента 586 г.). Без разлика дали во Хераклеа и поголемиот дел од Пелагонија, географски блиската област до Лихнид, прекинот на циркулацијата на монети настапил во средината на 80-тите години на VI век, односно есента 586 г. била ликвидирана византиската власт[257] или тоа се случило две-три години подоцна,[258] извесно е дека целосниот застој на циркулацијата на монетите подоцна не бил надминат. Впрочем не постојат податоци за континуитет или за евентуално обновување на византиската власт во Пелагонија.[259]

Сметаме дека треба да се претпостави аналогна состојба со ликвидирањето на византиската власт во Лихнид. Токму депонирањето на оставата во лихнидската тврдина заедно со полуфолисот на царот Маврикиј (586/87 г.) треба да се доведе во врска со почетокот на претпоставениот застој на циркулацијата на византиски монети, која не била обновена и покрај појавата на двата подоцнежни поединечни наоди: продупчениот фолис на царот Маврикиј (589/90 г.) и фолисот на царот Никифор Фока (604/05 г.).[260]

---

[257] К. Аџиевски, Пелагонија, 19-22 и цитираната литература за нумизматичкиот материјал.

[258] М. Хаџи-Манева, Нумизматички сведоштва, 387, соопштува за една остава откриена во околината на Прилеп, чиј terminus post quem го одредува еден полуфолис на Маврикиј (588/89 г.). Нејзиното депонирање го поврзува со аварско-словенскиот напад од 587/88 г. на јужните грчки провинции, односно претпоставува дека нападот го засегнал и просторот на денешна Р. Македонија. Во тој контекст треба да се спомене поединечниот наод-фолисот на Маврикиј (589/90 г.) од с. Живојно, кој В. Поповиќ (Aux origines de la slavisation, 243) смета не треба да влијае на констацијата дека прекинот на циркулацијата на монетите во Пелагонија настапил неколку години порано. Се поставува прашањето дали споменатиот истражувач би мислел исто доколку би го имал во предвид полуфолисот на Маврикиј (588/89 г.) од оставата најдена во околината на Прилеп. Затоа останува реалната можност дека во Хераклеа и поголемиот дел на Пелагонија византиската власт навистина да била ликвидирана кон средината на 80-тите години на VI век, а тој процес наполно да завршил по две-три години во цела Пелагонија. На таква помисла упатува токму оставата од околината на Прилеп.

[259] V. Popovic, Aux origines de la slavisation, 243; К. Аџиевски, Пелагонија, 22.

[260] Двата подоцнежни поединечни наоди (фолисот на Маврикиј и фолисот на Никифор Фока) се смета дека имаат помала нумизматичка вредност во споредба со монетите од охридската остава. Монетата од Маврикиј е перфорирана, што упатува на големата веројатност дека била секундарно употребувана и што остава голем сомнеж и резерва дали воопшто некогаш била во оптек на просторот на Лихнид. Недостатокот на монетата на

Без оглед на тоа дали со право се проблематизира мислењето дека Девол бил седиште на посебен комитат или пак не; и дали всушност се работи за комитатот Кутмичевица или пак за некој друг комитат или пониска административна единица, во секој случај она што е извесно е дека поширокиот простор на југозападна Македонија и јужна Албанија, во кој влегувале Охрид и Девол, административно припаѓале на еден пограничен комитат, чиј веројатно последен управител бил Никола, таткото на четворицата комитопули. Границите и протегањето на претпоставениот комитат засега не е возможно да се одредат, делумно и поради нивната веројатна менливост низ времето.

## 2. Охрид во време на Климент и Наум

### *2.1. Климент*

Историјата на градот Охрид во текот на IX век засега мошне тешко може да се реконструира. Освен податокот дека во 879 г. на црковниот собор во Константинопол зел учество и охридскиот епископ Гаврил, односно Гаврил Ахридски (Охридски),[353] сите останати, инаку мошне скудни, изворни податоци кои се однесуваат на историјата на Охрид кон крајот на IX и првите децении на X век се поврзани со животот и делувањето на словенскиот просветител Климент.

Сепак современи пишани податоци од IX-X век за престојот на Климент во Охрид не постојат.[354] Единствените и воедно најзначајните пишани изворни податоци за неговата активност во Охрид исклучиво потекнуваат од подоцнежни дела со хагиографска содржина (Пространо житие на Климент, Кратко житие на Климент и др.). Поради отсуство на современи податоци и карактерот на постоечките податоци - хагиографски и

[353] Sacrorum conciliarum, 376.

[354] Во единствениот современ пишан извор каде Климент се споменува, Пространото (првото) словенско житие на Наум, кое датира од првата половина на X век, тој не се споменува во контекст на неговото делување во Охрид, бидејќи Охрид воопшто не се споменува во Житието (А. Милев, Гръцките жития, 174-183).

подоцнежни - истражувањето на неговиот живот и делување потребно е да биде пропратено со исклучително внимание и претпазливост.

Кога се работи за двете житија на Климент треба да се нагласи дополнителната димензија на субјективност кои тие ја носат со себе бидејќи потекнуваат од Охрид. Имено Пространото житие било напишано од охридскиот архиепископ Теофилакт кон крајот на XI или почеток на XII век,[355] а Краткото, познато и под името Охридска легенда, приближно еден век подоцна од еден друг охридски архиепископ, Димитриј Хоматијан.[356] Неспоредливо поголема употребна вредност за науката во смисла на веродостојност и опсежност-подробност на податоци несомнено има Пространото житие на Климент напишано од Теофилакт Охридски.

Досегашната историографска продукција која го третирала животот и делувањето на Климент навистина е импозантна.[357] Според податоците од житијата сосема сублимирано може да се констатира дека најпродуктивниот дел од животот (886-916), Климент го поминал главно во Охридско-деволските предели, ширејќи го христијанството и писменоста на словенски јазик. Притоа познати се две етапи од неговото делување: Климент-"учител"[358](886-893) и Климент-епископ (893-916).

---

[355] Се сметаше дека Охридскиот или Московскиот ракопис (XIV или XV век) е најстариот и единствениот комплетен ракопис од Пространото житие на Климент (А. Милев, Гръцките жития, 11). Иако Охридскиот ракопис останува најкомлетен, со пронаоѓањето на и т.н. Ватикански ракопис, кој е нецелосен и датира од XIII век, сепак повеќе не е најстар. За ракописите и изданијата на Пространото житие види: A. Delikari, Der Hl. Klemens und die Frage des Bistums von Velitza (Identifizierung, Bischofsliste-bis 1767 und Titularbischofe), Thessaloniki 1997, 32-34 и белешките.

[356] Најстарото издание на Краткото житие на Климент датира од 1746 г., отпечатено во рамките на службата на Свв. Седмочисленици во Москополе (А. Милев, Гръцките жития, 167).

[357] И. Дуйчев, Климент Охридски в научното дирене (постижения и задачи), Материали за неговото чествуване по случай 1050 години от смртта му, София 1968, 21-31. Богата библиографија посветена на животот и делувањето на Св. Климент види: Климент Охридски-Студии, Скопје 1986; Климент Охридски и улогата на Охридската книжевна школа во развитокот на словенската просвета, Скопје 1989; Светите Климент и Наум Охридски и придонесот на Охридскиот духовен центар за словенската просвета и култура, Скопје 1995; Кирило-методиевска енциклопедия, том II, София 1995, 320-323, 331-335 (К. Станчев); A. Delikari, Der Hl. Klemens, 13-30.

[358] Звањето учител во христијанската црква било специфично. За учители се избирале способни лица кои имале дарба за слово. Во источната црква учителите биле духовни лица, припаѓале кон клирот, биле во ранг на свештеници, но со работата не биле

Најпрво да го проследиме накусо контекстот на доаѓањето на Климент во Охрид, според Пространото житие. По смртта на словенскиот првоучител и моравскиот архиепископ, Методиј (885), неговите ученици биле подложени на репресија и прогони. Во редот на најблиските и најподготвени методиеви ученици, веднаш по Горазд, се издвојувал Климент. Тој ги повел со себе двајцата методиеви ученици, негови соученици, Наум и Ангеларij, и по напорно патување пристигнале во Белград, во тоа време пограничен град на бугарската држава. Управителот на градот знаејќи дека бугарскиот кнез Борис "посакува такви мажи", веднаш ги испратил кај него во Плиска. Климент, Наум и Ангеларij биле примени од Борис со голема почит и благонаклоност. После одредено време и престој кај благородникот Есхач, Климент во 886 г. бил испратен на мисионерска работа во областа Кутмичевица како "учител". Пред неговото испраќање Борис извршил административно преуредување, односно ја "одделил Кутмичевица од Котокиј" и за управител на Кутмичевица го поставил Домета. Во областа Кутмичевица Борис му подарил на Климент три раскошни куќи во Девол, кои претходно припаѓале на претставници од некој комитски род и места за одмор околу Охрид и Главиница.[359]

Податокот дека Климент како подарок од Борис добил место или места за одмор околу, односно во непосредна близина на Охрид претставува прво споменување на градот Охрид во Пространото житие. Тоа споменување може да се разбере како своевидно навестување за значењето што го имал овој град во неговото делување, што впрочем најмногу се потврдува од податоците кои следуваат токму во истото житие.

---

сврзани за едно место. Како и апостолите тие оделе од место до место и поучувале. Значи тие патувале кај учениците, а не обратно (П. Хр. Илиевски, Свв. Климент и Наум Охридски (Просветителство со удвоени сили), Светите Климент и Наум Охридски и придонесот на Охридскиот духовен центар за словенската просвета и култура, Скопје 1995, 18-19).

[359] А. Милев, Гръцките жития, 110-125.

а) Градителство

На почеток се задржуваме на градителскиот сегмент од неговата широка активност за што наидуваме на директни податоци повторно во Пространото житие, но кои се потврдени и дополнети со податоци од Краткото житие и секако делумно со сознанијата добиени од археолошките истражувања.

Може да се претпостави дека Климент во рамките на својата просветителска работа, по доаѓањето во Кутмичевица, изградбата и обновата на сакрални објекти ја сметал за една од најприоритетните активности. Токму на едно место во Пространото житие се истакнува значењето кое го имале убавите црковните градби, подигнати од Климент, во придобивањето и привлекувањето на луѓето да го прифатат христијанството.[360]

Но наспроти тоа мошне индикативно и речиси неверојатно изгледаат податоците од Пространото и Краткото житие, според кои Климент во текот на својата мисионерска дејност во областа Кутмичевица подигнал еден единствен манастир и тоа, како што ќе расправаме, надвор од тесното градско јадро на Охрид од тоа време. Состојбата со расположливите податоци во двете житија за подигнатите цркви, иако не се сложуваат во бројот, сепак нивното лоцирање повторно се поврзува единствено со Охрид. Додека од Пространото житие се дознава дека освен манастирската црква, Климент изградил уште една црква, во Краткото житие пишува дека освен манастирот тој подигнал и "други божествени храмови" во Охрид.[361] Тоа значи дека според Краткото житие освен манастирската црква Климент изградил најмалку уште две цркви во Охрид.

Иако од опишаната севкупна содржина на неговата просветителска активност, на што ќе се задржиме подолу, се добива впечаток дека Климент најверојатно градел цркви и манастири на повеќе места ширум областа Кутмичевица, пред се барем во Девол и Главиница, двете житија воопшто не

[360] А. Милев, Гръцките жития, 134-135; Х. Меловски, Москополски зборник, 127; 157-158.

[361] А. Милев, Гръцките жития, 134-135; 176-177.

известуваат за таква активност на Климент. Токму како една од причините за отсуство на податоци за градителска активност на Климент надвор од Охрид треба да се бараат во претходно споменатата субјективност на двајцата автори на житијата, архиепископите Теофилакт и Д. Хоматијан. Тие пишувајќи ги житијата во Охрид најверојатно расположливите постари и поцелосни изворни податоци за делувањето на Климент ги искористеле селективно, во случајов занемарувајќи ги податоците за неговата градителска активност на пример во Девол или во Главиница. Притоа дополнителна отежнувачка околност претставува фактот што досега не се пронајдени археолошки остатоци од цркви и манастири евентуално подигнати при неговата активност надвор од Охрид.

Во врска со местоположбата на манастирот што според житописците Климент го изградил во Охрид се наметнуваат две прашања. Дали местото или едно од местата за одмор кое го добил Климент околу Охрид го претворил во манастирски комплекс со црква посветена на Св. Пантелејмон? Доколку е така дали во тоа време (IX-X век) манастирот се наоѓал внатре во градското јадро или надвор, во неговата непосредна близина?

Сметаме дека е сосема прифатливо мислењето Климент својот манастир да го подигне на празен и ненаселен простор, поточно на добиеното место за одмор, кое во тоа време се наоѓало околу или во непосредна близина на тесното градско јадро на Охрид. Т. Томоски и Д. Коцо го застапуваат мислењето дека Климент го изградил својот манастир Св. Пантелејмон на местото за одмор, инаку добиено од кнезот Борис, но кое место според нив се наоѓало во внатрешноста на градското јадро на Охрид од тоа време.[362]

Иако на едно место во Простарното житие јасно се соопштува дека Климент добил место или места за одмор околу Охрид,[363] подолу во истото

[362] Т. Томоски, Охрид до крајот на XIV век, 9; Д. Коцо, Нови податоци за историјата на климентовиот манастир Св. Пантелејмон во Охрид, Климент Охридски-Студии, Скопје 1986, 215.

[363] А. Милев, Гръцките жития, 124-125. Додека, според житието, бројот на куќите кои што ги добил Климент во Девол е сосема извесен, тоа не важи за "местата за одмор" кои тој ги добил околу Охрид и Главиница. Нивниот број единствено може да се претпоставува. Останува непознато дали Климент околу Охрид добил едно или повеќе места за одмор.

житие кога се споменува манастирот се истакнува дека тој бил изграден во (εν) Охрид,[364] а не околу Охрид. Сметаме дека во времето кога Климент го градел манастирот, тој простор, местото за одмор, несомнено бил надвор од градското јадро, како што правилно се изјаснил Ц. Грозданов.[365] Впрочем познато е дека манастири во сите периоди од историјата од кога постојат и без исклучок се граделе надвор од населени места. Забележаната недоследност и контрадикторност во Пространото житие треба да му се припише на неговиот автор, Теофилакт Охридски, во чие време (XI-XII век) најверојатно веќе се сметало дека Климентовиот манастир влегувал во проширеното градско јадро на Охрид. Може да се претпостави дека податокот за подарувањето на "места за одмор околу Охрид и Главиница", Теофилакт коректно го превзел од некој поран извор без притоа да интервенира, а додека кога пишувал за подигањето на манастирот, веројатно ненамерно и под влијание на протегањето на градот во неговото време, му се открадналпредлогот εν (во) наместо околу.

Повторување на податокот од Пространото житие дека Климент подигнал манастир во (εν) Охрид, наоѓаме и во Краткото житие.[366] Неговиот автор Д. Хоматијан, најверојатно под влијание на протегањето на градот во негово време (XIII век), истоветно како Теофилакт приближно столетие пред него, напишал дека манастирот во времето на Климент се наоѓал во Охрид, а не околу или во близина на градот.

Доколку се прифати дека во IX-X век Климентовиот манастир на Плаошник не влегувал во градското јадро на Охрид, што како сосема извесно сознание се наметнува и произлегува од анализата на податоците, тогаш на посреден начин се доаѓа до констатацијата дека во тоа време градското јадро на Охрид било сеуште мошне тесно. Границите на градот од тоа време мошне тешко може да се одредат, но веројатно е дека пред доаѓањето на Климент градот Охрид се развивал со мошне забавено темпо. Неговото доаѓање и

[364] А. Милев, Гръцките жития, 132-135.
[365] Ц. Грозданов, Свети Наум Охридски, 27.
[366] А. Милев, Гръцките жития, 176-177.

севкупната активност која ја започнал без сомнение претставувал значаен импулс и можеби дури пресвртен настан за неговото позабрзано урбано развивање и подоцна прераснување во можеби најзначаен словенски културно-образовен и книжевен центар на Балканот.

Во Пространото житие не постои конкретен податок за годината кога Климент ја подигнал манастирската црква. Тоа што е познато од споменатото житие е дека Климент го сторил тоа пред потполно да ја прими Величката епископија, во време кога блажениот Борис бил сеуште жив.[367] Наспроти мислењето, според кое манастирската црква била изградена најрано во 893 г. или потоа,[368] вообичаено овој податок во науката се толкува дека Климент го изградил манастирот по 886 г., односно по неговото доаѓање во Кутмичевица, но секако пред 893 г., кога бил прогласен за прв словенски епископ.[369]

Втората верзија на толкување на податоците, според која Климент го подигнал манастирот за време додека делувал како "учител" (886-893) во Кутмичевица, ни изгледа поблиску до вистината. Дури сметаме дека подигнувањето на манастирот веројатно се случило во текот на првите две-три години по неговото пристигнување во споменатата област. Впрочем тоа се совпаѓа со погоре изнесената претпоставка дека за Климент како еден од

---

[367] А. Милев, Гръцките жития, 132-133. Во науката одамна е забележана грешката која ја сторил Теофилакт кога во Пространото житие тврди дека кнезот Борис го завршил животот во 893 г. Од други извори сосема е познато дека Борис починал дури во 907 г. Бидејќи, според Теофилакт, Климент го подигнал својот манастир за време на животот на Борис, тоа посредно би значело пред 893 г., а не пред 907 г. Дури може да се оди и понатаму во претпоставките дека постои можност Климент да го подигнал својот манастир пред 889 г., кога Борис доброволно се откажал од престолот во корист на својот син Владимир.

[368] Д. Коцо, Климентовиот манастир "Св. Пантелејмон" и раскопката при "Имарет" во Охрид, ГЗФФ, 1, Скопје 1948, 135-137, 145 и постара литература; Idem, Триконхалните цркви во Климентовото време, Словенска писменост 1050-годишнина на Климент Охридски, Охрид 1966, 37; К. Томовски, Средновековната архитектура во Охрид и Охридско, Охрид и Охридско низ историјата, I, 384; Х. Меловски, Москополски зборник, 167.

[369] Б. Панов, Климент Охридски, Средновековна Македонија, III, Скопје 1985, 224; П. Миљковиќ-Пепек, Генезата на раскажувачкиот, експликативниот и едукативниот ликовен супстрат врз фреските кај Македонските Словени, Климент Охридски и улогата на Охридската книжевна школа во развитокот на словенската просвета, Скопје 1989, 285; М. Јакимовска-Тошиќ, Црковната организација во Македонија и канонизацијата на словенските светители, Slavia Meridionalis, 5, SOW, Warszawa 2005, 157-158.

основните предуслови за развој на својата просветителска активност секако бил подигнување на сакрални објекти (цркви и манастири).

Иако во Пространото житие неколку пати се споменува манастирот што го изградил Климент "во" Охрид, на ниту едно место не се соопштува кому е посветен. Затоа пак таа драгоцена информација се дознава од Краткото житие, каде се истакнува дека манастирот бил посветен на "великомаченикот Пантелејмон".[370]

Потврда на податоците од житијата за постоење на манастирски комлекс со црква, кој што во IX-X век всушност се наоѓал надвор градот, односно во непосредна близина на во тоа време тесното градско јадро, се материјалните остатоци и вредните сознанија кои се добиени при археолошките истражувања на охридскиот локалитет Плаошник (Имарет). Со повеќекратните и долготрајни истражувања, Д. Коцо, меѓу другото, успеал потполно да разоткрие местоположбата и границите на протегање на манастирската црква, односно според него две мали прилепени цркви, како и гробот на Климент. Поточно, толкувајќи и споредувајќи го археолошкиот недвижен и движен материјал со податоците од Пространото житие, Д. Коцо дошол до констатацијата дека Климент обновил некоја постара разрушена мала црква во форма на триконхос, кон која од темели подигнал, односно доградил уште една додатна црква, која имала неправилна правоаголна форма. Така според неговото толкување Климент всушност ги искористил темелите и подот на некоја стара и разрушена црква во форма на триконхос и врз нив подигнал нова сакрална градба, но кон неа од темели доградил и прилепил уште една црква. Иако Д. Коцо, веројатно поведен од буквалниот превод на податокот од Пространото житие (Кон манастирската црква додал уште една црква . . . ), се обидува да докаже дека се работи за две одделни, но во истовреме прилепени црковни градби, сепак на некои места во своите трудови втората црква тој ја нарекува западен дел од првата црква или нејзин додаток.[371]

---

[370] А. Милев, Гръцките жития, 176-177.
[371] Д. Коцо, Климентовиот манастир, 129-180; Idem, Нови податоци, 213-215.

Вреднувајќи ја опсежната и стручна анализа на археолошкиот материјал и долготрајното бавење со оваа проблематика сепак сметаме дека тврдењата на Д. Коцо за постоење и идентификација на две Климентови цркви, една прилепена со друга, на едно место на Плаошник, имаат свои недостатоци и слабости. Во тој контекст може да се забележи дека при толкувањето на археолошките наоди на Плаошник врз Д. Коцо големо влијание извршил податокот од Пространото житие дека наводно Климент до манастирот, односно до првата црква, προσέθηκεν-додал, придодал, приклучил, со сваќање доградил втора црква. Со можностите за поинакво толкување и превод на овој грчки глагол се занимаваме подолу.

Спротивно од предложениот начин на толкување на податокот/глаголот од Пространото житие и археолошката идентификација за постоење на две цркви, прилепени една до друга, постои сосема отворена можност на градителската активност на Климент да му се припише најмалку уште една одделна црква на друго место,[372] која најверојатно била подигната во внатрешноста на тесното градско јадро на Охрид од IX-X век. Тоа би значело дека условно двете прилепени сакрални градби, доколку двете ги подигнал Климент, треба да се сметаат како два дела од една црковна градба[373] или пак втората градба, која според едни имала неправилна правоаголна форма, а според други основа на впишан крст, била доградена подоцна, во следните векови.

Токму имајќи ги во предвид резултатите од истражувањата на Д. Коцо и неговата теза за откривање на остатоци од двете Климентови цркви на

[372] А. Милев, Гръцките жития, 134-135. Според Краткото житие Климент во Охрид освен Манастирот изградил и "други божествени храмови" (А. Милев, Гръцките жития, 176-177). Расположливите изворни податоци и резултатите од досегашните археолошки истражувања не дозволуваат да се прифати констатцијата на Б. Панов (Ранофеудалниот период, 190) дека Климент изградил голем број цркви во Охрид, Охридско и другите области во Македонија.

[373] Контрадикторноста и колебливоста на Д. Коцо (Климентовиот манастир, 157) во определбата дали Климент на Плаошник изградил една или две цркви најмногу се забележува од следново искажување: "Расчистената црква, како што се гледа од приложениот план, се состои од два дела: источен и западен. Западниот дел е построен подоцна, како прибавка на источниот. Источниот дел е всушност самата црква." Инаку во истата студија Д. Коцо резимира дека со археолошките истражувања на Имарет биле откриени двете Климентови цркви и дека тие се соѕидани една до друга.

Плаошник, Ѓ. Бошковиќ и К. Томовски се на мислење дека Климент на Плаошник ја подигнал единствено црквата во форма на триконхос. Иако со извесна резерва дека прилепената црква кон запад, која, според нив, има основа на впишан крст, можеби ја доградил уште епископот Климент, сепак за поверојатна ја сметаат тезата дека таа била подигната во XII или XIII век.[374] Мора да се забележи дека за таквите тврдење недостасува било каква аргументација.

Да го проследиме конкретниот изворен податок за втората Климентова црква. Имено од Пространото житие се дознава дека освен што изградил манастирска црква, Климент подигнал и друга црква во Охрид, која подоцна била претворена во архиепископска катедрала. Тој дел од житието цитиран гласи: "Кон него (манастирот, односно првата манастирска црква н.б.) додал/придодал и друга црква, која подоцна била претворена во архиепископска катедрала" (Τούτῳ δὲ καὶ ἑτέραν ἐκκλησίαν <u>προσέθηκεν</u>, ἣν ὕστερον ἀρχιεπισκοπῆς θρόνον ἔθεντο.). Така, според Пространото житие, во Охрид имало три цркви: една соборна и две на Свети Климент, кои иако многу помали од соборната, биле поубави од неа со својата округла и сферична форма.[375]

Овој дел од Пространото житие во науката предизвикал контраверзни толкувања или пак негово намерно игнорирање. Притоа како неизоставни се наметнуваат следниве прашања: Каде се наоѓала таа втора Климентова црква во Охрид? Која била таа т.н. соборна црква и каде се наоѓала?

Но да тргнеме од толкувањето на глаголот προστίθημι,[376] чија пасивна форма претставува προσέθηκεν која А. Милев со право ја толкува како "прибавил"- додал, придодал.[377] Слично толкување и превод на грчката

[374] Ð. Bošković-K. Tomovski, Средновековната архитектура во Охрид, Зборник на трудови (посебно издание по повод 10-годишнината од основувањето на Музејот, посветено на XII меѓународен конгрес на византолозите), Охрид 1961, 85-87.

[375] А. Милев, Гръцките жития, 134-135.

[376] Споменатиот глагол вообичаено за грчкиот јазик има повеќе значења, но најчесто се преведува со *придодава, приклучува* (Сп.: A. Bailly, Dictionnaire Grec Francais, Paris 1959, 1678, II).

[377] А. Милев, Гръцките жития, 134-135.

пасивна форма προσέθηκεν предлага Х. Меловски. Според него тој глагол во овој контекст би го имал значењето: "приклучил",[378] што е сосема слично со "прибавил"-додал, придодал од А. Милев.

Сметаме дека преводот на глаголот не е спорен. Но се поставува прашањето дали *придодал* или *приклучил* треба да се разбере во просторна или пак во апстрактна смисла? Па така доколку на овој глагол му се придава буквално значење во смисла на конкретен простор, како што направил Д. Коцо, тоа би упатувало дека Климент кон првоизградената црква додал, односно доградил уште една црква. Па така излегува како Климент на едно место да изградил две прилепени цркви, што Д. Коцо наводно го потврдува со толкувањето на резултатите од превземените археолошки истражувања. Потребно е да се потсети дека во изворот сепак не стои глаголот доградил туку придодал.

Но доколку на глаголот му се даде апстрактно значење, односно дека Климент по изградбата на првата црква придодал уште една црква, односно изградил уште една црква, тогаш втората црква не мора просторно да се поврзува со првата црква. Според ваквото сфаќање всушност се нотира бројноста на црквите кои биле изградени од Климент, а не нивната местоположба. Ваквото толкување на глаголот ни изгледа поизвесно.[379]

При разгледување на сосема кусиот податок за втората Климентова црква се забележува дека главно се занемарува и игнорира неговиот продолжеток, според кој единствено втората црква подоцна била претворена во архиепископска катедрала.

Тргнувајќи од својата теза за постоењето на две прилепени Климентови цркви на Плаошник, Д. Коцо, сосема кусо, но и произволно го коментира сведоштвото на Теофилакт дека единствено втората Климентова црква подоцна била претворена во архиепископска катедрала. Според него кога Теофилакт ја споменува втората Климентова црква, всушност мисли на

---

[378] Х. Меловски, Москополски зборник, 127, 157.

[379] Во толкувањето на грчкиот глагол добредојдена ни беше помошта и извршените консултации со д-р Марија Чичева-Алексиќ, за што и благодариме.

двете Климентови цркви, кои извесно време служеле како архиепископска катедрала,[380] без притоа да посочи во кое време. П. Миљковиќ-Пепек е поконкретен кога претпоставува дека една од црквите на Климент привремено послужила како архиепископско седиште во времето од паѓањето на Охрид под византиска власт до наводната темелна реставрација на црквата Св. Софија од страна на архиепископот Лав. Значи во времето на охридскиот архиепископ Јован (1018-1037).[381]

Но наспроти тоа во изворите не постојат никакви податоци па дури ни индиции дека едната или двете Климентови цркви на Плаошник во време на Самоиловата држава или подоцна под византиска власт (XI-XII век) претставувале барем привремено седиште на охридските архиепископи. Освен тоа потребно е да се потсети и потенцира дека Теофилакт стриктно се изјаснува дека единствено втората Климентова црква подоцна била претворена во архиепископска катедрала, но не и првата. Главно останатите истражувачи воопшто не го коментираат или толкуваат овој дел од податокот.

Доколку се сложиме дека не треба да постои сомнеж во веродостојноста на податокот за подоцнежното претворање на втората Климентова црква во архиепископска катедрала[382], тогаш сама се наметнува констатацијата дека не само што втората црква била одделна градба туку била подигната на друго место.

Следејќи ги податоците од Пространото житие доаѓаме до прашањето која можела да биде архиепископската катедрала, која според пишувањето на

---

[380] Д. Коцо, Климентовиот манастир, 180.

[381] П. Миљковиќ-Пепек, Материјали за македонската средновековна уметност. Фреските во светилиштето на црквата Св, Софија во Охрид, Зборник на Археолошкиот музеј, I, Скопје 1956, 64-65. Сп.: В. Лазарев, Живопис XI-XII веков в Македонии, Actes Du XII Congres International D'Etudes Byzantines (Ochride 10-16 septembre 1961), T. I, Beograd 1963, 115; Dj. Stricevic, La Renovation Du Type Basilical Dans L'Architecture Ecclesiastique Des Pays Centrales Des Balkans Au IX-XI siecles, Actes Du XII Congres International D'Etudes Byzantines (Ochride 10-16 septembre 1961), T. I, Beograd 1963, 188-189; М. Бошкоски, Прашањето на патронатот на црквата во времето на македонската средновековна држава (969-1018), Услови, појава и развој на словенската писменост-Св. Климент Охридски-живот и дејност, Скопје 2007, 58 бел. 58.

[382] Иако во науката веродостојноста на овој податок не се доведува во прашање, сепак тој главно се поврзува со црквата Св. Пантелејмон, а не со црквата Св. Софија.

Теофилакт произлегла од втората Климентова црква? Засега е познато дека црквата Св. Софија била единствената катедрална црковна градба која во време на Теофилакт и подоцна во средниот век претставувала седиште на охридските архиепископи. Па од тука произлегува констатацијата дека кога Теофилакт во Пространото житие ја споменува архиепископската катедрала најверојатно смета на црквата Св. Софија.

Во функција на одговор на прашањето каде се наоѓала втората Климентова црква неопходно е делумно да се осврнеме на историјатот на катедралната црква Св. Софија. Од Диканжовиот список на охридски архиепископи (XII век) се дознава дека охридскиот архиепископ Лав (1037-1056) обновил или изградил архиепископска црква и ја посветил на Света Софија (Света Божествена Премудрост),[383] несомнено како пандан на црквата Св. Софија во Константинопол. Потребно е да се нагласи дека овој податок е најраниот пишан податок кој сведочи за постоењето на црквата Св. Софија воопшто, што во голема мера хронолошки се потврдува и совпаѓа со датирањето на остатоците на нејзината архитектура, а уште повеќе со најстарите слоеви на фрескоживописот.[384]

Во најново време во науката се појави мошне интересна теза според која црквата Св. Софија како наполно нова византиска градба од XI век била подигната од архиепископот Лав, делумно врз втората Климентова црква и непосредно до постарата патријаршиска-архиепископска монументална црква од времето на Самоил, која пак била изградена врз темелите на ранохристијанска базилика и врз неугледната соборна црква која ја споменува Теофилакт. Ваквата теза главно е поттикната од откривањето на остатоци на непознат сакрален објект (столб, фреска, проскомидија и др.) во

---

[383] Й. Иванов, Български старини, 566.

[384] Сп.: Ц. Грозданов, Портрети на светителите, 42-43; Idem, Студии за охридскиот живопис, Скопје 1990, 24-34, 53-74; B. M. Schellewald, Die Architektur der Sophien-Kirche in Ohrid, Bonn 1986, 188; Б. Чипан, Света Софија, 86-92; Кирило-методиевска енциклопедия, III, 551-553.

непосредна близина на југ од црквата Св. Софија, кој директно се поврзува со архиепископскиот-патријаршиски катедрален храм изграден од Самоил.[385]

За издржаноста на тезата во однос на толкувањето на вредните археолошки наоди, односно остатоците од "непознат сакрален облект", кој се доведува во врска со Самуиловата катедрална црква, расправаме подолу во соодветен контекст. Но мора да се забележи дека за поткрепување на делот од тезата кој се однесува на лоцирањето на втората Климентова црква, отсуствува било какво презентирање на евентуални нови археолошки податоци или пак некаква нова аргументација. Всушност главен аргумент останува повторувањето на познатиот податок од Теофилакт и оправданото тврдење дека црквата Св. Софија останала единствен катедрален храм на Охридската архиепископија до нејзиното претворање во џамија. Ништо повеќе од тоа. На тој начин потребно е да се констатира дека покрај изгледноста на ваквата теза на нејзе и понатаму и недостасува задоволителна аргуменатација. Евентуален придонес за поткрепување или отфрлање на ваквата теза може да се добие доколку бидат превземени понатамошни археолошки истражувања на потесниот простор на црквата Св. Софија и нејзиното опкружување.

Од податокот од Пространото житие единствено што може да се претпостави е тоа дека т.н. втора Климентова црква најверојатно била подигната по изградувањето на манастирската црква на Плаошник. Кога точно, односно колку време подоцна засега не е возможно да се утврди.

Прашањето за идентификацијата и евентуалната местоположба на т.н. соборната црква, спомената во Пространото житие, ќе биде предмет на разгледување во продолжение на оваа глава, поконкретно во делот за Охридската епископија.

---

385 Г. Ангелеичин-Жура, Дали во Охрид е откриена самоиловата патријаршија?, Транзициите во историјата и културата, Скопје 2008, 79-83.

б) Мисионерско-просветителска работа

Во рамките на оваа точка планирано е да се осврнеме главно на две прашања поврзани со мисионерската работа на Климент: Во што поконкретно се состоела неговата активност во Кутмичевица и пошироко (886-916)? Каде Климент најдолго престојувал за време на учителствувањето и епископувањето? Сметаме дека поставувањето и одговорите на двете прашања нераскинливо се поврзани и најтесно влегуваат во доменот на историското минато на градот Охрид.

За природата и содржината на активноста на Климент во Кутмичевица постојат неколку директни известувања во Пространото и Краткото житие. Во еден дел од Пространото житие посебно се опишува делувањето на Климент во Кутмичевица за време на седумгодишниот период (886-993), додека делувал како "учител". Најпрво се потенцира општиот сегмент на проповедање и ширење на христијанското учење на разбирлив словенски јазик.[386] Потоа следува еден посебен дел каде доста детално се открива содржината на неговата просветителска работа. Така се дознава дека тој се занимавал со описменување на децата, неговите ученици, на тој начин што додека на една група им ги покажувал формите на буквите, на друга им го објаснувал значењето на напишаното, а на трета ги подучувал да пишуваат, препорачувајќи им да вежбаат не само преку ден туку и навечер.[387] Во продолжение уште се открива дека доколку тој не ги описменувал децата тогаш или се оддавал на молитва или се занимавал со читање или пак пишувал книги. На крај од податокот се додава дека понекогаш се случувало во исто време да извршува две работи: да пишува и да им предава на децата некакво знаење.[388]

Токму овој мошне значаен дел од известувањето за содржината на Климентовата дејност во Кутмичевица утврдено е дека се одликува со особена автентичност и веродостојност. Од воведот на презентираниот

---

[386] А. Милев, Гръцките жития, 126-127.
[387] Ibidem, 126-127.
[388] Ibidem, 126-127.

податокот, како што во науката веќе е забележано, сосема јасно може да се констатира дека тој изворно потекнува од некој Климентов ученик и дека Теофилакт единствено го превзел.[389]

Значаен дел од Житието е посветен на неговата книжевно творештво. Најмногу поради тешкотиите со кои се соочувале словенските свештеници и неговите ученици при користењето на грчките книги за богослужба Климент се зафатил со интензивна преведувачка и творечка дејност од што произлегле голем број: слова, химни, псалми, песни и други дела со црковна содржина.[390]

Значи неговата примарна активност се состоела во описменување и подготовка на локален словенски црковен кадар, кој ќе биде оспособен да практикува словенска богослужба. Останатите негови активности, како преведувањето и творењето нови книжевни дела со црковна содржина, единствено биле во функција на најзначајната негова активност. За важноста на тој сегмент од неговата творечка работа како писател сведочат бројните сочувани дела.

Од Житието исто така се дознава дека Климент го подучувал месното население дури со вештини од овоштарството, меѓу другото како да калемат и облагородуваат диви дрвја.[391]

Во рамките на неговото седумгодишно учителско делување во Кутмичевица, се споменува дека Климент поставувал (ракоположувал): четци, подѓакони, ѓакони и свештеници.[392] Ништо не би било сомнително доколку ваквото известување се однесуваше за периодот на неговото епископување (893-916). Но бидејќи се однесува за периодот на неговото учителствување се поставува прашањето дали посоченото известување воопшто е возможно да се прифати?

Д. Оболенски со право констатирал дека природата на Климентовата задача како и блиските односи кои ги одржувал со управникот на

---

389 Сп.: Ibidem, 126-127 и бел. 126.
390 Ibidem, 130-133, 140-141.
391 Ibidem, 134-135.
392 Ibidem, 126-127.

провинцијата (Кутмичевица н.б.) покажуваат дека овластувањата кои Борис му ги дал на Климент далеку ја надминувале власта на еден обичен учител или проповедник.[393] Можеби токму поради широките овластувања кои се добива впечаток дека ги поседувал Климент за време на учителствувањето во Кутмичевица било возможно да ги поставува односно ракоположува своите ученици за четци, подѓакони, ѓакони и свештеници.

Во Пространото житие се сретнуваат и некои бројки од кои, доколку се веродостојни, може да се извлечат заклучоци за квантитетот и размерите на Климентовото делување. Во два одделни податока се изнесуваат следниве бројки. Во првиот податок се истакнува дека во секоја енорија (област) имал избрани меѓу другите и тие не биле малку, бидејќи нивниот број достигнувал до 3500.[394] Вториот податок, кој не е поврзан со првиот, гласи дека во секоја енорија (област) Климент се служел со по 300 ученици, без нивните помошници.[395] Овие бројки без сомнение се однесуваат само на понапредните и подобри ученици, кои Климент ги подготвувал за црковно-учителска работа, а не на вкупниот број негови ученици.

Сметаме дека бројот на учениците, според Пространото житие, кои Климент ги обучувал, се претерани имајќи го во предвид капацитетот кој можел да го има еден човек за таква работа на толку широк простор и за толку ограничено време. Исто така треба да се земе во предвид и неговото истовремено бавење со други работи како што било: оддавање на молитви, читање и пишување книги. Посочениот број од 3500 одбрани ученици би можел да биде прифатлив доколку се работи за подолготрајна активност. Иако во Пространото житие стриктно се известува дека бројот на ученици се однесува за првиот период на делување, на неговото учителствување, сепак доколку истиот број се претпостави дека се однесувал за целокупната

---

[393] Д. Оболенски, Климент Охридски, Шест византијских портрета, Београд 2004, 38.
[394] А. Милев, Гръцките жития, 126-127.
[395] Ibidem, 126-127.

активност на Климент (886-916) многу полесно би можел да се смета за прифатлив.[396]

Освен што бројката од 3500 селектирани и поуспешни ученици со кои Климент се служел во својата мисионерска работа во Кутмичевица (886-893) се чини дека е преголема за толку краток период на делување, постојат уште две места во Пространото житие од чие толкување може да произлезе дека претходно анализираниот дел за содржината на неговата активност всушност се однесува и за периодот на епископувањето (893-916). Споменувањето на терминот енорија (ενοριαν) во два наврати во делот од Пространото житие каде се открива неговата работа во текот на првите седум години од неговиот престој во Кутмичевица во науката се толкува различно.

Овој црковно-административен термин кој, според А. Милев, денес има тесно значење на црковна заедница или црковна територија определена за еден свештеник, авторот на житието го употребил во поинаква конотација со пошироко значење на "област, територија." Поаѓајќи од претпоставката дека авторот на житието терминот енорија го употребил со пошироко значење, А. Милев на споменатиот термин му го дал значењето на област, територија.[397] Но во науката постојат и поинакви преводи на споменатиот термин, па тој се преведува како "епархија".[398] Дури и да не се толкува и преведува, терминот енорија едноставно би означувал дел од епархија (епископија). Притоа се заборава и не се коментира прашањето како можело да постојат словенски енории и епархии (епископии) во времето пред Климент да биде поставен за словенски епископ?

Познато е дека правото да поставува четци, подѓакони, ѓакони и свештеници можел да го има единствено еден епископ. Но како што веќе споменавме Климент од своите најдобри ученици "прави четци, подѓакони, ѓакони и свештеници" во времето кога сеуште не бил епископ (886-893).[399]

---

[396] Сп.: Историја на македонскиот народ, I, 101; П. Хр. Илиевски, Свв. Климент и Наум Охридски, 18.

[397] А. Милев, Гръцките жития, 126-127 и бел. 68.

[398] Х. Меловски, Москополски зборник, 154-155.

[399] А. Милев, Гръцките жития, 126-127; Х. Меловски, Москополски зборник, 155.

Сметаме дека постојат доволно посредни показатели за да се претпостави дека делот каде се опишува содржината на делувањето на Климент во првите седум години од неговиот престој во Кутмичевица, всушност најверојатно се однесува за целокупниот период на неговото делување од 886 до неговата смрт 916 год.

Во врска со прашањето каде Климент најдолго престојувал за време учителствувањето и епископувањето, во науката постои релативно едногласие. Имено доминира мислењето дека Климент најдолго или најчесто престојувал токму во Охрид.[400] Во продолжение да видиме каква е изворната поткрепа за едно такво мислење.

Во еден дел од Пространото житие сосема конкретно се открива дека при својата просветителска работа Климент ги обиколувал сите области кои претходно биле споменати.[401] Иако претходно се споменуваат единствено градовите Девол, Охрид и Главиница тука всушност треба да се подразберат истоимените области кои веројатно го добиле името по своите градски центри. Протегањето и воопшто големината на тие области засега не може да се одреди ниту пак дали во рамките на Кутмичевица имало и други вакви области.

Главно од овој сосема кус и од некои други попатни податоци од житијата се дознава дека делувањето на Климент приближно се одвивало на просторот на споменатите области од Кутмичевица (поширок простор во југозападна Македонија и јужна Албанија). Но притоа се забележува дека во

---

[400] Сп.: Д. Косев, Делото на Климент Охридски и неговото историческо значение, Климент Охридски-Материали за неговото чествуване по случай 1050 години от смртта му, София 1968, 11; Е. Георгиев, Състояание на научната проблематика около личноста и дейноста на Климент Охридски-Материали за неговото чествуване по случай 1050 години от смртта му, София 1968, 58; Историја на македонскиот народ, I, 101-102; Ц. Грозданов, Портрети на светителите од Македонија од IX-XVIII век, Скопје 1983, 39-40; С. Антолјак, Македонија во IX век, 211; Б. Панов, Климент Охридски, 227; Idem, Охрид во епохата на Климент и Наум, 192-194; Д. Оболенски, Климент Охридски, 39-40; П. Хр. Илиевски, Просветната програма на Св. Климент Охридски, Климент Охридски и улогата на Охридската книжевна школа во развитокот на словенската просвета, Скопје 1989, 267-268; A. Delikari, Der Hl. Klemens, 106-107; И. Божилов-В. Гюзелев, История на средновековна България, I, 215.

[401] А. Милев, Гръцките жития, 126-127.

споредба со другите места и области во Кутмичевица градот Охрид најчесто се споменува во двете житија.[402] Наспроти тоа што Охрид најчесто се споменува и што самото тоа е несомнен показател дека градот имал големо значење во бугарската држава и најголемо во делувањето на Климент, сметаме дека пред доаѓањето на Климент, но и потоа неговото значење во никој случај не било поголемо од Девол.

За тоа постојат единствено посредни податоци кои засега може да бидат само индиција за тоа. На едно место во Пространото житие сосема кусо и нејасно пишува дека кнезот Борис: "ја одделил Кутмичевица од Котокиј", го поставил за управител Домета, откако го ослободил од областа,[403] со која најверојатно претходно управувал. Според едната варијанта на толкување на податокот тоа би требало да се разбере како укажување дека Борис административно ја преуредил, односно ја намалил или ја поделил областа Котокиј наменски пред доаѓањето на Климент. Притоа била издвоена новата помала област Кутмичевица, областа каде Климент требало да "учителствува".[404]

Седиштето на Домета, односно центарот на областа Кутмичевица, директно не се открива во Пространото житие. Но, како да се разберат податоците дека кнезот Борис, праќајќи го Климент во областа Кутмичевица, му го "предал блажениот Климент на Домета или поточно Домета на Климент" или ги предал еден на друг, а нешто подолу во Житието се открива дека Климент од Борис добил три раскошни куќи во Девол, кои

---

[402] Во Пространото житие градот Охрид се споменува дури шест пати. Областа Кутмичевица и епископското седиште Велика се споменуваат по два пати, а Девол и Главиница само по еднаш. Во Краткото житие пак, кое е многу покусо, Охрид се споменува дури на три места, Главиница (Кефалонија) на две места, а поимите Девол и Кутмичевица воопшто не се споменуваат. Само по себе тоа претставува некаков показател дека авторите на житијата обрнувале далеку поголемо внимание и ја потенцира Климентовата дејност во Охрид за разлика од останатите места во областа Кутмичевица или можеби не располагале со толку податоци за неговата дејност надвор од Охрид (Види: А. Милев, Гръцките жития, 76-147; 174-183).

[403] А. Милев, Гръцките жития, 124-125.

[404] Сп.: П. Коледаров, Климент Охридски, 158, бел. 5; Т. Томоски, Прилог кон топографијата, 204-206; И. Божилов-В. Гюзелев, История на средновековна България, I, 216.

порано припаѓале на некој комитски род, а додека околу Охрид и Главиница единствено места за одмор.[405]

Тука се споменати три топоними: Девол, Охрид и Главиница, кои несомнено влегувале во областа Кутмичевица и веројатно биле најзначајни градски населби и центри на своите околни области.[406] Притоа е направена градација. Додека во првоспоменатиот Девол Климент добил три раскошни куќи од комитски род, значи вреден недвижен имот, во самиот град Охрид и во Главиница не добил ништо слично, туку надвор од градските јадра добил единствено "места за одмор" или празен неизграден простор каде Климент подоцна веројатно подигнувал сакрални објекти.[407] Кон тоа треба да се потенцира дека трите куќи што ги добил Климент од кнезот Борис претходно припаѓале на претставници од комитски род, значи веројатно на семејство чии припадници во претходниот период биле локални благородници и дури управители во рамки на бугарската држава.

Извесно е дека првоспоменатиот град Девол, каде Климент единствено добил подготвен недвижен имот за престој и работа и тоа во рамките на градските ѕидини, воедно е градот кој што претставувал воено-административно седиште на Кутмичевица. На посреден начин или со други зборови кажано тоа би значело дека во Девол била концентрирана воено-политичката власт, а по доаѓањето на Климент и црковната, од каде била управувана областа Кутмичевица. Затоа Климент од Борис токму во Девол добил три куќи, а не на некое друго место. Може да се претпостави дека за обавување на мисионерската работа на Климент му било потребно да се наоѓа во близина на Домета или барем формално центарот на неговото

[405] А. Милев, Гръцките жития, 124-125.

[406] Сп.: Д. Оболенски, Климент Охридски, 35-36.

[407] Според Ц. Грозданов (Свети Наум Охридски, 27) Климент го изградил манастирот Св. Пантелејмон надвор од урбанизираното јадро на средновековниот Охрид, каде Климент најверојатно имал "место за одмор", како што соопштува Теофилакт во Пространото житие. Поконкретно за тоа дека Климент делувал и често престојувал во Главиница (Кефалонија), каде оставил "споменици", дознаваме од Краткото житие за Климент (А. Милев, Гръцките жития, 176-179).

делување да биде сообразен со седиштето на административната област со која управувал Домета.[408]

Но во текот на неговата просветителска активност ширум областа Кутмичевица, најверојатно преовладал личниот избор на Климент и манастирот Св. Пантелејмон, кој во негово време се наоѓал на добиеното место за одмор надвор од градското јадро на Охрид, го претворил во свое неформално седиште како во периодот додека бил "учител" (886-893), така веројатно и подоцна за време на неговото епископување (893-916). Во тој контекст не е случајно известувањето на Д. Хоматијан во Краткото житие, дека Климент покрај Главиница најчесто престојувал во градот Охрид.[409] Дека манастирот Св. Пантелејмон му било омилено место на Климент, чија убавина ја посакувал и за која тагувал кога престојувал некаде на друго место, се дознава од Пространото житие.[410] Најпосле фактот дека во внатрешноста на претходно споменатиот манастир сам си го подготвил својот гроб, каде по смртта бил и погребан,[411] секако претставува силен аргумент дека без сомнение Климент најдолго и со најголемо задоволство престојувал во својот манастир, кој во време на архиепископот Теофилакт и денес се наоѓа во рамки на градското јадро на Охрид.

Како логично се наметнува прашањето зошто или поради кои причини Климент од трите веќе споменати градови: Девол, Охрид и Главиница, во областа Кутмичевица, го избрал токму Охрид за место каде најчесто, најдолготрајно и со најголемо задоволство престојувал? Дотолку повеќе одговорот на прашањето се усложнува доколку се прифати мислењето дека пред неговото доаѓање воено-административниот и црковниот центар на областа Кутмичевица кнезот Борис го одредил или потврдил да се наоѓа во Девол, а не во Охрид. Иако причините за, условно кажано, таквиот избор на Климент никаде не се соопштуваат во житијата, треба да се претпостави дека

---

[408] Сп.: Кирило-методиевска енциклопедия, I, София 1985, 579.
[409] А. Милев, Гръцките жития, 176-177.
[410] Ibidem, 134-135.
[411] Ibidem, 142-143; 176-179.

биле лични.[412] Веројатно извесно влијание за таквиот избор имале исклучителната местоположба и длабоките христијански традиции со кои се одликувал градот Охрид.

Новиот бугарски владетел Симеон (893-927) истата година кога дошол на власт го назначил Климент за епископ на Драгувитија (Драговишта)/Дребница/Дрембица и/или Велица (Велика).[413] Сметаме дека некаква промена во суштината на однесувањето на Климент по неговото назначување за прв словенски епископ, пред се во однос на неговата просветителска работа, секако не се случиле. Тој најверојатно продолжил со својата работа од претходно, но од тогаш со поголем интензитет и можеби на поширока територија, користејќи ја веќе создадената мрежа на негови обучени ученици.

Прашањето за идентификација и лоцирање на топонимите Драгувитија (Драговишта)/Дребница/Дрембица и Велица (Велика), споменати во различните ракописи на Пространото житие, директно е поврзано со откривањето на епископското седиште на Климент. Иако мал дел од истражувачите без основа ги поврзуваат топонимите директно со Охрид и неговата непосредна околина[414] сепак од расположливиот изворен материјал

---

[412] С. Антолјак (С. Антолјак, Македонија во IX век, 205, бел. 98) претпоставува дека Климент и Наум можеле да дознаат за Охрид и околина уште од некакво "сигурно" известување на Методиј, кој наводно во едно свое патување (881/82 г.) од Драч за Константинопол, движејќи се по Виа Егнатиа поминал покрај Охрид и Охридското Езеро. За тезата дека Методиј воопшто некогаш се движел по Виа Егнатиа нема никаква изворна поткрепа. Воопшто за проодноста на западниот дел на патот Виа Егнатиа во II-та половина на IX век види: D. Obolensky, The Balkans in the Ninth Century: Barrier or Bridge?, Byzantinische Forschung, XIII, Amsterdam 1988, 55-58; Т. Филипоски, Прашањето за проодноста на западниот дел од патот Via Egnatia (Драч-Солун) во II-та половина на IX век, Пътуванияата в средновековна България и съвремениот туризъм, Шумен (во печат).

[413] А. Милев, Гръцките жития, 128-129. Според најстариот препис на Опширното житие на Климент од XIII век, наместо Дребница (Дрембица) се споменува Драговишта (Δραγοβιστας), што се поврзува со словенското племе Драговити (Кирило-методиевска енциклопедия, Т. I, 660 (П. Коледаров)).

[414] Г. Баласчев (Климент, епископ словенски и службата му по стар словенски превод, София 1898, 27-29) смета дека епископијата ја опфаќала околината на Охрид, споменувајќи ја областа Дебарца која ја поврзува со Дребница (Дрембица), што било прифатливо за Х. Поленаковиќ (Климент Охридски-Живот и дејност, Книга за Климент, Скопје 1966, 20); В. Киселков (Св. Климент Охридски, Живот, дейност и жития, София 1941, 39) директно се изјаснил дека центарот на Епископијата траба да се бара во Охрид; А. Милев (Двете гръцки жития на Климент Охридски, Сборник от статии по

недвојбено произлегува дека седиштето на словенската епископија треба да се бара на друго место. Токму затоа во науката досега постојат исклучително бројни и различни хипотези за лоцирање и идентификација на епископското седиште на Климент поблиску или подалеку од Охрид.[415]

Се чини дека во науката по својата сериозност со право се издвојува тезата според која епископското седиште на Климент треба да се бара во Девол и/или околината,[416] што всушност би значело дека Климент веројатно не го променил своето формално седиште уште од годините додека бил учител (886-893) во Кутмичевица. Но според житијата и по добивањето на епископската титула Климент мошне често, ако не и најдолго продолжил да престојува токму во Охрид, поконкретно во својот манастир. Па така Охрид всушност претставувал негово неформално седиште за време целокупниот негов престој во Кутмичевица - од неговото доаѓање 886 г. па се до неговата смрт 916 г.

Во прилог на таквата претпоставка одат следниве податоци. По враќањето од бугарската престолнина, каде Климент пред Симеон неуспешно се обидел да го образложи своето откажување и повлекување од епископското достоинство, тој се вратил во својот манастир во Охрид. Веројатно не поминало многу време Климент починал од старост и

---

случай 1050 години от смъртта му, София 1966, 150-151) сосема истоветно смета дека епископското седиште се наоѓало во Охрид, каде Климент го изградил својот манастир; Е. Ѓеоргиев (Охридската книжевна школа, Сборник от статии по случай 1050 години от смъртта му, София 1966, 60-63) протегањето на климентовата епархија го лоцира во Македонија, во пошироката околина на Охрид.

415 Опсежен осврт на различните мислења во науката за лоцирањето на седиштето на Климентовата епископија и нејзиното протегање види: Кирило-методиевска енциклопедия, I, 655-662 (П. Коледаров); A. Delikari, Der Hl. Klemens, 47-63; Љ. Станковска, Кон прашањето за таинствената Климентова епархија, ГИНИ, 49/1-2, Скопје 2005, 9-18 и белешките. Предложената теза од Љ. Станковска (Ibidem, 18-26) дека поимите Дребница и Велица етимолошки може да се поврзат со Големото и Малото Преспанско Езеро и воедно со областа што ги опкружувала, ни изгледа малку веројатна.

416 Сп.: Т. Томоски, Прилог кон топографијата, 204-209; Д. Коцо, Прилог кон проучувањето на Величката епископија, Прилози на МАНУ (Одделение за општествени науки), XX/2, Скопје 1989, 5-8; Б. Конески, Дрембица и Велика, Македонски места и имиња, Скопје 1991, 96-98. Внимание привлекува тезата на Ц. Грозданов (Свети Наум Охридски, 15-16) според која по 893 г. на Климент во две-три етапи во црковен поглед му се потчиниле сите храмови и краишта во Македонија и делови од Албанија, во кои се спороведувала богослужба на словенски јазик. Првата од нив секако била Деволската епископија.

истоштеност. Не е случајно тоа што, по свој сопствен избор, Климент бил погребан во гроб што сам си го подготвил во рамките на манастирската црква (Св. Пантелејмон н.б.).[417]

Пред својата смрт Климент одлучил половина од книгите што ги напишал и останатиот имот со кој располагал да го остави на манастирот во Охрид.[418] Во науката е присутно мислењето дека изградувајќи книжевна норма и создавајќи оригинална проповедничка и хагиографска литература Климент всушност ги поставил темелите на Охридската книжевна школа, која го продолжила неговото просветно дело неколку векови по него.[419] Токму Охрид бил центарот од каде се ширело големото словенско црковно-просветно дело.

Вонвременското значење на неговото дело најдобро се рефлектира низ повеќе сегменти од уметноста и културата кои се чувствуваат до денес. Прво, неговото рано канонизирање за светец уште во текот на X век;[420] раната и честа појава на негово претствување на фрескоживописот во средновековните цркви во Охрид и пошироко;[421] како и изградениот култ на

[417] А. Милев, Гръцките жития, 136-143.

[418] А. Милев, Гръцките жития, 140-141.

[419] П. Хр. Илиевски, Просветната програма на Св. Климент Охридски, 276. Недостасуваат изворни податоци кои би овозможиле задоволителна реконструкција на начинот и точното место/места каде функционирала Охридската книжевна школа или т.н. Охридски универзитет. Основна карактеристика и потврда за функционирањето на Школата претставуваат сочуваните црковни книги и дела преку кои до XII век се негувала глаголската писмена традиција. (Сп.: Б. Конески, Охридската книжовна школа, Климент Охридски-Студии, Скопје 1986, 9-23; Р. Угринова-Скаловска, За средновековните книжевни школи во Македонија, Климент Охридски-Студии, Скопје 1986, 51-54). Се претпоставува дека главните простории на Школата треба да се бараат во рамките на манастирски комплекс Св. Пантелејмон на Плаошник, како придружни објекти на црквата. Сепак од досегашните археолошки истражувања, колку што ни е познато, освен пронаоѓање на остатоци од црквата и бројни подоцнежни гробови, не постојат било какви материјални наоди кои би го потврдиле функционирањето на книжевната школа во рамките на манастирот Св. Пантелејмон.

[420] Во Асемановото евангелие (X век), поточно во месецословот за јули, за првпат се споменува Климент како светец. Види: Б. Конески, Канонизација на словенските светци во Охридскката црква, Прилози на МАНУ (Одделение за лингвистика и литературна наука), I/1-2, Скопје 1976, 65-69; М. Јакимовска-Тошиќ, Црковната организација, 155-162; Ц. Грозданов, Портрети на светителите, 40-42; Ф. В. Мареш, Словенските светци во Асемановото евенгелие, Лихнид, 6, Охрид 1988, 3-10.

[421] Ц. Грозданов, Портрети на светителите, 38-104; Idem, Најстарите портрети на Климент Охридски, Климент Охридски-Студии, Скопје 1986, 238-253; Г. Ангеличин-Жура,

заштитник на градот Охрид и неговото “живеење” во голем број легенди и преданија со тематика од неговиот живот и благородно делување.[422]

*2. 2. Наум*

За разлика од Климентовиот живот и делување, кој главно може да се реконструира од подоцнежни изворни податоци, односно житија, за животот и делувањето на неговиот "собрат" Наум постои едно, иако мошне кусо, но затоа современо и доста веродостојно житие. Тоа во науката е познато како Прво или Постаро (најстаро) словенско житие на Св. Наум. Датира од I-та половина на X век, напишано од некој анонимен ученик и современик на Климент и Наум, по наговор на деволскиот епископ Марко.[423]

Кога станува збор за веродостојност на податоци кои се однесуваат за животот и делувањето на Наум, споменатото житие несомнено го завзема највисокото место во науката. Според Х. Меловски тоа: "содржи конкретни историски податоци".[424] Преку анализа на текстот на житието се дошло до доста убедлива констатација дека тоа всушност претставува само дел од еден поголем општ текст посветен на Климент и Наум или што е поверојатно бил дел од загубеното словенско житие на Климент.[425] Во врска со ова најстаро житие постојат интересни согледувања дека текстот на житието е структуиран на многу посебен начин, со подредување на настаните по

---

Непознати ликови на свети Климент во средновековни цркви, Св. Климент Охридски-живот и дејност, Скопје 2007, 17-36.

[422] За епитетот заштитник на градот Охрид и бројните легенди и преданија види: В. Стојчевска-Антиќ, Климент и Наум Охридски во народната традиција, Скопје 1982; Т. Саздов, Народните преданија и легенди за Климент Охридски, Климент Охридски и улогата на Охридската книжевна школа во развитокот на словенската просвета, Скопје 1989, 151-155; Т. Вражиновски, Култот на Светите Климент и Наум Охридски, Народна традиција-религија-култура, Скопје 1999, 63-76, забележува дека во легендите и преданијата Климент особено се истакнува: 1. како заштитник на Охрид и 2. како просветител и учител.

[423] Й. Иванов, Български старини, 307-308. Сп.: Д. Миловска, Две словенски житија на Св. Наум Охридски, Светите Климент и Наум Охридски и придонесот на охридскиот духовен центар за словенската просвета и култура, Скопје 1995, 255. За животот и делувањето на Св. Наум Охридски; историјат на манастирот и многу други тематски целини поврзани со светецот види: Ц. Грозданов, Св. Наум Охридски.

[424] Х. Меловски, Москополски зборник, 88.

[425] Д. Миловска, Две словенски житија, 255-256; Х. Меловски, Москополски зборник, 88.

изместен хронолошки ред и притоа делот на податоците кои директно се однесуваат на Наум зафаќаат само една петтина од целото житие.[426]

Според мошне кусите и воопштени, но затоа пак веродостојни податоци од Првото словенско житие се дознава дека: "кога го поставија Климента за епископ, истиот благоверен цар Симеон го испрати Наум неговиот другар на негово место за учител. И тој беше таму чинејќи богоугодни подвизи. Беше девствен од детинство до смрт и си изгради манастир на излезот од Белото Езеро, црква на светите Архангели. И откако помина во учителствување седум години, се прости од учителството па отиде в манастир и поживеа десет години. И пред својот крај прими калуѓерски чин и така почина во Господа, со мир, во месец декември, на дваесет и третиот ден. И тоа да се знае дека Наум презвитер, почина шест години пред епископот Климента."[427]

Земајќи ги како основа презентираните податоци поради нивната воопштеност и концизност неопходно е нивното подетално толкување да биде пропратено со внимателно користење на одредени дополнителни податоци од други житија. Најпрвин се задржуваме на две прашања. Која година Наум го заменил Климент на учителското место? На кој простор се одвивала неговата учителска работа?

Во Првото словенско житие отсуствуваат години, но тие може да се претпоставaт бидејќи постојат хронолошки показатели кои е неопходно да се искомбинираат со податоци од други житија. Од Пространото Климентово житие е познато дека Климент бил поставен за прв словенски епископ на Дрембица или Велика по седумгодишна учителска работа, односно во 893 г. Од овој податок посредно произлегува дека праќањето на Наум за учител, на местото на Климент, треба да се датира во истата 893 г.[428]

[426] Д. Миловска, Две словенски житија, 257.

[427] Й. Иванов, Български старини, 306; Ц. Грозданов, Свети Наум Охридски, 15-16.

[428] Сп: К. Илиевска, Презвитер Наум (од монашката терминологија), Светите Климент и Наум Охридски и придонесот на охридскиот духовен центар за словенската просвета и култура, Скопје 1995, 208; Ц. Грозданов, Свети Наум Охридски, 8.

Иако во Првото словенско житие на ниту едно место не се посочува просторот на кој делувал Наум како учител и презвитер, потребно е да се потенцира дека најверојатно тој останал непроменет од оној на кој делувал неговиот претходник Климент. Значи се работи за областа Кутмичевица. Иако во други две житија сосема конкретно се споменува Девол и Деволската област во врска со неговото делување,[429] тоа можеби треба да се разбере единствено како потенцирање на центарот на областа Кутмичевица која веројатно целосно била опфатена од неговото делување. Паѓа во очи дека во ниту едно житие Охрид не се споменува во врска со неговото учителствување.

Во врска со подигнувањето на манастирот во Првото словенско житие сосема кусо се истакнува дека Наум изградил манастир на излезот од Белото Езеро, црква посветена на светите Архангели (Михаил и Гаврил н.б.). Од Второто словенско житие на Наум, кое е познато од еден препис од XVI век, се даваат дополнителни податоци за местоположбата, територијалната припадност и посветеноста на манастирската црква. Местото каде бил подигнат манастирот е наречен маѓуречие, влегувал во Деволскиот Ливан (Ливанье Дѣволское), а од архангелите се споменува единствено Михаил и сите сили.[430] Инаку во контекст на областната припадност на манастирот ни изгледа сосема реално и задоволително аргументирано мислење во науката според кое манастирот Св. Наум, јужното и дел од источното крајбрежје на Охридското Езеро биле дел од Деволската, а не од Охридската област и тоа не само во текот IX-X век, но и во следните векови.[431] Оттука можеби станува разбирливо зошто епитетот охридски почнува да се јавува покрај името на Наум мошне доцна.

---

[429] Й. Иванов, Български старини, 313; Х. Меловски, Москополски зборник, 82 и бел. 10, 87 и бел. 22. Сп.: Х. Меловски, Св. Наум во Мосхополскиот зборник (1741/2 год.), Светите Климент и Наум Охридски и придонесот на охридскиот духовен центар за словенскатапросвета и култура, Скопје 1995, 247.

[430] Й. Иванов, Български старини, 313.

[431] Ц. Грозданов, Охридско ѕидно сликарство во XIV век, Охрид 1980, 103-104; Idem, Свети Наум Охридски, 12-13.

Конкретен податок за времето на подигнување на манастирот единствено се сретнува во Второто словенско житие. Според тој податок Наум го подигнал манастирот во 905 г., при што добил голема помош од бугарските владетели Михаил-Борис и Симеон.[432] Иако во Првото словенско житие не постои егзактен податок која година Наум ја подигнал манастирската црква, постоечките куси податоци од тоа житие упатуваат на нејзино посредно датирање во 900 г., што е доста прифатено во науката. Но, Ц. Грозданов сосема правилно забележал дека известувањето за подигнувањето на манастирската црква од страна на Наум претходи, на она за бројот на годините кои тој ги поминал во учителствување и потоа заминувањето во манастир. Така тој заклучува дека: "Црквата можела да е втемелена додека Наум бил презвитер и учител, по 893 г. и пред 900 г., како место за богослужба и книжевна дејност на словенски јазик".[433]

Изгледа сосема извесно дека Наум навистина го подигнал манастирот уште за време на првите години од својата седумгодишна учителска мисија во Кутмичевица. Дефинитивното завршување на манастирот можеби се одолговлекло до 900 г. или завршувањето било официјално одбележано таа година па можеби поради тоа токму таа година била забележана во Првото житие. Инаку тешко е да се поверува дека учителската активност на Наум не била поврзана, односно не се одвивала главно во споменатиот манастир.

По поминување на седумгодишниот период како учител тој заминал во манастир каде проживеал десет години. Тука е потребно да се прецизира дека доколку од 893 до 900 г. тој бил учител во Кутмичевица, значи во 900 г. се повлекол во својот манастир, каде останал десет години. Непосредно пред смртта тој примил калуѓерски чин, починал на 23 декември, односно шест години пред епископот Климент.[434]

Иако во Житието директно не се открива годината на смртта на Наум во науката е сосема извесно дека се работи за 910 г. За тоа постои двојна

---

[432] Й. Иванов, Български старини, 313.
[433] Ц. Грозданов, Свети Наум Охридски, 8.
[434] Й. Иванов, Български старини, 306; Ц. Грозданов, Свети Наум Охридски, 8.

потврда. Прво, во самото житие се истакнува дека Наум по учителствувањето десет години до својата смрт проживеал во својот манастир или со други зборови кажано од 900 до 910 г. Второ, во Пространото Климентово житие се открива точниот датум и година на смртта на Климент-27 јули 916 г. Поаѓајќи од веќе претходно споменатиот податок од Првото Наумово словенско житие дека Наум починал шест години пред Климент, тогаш повторно доаѓаме до 910 г.

Додека Климент, сообразно со неговото сосема извесно присуство и придонес за развојот на градот Охрид во периодот на неговото делување во Кутмичевица и потоа, сосема оправдано го носи епитетот охридски, за Наум сметаме дека не постојат толку силни аргументи. Имено мошне познато е неговото именување како Св. Наум Чудотворец. Епитетот охридски покрај неговото име веројатно почнува да се јавува подоцна. Токму во тој контекст потребно е уште еднаш да се истакне и потенцира забележувањето дека во располжливиот изворен материјал (житијата) не постои ниту еден податок за некаква посета или престој на Наум конкретно во Охрид.[435] Сепак тоа забележување потребно е да се прифати со извесна резерва бидејќи скудноста на податоците можеби е причина за тоа.

Постојат одредени специфики во појавата и развојот на култот за Св. Наум. За разлика од Климент тој бил подоцна канонизиран за светец; постоечките бројни преданија и легенди речиси исклучиво се поврзани со неговиот манастир, а не со градот Охрид и истите се однесуваат на неговата исцелителна моќ и чудотворност. Евидентна е подоцнежната и поретка застапеност на негови претстави во фрескоживописот. Но како особено значен се смета неговиот придонес во појавата и развојот на монаштвото во Македонија.[436]

---

[435] Нејасно е врз основа на кои изворни податоци Ц. Грозданов (Портрети на светителите, 40) изнесол мислење дека во 893 г. Наум дошол токму во Охрид и останал во него до крајот на животот во 910 г.

[436] Сп: Л. Павловић, Култови лица код Срба и Македонаца, Смедерево 1965, 17-20; Б. Конески, Канонизација на словенските светци, 66-67; Ц. Грозданов, Портрети на светителите, 105-111; Idem, Свети Наум Охридски, 35-59; 65-83, 205-216. За народните преданија и легенди за Св. Наум види: В. Стојчевска-Антиќ, Климент и Наум Охридски во народната традиција, Скопје 1982; С. Ристески, Легенди и преданија за Св. Наум Охридски,

## 3. Охридска епископија

Единствениот конкретно датиран податок кој директно сведочи за постоење на епископија во Охрид, може да се најде во списите од големиот црковен собор одржан во Константинопол во 879 г. Поконкретно во еден документ меѓу учесниците на Соборот се споменува и епископот Гаврил Охридски (Αχρίδες Γαβριήλ),[437] што во науката главно се толкува како податок за функционирање на епископија во Охрид.[438] Всушност се смета дека во кризниот период на Византиското царство, Охридската епископија била меѓу суфраганите на Драчката митрополија која му била потчинета непосредно на цариградскиот патријарх.[439]

Како потврда за постоење на епископско седиште во Охрид, секако дека со одредена резерва, може да се ползуваат одделни податоци од изданието: Notitiae Episcopatuum Ecclesiae Constantinopolitanae (Списоци на епископиите од константинополската црква). Од вкупно објавени 21 нотиција во две (3 и 10) се споменува Лихнид (Λυκινιδου, Λυχνιδου; Λυκινιδων), како епископско седиште во рамките на Драчката митрополија во провинцијата Нов Епир, а еднаш (17) и како Αηρις, Αηριδος, но од многу подоцнежно време и во друга конотација.[440]

Во врска со Нотициите воопшто постојат голем број проблеми кои ја намалуваат нивната веродостојност. Поради нивната компилациска природа најголем проблем без сомнение претставува нивното широко и непрецизно датирање и сомнежот дека мошне често не ја преставуваат фактичката и

---

Скопје 1990; Idem, Чудата на Св. Наум Охридски, Охрид 2005; Н. Целакоски, Свети Наум Охридски Чудотворец, Прилеп 1997; Idem, Стари печати и преданија за Св. Наум Охридски, Охрид 2004; Т. Вражиновски, Култот на Светите Климент и Наум Охридски, 63-76.

[437] Sacrorum conciliarum, 376.

[438] Постои мислење дека во случајов не се работи за охридски епископ, тука за епископ на истоимената тракиска провинција, подоцна тема (A. Delikari, Der Hl. Klemens, 83).

[439] Ц. Грозданов, Свети Астиј Драчки во средновековниот живопис, Религиите и религиските аспекти на материјалната и духовната култура на почвата на Република Македонија-Прилози за истражувањето на историјата на културата на почвата на Македонија, кн. 4, Скопје 1996, 31-32

[440] Notitia Episcopatuum Ecclesiae Constantinopolitanae (Tehte, critique, introduction et notes par J. Daruzes), Paris 1981, 236, 330, 395.

реална состојба со црковната административна поставеност, туку фиктивната и номиналната. Впрочем споменувањето на провинцијата Нов Епир во Нотициите од VIII-X век е најдобар показател за тоа. Познато е дека во тој период споменатата провинција веќе одамна не постоела и наместо неа функционирале Драчката архонтија, а потоа Драчката тема.

Најраното споменување на градот Лихнид како епископско седиште е во Третата нотиција, која мошне неодредено се датира од крајот на VIII век до крајот на IX век.[441] Таквиот податок упатува на можноста дека Охридската епископија најрано била формирана уште во текот на VIII век, односно кон крајот на споменатиот век.[442] Но сепак познавањето на црковно-политичките околности на Балканот во тоа столетие упатуваат на заклучок дека тешко тоа можело да се случи. Треба да се претпостави дека формирањето на Охридската епископија најрано се случило во текот на I-та половина на IX век или најдоцна до средината на столетието.[443] На тој начин би произлегло дека доколку податокот од Нотицијата датира од VIII век споменувањето на Охридската епископија претставува фиктивен податок или евидентирање на некаков номинален епископ кој престојувал во Драч.

Во науката привлекува внимание забележувањето дека во нотициите од X век, под број седум (901-906 г.), осум (околу 940 г.) и девет (968-970 г.) отсуствува споменувањето на Лихнидската епископија.[444] Се поставува

---

[441] Notitia Episcopatuum, 32, 236 (J. Daruzes). Сп.: A. Delikari, Der Hl. Klemens, 79. Според Љ. Максимовиќ (Традиција и иновација у византијској територијалној организацији државе и цркве (IX-X век), Трећа југословенска конференција византолога, Београд-Крушевац, 2002, 18) Третата нотиција треба да се датира можеби поправо кон средината на IX век отколку во почетокот на истото столетие.

[442] Б. Панов (Ранофеудалниот период, 188) смета дека споменувањето на Лихнидската епископија во Епархиските списоци од VII-VIII век единствено говорат за задржување на фиктивна црковна власт на Византија врз некогашната истоимена епископија. Според М. Бошкоски (Прашањето за патронатот на црквата во времето на македонската средновековна држава (969-1018), Св. Климент Охридски-живот и дејност, Скопје 2007, 54) Лихнидската епископија едноставно била обновена кон крајот на VII и почеток на VIII век, што навистина претставува премногу рано датирање. За таквото мислење не е понудена никаква аргументација.

[443] Според Б. Панов (Ранофеудалниот период, 189) формирањето на Охридската епископија се случило дури по 870 г. со посредство на кнезот Борис, кога бугарската црква се наоѓала под јурисдикција на Константинопол. За поизвесно сепак го сметаме мислењето дека тоа се случило уште пред бугарските завладувања во Македонија и Албанија.

[444] Notitia Episcopatuum, 272-306; A. Delikari, Der Hl. Klemens, 79-81.

прашањето дали таквата состојба во нотициите треба да се разбере како недоследност во споменувањето на Охридската епископија или се работи за нешто друго? Во недостиг на други податоци единствено што може да се претпостави е тоа дека постои можност кон крајот на IX век и почеток на X век навистина да настанал прекин во функционирањето на ромејската епископија првенствено како последица од делувањето на Климент и формирањето на словенската епископија во Македонија, што можело да биде во согласност со црковната политика на бугарскиот владетел Симеон. Впрочем случајно или не Лихнид како епископски центар повторно се јавува во десеттата нотиција, датирана околу 997 г.,[445] кога Охрид, иако со повисок ранг и во рамки на друга држава, веќе можел навистина да претставува црковно седиште. Сепак ваквото мислење мора да остане во доменот на претпоставки.

Се навраќаме на еден податок од Пространото житие на Климент кој мислиме дека може да се доведе во врска со црквата-седиште на охридската епископија. Имено на едно место во Житието се расправа дека откако кнезот Борис изградил седум соборни храмови ширум бугарската држава, кај Климент се јавила желба и тој да изгради свој манастир во близина на Охрид, што и го сторил. Потоа Климент подигнал уште една црква, па така сумира Теофилакт во Охрид имало вкупно три цркви: една-соборна и две-на Свети Климент.[446]

Во врска со презенираниот податок во историографијата, особено во бугарската, опстојува тезата, според која подигнувањето на катедралната црква Св. Софија треба да се доведе во врска со седумте катедрални (соборни) цркви кои ширум проширената бугарска држава ги изградил

---

[445] Notitia Episcopatuum, 330; A. Delikari, Der Hl. Klemens, 81. Постои мислење дека именувањето на епископското седиште како Лихнид во 10 нотиција всушност значи дека во тоа време градот сеуште не бил преименуван во Охрид (A. Delikari, Der Hl. Klemens, 83). Сметаме дека користењето на старото име на градот во тоа време веќе претставува архаизам, што не е ретка појава во византиските извори, особено оние од црковна провиниенција. На десеттата нотиција подетално се задржуваме подолу.

[446] А. Милев, Гръцките жития, 132-135.

кнезот Борис. Односно дека таа била една од седумте соборни цркви.[447] Колку што е познато до такви сознанија од археолошките истражувања засега не се дошло. Таквата теза се заснова единствено на послободно и дури произволното толкување на податоци од Пространото житие, надополнето со наводното препознавање на градителски техники од пред XI век применети во изградбата на црквата Св. Софија.[448] Меѓутоа од содржината на Житието сосема јасно произлегува дека Борис ниту подигнал соборна ниту било каква друга црква во Охрид.

Доколку соборната црква спомената во Житието не била една од соборните цркви подигната од Борис, тогаш потребно е да се разгледа можноста таа градба да се поврзе со црквата-седиште на охридските епископи. Токму ваква теза предлага Б. Чипан кој анализирајќи ги остатоците од различните фази на архитектурата на црквата Св. Софија, дошол до претпоставка дека во I-половина на IX век, врз темелите на постарата ранохристијанска базилика од VI век, била подигната поскромна соборна црква на лихнидските епископи.[449]

---

[447] Сп.: И. Снегаров, Климентъ Охридски, София 1939, 22; К. Мияатев, Архитектура в средновековна България, София 1965, 94; А. Милев, Гръцките жития, 161 бел. 155; Dj. Stricevic, La Renovation Du Type Basilical, 189; A. W. Epstein, The Political Content of the Paintings of Saint Sophia at Ohrid, Jahrbuch der Österreichischen Byzantinistik (JÖB), 29, 1980, 316; 327-328; Б. Димитров, Българси старини в Македония, София 2000, 80; Кирило-методиевска енциклопедия (главен редактор: Л. Грашева), III, София 2003, 550.

Во македонската историографија Б. Панов (Ранофеудалниот период, 189) се изјаснил дека Охрид се вбројувал меѓу градовите каде Борис подигнал една од седумте соборни цркви, без да прецизира за која охридска црква се работи. П. Миљковиќ-Пепек (Христијанската архитектура, 231) иако забележува дека покрај недоволната проученост во науката преурането било прифатено мислењето дека Св. Софија била една од седумте борисови соборни цркви, сепак изгледа конфузно и неодлучно кога ја дозволува можноста одредени фази од нејзината архитектурата да потекнувале од времето пред кнезот Борис или од неговиот христијански период (по 864 г.)(?). Па нели Борис во тој период ги изградил седумте соборни цркви?

[448] Според А. В. Епштајн (The Political Content, 316; 327-328) црквата Св. Софија во базиликална форма веројатно била подигната од кнезот Борис. Притоа таа се повикува на податокот од Пространото житие и вели дека: "Theophylact intimates" (?) дека Борис подигнал базилика во Охрид. Исто така таа се повикува на некои анализи на градителските техники во раното средновековие според кои наоѓа аналогии дека такви техники биле применети и при градбата на Св. Софија, мошне широко и непрецизно датирајќи ги пред XI век.

[449] Б. Чипан, Света Софија, 39-41. Според Н. Мавродинов (Еднокорабната и кръстовидната църква по българските земи до края на XIV в., София 1931, 188; Старобългарското искуство, София 1959, 264-266), смета дека соборната црква

Во сообразност со погореизнесеното мислење на Г. Ангеличин-Жура дека на просторот десетина метри јужно од црквата Св. Софија, Самуил наводно претходно подигнал друга патријаршиска/архиепископска црква, тој претпоставува дека не Св. Софија туку токму таа (Самуиловата н.б.) била изградена врз темелите на ранохристијанска базилика и врз неугледната соборна црква која ја споменува Теофилакт.[450] На тој начин Г. Ангеличин-Жура ја видоизменува и делумно ја прифаќа тезата на Б. Чипан.

Впрочем погоре веќе расправавме дека црквата Св. Софија и нејзината непосредна околина лежат врз ранохристијанска базилика. Навистина ни изгледа мошне извесно и прифатливо дека кога во Житието се споменува соборна црква всушност се мисли на црквата-седиште на охридските епископи. Со оглед дека споменатата црква треба да се бара во тесното градско јадро, се чини мошне веројатно дека во функција на епископска црква, на целата или на дел од старата површина била "возобновена" ранохристијанската базилика која се протегала на просторот под црквата Св. Софија и околината. Сепак останува несигурно дали нејзините остатоци треба да се бараат под денешната црква Св. Софија или можеби под другата т.н. "Самоилова", како што предлага Г. Ангеличин-Жура. Евентуална потврда на ваквите тези може да се добие единствено со идни темелни археолошки истражувања на црквата Св. Софија и нејзината непосредна околина, што досега недостасуваат. Впрочем во IX век се практилувало градење и/или возобновување на базиликални црковни градби, кои како тип на градба биле мошне присутни на Балканот.

Од сето изнесено се наметнува реалната можност дека во одреден временски период, веројатно до крајот на IX век, Охридската епископија функционирала сосема нормално и паралелно со мисионерската работа на Климент.[451] Се поставува прашањето до кога можел да трае таквиот дуализам

---

спомената од Теофилакт всушност била црквата подигната од Борис, но на просторот на црквата Св. Богородица Челница.

[450] Г. Ангелеичин Жура, Дали во Охрид е откриена, 82.

[451] Според Ц. Грозданов (Св. Наум Охридски, 15) извесно е дека при доаѓањето во Охрид Климент таму го затекнал охридскиот епископ. Но во продолжение се изјаснува дека останува непознато што се случило понатаму со него и со функционирањето на

и паралелизам во црковните работи во Охрид? Дали заострувањето на "словенизаторската" црковна политика од страна на Симеон евентуално предизвикала згаснување и потиснување на ромејската Охридска епископија? На овие прашања тешко е да се даде одговор, но подигнувањето на втората Климентова црква во тесното градско јадро можело да се случи токму во време на заслабнато или дури истиснато влијание на Охридската епископија.

Епископијата. Според истражувањата на Д. Коцо (Нови податоци, 215) при доаѓањето во Охрид, Климент всушност темелно возобновил постара и разурната црква-триконхос, која не ја датирал. Се поставува прашањето дали разурнатиот триконхос може да се поврзе со Охридската епископија, која секако функционирала пред доаѓањето на Климент?

# ГЛАВА IV: ОХРИД ВО РАМКИТЕ НА САМУИЛОВАТА ДРЖАВА (976-1018)

## 1. "Одметништвото"(969) и востанието (976) на комитопулите. Самуил (976-1014)

### *1. 1. "Одметништвото" (969) и востанието (976) на комитопулите*

Смртта на бугарскиот цар Петар (јануари 969 г.) предизвикала дополнителни внатрешни и надворешни потреси и го означила почетокот на крајот на првото бугарско царство, кој се случил во 971 г. Свој придонес кон таквиот развој на настаните дале четворицата браќа комитопули, синови на комитот Никола, обласниот управител на периферните југозападни делови на бугарската држава.

Движењето предводено од комитопулите во 969 г. најверојатно предизвикало прекратување на бугарската централна власт во југозападниот дел од државата, односно во Македонија, за во 976 г. од истата територија тие да кренат успешно востание овојпат против номиналната византиска власт. Ова во кратки црти претставува една од најприфатливите варијанти на кој начин може да се протолкуваат двата сумарни и мошне слични податока од Ј. Скилица. Дека градот Охрид без сомнение влегувал во јадрото на териториите од каде најпрво било иницирано “одметништвото”/движењето против една власт, за подоцна да биде кренато востание против друга власт од страна на браќата-комитопули расправаме во продолжение. Од тука произлегува интересот и потребата да се осврнеме на споменатите два податока.

Од првото известување на Ј. Скилица се дознава дека по смртта на бугарскиот цар Петар (969), неговите синови, Борис и Роман, кои се наоѓале во Константинопол како заложници и гаранти на византиско-бугарскиот мир, биле испратени назад во Бугарија. Главната причина за нивното испраќање

била да го превземат татковото царство и да го сопрат понатамошното напредување на комитопулите: Давид, Мојсеј, Арон и Самуил, синовите на еден од најмоќните комеси во Бугарија, кои подготвувале одметништво и ја потресувале Бугарија. И така тоа се случило.[452] Според второто известување на Ј. Скилица, Бугарите се одметнале, овојпат по смртта на византискиот цар Јован Цимискиј (976) и со власта над нив се здобиле четворицата браќа Давид, Мојсеј, Арон и Самуил, кои биле синови на еден мошне силен комес меѓу Бугарите и затоа се нарекувани комитопули.[453]

Презентираните податоци од Ј. Скилица предизвикале многу контраверзни толкувања во историографијата. Големата сличност на податоците навела дел од истражувачите потполно да го негираат движењето на комитопулите од 969 г. и да го сметаат за антиципација на востанието од 976 г.[454] или пак за интерполација на самиот автор Скилица.[455] Сепак и покрај сличноста на двата податока, движењето на комитопулите од 969 г. потребно е да се прифати како извесно, најмогу поради потврдното известување содржано во еден стих на поетот Јован Геометар.[456]

Фокусирајќи се на проблематиката поврзана со Охрид се наметнува потребата да се задржиме на тврдењето дека Охрид влегувал во териториите кои претставувале средиште на движењето од 969 г. и подоцна на востанието од 976 г. на комитопулите.

Иако Ј. Скилица не дава известување кои територии претставувале средиште или јадро прво на движењето на комитопулите (969), а подоцна и на нивното востание од 976 г., сепак во науката постои релативно едногласие

---

452 Ioannis Scylitzae Sinopsis Historiarum, Editio Princeps (recensuit: Ioannes Thurn), Berolini et Novi Eboraci 1973, 255-256; ВИИНЈ, III, 55-58 и белешките. Сп.: С. Антолјак, Самуиловата држава, Скопје 1969, 12; С. Пириватриħ, Самуилова држава, 57.

453 Scylitzae, 328; ВИИНЈ, III, 59-67.

454 Г. Острогорски, Историја на Византија, 362 бел. 178; J. Ferluga, Le Soulevment des Cometopoules, ЗРВИ, 9, Београд 1966, 75-84.

455 И. Божилов-В. Гюзелев, История на средновековна България, I, 312.

456 ВИИНЈ, III, 24-25. Сп.: П. Петров, Образуване и укрепване на западната Българска държава, Годишник на Софийския университет, LIII/2, София 1959, 164; С. Антолјак, Самуиловата држава, 13; A. Leroy-Molinghem, Les fils de Bulgarie et les Cometopoules, Byzantion, XLII/2, Bruxelles 1972, 405-419; С. Антолјак, Вистината за востанието на комитопулите, Средновекговна Македонија, I, Скопје 1985, 604-610; С. Пириватриħ, Самуилова држава, 47-48.

дека се работи за едни исти територии и дека е потребно тие да се бараат во југозападна Македонија. Се дошло до убедливо и од посредни изворни податоци поткрепено гледиште дека средишните територии на движењето и востанието на комитопулите биле истите оние кои по формирањето на Самуиловата држава се познати како внатрешни или централни. Во рамките на тие централни територии се наоѓале престолнините и дворците на владетелите на Самуиловата држава: Преспа, Охрид, Битола и Сетина, а во преспанското село Герман пронајдена е надгробна плоча од претпоставена гробница на дел од владетелското семејство. Значи поконкретно се работи за Охридско-Преспанските предели и Пелагонија.[457] Ваквото мислење во потполност ни изгледа прифатливо.

Бидејќи се смета дека Охрид без сомнение влегувал во областите кои се наоѓале во центарот на случувањата во продолжение го разгледуваме прашањето: како завршило движењето од 969 г. и со каков статус се здобиле Охрид и останатите западни територии во периодот 969-976 година?

Од единствениот изворен податок за тој настан тешко дека може нешто поконкретно да се дознае. Крајниот дел од податокот: “И така тоа се случило”, е мошне индикативен и нуди можност да се толкува на два начини: дека комитопулите успеале со своето движење или пак дека Борис и Роман успеале во стабилизирање на состојбата во Бугарија.

Во науката од поодамна е проширено мислењето дека движењето завршило со формирање нова држава, според едни Западно бугарско царство,[458] а според други словенска држава со центар во Македонија.[459]

---

[457] Сп.: С. Антолјак, Самуиловата држава, 19; Idem, Создавање и проширување на јадрото на Самуиловата држава во периодот од 969 до 976 година, Средновековвна Македонија, I, Скопје 1985, 654-655; Б. Панов, Охрид и Охридската област од средината на X до крајот на XII век, Средновековна Македонија, 3, Скопје 1985, 719-721; Idem, Ранофеудалниот период, 194; К. Аџиевски, Пелагонија, 68; С. Пириватриќ, Самуилова држава, 60-61, 78.

[458] За различните варијанти на таквото мислење главно присутни во бугарската и во дел од западната историографија види: ВИИНЈ, III, 61-64 бел. 11 (Ј. Ферлуга); С. Пириватриќ, Самуилова држава, 56-57, бел. 86.

[459] Б. Прокиħ, Постанак једне словенске царевине у Маħедоније у X веку, Глас САН, 76, Београд 1908, 255-256, 282-283; Д. Ташковски, Самуиловото царство, Скопје 1961, 75-99; Б. Панов, Охрид од средина на X век, 719-721; Idem, Ранофеудалниот период, 194.

Таквото мислење претпоставува дека движењето на комитопулите завршило со целосен успех.

Според С. Пириватриќ, пак, движењето на комитопулите, насочено против централната власт во Бугарија, "немало особено големи последици", односно "не отишло далеку во реализацијата". Според него кога Борис и Роман се вратиле во земјата, изгледа успеале да ги средат тамошните прилики.[460]

Развојот на настаните по 971 г. сепак одат во прилог на големата веројатност дека движењето на комитопулите од 969 г. морало да остави определени последици во нарушување на кохезијата на бугарската држава, особено во западните делови. Поблиску до вистината ни изгледа претпоставката дека комитопулите во 969 г. не формирале никаква држава, но дека во крајна линија движењето сепак било успешно. Во тој случај се поставува прашањето со каков статус можеле да се здобијат одметнатите територии на комитопулите во кои влегувал и Охрид (969-971)?

Условно остануваат две солуции за разгледување: 1. комитопулите формално ја признавале бугарската централна власт; или 2. западните предели во Македонија потполно се отцепиле од централната власт. Доколку комитопулите во 969 г. биле сопрени во своето натамошно напредување кон исток, постои можност одметнатите западни делови на бугарската држава до 971 г. да останале единствено формално под контрола на централната власт. Според С. Антолјак пак движењето на комитопулите од 969 г. резултирало со создавање слободна територија, отцепена од централната власт.[461] Двете опции ни изгледаат подеднакво возможни и реални, но изворно недоволно поткрепени.

Со ликвидирањето и потчинувањето на бугарско царство во 971 г., сосема е извесно дека неговиот источен дел заедно со престолнината Велики Преслав директно потпаднале под византиска власт. Непобитен доказ за тоа се формираните неколку теми на таа територија. Но истовремено од

[460] С. Пириватрић, Самуилова држава, 68.
[461] С. Антолјак, Самуиловата држава, 21. Сп.: В. Златарски, История, I/2, 590.

расположливиот изворен материјал станува јасно дека западниот дел од бугарската држава останал надвор од досегот на руските, а потоа и на византиските војски. Токму затоа се верува дека византиската власт не била распространета на целокупниот простор на некогашната бугарска држава, мислејќи притоа на воспоставување директна власт во форма на тематско уредување.[462] Византиската држава не успеала да создаде административни единици-теми на просторот на веќе поранешниот западен дел од бугарската држава, односно на поголемиот дел од Македонија. Постои можност по 971 г. во тие предели да била наметната некаква форма на византиска врховна власт, која доколку постоела била номинална.[463]

Додека во науката со право се проблематизира и се отфрла претпоставката дека движењето на комитопулите во 969 г. резултирало со формирање на држава, нејзиното создавање по успешно изведеното востание од 976 г. тешко дека постојат издржани аргументи за да може да се оспори. Подготовките за тоа секако се одвивале во претходниот период за што постоеле исклучително погодни услови и бил создаден државотворен капацитет.[464]

---

[462] N. Oikonomides, Les listes de preseance des IX et X sicles, Paris 1972, 263, 265, 267, 269; V. Tapkova-Zaimova, Les frontiers occidentals des territories conques par Tzimisces, Studia Balcanica, 10, 1975, 113-117; Д. Стоименов, Времена византийска военна администрация в българските земи (971-987/89), Годишник на Софиския университет, Научен център за славяно-византийски проучвания "Иван Дуйчев", 82/2, София 1988, 39-66; Љ. Максимовић, Организација византијске власти у новоосвојеним областима после 1018 године, ЗРВИ, 36, Београд 1997, 34; С. Пириватрић, Самуилова држава, 53, 69; И. Божилов-В. Гюзелев, История на средновековна България, I, 309-310; В. Станковић, Карактер византијске границе, 293-294; C. Holmes, Basil II and the Governance of Empire (976-1025), Oxford 2005, 398-399, 489.

[463] Сп.: С. Антољак, Самуиловата држава, 21-24; Б. Панов, Охрид од средината на X век, 723; С. Пириватрић, Самуилова држава, 71; И. Божилов-В. Гюзелев, История на средновековна България, I, 314-316; G. N. Nikolov, The Bulgarian Aristocracy in the War Against the Byzantine Empire (971-1019), Byzantium and East Central Europe, Byzantina et Slavica Cracoviensia, III, Cracow 2001, 141; Idem, Централизъм и регионализъм, 124-125; P.Stephenson, The Legend of Basil the Bulgar-Slayer, Cambridge 2003, 14. Т. Томоски (Преспа во средниот век, Историја, XV/2, Скопје 1979, 63-64) смета дека комитопулите не ја признале врховната византиска власт.

[464] С. Пириватрић, Самуилова држава, 67-69.

### *1. 2. Самуил (976-1014)*

По успешно изведеното востание во 976 г. била формирана нова државна формација на Балканот, чии централни области се протегале во југозападна Македонија. Веќе истата година единствен владетел останал најмладиот комитопул, Самуил, кој се задржал доста долго на престолот.[465] Токму според неговото име новата државна формација во историографијата сосема оправдано често се нарекува Самуилова држава или Самуилово царство, иако во изворниот материјал од византиска и друга провиниенција преовладува нејзината бугарска атрибуција.[466] Неспорно е дека Охрид од почетокот бил дел од новата држава.

Можеби изгледа неверојатно, но во изворите не може да се најде ниту еден податок кој директно би го поврзал Самуил со Охрид за време на неговото владеење, ниту дека тој воопшто престојувал во тој град. Но спротивно од отсуството на пишани изворни податоци охридската тврдината денеска е позната како Самуилова тврдина или Самуилови кули.[467] Значењето и улогата на градот Охрид во формирањето и развојот на новата држава треба да се претпостави дека биле големи, но за жал тоа единствено може да

---

[465] Сп.: С. Антолјак, Самуиловата држава, 27-32. Во науката постои мислење дека до 987 г. Самуил не владеел самостојно со државата и дека до таа година неговиот постар брат Арон бил сеуште жив. Сепак се чини дека доколку Арон бил навистина жив неговото влијание во владеењето било занемарливо бидејќи неговото име не се споменува заедно со името на Самуил во изворите.

[466] Постојат повеќе причини поради кои новата Самуилова држава од византиските и другите автори била перцепирана и нарекувана бугарска. Тоа прашање особено опсежно е разгледувано во македонската медиевистика, при што Самуиловата држава се нарекува и македонска држава и/или македонско царство. (Сп.: С. Антолјак, Самуиловата држава, 120-122; Б. Панов, Теофилакт Охридски како извор за средновековната историја на македонскиот народ, Скопје 1971, 296-309; М. Бошковски, Македонија во XI и XII век-надворешни упади на територијата на Македонија, Скопје 1997, 23-27, бел. 11). Без сомнение термините: “Бугарија”, “Бугари” и “бугарски” во текот на средниот век немале единствено и тесно етницитетска назнака туку многу повеќе политичка, државноправна (поданичка) или административна конотација по угледот на Ромејската држава. Во тој контекст интересно е размислувањето на С. Пириватриќ (Самуилова држава, 184-185) според кого Ромејското и Бугарското царство од времето на Самуил биле мошне слични по својот универзализам во поглед на различниот етницитет на своите поданици.

[467] Сп.: Б. Панов, Охрид од средината на X век, 728.

се насети од изворните податоци кои се однесуваат на периодот по смртта на Самуил.

Во претходните глави низ повеќе примери се покажа дека градот Охрид, поради близината, повеќе гравитирал кон Драч отколку кон Солун. Во разгледуваниот временски период потребно е да се додаде дека заедно со Охрид тоа се однесувало и на значителен дел од останатите области во југозападна Македонија и делови од Албанија, со кои во средината на X век се претпоставува дека управувале комитот Никола и неговите синови-комитопули во рамките на бугарската држава.

Веќе расправавме дека поради недостаток на изворни податоци мошне е тешко да се одреди и да се следи промената на западната бугарска граница[468] кон Византија, но дозволиво е да се претпостави дека областите со кои управувале комитот и неговите синови биле крајни или периферни и дека тие веројатно граничеле со териториите на византиската тема Драч. Како можна потврда за ваквото мислење може да послужи толкувањето на еден податок, односно додаток на Михаило Деволски, кој направил мошне веродостојни дополнувања на делото на Ј. Скилица.

Од мошне кусиот, но вреден податок се дознава дека Самуил бил оженет со Агата, ќерка на драчкиот протевон Јован Хрисилиј.[469] Роднинското поврзување помеѓу две благороднички семејства претставувала сосема вообичаена појава, која имала за цел обострано одржување или засилување на политичките и економските позиции. Во овој случај веројатно се работело за поврзување на локални благороднички семејства од две соседни територии. Голем недостаток на овој податок претставува неговата недатираност, што дозволува сосема различни толкувања.

Во поново време подетално со ова прашање се занимавал С. Пириватриќ, според кого приближен terminus ante quem е 976-978 г., период до

---

[468] С. Пириватрић, Самуилова држава, 96-97; В. Станковић, Карактер византијске границе, 284-295.

[469] Scylitzae, 349; С. Пириватрић, Самуилова држава, 78. За Јован Хрисилиј и титулата протевон види: ВИИНЈ, III, 93-94 бел. 63 (Ј. Ферлуга); Г. Н. Николов, Централизъм и регионализъм, 152.

кога најдоцна бракот најверојатно бил склучен. Но бидејќи годината на склучување на бракот мора и понатаму да остане непозната, споменатиот истражувач презентира две претпоставени варијанти на развој на настаните. Според првата, доколку бракот бил склучен пред востанието (976), претставувал интересен показател за врските кои биле воспоставени меѓу припадници на приближно исти општествени слоеви во две соседни земји. Би се работело за брак меѓу ќерката на еден локален благородник од византиски град, и синот на еден провинциски управител на Бугарското царство, кое во тоа време можеби веќе ниту постоело. Според втората варијанта, доколку бракот бил склучен по 976 г., би била забележлива политичката флексибилност на граѓаните на Драч заради локален интерес да се поврзат со Самуил, наспроти доследната лојалност кон византискиот цар.[470]

Разгледувајќи ги логичните согледувања на С. Пириватриќ, сметаме дека втората варијанта е помалку веројатна и дека поблиску до вистината е првата варијанта. Околностите по 976 г. давале многу малку политички простор едно видно византиско благородничко семејство, какво што било Хрисилиј, роднински да се поврзе со еден од тукушто одметнатите комитопули, Самуил. Можноста дека поради локален интерес граѓаните на Драч покажале политичка флексибилност, со тоа што влијаеле на склучувањето или пак го одобриле склучениот брак не ни изгледа како доволно силен аргумент. Тешко е да се поверува дека обостраниот трговско-економски интерес, колку и да бил голем, бил преовладувачки над заострената воено-политичката ситуација за токму во периодот 976-978 г. да се склучи еден ваков брачен договор. Но затоа е сосема реално да се очекува дека доколку договорот бил склучен пред востанието тој да не бил раскинат. Кон таков развој на настаните се надоврзува отсуството на било какви податоци за евентуални напади и воени обиди за освојување на градот Драч од страна на Самуил во периодот 976-996 г. Можеби се работи за случајно совпаѓање или пак тоа било последица на одржувањето на брачниот договор склучен пред 976 г. Единствено што е познато од изворите е тоа дека во 996 г.

[470] С. Пириватрић, Самуилова држава, 78-79.

градот веќе се наоѓал под власта на Самуил.[471] Иако останува непознато која година и на каков начин Драч се нашол под власта на Самуил, оправдано се верува дека превземањето на власта не морало да се случи со примена на воена сила.[472]

Од друга страна многу поверојатна ни изгледа варијантата дека брачното поврзување на драчкото семејство Хрисилиј и Самуил се случила во периодот пред востанието, односно меѓу 971-976 г., а дека едноставно не било прекинато ниту по избувнување на непријатествата во 976 г. Во времето по ликвидирањето на Бугарското царство, неговите веќе поранешни крајни западни области управувани од комитопулите се нашле во релативно поволна положба. Иако можеби само формално ја признавале византиската власт тие всушност воделе доста самостојна политика. Токму во тое време еден од можните чекори за зајакнување на своите економски и политички позиции било поврзувањето со византиското благородничко семејство Хрисилиј од Драч. Охрид и поголем дел од останатите области кои влегувале во јадрото на "државата" во создавање, најбрз и најдиректен контакт со Византија остварувале токму преку Драч. Во тој контекст потребно е да се претпостави дека главната причина за роднинското поврзување меѓу семејството на комесот Никола и она на протевонот Јован Хрисилиј била обезбедување и зацврстување на трговско-економските врски и овозможување слободно функционирање на патот Виа Егнатиа. Токму еден од најзначајните пунктови на тој пат, кој се наоѓал во средиштето на подоцнежната Самуилова држава бил Охрид.

Кога веќе расправаме за бракот на Самуил и Агата и доколку прифатиме дека тој бил склучен во годините пред востанието, се наметнува

---

[471] Scylitzae, 342. За различната хронологија во науката за превземањето на Драч од Самуил и неговото враќање под византиска власт види: ВИИНЈ, III, 92 бел. 61, 94-95 бел. 64 (Ј. Ферлуга); С. Антолјак, Самуиловата држава, 51-53.

[472] С. Пириватриќ, Самуилова држава, 105, 110. Сп.: G. N. Nikolov, The Bulgarian Aristocracy, 154-155; Idem, Централизъм и регионализъм, 152. Од еден податок (Scylitzae, 342-343; ВИИНЈ, III, 93-94) како да се добива впечаток дека во 90-тите години на X век власта во Драч, од име на Самуил, веројатно ја држеле протевонот Јован Хрисилиј и неговите два сина или пак имале пресудно влијание во управувањето со градот. Дали тоа можеби значи

потреба да ги поставиме прашањата: зошто токму Самуил од редот на четворицата браќа-комитопули се оженил со Агата? Дали единствена причина за тоа треба да се бара во тоа што бил најмлад и единствено неженет во тоа време? Одговори на овие прашања засега не е возможно да се понудат. Фактот што Самуил бил зет на еден висок византиски провинциски достоинственик можеби делумно му помогнало во текот и по востанието, иако најмлад, да избие во прв план и да стане единствен владетел на новата држава, а подоцна за време на долготрајното војување со Византија да влијае во нарушувањето на хомогеноста на византиското градско благородништво.[473]

Користејќи ги главно внатрешните судири во Византија во првата декада по востанието (976-986), Самуил бележел воени успеси и ги ширел границите на својата држава. Неговите акции во тој период биле насочени кон областите на Тесалија и пошироката околина на Солун, додека пределите на Пелопонез и Тракија биле изложени единствено на пустошења и пљачки и таму не била воспоставена трајна власт.[474]

Главниот извор за историјата на Самуиловата држава, Ј. Скилица на едно место известува дека по освојувањето на градот Лариса (985 или 986 г.), Самуил ги преселил жителите во "внатрешноста на Бугарија", "потоа ги внесол во воените списоци на своите војници" и "ги користел како сојузници против Ромеите".[475] Во врска со овој настан Кекавмен кусо забележал дека Самуил ги поробил жителите на Лариса.[476]

---

дека тие претходно биле заслужни за евентуалното мирно преминување на градот Драч под власта на Самуил?

[473] Во текот на своето владеење освен во Драч Самуил наидувал на поддршка од одредени византиски благородници во градовите Солун и Одрин. Сп.: С. Антолјак, Самуиловата држава, 53-54.

[474] Scylitzae, 330; ВИИНЈ, III, 82 и бел. 27; 198 и бел. 9. Сп.: С. Антолјак, Самуиловата држава, 32-34; С. Пириватриħ, Самуилова држава, 87-88.

[475] Scylitzae, 330; С. Пириватриħ, Самуилова држава, 90.

[476] Советы и рассказы Кекавмена, ред. Г. Г. Литаврин, Москва 1972, 252.

С. Пириватриќ со право го прифаќа исправното толкување на Ј. Ферлуга,[477] дека Скилица и Кекавмен меѓусебно се дополнуваат и дека всушност жителите на Лариса откако биле заробени биле преселени.[478]

Ваквата практика да го преселува заробеното население од новоосвоените краеви и да го населува во внатрешноста на својата држава, посведочена во случајот со Лариса, може да се претпостави дека Самуил ја применувал при други освојувања пред и по паѓањето на Лариса. Секако за тоа не постојат директни известувања. Но своевидна посредна потврда за тоа добиваме од едно подоцнежно известување на Скилица и дополнување на М. Деволски. Според тие податоци во текот на финалниот победоносен поход во внатрешноста на Самуиловата држава (1018), Василиј II ги ослободил и го регулирал статусот на оние заробеници, Ромеи и Ерменци, коишто навремено Самуил ги населил во Пелагонија, Преспа и Охрид.[479]

Овој исклучително значаен податок може да се анализира од повеќе аспекти, при што се дознаваат неколку работи. Најпрво децидно се откриваат поголем дел или сите територии кои Ј. Скилица воопштено ги именува како "внатрешноста на Бугарија" или централни територии. Второ како да се потврдуваат пораните известувањата на Ј. Скилица и Кекавмен дека жителите на Лариса всушност биле населени во Пелагонија, Преспа и Охрид,[480] но притоа е извесно дека тие претставувале само дел од заробениците кои Самуил веројатно ги населувал на просторот на споменатите градови и области во текот на своето долготрајно војување. Треба да се претпостави дека не се работело за занемарлива бројка штом М. Деволски нашол за потребно да го дополни делото на Ј. Скилица со еден ваков податок. Конкретно колкав број заробени Ромеи и Ерменци биле населени за време на самуиловото владеење во Охрид и околината тешко

[477] ВИИНЈ, III, 198 бел. 9 (Ј. Ферлуга).
[478] С. Пириватрић, Самуилова држава, 90 бел. 54.

[479] Scylitzae, 363. Сп.: Т. Томоски, Преспа во средниот век, 69; С. Пириватрић, Самуилова држава, 90.
[480] Сп.: Т. Томоски, Преспа во средниот век, 69.

дека може нешто да се каже. Едноставно за тоа не постојат никакви дополнителни податоци.

Од друга страна целта на ваквата мерка превземена од Самуил не е тешко да се открие. На овој начин Самуил ги зајакнувал т.н. "внатрешните" области на државата, кои всушност ја опфаќале поширока околина на престолнината Преспа.[481] Интензитетот на воените дејствија во тој период изискувал примена на сите можни методи се со цел континуирано да се зголемува бројот на човечките воени ресурси, неопходни за долгите и исцрпувачки војни против Византија.

Од расположливите податоци произлегува дека динамиката на византиско-македонските воени судири за време владеењето на Самуил во ниту еден случај не го зафатила градот Охрид. Приближно до 1000 г. главните настани во речиси континуираната војна на Самуил со Византија се одвивале во периферните области на македонската држава. Во првата покрупна офанзива против Самуиловото царство (1001-1004), Василиј II успеал да освои добар дел од териториите на државата и да се приближи до централните области, во прв ред до Пелагонија.[482] Охрид сеуште бил релативно далеку.

Иако за текот на војната од 1004 до 1014 г. речиси да не постојат директни податоци, иницијативата секако била на страната на Византијците, што посредно може да се заклучи од кусиот и воопштен податок на Ј. Скилица, дека Василиј II секоја година навлегувал и ги пустошел областите на Самуиловата држава.[483] Освојувачките и ограбувачките продори во тој период, известува Скилица, Василиј II имал обичај да ги врши од исток, преку Кимба Лонгу и теснецот Клидион.[484] Знаејќи го тоа Самуил се обидел со преградување на теснецот да му го попречи влезот во својата држава. Токму на тој начин ја предизвикал познатата Беласичка битка, која всушност се

---

[481] С. Пириватриќ, Самуилова држава, 90.
[482] Сп.: К. Аџиевски, Пелагонија, 36-37.
[483] Scylitzae, 348; ВИИНЈ, III, 104. Сп.: ВИИНЈ, III, 104, бел. 89 (Ј. Ферлуга); К. Аџиевски, Пелагонија, 37-38.
[484] Scylitzae, 348; ВИИНЈ, III, 105.

случила кога Василиј II со успех се справил со замислата на Самуил и извојувал голема победа.[485]

Од презентираните податоци посредно произлегува дека до крајот на владеењето на Самуил градот Охрид директно не бил засегнат од византиските навлегувања, кои до Беласичката битка најверојатно немале особено големи последици и по останатите градови и области кои сеуште се наоѓале во рамките на Самуиловата држава.

а) Охрид-"метропола"

Прашањето за престолнините на Самуиловата држава во прилична мера е елаборирано во науката. Кога се работи поконкретно за времето на Самуил постојат директни податоци од кои се дознава каде тој имал дворци. Па така Скилица попатно известува дека во Преспа се наоѓал дворецот на Самуил, што е потврдено од Поп Дукљанин.[486] Дека Самуил имал дворци во Сетина повторно се дознава од Скилица.[487] На тој начин всушност на посреден начин се дава до знаење каде се наоѓале неговите престолнини.

Несомнено престолнини на Самуиловата држава биле и градовите Битола и Охрид. Според Скилица во Битола се наоѓале дворците на синот и наследникот на Самуил, Гаврил Радомир, а во Охрид дворците на царевите на Бугарија.[488] Иако податоците датираат од времето по смртта на Самуил (1014) оправдано се верува дека заедно со Преспа и Сетина и тие влегувале во редот на престолнините на Самуил. Притоа најчесто се прави градација дека Преспа и Охрид претставувале главни, додека Сетина и Битола биле подвижни престолнини.[489]

---

[485] За текот и исходот на Беласичката битка види: ВИИНЈ, III, 105-107 и белешките (Ј. Ферлуга); С. Антолјак, Самуиловата држава, 68-69; С. Пириватриќ, Самуилова држава, 121-122.

[486] Scylitzae, 330; ВИИНЈ, III, 83.

[487] Scylitzae, 356; ВИИНЈ, III, 122.

[488] Scylitzae, 351, 353, 358-359; ВИИНЈ, III, 112, 116, 128.

[489] Сп.: К. Аџиевски, Пелагонија, 35-36, 51; С. Пириватриќ, Самуилова држава, 61, 78, 127, 172, 182. За неосновано треба да се смета мислењето на Г. Николов (Централизъм и

Во науката од поодамна е мошне распространето мислењето дека за време владеењето на Самуил (976-1014) главната престолнина на неговата држава била пренесена или преселена од Преспа во Охрид, за што реално не постои директна изворна потврда. Во продолжение се осврнуваме на изворите од кои може да се извлече таква интерпретација.

Веднаш е потребно да се истакне дека најраниот изворен податок од кој се дознава дека Охрид веќе сигурно се вбројувал во редот на престолнините на Самуиловата држава хронолошки прецизно е датиран во есента 1015 г. Имено, Ј. Скилица, опишувајќи еден од ретките настани во кој директно се споменува Охрид, меѓу другото попатно известува дека во градот се наоѓале "дворците на царевите на Бугарија" (τὰ βασίλεια τῶν βασιλέων ἵδρυντο Βουλγαρίας). Истиот автор, овојпат во контекст на случувањата од 1018 г., на кои подетално ќе се задржиме подолу, го повторува, односно потврдува податокот дека во Охрид се наоѓале "дворците на царевите на Бугарија" (τὰ βασίλεια τῶν βασιλέων ἵδρυντο Βουλγαρίας), но го засилува и дополнува со тоа што потенцира дека градот Охрид бил "метропола на цела Бугарија" (μητρόπολις οὖσα πάσες τῆς Βουλγαρίας) во кој било насобрано царското богатство.[490]

Тоа се главно директните податоци врз основа на кои се темелат тези и се гради аргументација дека Охрид станал главна престолнина на државата во време на Самуил. Всушност сосема јасно се забележува дека во презентираните податоци единствено што се констатира е моментална состојба, без притоа да се открие од кога трае таа состојба. Па така од податоците единствено што е сигурно е дека Охрид влегувал во редот на

---

регионализъм, 126) според кого владетелски резиденции освен Охрид, Преспа, Сетина и Битола, уште биле и Воден и Проништа.

[490] Scylitzae, 353, 358-359; ВИИНЈ, III, 116, 128. Според С. Пириватриќ (Самуилова држава, 167-168) убедливоста на податоците на Скилица за Охрид како престолнина на државата повеќе се засниваат на околностите дека во него се наоѓале дворците на царевите и ризниците со круните, отколку на самиот израз метропола на "цела Бугарија". Тој израз е дел на титулатурата на охридските архиепископи, институција која постои и во времето на Скилица и за која, кога е Охрид во прашање, првенствено е врзан поимот Бугарија. Самиот израз изгледа како анахронизам, но и покрај тоа одговарајќи на приликите од поранио период.

престолнините и речиси сигурно бил главна престолнина во време на последниот цар Јован Владислав (1015-1018), но не и дека се здобил со тој статус уште од времето на Самуил.

Еден од најзначајните, но посредни податоци, преку чие толкување и датирање се прават обиди макар приближно да се одреди времето на преселувањето на престолнината е од црковна природа. Во "Каталогот на бугарските архиепископи", познат и како Диканжов список (XII век), по архиепископот Герман Гаврил, со седишта во Воден и Преспа, споменат е архиепископот Филип, како прв кој столувал во Охрид.[491] Иако податоците од Диканжовиот список не се датирани, доста неодредено присуството на Филип во Охрид најрано се датира во последните години на X век, воедно тогаш кога се случило преселувањето на црковното седиште од Преспа во Охрид,[492] кое се претпоставува дека одело заедно со преселувањето и на владетелското.

Како дополнителен аргумент кон тезата дека веројатно токму во времето на Самуил се случило преселувањето на престолнината од Преспа во Охрид, може да послужи толкувањето на веќе добро познатиот податокот дека во Охрид се наоѓале дворците на царевите на Бугарија, кој на две места го донесува Ј. Скилица. Иако податокот се однесува на времето на царот Јован Владислав, Ј. Скилица употребува множина и не вели дека во Охрид се наоѓале дворците на царот на Бугарија или на царот Јован Владислав,[493] туку на царевите на Бугарија. Секако треба да се претпостави дека царските дворци во Охрид освен последниот цар Јован Владислав и секако неговиот претходник, царот Гаврил Радомир (1014-1015), ги користел уште првиот цар

---

[491] Й. Иванов, Български старини, 566; И. Снегаров, История на Охридската архиепископия, I, 29.

[492] Сп.: С. Антољак, Критички осврт на изворите за Самоиловата држава (до 1014), Илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на Самоиловата држава, Скопје 1971, 41.

[493] За разлика од претходно користените изворни податоци, каде конкретно и поименично се известува за припадноста на престолничките дворци во Преспа и Сетина на Самуил; во Битола на Гаврил Радомир, во овој случај не само што Скилица сосема неочекувано отстапува од практиката да не ја употребува титулата цар за владетелите на Самуиловото царство, туку воопшто не споменува имиња и сосема неодредено бележи дека тие припаѓале на царевите на Бугарија.

Самуил. Сметаме дека можеби затоа Ј. Скилица употребил множина, кога напишал "царевите на Бугарија".

Подржувачите на тезата дека главната престолнина Самуил ја пренесол од Преспа во Охрид предлагаат различна хронологија и аргументација кога и зошто тоа се случило. Мошне е распространета тезата дека крунисувањето на Самуил за цар била главната причина за преселувањето на престолнината од Преспа во Охрид. Притоа за времето на неговото крунисување постои релативно едногласие во науката и се датира во последните години на X век.[494]

Бидејќи не постојат директни податоци за времето и под какви околности се случило пренесувањето на престолнината од Преспа во Охрид, преостанува да се направи обид евентуално да се предложат некои тези во таа насока, имајќи ја пред се во предвид воено-политичката состојба. Сосема извесна ни изгледа претпоставката дека почетокот или траењето на некоја подолга византиска воена кампања, која за прват подиректно и континирано би ги загрозувала централните области на Самуиловата држава, на одреден начин можеле да го принудат Самуил да ја пренесе својата престолнина на побезбедно место. Еден таков сериозен и поконтинуиран византиски притисок, царот Василиј II организирал во временскиот период 1001-1005 г. Меѓу другото во 1001/2 г. под византиска власт паднале Верија, Колидрон, Сервија и Воден, во 1004 г. Скопје, а во 1005 г. по мирен пат и мошне значајниот град-пристаниште Драч преминал во византиски раце.[495]

---

[494] Иако С. Пириватриќ (Самуилова држава, 146 и бел. 43, 166-167) се изјаснува дека не е извесно каде бил крунисан Самуил, дали во Преспа или во Охрид, со доза на разбирлива претпазливост, дозволува можност дека доколку крунисувањето се случило во Охрид, главна причина за изведеното преселување на престолнината било токму крунисувањето на Самуил. Според Б. Панов (Охрид од средината на X век, 725) крунисувањето на Самуил се случило последните години на X век во Преспа и не било поврзано со преселувањето на престолнината од Преспа во Охрид. К. Аџиевски (Пелагонија, 42) смета дека Самуил царската круна најверојатно ја добил кон крајот на X век или набрзо потоа, без да се изјасни за местото на неговото крунисување.

[495] Scylitzae, 344-346; Lupus Protospatarus Annales a. 855-1102, MGH SS, V, ed, G. Pertz, 56. Сп.: С. Антолјак, Самуиловата држава, 52, 61-65; К. Аџиевски, Пелагонија, 36-37; С. Пириватриħ, Самуилова држава, 114, 116-117.

Поконкретно преселувањето на престолнината можело да се случи во 1002 или 1003 г., по губењето на Верија, Колидрон, Сервија и особено Воден, кој бил важен пункт на патот Виа Егнатиа. Директното загрозување на Пелагонија и приближувањето на Византијците од север и од југ, речиси до нејзините граници,[496] можело да влијае на одлуката за пренесување на престолнината подалеку кон северо-запад. Знаејќи дека византиските навлегувања во тој период насочени кон јадрото на државата главно доаѓале од југ (преку Виа Егнатиа) и исток, помалку од север, но не и од запад (од Драч), логично би било престолнината да се пренесе подлабоко во внатрешноста на државата кон северо-запад и подалеку од Пелагонија.

Инаку без да понуди подолга елаборација, Б. Панов веќе изнел слична теза при што предлага дека преселувањето на престолнината се случило во првите години на XI век, токму како последица на зачестените византиски навлегувања во Македонија.[497]

Накратко да се осврнеме на некои компаративни согледувања за степенот на безбедноста со кои се одликувале престолнините Преспа и Охрид. Секако тоа зависело од многу фактори и пред се било условено од развојот на настаните во македонско-византиската војна. Факт е дека како се зголемувал воениот притисок врз централните области на државата, така Охрид станувал попогоден за престолнина отколку Преспа. Охрид како престолнина пружал можности за поголема мобилност при управување и делување, но истовремено и полесна достапност за непријателот бидејќи се наоѓал на самиот пат Виа Егнатиа. Но сепак поголемата оддалеченост на Охрид од Солун, од каде доаѓала главната опасност, треба да се смета за предност пред Преспа, за што веќе погоре расправавме. Во изворите Охрид бил нарекуван "πολις" - што во тоа време подразбирало развиена градска населба - со извонредна позиција и ридеста конфигурација на теренот на кој

---

[496] К. Аџиевски, Пелагонија, 37.

[497] Б. Панов, Охрид од средината на X век, 726; Idem, Ранофеудалниот период, 195; Историја на македонскиот народ, 1, Скопје 2000, 386 (Б. Панов).

се протегал,[498] за разлика од Преспа, односно островот Св. Ахил, за кој се знае дека освен што претставувал живеалиште на владетелското семејство, веројатно постоела и некаква населба од понизок ранг, но сигурно не претставувал “πολις”.

За разлика од градот Охрид дворецот на Самуил во Преспа, кој се наоѓал на островот Св. Ахил, само по себе значело мошне безбедно, но истовремено изолирано место. Можноста за поголема мобилност била ограничена. Островот бил релативно оддалечен од главната траса на патот Виа Егнатиа, а исто така бил потребен дополнителен напор и време за да се премине од островот на копното. Во почетниот период кога Самуил водел активна освојувачка политика и кога постоела сосема мала веројатност централните области директно да бидат воено загрозени од Византија, Преспа била сметана за доволно безбедна престолнина. Ситуацијата изгледа се променила кога Самуил бил принуден да прибегне кон обдранбена политика и кога Василиј II постепено почнал да го стега обрачот околу централните области на Самуиловата држава.

Главно резервираност кон распространетата теза во науката дека во времето на Самуил градот Охрид станал негова главна престолнина, во своите трудови изразил С. Антолјак.

Изложувајќи ги внатрешните прилики во времето на Самуил, С. Антолјак претпоставува дека во негово време и со негова согласност, црковниот поглавар го преселил седиштето од Преспа во Охрид, но дека самиот Самуил не го сторил истото со владетелската престолнина. Сосема исправно забележал дека не постојат никакви изворни податоци дека Самуил ја напуштил Преспа и се преселил во Охрид или дека тој макар и за момент престојувал во Охрид. Затоа споменатиот автор заклучува дека за Самуил Преспа претставувала единствена постојана престолнина, каде што се наоѓал

---

[498] Сп.: Scylitzae, 358-359; ВИИНЈ, III, 126. Сепак значењето на терминот полис не треба да се разбере буквално и Охрид да се споредува со Солун и Драч. За преносното значење на терминот полис расправаме подолу.

и неговиот дворец. Охрид бил единствено подвижна престолнина.[499] Во друг прилог истиот автор го потврдува своето мислење дека постојана престолнина на Самуил била Преспа, а не Охрид.[500]

Одбегнувајќи директно да расправа за преселувањето на самуиловата главна престолнина од Преспа во Охрид, Ј. Ферлуга изнесува сосема поинаков дискурс по однос на ова прашање. Коментирајќи го податокот на Скилица дека Охрид бил метропола на цела Бугарија, за него не е спорно дека Охрид бил престолнина на Самуил и неговите наследници. Но притоа објаснува дека престолнината во средниот век секогаш не била врзана за еден град, како што било случај со Византиското царство. Па така во овој случај Скилица пишува од византиска перспектива и самуиловата престолнина ја врзал за едно место, Охрид. Како и другите средновековни владетели Самуил и неговите наследници имале дворци на повеќе места: во Преспа, во Битола и во Сетина, а нивната престолнина фактички се наоѓала таму каде што тие се наоѓале. Сепак по се изгледа Самуил и неговите наследници им давале некаква предност на Охрид и Преспа.[501] На овој начин се релативизира сфаќањето за постоење на главни и подвижни престолнини, но сепак останува барем поделбата на значајни и помалку значајни престолнини.

По однос на престолнините на Самуил доста уникатно и необично мислење изнесол Т. Томоски. Тој смета дека постојат доволно податоци за тесната поврзаност на Самуил со Преспа, поточно со островот Св. Ахил на Малото Преспанско Езеро. Дворецот на островот бил место за постојано живеење на неговото семејство, односно единствено претставувало феудално

[499] С. Антолјак, Самуиловата држава, 82 бел. 837. Се забележува одредена контрадикторност. Иако прво се изјаснува дека црковниот поглавар, архиепископот, обично се наоѓал таму каде што престојувал или каде што имал седиште неговиот господар (Самуил н.б.), во продолжение ја изнесува тезата дека архиепископот го пренесол своето седиште одделно и во различно време од она на владетелот.

[500] С. Антолјак, Охридската архиепископија во време на владеењето на царевите Самуил и Василиј II, Средновековна Македонија, 1, Скопје 1985, 677, 682. Расправајќи за преселувањето на црковниот поглавар од Преспа во Охрид на едно друго место С. Антолјак (Историја на македонскиот народ, I, 132) од неразбирливи причини изнесува сосема спротивно мислење дека всушност архиепископот го следел Самуил, кој “минал во Охрид”. На тој начин Охрид станал црковен центар и престолнина на едно царство, потенцира Антолјак. Ваквата недоследност и контрадикторност тешко може да се објасни.

[501] ВИИНЈ, III, 128, бел. 166 (Ј. Ферлуга).

живеалиште, но не и престолнина на државата. Па така според Т. Томоски градот Охрид бил метропола на државата. Охрид имал подобра положба, подобри врски и побогата околија од Преспа. На крај додава дека треба да се има во предвид дека во тоа време немало престолнини во денешна смисла на зборот.[502] Од изнесеното мислење индиректно произлегува дека покрај потврденото постоење на владетелски дворец, Преспа не би требало да се смета за владетелска престолнина на Самуил и дека Охрид всушност била единствената вистинска престолнина на државата на Самуил. Ваквото мислење во еден дел ни изгледа доста прифатливо.

Според С.. Пириватриќ, пак, не е познато кога се случило пренесувањето на престолнината од Преспа во Охрид. Задржувајќи се попатно на прашањето единствено во контекст на црковните прилики тој претпоставува дека преселувањето на престолнината било следено и со преселување на црковното седиште. Според него terminus ante quem кога се случило тоа е доцната есен 1015 г., додека terminus post quem условно би можела да биде 992/3 г. Од друга страна сосема исправно забележал дека не постои извор кој известува за Охрид како престолнина на Самуил. Во прилог на тоа како карактеристичен податок го наведува оној кога по поразот во битката кај Беласица, Самуил прво отишол во Прилеп, а потоа во Преспа, каде и умрел. Најпосле реторички запрашува дали тој податок упатува на сознанието дека Преспа била сеуште престолнина на Самуил?[503] Навистина е тешко да се најде соодветно објаснување зошто крајната дестинација на Самуил по битката кај Беласица била Преспа, а не Охрид. Доколку во 1014 г. Охрид бил престолнина на државата, како што претпоставуваат најголем дел од истражувачите, логично би било Самуил да го завршил животот таму, а не во Преспа.

Отсуството на било какви податоци кои би го поврзале Самуил со Охрид и дека тој воопшто престојувал во градот за време на неговото долго владеење не треба да се смета за нешто случајно и занемарливо. Навистина

[502] Т. Томоски, Преспа во средниот век, 66-67.
[503] С. Пириватриќ, Самуилова држава, 156.

тешко е да се разбере како е возможно доколку Самуил да ја преселил својата престолнина од Преспа во Охрид во изворите да не останал посведочен ниту еден контакт или евентуално негово присуство во Охрид. Од друга страна постои недатиран податок за пренесување на црковното седиште од Преспа во Охрид. Архиепископот Филип бил првиот црковен поглавар во рамките на Самуиловата држава, кој во Диканживиот список се споменува дека столувал во Охрид. Иако податокот не е датиран се дошло до доста уверливо мислење дека тоа се случило во време на Самуил. Токму релативно извесното преселување на црковната престолнина од Преспа во Охрид во време на Самуил, се зема како главен аргумент дека во исто време се случило и преселувањето на световната престолнина.

Имајќи ги во предвид расположливите извори и различните мислења во науката, сметаме дека остануваат две возможни претпоставки: 1. Во време на Самуил се случило единствено преселување на црковното седиште или 2. Во време на Самуил се случило преселување на црковното седиште и делумно или административно преселување на световната престолнина.

Првата теза би се темелела на тоа што не постојат никакви податоци во прилог на преселувањето на световната престолнина во време на Самуил, додека за преселувањето на црковното седиште сепак постои каков-таков посреден податок. Крупна отежнувачка околност за да се прифати оваа теза претставува претпоставеното одделно преселување на црковното и световното седиште, што како практика во средниот век е мошне малку веројатна.

Втората теза ни изгледа поверојатна од следниве причини. Токму релативно извесното преселување на црковното седиште во време на Самуил, оди во прилог на претпоставката дека тоа во исто време неизбежно се случило и со световната престолнина. Објаснување за отсуството на податоци кои на било кој начин би го поврзале Самуил со Охрид треба да се бара во можноста дека Самуил делумно или административно ја преселил престолнината во Охрид, но до крајот на владеењето тој лично веројатно преферирал да престојува во својот изворно потврден дворец во Преспа, како

непроменето и постојано место на живеење. Тоа би значело дека едновремено со црковниот поглавар и институциите од Преспа во Охрид, веројатно поради воено-стратегиски причини, можеле да бидат преселени единствено државните институции и целокупниот административен апарат, но не и постојаното живеалиште на Самуил и неговото семејство.[504]

Од досега изнесеното може да се констатира дека владетелите на Самуиловата држава располагале со вкупно четири престолнини, од кои веројатно позначајна улога во владеењето имале Преспа и Охрид, наспроти Битола и Сетина. Потребно е да се прифати како извесно мислењето дека Охрид бил престолнина во време на Самуил, но во врска со тоа дали станал т.н. "главна" престолнина неминовно е да се има во предвид издржаното мислење на Ј. Ферлуга дека Самуил во текот на своето долго владеење немал само една престолнина.

## 2. Последните години и паѓање под византиска власт (1014-1018)

### *2.1. Гаврил Радомир (1014-1015) и Јован Владислав (1015-1018)*

Последиците од големиот пораз кој го доживеал Самуил и македонската војска во битката кај Беласица, се одразиле несогледливо негативно на понатамошниот развој на државата и се чинело дека било прашање на време кога Василиј II ќе го зададе конечниот удар. Поразот во битката директно влијаел Самуил во октомври 1014 г. да го заврши своето долго владеење и животот. На негово место дошол син му Гаврил Радомир (1014-1015), кој задржувајќи се неполна година на престолот, незначително придонел барем привремено да биде одложено ликвидирањето на државата.

Потребно е да се потенцира дека слично како во случајот со неговиот татко, не постои ниту еден податок кој Гаврил Радомир евентуално би го поврзал со Охрид. Сите податоци наведуваат на помисла дека неговата

[504] Во науката веќе е присутно оправдано сомнение дека од Преспа во Охрид била преселена световната престонината на Самуил. Сп.: С. Антолјак, Самуиловата држава, 82 бел. 837; Idem, Охридската архиепископија, 677, 682; С. Пириватриќ, Самуилова држава, 156.

главна престолнина, прво како веројатен совладетел на Самуил, а потоа како самостоен владетел, не се наоѓала ниту во Преспа ниту во Охрид, туку во Битола.[505]

Според К. Аџиевски, кој подетално се осврнал на владеењето на Гаврил Радомир и неговата улога во одбраната на Самуиловата држава од југ и југо-запад, претпоставува дека Гаврил уште откако станал совладетел на Самуил (крајот на X век) ја добил на управа Пелагониската рамнина, која имала пресудно и клучно значење во одбраната на пристапот кон престолнините Преспа и Охрид. По паѓањето на Воден (1001/2) под византиска контрола, биле превземени неопходни мерки за заштита на јужните приоди, во прв ред на комуникацијата Виа Егнатиа, која од Воден водела директно во централните области на Самуиловото царство. Земајќи го во предвид податокот на Скилица дека Василиј II до 1014 г. обично навлегувал во државата на Самуил од исток, преку теснецот Клидион, К. Аџиевски смета дека тоа индиректно упатува на претпоставката дека Гаврил Радомир не им дозволувал на Византијците да навлезат од југ по Виа Егнатиа.[506] Таквото мислење ни изгледа мошне веројатно. Впрочем успешната одбрана на Пелагонија во тој период посредно значело и обезбедена сигурност за градот Охрид.

По поразот во Беласичката битка и смртта на Самуил, сепак била нарушена рамнотежата во одбраната на Пелагонија. Откако дознал за смртта на Самуил (октомври 1014), од Мосинопол преку Солун, Василиј II непречено првпат влегол во Пелагонија. Неговата цел била да ја освои Битола, престолнината на Гаврил Радомир, која во исто време претставувала мошне важно упориште на патот Виа Егнатиа, бранејќи ги приодите кон Преспа и Охрид. Овој обид на Василиј II завршил неуспешно бидејќи градот Битола не бил освоен, но притоа биле запалени дворците на Гаврил Радомир. Сепак еден дел од византиската војска, испратена од византискиот цар, го освоила

505 Сп.: К. Аџиевски, Пелагонија, 41-42.
506 К. Аџиевски, Пелагонија, 42-43.

Прилеп, центарот на северна Пелагонија.[507] Посочениот византиски продор во Пелагонија што на запад сопрел до Битола, веројатно бил дотогаш најдлабок византиски продор во средишните предели на Самуиловата држава, приближувајќи се дотогаш најблиску до Охрид.

По кусото владеење на царот Гаврил Радомир и неговото насилно симнување од власта, престолот го превзел неговиот братучед, Јован Владислав (1015-1018). Токму на почетокот од неговото владеење, како што веќе погоре беше истакнато, се бележи воопшто првото директно споменување на Охрид во еден изворен податок кој се однесува на времето на Самуиловата држава, како веројатно главна цел на една од воените кампањи на византискиот цар Василиј II. Тоа е впрочем почеток на периодот кога византискиот воен притисок станувал се посилен, директно насочен кон централните области на државата.

Пред поопширно да се задржиме на вредниот податок, во кој за првпат директно се споменува Охрид (есен 1015), сосема природно се наметнува прашањето зошто толку доцна се споменува Охрид во делото на еден толку значаен и веродостоен византиски автор за каков се смета Ј. Скилица?

Одговорот на ова прашање воопшто не е лесно да се даде. Претходно беше елаборирана претпоставката дека градот Охрид влегувал во областа која имала исклучително значење најпрво во предвостаничкиот и востаничкиот период, а подоцна и во фазите на формирање и развој на Самуиловата држава, но без притоа за тоа да постојат директни изворни показатели. Па така токму податокот кој прв ќе биде предмет на разгледување и вториот податок во кој повторно се споменува Охрид (1018), двата од Ј. Скилица, најчесто се земаат како посредна потврда во прилог на значењето кое го имал Охрид во претходниот период. Бидејќи двата податока потекнуваат од еден автор неопходно е кусо да се задржиме на структурата на неговото мошне значајно дело, стилот и начинот на кој ги пренесува настаните.

---

[507] Scylitzae, 351; ВИИНЈ, III, 112 и бел 111; К. Аџиевски, Пелагонија, 43-44..

Во науката од поодамна е забележано дека Ј. Скилица во своето дело користи специфичен начин на пишување. Токму во таа насока, анализирајќи ги вестите на Ј. Скилица, Ј. Ферлуга меѓу другото со право констатирал дека во центарот на неговиот интерес е историјата на византиските цареви Василиј II и Константин и сите случувања во делото се изложени во функција на таа основна замисла. Затоа не е за изненадување што на одредени настани, секундарни за историјата на царевите, но сепак важни за нивното разбирање, се навраќа без притоа да се придржува на основниот хронолошки ред на изложувањето на настаните. Во поткрепа на ваквата констатација се истакнува дека може да се цитираат бројни примери од делото на Ј. Скилица.[508]

Во прилог и своевидна потврда на забележувањата на Ј. Ферлуга може да се наведат и двата податока во кои директно се споменува Охрид. Податокот од 1015 г. и оној подоцнежниот од 1018 г. се однесуваат на воените активности кои лично ги превзел византискиот цар Василиј II, а во кои настани меѓудругото бил инволвиран и градот Охрид. Значи во двата податока Охрид е споменат од аспект на известувањата, кои Ј. Скилица ги дава за воените кампањи на Василиј II за освојување на централните области на Самуиловата држава; како дел од историјатот на неговите активности, историјата на неговото владеење. Пред 1015 г. царот Василиј II веројатно неможел да има никакви допирни точки со Охрид, кој се наоѓал длабоко во непријателската територија. Но затоа при соопштувањето на вестите за воените активности на Василиј II во Охрид (1015 и 1018), Скилица ја користи можноста да даде некои дополнителни објаснувачки и описни податоци за градот, кои веројатно директно не се однесуваат на актуелното време и опишаните настани. Тие податоци можеби повеќе се однесуваат на поранио период од развојот на градот, но со одредено влијание и од подоцнежното големо црковно значење кое го имал Охрид во времето на Ј. Скилица.[509]

---

[508] J. Ferluga, Le soulevment, 75-84.
[509] Сп.: С. Пириватриќ, Самуилова држава, 167-168.

По пропаднатиот заговор подготвуван од Василиј II против новиот цар Јован Владислав, кој требало да резултира со негово ликвидирање,[510] бил организиран нов голем поход директно насочен кон средишните предели на Самуиловата држава. Походот започнал кон крајот на летото или во почетокот на есента 1015 г. Византиската војска движејќи се по Виа Егнатиа, секако преку Воден, најнапред се упатила кон Острово и Соск. Откако ја опљачкала нивната околина продрела во Пелагониската рамнина. Тука продолжила да пљачка и пустоши, а сите заробеници по наредба на византискиот цар биле ослепени.[511]

Според Ј. Скилица: "Потоа (Василиј II н.б.) се упати до градот Охрид, каде се наоѓаат дворците на царевите на Бугарија. Откако го завзеде градот и се убаво уреди, сакал да тргне понатаму и да го фати патот за Драч." (ἄπεισιν οὖν ἄχρι τῆς πόλεως Αχρίδος, ἐν ᾗ τὰ βασίλεια τῶν βασιλέων ἵδρυντο Βουλγαρίας. καὶ τὴν πόλιν παραλαβὼν καὶ πάντα καλῶς διαθεὶς ἔμελλε καὶ προσωτέρω βαδίζειν καὶ τῆς πρὸς τὸ Δυρράχιον ἅψασθαι.)[512] Ј. Зонара пак, за кого е познато дека главно ги користел податоците на Ј. Скилица, всушност во поконцизна форма ги потврдува неговите поопширни известувања притоа истакнувајќи дека: ". . . царот повторно ја нападна Бугарија и многу од нејзините области ги опљачка, а градот Охрид, каде беа изградени дворците на бугарските водачи, со опсада го завзеде . . . ".[513]

---

[510] Scylitzae, 353; ВИИНЈ, III, 115-116. Сп.: С. Антолјак, Самуиловата држава, 97; К. Аџиевски, Пелагонија, 48-49; Пириватриħ, Самуилова држава, 124-125.

[511] Scylitzae, 353; ВИИНЈ, III, 116. Сп.: С. Антолјак, Самуиловата држава, 97; К. Аџиевски, Пелагонија, 49 и бел. 37; С. Пириватриħ, Самуилова држава, 125.

[512] Scylitzae, 353; ВИИНЈ, III, 116-117. Во латинскиот извор од XI век: Fundatio ecclesiae Sancti Albani Namucensis, MGH SS XV, 2, 964 (поради недостапност цитирано преку ВИИНЈ, III, 117 бел. 131 (Ј. Ферлуга)) се наведува дека унгарскиот крал Стефан I го завзел царскиот град ("urbem Cesariem"). Овој податок се толкува дека наводно унгарски војски, веројатно како византиски сојузници учествувале во првото византиско освојување на Охрид во 1015 г. (Сп.: Gyorffy, Zur Geschichte der Eroberung Ochrids durch Basileios II, Actes du XIIe Congres internationale d'etudes Byzantines, II, Beograd 1964, 149-154; F. Makk, Relations Hungaro-Bulgares au Temps Du Prince Geza et du Roi Etienae I, Hungaro-Bulgarica V., Szegedi Bolgarisztika-Сегетската Българистика, Szeged-Сегед, 1994, 30) или пак второто во 1018 г. (Сп.: P. Stephenson, The Balkan Frontier in the Year 1000, Byzantium in the Year 1000, Brill-Leiden-Boston 2003, 130; Idem, The Legend, 34). Иако податокот изгледа мошне примамливо, тој главно не бил предмет на сериозно разгледување во научната литература.

[513] Ioannis Zonarae Epitomae Historiarum, III/XIII-XVIII, ed. Th. Buttner-Wobst, Bonnae, 1897, 565; ВИИНЈ, III, 250. Сп.: Г. Н. Николов, Централизъм и регионализъм, 170.

Следува известувањето на Ј. Скилица во кое се открива причината поради која Василиј II немал намера да сопре со завземањето на Охрид туку дека планирал да го продолжи својот продор по патот Виа Егнатиа се до градот Драч и неговата област. Главната причина, според Скилица, била загрозувањето на византиските позиции и воениот притисок кој го вршел царот Јован Владислав, лично или преку своите војсководачи, врз Драч и другите околни предели по погубувањето на Гаврил Радомир и Јован Владимир, зетот на Самуил.[514]

Навидум ваквото известување изгледа логично доколку од други податоци не се дознава дека погубувањето на Јован Владимир, не се случило, според Скилица есента 1015 г., како што посредно произлегува од неговиот податок, туку пролетта 1016 г.[515] Имено токму во стилот и манирот на Скилица и на ова место тој при опишување на актуелни настани се навраќа на минати, но антиципира и идни настани. Конкретно освен што повторно го споменува убиството на Гаврил Радомир организирано од Јован Владислав, што се случило претходно, во оваа прилика го антиципира погубувањето на Јован Владимир, кое се случило подоцна. На овој начин всушност се доаѓа до претпоставката дека обидите на Јован Владислав да го освои Драч траеле подолго време, веројатно започнале есента 1015 г. и продолжиле во текот на 1016 г., и по погубувањето на Јован Владимир.[516]

Сепак продолжувањето на продорот кон Драч и планот на Василиј II со своето присуство директно да помогне во евентуално намалување или отфрлање на воениот притисок кој бил вршен на Драч не бил остварен. Еден дел од византиската војска, под команда на стратегот Георги Гонициjат и протоспатерот Орест, која пред тргнувањето за Охрид, Василиј II ја оставил во Пелагониската рамнина со задача да ја пустоши истата, била намамена во заседа и целосно уништена од македонската војска предводена од истакнатиот војсководач Ивец. Веста за поразот на византиската војска во

[514] Scylitzae, 353-354; ВИИНЈ, III, 118-119.
[515] Сп.: В. Златарски, Историја, I/2, 762, бел. 1.
[516] ВИИНЈ, III, 118-119 бел.135 и 136 (Ј. Ферлуга).

Пелагонија Василиј II ја добил додека сеуште се наоѓал во Охрид и се подготвувал за поход кон Драч. Веднаш дошло до промена на планот. Разжалостен од загубата од Охрид се вратил во Пелагонија, се впуштил во потера по Ивец и откако успеал единствено да го протера, без притоа да постигне позначителен воен успех, се вратил во Солун.[517]

Одкако ги презентиравме податоците во продолжение се задржуваме на нивно детелно интерпретирање во контекст на поопштите случувања и констелацијата на византиско-македонските односи во тоа време.

Пелагонија овој пат не била главна цел на византискиот напад.[518] Таквата констатација директно произлегува од вестите на Скилица според кого главнината на византиската војска пред освојувањето на Охрид, ја ограбувала околината на Острово и Соск, како и Пелагониската рамнина, но не се задржувала на евентуално опсадување и освојување на градови и тврдини во тие предели. Па така доколку се согласиме дека Пелагонија не била главна цел на продорот, тогаш ако не главна тогаш една од главните цели секако бил градот Охрид, престолнината на царот Јован Владислав, која сосема е извесно дека во тоа време сигурно била. Доколку за периодот на владеењето на Самуил и неговиот син Гаврил Радомир, постојат оправдани дилеми и резерви за да се прифати раширеното мислење во науката дека градот Охрид претставувал главна престолнина на Самуиловата држава, за периодот кога со државата владеел царот Јован Владислав тоа е директно посведочено во два наврати од Ј. Скилица. Во тој контекст сметаме дека нема потреба повторно да ги презентираме податоците кои погоре веќе беа предмет на елаборација од аспект на прашањето за престолнините.

Покрај децидноста на податоците од кои призлегува дека во времето на цар Ј. Владислав Охрид претставувал негова главна престолнина сепак во науката е присутно и поинакво мислење. Според таквото мислење токму паѓањето на Охрид под византиска власт се истакнува како главна причина

---

[517] Scylitzae, 354; ВИИНЈ, III, 119. Сп.: К. Аџиевски, Пелагонија, 49-50; С. Пириватриħ, Самуилова држава, 125; И. Божилов-В. Гюзелев, История на средновековна България, I, 328.

[518] К. Аџиевски, Пелагонија, 49.

која наводно го принудила Ј. Владислав да ја пренесе престолнината во Битола. Ваквата теза главно се темели на податоците од познатата Битолската плоча, според кои царот Ј. Владислав во периодот од есента 1015 до пролетта/летото 1016 г. ја обновил битолската тврдина.[519]

Според К. Аџиевски ваквото мислење нема потврда во современите извори и може лесно да се оспори. Меѓу аргументите кои оправдано ја проблематизираат ваквата произволна теза се наведува фактот дека Охрид (без тврдината) се наоѓал многу кратко време под византиска власт и дека од содржината на Битолскиот натпис и од другите извори не може да се заклучи дека Битола била резиденција на Ј. Владислав. На крај не е јасно зошто Ј. Владислав би ја пренесол својата престолнина од едно релативно помирно и побезбедно подрачје, какво што било Охрид во Пелагонија, која по смртта на Самуил станала постојана мета на византиските напади и која во овој период, всушност, претставувала погранична област со Византија.[520]

Дали престолнината Охрид овојпат била единствена цел на византискиот продор или можеби само попатна цел во нивниот обид за комплетно пробивање на комуникацијата Виа Егнатиа до Драч? Бидејќи Ј. Скилица директно не ја открива целта на продорот кој е предмет на разгледување, за двете предложени солуции може да се понуди соодветна аргументација. Постапноста и претпазливоста во организирањето на своите продори е аргумент кој оди во прилог на веројатноста дека првична и главна цел на продорот бил Охрид, а не негово продолжување кон Драч. Имено Василиј II при првиот продор во Пелагонија, есента 1014 г., иако не успеал да ја освои резиденцијата на Гаврил Радомир, градот Битола (единствено биле запалени неговите дворци), сепак барем го завзел Прилеп. Пролетта 1015 г. следувало повторното освојување на мошне значајниот град и пункт на Виа Егнатиа, Воден, кој во меѓувреме по 1001 г. бил повратен од Самуил, а потоа и на Мегленската област. Делумно постигнатите воени успеси во Пелагонија

---

[519] В. Заимова, Иван Владислав и неговияат надпис, Битолски надпис на Иван Владислав самодържец български, София 1970, 109; История на България, II, София 1981, 417.

[520] К. Аџиевски, Пелагонија, 53.

во 1014 г. и подоцнежното потчинување на Воден и Мегленската област во I-та половина на 1015 г. веројатно го охрабриле византискиот цар Василиј II да продолжи со понатамошни освојувања следејќи ја главната траса на патот Виа Егнатиа. Токму во нецелосната контрола на Пелагонија и особено непотчинетоста на Битола, сметаме дека треба да се бара главната причина поради која, Василиј II пред да го продложи патот за Охрид, еден дел од својата војска, под команда на Георги Гоницијат и Орест, оставил во Пелагонија.

Според К. Аџиевски со оставањето на дел од византиската војска во Пелагонија Василиј II веројатно сакал да го обезбеди грбот на главнината од византиската војска која се упатила кон Охрид.[521]

Обезбедувањето на грбот на главнината на византиската војска би можело да има ефект доколку истата не би се оддалечила премногу од Пелагонија. Продолжувањето на главнината на војската кон Драч по освојувањето на Охрид би претставувало преголемо оддалечување од Пелагонија. Па така може да се претпостави дека во моментот кога Василиј II упатувајќи се кон Охрид, оставил еден дел од својата војска во Пелагонија, не планирал да го продолжи својот продор кон Драч. За евентуално дополнително донесената одлука на Василиј II за продолжување на продорот од Охрид кон Драч, можеле да влијаат следниве околности: 1. дека градот Охрид неочекувано брзо и лесно бил завземен па останувало време за понатамошни војувања; 2. отсуството на царот Јован Владислав од Охрид; 3. во моментот зголемениот воен притисок врз градот Драч, веројатно директно спроведуван лично од Ј. Владислав и примамливата можност по паѓањето на престолнината Охрид со евентуалено изненадувачко појавување во околината на Драч воено да се порази и ликвидира главнината на војската на царот Јован Владислав и можеби воопшто дури и неговата држава.

Поради природата на податокот за византиското освојување на Охрид во 1015 г., кој е мошне кус, се наметнуваат повеќе прашања во насока на

---

[521] К. Аџиевски, Пелагонија, 49.

поцелосно толкување и разјаснување на настанот: Кога точно се случило освојувањето? На кој начин бил завземен Охрид? Дали охридската тврдина била освоена? Каде во тоа време се наоѓал царот Јован Владислав?

Времето на точното освојување на Охрид не е возможно да се одреди, но сосема оправдано се смета дека тоа се случило раната есен 1015 г.[522] Имајќи го во предвид развојот на настаните пред и по освојувањето на Охрид, изгледа дека градот можел да падне и кусо време да остане под византиска власт одреден период во текот на месец септември или најдоцна до почеток на октомври.[523]

Интересни и особено вредни интерпретации на податоците за првото византиско освојување на Охрид дал Ј. Ферлуга, коментирајќи ги податоците на Ј. Скилица во ВИИНЈ, III. Додека Ј. Скилица не соопштува на кој начин бил освоен Охрид, внимание предизвикува известувањето на Ј. Зонара, според кого тоа било сторено по пат на опсада.[524] Прифаќајќи го како валидно ваквото дополнување на Ј. Зонара за начинот на кој бил освоен Охрид, Ј. Ферлуга, претпоставува дека опсадата била кратка и лесна.[525] Сепак доколку се согласиме со таквото мислење неопходно е да се јават одредени дилеми за можноста една престолнина да биде освоена после кратка и лесна опсада. Причината за брзото паѓање на Охрид и неиздржувањето на претпоставената опсада, Ј. Ферлуга ја бара во моменталниот недостиг од војска која требала да го брани градот, поради тоа што нејзината главнина на чело со војсководачите на Јован Владислав се наоѓала под Драч.[526]

С. Антолјак, пак, исто така прифаќајќи го податокот на Ј. Зонара како валиден, смета дека самото споменување на опсада значело дека градот

---

[522] ВИИНЈ, III, 117 бел. 131, 119 бел. 136 (Ј. Ферлуга).

[523] Според К. Аџиевски (Пелагонија, 50-51) откако Василиј II се вратил од Охрид во Пелагонија и го прогонил војсководачот Ивец, византиската војска се повлекла од Пелагонија кон крајот на септември или во почеток на октомври, секако пред 20 октомври кога започнала реконструкцијата на битолската тврдина.

[524] Zonarae, 565.

[525] ВИИНЈ, III, 117 бел. 131 (Ј. Ферлуга). Сп.: П. Павлов, Залезът на Първото българско царство (1015-1018), София 1999, 30-31.

[526] ВИИНЈ, III, 117 бел. 131(Ј. Ферлуга).

Охрид при византиското завземање сепак давал отпор.[527] Тоа секако не е спорно, но тој отпор во секој случај не можел да трае долго. Според С. Пириватриќ градот Охрид бил лесно завземен, без притоа да навлегува на кој начин.[528]

Анализирајќи ја употребата на терминот πολις-град, Ј. Ферлуга, смета дека не бил случајно употребен и освен што упатува на големината и значењето на Охрид во тоа време, се стекнува впечаток дека Ј. Скилица го користи за да укаже дека бил завземен градот (подградието н.б.), но не и тврдината.[529] Ваквото мислење во потполност го прифаќа К. Аџиевски.[530]

С. Пириватриќ, имајќи го во предвид мислењето на Ј. Ферлуга, всушност повеќе сака да верува дека при византискиот продор градот Охрид бил целосно освоен. Притоа ја допушта можноста охридската тврдина да била освоена нешто подоцна, откако Василиј II веќе го напуштил Охрид и заминал за Пелагонија.[531] Ваквото мислење ни изгледа малку веројатно. За против аргументите на едно вакво мислење расправаме подолу бидејќи тоа е поврзано со прашањето дали по повлекувањето на Василиј II, Охрид останал под византиска контрола или не?

Веројатноста дека охридската тврдина останала неосвоена од Византијците навистина ни изгледа реална. Како најсилен аргумент во прилог на таквата теза во науката веќе е присутно забележувањето дека доколку Василиј II во 1015 г. ја освоил охридската тврдина задолжително би требало да се очекува дека притоа ја запленил царската ризница, како што според Скилица, неспорно направил во 1018 г. кога дефинитивно го потчинил градот. Во врска со ваквата дилема, Ј. Ферлуга ги поставува следниве прашања: Дали Василиј II го оставил сето тоа богатство, кое тогаш му

---

527 С. Антолјак, Самуиловата држава, 552 бел. 1019

528 С. Пириватрић, Самуилова држава, 125.

529 ВИИНЈ, III, 117 бел. 131(Ј. Ферлуга). Сп.: Б. Панов, Охрид од средината на X век, 728; Idem, Ранофеудалниот период, 196; P.Stephenson, The Legend, 29.

530 К. Аџиевски, Пелагонија, 49.

531 С. Пириватрић, Самуилова држава, 129 бел. 185.

паднало во раце? Дали Скилица можел да изостави да забележи нешто толку впечатливо?[532]

Секако дека Василиј II во никој случај не можел да не го заплени богатството од царската ризница доколку ја имал освоено охридската тврдина, каде според средновековната градителска практика би требало да биле сместени царските дворци заедно со царската ризница. Исто така малку е веројатно дека нешто толку впечатливо, како што било запленување на царска ризница, можел да прекути еден византиски хроничар каков што бил Скилица. Впрочем, како што ќе видиме подолу, еден значителен дел од известувањето на Скилица за дефинитивното потчинување на Охрид (1018) токму е посветен на запленувањето на царската ризница во Охрид, нејзината содржина и начинот како била разделена.

Во редот на аргументите за претпоставеното неосвојување на охридската тврдина од страна на Византијците во 1015 г., во науката е присутно гледиштето дека тоа не се случило поради тоа што Василиј II "тргнал кон Охрид со помала војска за да може побрзо да напредува".[533] Но веднаш се наметнува прашањето како малубројноста на војската не му претставувала проблем при извесното брзо и лесно завземање на подградието? Сметаме дека големината на војската со која Василиј II дошол и го освоил Охрид тешко може да се дознае. Но токму претпоставеното лесно и брзо освојување на подградието упатува на спротивно мислење дека не се работело за мала војска. Иако Скилица воопшто не расправа за големината на византиската војска, сепак постојат некои посредни укажувања за големината на војска.

Организирањето на дотогаш најдлабок продор директно насочен кон главната престолнина на Самуиловото царство и неговото водење лично од византискиот цар само по себе наведува на помисла дека веројатно тешко дека можело царот да се наоѓал на чело на помала војска. Фактот дека пред тргнувањето кон Охрид Василиј II еден дел од својата војска, кој дел Скилица

---

[532] ВИИНЈ, III, 117 бел. 131 (Ј. Ферлуга). Сп.: К. Аџиевски, Пелагонија, 49.
[533] ВИИНЈ, III, 117 бел 131 (Ј. Ферлуга).

неодредено го нарекува “мноштво војници”,[534] издвоил и го оставил во Пелагонија со задача да ограбува, наведува на сосема реалната претпоставка дека главнината од војската која останала под негова команда требала да брои значителено поголем број војници. Секако главнината можеби била повеќе пати побројна од онаа оставената во Пелагонија, која релативно лесно била поразена и ликвидирана. Во прилог на мислењето дека Василиј II не предводел “помала војска” се поставува прашањето: Како можел да планира продолжување на продорот кон Драч и евентуален судир со главнината на македонската војска на чело со царот Јован Владислав, доколку Василиј II предводел “помала војска”? Независно од тоа дали Драч бил од почеток негова цел или тоа станал по освојувањето на Охрид, што сметаме дека е поверојатно, тешко е да се замисли спроведување на една таква крупна воена акција со малубројна војска.

Вистинските причини за претпоставеното неосвојување на охридската тврдина пред сé потребно е да се бараат во недостигот на време на Василиј II подолготрајно да се ангажира во целосното освојување на Охрид, како и исклучителната местоположба и цврстина на ѕидините на охридската тврдина.

Податокот на Скилица дека Василиј II сé добро уредил по завземањето на градот најверојатно значело дека преку стационирање на одреден број војници или помал воен гарнизон во подградието се погрижил да го осигура постигнатиот успех. Планираното продолжување на воениот продор кон Драч по се изгледа во еден момент наложувало да се превземе една таква мерка. Слично како што постапил пред да се упати кон Охрид, оставајќи дел од својата војска во Пелагонија, Василиј II можеби планирал пред да го продолжи своето напредување кон Драч, да остави дел од војската со цел да го контролира Охрид и патот Виа Егнатиа и на тој начин повторно да го осигурува грбот на главнината на неговата војска. Имено како што Г. Гоницијат и Орест од Пелагонија го обезбедувале грбот на главнината од војската предводена лично од Василиј II, додека таа се наоѓала во Охрид, така

[534] Scylitzae, 354; ВИИНЈ, III, 119.

евентуалното стационирање на дел од византиската војска во Охрид би значело понатамошно осигурување на грбот на главнината од војската, доколку таа би го продолжила продорот кон Драч. Едноставно се работело за примена на препознатлива и мудра тактика на војување. Бидејќи е познато дека поради ненадејниот пораз кој го доживеала византиската војска предводена од Г. Гоницијат и Орест во Пелагонија, Василиј II се откажал од планираното напредување кон Драч, останува да се претпостави дека тоа што Василиј II сé добро уредил по освојувањето на Охрид, односно воено се утврдил, траело исклучително кратко време.

По враќањето од Охрид во Пелагонија и неговиот неуспешен обид да го казни војсководачот Ивец за стореното, со главнината од војската Василиј II се повлекол во Солун. Во тие околности тешко е да се замисли дека по повлекувањето на Василиј II, Охрид сеуште можел да остане под византиска контрола, кога се знае дека во тоа време Битола и поголем дел од Пелагонија сигурно се наоѓале под контрола на царот Јован Владислав. Од досега изнесеното јасно произлегува дека византиската власт во подградиeто на Охрид траела мошне кусо време, од освојувањето до повлекувањето на Василиј II. Веројатно се работело за недели. Во таа насока оди и оправданата констатација на К. Аџиевски, според кого Охрид (без тврдината) бил многу кратко време во рацете на Василиј II.[535]

Оттука погоре изнесената претпоставка на С. Пириватриќ дека охридската тврдина можела да биде освоена дури по повлекувањето на Василиј II од Охрид, што прејудицира подолготрајно византиско задржување,[536] ни изгледа неоснована. Во контекст на подолго опстојување на византиската власт во градот во науката е присутно мислењето според кое од есента 1015 г. до почетокот на 1018 г. Охрид останал континуирано под византиска власт.[537] Но за таквите наводи освен што не постојат никакви изворни сведоштва, отсуствува било каква аргументација .

---

[535] К. Аџиевски, Пелагонија, 53. Сп.: Б. Панов, Охрид од средината на X век, 728.

[536] С. Пириватрић, Самуилова држава, 129 бел.185.

[537] Г. Николов, Централизъм и регионализъм, 170. Во врска со првото византиско завземање на Охрид (1015), И. Микулчиќ (Средновековни градови, 244) наведува

Во врска со прашањето каде се наоѓал царот Јован Владислав во време на византискиот напад на Охрид, сосема е извесно дека тој не се наоѓал во Охрид. Изложувајќи ја причината поради која Василиј II имал намера да го продолжи својот продор од Охрид кон Драч, Ј. Скилица, истакнува дека случувањата околу Драч го барале неговото присуство. Во кусиот предисторијат за приликите околу Драч меѓу другото се дознава дека релативно мирната ситуација била нарушена по ликвидирањето на царот Гаврил Радомир и Јован Владимир, управителот на Дукља. Тогаш новиот цар Јован Владислав од ден на ден, често преку своите војсководачи или лично, се обидувал повторно да го освои градот Драч. Токму затоа Василиј II во таа прилика сакал да тргне од Охрид и да му пружи помош на загрозениот град Драч, но бил принуден да се врати во Пелагонија.[538]

Иако Ј. Скилица е недоволно директен на ова место, сепак посредно може да се заклучи дека во време на паѓањето на Охрид под византиска власт Јован Владислав се наоѓал во близина на Драч, поточно бил зафатен во организирањето на една од опсадите или друг вид воени операции за повторно превземање на овој значаен крајбрежен византиски град.[539]

Комбинирајќи ги податоците на Скилица со оние на Поп Дукљанин, Ј. Ферлуга изнесува сосема поинакво мислење. Всушност тој смета дека есента 1015 г. во време на паѓањето на Охрид, царот Јован Владислав се наоѓал во Преспа, обидувајќи се таму да го намами Ј. Владимир. Па така македонскиот напад на Драч во тоа време го предводеле неговите војсководачи, а царот Ј. Владислав првиот свој напад на Драч ќе го предводи дури по смртта на Ј. Владимир, односно по 22 мај 1016 г.[540] Сепак податоците кои ги дава Скилица, според својата веродостојност, имаат предност пред оние на Поп Дукљанин,

---

дека градот паднал без борба; дека царот Василиј II бил свечено пречекан и дека бил поставен византиски управител (архонт). Очигледно е дека се работи за превид и грешка од споменатиот автор бидејќи таквите податоци Скилица ги соопштува за второто византиско освојување на Охрид (1018).

[538] Scylitzae, 353-354; ВИИНЈ, III, 117-119.

[539] Сп.: К. Аџиевски, Пелагонија, 49 бел. 39а; С. Пириватриќ, Самуилова држава, 125.

[540] ВИИНЈ, III, 119 бел. 136 (Ј. Ферлуга). Слично мислење застапува И. Златарски (История, I/2, 762), според кого Ј. Владислав се наоѓал во Преспа и се подготвувал да пружи отпор.

па затоа сметаме дека Ј. Владислав за време на паѓањето на Охрид сепак се наоѓал во близина на Драч, а не во Преспа.

Привременото и делумно покорување на Охрид без сомнение потребно е да се смета за најголем успех и достигнување на византискиот продор предводен лично од царот Василиј II. Притоа одредени прашања мора да останат неодговорени. Имајќи го во предвид развојот на воените случувања, тоа бил дотогаш најдлабок византиски продор во јадрото на македонската држава, но сепак преуранет за дефинитивно и трајно освојување на главната престолнина на државата-Охрид.

Токму во тој контекст К. Аџиевски забележал дека овој византиски продор треба да се гледа како обид на Василиј II да ја напушти политиката на постепено стегање на обрачот околу јадрото на Самуиловото царство и со еден удар во центарот да ја ликвидира македонската држава. Иако продорот завршил без успех било ставено до знаење дека и централните области на државата не се веќе безбедни. Се покажало дека Византијците мошне брзо и без поголеми тешкотии по патот Виа Егнатиа можат директно да го загрозат јадрото на Самуиловото царство со главните престолнини.[541]

До крајот на владеењето на царот Ј. Владислав, почеток на 1018 г., Охрид останал поштеден од евентуален повторен ненадеен византиски продор, сличен на оној од есента 1015 г. Дел од причините за тоа веројатно пред се треба да се бараат во зголемената воена одбранбена ангажираност на македонската војска, особено во Пелагонија, во периодот 1016-1017 г. Како една од позначајните мерки за утврдување на одбранбените пунктови на главниот пристап, патот Виа Егнатиа, кон престолнините Преспа и Охрид, Ј. Владислав ја обновил битолската тврдина. За тој чин се дознава од содржината на натписот на Битолската плоча, испишана токму по повод завршувањето на обновата на тврдината, пролетта-летото 1016 г.[542] Притоа сметаме дека нема потреба особено да се потенцира дека градот Битола и

[541] К. Аџиевски, Пелагонија, 51.

[542] За Битолскиот натпис со богата библиографија види: К. Аџиевски, Пелагонија, 51-52 бел. 43.

Пелагонија, имале суштествено значење за одбраната на главната престолнина Охрид. Така на пример непотчинетоста на градот Битола и жилавиот отпор кој го пружила македонската војска во Пелагонија за време на длабокиот византиски продор, кога Охрид (есен 1015) бил привремено завземен, на своевиден начин пресудно влијаело за конечниот неуспех на византискиот продор.

Воените акции следната есен 1016 г. Василиј II ги насочил во источните делови на Самуиловата држава, поконкретно во Софиската област, организирајќи поголготрајна неуспешна опсада на цврстата тврдина Перник,[543] далеку од Охрид. Но веќе пролетта 1017 г. Василиј II повторно се вратил во Пелагонија. При тој византиски поход, најпрво била освооена и запалена тврдината Лонгон, а потоа еден дел од војската предводен од Давид Аријанит и Константин Диоген, била испратена во Пелагониската рамнина. Со нападот најверојатно биле зафатени јужните делови на Пелагонија. Пљачката и ограбувањето и овојпат претставувале приоритет. Во таа прилика биле заграбени особено голем број грла добиток и многу заробениици. На тој начин се нанесувал удар на економската моќ и на човечкиот потенцијал на непријателот, а од друга страна се вршело снабдување на својата војска.[544]

Опишаниот пљачкашки продор во Јужна Пелагонија, претставувал само најава на главниот византиски напад што следувал нешто подоцна истата година, предводен лично од Василиј II. Овој пат главната цел на Василиј II била особено значајната тврдина Сетина, подвижна престолнина на државата, која се наоѓала во југоисточна Пелагонија. По освојувањето на до денес нелоцираната тврдина Босоград (Вишеград); обновувањето на тврдината на градот Бер и опустошувањето на териториите околу Острово и Молиск, Василиј II ја опсадил тврдината Сетина. Покрај тоа што во непосредна близина на Сетина се наоѓал лично царот Ј. Владислав со својa

[543] Scylica, 355; ВИИНЈ, III, 120. Сп.: С. Антољак, Самуиловата држава, 100; С. Пириватрић, Самуилова држава, 127.

[544] Scylitzae, 355; ВИИНЈ, III, 120; К. Аџиевски, Пелагонија, 54 и бел. 50.

војска, тој не се осмелувал да влезе во отворен судир со Византијците и на тој начин да му помогне на опсадениот град. Како резултат на тоа Сетина не ја издржила опсадата и паднала во византиски раце, при што било запленето поголемо количество на жито. Во обид да се пресмета со Ј. Владислав и неговата по се изгледа малубројна војска, Василиј II најпрво го испратил Константин Диоген, а потоа и лично се впуштил во напад. Во оваа прва поголема битка по Беласичката од 1014 г., Ј. Владислав доживеал голем пораз при што биле убиени голем број македонски војници, а била запленета и неговата комора. Оваа битка кај Сетина најверојатно се одиграла есента 1017 г. Со освојувањето на Сетина се поцврсто се стегал обрачот околу централните делови на Самуиловата држава, а Византијците дошле до југоисточните граници на Пелагонија. По успешно изведениот поход Василиј II во почетокот на јануари 1018 г. задоволен се вратил во Цариград.[545]

Споредувајќи го однесувањето на двајцата владетели при византиските продори од 1015 г. и 1017 г. може да се забележи голема разлика. Додека Василиј II во 1015 г. речиси безгрижно успеал да изврши длабок продор дури до престолнината Охрид и привремено и делумно да ја покори, при новиот продор во 1017 г. тој со успех трајно ја потчинил подвижната престолнина Сетина, во југоисточна Пелагонија, која во тоа време веќе се наоѓала во периферните делови на Самуиловата држава. Завземањето на Сетина и непродолжување на продорот несомнено треба да се толкува како враќање на старата тактика за постепено стегање на обрачот околу средишните области на Самуиловото царство. Длабокиот продор од 1015 г. сигурно немал за цел постепено стегање на обрачот и затоа потребно е да се потенцира дека Василиј II, по неуспехот од 1015 г., веројатно увидел дека потчинувањето на Самуиловата држава мора да оди постепено. Затоа различната природа на новиот продор од 1017 г., насочен кон првата позначајна тврдина од периферијата на Самуиловата држава, би можел на некој начин да се очекува.

---

[545] Scylitzae, 356 , ВИИНЈ, III, 122-123; К. Аџиевски, Пелагонија, 56-57. Сп.: С. Антолјак, Самуиловата држава, 100-101.

Споредувајќи го однесувањето на Ј. Владислав во двата продоори исто така може да се забележат евидентни разлики. Додека при византискиот продор од 1015 г. Ј. Владислав најверојатно се наоѓал во близина на Драч и нема податоци дека лично се вклучил во одбраната на своите загрозени територии, во 1017 г. тој се наоѓал во непосредна близина на Сетина и иако во таа прилика веројатно предводел помалубројна војска сепак макар се обидел да му напркоси на посилниот противник. Самото негово присуство во близина на Сетина во 1017 г. е доволен показател за неговата далеку поголема лична ангажираност во одбраната на Пелагонија, а со тоа и на останатите централни области на македонската држава.

По доживеаниот пораз во битката кај Сетина и спласнувањето на византискиот притисок врз Пелагонија, царот Ј. Владислав го пренасочил своето делување кон запад и повторно се обидел да го освои важното византиско крајбрежно упориште Драч. Постепено губејќи ги позициите и териториите на исток, север и југ, единствено му останувало со евентуално освојување на Драч да надомести дел од загубените територии и уште за некое време да се обиде да го пролонгира крајот на македонската држава. Но неговите планови не биле остварени. Во почетокот на 1018 г., односно по се изгледа во месец февруари, царот Ј. Владислав бил убиен во борбите околу Драч.[546] На тој начин Самуиловото царство ненадејно останало без својот последен владетел. На Василиј II сега му преостанувало без поголеми пречки и подготовки да го зададе завршниот удар кој требало да резултира со целосно потчинување на Самуиловата држава.

## *2. 2. Паѓање под византиска власт*

Повлекувањето на царот Василиј II во јануари 1018 г. во својата престолнина Константинопол, по освојувањето на Сетина и победата над Ј.

---

[546] Scylitzae, 357; ВИИНЈ, III, 123-124 и бел. 156 (Ј. Ферлуга). Сп.: С. Антолјак, Самуиловата држава, 101-104; К. Аџиевски, Пелагонија, 57-58; С. Пириватрић, Самуилова држава, 128.

Владислав, навестувало продолжување на византискиот воен притисок врз централните области на Самуиловата држава. Секако тоа претпоставувало не толку брзо завладување на целата држава, но распоредот на силите упатувал кон таков неминовен краен резултат. Смртта на царот Ј. Владислав без сомнение означувал моментален пресврт во македонско-византиската војна во корист на брзо и ефектно завршување на војната во корист на Византија.

Веднаш по дознавањето на веста за погинувањето на Ј. Владислав, која му била испратена од стратегот на Драч, Никита Пигонит, охрабрениот византиски цар се упатил во финален воен поход на запад, односно кон непотчинетите македонски области, напуштајќи ја претходната тактика на постепено стегање на обрачот околу средишните области на Самуиловото царство.[547]

Остварувањето на зададената цел изгледа му била олеснета дотолку повеќе што, според податокот на Јахја Антиохиски, водачите на Самуиловата држава побрзале да му испратат писмо во кое ја изразувале својата покорност и подготвеност да му ги предадат тврдините и областите со кои управувале, притоа молејќи го да им дозволи да дојдат кај него и да работат по негова заповед.[548] Валидноста на податокот на Ј. Антиохиски во најголем дел е потврден од деталните известувања на Скилица за подоцнежното релативно лесно, брзо и главно доброволно потчинување на тврдините и областите кои се наоѓале во рамките на Самуиловата држава, што со право го забележал уште Б. Прокиќ.[549]

Како што може да се очекува Скилица донесува мошне опширни податоци за она што најмногу наликувала на триумфална маршута на движење на Василиј II низ поголем дел на Македонија. Меѓу тие податоци особено се издвојуваат оние кои се однесуваат на настаните поврзани со формалното потчинување на главната престолнина на државата, Охрид.

---

[547] Сп.: Scylitzae, 357; ВИИНЈ, III, 124.; К. Аџиевски, Пелагонија, 58.

[548] В. Р. Розен, Императот Василий Болгаробойца, Извлечения из летописи Яахъи Антиохийского, Санктпетербург 1883 (=Variorum Reprints, London 1972), 59.

[549] Б. Прокић, Јован Скилица као извор за најстарију историју Маћедонских Словена, Глас Српске академије наука, 84, Београд 1910, 137.

Но пред да пристигне и подолго време да се задржи во Охрид и во неговата поблиска и подалечна околина, Василиј II ја поминал следнава маршута: Константинопол - Адрианопол - Мосинопол - Серез - Струмица - Скопје - Штип - Просек. За време на напредувањето Василиј II главно насекаде бил пресретнуван од бројни световни великодостојници, управители на тврдини и области, војсководачи и др. лица, кои доброволно ги предавале односните територии со кои дотогаш управувале и се ставале на располагање на новиот господар. За возврат биле наградувани со високи титули и примани во византиска служба. Притоа одредени војскододачи и поблиски роднини на последниот македонски цар залудно се обидувале да организираат отпор, но за релативно кусо време биле одвратувани и обезхрабрувани од таквите намери.[550]

Од известувањата на Скилица кои претходат на оние кои директно се однесуваат на престојот на Василиј II во Охрид, особено внимание привлекува податокот дека во редот на оние бројни великодостојници кои му се предавале на византискиот цар се споменува и Богдан, топархот на внатрешните тврдини (Βογδάνος ὁ τῶν ἐνδοτέρω κάστρων τοπάρχης)[551] или топарх на внатрешните места, области (ὁ τῶν ἐνδοτέρω τόπων τοπάρχης).[552] Тешко е да се дознае нешто поконкретно што содржела управната функција топарх, но веројатно се работело за исклучително висока позиција во државата.[553] Бидејќи погоре веќе расправавме за значењето на поимот

---

550 За случувањата воопшто и особено за имињата и функциите на големиот број македонски благородници, војсководачи и управители кои му се предавале на Василиј II за време на неговото патешествие низ Македонија поопширно види: Scylitzae, 357-360; ВИИНЈ, III, 124-125. Сп.: С. Антолјак, Самуиловата држава, 104-108; G. N. Nikolov, The Bulgarian Aristocracy, 141-158.

551 Scylitzae, 357.

552 Во Охридскиот ракопис на Јован Скилица (XI-XII) наместо κaστρων-тврдини стои дека Богдан бил топарх на внатрешните τοπον-места, области. Сп.: ВИИНЈ, III, 125 бел. 163 (Ј. Ферлуга).

553 Во превод титулата топарх би значела: *началник на месност, управник на област* и се поврзува со старата бугарска титула ичиргу боил. Се смета дека во актуелното време титулата топарх била пониска од титулата кавхан. Сп.: С. Пириватриќ, Самуилова држава, 171 и бел. 121; Г. Н. Николов, Централизъм и регионализъм, 137, 163-164. Дека топархот Богдан наводно имал клучна улога во убиството на Г. Радомир претпоставува П. Павлов (Залезът, 29) што треба да се смета за потполно неосновано. Инаку за големото значење на титулата топарх и на Богдан како личност на посреден начин може да сведочи

"внатрешни" области во време на Самуиловата држава, само ќе упатиме на големата веројатност дека топархот Богдан можеби имал некакви управувачки ингеренции, ако не директно на престолнината Охрид тогаш секако на тврдините во Охридската област.[554]

Во продолжение расправаме за особено опширните известувања на Скилица за пристигнувањето и релативно долгиот престој на Василиј II во Охрид. Во времето кога византискиот цар од Серез се приближувал кон Струмица, во пресрет му дошол лично охридскиот архиепископ Давид/Јован, носејќи писмо од царицата Марија, жената на Ј. Владислав, во кое ветувала дека ќе ја напушти државата доколку и бидат исполнети одредени барања.[555] Од Струмица Василиј II, според Скилица, отишол во Скопје, каде за стратег автократор го назначил патрикијот Давид Аријанит, во дополнувањето на М. Деволски уште наречен катепан на Бугарија.[556]

Од Скопје се вратил преку тврдините Штип и Просек, со молитви и химни поздравуван и славен. Потоа повторно завртел на десно, пристигнал во Охрид и таму поставил логор, додека целиот народ го пресретнувал со пеење, ракоплескање и радосни извици.[557]

Потоа Скилица освен што изнесува кус опис на местоположбата на градот Охрид, кој опис подоцна бил значително дополнет и збогатен од М. Деволски,[558] детално се задржува на релативно бројните случувања во самиот град и неговата непосредна околина. Па така, според Скилица, градот Охрид

---

фактот што по предавањето бил награден со византиската титула патрикиј која ја добивале поранешните највидни високодостојници на Самуиовата држава.

[554] За големата веројатност дека топархот Богдан имал управувачки ингеренции во централните или внатрешните области на државата сп.: ВИИНЈ, III, 125 бел. 163 (Ј. Ферлуга); К. Аџиевски, Пелагонија, 60-61; Г. Н. Николов, Централизъм и регионализъм, 137, 164.

[555] Scylitzae, 357; ВИИНЈ, III, 125. Сп.: В. Златарски, История, I/2, 776; С. Антолјак, Самуиловата држава, 105. Иако кај Скилица охридскиот архиепископ е именуван како Давид, сепак во науката главно се прифаќа за валидна исправката и дополнувањето од М. Деволски дека охридскиот архиепископ во тоа време се викал Јован.

[556] Scylitzae, 358; ВИИНЈ, III, 125.

[557] Scylitzae, 358; ВИИНЈ, III, 125-126. Сп.: С. Антолјак, Самуиловата држава, 105; Ранофеудалниот период, 197; С. Пириватриќ, Самуилова држава, 129

[558] Секаде каде се сретнува текст во заграда кој завршува со иницијалите *М. Д.* во италик потребно е да се знае дека на тој начин е обележано одредено дополнување на М. Деволски сместено на соодветно место во податокот на Ј. Скилица.

лежи на висок рид (на два високи рида *М. Д.*), непосредно до големо езеро (наречено Лихнид, по кое и градот се нарекува Лихнид, а од стари времиња се вика Диасарит/Дасарит. Во ова езеро се лови огромно количество вкусни риби. *М. Д.*), од кое истекува реката Дрин течејќи кон север (истекувајќи од јужните краеви околу Девол. И го дели споменатото езеро . . . И стигнувајќи до крајот на езерото, кој на домашниот јазик се вика Струда/Струга/Струва, со него соединувајќи се станува мошне голема река. *М. Д.*), потоа завртува кон запад и се влева во Јонското море кај тврдината Леш. Градот Охрид бил метропола на цела Бугарија, во кој се наоѓале дворците на царевите на Бугарија и во кој биле насобрани богатства. Кога царот ја отворил ризницата нашол големо богатство и круни од бисери и со злато ткаена облека и 100 кентарии ковано злато, кое целото го потрошил за плати на својата војска. За архонт на градот го поставил патрикијот Евстатиј Дафномил и му оставил силен одред како посада, а потоа отишол во логорот и ја примал жената на Јован Владислав, која му била доведена. Таа со себе ги водела своите три сина и шест ќерки и вонбрачниот син на Самуил; две ќерки и пет синови од Гаврил Радомир, од кои едниот (првиот *М. Д.*) бил без очи. Нејзе царот ја примил милостиво и љубезно и наредил да се чува заедно со другите. Притоа на царот му се предале и други великодостојници како Несторица, Царица (Лазарица) и младиот Добромир, секој со сопствената тагма; беа љубезно примени и царски почестени.[559]

Од презентираните опширни податоци се добива релативно јасна слика за околностите под кои Охрид бил потчинет. Иако Скилица тоа директно не го соопштува природно е да се очекува дека царицата Марија и останатите претставници на владетелското семејство до последен момент престојувале во престолнината Охрид. Како што се дознава веројатно била следена одредена процедура/протокол на предавање, која всушност започнала со чинот на испраќање на охридскиот архиепископ Јован, кој имал задача да го пресретне и на Василиј II да му предаде писмо од царицата Марија. Иако

[559] Scylitzae, 358-359; ВИИНЈ, III, 126-129. Опишаните случувања и престојот на Василиј II во Охрид приближно треба да се датираат во пролетта-летото 1018 г. Должината

според Скилица во писмото царицата Марија единствено ветувала дека е подготвена под одредени услови да ја напушти државата, сепак од подоцнежниот развој на настаните може да се претпостави дека тогаш кај Струмица освен што било договорено мирното предавање на царското семејство, најверојатно било регулирано и мирното превземање на престолнината Охрид, каде тоа семејство престојувало.

Според В. Златарски уште кај Струмица всушност била договорена капитулација на државата.[560] Во секој случај постапката сосема наликувала на начинот на кој управителите на поголемиот број градови и тврдини лично му доаѓале во пресрет на Василиј II и му ги предавале односните владенија, само што во случајот на Охрид тоа го направила царицата Марија, но не лично туку преку писмо испратено до Василиј II со посредство на охридскиот архиепископ Јован.

Се чини дека Василиј II по добивањето на писмото од Марија го забрзал своето напредување низ Македонија со цел што побрзо да пристигне во Охрид. Не наидувајќи никаде на отпор тој од Скопје се повратил преку тврдините Штип и Просек, завртел десно и пристигнал во Охрид. Причините за неговото враќање не се познати. Но од податокот јасно може да се заклучи дека Василиј II од Скопје прво отишол за Штип (Στυπειου)[561], па за Просек, па оттаму за Охрид. Тука се поставува прашањето кој пат го користел Василиј II за да стигне од Просек до Охрид? Во науката ова прашање речиси воопшто не било третирано. Постои можност Василиј II од Просек да се упатил за Битола па оттаму преку патот Виа Егнатиа да стигнал во Охрид. Но од друга страна ни изгледа поизвесно дека Василиј II при своето забрзано движење од Просек кон Охрид тешко дека можел да го избегне Прилеп. Но доколку

---

на престојот тешко е да се определи (Сп.: П. Павлов, Залезът, 38-39).

[560] В. Златарски, История, I/2, 776.

[561] Долго време во историографијата беше присутно мислењето дека под поимот Стипион (Ступион) исклучиво треба да се подразбере градот или тврдината Штип. Иако во византискиот изворен корпус постои еден пример кога убедливо е докажано дека споменувањето на тврдината Стипион не се однесува на Штип (Сп.: К. Аџиевски, Стипион (Ступион) не е Штип, ГЗФФ, 14 (40), Скопје 1987, 88-92; Idem, Пелагонија, 44 бел. 24) во конкретниов случај потребно е да се прифати дека зад тврдината Стипион сепак се крие

прифатиме дека дошол до Прилеп во кој правец го продолжил патот до Охрид? Остануваат за разгледување барем две можности. Првата дека од Прилеп заминал за Битола па потоа следејќи ја трасата на Виа Егнатиа пристигнал во Охрид.[562] Втората дека од Прилеп се упатил за Сидерокастрон (Железнец) па потоа преку Преспа стигнал до Охрид.

Сосема е извесно дека двете комуникации биле во функција во тоа време и подоцна во средниот век.[563] Заедничко за нив е тоа што користат дел од трасата на патот Виа Егнатиа. Имајќи ги во предвид околностите дека на Василиј II во тој момент му било особено важно што побрзо да стигне во Охрид, што претпоставува дека ја користел покусата комуникација, потребно е да се спореди должината на двете комуникации. Притоа се доаѓа до сознание дека осетно покуса била втората комуникација, Прилеп-Сидерокастрон-Преспа-Охрид. Изразувајќи одредена резервираност за степенот на проодноста на споменатата комуникација, сепак сметаме дека Василиј II најверојатно ја користел неа за да стигне во Охрид.

Оставајќи го на страна описот на Скилица за местоположбата на градот, на што ќе обрнеме внимание на друго место, интересно е да се осврнеме на конкретните податоци за начинот на кој бил потчинет Охрид и што уште се случувало притоа. Сознанието дека Василиј II веднаш по пристигнувањето подигнал логор, секако надвор од градот, може да се толкува на различни начини. Сепак главните причини за таквата постапка на Василиј II веројатно треба да се бараат: прво, во неговата намера подолго време да се задржи во Охрид и околината; второ, можеби поради оправданата претпазливост при превземањето на една престолнина и проценката дека би било побезбедно доколку тој и неговата војска престојуваат надвор од градот.

Сепак од она што се дознава од Скилица дека при завземањето на градот во кој се наоѓале дворците на царевите на Бугарија и царската

---

Штип. Таквиот заклучок произлегува од толкување на описот на движењето на Василиј II пред пристигнувањето во Охрид, за кое известува Скилица.

[562] Сп.: Т. Томоски, Преспа во средниот век, карта во прилог; П. Павлов, Залезът, 38.

[563] За патните комуникации во, низ и од Пелагонија види: К. Аџиевски, Пелагонија, 4-6 и др.

ризница, Василиј II не се соочил со никаков отпор туку од граѓаните бил пречекан со пеење, ракоплескање и радосни извици, потребно е да се претпостави дека логорот повеќе му послужил во неговата првична намера подолго време да се задржи во градот Охрид, престолнината на Самуиловата држава. Така за разлика од 1015 г., овојпат градот бил целосно потчинет заедно со тврдината, но тоа овојпат несомнено било сторено на мирен начин и по се изгледа веќе било претходно договорено. Богатата ризница најверојатно се наоѓала во царските дворци лоцирани во охридската тврдина.[564] Најденото богатство, кое претходно го наброивме, царот Василиј II го поделил како плати за војниците. Пред да се врати во својот логор Василиј II воено ги утврдил византиските позиции и на тој начин ги осигурал своите придобивки во градот. За да го постигне тоа за византиски архонт на градот го поставил патрикијот Евстатиј Дафномил, оставајќи му притоа силен одред како посада. Така завладувајќи ја всушност охридската тврдина и осигурувајќи ја со архонт и воена посада тој сега се здобил со целосна и фактичка контрола на градот. Опишаната постапка при завземањето на Охрид веројатно вообичаено била применувана при мирното потчинување на поголемиот број градови и тврдини, но сосема е разбирливо што Скилица посебно се задржува на случајот на завземањето на Охрид поради тоа што се работи за престолнина и нејзиното потчинување имало симболично значење како притоа да се покорува целата држава.

По византиското фактичко и целосно превземање на градот Охрид во логорот на Василиј II биле доведени царицата Марија, нејзините три сина и шест ќерки; вонбрачниот син на Самуил и двете ќерки и петте сина на Гаврил Радомир. Известувањето на Скилица дека царицата Марија со потесното царско семејство била доведена пред византискиот цар, а не дека таа сама

[564] Од досегашните и во последно време мошне изнтензивни археолошки истражувања на локалитетот "Самуилова тврдина", не се пронајдени било какви наоди или остатоци од градби кои би можеле да се поврзат со царските дворци на владетелите на Самуиловата држава. Дали евентуалната причина за тоа треба да се бара што двореците биле изградени од дрвен материјал, слично како што веројатно биле нелоцираните дворци на Гаврил Радомир во Битола? Имено К. Аџиевски (Пелагонија, 43 бел. 21) со право претпоставува дека битолските дворци на Г. Радомир најверојатно биле изградени од дрвен материјал.

дошла во логорот, упатува на претпоставката дека таа заедно со семејството веќе од претходно се предала на Византијците и веројатно одредено време чекала да биде примена од византијскиот цар. Времето на доведувањето на Марија заедно со нејзините деца и внуци во логорот на Василиј II токму по фактичкото потчинување на престолнината не треба да се смета за случајно. Со тој чин по фактичкото всушност било спроведено и формалното потчинување на престолнината и државата.

Инаку за време на престојот во логорот, кој сигурно се наоѓал во непосредна близина надвор од градските ѕидини, на Василиј II му се предале великодостојниците: Несторица, Царица (Лазарица) и младиот Добромир, секој со својата војска. Освен Несторица, за кого се знае дека уште во времето на Самуил во една прилика бил испратен со голема војска против Солун и бил еден од многу влијателните великодостојници кај Бугарите,[565] за останатите двајца не постојат претходни податоци. Останува неизвесно дали Добромир, управителот на Верија и зет на Самуил, кој во 1001 г. го предал градот на Византијците, треба да се поистовети или роднински да се поврзе со младиот Добромир, кој дошол со својата војска да му се предаде на Василиј II во Охрид.[566]

Директната поврзаност на споменатите тројца великодостојници со Охрид е малку извесна, но нивното предавање во логорот кај Охрид и нивното споменување од Скилица како великодостојници/велможи (οἱ μεγιστᾶνες) кои предводат свои воени единици (тагми), а не вообичаено како управители на одредени градови или тврдини можеби упатува на некаква поинаква заднина на нивниот статус. Од првиот податок за Несторица од времето на Самуил јасно призлегува дека тој бил војскододач и многу влијателен великодостојник, но не и управник на одредена област, град или тврдина. Таквата позиција на Несторица на своевиден начин се потврдува со

---

[565] Scylitzae, 350; ВИИНЈ, III, 110. Сп.: Г. Н. Николов, Централизъм и регионализъм, 145-146.

[566] Сп.: В. Златарски, История, I/2, 778, бел. 3; ВИИНЈ, III, 97, бел. 69 (Ј. Ферлуга); Г. Н. Николов, Централизъм и регионализъм, 139, 147, 159, 161

неговото второ споменување кога заедно со Лазарица и младиот Добромир, се наречени великодостојници кои располагаат со своја војска, но не и како управители на одредени градови или тврдини. Оттука може да се претпостави дека слично како Несторица, кој уште од времето на Самуил влегувал во редот на многу влијателните благородници и војскододачи, најверојатно задржувајќи ја својата позиција до крајот на владеењето на царот Ј. Владислав, така и Лазарица и младиот Добромир влегувале во најтесниот круг на особено видните дворски благородници и војсководачи. За нивната евентуална воено-одбранбена ангажираност по смртта на Ј. Владислав ништо не се знае, но фактот што се предале во Охрид можеби упатува на веројатноста дека нивните војски всушност претставувале еден позначителен остаток од главнината на македонската војска која требало да ја брани престолнината и царското семејство. За исполнување на таквата нивна евентуална задача тие морале да бидат распоредени во Охрид или во неговата околина и доколку било потребно да го бранат градот. Сепак сето тоа останува во доменот на претпоставките.

Од еден драгоцен додаток на М. Деволски, соопштен во контекст на случувањата од 1072 г., индиректно произлегува дека Васлиј II во 1018 г. ги урнал ѕидините на Охрид. Имено од податокот конкретно се дознава дека во 1072 г. градот не бил утврден туку се наоѓал во рушевини од кога го разурнал царот Василиј, плашејќи се бугарскиот дворец, кој во него се наоѓал, да не стане големо жариште на побуна.[567] Бидејќи во изворот не е прецизирано се поставува прашањето кои ѕидини можел да ги разурне Василиј II: тврдинските или подтврдинските? Потребно е да се претпостави дека тука единствено се работи за подтврдинските ѕидини, чии остатоции и денес делумно го опколуваат Варош. Впрочем каде би престојувале архонтот Е. Дафномил и следните охридски архонти и стратези, како и градската воена посада доколку во таа прилика биле урнати и ѕидините на охридската тврдина. Познато е дека во рамките на еден средновековен град тврдината

---

[567] Joannes Scylitzes Continuatus, ed. E. T. Colakis, Thessalonike 1986, 164; ВИИНЈ, III, 182.

била најзначајниот и најбезбедниот дел од градот, од каде всушност се обезбедувало фактичко воено-административно владеење.[568]

Следуваат интересни известувања на Скилица за тоа како Василиј II се справил со отпорот кој го пружале Прусијан, Алусијан и Арон, синовите на Ј. Владислав и Марија, кои веднаш не се предале бидејќи уште претходно избегале од Охрид и се засолниле на планината Томор. Додека Василиј II престојувал во Охрид по негова наредба тие биле подложени на подолга опсада, бидејќи византиската војска го имала опколено подмножјето на споменатата планина. Токму директен повод за Василиј II да го напушти Охрид била веста дека тројцата браќа изразиле подготвеност да се предадат. Од Охрид Василиј II се упатил кон Преспанското Езеро и поминувајќи ја планината која се наоѓала меѓу двете езера подигнал тврдина на нејзиниот врв и ја нарекол Василида (Βασιλίδα). По пристигнувањето во Девол, Василиј II ги примил тројцата браќа и ги удостои со високи византиски титули.[569]

Останува непознато уште колку време Василиј II би се задржал во Охрид доколку поради добиената вест за изразената подготвеност на тројцата браќа-бунтовници да се предадат не се упатил преку Преспа кон Девол. Сознанието дека тие биле подложени на долготрајна опсада токму во времето додека Василиј II престојувал во Охрид, посредно оди во прилог на тврдењето дека византискиот цар релативно подолг временски период останал во Охрид.

Напуштајќи го Охрид Василиј II превзел уште една значајна мерка за дополнително утврдување на безбедноста на во тој момент веќе поранешната престолнина Охрид и неговата околина. Движејќи се по патот Охрид-Преспа и пристигнувајќи на врвот од неименуваната планина меѓу Охридското и Преспанското езеро, Василиј II наредил да се изгради нова тврдина која го добила името според неговото име, Василида. Според Ј. Иванов тврдината Василида треба да се доведе во врска со денешното ресенско село Царев

---

568 За урбаната структура на градот и на односниот податок подетално се осврнуваме во VI глава.

569 Scylitzae, 359-360; ВИИНЈ, III, 129-130.

Двор и истата да се бара на некој локалитет кој би требало да се протега над споменатото село.[570] Ваквото мислење В. Кравари со право го отфрла бидејќи споменатиот топоним се наоѓа длабоко во рамнина.[571] Без конкретно да се посочи по кој пат се движел Василиј II во науката вообичено се смета дека тврдината Василида била подигната на врвот од планината Петрино.[572] Според друго пак мислење едноставно Василида била значајна тврдина на патот Виа Егнатиа, без притоа поконкретно да се одреди нејзината локација.[573] Иако на прв поглед изгледа дека лоцирањето на тврдината не би требало да претставува особен проблем, сепак не е така.

Поконкретно со прашањето на убикација и идентификација на споменатата тврдина се занимавал Т. Томоски. Тој во два свои труда се осврнал на тоа прашање и притоа предложил две сосема различни локации. Во првиот прилог тргнувајќи од податокот на Скилица дека тврдината била подигната на патна комуникација која ги поврзувала Охрид и Преспа, тој се изјаснува дека западно од постојната и главна комуникација Битола-Буково-Охрид, постоеле уште две патни комуникации: едната преку Петрино, а другата преку Исток. Патот што некогаш водел преку Исток според него била најблиската можна врска меѓу Охрид и Преспа и токму на тој пат била подигната тврдината Василида. Тој пат кај с. Евла навлегувал во планината, минувал по течението на Источка Река до нејзиниот состав со Кошарска Река, покрај месноста "Кале" се искачувал до Црвен Камен на врвот од планината и преку с. Рамне се спуштал до Охрид. Поконкретно Василида била изградена во месноста "Кале", на едно скришно место меѓу реките

---

[570] Й. Ивановъ, Царъ Самуиловата столица въ Преспа, Известия на Българското археологическо дружество, I, София 1910, 76 (Поради недостапност цитирано преку Т. Томоски, Белешки за некои месности во Македонија во почетокот на XI век, Илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на Самоиловата држава, Скопје 1971, 208 бел. 17.). Сп.: Гръцки извори за българската история, VI, София 1965, 292 бел. 3 (В. Тъпкова-Заимова); ВИИНЈ, III, 130 бел. 176 (Ј. Ферлуга); С. Антолјак, Самуиловата држава, 106 бел. 1106.

[571] V. Kravari, Villes et Villages de Macedoine Occidentale, Paris 1989, 361.

[572] Сп.: ГИБИ, VI, 292 бел. 2 (В. Тъпкова-Заимова); С. Антолјак, Самуиловата држава, 106 бел. 1106; Т. Томоски, Преспа во средниот век, 73; К. Аџиевски, Пелагонија, 60 бел. 63.

[573] Ј. Ферлуга, Драч и његова област, 89.

Источка и Кошарска, од сите страни опкружена со ридови. Тврдината зафаќала голем простор и била оддлечена околу 5 км од с. Евла. Проширената сатеска од Источка Река служи како единствен и тешко прооден пристап до тврдината. Бујната вегетација во голема мера го отежнува рекогносцирањето на тврдината. На теренот се сочувани остатоци па и цели платна од ѕидови, особено од северната страна, исто така насекаде се забележувавaат керамиди и камени плочи.[574]

Во вториот прилог на некогашната локација на Василида, на локалитетот Кале во близина на с. Евла, се лоцира дворецот на Ивец, Проништа (Коприниста). Овојпат се истакнува дека Василида била изградена на врвот на планината Петрино, над дворецот на Ивец. Истакнувајќи дека целта на подигнувањето на тврдината Василида била да се контролира магистралниот пат на делницата Охрид-Пелагонија, како и патот што од Охрид преку Преспа водел за Девол, Т. Томоски предлага сосема друга локација на протегање на овој воен пункт. За некогашното постоење на комуникација на тој простор, според него, сведочи зачуваниот микротопонимот Друм, на рбетот на Петринска планина. "Месноста врз која била изградена тврдината Василида личи на шаториште. Станува збор за еден каменест рид, кој во вид на шатор се издига над Петринско поле. Локалитетот е зараснат со буки и врби и тоа го отежнува неговото рекогносцирање. Во западниот дел на тврдината се распознава долниот дел од една просторија. Освен тоа, има траги уште од неколку простории, кои меѓусебно биле преградени со ѕидови. При ѕидањето бил употребен црвено-бел малтер. Тврдината на западната страна имала два појаси ровови. Таа некогаш располагала и со јака вода за пиење."[575]

---

[574] Т. Томоски, Белешки за некои месности, 208-209. Сп.: Археолошка карта, II, 334.
[575] Idem, Преспа во средниот век, 73-74..

Имајќи ги во предвид двете различни лоцирања на Василида, В. Кравари споменувајќи начелно дека позицијата на тврдината е непозната, не се определува дали тврдината се протегала на Исток планина или Петрино.[576]

Во описот на предложените два различни локалитети, каде Т. Томоски претпоставува дека се протегала тврдината Василида, се забележува недоследност. Очигледно е дека авторот во меѓувреме го променил мислењето. Во првиот опис Василида се поврзува со локалитетот Кале, кој бил 5 километри оддалечен од селото Евла и се наоѓал на спореден, тешкопрооден, но веројатно најкус пат кој минувал преку селата Исток и Евла, односно преку планината Исток. Притоа описот е доста јасен и коректен.

Но според вториот опис останува недоволно јасна и позната предложената локација на Василида. Освен што се споменува магистралниот пат Охрид-Пелагонија, врвот на планината Петрино, микротопонимот Друм, Петринско поле, други упатувања кои би ја конкретизирале местоположбата на тврдината не се понудени. Сепак од понудените карти забележително е дека второпредложената локација на Василида се поместува на север од локалитетот Кале,[577] поблиску до главната маршута на Виа Егнатиа. Потребно е да се претпостави дека овојпат тврдината веројатно се сместува на или во непосредна близина на главната патна маршута преку превојот Буково и планината Петрино. Покрај недостатоците и недоволната прецизност во описот на локалитетот за поизвесна ни изгледа второпредложената локација, најмногу поради близината на главната патна комуникација.

Се чини дека за точно утврдување на местополжбата на Василида недостасуваат дополнителни изворни податоци. Исто така неопходни се археолошки истражувања како на предложените локалитети од Т. Томоски,

---

[576] V. Kravari, Villes et Villages, 361. Г. Принцинг (Historisch-geographische Bemerkungen zu Carev dvor und Malaina, Byzantinoslavica, 49/2, Prague 1988, 213-214) во врска со лоцирањето на тврдината Василида сосема неодредено ги споменува планините Галичица и Исток.

[577] Т. Томоски, Преспа во средниот век, 50 и карта во прилог. На картите може да се види предлог-маршутата по која се движел Василиј II од Охрид за Девол. Се чини дека може да се прифати.

така и на некои други утврдени позиции околу превојот Буково, кои евентуално би помогнале во утврдувањето на местополжбата на оваа значајна тврдина. Значи локацијата и остатоците на тврдината Василида сметаме дека треба да се бараат во околината на превојот Буково. Тој простор навистина изгледа најпогоден за изградба на една тврдина која требала да има функција на попатен воен пункт за контрола на патот Виа Егнатиа, а не на некој спореден пат.

Без сомнение подигнувањето на тврдината Василида било предвидено да има исклучително значење во обезбедувањето и сочувувањето на византиските територијални придобивки во Македонија, поконкретно за држење под засилена воена контрола на главниот патен приод кој водел кон поранешната престолнина на Самуиловата држава.

Известувајќи за доведувањето на ослепениот македонски великодостојник Ивец пред византискиот цар од страна на охридскиот архонт Евстатиј Дафномил, кој настан следувал по предавањето на тројцата браќа Прусијан, Алусијан и Арон во Девол, за Скилица претставувало доволен повод да се наврати и мошне детално да ја раскаже случката на кој начин Ивец бил ослепен и совладан. По предавањето на царицата Марија и останатите благородници, отпор продолжил да пружа Ивец, претставник на највисокото благородништво на Самуиловата држава. Тој одбивајќи да се предаде избегал и се засолнил во својот дворец Проништа (Копринистра *М.Д.*), кој се наоѓал во непроодната планина Брохот. Во текот на 55 дена Василиј II на разни начини неуспешно се обидувал да го потчини Ивец. Најпосле тоа му успеало на охридскиот архонт Е. Дафномил кој самоиницијативно со двајца слуги се појавил во дворецот на Ивец, за време на верската прослава посветена на Успение на пресвета Богородица, наводно како гостин. Користејќи ја збунетоста и чудењето на Ивец од доаѓањето на ненајавениот и непоканет гостин, помислувајќи дека можеби доаѓа да се предаде и да му се придружи; Е. Дафномил успеал да ја придобие довербата на домаќинот и во првиот најпогоден момент со помош на слугите истиот да го ослепи. Со помош на впечатливиот говор кој го одржал потоа, кој во

целост го пренесува Скилица, Е. Дафномил на речиси неверојатен начин не само што лично се извлекол од незавидната ситуација туку успеал ги одврати приврзаниците на Ивец од понатамошен отпор, по што му било дозволено да го донесе ослепениот заробеник Ивец пред византискиот цар во Девол. За подвигот што го направил бил награден со доделување на целиот движен имот на Ивец и со унапредување во стратег на Драч.[578]

Во доменот на прашања посредно поврзани со случувањата во Охрид може да се третираат оние за лоцирањето на планините Томор и Брохот. За лоцирањето и идентификацијата на двете планини до денес во науката не е завршена дискусијата. Како што е познато во првата планина одредено време отпор пружале погоре споменатите тројца избегани синови на царицата Марија, а во втората благородникот Ивец. По нивното совладување сигурно се знае дека царот Василиј II ги примил во Девол. Токму затоа може да се забележи дека во науката оправдано доминираат мислењата според кои се предлага двете планини да се бараат во близина на градот Девол, покрај тоа што ни тој не е потполно сигурно лоциран.[579]

Но во науката постои и сосема поинакво мислење според кое планините Томорос и Брохот (Грохот) се сместуваат меѓу Охрид и Преспа. Па така постоењето на оронимот Томорос, како планинскиот врв на планината Галичица, над селата Отешево и Пештани, се поистоветува со Томор, а Брохот/Грохот е всушност денешната Исток Планина, односно Петрино.[580]

Истакнувајќи дека е тешко попрецизно да се лоцираат планината Брохот и дворецот Проништа и изнесувајќи ги различните мислења во

[578] Scylitzae, 360-363; ВИИНЈ, III, 130-133.

[579] За различните лоцирања на градот Девол во науката со богата библиографија види: Кирило-методиевска енциклопедия, I, 576-580. За најизгледно лоцирање на средновековниот Девол ни изгледа она предложено од Т. Томоски (Записи за средновековниот Девол, 409-410) според кого градот се протегал над селото Ѕвезда, во подмножјето на Сува Гора, денес во Албанија. В. Златарски (История, I/2, 780, бел. 2) смета дека планината Брохот и дворецот Прониште се наоѓале во планината Томор во близина на Берат. Според Ј. Ферлуга (ВИИНЈ, III, 129, бел. 171) планината Томор се протегале меѓу реките Девол и Озум, во денешна Албанија.

[580] Т. Томоски, Преспа во средниот век, 71-73; Idem, Записи за средновековниот Девол, 403. Всушност планината Исток претставува дел од планината Петрино.

науката по тоа прашање, К. Аџиевски аргументирано го проблематизира мислењето на Т. Томоски. Според него лоцирањата што се предложени се премногу блиску до Охрид и не се сосема во склад со пишувањата на Скилица, кој известува дека византискиот цар отишол од Охрид во Девол за да биде поблиску до местото каде се наоѓал Ивец. Па оттаму со право заклучува дека Брохот и Проништа секако биле поблизу до Девол отколку до Охрид, во спротивно немало потреба Василиј II да го напушта Охрид и да оди во Девол.[581]

Прифаќајќи ја аргументацијата на К. Аџиевски сметаме дека тезата на Т. Томоски за лоцирањето на Брохот и Проништа во непосредната околина на Охрид е доста произволна и потребно е да се отфрли. Уште повеќе аргументација од К. Аџиевски може да се понуди за оспорување на идентификацијата на планината Томор со планинскиот врв меѓу Отешево и Пештани, односно со планината Галичица. Планината Томор слично како Брохот, независно од нејзиното точно лоцирање, речиси сосема е извесно дека се протегала во близина на Девол и била доста оддалечена од Охрид.

Бидејќи главниот организатор и актер на невообичаената и храбра акција за ослепување и заробување на Ивец бил неодамна поставениот архонт на Охрид, Евстатиј Дафномил, сметаме дека се наметнува потребата од коментирање на неговата улога во завршниот воен потфат за потчинување на Самуиловото царство предводен лично од Василиј II. Должностите кои ги извршувал: прво архонт на Охрид, потоа стратег на Драч; подвигот што го направил со ослепувањето и заробувањето на Ивец и високата титула патрикиј која ја носел; Е. Дафномил го сместуваат во редот на најдоверливите луѓе на царот Василиј II. Токму тој со акцијата за заробување на Ивец бил најзаслужен за непречено продолжување на победоносниот поход на Василиј II, кој главно поради сериозноста и жилавоста на отпорот кој го пружал Ивец бил принуден речиси два месеци непланирано да се задржи во Девол. Тоа без сомнение претставувала најголемата пречка со која се соочил Василиј II за време на походот. За тоа

[581] К. Аџиевски, Пелагонија, 60, бел. 63 и цитираната литература.

колку Василиј II го вреднувал подвигот на Е. Дафномил говори фактот што тој веднаш добил значајно унапредување и од охридски архонт станал драчки стратег. На тој начин може да се заклучи дека Е. Дафномил, како прв византиски архонт на Охрид, останал исклучително кратко време, можеби нешто повеќе од два месеци. За воспоставувањето на новата византиска административна управа во Македонија и Охрид и нејзината трансформација во текот на XI век пошироко се осврнуваме во следната глава.

За време на подолготрајниот престој во Девол освен што Е. Дафномил бил поставен за стратег на Драчката тема и самата тема била обезбедена со воена посада, Василиј II поставил византиски стратези и воени посади уште во темите Колонеја и Дринопол.[582] Пред да го напушти Девол Василиј II им допуштил на ромејските заробеници, кои сакале да останат во областите да го сторат тоа, а на останатите (и порано заробените војници. Бидејќи многу од Ромеите и Ерменците биле населени од Самуил во Пелагонија, Преспа и Охрид, од кои највидни биле синовите на Алексиј Апокап, Григора и . . . појде *М. Д.*) им наредил да го следат и пошол во Костур.[583]

Погоре делумно веќе го користевме односниот податок на Скилица и дополнувањето на М. Деволски како посреден доказ и потврда дека во текот на своето успешно војување Самуил заробувал и во внатрешните области на својата држава населувал значителен број Ромеи и Ерменци. Уште повеќе од овој податок децидно се дознава дека Охрид и неговата област влегувале во териториите каде биле населени еден дел од заробените Ромеи и Ерменци, на кои Василиј II им понудил да останат таму каде што се наоѓале или да појдат по него и да го следат во неговото напредување кон Костур. Веќе истакневме дека навистина е тешко да се каже нешто поконкретно за бројот на населените Ромеи и Ерменци во Охрид и околината. Поради тоа мора да остане сосема неизвесен бројниот сооднос на оние кои одлучиле да останат и оние кои заминале да го следат Василиј II за Костур.

---

[582] Scylitzae, 363; ВИИНЈ, III, 133. За лоцирање на темите Колонеја и Дринопол види: ВИИНЈ, III, 133 бел. 186 (Ј. Ферлуга).

[583] Scylitzae, 363; ВИИНЈ, III, 133.

Од настаните кои се случиле во Костур, Скилица го издвојува доведувањето на две ќерки на Самуил пред царот Василиј II. Во врска со тој настан повторно се споменува царицата Марија, која во таа прилика била нападната од двете сестри со закана дека ќе биде убиена. Според Скилица тоа се случило само поради тоа што стоела покрај византискиот цар, а М. Деволски дополнува дека причината за нападот врз Марија треба да се бара во веќе добиената висока дворска титула. Без разлика дали Марија, според Скилица, ја добила титулата зосте во Костур непосредно по конфликтот со самуиловите ќерки или, според М. Деволски, ја имала добиено уште од претходно, таа и поширокото царско семејство од Костур била испратена за Константинопол.[584]

Тоа е првиот податок во кој се споменува Марија по нејзиното предавање во Охрид и наредбата на Василиј II да се чува заедно со останатите повидни предадени лица. Со презентираниот податок освен што директно се открива решението на Василиј II за новиот статус на Марија и дел од царското семејство, всушност посредно се даваат доволно основи од кои може да се претпостави нивната судбина по извршеното предавање во Охрид.

Иако присуството на Марија воопшто не се споменува за време на подолгиот престој на Василиј II во Девол, сепак постои голема веројатност дека таа и царското семејство за цело време од напуштањето на Охрид до пристигнувањето во Костур се наоѓале во непосредна близина на царот Василиј II. Од тука се наметнува прашањето дали евентуалното присуство на Марија во Девол можело да влијание на одлуката на нејзините бунтовни синови Пресијан, Алусијан и Арон да го прекратат отпорот на планината Томор?

Од сведоштвото на Скилица како невообичаена постапка на Василиј II може да се толкува подоцнежното доделување на титулата зосте на царицата Марија во Костур, а не веднаш во Охрид. Имено далеку побројни се примерите кога Василиј II титулирањето на поранешните великодостојници и управители на Самуиловата држава го извршувал непосредно по нивното

[584] Scylitzae, 363-364; ВИИНЈ, III, 133-134.

предавање, а не подоцна како во случајот со царицата Марија. Причините за тоа можеби треба да се бараат во претпазливоста на Василиј II. Принудното побрзо напуштање на Охрид и релативната неизвесност за позитивниот исход на походот, која се појавила за време на неговиот подолг престој во Девол, најмногу предизвикана од жилавиот отпор на тројцата браќа на планината Томор, од една страна и на благородникот Ивец на планината Брохот, од друга страна, можеби влијаеле на таквата одлука.

Сега веќе било прашање на време кога Василиј II ќе го прослави својот триумф во Константинопол. По уништувањето на сите тврдини во областите на Сервија и Соск, напуштајќи ја Македонија, преку тврдината Стаг (Тесалија), Василиј II пристигнал во Атина. Од таму преку Солун се вратил во Константинопол. На тој начин пролетта 1019 г., носејќи златна круна, царот Василиј II триумфално влегол во византиската престолнина. Пред него одела Марија, жената на Ј. Владислав, ќерките на Самуил, други великодостојници и, според М. Деволски, архиерејот на Бугарите.[585]

На опишаниот начин и симболично било одбележано целосното потчинување на Самуиловото царство. Веќе поранешната престолнина Охрид и останатите пространи територии од освоената држава за подолго време биле вклучени во Византиското царство.

---

[585] Scylitzae, 364-365; ВИИНЈ, III, 135.

# ГЛАВА V : ОХРИД ПОД ВИЗАНТИСКА ВЛАСТ (1018-1118)

## 1. Административна поставеност

Во историографијата подолго време се води дискусија за формата и природата на византиското воено-административно уредување на Балканот по 1018 г. Имајќи ја во предвид сложеноста на проблематиката и повеќеслојноста на постигнатите резултати, Љ. Максимовиќ се определил да издвои три значајни појави или карактеристики кои ја одбележуваат византиската провинциска управа во текот на XI век: 1. прагматичен пристап при формирањето на институциите; 2. територијално ситнење на надлежностите; 3. долготрајност на генезата на византиската административна управа.[586]

Победоносниот поход на Василиј II од 1018 г. воедно бил искористен за да се удрат темелите на новата византиска административна поделба и уредување во новоосвоените балкански територии, кои само формално и уште за сосема кусо време ќе бидат сметани за области на Самуиловата држава. Како што веќе претходно беше споменато, според Скилица, пред пристигнувањето на Василиј II во Охрид, било извршено именување на патрикијот Давид Аријанит за стратег автократор во Скопје. М. Деволски го дополнува податокот дека истата личност всушност станала катепан на Бугарија.[587]

Главно темелено на презентираните податоци во науката се изградило мислење дека еден поголем дел од поранешните територии на Самуиловото царство, особено неговите централни делови во кои влегувале пространи македонски области, целосно биле опфатени во новата византиска воено-административна единица-тема, која имала ранг на катепанат. Новоформираната покрупна административна единица

[586] Љ. Максимовић, Организација византијске власти, 32-34.
[587] Scylitzae, 358; ВИИНЈ, III, 125.

имала седиште во Скопје и била наречена “Бугарија”.[588] Притоа сосема извесно изгледа тврдењето на Ј. Ферлуга дека темата-катепанат “Бугарија” била создадена во 1019 г. по триумфалното враќање на Василиј II во Константинопол, кога во многу постабилизирана ситуација било пристапено кон спроведување на управни мерки.[589]

Иако недостасуваат конкретни изворни податоци најверојатно градот Охрид и околината од почеток станале дел на спомenатата новоформирана покрупна тема. Таквата претпоставка посредно произлегува од утврденото становиште во науката дека во темата “Бугарија” влегле поранешните централни области на Самуиловата држава,[590] во кои се вбројувала и Охридската област со центарот Охрид.[591]

Во времето кога патрициј Евстатиј Дафномил се споменува како “архонт на градот” (ἄρχοντα τῆς πόλεως)[592] Охрид, кој прв сосема кусо време во текот на 1018 г. ја вршел таа функција, веројатно темата Бугарија сеуште не била формирана. Може да се претпостави дека по заминувањето на Е. Дафномил од Охрид и по формирањето на темата-катепанат Бугарија, односно барем во текот на првата половина на XI век, во Охрид продолжила практиката на именување архонти на градот.

Присутното мислење во науката дека по 1018 г. Охрид од метропола веднаш бил претворен во седиште на Охридска тема, во која влегувале

---

588 Г. Острогорски, Историја на Византија, 374; ВИИНЈ, III, 125-128 бел. 165 (Ј. Ферлуга); Љ. Максимовић, Организација византијске власти, 37 и бел 31. Мислењето според кое во првичниот период Охрид бил седиште на катепанатот Бугарија, треба да се смета за застарено и веќе надминато во науката.

589 ВИИНЈ, III, 128 бел. 165 (Ј. Ферлуга).

590 Види бел. 3. Според К. Аџиевски (Пелагонија, 63) како една од централните области на Самуиловото царство, Пелагонија по се изгледа влегла во составот на големата тема Бугарија. Не треба особено да се потенцира дека и блиската на Пелагонија Охридска област, како една од централните области на поранешната држава, исто така веројатно била приклучена кон новата византиска административна област.

591 Сп.: Ј. Ферлуга, Драч и његова област, 93.

592 Scylitzae, 359; ВИИНЈ, III, 129. П. Стефенсон (The Legend, 35) на едно место погрешно го титулира Евстатиј Дафномил “*strategos* of Ohrid”, наместо архонт. За продолжетокот и крајот на успешната кариера на патрикијот Е. Дафномил види: Б. Крсмановић, Успон војног племства у Византији XI века, Београд 2001, 58-59. За него е утврдено дека не припаѓал на познато благородничко семејство, така што угледната титула патрикиј и позициите кои ги завземал биле последица на неговите војнички способности (Ibidem).

градот и околната област,[593] потребно е да се отфрли бидејќи е потполно изворно незасновано и хронолошки преурането.

Во изворниот материјал кој се однесува на втората половина на XI век се идентификува постоење на нови и поинакви теми на просторот на Балканот, кои биле драстично помали по обем од сеуште постоечките големи и постари теми (Драчката, Солунската, Тракиската и др.). Во врска со појавата на овие мали теми во науката постојат различни мислења за нивниот однос со постоечките покрупни теми. Токму по тоа прашање, имајќи ги во предвид досегашните резултати од истражувањата, чија цел била реконструкција на византиската провинциска управна организација во XI век, Љ. Максимовиќ смета дека постојат две поларизирани гледишта. Според првото гледиште големите теми биле поделени на помали, во рамките на некој вид степенасто уредување; додека според второто гледиште малите теми во потполност ја превзеле улогата на посебни административни единици, а сочуваните имиња на некогашните големи теми исклучиво ја одбележувале територијалната подлога на надлежностите на високите команданти на војската, чии ингеренции се протегале над повеќе помали теми. Постои и трето гледиште кое е најмалку елаборирано и најмалку децидно, но за кое се чини постои најмногу оправдување. Имено според тоа гледиште воопшто под сомнение се става прошireното сфаќање во науката за постоење на цврсто воспоставена административна структура. Сосема спротивно на двете доминантни гледишта се дошло до релативно убедлива констатација дека во текот на разгледуваниот период не постоел единствен концепт во извршување на промените, туку единствено прагматични, палијативни решенија.[594]

Според М. Милет во науката не може да се прифати просто решение за тоа како изгледало византиското административно уредување на централните предели на поранешната Самуилова држава во XI век,

---

[593] Б. Панов, Охрид и Охридско во периодот на развиениот феудализам, Охрид и Охридско низ историјата, I, Скопје 1985, 199. Ј. Ферлуга (Драч и његова област, 87) ја дозволува можноста дека мала тема Охрид била формирана уште во 1018 г., без притоа да понуди изворна поткрепа.

[594] Љ. Максимовић, Организација византијске власти, 32, бел. 4 со цитираната литература.

како што на симлифициран начин може да се толкуваат тезите на: В. Златарски-за интегрална тема Бугарија; Н. Банеску- за две теми; С. П. Киријакидис-за хиерархиска поставеност; па дури и онаа на Х. Арвелер-за сложен развој. Според М. Милер формирањето на темата Бугарија се случило по примерот на соседните големи теми, но нејзиното опстојување не го издржало испитот на времето. Евидентно е постоењето на "мали воени" и "мали фискални" теми кон крајот на XI век на просторот на поранешната тема Бугарија, кои главно биле под контрола на големите и стари Драчка и Солунска тема.[595]

Појавата на малите теми претставува недвосмислен доказ за територијалното ситнење на надлежностите како карактеристика на византиската воено-административна управа во XI век, без разлика дали тие мали теми влегувале во состав на поголеми агломерации или функционирале самостојно. Заедничко за тие помали теми било тоа што тие во најголем број случаи биле управувани од стратези.[596]

Токму во втората половина на XI век, поточно во 1072 г. за време на востанието предводено од Ѓорѓи Војтех и Константин Бодин, во изворите се појавува засега најраниот познат охридски стратег. Според едно известување на продолжувачот на Ј. Скилица, на кое подетелно ќе се задржиме подолу во поглавиево, пред налетот на востаничката војска предводена од Петрило, охридскиот стратег Маријан бил принуден да го напушти градот Охрид и да се засолни во Костур.[597]

Тоа претставува прво споменување на еден управител на Охрид по архонтот Е. Дафномил (1018). Но за разлика од архонтот Е. Дафномил, чии воено-управни ингеренции веројатно биле тесно поврзани за градот и во време кога било премногу рано за постоење на мали теми; споменувањето на стратегот Маријан во седумдесетите години на XI век упатува на помислата за постоење на посебна т.н. "мала" Охридска тема.[598]

---

595 M. Mullet, Theophylact of Ochrid-Reading the Letters of a Byzantine Archbishop, Variorum 1997, 59-63.

596 Љ. Максимовић, Организација византијске власти, 32-33.

597 J. Scylitzes Continuatus, 164; ВИИНЈ, III, 182.

598 Сп.: S. Kyriakides, Βυζαντιναι Μελεται, Solun 1939, 144 (поради недостапност цитирано преку ВИИНЈ, III, 182 бел 31). Во науката постои поинакво мислење дека стратегот на Охрид не претставувал управител на истоимената тема, туку дека бил воен командант на византискиот гарнизон. Сп.: Г. Острогорски, Историја на Византија, 374

Времето на формирање на споменатата тема засега мора да остане непознаница.

Во врска со споменатиот охридски стратег Маријан особен интерес предизвикува неговото име. Постојат силни индиции дека на името може да му се даде словенска атрибуција. Во недостиг на други изворни податоци неговиот идентитет и евентуално претходни воено-управни ангажмани засега мора да останат непознати. Сепак доколку стратегот Маријан имал словенско потекло, карактеристично е тоа што тој е пример за личност која успеала да се искачи на релативно високо место во византиската провинциска управа, особено во предел доминантно населен со македонско словенско население, што не претставувало честа појава.

Споменувањето на некој Ариебиј, во едно известување од Ана Комнена, кој во 1082 г. од норманско освојување успешно ја одбранил охридската тврдина, секако привлекува внимание.[599] Според едни истражувачи тој бил византиски управник[600] или командант[601] на градот; според други командант на тврдината на Оцхрида;[602] според трети византиски војсководач;[603] а според четврти имал ерменско потекло.[604]

Иако Ариебиј конкретно не се именува како стратег на градот-седиште на истоимената тема, постои можност дека се работело за

---

бел. 194; Г. Литаврин, Болгария и Византия в XI-XII вв., Москва 1960, 294; ВИИНЈ, III, 182 бел. 31 (Б. Радојчиħ). Б. Панов (Развиениот феудализам, 199-200; Охрид од средината на X век, 732-733) од непознати причини избегнува да го спомене името на стратегот Маријан, иако цитирајќи го односниот податок воопштено констатира дека управителот на Охридската тема се сретнува и со титулата стратег.

599 Anne Comnene, Alexiade-Regne de l'Empereur Alexis I Comnene 1081-1118, Texte etabli et traduit par B. Leib, II, Paris 1943, 22; ВИИНЈ, III, 381.

600 К. Аџиевски, Пелагонија, 77.

601 Б. Петровски, Односот на населението и локалните власти од Северозападна Македонија (Полог и Скопје) кон норманските "варвари" и "цивилизираните" Византијци за време на византиско-норманската војна 1081-1085 година, Епохи, XI/1-2 (2003), Велико Търново 2005, 131.

602 А. Тончев, Италианските нормани и балканското население под Византиска власт (1018-1100), Исторически преглед, 31/2, София 1975, 35; М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 81; P. Stephenson, Byzantium's Balkan Frontier (A Political Study of the Northern Balkans, 900-1204), Cambridge 2000, 172.

603 М. Ангеловска-Панова, Македонија за време на византиско-норманската војна 1081-1085, Македонската историска наука-достигнувања и проблеми, Скопје 2000, 40.

604 А. П. Каждан Армяне в составе господствуюшего класса византийской империи в XI-XII в.в., Ереван 1975, 127, 451 (Поради недостапност цитирано од М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 81, бел. 159).

личност која ја вршела споменатата функција.[605] Сепак мора да се допушти веројатноста дека Ариебиј бил единствено кастрофилакс, командант на тврдината.[606]

Според М. Милет во согласност со промените и трансформациите на византиската административната поставеност на Балканот кон крајот на XI век во изворите се забележани неколку мали теми, кои имаат фискална и/или воена природа. Токму Охридската тема спомената во писмата на Теофилакт, влегува меѓу осумте мали воени теми; и меѓу деветте мали фискални теми, воопшто познати во тоа време.[607] Одредувањето на природата на малата Охридска тема како фискална и воена несомнено произлегува од самата содржина на значителен дел од писмата на Теофилакт, која се однесува на судирите и несогласувањата на Архиепископот со претставниците на фискалната и воено-политичката централна власт во Охридската тема.

Всушност сосема децидна потврда за опстојувањето на Охридската тема кон крајот на XI век наоѓаме во едно од писмата кое е дел од богатата кореспонденција на архиепископот Теофилакт Охридски. Во писмото, напишано за драчкиот дукс Јован Комнин, меѓу другото во неколку наврати се потенцира дека Охридската област во тој период функционирала како тема. Според Теофилакт се работело за мала, многу сиромашна и победна од секоја друга тема. Исто така уште се дознава дека Охридската тема била значително помала од блиската Пелагониска тема.[608]

---

[605] Theophylacte D´ Achrida Lettres (Introduction, texte, traduction et notes par P. Gautier), Thessalonique 1986, 198, n. 2.

[606] Сп.: А. Тончев, Италианските нормани, 35; М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 81; P. Stephenson, Byzantium's Balkan Frontier, 172. Нешто подоцна во Охрид несомнено е функционирањето на καστροκτίστης (градител на тврдина), споменат во едно од писмата на Теофилакт. Види: Theophylacte, 236 i n. 5 (P. Gautier); ВИИНЈ, III, 345 и бел. 504 (Р. Катичић).

[607] M. Mullet, Theophylact of Ochrid, 63.

[608] Theophylacte, 208-211; ВИИНЈ, III, 298-300. Сп.: Б. Панов, Теофилакт Охридски како извор за средновековната историја на македонскиот народ, Средновековна Македонија, 2, Скопје 1985, 199, 244, 255. Треба да се има во предвид одредената тенденција на Теофилакт, да ја прикаже состојбата во Охридската тема полоша од она што навистина била се со цел да изнуди отстапки и помош од драчкиот дукс. Тоа сепак не треба да се сфати во друга крајност дека Охридската тема навистина не била сиромашна и мала по обем. Поопширно во следната глава.

Сепак од расположливите податоци тешко може да се се одреди територијалниот опсег на темата. Освен денешната Охридско-струшка котлина вклучително и Дебарца, сосема извесно е дека во Охридската тема влегувала и областа Мокра (наречена според истоимената планина, западно од Охридското Езеро, во денешна Албанија). Таквото тврдење директно произлегува од еден податок од писмата на Теофилакт, каде се објаснува дека пределот околу Мокра бил дел од Охридскиот крај.[609]

Присутното мислење во науката дека во рамките на Охридската тема влегувале Кичевската и Преспанската област, како и некои други околни места е произволно и изворно непоткрепено. Потврдената црковна припадност на Кичевската и Преспанската енорија кон Охридската епархија не смее да се зема како аргумент за воена и цивилна припадност на посочените територии кон Охридската тема.[610] Впрочем доколку Кичевско и Преспа влегувале во Охридската тема, тогаш таа тешко дека можела да биде сметана за толку мала и сиромашна тема како што доста убедливо ја класифицира Теофилакт во едно од неговите писма.

Бидејќи е сосема извесно дека во време на Теофилакт Охрид претставувал седиште на истоимена помала тема која имала фискални и воени функции, се наметнува прашањето какви функционери престојувале во градот и кои титули ги носеле?

За разлика од седумдесетите години на XI векот кога управителот на Охридската тема ја носел вообичаената титула за тоа време стратег, во писмата на Теофилакт воопшто отсуствува споменувањето на таа титула за лицата кои биле управители на Охридската тема. Во едно од писмата дознаваме за тројца, веројатно највисоки функционери на Охридската тема, кои се наречени хегемони. Се работи за кастроктистес (καστροκτίστης)[611], катепан и оној што по името бил сличен на фараонот.[612]

---

[609] Theophylacte, 554-555; ВИИНЈ, III, 318.

[610] Сп.: Б. Панов, Теофилакт како извор, 255; Idem, Развиениот феудализам, 200.

[611] Во буквален превод-*градител на тврдина*.Терминот со право се поврзува со *кастрoктисија*, што всушност претставува даночно задолжување кое се состоело во работа на изградба, поправка и одржување на тврдини (Сп.: The Oxford Dictionary of Byzantium, 1, 1112). Од тука произлегло дека кастроктистес бил наречен функционерот кој бил задолжен за спроведување и реализација на таквото задолжување (Theophylacte, 236, n. 5 (P. Gautier)). Но од друга страна паѓа во очи дека еден дел од задолженијата на кастрофилаксот во потполност се совпаѓале и ги опфаќале оние на кастроктистесот (Сп.: The Oxford Dictionary of Byzantium, 1, 1112-1113). Се наметнува констатацијата дека

Презентираните изворни податоци внесуваат значителна конфузија и нејаснотија кога ќе се споредат со досегашните сознанија за структурата на византискиот воено-административен апарат во XI век. Доколку се прифати дека набројувањето на тројцата највисоки функционери на Охридската тема е направено според хиерархиски ред, од понискиот-кастрофилаксот до највисокиот-оној што по името бил сличен на фараонот, тоа само делумно ја олеснува можноста за евентуално разоткривање на статусот и титулата на лицето кое ја имало највисоката власт во темата. Сосема е јасно дека кастрофилаксот бил командант на охридската тврдина. Но затоа нејасно е кои биле катепанот и оној што по името бил сличен на фараонот? Очигледно е дека катепанот се наоѓал под оној што по името бил сличен на фараонот.

Постои мислење во науката дека позади описниот назив, оној што по името бил сличен на фараонот, всушност се крие стратегот на темата. Па од тука се заклучува дека најверојатно на чело на Охридската тема стоеле катепан и стратег. [613]

Доколку се прифати можноста дека зад третоспоменатата личност се крие стратегот, потребно е да се изрази мислење дека тој по се изгледа се наоѓал на врвот од власта според моќта и ингеренциите во темата. Сепак би било мошне невообичаено Охридската тема истовремено да ја раководат еден катепан и еден стартег и притоа стратегот да се наоѓа над катепанот. Поконкретно збунува појавата на титулата катепан во една релативно мала административна единица, кога е познато дека во првите десетлетија на истото столетие тие ја завземале највисоката функција во раководењето на покрупните теми, како што на пример била темата-катепанат Бугарија.

Но од друга страна не треба да се заборави потврденото сознание дека со текот на времето, во случајов во текот на XI век, употребата и

---

кастроктистесот како функционер бил потчинет на кастрофилаксот (управител на тврдината). Бидејќи сметаме дека во писмото се споменуваат највисоките градски функционери, тогаш зошто се споменува кастроктистесот, а не кастрофилаксот? Како можно објаснување треба да се понуди околноста дека во моментот на пишувањето на писмото во Охрид немало кастрофилакс, па во меѓувреме таа функција да ја вршел охридскиот кастроктистес.

[612] Theophylacte, 236-239; ВИИНЈ, III, 345-346.

[613] Б. Панов, Теофилакт како извор, 256.

статусот на титулите се менува, па така веројатно и на управната титула катепан. Со други зборови кажано носителите на титулата катепан во првите децении на XI век и кон крајот на истото столетие немале еднаков статус и значење во провинциската административна структура на Византија.[614]

Едно од можните објаснувања за истовремено присуство на двајца високи провинциски управители во Охрид е тие да раководеле со двете теми, едниот со малата воена тема, а другиот со малата фискална тема, чие територијално протегање веројатно се совпаѓало.

Доколку се прифати постарото мислење во науката дека стратегот во еден период можел да биде задолжен да раководи со граѓанските, односно цивилните функции во темата,[615] тогаш останува катепанот да имал воени функции. Во согласност со тенденцијата од времето на Комнините на територијално ситнење и изделување на воените од цивилните ингренции во административните единици, ваквата претпоставка за постоење на посебни управители-воен и цивилен-на Охридската тема ни изгледаат реални и остварливи. Уште повеќе кога се знае дека кон крајот на XI век цивилната компонента во управувањето со темите добива се повеке на значење.

На тој начин мошне уверлива станува претпоставката дека кога Теофилакт го споменува лицето кое по името било слично на фараонот всушност мисли на стратегот на Охридската тема, кој имал првенствено цивилни, вклучително и фискални ингеренции.

Повторно според податоците од писмата на Теофилакт посредно може да се заклучи дека дошло до промена на споменатиот управител на

---

[614] За титулата катепан види: H. Ahrweiler, Recherches sur l'administration de l'empire byzantin aux IX-XI siecles, Variorum Reprints, London 1971, VIII, 53, 64; T. Wasilewski, Les titres de duc, de catepan et de pronoetes dans l'empire byzantin du IX-XI siecles, Actes du XII Congrese Internationale d'Etudes Byzantine, II, Beograd 1964, 233-238; J. C. Cheynet, Du stratege de theme au duc: chronologie de l'evolution au cours du XI siecle, Travaux et Memoires, 9, Paris 1985, 181 n. 7; The Oxford Dictionary of Byzantium, 2, 1115. Сп.: Г. Острогорски, Историја на Византија, 442-443.

[615] Сп.: Н. Скабаланович, Византийское государство и церковь в XI в., С. Петерсбург 1884, 186-187 (поради недостапност цитирано преку: Б. Панов, Теофилакт како извор, 254-255, бел. 53); М. Симеонъ, Писмата на Теофилакта Охридски, архиепископъ български, Сборник на БАН, XXVII, София 1931, 70. Покрај изразената колебливост и резервираност на авторите ваквите размислувања изгледаат возможни.

темата. Па така на местото на стариот управител, за чие делување Теофилакт пишувал со голема омраза, дошол нов управител, кој имал таква способност од почеток да го направи Охрид во положба на помилуван, а потоа за завидување, зашто тој ги излекувал здробените и ги привлекувал отфрлените. За него сосема конкретно се наведува дека бил хармост.[616]

Освен во случајот на Охридската тема Теофилакт уште во еден наврат споменува управител на една друга област која исто така била управувана од хармост. Се работи за Вардарската област-тема.[617] Забележлива е аналогијата меѓу Охридската и Вардарската тема кои биле територијално мошне мали. Дали тоа е доволно за да упати на помислата дека хармост претставувала титула слична како стратег, но хармостите за разлика од стратезите би управувале со помали теми? Или можеби слично како во голем број случаи кога се споменува поимот αρχοντος потребно е да се подразбере дека хармост нема значење на конкретна титула туку директен и буквален превод со описно значење управител?

Според толкувањето на Б. Панов на двете места во писмата на Теофилакт каде се споменува хармост се мисли на титула, која ја носеле управителите на Вардарската и Охридската тема.[618] Спротивно на таквото мислење пореално ни изгледа толкувањето според кое хармост не претставувала конкретна титула туку антицизам, кој бил употребен од Теофилакт со класично и описно значење на управител,[619] во дадениот случај на тема.

Токму во согласност со таквото сфаќање Р. Катичиќ поимот хармост го преведува како "управитељ" со забелешка дека се работи за антички грчки поим,[620] додека П. Готие го толкува на сосема сличен

[616] Theophylacte, 368-369; ВИИНЈ, III, 340.
[617] Theophylacte, 548-549; ВИИНЈ, III, 286 и 289 бел. 178 (Р. Катичић).
[618] Б. Панов, Теофилакт како извор, 244.
[619] За изворните значења на поимот ἁρμοστής види: Δ. Δημητρακου, Μεγα Λεξικον ολης της Ελληνικης Γλωσσης, Τ. II, Αθεναι 1964, 974. Употребата на поимот е констатирана во делата на бројни антички автори: Ксенофон, Исократ, Демостен, Плутарх, Полибиј, Суидас и др. Како антицизам го употребиле византиските автори: Константин Порфирогенит, Никифор Грегора и др.
[620] ВИИНЈ, III, 340 бел. 473 (Р. Катичић).

начин.[621] Директна потврда дека поимот хармост немал значење на титула, како што на пример сигурно имал поимот стратег во тоа време (X-XI век), добиваме во објавените едиции на византиски печати каде меѓу бројните расчитани титули и функции досега на ниту еден не се сретнува споменатиот поим.[622]

Во истото писмо Теофилакт покрај поимот хармост за "титулирање" на новопоставениот управител на охридската тема го користи и поимот ἀρχόντος.[623] За разлика од поимот хармост за кој видовме дека нема значење на титула/функција, поимот архонт во тоа време можел да има двојно значење: на титула и/или описно значење на управител.[624] Сепак во овој случај веруваме дека поимот архонт немал значење на функција, слично како при споменувањето на хармост. Всушност потребно е да се претпостави дека се работело за споменување на една иста личност, охридскиот управител на темата.

Теофилакт за жал во ниту едно писмо не го открива идентитетот на тоа лицето кое станало нов охридски стратег. Во тој контекст ни изгледа сосема изворно непоткрепено и погрешно присутното мислење во науката дека во времето на царот Алексиј I Комнен стариот охридски стратег бил заменет со нов, кој се викал Михаил, синот на господин Полиеукт.[625]

Сепак за поисправно потребно е да се смета гледиштето според кое споменатиот Михаил навистина станал нов стратег, но не на Охридската, туку на Пелагониската тема. Таквото сознание непосредно произлегува од содржината на односното теофилактово писмо упатено до пелагонискиот епископ.[626]

---

[621] Theophylacte, 368-369 (P. Gautier). При преводот на поимот ἁρμοστής од грчки на француски П. Готие го употребил терминот magistrat. Покрај повеќезначноста на овој темин при неговиот превод на македонски јазик сепак приближно го вклучува и оној превод кој го предложил Р. Катичиќ.

[622] Prosopography of the Byzantine World: Seals (http://linnet.cch.kcl.ac.uk).

[623] Theophylacte, 368-369 i n. 4 (P. Gautier).

[624] Љ. Максимовиќ (Организација византијске власти, 33) со право заклучува дека во текот на XI век стратезите постепено го губат значењето и остануваат карактеристика исклучиво за малите теми, доколку во изворот не е употребен некој понеутрален термин, како на пример архонт. Можеби токму таков е случајот со малата охридска тема, чиј стратег е наречен архонт. За значењата на поимот архонт сп.: The Oxford Dictionary of Byzantium, 1, 160.

[625] Б. Панов, Теофилакт како извор, 244; Idem, Развиениот феудализам, 200; Theophylacte, 198, n. 2 (P. Gautier).

[626] К. Аџиевски, Пелагонија, 90-92.

Неопходно е да се истакне забележливата недоследност на Теофилакт при употребата на термините со кои ги означувал управителите на темите, особено на Охридската тема. Покрај тоа што во писмата на Теофилакт охридскиот управител се нарекува: оној што по името бил близу до фараонот; архонт или хармост, сепак сметаме дека до крајот на XI век и подоцна највисоката провинциска власт во Охридската тема ја имал тематскиот стратег.

Потребно е да се осврнеме на статусот кој го имала малата Охридска тема во однос на соседните постари и покрупни теми, односно дали таа се наоѓала во некаков вид зависност и потчинетост од нив или пак функционирала автономно. По завршување на периодот кога се претпоставува дека Охрид и околината единствено претставувале дел од големата тема Бугарија, во согласност со тенденциите на територијално ситнење и изделување на надлежностите во провинциската воено-административна управа на Балканот во II-та половина на XI век, била создадена Охридската тема.

Сепак во случајот на Охридската тема сосема еклатантни докази за подреденоста и зависноста на споменатата тема од управителите на големата и стара Драчка тема наоѓаме во писмата на Теофилакт. Таквата зависност пред се се однесува на воената, фискалната и судската сфера од функционирањето. Сосема оправдано тоа било забележано во научната литература.[627]

За време на две десетлетија, од 1085 до 1105 г., кога според податоците од писмата на Теофилакт управителите на Драчкиот дукат располагале со највисоката власт во поголем дел од Западна и Северозападна Македонија, вклучително и Охридската тема, како драчки управители се истакнале прво Јован Дука, а потоа Јован Комнин. Секој од нив во Драч останал приближно по една деценија, со извесни прекини.[628]

---

[627] Сп.: Б. Панов, Теофилакт како извор, 247-249; К. Аџиевски, Пелагонија, 100-103 и бел. 106; M. Mullett, Theophylact of Ochrid, 62-63.

[628] К. Аџиевски, Пелагонија, 103-108. Сложеното хронолошко прашање за времетраењето на власта на драчките управители Јован Дука и Јован Комнин на аргументиран начин се чини го разрешил К. Аџиевски (Ibidem). Сп.: P. Frankopan, The Imperial Governors of Dyrrakhion in the reign of Alexios I Komnenos, Byzantine and Modern Greek Studies, 26, Birmingham 2002, 75-103.

Останува непознато дали во текот на втората половина XI век и подоцна се работело за константна зависност и потчинетост на малата Охридската тема од големата Драчка тема или пак за повремена појава која била условена од актуелниот развој на воено-политичката и економско-социјалната ситуација на Балканот.

Покрај постоењето на органи на тематското провинциско уредување во два ракописи од едно писмо на Теофилакт, упатено до драчкиот управител Јован Комнин, се споменува постоење на некаков веројатно локален градски орган на управа наречен совет (βουλῆς; βούλας). Поконкретно од писмото се дознава дека откако Теофилакт испратил луѓе, кои го довеле непослушниот еромонах пред него, наредил истиот да биде затворен до покладната недела, поради тоа што во градот немало никој од *советот* и немало пред кого Теофилакт да го обвини еромонахот. Потоа го ослободил . . .[629]

Без било каква поширока елаборација дел од истражувачите прифатиле дека во односното писмо Теофилакт споменува некаков совет.[630] Б. Панов прифаќајќи го таквото мислење и потенцирајќи дека во историографијата дотогаш не било обрнато внимание на посочениот податок, пошироко се задржал на неговото толкување. Според него советот се грижел за одржување на редот во градот. Без никаква изворна поткрепа меѓу членовите на советот Б. Панов ги вбројува и кастрините или како што поинаку ги нарекува претставниците на македонската земјоделска аристократија. Најпосле се заклучува дека овие зачетоци на градската самоуправа биле поставени на аристократска база.[631] Презентираните заклучоци изгледаат премногу смели и не соодветствуваат со состојбата на расположливите изворни податоци. Навистина недостасуваат податоци за да може да се изнесуваат толку

[629] Theophylacte, 164-165; ВИИНЈ, III, 291-292. Презентираниот дел од писмото е мошне тежок за превод поради тоа што недостасуваат одредени зборови. За проблематичноста на посочениот дел види: Гръцки извори за българската история, IX/I, София 1974, 134-135 (Ст. Маслев).

[630] Г. Цанкова-Петкова, За аграрните отношения в средновековна България XI-XIII век, София 1964, 116; ВИИНЈ, III, 292, бел. 189 (Р. Катичић); ГИБИ, IX/1, 134-135 (С. Маслев).

[631] Б. Панов, Градската самоуправа во Охрид кон крајот на XI и почетокот на XII век, Средновековна Македонија, 3, Скопје 1985, 574-575.

смели заклучоци. Всушност доколку воопшто се работело за споменување на некаков совет прашање е дали тоа бил црковно-судски совет или градски совет?

Но според еден друг ракопис од истото писмо не се работи за совет туку за поимот бугарски (Βουλγαρίας). Последователно од тоа освен што не се споменува поимот совет во извесна мера се менува и смислата на преводот на односниот дел од писмото. Според таквиот превод Теофилакт издејствувал пред него да биде донесен непослушниот еромонах, по што го затворил иститот до покладната недела, но бидејќи не се нашол никој во *бугарските* предели, пред кого би го обвинил, го ослободил.[632]

Токму таквиот поинаков превод и толкување го предлага П. Готие. Иако во неговото критичко издание на писмата од Теофилакт упатува на два ракописа каде се наведува поимот совет, во две варијанти, сепак во главниот текст за порелевантен тој го зема поимот бугарски. Но покрај тоа во преводот со забелешка изразува одредена резерва дека поради веројатната расипаност на грчкиот текст преводот мора да остане несигурен.[633] Во најновото критичко издание на писмото од Теофилакт кое е предмет на разгледување, И. Г. Илиев во потполност ја прифаќа интервенцијата на П. Готие дека во писмото не се споменува поимот совет и дека наместо него треба да стои поимот бугарски.[634]

Се поставува прашањето пред кого требало да биде обвинет еромонахот? Дури и од поинаквото читање и толкување на делот од писмото сепак посредно произлегува дека во тоа време во Охрид постоел некаков орган, тело или функционер пред кое или кого Теофилакт требало да го обвини еромонахот. Дали тоа бил некаков локален градски совет или некое судско тело на провинциската власт од контрадикторната содржина на писмото не е возможно да се дознае.

Од досега изнесено произлегува дека несигурното споменување или подобро кажано претпоставеното постоење на некаков градски совет на Охрид е сосема неизвесно кон крајот на XI век. Доколку се прифати дека постоел некаков совет природата и ингеренциите на неговото

[632] Theophylacte, 164-165; ГИБИ, IX/II, 91 (И. Г. Илиев).
[633] Theophylacte, 164-165, n. 7 (P. Gautier).
[634] ГИБИ, IX/II, 91 (И. Г. Илиев).

функционирање тешко дека може да се разоткрие од расположливите изворни податоци.

## 2. Востанието на Петар Делјан (1040-1041)

Востанието кое е предмет на разгледување несомнено претставува крупен настан од македонската средновековна историја. Иако главните причини за кревање на востанието биле од социјално-економска природа,[635] неговата примарна цел се потхранувала од сеуште живите и силни државноправни традиции од последната невизантиска држава која зафаќала поголем дел од Балканот. Поконкретно евентуално успешното завршување на востанието најверојатно ќе резултирало со возобновување на Самуиловата држава, која била уништена пред дваесетина години.

Затоа е сосема природно да се очекува дека областите во југозападна Македонија, кои во претходниот, не толку дамнешен период за време владеењето на Самуил и неговите наследници, представувале централни или внатрешни територии на проширената македонска држава, повторно да ја имаат истата улога.[636] Градот Охрид како дел од споманатите предели и уште повеќе како поранешна престолнина на Самуиловата држава неминовно бил зафатен од востаничкото движење.

Пролетта 1040 г., од крајните северни области на Византија, околу Белград, било кренато големо востание. По разгласувањето на водачот на востанието, Петар Делјан, дека е син на Гаврил Радомир од неговата прва жена, унгарската принцеза, тој бил прогласен за "цар на Бугарија". Потоа настаните добиле забрзан тек со тежиште на делување кон југ. За релативно кусо време биле освоени пространи византиски територии од Белград до Скопје. Дури тогаш Византија одлучила на поорганизиран начин и соодветно да одговори на проширувањето на востанието. Стратегот на Драчката тема, Василиј Синадин, откако собрал војска од својата тема побрзал да го пресретне Петар Делјан со цел да го задуши востанието. Но наместо тоа кога стигнал кај местото Дебар, драчкиот

---

635 За причините на востанието расправаме во следната глава, која ја обработува соодветната проблематика.

636 Сп.: К. Аџиевски, Пелагонија, 68.

стратег се судрил со својот амбициозен хипостратег, Михаил Дермокаит. Тој откако го обвинил својот претпоставен кај царот дека тежнее кон узурпација на власта, го завзел неговото место, односно бил поставен за драчки стратег. Василиј Синадин бил разрешен од должноста, одведен во Солун и таму затворен.[637]

Во презентираниот дел од поширокото известување на Ј. Скилица, кое се однесува на востанието на Петар Делјан, се наметнуваат одредени прашања кои посредно го засегаат градот Охрид и неговата околина. Неспорно е дека се работи за период кога градот сеуште се наоѓал под византиска власт. Таквото сознание индиректно произлегува од податокот дека стратегот Василиј Синадин по разрешувањето од должноста бил одведен во Солун. Доколку се прифати оправданото мислење дека маршутата за тој потфат одела од Дебар преку Охрид, Битола, Лерин, Воден до Солун, тогаш освен што патот Виа Егнациа сеуште цврсто се наоѓал во византиски раце,[638] туку тоа се однесува и за сите споменати градови-пунктови на тој пат, меѓу кои бил и Охрид.

Друго прашање е насоката на движење на византиската тематска војска од Драч кон Скопје, каде се претпоставува дека релативно долго време се задржал Петар Делјан и востаничката војска. Освен Драч како почетна точка и Дебар[639] како попатна, Скилица не соопштува други податоци за планираната насока на движење на византиската војска кон Скопје.[640]

---

[637] Scylitzae, 409-410; ВИИНЈ, III, 141-145 и белешките (Ј. Ферлуга). Сп.: В. Н. Златарски, История, II, 49-52; Историја на македонскиот народ, I, 159-160; Б. Панов, Охрид од средината на X век, 744-746; Idem, Развиениот феудализам, 205-207.

[638] ВИИНЈ, III, 145, бел. 213 (Ј. Ферлуга).

[639] Средновековен Дебар сосема е извесно дека не се протегал на просторот на денешен Дебар. За неговите можни убикации во средниот век види: Т. Филипоски, Охридско-дебарските предели и областа Арбанон (Албанон) во XIII век, Ѓерѓ Кастриоти Скендербег (1405-1468), (Материјали од научниот собер, по повод 600 години од неговото раѓање, одржан во Скопје на 25 и 26 ноември 2005), Скопје 2006, 110 бел. 16.

[640] Се поставува прашањето како византиската војска стигнала од Драч до Дебар? Дали преку патот Виа Егнатиа до денешна Струга, па потоа скршнала на север по патот кој одел по течението на реката Црни Дрим до Дебар или користела некој помалку значаен и потешко прооден пат преку планинската област Арбанон, за да стигне директно до Дебар? Се чини дека втората предложена опција на движење била поверојатна бидејќи била побрза. За да се стигне од Драч до Скопје веројатно патувањето било покусо доколку не се користи Виа Егнатиа, туку патот од Драч преку Дебар; па потоа патот по течението на реката Радика и преку Маврово би се излегло во Полог. Од Полошката рамнина не било тешко да се стигне до Скопје. Секако, како што ќе видиме во продолжение, иако византиската војска не го продолжила движењето од Дебар кон

Натаму Скилица известува дека кусо време потоа меѓу драчката тематска војска се јавило незадовоство од управувањето на новиот стратег Дермокаит, поради злоупотребите кои ги правел. Војниците од Драчката тема кренале востание и за нов “цар на Бугарија” го избрале својот соборец, Тихомир, кој се одликувал со храброст и мудрост. Така биле создадени два независни востанички центри. По настојување и иницијатива на Петар Делјан дошло до обединување на двете востанички војски, со тоа што Тихомир прифатил да му стане сојузник на Делјан. Но таквиот развој на настаните било само преодно решение во плановите на Делјан, кој претендирал да стане единствен водач на востанието. Токму затоа истакнувајќи го своето царско потекло од Самуил, инсистирал војската да избере еден водач, а другиот да биде елиминиран. Во таква ситуација мнозинството од војската застанала на негова страна, по што го каменувала Тихомир. Така целата власт преминала во рацете на Петар Делјан.[641]

Востанието во Драчката тема морало да остави некакви последици на релативно блиската Охридска област. Доколку Охридската област не била директно зафатена од востанието, секако треба да се помисли дека византиската власт барем во голема мера била разнишана или можеби дури потполно потисната.

Токму на местото каде Скилица известува дека целата власт преминала во рацете на Делјан, Михаило Деволски го дополнува со драгоценото известување, според кое Делјан испратил војска и ја завзел тврдината Василида (ἀποστέλλει γε μὴν καὶ καθαιρεῖ τὸ φρούριον τὴν Βασιλίδα).[642]

---

Скопје под византиска команда, сепак сметавме дека е потребно да се задржиме на нивниот можен планиран правец на движење.

[641] Scylitzae, 410-411; ВИИНЈ, III, 145-148 и белешките (Ј. Ферлуга). Во науката се чини преовладува мислењето дека до обединување на двете востанички војски дошло кај Скопје. Сп.: П. Мутафчиев, История на български народ, II, София 1943, 12; Г. Литаврин, Болгария и Византия, 383; ВИИНЈ, III, 147, бел. 218 (Ј. Ферлуга). Без никаква изворна поткрепа и аргументација Б. Панов (Развиениот феудализам, 207) изнел мислење дека обединувањето на двете востанички војски се случило во Охридско-дебарските предели, од каде главнината од војската се упатила кон Острово.

[642] Scylitzae, 411; ВИИНЈ, III, 148.

Потоа Скилица истакнува дека самиот Делјан со главнината од големата војска тргнал од Скопје кон Солун.[643] Но, нешто подолу во текстот на Скилица во друг контекст се дознава дека по ликвидирањето на Тихомир, откако Делјан станал господар на сите работи, најпрвин испратил војска на чело со заповедникот наречен Кавхан, која го завзела Драч. Друга војска испратил во Хелада на чело со Антим.[644]

Во науката на различни начини се толкувани презентираните податоци. Според В. Златарски Делјан испратил една експедиција кон тврдината Василида, веројатно зошто не сакала мирно да се потчини, а самиот тој со голема војска се упатил кон Солун, од каде го испратил Кавханот со дел од војската кон Драч. Потоа Делјан заминал во Тесалија, каде се задржал. Од таму го испратил Антим во Хелада. [645] Спротивно од него Г. Литаврин смета дека првата востаничка војска тргнала кон Драч, втората кон Василида, Делјан раководел со главната експедиција која се движела во насока на Солун, додека Антим со дел од војската се упатил во Грција.[646]

Според Ј. Ферлуга најпрво Делјан со главнината од војската продрел кон Солун, но наскоро одвоил дел од војската која ја упатил кон второто големо пристаниште на Балканот, Драч. Без сомнение дека главниот поход бил оној насочен на Солун, но завземањето на Василида, против која мошне брзо испратил една експедиција, било со цел за да го обезбеди крилото на својата војска, а потоа и за да се пресече Виа Егнатиа меѓу Солун и Драч, и на тој начин да се изолира Драч од копнена страна. Веројатно во Васлида биле концентрирани значајни воени византиски сили кои не можеле да останат во заднината при напредувањето на Делјан кон Солун и на Кавхан кон Драч. Делјан останал во близина на Солун, поточно во Острово. Од таму дел од војската на чело со Антим ја испратил во Хелада. На успешната акција на Василида, од друга страна, се

[643] Scylitzae, 411; ВИИНЈ, III, 148.
[644] Scylitzae, 411; ВИИНЈ, III, 149.
[645] В. Златарски, История, II, 55-56.
[646] Г. Литаврин, Болгария и Византия, 383-386.

надоврзала експедицијата на Драч, бидејќи Кавханот можел слободно да се движи по Виа Егнатиа.[647]

К. Аџиевски смета дека веднаш по ликвидирањето на Тихомир, за да ја осигура позадината и страните на востаничкиот простор, Делјан испратил војска која го завзела Драч. Друга војска испратил кон тврдината Василида, која изгледа не располагала со многубројна војска, штом водачот на востанието не нашол за потрено лично да се ангажира. Во исто време со главнината од востаничката војска Делјан се упатил кон Солун.[648]

Надвор од научната дискусија за тоа која востаничка експедиција била најпрво организирана и испратена, останал Б. Панов. Тој иако се обидел специјално да се осврне на историјата на Охрид во време на востанието на Делјан, дури пропуштил воопшто да го спомене востаничкото освојување на Василида, која се наоѓа во близина на Охрид.[649]

Она што може да се забележи е дека постои разногласие во врска со прашањето која востаничка воена експедиција била прва испратена?

Се чини сосема извесно дека Петар Делјан испратил две експедиции кон запад: едната со задача да ја освои важната тврдина Василида (меѓу Преспа и Охрид) и втората на чело со Кавхан да го завземе тематскиот центар Драч. Двете експедиции на овој или оној начин веројатно го засеганале Охрид. Од анализата на изворните податоци како најверојатно се наметнува мислењето дека уште пред или во исто време со тргнувањето на Делјан од Скопје кон Солун, најпрво бил испратен еден дел од востаничката војска кој ја завзел Василида. Ни изгледа сосема логично дека освојувањето на тврдината Василида било во функција на делумно расчистување и обезбедување на патот Виа Егнатиа, по кој најверојатно нешто подоцна се движела другата војска предводена од Кавхан кон Драч. Втората воена експедиција кон запад, овој пат кон Драч, секако била

[647] Ј. Ферлуга, Драч и Драчка област пред крај X и почетком XI века, ЗРВИ, VIII/2, Београд 1964, 130; ВИИНЈ, III, 150. бел. 227 (Ј. Ферлуга); Idem, Драч и његова област, 89.

[648] К. Аџиевски, Пелагонија, 68-69.

[649] Б. Панов, Охрид од средината на X век, 745-747; Idem, Развиениот феудализам, 206-208. Т. Томоски (Преспа во средниот век, 74) ја потенцира важноста на тврдината, која била надвисната меѓу Песпа и Охрид. Како единствен податок кој директно сведочи за опфатеноста на Преспа во востанието на П. Делјан го истакнува токму освојувањето на Василида.

организирана и успешно спроведена подоцна, веројатно во времето кога Делјан веќе се наоѓал во Острово. Ваквите размислувања се најблиски со оние на Ј. Ферлуга.

Самото дополнување на М. Деволски, за испраќање на војска која имала задача да ја освои токму Василида, оди во прилог на претпоставката дека тврдината влегувала во редот на ретките пунктови кои сеуште имале некакво пошироко значење за византиската власт. Се согласуваме дека можеби токму тука биле концентрирани значителни византиски воени сили.[650]

Потребно е да се истакне дека не постојат никакви изворни податоци за востаничкото освојување на Охрид, иако е извесно дека се случило. Независно дали тврдината била бранета од многу или малку византиска војска нејзиното завземање од востаниците можело директно да влијае на олеснување на веројатното подоцнежно истиснување на византиската власт од Охрид, кој се наоѓал во непосредна близина. Независно од отворената можност дека уште пред паѓањето на тврдината Василида или потоа Охрид можел да отпадне од византиската власт, секако по поминувањето на втората востаничка војска на Кавхан, најверојатно по Виа Егнатиа преку Охрид за Драч, за тоа повеќе не би требало да постојат дилеми. Завземањето на Охрид на востаниците можело да им биде уште повеќе олеснето доколку се знае дека разурнатите градски ѕидини од времето на Василиј II, во тоа време сеуште не биле обновени.

Следувале настани со динамичен тек кои се случувале далеку од Охрид. Додека Делјан со собраната голема војска престојувал во Острово, на востанието му се приклучиле двајца великодостојници, прво Мануил Ивец, а подоцна и Алусијан. Тоа придонело за натамошно јакнење и ширење на востанието, кое веќе го опфатило најголемиот дел од Балканот. Меѓутоа поразот на востаничката војска, предводена од Алусијан, во одлучувачката битка кај Солун директно влијаел на негативниот исход на востанието. Уште повеќе што по поразот Алусијан

[650] Ј. Ферлуга, Драч и његова област, 89. Во врска со паѓањето на тврдината Василида постои спротивно мислење дека Делјан лично не се ангажирал бидејќи таа не била бранета од многу војска. (Сп.: К. Аџиевски, Пелагонија, 69).

преминал на византиска страна, откако претходно со измама го ослепил главниот водач на востанието. Дури тогаш стапил на сцена византискиот цар Михаил IV, кој лесно успеал да го зароби ослепениот Делјан и да го испрати во Солун.[651]

На почетокот веќе потенциравме дека внатрешните предели на Самуиловата држава речиси во потполност се совпаѓале со внатрешните области кои биле дел на пространите балкански територии ослободени за време на востанието на Петар Делјан. Се работело главно за териториите на Југозападна Македонија (Пелагонија, обласга на Преспа, обласга на Охрид и др.). Сосема слично како во времето на царот Самуил и неговите наследници кога т.н. внатрешни или централни предели на државата претставувале објект на особено византиско воено ангажирање и од царот Василиј II биле освоени на крај, пред самото ликвидирање на државата; така и во времето на задушувањето на востанието царот Михаил IV ги оставил за на крај внатрешните области на востанието за освојување.

По заробувањето на Делјан византискиот цар Михаил IV веднаш се упатил во внатрешните области (πρὸς τὰ ἐνδότερα γενόμενος), бидејќи Мануил Ивец кај Прилеп изградил дрвена препрека-дема. На тој начин Маноил Ивец мислел да го запре понатамошното напредување на царската војска и да го оневозможи освојувањето на внатрешните области. Но Царот пристигнал до демата побрзо од очекувањата, го разурнал дрвеното утврдување, ја растерал востаничката војска и го заробил Ивец. Откако ги средил работите во Бугарија и поставил стратези по темите, се вратил во престолнината водејќи ги со себе Делјан и Ивец.[652]

Иако Скилица преку конкретниов податок повторно не соопштува кои области треба да се подведат под поимот внатрешни, сосема оправдано е прифатено гледиштето дека се работи за истите оние од времето на постоењето на Самуиловата држава. Меѓу нив спаѓала и Пелагонија, која повторно се нашла во улога на заштитник на приодите

---

[651] Scylitzae, 412-414;ВИИНЈ, III, 153-155. Сп.: Б. Панов, Развиениот феудализам, 207-208; К. Аџиевски, Пелагонија, 71 .

[652] Scylitzae, 414-415; ВИИНЈ, III, 155. За прашањата по кој пат се движела византиската војска за да дојде пред Прилеп и точно на кое место била подигната дрвената препрека-дема види: К. Аџиевски, Пелагонија, 72-73.

кон Преспа и Охрид, како во времето на македонско-византиската војна по смртта на Самуил.[653]

Неуспешниот обид да се запре византискиот продор во Пелагонија воедно значел дефинитивно задушување на востанието. Најверојатно потоа треба да се претпостави дека следувало потчинување на дотогаш неосвоените области во Западна и Југозападна Македонија, во кои без сомнение влегувал и градот Охрид. Таквата претпоставка може да се извлече од сосема кусата и неодредена формулација дека царот Михаил IV ги средил работите и поставил стратези по темите кои биле зафатени од востанието.

На крајот останува забележувањето дека покрај тоа што во целиот тек на востанието во изворите на ниту едно место директно не се споменува Охрид, несомнено е дека градот влегувал во териториите кои биле сметани за јадро на востанието. Споменувањето на тврдината Василида, која се наоѓала во непосредна близина на Охрид и “внатрешните области”, во чии рамки влегувал и Охрид, на посреден начин потврдуваат дека градот се наоѓал во средиштето на случувањата. Впрочем во изворите можеби недостасуваат некои подетални податоци за текот на востанието во кои поголема улога евентуално имал градот Охрид.

## 3. Востанието на Ѓеорги Војтех и Константин Бодин (1072-1073)

Второто големо востание што се случило во Македонија во XI век, кое во македонската историографија е познато како востанието на Ѓеорги Војтех,[654] сметаме дека би било покоректно доколку пред или по неговото име се додаде и името на Константин Бодин, како личност која не само што била прогласена за “цар на Бугарија” туку и личност која без сомнение дала најголем придонес за интензивирање и распространување

[653] К. Аџиевски, Пелагонија, 71.

[654] Историја на македонскиот народ, I, 165; С. Антолјак, Учеството и улогата на Србите, Хрватите и Унгарците во востанието на Георги Војтех (1072), Средновековна Македонија, 1, Скопје 1985, 726; Т. Томоски, Преспа во средниот век, 74; Б. Панов, Охрид од средината на X век, 750; Idem, Развиениот феудализам, 208-209.

на востанието на поширок простор,[655] но без притоа да се оди во друга крајност.[656]

Како во случајот на претходното востание предводено од Петар Делјан и овојпат причините за новото востание главно биле од социјално-економска природа.[657]

Според известувањата на продолжувачот на Скилица, "поистакнатите луѓе на Бугарија", одметнувајќи се од византиската власт, го замолиле зетскиот владетел Михаило да им го испрати неговиот син Константин Бодин. Откако Константин Бодин, на чело со 300-тна војска, пристигнал во Присдиана (Призрен), каде биле собрани првенците на Скопје предводени од Ѓеорги Војтех, тој бил прогласен за "цар на Бугарите" и преименуван од Константин во Петар. Следувала енергична византиска реакција. Кон Присдиана се упатила поголема византиска војска предводена од новиот дукс на Скопје, Дамјан Даласин, кој бил придружуван и од својот претходник Никифор Карантин. Токму ривалитетот меѓу новиот и поранешниот скопски дукс меѓу другото се споменува како една од причините за големиот пораз кој го доживеала византиската војска кај Присдиана, при што самиот Дамјан Даласин бил заробен. По освојувањето на Присдиана големата востаничка војска била поделена на два дела. Едниот дел од војската предводен од Бодин се упатила кон Ниш, а вториот дел на чело со Петрило, кој бил прв после Бодин, се упатила против утврдените Ромеи во Костур. Притоа продолжувачот на Скилица објаснува дека во споменатиот утврден град

---

[655] Сп.: ВИИНЈ, III, 177 и бел. 10 (Б. Радојчић).

[656] Во последно време во српската историографија се јавуваат обиди да се оди во сосема друга крајност и востанието да се стави во контекст на некаква дукљанско-византиска војна (1072-1075). На тој начин потполно се потценува улогата на Ѓеорги Војтех како водач на востанието преку релативизирање на податоците на продолжувачот на Скилица и давање на значење на податоците на Н. Вриениј, Зонара и особено Поп Дукљанин. Впрочем од изворите сосема јасно произлегува дека иницијативата и кревањето на востанието исклучиво треба да се поврзе со скопските првенци на чело со Ѓеорги Војтех. Притоа уште се конструира дека во текот на востанието постоел некаков наводен ривалитет меѓу востаниците Срби и Бугари, на етничка основа. Исто така неосновано се заклучува дека војската на Петрило всушност била претходница на некаква побројна зетско-норманска војска која иако се планирало да навлезе во Македонија, поради задушувањето на востанието не се остварило. Сметаме дека ваквото гледање на востанието е тендециозно и неприфатливо (Т. Живковић, Дукљанско византијски рат 1072-1075, Историјски часопис, XLVII (2000), Београд 2002, 35-57).

[657] За причините кои придонеле да се крене востанието се осврнуваме во последната глава за социјално-економските прилики.

заштита нашле Маријан, стратегот на Охрид, Теогност Вурцис, патрикиј и антипат на Девол, заедно со стратегот на Костур, како и други околни локални властодршци.[658]

Како на повеќе места во делото на Скилица, каде М. Деволски дава исклучително вредни дополнувања, исправувања и појаснувања на неговиот текст, така најдолгото и најзначајното дополнување на М. Деволски, овојпат во делот на продолжувачот на Скилица, каде се опишува востанието кое е предмет на разгледување, токму се однесува на Охрид. Имено пред продолжувачот на Скилица да го спомене Маријан, стратегот на Охрид и да истакне дека истиот веќе се наоѓал во Костур, М. Деволски потенцира: " . . . тие се собирале, а Петрило го нападна Охрид и на јуриш го освои бидејќи сеуште не бил утврден туку се наоѓал во рушевини од кога го разурнал царот Василиј, плашејќи се бугарскиот дворец, кој во него се наоѓал, да не стане големо жариште на побуна. Пријателски тука дочекан, го подготвувал околното население да го признаат неговиот господар, па постапувајќи на еднаков начин и во Девол, брзо се упати кон Костур. Таму имено се собирале Ромеите".[659]

Токму драгоценото дополнување на М. Деволски на директен начин открива дека и овојпат тежиштето на делувањето на востаниците било насочено во Македонија, особено во нејзините југозападни делови, иако како и претходното востание започнало од северните периферни предели на Византија.

Според В. Златарски, по прогласувањето на Бодин за цар, Петрило со својот дел од војската од Призрен ја преминал Шар планина и преку Полог, стигнал во Охрид, а од таму преку Девол до Костур.[660] Без да предложи по кој пат се движел Петрило со својот дел од војската Б. Радојчиќ поинаку ги толкува располжливите податоци. Според неговото

[658] J. Scylitzes Continuatus, 162-164; ВИИНЈ, III, 179-182. Сп.: В. Златарски, История, II, 140-143; Историја српског народа, I, Београд 1981, 190-191 (С. Ћирковић); Б. Панов, Развиениот феудализам, 208-209; М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 175-179; Т. Живковић, Дукљанско византијски рат, 44-46..

[659] J. Scylitzes Continuatus, 164; ВИИНЈ, III, 182.

[660] В. Златарски, История, II, 143.

толкување Петрило не тргнал веднаш од Призрен за Костур, туку нешто подоцна по паѓањето на Скопје под востаничка власт токму од Скопје.[661]

Сметаме дека мислењето на В. Златарски е поисправно. Никаде од податоците на продолжувачот на Скилица и дополнувањето на М. Деволски не се добива впечаток дека Петрило го повел својот дел од војската кон Костур дури по освојувањето на Скопје.

Доколку прифатиме дека Петрило тргнал од Призрен и дека првата постојка од неговите освојувања во Западна Македонија, спомената од М. Деволски, била Охрид сосема логично ни изгледа претпоставката на В. Златарски дека тој се движел преку Полог. Сепак останува непознато дали по напуштањето на Полог војската на Петрило го продолжила своето движење по патот преку Маврово па потоа по течението на реките Радика и Црн Дрим до Охрид или преку Кичево, Копачка и Дебарца до Охрид.

Сосема е извесно дека Петрило веднаш по пристигнувањето го нападнал градот Охрид и на сосема лесен начин го завзел. Значи градот сепак не бил доброволно предаден и покрај тоа што неговиот стратег веќе претходно го имал напуштено Охрид и се наоѓал во Костур. Византискиот отпор бил незначителен меѓу другото и поради сознанието дека во времето на востанието градот бил сеуште неутврден со заштитни ѕидини, кои стоеле разурнати од времето на Василиј II. Бидејќи Петрило и востаниците биле пријателски дочекани од Охриѓаните, тој го искористил времето додека престојувал во тие краеви на Македонија да агитира меѓу околното население за да го прифатат неговиот господар Константин Бодин за цар.[662]

Треба да се претпостави дека престојот на Петрило и востаничката војска во Охрид бил доста кус. Тој потоа го напуштил Охрид и околината и отишол во Девол. Откако постапувајќи како во Охрид така и во Девол,

---

661 ВИИНЈ, III, 182 бел. 30 (Б. Радојчић).

662 Според Т. Живковиќ (Дукљанско византијски рат, 46) делувањето на Петрило во Охри и Девол во насока на подготвување на населението да го признае новиот цар Бодин, прејудицирало некакво наводно стравување од страна на Србите дека Бугарите можеби нема да го прифатат Бодин за свој цар. Ваквите наводи се потполно илузорни и неосновани. Впрочем исвесното потекло на Бодин од царското семејство на Самуил би било доволно силен аргумент за прифаќање на Бодин за цар од македонското насление, без притоа да се инсистира на пресудноста на различната "етничка" припадност.

веројатно мислејќи на тоа дека го завзел градот и агитирал за својот господар, Петрило брзо се упатил кон Костур, каде веќе биле концентрирани и утврдени повеќемина византиски обласни управители, меѓу кои се вбројувал и охридскиот стратег.

По поразот на византиската војска кај Призрен, можностите на Византија да организира поефикасна одбрана на позначајните византиски градови во Западна Македонија биле сосема ограничени. Веројатно затоа од тактички причини како на востаниците да им биле препуштени градовите Охрид, Девол и др. се со цел во меѓувреме да се добие на време и да се подготви посоодветен воен одговор, притоа концентрирајќи ги своите воени сили во Костур.

По пристигнувањето на големата востаничка војска пред ѕидините на Костур, Петрило се подготвувал за одлучувачка битка. Но византиската војска веројатно ги изненадила востаничките сили затоа што неочекувано таа прва нападнала и на тој начин ја превзела иницијативата во војувањето. Петрило бил принуден да побегне преку непристапните планини кај својот господар Михаило, а голем број востаници биле убиени и заробени.[663] На тој начин византиските планови биле остварени. Востанието во Западна и Југозападна Македонија било задушено и истовремено било сопрено веројатно планираното понатамошно напредување на востаниците кон Солун.

Последната епизода од востанието се одиграла подалеку од Охрид, условно во пределите кои претставувале првично жариште на востанието- Скопје и неговата поширока околина. Новиот византиски дукс на Скопје, Михаило Саронит, бил испратен да ги поврати Скопје и Ниш, кои се наоѓале во востанички раце. Ѓеорги Војтех, кој го управувал Скопје, иако најпрво доброволно го предал градот, потоа тајно го известил Бодин што побрзо да дојде од Ниш во Скопје со цел заедно да се пресметаат со наизглед безгрижната византиска војска на Саронит. Сепак Саронит на непознат начин ја открил заверата и тргнал во пресрет на Бодин. Изненадувачката постапка на Саронит придонела востаничката војска

[663] J. Scylitzes Continuatus, 164; ВИИНЈ, III, 182-183. Т. Живковиќ (Дукљанско византијски рат, 47) смета дека одлучувачката битка кај Костур, во која Петрило бил поразен најрано се одиграла кон крајот на октомври или почеток на ноември 1072 г.

предводена од Бодин во битката кај Таонион да претрпи голем пораз, а самиот Бодин да биде заробен. Ѓеорги Војтех кој исто така претходно бил заробен не издржувајќи го мачењето од испитувањата умрел во текот на патувањето кон престолнината.[664]

На тој начин било комплетно задушено востанието предводено од Константин Бодин и Ѓеорги Војтех. Во текот на задушувањето на востанието активно учество зеле припадници на Алеманите и Франките, како западни платеници во византиска служба. Тие биле испратени во востанатите предели на Македонија со задача да вршат грабежи и разурнувања. Познато е дека во таа прилика го разурнале преостанатите делови од Самуиловиот дворец во Преспа, а исто така го ограбиле и соборниот храм Св. Ахил.[665] Дали во тој наврат западните платеници извршиле разурнувања и грабежи во Охрид и околината не е познато, но може да се допушти можноста дека Охрид како поранешна престолнина на Самуиловата држава не бил одминат од таквите деструктивни активности.

Се наметнува констатацијата дека востанието кое беше предмет на разгледување без сомнение имало послаб интензитет и се распространило на значително потесен простор отколку претходното востание предводено од Петар Делјан.

## 4. Охрид во време на Алексиј I Комнин (1081-1118)

На посреден начин името на Алексиј Комнин може да се доведе во врска со Охрид уште пред неговото качување на византискиот престол во 1081 г., преку еден настан од 1078 г. и една личност, протопроедарот Никифор Василаки. Споменатата личност била поставена за драчки дукс во почетокот на 1078 г. на местото на узурпаторот Никифор Вриениј од страна на царот Михаило VII Дука (1071-1078), веројатно непосредно пред неговото повлекување од власта.

---

[664] J. Scylitzes Continuatus, 165; ВИИНЈ, III, 183-185. Сп.: В. Златарски, История, II, 144-147; Историја српског народа, I, 191 (С. Ћирковић); Б. Панов, Развиениот феудализам, 210; Т. Живковић, Дукљанско византијски рат, 47-48, 53.

[665] J. Scylitzes Continuatus, 165-166; ВИИНЈ, III, 185-186.

Но набрзо и новиот драчки дукс станал узурпатор. Откако собрал голема војска составена од Франки, Бугари, Ромеи и Албанци, од Драч се упатил кон Солун. Стигнувајќи во Охрид, тука сакал да се прогласи за цар, но по настојувањето на охридскиот архиепископ Јован Лампин бил спречен.[666] Нешто подолу во истиот извор се споменува дека токму во времето додека Н. Василаки престојувал во Охрид умрел архиепископот Јован.[667]

Потребно е да се земе во предвид можноста дека Н. Василаки не случајно го избрал токму Охрид за место каде имал намера да се прогласи за цар. Можеби за таквата своја намера евентуално очекувал подршка и одобрување од актуелниот охридски архиепископ, кој можел да има значително влијание во промените на воено-политичката ситуација во државата. Останува непознато дали енергичниот архиепископ Јован Лампин непосредно пред својата смрт успеал да го одврати Василаки од идејата да се прогласи за византиски цар во Охрид или самиот чин на смртта на охридскиот архиепископ го одвратила Василаки да го стори тоа што претходно го планирал.

Според известувањето пак на Никифор Вриениј (XII век) по задушувањето на бунтот и заробувањето на неговиот дедо имењак во 1078 г., токму Алексиј Комнин повел борба против Никифор Василаки. Поминувајќи низ темите Македонија и Волерон пристигнал на реката Струма. Откако ја преминал споменатата река се пробил низ теснеците меѓу Струмица и таканаречената Црна Гора, стигнал до едно место на една река која се викала Вардар. Во битката која се развила Алексиј Комнин извојувал победа, успеал да го зароби и ослепи Василаки и во престолнината да биде дочекан со највисоки почести.[668]

Од расположливите извори не е можно поконкретно да се открие каде се одиграла одлучувачката битка. Единствено што е познато е дека се работи за некое непознато место по течението на реката Вардар, можеби

---

[666] J. Scylitzes Continuatus, 185; ВИИНЈ, III, 186-187 и бел. 43, 44 (Б. Радојчић).

[667] J. Scylitzes Continuatus, 188; ВИИНЈ, III, 186-187.

[668] Nicephori Bryennii Historiarum, Libri Quattuor, ed. P. Gautier, Bryxellis 1975, 226. Сп.: Michaelis Attaliotae Historia, ed. I. Bekkeri, Bonnae 1853, 300-301; Alexiade, 29-30; ВИИНЈ, III, 242-243, 369; В. Златарски, История, II, 161-163; Ј. Ферлуга, Драч и његова област, 94; P. Frankopan, The Imperial Governors of Dyrrakhion, 71-72.

во близина на Солун. Сосема е сигурно дека Охрид останал подалеку од случувањата, иако претходно на Н. Василаки му послужил како привремено упориште во неговите узурпаторски планови.

Никифор Василаки во тоа време претставувал еден од помалку значајните и помалку сериозните претендентите за највисоката власт во разнишаната и ослабена византиска држава. Главниот натпревар за тоа кој ќе го превземе престолот од Михаило VII всушност се водела меѓу други двајца попознати и помоќни Никифоровци, Вриениј и Вотанијат. Двајцата биле претставници на највисокото византиско воено благородништво, кое преживувало голем подем. Речиси истовремено кога во Мала Азија се појавил Вотанијат, на Балканот делувал Вриениј. Како претставник на малоазиското воено благородништво во битката за престолот победа извојувал Никифор Вотанијат (1078-1081), кој бил крунисан за нов византиски цар. Токму во тоа време се бележи издигнувањето на високиот воен заповедник Алексиј Комнин, кој во прво време останувајќи лојален на новиот цар бил еден од неговите најдоверливи луѓе. Не случајно нему му била доверена задачата да се пресмета со противниците на новиот цар и узурапторите, Никифор Вриениј и Никифор Василаки. Алексиј Комнин прво го совладал Вриениј, а подоцна и Василаки, личноста која токму во Охрид направила неуспешен обид да се прогласи за цар.[669]

Доаѓањето на Алексиј I Комнин (1081-1118) на власт без сомнение предизвикало подолгорочно стабилизирање на византиската власт на еден поширок простор. Времето на неговото владеење било одбележано со започнување на повеќеслојни позитивни промени во развојот на Византија. Постојат мислења според кои неговото име потребно е да се вброи меѓу најзначајните и најголемите византиски цареви.

Настаните преку кои се добива некаква претстава за социјално-економските и црковните прилики и промени во време на Алексиј I, а кои непосредно го засегале и Охрид, подетално ги обработуваме во следната

[669] Сп.: Г. Острогорски, Историја на Византија, 417-419; Б. Крсмановић, Успон војног племства, 281-282. М. Бошковски (Македонија во XI и XII век, 94) на едно место погрешно се изјаснил дека во почетокот на 1078 г. Никифор Вриениј го завзел тронот во Цариград, односно станал византиски цар. Во тоа време Византија навистина добила нов цар, но се работело за Никифор Вотанијат.

глава. Времето на владеење на Алексиј I во голем дел се совпаѓа со времето кога како архиепископ во Охрид се наоѓал познатиот Теофилакт. Во продолжение се задржуваме на сегментот на покрупните воено-политички случувања во кои директно или индиректно бил инволвиран Охрид.

### *4.1. Византиско-норманската војна (1081-1085)*

Речиси веднаш по доаѓањето на власт византискиот цар Алексиј I Комнин најпрво морал да се соочи со големата норманска опасност. Норманскиот владетел Роберт Гвискард и неговиот син Бомеунд Тарентски по утврдувањето на своите позиции во поранешните византиски владенија во Јужна Италија, пролетта 1081 г. организирале голема воена кампања. За основна цел на големата кампања било поставено проширувањето на норманските владенија од другата страна на Јадранското Море, за сметка балканските владенија на Византија. По освојувањето на градовите Валона, Канина, Јерихо, Бутринт и островот Крф, природно било да се очекува дека главниот нормански напад ќе биде насочен кон Драч. Од средина на месец јуни Норманите од копно и од море целосно го опколиле и опсадиле градот Драч. Норманското освојување на Драч претставувал главен предуслов за успешно продолжување на воената кампања по патот Виа Егнатиа и пошироко на просторот на Албанија, Епир, Тесалија и Југозападна Македонија.[670]

Двојниот пораз на Норманите, кој на море им го нанеле византиските сојузници-Венецијанците, а на копно драчкиот дукс Георги Палеолог, не оставил особено големи последици на норманските

---

[670] Anne Comnene, Alexiade-Regne de l'Empereur Alexis I Comnene 1081-1118, Texte etabli et traduit par B. Leib, I, Paris 1937, 139-143. Сп.: Г. Острогорски, Историја на Византија, 428-429; А. Тончев, Италианските нормани, 27; Ј. Ферлуга, Драч и његова област, 98; К. Аџиевски, Пелагонија, 75; М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 73. За развојот византиско-норманските дипломатски односи во очи и во текот на војната, главно перцепирани од норманска перспектива, како и за главните мотиви и причини кои го навеле Р. Гвискард да ги нападне балканските владенија на Византија види пошироко: W. B. McQueen, Relations Between the Normans and Byzantium 1071-1112, Byzantium, LVI (1986), Bruxelles 1986, 438-447.

освојувачки планови кои земале замав.[671] Сериозноста на ситуацијата наложувала личен воен ангажман на византискиот цар. Подготовките на Алексиј I да ја прекине норманската блокада на Драч, всушност истовремено значело подготвување за неизбежен византиско-нормански судир кај Драч. Според Ана Комнина, кога Алексиј I во август тргнал од престолнината кон Драч во редовите на неговата војска имало разновидни и разнородни трупи, предводени од посебни команданти. Меѓу воените единици и командантите кои се наоѓале под византиска команда се споменуваат: Антиох, кој заповедал со Македонците; Александар Кавасила, кој заповедал со Тесалијците; а Татикиј, тогаш велики примикериј, заповедал со Турците, кои живееле околу Охрид (περὶ τὴν Αχριδώ).[672] Од податокот се добива јасен впечаток дека споменатите воени единици, вклучително и онаа составена од Турците кои живееле во близина на Охрид, биле собрани во Константинопол.

Известувањето за учество на една посебна воена единица составена од Турци, кои живееле околу Охрид, во воената акција на Алексиј I насочена кон Драч, во науката предизвикало задоволително внимание. Едни истражувачи сметаат дека се работи за наемници, но поконкретно именувајќи ги како Турци-Вардариоти.[673] Ј. Љубарскиј изнесува мислење дека се работи за унгарски заробеници од X век, на кои им се придодадени и селџучки елементи.[674] Постои мислење дека овие "охридски Турци" всушност биле мешавина од Турци и Унгарци, односно Унгарци со примеси од Турци-Селџуци.[675] Според Б. Крекиќ пак едноставно се работи за наемнички одред на Турци, кои живееле во подрачјсто на Охрид,[676] а Б. Панов смета дека Турците околу Охрид всушност биле населени како

[671] Alexiade, I, 145-148. Сп.: Ј. Ферлуга, Драч и његова област, 98; М. Бошковски, Македонија во XI и XII век, 73-74.

[672] Alexiade, I, 151; ВИИНЈ, III, 378. Сп.: А. Тончев, Италианските нормани, 37; Ј. Ферлуга, Драч и његова област, 99; М. Бошковски, Македонија во XI и XII век, 74, 93.

[673] F. Chalandon, Essai sur le regne d'Alexis I Comnene (1081-1118), Paris 1900, 76; C. Buckler, Anna Comnena, London 1929, 360.

[674] Я. Н. Любарский, Анна Комнина Алексиада, Москва 1965, 494, бел. 435.

[675] А. Тончев, Италианските нормани, 32, 37.

[676] ВИИНЈ, III, 378, бел. 14 (Б. Крекић).

воени колонисти.[677] Дури постои мислење според кое Турците од Охрид се поистоветуваат со Печенези.[678]

Потребно е да се истакне дека постоечките тези во науката според кои споменатите Турци, населени околу Охрид, всушност биле наемници или воени колонисти во византиска служба потребно е да се прифатат како мошне веројатни. Но од друга страна тврдењата дека тие биле Турци-Вардариоти, Унгарци, Турци-Селџуци или Печенези сепак со ништо не се поткрепени во изворите. Исто така засега останува непознато од кога датира и во колкав број биле населени Турците во околината на Охрид. Единствено што може да се претпостави е дека нивното населување било во некаква врска или се случило како последица од претходните внатрешни потреси и немири во Византија, особено на Балканот.

Поконкретно доколку се прифати како реална можноста дека двете големи востанија во Македонија значително влијаеле на намалување и проретчување на регрутниот потенцијал, особено во Охридско, тогаш тоа претставувала доволна причина недостигот од воено способни лица да бил надоместен со населување на странски наемници, во случајов Турци. Нивната бројност по се изгледа не била занемарлива бидејќи А. Комнина не случајно нашла за потребно да ја спомене токму нивната воена единица заедно со единиците пополнети од Македонци од темата Македонија во Тракија и Тесалијци од пространата област Тесалија. Темата Македонија и областа Тесалија неспоредливо биле поголеми од околината на Охрид, каде биле населени турските наемници.

Во врска со споменувањето на великиот примикериј Татикиј, кој ги предводел турските наемници од околината на Охрид, тешко е да се каже нешто поконкретно. Јасно е дека се работи за личност со релативно висока титула, но кој не се споменува во други извори. Дали тој воопшто бил поврзан со Охрид и евентуално на кој начин останува потполно непознато. Познато е дека велик примикериј претставувал еден од функционерите на царскиот двор и дека тоа достоинство било

[677] Б. Панов, Развиениот феудализам, 211.

[678] J. W. Birkenmeier, The Development of the Komnenian Army (1081-1180), Brill-Leiden-Boston-Koln 2002, 62.

резервирано за евнусите.[679] Сепак постои можност дека во актуелното време можеби извршувал некаква привремена функција или едноставно бил присутен во градот Охрид.

По краткиот престој во Солун царот Алексиј I проценил дека дошло времето за пресметка со Норманите, кои подолго време не отстапувале од опсадата на Драч. На 15 октомври тој со својата војска пристигнал пред Драч, а по само три дена се впуштил во отворена и жестока битка со Норманите. Византиската војска на чело со Алексиј I доживеала катастрофален пораз. Остатоците од поразената војска биле принудени на панично бегство од боиштето кон исток. Во тие тешки околности, според Ана Комнина, царот Алексиј I со својата придружба исто така избегал од боиштето и по две денонокија патување, преку планини и по лоши патишта, стигнал во Охрид. Попатно ја поминал Харзан (Ерзен). Малку се задржал на таканаречената Бабагора (тоа е непроодна клисура). Оправувајќи се малку во Охрид и одморајќи си го телото, царот Алексиј I потоа се упатил во Девол за да ги дочека своите разбегани војници. Во Девол царот наредил разбеганите војници да се собираат во Солун, каде и самиот се упатил. За време на кусиот престој во Солун царот превзел мерки за реорганизација на разбиената византиска војска, а потоа се вратил во престолнината. Во меѓувреме Норманите ги освоиле градовите Главиница и Јанина.[680]

Од презентираниот опис на случувањата од октомври 1081 г. може да се забележи дека градот Охрид се вбројувал меѓу малубројните градови кои биле сметани дека имаат големо воено-стратегиско значење за Византија во тој дел на Балканот. По византискиот пораз пред Драч и по

---

[679] The Alexiad of Anna Comnena (translated from Greek by E.R.A. Sewter), London 1969, 141, n. 7. Сепак не е толку извесно дали се работи за функција или титула. Види: The Oxford Dictionary of Byzantium, 3, 1719-1720. Б. Панов (Теофилакт како извор, 336) во врска со предводникот на охридските Турци смета дека тој бил покрстен муслиман, што нема никаква потврда во изворите.

[680] Alexiade, I, 157-168; Alexiade, II, 7-9; ВИИНЈ, III, 379-380. Сп.: В. Н. Златарски, История, II, 171-173; Ј. Ферлуга, Драч и његова област, 100-101; М. Бошковски, Македонија во XI и XII век, 74-75. Б. Панов (Развиениот феудализам, 211) пропуштил да го спомене првиот кус престој на царот Алексиј I во Охрид, по поразот кај Драч.

Во врска со битката кај Драч А. Комнена (Alexiade, I, 162-163) меѓу причините за византискиот пораз попатно го споменува бегството на Турците. Останува непознато дали се работи за т.н. охридски Турци или пак се работи за други единици од Мала Азија, кои во битката учествувале како византиски сојузници.

непрекидното дводневно патување низ тешкопроодните патишта низ Албанија, царот Алексиј I неслучајно го избрал токму градот Охрид за прв доволно безбеден пункт каде, макар на кусо време, можел да си дозволи да застане со цел да се опорави и одмори од доживеаниот пораз. Значи без сомнение во тие тешки околности за царот Охрид претставувал релативно цврсто утврдена и доволно оддалечена од Драч византиска база во која барем привремено можел да се чувствува безбеден. Од таму отпочнало санирање на воените загуби, како и регрупирањето и реорганизирање на остатоците од разбеганата византиска војска.

Патот по кој се движел царот со својата придружба не е директно посочен во изворите. Но сепак во врска со повлекувањето на царот од пред Драч кон Охрид, Ана Комнина ги споменува Харзан (Ерзен) и Бабагора (Багора). Иако таа директно не наведува што се крие зад поимот Харзан во науката се дошло до убедливо мислење дека всушност се работи за реката Ерзен, притока на реката Девол, во Албанија.[681]

Бабагора пак споменатa од А. Комнина, вусшност била планината Багора (Βαγορα), која се сретнува како ороним во едно од писмата на Теофилакт Охридски, според кога таа била голема планина меѓу бугарските и драчките ридови.[682] Во науката постои оправдана хипотеза дека планината Бабагора (Багора) се протегала западно од Охридското Езеро, меѓу горниот тек на реката Шкумба и Девол.[683] Одредувањето на патот по кој се движел царот Алексиј I при повлекувањето од Драч директно зависи од успешното лоцирање на реката Ерзен и планината Багора во Албанија. Бидејќи таквата работа може да се смета дека е релативно успешно завршена останува да се претпостави дека царот Алексиј I со својата придружба за да стигне од пред Драч до Охрид логично го користел најбрзиот пат Виа Егнатиа. Споменатиот хидроним и ороним неспорно се наоѓале на маршутата на споменатиот пат и при секое патување било неопходно да се премине преку нив.

---

[681] В. Н. Златарски, Багора-Бабагора-Bagulatus, Сборникъ въ честь на А. Иширковъ, София 1933, 187.

[682] Theophylacte, 554-555; ВИИНЈ, III, 319.

[683] В. Н. Златарски, Багора-Бабагора-Bagulatus, 187-190; Idem, История, II, 173 бел. 1.

Во врска со првиот престој на Алексиј во Охрид постои мислење дека тоа било наменски направено поради неговите намери токму на тоа место да организира блокада на патот Виа Егнатиа со цел да го сопре норманскиот продор.[684]

Паѓањето на градот Драч во нормански раце сепак се одолговлекло неколку месеци, односно до февруари 1082 г., најмногу благодарение на венецијанската управа. Се создале услови за натамошно норманско напредување и освојувања во Епир, Тесалија и Македонија. Следниот изворен податок во кој повторно директно се споменува Охрид датира од раното лето 1082 г. По доживеаниот втор воен пораз од Норманите, овој пат во битката кај Јанина во Епир, царот Алексиј I сосема слично како по поразот кај Драч, со дел од војската успешно го предводел повлекувањето овојпат од околината на Јанина. Избегнувајќи безбројни и големи опасности Алексиј I повторно се спасил минувајќи преку Струга за да стигне во Охрид. Тука се задржал собирајќи значителен број избегани византиски војници, кои му ги оставил на великиот доместик (Григориј Пакуријан н.б.) , а тој самиот се упатил на Вардар. Таму царот не се одмарал туку собирал војска за нова пресметка со Норманите.[685]

Неминовно паѓа во очи големата сличност на постапките кои ги превзел царот Алексиј I по поразите кои ги доживеал тој и неговата војска во двете битки против Норманите: прво кај Драч, а потоа кај Јанина. Иако Јанина била доста оддлечена од Драч и се наоѓала далеку на југ во Епир, првиот пункт или постојка каде Алексиј I се задржал и од каде почнал да го организира собирањето на разбеганата и распрсната византиска војска, повторно бил Охрид. Овој пат А. Комнена јасно нагласува дека Алексиј I повторно се спасил минувајќи преку Струга за да стигне во Охрид. Веројатно при своето повлекување од Јанина кон Охрид Алексиј I повторно користел дел од патот Виа Егнатиа.

[684] G. Loud, The Age of Robert Guiscard: Southern Italy and the Norman Conquest, London 2000, 218.

[685] Alexiade, II, 7-8; 17-19; ВИИНЈ, III, 380. Во македонската историографија единствено Б. Панов (Развиениот феудализам, 211; Охрид од средината на X век, 755) битката кај Јанина ја датира една година подоцна (1083 г.), повикувајќи се на застарена и надмината хронологија, на што со право укажал К. Аџиевски (Пелагонија, 76 бел. 35). Усвојувањето на ваквата застарена хронологија за битката кај Јанина последователно погрешно ги поместува норманските освојувања во Македонија кои следувале.

Се наметнува прашањето зошто Алексиј I по поразот кај Јанина наместо да бара сигурно и поблиско засолниште на пример во Костур или Солун тој повторно се одлучил за поодалечениот Охрид? Сметаме дека одговорот на тоа прашање е поврзано со можните предвидувања кои ги имал Алексиј I за тоа од која насока требало да се очекуваат следните нормански напади. Изгледа сосема природно и логично дека по норманското завладување на Драч во февруари 1082 г. норманската опасност и закана кон византиските владенија во Македонија во голема мера да била зголемена. Притоа требало да се очекува дека главната и најлеснопроодната комуникација за движење или продор-патот Виа Егнатиа првенствено ќе бил користен од Норманите. Со своето значење и истуреност меѓу воено-одбранбени пунктови на споменатата комуникација особено се истакнувал градот Охрид.

Дополнителна аргументација во прилог на зајакнување на таквата хипотеза може да се најде во толкувањето на податоците на А. Комнена. За разлика од претходниот престој во Охрид, по поразот кај Драч, кога Алексиј I се задржал мошне кусо време, овојпат сосема наменски веројатно останал подолго време во градот.[686] За разлика од есента 1081 г. кога царот наредил разбеганите војници да се собираат во Девол и потоа да се упатуваат во Солун, овојпат, во летото 1082 г. главниот собирен пункт за разбеганите византиски војници по поразот во битката кај Јанина, бил единствено Охрид. По собирањето на значителен број византиски војници во Охрид неслучајно било одлучено тие да останат во градот под команда на големиот доместик на Западот, Григориј Пакуријан. Презентираните податоци директно упатуваат на тенденцијата за воено зајакнување и утврдување на византиските позиции во Охрид, во чија позадина морала да се крие сосема конкретна цел. Притоа одговорноста да заповеда со собраната војска во Охрид ја добил

---

[686] А. Комнина за разлика од првиот престој во Охрид кога нагласува дека Алексиј се задржал кусо време, овојпат наведува дека се задржал и дека ги собирал разбеганите византиски војници. Значи се добива впечаток дека за разлика од првиот пат овојпат не се задржал кусо време во Охрид. Спротивно на ваквите наводи М. Бошкоски (Македонија во XI И XII век, 79) цитирајќи го истиот податок се изјаснил дека византискиот цар се задржал кратко време во Охрид, што наликува на произволно толкување. Б. Панов (Развиениот феудализам, 211) се изјаснил дека Алексиј останал во Охрид извесно време.

највисокиот воен функционер на Западот, великиот доместик Григориј Пакуријан.[687]

Токму наредбата на Алексиј I за оставање на значителен дел од византиската војска во Охрид под команда на великиот доместик, според М. Ангеловска-Панова упатува на претпоставката дека византискиот цар ја согледал сериозната опасност Норманите во својот налет да го освојат овој важен македонски град.[688] Таквиот развој на настаните навистина изгледал мошне веројатен.

Но од располжливите податоци произлегува дека летото 1082 г. сепак не дошло до нормански напад на Охрид, туку веројатно до нова византиско-норманска пресметка и тоа по се изгледа подалеку од Охрид. Дали концентирањето на поразената византиската војска во Охрид не било во функција на евентуална подготовка за престојната трета битка со Норманите?

Според податоците на А. Комнена, Алексиј I заминал од Охрид, упатувајќи се кон Вардар за да собира нова војска која му била потребна за следниот судир со Норманите. По собирањето на војската и откако платениците биле подготвени, тој ги повел во нова битка против Боемунд со надеж за победа. Во продолжение подетално се опишува текот на битката во која Алексиј I повторно доживеал катастрофален пораз. Како една од главните причини за поразот се наведува стравот кој што бил присутен во редовите на византиската војска, уште пред почетокот на битката, како последица од претходните порази. Затоа еден поголем дел од византиската војска воопшто не се осмелувал ни да се соочи со непријателот. Покрај храброто и упорно пружање отпор од страна на Алексиј I и неговата придружба, по разбивањето и разбегувањето на главнината од неговата војска, тој повторно бил принуден да се повлече од

[687] Б. Панов (Развиениот феудализам, 211) смета дека пред Алексиј да го напушти Охрид заштитата на градската тврдина наводно му ја доверил на Ариебиј, а како дополнителна заштита на градот послужиле Турците, населени околу Охрид. Се работи за потполна конструкција, пришто Ариебиј и Турците навистина се спомената во врска со Охрид, но во сосема друг контекст и време. Имено од конкретниот податок на А. Комнина јасно произлегува дека по заминувањето на царот Алексиј со значителен дел од војската во Охрид бил оставен Г. Пакуријан, а не Ариебиј.

[688] М. Ангеловска-Панова, Македонија за време на византиско-норманската војна, 40.

битката и овојпат да побара засолниште во престолнината. Таму требало да регрутира нова војска за следната пресметка против Боемунд.[689]

Во врска со оваа трета битка во која царот Алексиј I повторно бил поразен постојат голем број недоречености и разногласија во науката. Дополнителни тешкотии во разјаснувањето на околностите и фактите за самата битка предизвикува неодостигот на податокот каде точно се одиграла битката. Додека еден дел од истражувачите сметаат дека битката се одиграла кај Арта во Епир,[690] постои мислење дека битката се одиграла некаде на просторот меѓу Јанина и Охрид.[691]

Затоа пак релативно полесно е да се одреди времето кога таа се одиграла. Од описот на текот на случувањата кај А. Комнена се добива впечаток дека условно нелоцираната византиско-норманска битка се случила релативно кусо време по битката кај Јанина и престојот на Алексиј I во Охрид. Со други зборови кажано тоа би значело летото или почетокот на есента 1082 г. Со право таквото мислење е доста распространето во науката.[692]

Доколку прифатиме дека третата византиско-норманска битка се одиграла релативно кусо време по битката кај Јанина неминовно се наметнува прашањето што се случило со собраната византиска војска во Охрид под команда на Г. Пакуријан? Иако А. Комнена директно не соопштува дека Г. Пакуријан учествувал во третата битка тешко е да се изнајдат причини за неговото отсуство. Уште повеќе сосема е реално да се помисли на можноста дека тој ја предводел токму војската претходно собрана во Охрид, додека за Алексиј I сосема конкретно се дознава дека предводел новорегрутирана војска и наемници. Од тука произлегува дека

---

689 Alexiade, II, 19-22; The Alexiad of Anna Comnena (translated from Greek by E.R.A. Sewter), London 1969, 164-166.

690 А. Тончев, Италианските нормани, 28; Ј. Ферлуга, Драч и његова област, 101; М. Бошковски, Македонија во XI и XII век, 79 Б. Петровски, Односот на населението, 130; Idem, Средновековната историја и историографија во Македонија, ракурс на освојувањето на Норманите и траењето на нивната власт во Полог, Историја, историографија и настава по историја, Скопје 2007, 139-140.

691 М. Ангеловска-Панова, Македонија за време на византиско-норманската војна, 40. К. Аџиевски (Пелагонија, 76, бел. 34а) останал резервиран во определувањето на местото на одигрување на третата византиско-норманска битка.

692 А. Тончев, Италианските нормани, 28; Ј. Ферлуга, Драч и његова област, 101; М. Бошковски, Македонија во XI и XII век, 79; М. Ангеловска-Панова, Македонија за време на византиско-норманската војна, 40; Б. Петровски, Односот на населението, 130; Idem, Ракурс на освојувањето на Норманите, 139-140.

по поразот кај Јанина не поминало многу време за собраната византиска војска во Охрид повторно да биде ангажирана во следната византиско-норманска битка. Своевидна посредна потврда за тоа наоѓаме во известувањето на А. Комнена, според кое поголем дел од византиските војници биле исплашени уште пред почетокот на битката, поради доживеаните претходни порази.[693] Секако војската собрана во Охрид сигурно учествувала барем во една од претходните битки, на пример во онаа кај Јанина.

Значи собирањето на византискта војска во Охрид можело да биде во функција на подготовка за следниот судир со Норманите. Исто онака како што по поразот кај Драч собирањето и реорганизирањето на распрснатата византиска војска во Солун, под команда на истиот Г. Пакуријан, било во функција на подготовка на следниот византиско-нормански судир кај Јанина.

На тој начин всушност добиваме две наизглед спротиставени хипотези во врска со причините за собирањето на распрснатата византиска војска по поразот кај Јанина токму во Охрид. Според првата хипотеза тоа се случило за да се заштити Охрид и останатите византиски владенија во Македонија од очекуваниот нормански продор; додека според втората хипотеза собирањето се случило како дел од византиските подготовки за следниот судир со Норманите. Доколку ги поставиме двете хипотези на разгледување секоја за себе изгледа доста издржана и веројатна.

Но сепак сметаме дека постои можност првичната намера и одлука на Алексиј I за утврдување и обезбедување на Охрид од евентуален нормански напад, подоцна да била изменета и собраната византиската војска во Охрид на чело со Пакуријан да била вклучена во третиот византиско-нормански судир кај Арта. Или дури доаѓа во предвид претпоставката дека византиската војска намерно ја пресретнала норманската војска на чело со Боемунд, која веќе се движела од Јанина кон Охрид.[694]

---

693 Alexiade, II, 22.

694 Сп.: М. Ангеловска-Панова, Македонија за време на византиско-норманската војна, 40.

На тој начин останува сосема отворена можноста несигурно лоцираната трета битка да била искористена како последен посериозен византиски обид да се одбрани Охрид и воопшто византиските владенија во Македонија. Исходот на битката ги предодредил следните случувања кои се развивале неповолно за византискиот Охрид.

Последователните порази кои ги доживеала Византија во трите битки (1081-1082) против Норманите истовремено претставувале неуспешни обиди да се сопре норманското напредување во внатрешноста на Балканот. Според А. Комнина по враќањето на Роберт Гвискард во Италија, пролетта 1082 г., највисоката команда врз норманската војска веќе ја имал превземено неговиот син Боемунд. Како што проследивме претходно таа улога Боемунд мошне успешно ја одиграл летото истата година кога на два пати го поразил царот Алексиј I. Тенденцијата за превземање на успешни воени акции против Византија Боемунд овојпат ја продолжил со освојувања во Македонија. Најпрво во севрозападна Македонија биле испратени делови од норманската војска на чело со Петар Алифа и Пунтесиј. Петар Алифа ги завзел двата Полога (Горен и Долен), додека Пунтесиј завладеал со Скопје.[695]

Потоа А. Комнена изнесува сосема кус опис за се чини делумното освојување на Охрид од страна на Норманите. Лично Боемунд по повикот од Охриѓаните, брзо пристигнал до Охрид. Задржувајќи се таму кратко

---

[695] Alexiade, II, 22; ВИИНЈ, III, 380-382. Во врска со освојувањата на двата Полога и Скопје во македонската наука со право преовладуваат мислењата дека тие биле освоени без поголеми тешкотии (К. Аџиевски, Пелагонија, 76), односно дека Норманите се соочиле со слаб византиски отпор или едноставно посочените територии им биле предадени (М. Бошковски, Македонија во XI и XII век, 80). Во последно време со прашањето за норманското освојување на Полог и Скопје, како и со околностите и контекстот на истото, особено опсежно се занимавал Б. Петровски (Односот на населението, 129-140; Ракурс на освојувањето на Норманите, 139-146). Притоа Б. Петровски (Ракурс на освојувањето на Норманите, 143) ја дозволува можноста норманските одреди предводени од П. Алифа и Пунтесиј, напредувајќи кон Полог да минале преку Охрид, движејќи се по патот Охрид-Кичево-Полог. Истовремено не ја исклучува ниту можноста тие кон Полог да не продреле преку Охрид, туку дека ја користеле патната комуникација Пелагонија-Кичево-Полог.

В.Б. МекКвин (Relations Between the Normans and Byzantium, 445) сосема погрешно се изјаснил дека двата Полога се тврдини во североисточна Албанија. Во конкретниот случај познато е дека не се работи тврдини туку за две области, кои се протегаат во северозападна Македонија, а не во североисточна Албанија. Зачудува фактот што кога МекКвин расправа за норманското присуство и војување на Балканот (1081-1085), освен Албанија не ги споменува Македонија, Епир и Тесалија иако и тие биле длабоко инволвирани и засегнати од норманскиот продор. (Сп.: W.B. McQueen, Relations Between the Normans and Byzantium, 438-447).

време, не постигнал ништо[696] или без да може да направи нешто[697], бидејќи Ариебиј ја бранел тврдината. Од таму Боемунд заминал за Острово, Соск, Сервија, Бер, Воден и Меглен, односно во јужна и југозападна Македонија, без да постигне поголеми успеси.[698]

Во врска со презентираниот податок се наметнуваат повеќе прашања од кои за мошне значајно го сметаме она за хронолошкото одредување на настанот. За разлика од Б. Панов, кој посочените норманските освојувања во Македонија сосема погрешно ги сместува во 1083 г.,[699] во македонската и воопшто во балканската историографија преовладува мислењето дека почетокот на таквите настани се случил во втората половина на 1082 г. Поконкретно со голема доза на веројатност се смета дека делот од норманскиот продор, во кој бил загрозен Охрид, се случил есента, односно последните месеци на 1082 г.[700]

Бидејќи во самиот почеток од продорот Боемунд дошол во Охрид значајно е да се утврди кога поконкретно започнал односниот нормански продор. Според Б. Крекиќ почетокот на норманските освојувања во Македонија треба да се бара во ноември 1082 г.,[701] додека К. Аџиевски предлага во почетокот на есента 1082 г.[702] Во секој случај извесно е дека не поминало многу време од третиот пораз на Алексиј I (крај на летото или почеток на есен 1082 г.) до пристигнувањето на Боемунд во Охрид, односно дека тоа се случило набргу потоа.[703] Но дали доаѓањето на Боемунд во Охрид претставуваала континуирана и планирана акција која следувала веднаш по третата битка, навистина не може да се тврди. Затоа

[696] ВИИНЈ, III, 381 (Б. Крекић).

[697] М. Ангеловска-Панова, Македонија за време на византиско-норманската војна, 40-41.

[698] Alexiade, II, 22-23; ВИИНЈ, III, 381.

[699] Историја на македонскиот народ, I, 171 (Б. Панов); Idem, Теофилакт како извор, 342; Idem, Охрид од средината на X век, 755; Idem, Развиениот феудализам, 211.

[700] Сп.: ВИИНЈ, III, 380 (Б. Крекић); А. Тончев, Италианските нормани, 28-29; К. Аџиевски, Пелагонија, 76; М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 80 бел. 158; М. Ангеловска-Панова, Македонија за време на византиско-норманската војна, 40-41; Б. Петровски, Ракурс на освојувањето на Норманите, 140.

[701] ВИИНЈ, III, 380 (Б. Крекић); М. Бошкоски (Македонија во XI и XII век, 80 бел. 158) го прифаќа и го смета за сосема реално датирањето предложено од Б. Крекиќ.

[702] К. Аџиевски, Пелагонија, 76. Сп.: Б. Петровски, Ракурс на освојувањето на Норманите, 139-140.

[703] М. Ангеловска-Панова, Македонија за време на византиско-норманската војна, 40.

доцната есен 1082 г. засега се чини како најсоодветно датирање за почетокот на норманското присуство во Охрид.[704]

Во врска со околностите под кои Охрид се нашол загрозен од норманската војска, потребно е да се осврнеме одделно на одредени сегменти од податокот. Сосема јасно се дознава дека причината поради која Боемунд најпрво се упатил и брзо пристигнал во Охрид била дека бил повикан од Охриѓаните. Несомнено дека Боемунд ја предводел главнината од норманската војска, но тоа не му помогнало целосно да го освои градот Охрид. Оправдано во науката известувањето на А. Комнена за пристигнувањето и краткиот престој на Боемунд во Охрид всушност се толкува дека Боемунд притоа успеал да го освои единствено подградието, но без тврдината или горниот град.[705]

Но токму неуспехот на Боемунд да ја освои тврдината, која била одбранета од Ариебиј, претставува главна причина А. Комнена да констатира дека Боемунд не постигнал ништо или не направил нешто при освојувањето на Охрид. Иако ваквата констатација на прв поглед може да изгледа претерана или драстична веројатно била предизвикана од големото значење кое вообичаено го имала тврдината за безбедноста на еден град и исклучиво се однесувала за неуспехот да се освои истата. Во случајов неконтролирањето на охридската тврдина на Норманите не можело да им гарантира долгорочност и стабилност на нивната власт во

[704] Б. Петровски (Односот на населението, 130 и бел. 6; Ракурс на освојувањето на Норманите, 142-143) се изјаснува дека норманското освојување на Полог, а веднаш потоа и на Скопје, било извршено во крајот на 1082 г. Во меѓувреме Боемунд влегол во Охрид и се упатил во поход кон Острово, Соск, Сервија и др. Значи постои можност доаѓањето на Боемунд во Охрид хронолошки да претходело или да коинцидирало со норманските освојувања во Полог и Скопје. Во таа насока М. Ангеловска-Панова (Македонија за време на византиско-норманската војна, 40) смета дека додека се одвивале норманските освојувања на Полог и Скопје, Боемунд поканет од Охриѓаните брзо дошол во Охрид. Освен хронолошки неточно, потполно произволно и контрадикторно ни изгледа тврдењето на Б. Панов (Развиениот феудализам, 211) дека додека Боемунд престојувал во Охрид во 1083 г. се случиле норманските освојувања на Полог, Скопје и на други македонски градови и области, иако А. Комнина јасно известува дека престојот на Боемунд во Охрид бил мошне кус.

[705] Сп.: Б. Панов, развиениот феудализам, 211; К. Аџиевски, Пелагонија, 76-77; М. Бошковски, Македонија во XI и XII век, 80-81; М. Ангеловска-Панова, Македонија за време на византиско-норманската војна, 40; G. Loud, The Age of Robert Guiscard, 219; Б. Петровски, Односот на населението, 131; Idem, Ракурс на освојувањето на Норманите, 143. Р. П. Стефенсон (Byzantium's Balkan Frontier, 172) смета дека Охрид бил ставен под норманска опсада, за во продолжение да даде до знаење дека всушност мислел на охридската тврдина, која била успешно одбранета од Ариебиј. На тој начин се прејудицира дека опсадата на тврдината всушност завршила неуспешно.

Охрид. Иако не постојат податоци за евентуално подоцнежно норманско освојување и на охридскта тврдина, се чини Норманите сепак успеале барем да ја одржат ситуацијата status quo, односно градот останал поделен речиси до крајот на војната.[706] За можноста од поинакво толкување на податокот за норманското присуство во Охрид сообразено со евентуално поинаквата урбана структура на градот расправаме подолу во следната глава.

Лицето кое успешно ја предводело одбраната на охридската тврдина од норманските напади се викало Ариебиј. Веќе погоре расправавме дека сознанијата за него се мошне ограничени.[707] Но сепак една од главните причините за неуспехот на Боемунд да ја освои охридската тврдина, освен во веројатната воена оспособеност и вештина на Ариебиј, по се изгледа треба да се бара во недоволната техничка подготвеност на Норманите, односно нивното нерасполагање со доволно опсадни справи, поради што имале доста тешкотии при освојувањето на подобро утврдените места.[708]

Подвоеноста која владеела меѓу Охриѓаните на Норманите единствено им била од корист за релативно лесно да ги заземат пространите долни делови од градот-подградието, додека во погорните делови од градот-тврдината останале веројатно утврдени византиските световни и духовни чиновници, функционери и благородници, можеби со еден дел од Охриѓаните.[709] Несомнено Боемунд се обидел да ја завземе тврдината, но од сознанието дека се задржал кратко време во Охрид може да се претпостави дека за еден таков потфат да заврши со успех било неопходно да потроши повеќе време. Можеби токму во недостигот од време потребно е да се бара една од причините поради која Боемунд ја прекинал акцијата за освојувањето на тврдината и брзо го напуштил

---

[706] А. Тончев (Италианските нормани, 29) кусо се изјаснил дека Норманите неуспешно се обиделе да го освојат градот Охрид, без да понуди образложение за таквото мислење.

[707] Види стр. 233.

[708] Сп.: К. Аџиевски, Пелагонија, 76.

[709] Б. Панов (Теофилакт како извор, 342; Развиениот феудализам, 212) тврди дека меѓу великодостојниците кои останале затворени во охридската тврдина се наоѓал и архиепископот Теофилакт. За таквите наводи не постои изворна потврда, особено поради неизвесноста дали Теофилакт во тоа време веќе бил воопшто поставен на таа висока црковна функција или сеуште не бил?.

Охрид со цел да го продолжи својот продор и обидите да завземе други градови и тврдини во Македонија.

Тешко е да се утврдат конкретните причини кои предизвикале појава на подвоеност меѓу Охриѓаните. Поканата која ја добил Боемунд од Охриѓаните да го превземе градот прејудицира дека кај еден поголем дел од нив било присутно антивизантиско расположение,[710] а кај привилегираниот слој од населението единствено нетрпеливост кон актуелната византиска власт.[711]

Постои оправдано мислење во науката дека поради проширувањето на византиско-норманската војна на територијата на Македонија од 1082 г., Византија значително го зголемила регрутирањето на војската. Истовремено населението од Македонија било принудено да се грижи за издржувањето на големата византиска војска која престојувала во тој период во Македонија.[712]

Ваквата констатација по се изгледа најмногу се однесувала на Охрид. Токму преоптовареноста на Охриѓаните со обврските кои ги наметнувала Византија во врска со војната можеле да претставуваат главна причина кај еден поголем дел од нив да се интензивира антивизантиското расположение. Не треба да потсетуваме дека токму последните месеци пред доаѓањето на Боемунд Охрид претставувал исклучително значаен византиски воен пункт. Воопшто за проблемот на форсираната регрутација во Охридската тема за време на царот Алексиј I мошне драгоцени податоци наоѓаме во писмата на Теофилакт, на што подетално се осврнуваме во следната глава.

Постои мислење во науката според кое податоците во две писма од Теофилакт се толкуваат како директна потврда за норманските

[710] Сп.: Б. Панов, Теофилакт како извор, 339-342; М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 76-77, 79-80, 94-95; М. Ангеловска-Панова, Македонија за време на византиско-норманската војна, 40.

[711] Б. Петровски (Односот на населението, 131-132) со право го иззема привилегираниот слој од населението во изразувањето на отворено антивизантиско расположение. Случајот со подвоеното расположение на Охриѓаните е најдобар пример и потврда за тоа.

[712] П. Тивчев, За участието на Българи в византийската войска през периода на византийското иго (1018-1185), Исторически преглед, XIX/1, София 1963, 86; М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 94.

освојувања и присуство во Македонија (1082-1084), поточно во Охрид.[713] Во првото писмо упатено до керкирскиот епископ, Теофилакт меѓу другото се жали дека ситуацијата во градот била многу тешка, дека се плашеле за своите животи, дека надвор од градот имало борби, а внатре стравови.[714] Од писмото пак до солунскиот митрополит Теодул, се дознава дека Амалик (кој се идентификува како Боемунд н.б.), бил отстапник и бунтовник, кој ги држел сите патишта и се стремел да го понижува свештенството.[715] Недатираноста на писмата е главна причина за изнесување на една ваква теза

Навистина најблиску до вистината изгледа претпоставката дека во посочените две писма опишаната опасност доаѓала од Боемунд и Норманите, но поголем дел од истражувачите прифаќаат дека се работи за подоцнежниот нормански продор од 1107-1108 г.[716]

Одредени податоци од едно од писмата на Теофилакт адресирани до кесарот Никифор Мелисин, каде се потенцира неговата предводничка улога во воениот ангажман со непознат непријател и веројатно за таа цел престојот во Македонија,[717] за Б. Панов е доволно овој податок да го поврзе со норманскиот продор и освојувања во Македонија во 80-тите години на XI век.[718] Притоа од непознати причини го занемарил сосема извесното датирање на споменатото писмо во 1091 г. и големата веројатност дека Н. Мелисин бил зафатен во подготовките за пресметка со Печенезите или други непријатели, но не со Норманите.[719]

Во едно друго писмо од Теофилакт испратено до китарскиот епископ, кое е датирано 1096-1097 г., се дознава дека причината поради која Теофилакт привремено бил принуден да ја прекине писмената комуникација, била поминувањето или продорот на Франките (Норманите) за време на крстоносната војна. Притоа сосема неодредено

---

[713] Б. Панов, Теофилакт како извор, 343-344.

[714] Theophylacte, 398-401; ВИИНЈ, III, 314.

[715] Theophylacte, 386-387; ВИИНЈ, III, 343.

[716] М. Симеон, Писмата на Теофилакт, 56, 65, 78; В. Н. Златарски, История, II, 246 бел.1; 335 бел. 1; ВИИНЈ, III, 314 бел. 333; 343 бел. 495. Сп.: Theophylacte, 386 n. 2 (P. Gautier).

[717] Theophylacte, 170-171; ВИИНЈ, III, 262.

[718] Б. Панов, Теофилакт како извор, 344.

[719] Theophylacte, 170 n. 1 (P. Gautier); ВИИНЈ, III, 262 бел. 10 (Р. Катичиќ); ГИБИ, IX/II, 93 бел. 1 и 2 (И. Илиев).

споменува дека биле навикнати на пакостите на Франките и ги поднесувале злата полесно од претходно-зошто времето е добар учител на се.[720]

Ваквиот неодреден податок дека Теофилакт и претходно имал проблеми и потешкотии со Норманите навела дел од истражувачите да претпоставаат дека Теофилакт мислел на норманскиот продор во Македонија од 80 години на XI век.[721] Ваквата претпоставка ја сметаме за произволна. Впрочем во науката постои сосема поинакво и порелевантно толкување на податокот, на кое се задржуваме подолу. Исто така сосема е неизвесно и несигурно присуството на архиепископот Теофилакт во Охрид во годините 1082-1083.

Во науката постои мислење дека Боемунд пред да го напушти Охрид, градот му го доверил на чување на некој од неговите потчинети војсководачи, повикувајќи се на аналогија на подоцнежни случувања во врска со потчинувањето на Мегле.[722] Иако ваквиот навод не наоѓа потврда во изворниот материјал сепак треба да се претпостави дека во дадените околности бил возможен. Впрочем по заминувањето на Боемунд со главнината на војската од Охрид, било неопходно да се задржи контролата на норманските позиции во градот.

Бидејќи не постојат конкретни известувања за однесувањето на Норманите по нивното пристигнување и запоседнување на еден дел од градот Охрид интересно е да се осврнеме на еден општ податок од Ордерик Виталис. Тој всушност соопштува одредени наредби или препораки на Роберт Гвискард упатени кон норманските грофови предводени од Боемунд како да се однесуваат кон локалното население и византиските благородници. Меѓу другото се открива дека треба храбро да се борат, но само доколку бидат нападнати од противникот. Исто така им било наложено да не го вознемируваат локалното население и да не го предизвикуваат против себе.[723]

---

[720] Theophylacte, 302-303.

[721] Б. Панов, Теофилакт како извор, 342; М. Ангеловска-Панова, Македонија за време на византиско-норманската војна, 40; Theophylacte, 302-303, n. 3 (P. Gautier).

[722] Б. Панов, Развиениот феудализам, 212; Idem, Охрид од средината на X век, 756.

[723] Orderici Vitalis Historia Ecclesiastica, ed. Pertz, MGH, Santa Scriptores XX, Hannoverae 1868, VII, 61.

Колку ваквите наредби биле почитувани од Боемунд и норманските грофови при освојувањата во Македонија не е познато. Сепак вообичаено во науката е присутно мислењето дека наметнатата нова норманска власт во ништо не била помалку жестока и сурова од претходната византиска власт.[724] Повикувајќи се на податоците на О. Виталис, како и на околностите на освојување на Полог и Скопје и нивното географско протегање во однос на главните нормански насоки на делување, Б. Петровски смета дека Северозападна Македонија на некој начин била изземена од норманските грабежи, пљачки и ликвидации.[725] Се поставува прашањето дали поради потврденото пронорманското расположение на еден дел од Охриѓаните, може да се претпостави дека Норманите стриктно ги почитувале наредбите на Р. Гвискард во Охрид и поради тоа применувале помалку насилство при нивното релативно краткотрајно владеење.

Напуштајќи го Охрид со главнината од војската, Боемунд се упатил за Острово, веројатно по патот Виа Егнатиа, преку Преспа и Пелагонија.[726] Во понатамошниот тек на норманските освојувања во Македонија (1082/83), по Охрид како засегнати градови и тврдини од продорот на Боемунд се споменуваат: Острово, Соск, Сервија, Верија, Воден и Меглен.[727] Додека во науката е утврдено дека Охрид (без тврдината) и Меглен сигурно потпаднале под норманска власт, а Острово не потпаднал, во голема мера се проблематизира статусот на останатите погоре наброени градови. Се чини поиздржано е мислењето дека тие сепак

---

[724] В. Н. Златарски, История, II, 171, 179; А. Тончев, Италианските нормани, 32-34; К. Аџиевски, Пелагонија, 80; М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 92, 96-98.

[725] Б. Петровски, Односот на населението, 133-134.

[726] К. Аџиевски, Пелагонија, 77-78 и бел. 37, кој со право укажал на произволното и неточно мислење на Б. Панов дека Боемунд од Охрид се упатил кон Бер (Верија).

[727] Пронајдената остава со византиски монети (заклучно со Никифор III Вотанијат) на локалитетот Петочница во близина на с. Стровија на крајниот север на Пелагонија, за К. Аџиевски (Пелагонија, 78) е можност дека таа била засолнета: 1. есента 1082 г., кога Норманите на Боемунд по освојување на Охрид поминале низ Пелагонија движејќи се кон југ, или 2. што е поверојатно, пролетта 1083 г., кога по освојувањето на градот Пелагонија, истоимената рамнина ја признала норманската власт.

останале надвор од норманската власт, иако постоеле обиди за нивно потчинување.[728]

На тој начин произлегува заклучокот дека норманскиот неуспех да се завземе охридската тврдина не претставувал исключок. Веќе споменавме дека можната причина за таквиот развој на настаните треба да се бара во недоволната техничка подготвеност на Норманите да организираат успешни опсади на византиските градови и тврдини пред се поради недоволното поседување на опсадни справи.[729]

Следувал период од византиско-норманската војна исполнет со динамични пресврти од кои Охрид посредно бил засегнат. Пролетта 1083 г. Боемунд ја продолжил офанзивната воена кампања за освојување на нови византиски владенија во Македонија и Тесалија. Во еден силен налет пред да се упатат кон Лариса, Норманите успеале да ги освојат важните градови: Пелагонија (Битола), Трикала и Костур.[730] Но потоа следувале два тешки пораза - битката кај Лариса и битката за Костур - од кои Норманите до крајот на војната не можеле да се опоравата и било прашање на време кога ќе бидат принудени целосно да се повлечат од Балканот.

Доцната есен 1083 г. норманскиот водач Боемунд бил принуден преку Валона да се упати кон Италија за да донесе пари со кои требало да ги исплати подолго време неисплатените плати на своите војници. Пред да замине А. Комнена потенцира дека градот Костур му го доверил на чување на грофот Бриен, додека двата Пологa на Петар Алифа.[731]

Иако притоа не се набројуваат останатите градови во Македонија кои се наоѓале под норманска власт, како на пример: Скопје, Охрид, Пелагонија и др. може да се претпостави дека тие и понатаму останале под норманска власт. А. Комнена веројатно ги споменува најјужниот и

---

[728] Сп.: К. Аџиевски, Пелагонија, 77 и бел. 36а; М. Бошковски, Македонија во XI и XII век, 81; М. Ангеловска-Панова, Македонија за време на византиско-норманската војна, 42. Еден дел од истражувачите како В. Златарски (История, II, 175), П. Тивчев (История на България, III, София 1982, 78) и Б. Панов (Теофилакт како извор, 342-343) сметаат дека сите споменати градови и тврдини без исклучок потпаднале под норманска власт. Според А. Тончев (Италианските нотмани, 29) смета дека не може со сигурност да се утврди дали градовите Соск, Сервија, Верија и Воден паднале под норманска власт.

[729] К. Аџиевски, Пелагонија, 76.

[730] Alexiade, II, 23; ВИИНЈ, III, 382. Сп.: К. Аџиевски, Пелагонија, 78-79; М. Ангеловска-Панова, Македонија за време на византиско-норманската војна, 42-43.

[731] Alexiade, II, 32; ВИИНЈ, III, 382.

најсеверниот град и/или област во Македонија каде Боемунд ги засилил воените гарнизони и сметала дека не е потребно да ги наведе останатите градови под норманска власт.[732] Сосема се сложуваме со предложеното мислење дека есента 1083 г. Охрид сеуште требало да се наоѓа под норманска власт и покрај тоа што А. Комнена директно не го споменува меѓу градовите во Македонија на кои Боемунд обрнал особено внимание пред неговото враќање во Италија.

Во расположливите извори, односно во делото на А. Комнена недостасуваат директни податоци за крајот на норманската власт во Охрид и во поголемиот дел на Македонија. Постои мислење дека тоа се случило во средината на 1085 г., кога по смртта на Роберт Гвискард, Норманите дефинитивно го напуштиле Балканот.[733] Ваквото мислење ни изгледа потполно неприфатливо.

Но во науката со право преовладува поинаква теза дека тоа се случило порано. Според таквата теза одлучувачко значење во истиснување на норманската власт и обновување на византиската власт во Западна и Југозападна Македонија имала битката за Костур. По позитивниот исход од таа битка за Византијците, кога градот бил одземен од нормански раце, всушност следувало обновувањето на византиската власт на споменатите македонски територии.[734]

Иако ни изгледа сосема прифатлива теза дека византиската власт во Македонија веројатно била обновена по битката за Костур, поради потешкотии во интерпретацијата на изворните податоци постојат проблеми за нејзиното хронолошко прецизирање. Секако поради тоа во науката се создало разногласието по однос на датирањето на битката за Костур[735] и битката кај Лариса, која претходела. Сепак според еден поголем дел од истражувачите битката за Костур се случила октомври-

[732] М. Бошковски, Македонија во XI и XII век, 86.

[733] В. Н. Златарски, История, II, 176; А. Тончев, Италианските нормани, 30; Б. Панов, Охрид од средината на X век, 756; Idem, Развиениот феудализам, 212.

[734] Сп.: К. Аџиевски, Пелагонија, 79-80.

[735] Во науката постојат застапници на мислењето дека битката се одиграла есента 1084 г. Види: Б. Панов, Теофилакт како извор, 343; История на България, III, 78 (П. Тивчев); М. Ангеловска-Панова, Македонија за време на византиско-норманската војна, 44 бел. 22.

ноември, односно есента 1083 г.[736] Ваквото датирање го сметаме за мошне веројатно.

Последователно, според К. Аџиевски, норманската власт во Пелагонија била ликвидирана по се изгледа по освојувањето на Костур од страна на Алексиј I, најверојатно кон крајот на 1083 г. или во почетокот на 1084 г. Инаку според него византиските освојувања на останатите балкански предели под норманска власт Алексиј I веројатно им ги препуштил на своите војсководачи. Поради настапувањето на зимата протерувањето и повлекувањето на Норманите од Македонија би можело да се оддолжи и во наредната 1084 г.[737] Предложеното приближно датирање на времето кога била обновена византиската власт во Пелагонија би можело да важи и за градот Охрид, кој се наоѓал во близина.

Во врска со тоа прашање остануваат две опции за разгледување. Дали Норманите биле протерани и византиската власт била возобновена на целата територија на градот Охрид веднаш по битката за Костур, односно до крајот на 1083 г. или пак тоа се случило првите месеци следната година?

Во недостиг на изворни податоци тешко е да се даде предност на една од предложените варијанти. Бидејќи е релативно извесно дека до есента 1083 г., односно до битката за Костур, власта во градот територијално била поделена меѓу Норманите и Византијците, потребно е да се претпостави дека византиската победа кај Костур можела да одигра исклучително влијание. Од една страна византиската победа можела да го охрабри Ариебеј и византискиот гарнизон самоиницијативно да превземат активности за да ги истиснат или принудат на повлекување Норманите од долниот град. Од друга страна норманскиот пораз можел да влијае кај деморализираните Нормани самоволно да се повлечат од Охрид, уште

---

[736] Сп.: Анна Комнина, Алексиада, 503 бел. 507; 651 (Я. Н. Любарский); А. Тончев, Италианските нормани, 30; Ј. Ферлуга, Драч и његова област, 101; К. Аџиевски, Пелагонија, 79 и бел. 43; М. Ангеловска-Панова, Македонија за време на византиско-норманската војна, 44-45; G. Loud, The Age of Robert Guiscard, 219; Б. Петровски, Односот на населението, 135; Idem, Ракурс на освојувањето на Норманите, 145.

[737] К. Аџиевски, Пелагонија, 80 и бел 45. Сп.: Б. Петровски, Односот на населението, 135; Idem, Ракурс на освојувањето на Норманите, 145.

повеќе поради деликатната состојба и поделеноста на градот. Ваквите размислувања изгледаат доста веројатни. Тоа би значело дека до крајот на 1083 г. градот Охрид би можел повторно целосно да се најде во византиски раце.

Но доколку Норманите не се повлекле самоволно, а Ариебиј не се одважил или немал доволно воен капацитет да ги истисне или да ги принуди на повлекување, останува отворената можност византиската власт во градот целосно да била воспоставена во првите месеци на 1084 г., веројатно под притисок на одредени надворешни византиски сили.

Поинакво и доста опсежно толкување на податоците од "Алексијадата", кои се однесуваат на случувањата пред, по и во врска со битката кај Костур изнел М. Бошковски, особено во делот на датирањето на тој значаен настан. Од подолгото образложение на неговото мислење произлегува дека Алексиј I го освоил Костур во март-април или пролетта 1084 г. Тргнувајќи од таквото мислење и сметајќи дека битката за Костур била решавачка за повторното воспоставување на византиската власт во Македонија, западно од реката Вардар, според него, по се изгледа во пролетта 1084 г. Норманите ги загубиле освоените области во Македонија. Како клучни настани кои придонеле за брзото истиснување на Норманите од македонските градови и обновувањето на византиската власт послужило заминувањето на Боемунд во Италија и разбивањето на јадрото на норманската војска во Костур. Сето тоа веројатно имало значително деморализаторско влијание на норманската војска стационирана во другите градови и области во Македонија.[738]

Изнесените наводи и понудената аргументација за датирање на битката за Костур во пролетта 1084 г. сепак ни изгледаат неубедливо и тие речиси подеднакво може да важат доколку битката се одиграла есента претходната година. Авторот како да го занемарува конкретниот податок на А. Комнина дека византискиот цар Алексиј I на 1 декември 1083 г. се вратил во престолнината, каде присуствувал на раѓањето на неговата

---

[738] М. Бошковски, Македонија во XI и XII век, 86-91.

ќерка,[739] кој настан во науката оправдано се зема како сигурен terminus ante quem за битката кај Костур.[740]

Најпосле крајот на византиско-норманската војна се случил 1085 г. Есента 1084 г. Норманите на чело со Роберт Гвискард повторно во значителен број се појавиле на Балканот, со намера следната пролет 1085 г. да превземат нов силен продор во внатрешноста на Балканот. Таквите нивни намери не биле остварени поради болеста, а потоа и смртта на норманскиот водач, Р. Гвискард, по што следувало нивно протерување и повлекување во Италија.[741]

### *4. 2. Првата крстоносна војна (1096-1099) и норманскиот продор (1107-1108)*

а) Првата крстоносна војна (1096-1099)

Византискиот цар Алексиј I Комнин и Византија за време на неговото исклучително долготрајното владеење, без своја волја неизбежно биле инволвирани во големото движење од Западот-Првата крстоносна војна. Првиот крстоносен поход бил организиран и предводен од западните благородници и високите папски великодостојници, кое како основна декларативна цел пред себе ја истакнувале намерата да се ослободи христовиот гроб од неверниците. Во тој контекст пространите балкански владенија на Византија се претвориле во транзитна зона преку која бројни крстоносни војски поминувале при своето долготрајно, напорно и ризично патување кон Исток.

Постојат византиски, но уште повеќе западни извори кои опсежно известуваат за овој голем потфат. Од поширок интерес за нас се сите изворни податоци во кои директно се опишува или на посреден начин се прејудицира поминувањето на крстоносците по патот Виа Егнатиа, во насока од Запад кон Исток. Притоа посебно се осврнуваме на оние ретки,

---

739 Alexiade, II, 60-61.

740 К. Аџиевски, Пелагонија, 79 бел. 43; М. Ангеловска-Панова, Македонија за време на византиско-норманската војна, 44.

741 Ј. Ферлуга, Драч и његова област, 101-102; М. Бошковски, Македонија во XI и XII век, 92.

но мошне драгоцени изворни податоци кои сметаме дека се во непосредна врска, односно директно се однесуваат на Охрид.

Сосема конкретно е утврдено дека поминувањето на крстоносните војски низ Македонија започнало во последните месеци на 1096 и траело до првите месеци на 1097 г. Се работи за мошне кус временски период.

Првата крстоносна војска која во текот на декември 1096 г. - февруари 1097 г. поминала низ делови од Македонија била онаа предводена од Боемунд Тарентски. Сосема е извесно дека војската на Боемунд од албанските предели влегла во Македонија преку Костур и според западните извори се упатила за Пелагонија,[742] избегнувајќи го делот од главната траса на патот Виа Егнатиа (Драч-Охрид-Битола).[743] Занамарувајќи ги ваквите наводи и фиктивно повикувајќи се повеќе латински автори Б. Панов тврди дека крстоносците на Боемунд пљачкале и убивале во Охридско и соседните краишта.[744] Изнесената констатација потребно е да се отфрли како изворно незаснована.

Но затоа следната уште побројна крстоносна војска упатувајќи се кон Константинопол извесно е дека ја поминала целата маршрута на патот Виа Егнатиа низ Македонија. Таа била предводена од крупниот француски благородник Рајмунд Тулуски. Тргнувајќи од Јужна и Средна Франција, доста невообичаено, војската по копнен пат преку Северна Италија, Далмација и Зета во почетокот на 1097 г. пристигнала пред Драч.

[742] Сп.: Anonymi Gesta Francorum et aliorum Hierosolymitanorum, ed. Brehier, Histoire anonyme de la Premiere croisade, Paris 1924, 22; Roberti monachi Historia lherosolimitana, ed. Bongarsi, Recueil des historiens des croisades, Historiens occidentaux, III, Paris 1879, 745; Guillelmi Tyrensis Archiepiscopi, Historia rerum in partibus transmarinis gestarum, ed. Migne, PL 201, Paris 1903, 263; Petri Tudebodi seu Tudebodovis, sacerdotis Sivracensis, Historia de Hierosolymitano itinere, Recueil des historiens des croisades. Historiens occidentaux, III, Paris 1886, 16; Alexiade, II, 215, 230-231. Поопширно за движењето на крстоносците до Костур и случувањата околу градот види: М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 132-136.

[743] Т. Томоски (Преспа во средниот век, 75) со право изразил сомнеж за веродостојноста на податоците дека крстоносците од Костур продолжиле за Пелагонија. К. Аџиевски (Пелагонија, 86-89) особено опсежно се задржал на прашањата дали Боемунд и неговата војска од Костур се навратиле и поминале низ Пелагонија или продолжиле по природниот пат од Костур преку Воден кон Солун и Константинопол. Понудувајќи издржана аргументација заклучил дека кај западните автори дошло до забуна и дека поради близината и сличноста на пределот Сариѓолската низина ја поистоветиле со Пелагониската рамнина. На тој начин го оспорил и всушност го отфрлил дотогаш преовладувачкото мислење во науката дека Боемунд неизоставно поминал низ Пелагонија. Сп.: T. Asbridge, The First Crusade-A New History, Oxford 2004, 105-106.

[744] Б. Панов, Развиениот феудализам, 214.

Отакако биле љубезно пречекани од драчкиот управител Јован Комнин, крстоносците го продолжиле патувањето кон Константинопол,[745] по главната маршрута на патот Виа Егнатиа. Во тој случај било неизбежно нивното минување покрај Охрид. Но Рајмунд од Ажил, главниот извор кој доста детално известува за походот на Рајмун Тулуски, бидејќи и самиот бил учесник во него, како и другите западни извори (Петар Тудебод, Вилем Тирски и др.) не го споменуваат Охрид.

Затоа пак во делата од споменатите западни автори дознаваме за одредени настани кои се случиле за време на патувањето на Рајмунд Тулуски и неговата војска од Драч до Пелагониската рамнина. Таквите настани секако можеле посредно да се однесуваат и на Охрид.

Покрај декларативното гарантирање од византиската страна дека крстоносците при поминувањето низ византиска територија нема да бидат вознемирувани и напаѓани и дека ќе им биде овозможена набавка на прехрамбени продукти, западните извори се едногласни во констатацијата дека тоа не било почитувано. Поконкретно се споменуваат тешкотии со кои се соочувала крстоносната војска на Рајмунд Тулуски при поминувањето на споменатата релација.

Конкретно од едно известување на Рајмунд од Ажил се дознава дека крстоносците при своето движење од напред и од назад, од десната и од левата страна паѓале во заседи и претрпувале напади од Турци, Кумани, Узи, Танаци, Печенези и Бугари. Кога ги поминале планините тие пристигнале во Пелагонија, каде поставиле логор.[746]

Според податокот на Петар Тудебод истото го чинеле Турци, Печенези, Кумани, Словени и Узи.[747] Вилем Тирски сосема концизно известува дека пред да пристигнат во Пелагонија крстоносците на Рајмунд Тулуски по повеќедневни тешкотии преминале гори и планини и целата област на Епирците[748] Секако треба да се претпостави дека од податокот

---

[745] Raimundi de Aguilers canonici Podiensis Historia Francorum qui ceperunt Iherusalem, Recueil des historiens des croisades. Historiens occidentaux, III, Paris 1866, I, 236; Petri Tudebodi, III, 19. Сп.: S. Runciman, The First Crusader s Journey across the Balkan Peninsula, Byzantion, XIX (1949), 217; Idem, A History od the Crusades, I: The First Crusade and the Foundation of the Kingdom od Jerusalem, Cambridge 1975, 159-162.

[746] Raimundi de Aguilers, I, 236-237.

[747] Petri Tudebodi, IV, 19.

[748] Guillelmi Tyriensis, XVIII, 268.

на Вилем Тирски за повеќедневните тешкотии всушност се алудира на вознемирувањата кои ги доживувале крстоносците од византиска страна.

Во врска со презентираните податоци од западните автори забележителен интерес во науката привлекуваат наброените етноними на: Турците, Куманите, Узите и Печенезите, чии припадници по се изгледа биле византиски наемници,[749] но нивното истовремено именување како византиски специјални единици е сепак неумесно.[750]

Споменувањето на Турците од страна на Рајмунд од Ажил и од Вилем Тирски меѓу наемниците во византиска служба кои ги напаѓале крстоносците, можеби треба да се доведе во некаква врска со податокот од Ана Комнена за присуство на турски наемници во околината на Охрид во 80-тите години XI век. Постои реална можност десетина години по завршувањето византиско-норманската војна на истиот простор (Охридско) сеуште да се задржала и опстоила колонија турски наемници во византиска служба, кои учествувале во правење заседи и извршување напади врз војската на Рајмунд Тулуски, кога таа поминувала низ Охридската област.

Сепак мора да се нагласи дека во ниту еден западен извор не се споменува Охрид или охридската област во врска со поминувањето на крстоносната војска на Рајмунд Тулуски и нивната евентуална изложеност токму на тој простор од нападите на погоре наброените византиски наемници. Секако тоа подеднакво се однесува и за погоре цитираното известување од Рајмунд од Ажил.[751]

Но тоа не му пречело на М. Бошкоски во два наврати да ја спомене исклучиво охридската област како арена на таквите пресметки. На едно место сосема призволно истакнува дека крстоносната војска на Рајмунд Тулуски "ги поминала планините на охридската област". Притоа го цитира Рајмунд од Ажил, па се добива впечаток како тој западен автор да ја споменува охридската област, што претставува ноторна невистина.[752]

---

[749] Сп.: К. Аџиевски, Пелагонија, 82 М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 153-154.

[750] М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 153-154.

[751] Raimundi de Aguilers, I, 237.

[752] М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 146, бел. 351. Споменатиот западен автор (Raimundi de Aguilers, I, 237) никаде не ја споменува охридската област.

Според податокот на Вилем Тирски, а не на Рајмунд од Ажил, војската на Рајмунд Тулуски по напуштањето на Драч преминала повеќе планини и целата област на Епирците,[753] а не планините на охридската област. Под целата област на Епирците во овој случај најверојатно треба да се подразбере просторот на поранешната доцноантичка провинција Нов Епир,[754] во која познато е дека целосно влегувала и денешната Охридско-струшка котлина.

Во секој случај сите расположливи податоци кои сведочат за поминувањето на крстоносците на Рајмунд Тулуски низ Балканот одат во прилог на тезата дека тие се движеле по патот Виа Егнатиа, притоа веројатно не одминувајќи го Охрид и околината.

Погоре може да се забележи дека податоците од Рајмунд од Ажил и Вилем Тирски во голема мера се согласуваат при набројувањето на племињата/етнонимите (Турци, Печенези, Кумани и Узи), чии претставници во улога на наемници во византиска служба ги напаѓале крстоносците. Но паѓа во очи одредена разлика кога Рајмунд од Ажил заедно со наемниците ги споменува Бугарите, а Вилем Тирски не ги споменува Бугарите, туку Словените. Со извесна резерва сметаме дека под тие два поими всушност треба да се подразбере главно населението од Македонија, односно македонските Словени.[755]

Доколку се прифати таквото мислење тоа би значело дека за разлика од Турците, Печенезите, Куманите и Узите, кои биле византиски наемници и колонисти, македонското население, именувани од Рајмунд од Ажил како Бугари и од Вилем Тирски како Словени, во тоа време претставувале домородно население во Македонија и биле под византиска власт. Како население од таква категорија секако дека тоа требало да биде опфатено во редовна византиска воена служба.

Особено внимание привлекуваат податоците на францускиот хроничар Фулхер од Шартр, бидејќи единствен од западните автори кои

---

[753] Guillelmi Tyriensis, XVIII, 268.

[754] Види глава I за провинцијата Нов Епир.

[755] Сп.: М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 146, бел. 350. Постои можност во случајов поимот Бугари да имал условно "нееттничко" значење, добиено според припадноста на населението кон поранешната голема тема-катепанат Бугарија или пак според истото име на државата во чии граници влегувале Македонија и други пространи територии на Балканот.

известуваат за Првата крстоносна војна го споменува името на градот-Lucretia, кое оправдано се идентификува и поистоветува со градот Охрид.

Во еден дел од неговото дело: “Ерусалимска историја 1095-1127” се опишува преминувањето на крстоносната војска предводена од херцогот Роберт Нормадиски и грофот Стефан од Блуа и Шартр, низ Балканот. Еден од директните учесници во војската и сведок на случувањата бил самиот Фулхер од Шартр, па на тој начин неговите податоци добиваат на тежина во смисла на веродостојност. Карактеристично за неговото дело е тоа што се споменуваат доста топоними, ороними и хидроними особено од Македонија и Тракија.

На прилично концизен, но јасен начин авторот го опишува поминувањето на крстоносната војска низ Балканот, притоа нудејќи релативно прецизна хронологија на случувањата. Споменатата крстоносна војска предводена од двајцата крупни благородници, есента 1096 г. се упатила од Северна Франција кон Константинопол. Откако биле принудени зимата 1096/97 г. да ја поминат во Јужна Италија, познат е датумот дека на 5 април 1097 г. крстоносците се натовариле на бродови во Бриндизи. По совладувањето на извесни тешкотии тие наскоро успеале да се префрлат од италијанското на албанското крајбрежје кај Драч по морски пат. Поминувајќи неколку дена за одмор од Драч војската го продолжила патот низ Bulgarorum regiones (бугарските области),[756] преку стрмни планини и пусти места, за да пристигне до брзата река Daemonis, така наречена од месното население. По преминувањето на реката, кое не одело лесно, на спротивниот брег тие направиле логор и таму преноќиле една вечер. Насекаде околу нив се издигале високи планини од кои не се појавувале луѓе. Следното утро започнале да ја искачуваат планината Bagulatum. “Потоа откако ги преминавме планините и градовите Lucretia, Botella, Bofinat, Stella, стигнавме до една река која се вика Вардар.” По преминувањето на реката Bardarium (Вардар) со бродови крстоносците набрзо пристигнале пред Thessalonicam (Солун). Значајно е уште да се

[756] Интересно е што во овој случај сосема воопштено албанските предели источно од Драч Фулхер од Шартр ги нарекува бугарски области. Под тој термин веројатно се подразбира поширок простор. Се претпоставува дека тие биле така наречени поради тоа што во одреден период од средината на IX век влегувале во рамките на бугарската држава (Сп: М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 149, бел. 365).

напомене, дека Фулхер од Шартр продолжува да известува за патувањето на крстоносците од Солун до Константинопол, каде пристигнале на 14 мај 1097 г.[757] Податоците за тој дел од патувањето на крстоносците не се директно поврзани со нашиот предмет на интерес, па затоа во оваа прилика ги изоставуваме.

Најпрво е потребно да се истакне дека ни изгледа сосема прифатливо распространетото мислење во науката дека зад латинскиот термин-името на градот Lucretia всушност се крие името на градот Охрид.[758] Но неочекувано за таквото мислење тешко е да се пронајде некакво образложение во науката.

Сметаме дека латинскиот термин Lucretia треба да се доведе во врска со познатото античкото име на градот Охрид: Λυχνιδ,-ος. Поконкретно сме на мисла дека поимот Lucretia всушност претставува некаква латинска интерпретација на античкото грчко име Λυχνιδ,-ος, кое претставува изведенка со значење на светло, светлина, светилка, светилник.[759] Сепак останува нејасно на кој начин Фулхер од Шартр дошол

---

[757] Fulcherii Carnotensis Historia Iherosolymitana, Recueli des Historiens des Croisades. Historiens occidentaux, III, Paris 1866, VIII, 330-331; Fulheri Carnotensis, Historia Hierosolymitana (1095-1127) (Mit Erlauterungen und einem Anhange herausgegeben von H. Hagenmeyer), Heidelberg 1913, 168-176; Gesta Frankorum Iherusalem expugnatum, Recueli des Historiens des Croisades. Historiens occidentaux, III, Paris 1879, IV, 493; Латински извори за българската история, III, София 1965, 73-75. Сп.: К. Аџиевски, Пелагонија, 83; М. Бошкоски (Македонија во XI и XII век, 148-150, 159) кој иако прво споменува дека крстоносците се натовариле на бродовите во Бриндизи, на едно место погрешно наведува дека тие се натовариле во Бари; Е. Койчева, Първите кръстоносни походи и Балканите, София 2004, 67-70.

[758] Fulheri Carnotensis, 173 n. 23 (H. Hagenmeyer); ЛИБИ, III, 75 бел. 2 (Б. Примов); М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 149, 157; Е. Койчева, Първите кръстоносни походи, 68. Б. Панов (Развиениот феудализам, 213-214) расправајќи мошне сумарно за преминувањето на крстоносците низ Македонија, воопшто не ја споменува Лукреција и евентуално нејзиното поврзување со Охрид.

[759] Извесно е дека античкото грчко име на градот треба да се доведе во врска со именката λύχνος, ὁ, чие значење го пренесовме во главниот текст. (Види: Старогръцко Български речникъ, София 1943, 480). Во расположливите латински речници освен постоењето на латинското женско име Лукреција, не најдовме директна аналогија и конкретно значење на поимот Lucretia. Треба да се се претпостави дека терминот потекнува од предлатинскиот корен *LUC-сјај, светлина, белило, кој е содржан во многу латински зборови како на пример: luceo 2-свети, сјае; lux, -cis f.-светилка; lucerna f.-лампа; Lucinus м. и др. Оскиски Lucetius се јавува како придавка на Јупитер, а женски род е Lucetia, што е многу слично со Lucretia (Lateinsches Etymologisches Worterbuch, von A. Walde, I, Heidelberg 1965, 823-825).

Кога сме кај неовообичаените именувања на Охрид во изворите потребно е да се спомене дека во опширното грчко житие за Св. Еразмо се споменува градот *Лукридон*, кој со право се идентификува со градот Лихнид. Види: Х. Меловски, Две житија, 70, 75; Idem, Москополски зборник, 23, бел. 7). Евидентна е сличноста на имињата Лукридон и Лукреција. Исто така треба да се спомене Договорот за сојуз и пријателство меѓу Карло

до едно вакво именување на градот, кој во тоа време го носел словенското или словенизираното име Охрид, од византиските извори познато како Αχρις, -δος.

Но од друга страна знаејќи дека во делата на средновековните автори (западни и византиски) не била ретка појавата да се употребуваат антицизми или класицизми за именување на средновековни градови, области, реки, планини и др., претпоставуваме дека во овој случај се работи токму за таква појава. Во случајот со споменувањето на Lucretia се јавува дополнително усложнување поради тоа што името всушност претставува латинско толкување на претпоставеното оригинално античко име Лихнид. Со предложената дополнителна елаборација уште поцврсто се потврдува претпоставката дека зад споменувањето на Lucretia всушност се крие градот Охрид.

Откако со голема доза на сигурност се потврдува сознанието дека при патувањето на крстоносната војска од Северна Франција кон Константинопол меѓу бројните градови таа поминала и преку Охрид, при понатамошно анализирање на податокот од Фулхер од Шартр како мошне значајни се наметнуваат следниве прашања: По кој пат се движеле крстоносците од Драч до Охрид? Дали по главната траса на Виа Егнатиа? Кога приближно се случило поминувањето на крстоносците покрај Охрид?

За разлика од Рајмунд од Ажил, Петер Тудебот и Вилем Тирски, кои за балканската маршута на преминувањето на крстоносната војска предводена од грофот Рајмунд Тулуски, даваат сосема ограничени податоци; Фулхер од Шартр за преминувањето на истата маршута од страна на крстоносната војска предводена од херцогот Роберт Нормадиски и грофот Стефан од Блуа и Шартр, известува на доста поопсежен начин, споменувајќи бројни топоними, ороними и хидроними.

---

Валоа и Урош од 1308 г., каде по се изгледа името на градот Охрид се крие зад поимот Hoqeriae (Види: Договорот за сојуз и пријателство напревен меѓу господинот Карло Валоа император Константинолоски и кралот Урош (превод на изданието на L. Mavromatis, Л. Славева), Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, II, Скопје 1977, 438-439; Т. Томоски, Исправки и дополненија на некои карти од средновековната историја на Македонија, Македонија низ вековите, Скопје 1999, 49-50).

Токму поради тоа сметаме дека е возможно да се направи обид барем за приближна реконструкција на нивното движење конкретно на релацијата Драч-Охрид. По напуштањето на Драч најпрво воопштено се споменува дека крстоносците се пробивале низ "бугарските области", преку стрмни планини и пусти места. Потоа се наведува дека стигнале до брегот на реката Daemonis на некое неидентификувано место, преминале на другата страна и ја искачиле планината Bagulatum. Во продолжение авторот го скусува описот за натамошното патување на крстоносците токму низ Македонија, на тој начин што во една реченица истакнува дека тие пред да стигнат до реката Bardarium (Вардар) поминале планини и неколку градови, меѓу кои најпрво го споменува Лукреција (Охрид).

Презентираниот опис на патувањето на крстоносците од Драч до Охрид во најмала рака може да го проблематизира доминантното мислење во науката дека војската на херцогот Роберт Нормадиски и грофот Стефан од Блуа и Шартр при своето движење низ Балканот ја користела главната маршута на патот Виа Егнатиа, по целата негова должина од Драч до Константинопол.[760]

Имено утврдувањето на точната маршрута на движење зависи од идентификацијата на реката Daemonis. Додека еден поголем дел од истражувачите споменатата река ја идентификуваат со реката Девол,[761] во науката постои мислење според кое таа треба да се поистовети со Шкумба.[762]

---

[760] Дека крстоносците од Драч кон Константинопол се движеле по Виа Егнатиа сметаат: Fulheri Carnotensis, 172 n. 18 (H. Hagenmeyer); В. Н. Златарски, История, II, 238; S. Runciman, First Journey, 218; Idem, The First Crusade, 164-168; К. Аџиевски, Пелагонија, 83; М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 149, 159; T. Asbridge, The First Crusade, 105; Е. Койчева, Първите кръстоносни походи, 68.

[761] ЛИБИ, III, 74 и бел. 2 (Б. Примов); A. Ducellier, La façade maritime de l'Albanie au moyen age, Durazzo et Valona du XIe au XVe siecle, Thessaloniki 1981, 18-20; М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 149; Е. Койчева, Първите кръстоносни походи, 68.

[762] Fulheri Carnotensis, 172 n. 18 (H. Hagenmeyer). Со право се отфрла мислењето дека можеби се работи за реката Дрим (Види: Fulheri Carnotensis, 172 n. 18 (H. Hagenmeyer); ЛИБИ, III, 74, бел. 2 (Б. Примов)).

Индикативен е податокот на Фулхер од Шартр (Fulheri, 330; Fulheri Carnotensis, 171-172) според кој се нагласува дека при минувањето на реката локалното население имало големи тешкотии и често се случувале несреќи со смртни последици. Затоа реката од нив била нарекувана Daemonis, што може да има значење на Демонска/Ѓаволска река. (Сп.: Е. Койчева, Първите кръстоносни походи, 68). Во тој случај постои можност реката од локалното население да го добила тоа погрдно име, а всушност нејзиното вистинско име

Доколку крстоносците се движеле по течението на реката Девол, а не по реката Шкумба, тогаш веројатно постоело отстапување или отклонување на движењето од главната маршута на патот Виа Егнатиа, токму во делот на патот од Драч до Охрид. Таквото мислење го темелиме на следниве аргументи.

Сосема е сигурно дека по течението на реката Девол, каде на некое неидентификувано место крстоносната војска ја преминала реката и преноќила, не поминувал патот Виа Егнатиа, туку друг помалку значаен пат. Релативната близина на планината Багулат (Багора, Бабагора) до реката Девол, а од друга страна присутната претпоставка во науката дека споменатата планина се протегала во близина и тоа западно од Охрид и Охридското Езеро,[763] упатува на претпоставката дека крстоносците за да стигнат до Охрид (од горното течение на реката Девол преку планината Багулат) морале да се движат во насока југ-север, а не запад-исток, доколку би се движеле по Виа Егнатиа. Доколку крстоносците, во делот од Драч до Охрид, се движеле по Виа Егнатиа, Фулхер од Шартр наместо реката Девол евентуално требало да ја спомене реката Шкумба. Причините за едно вакво отклонување од патот Виа Егнатиа не се познати.

Значи крстоносците дали на поголема оддлеченост или во непосредна близина на Охрид всушност се приклучиле на патот Виа Егнатиа. Она што останува сигурно е дека крстоносците по пристигнувањето до Охрид го продолжиле своето патување во најголем дел придржувајќи се по главната маршута на патот Виа Егнатиа до Солун и потоа понатаму до Константинопол.

Како слична појава, но за уште подоцнежно приклучување кон главната маршута на патот Виа Егнатиа може да се спомене движењето на крстоносната војска на Боемунд Тарентски, која во еден поголем дел од

---

да било Шкумба. Единствено со едно такво толкување на поимот Daemonis доаѓа во предвид поистоветувањето на реката Демон со Шкумба, од што би произлегло дека при патувањето од Драч до Охрид крстоносците се движеле по главната патна комуникација Виа Егнатиа. Сепак ваквото толкување засега мора да остане несигурно.

763 За лоцирањето на планината Багулат и нејзиното поистоветување со планината Багора/Бабагора, спомената во византиските извори види: В. Н. Златарски, Багора-Бабагора-Bagulatus, 187-190; ВИИНЈ, III, 309, бел. 365; 380, бел. 16; М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 149, бел. 366.

своето патување, од Албанија преку Костур па се до Острово, воопшто не го користела патот Виа Егнатиа.[764]

Во врска со прашањето за приближното хронолошко одредување на поминувањето на крстоносците преку Охрид, се добива впечаток дека тоа се случило во втората половина, односно кон крајот на месец април 1097 г. Постојат конкретни податоци дека крстоносците на 5 април со бродови се упатиле од Бриндизи за Драч, а на 14 мај пристигнале во Константинопол. Имајќи го во предвид сознанието дека тие се движеле доста брзо, но во исто време времето кое го поминале во справување со одредени тешкотии кои предходеле и следеле на нивното поминување преку Охрид, сметаме дека засега тоа е оптимално решение кое може да се понуди.

Од богатата ризница на податоци во писмата на Теофилакт Охридски, постојат ретки фрагменти кои се однесуваат на преминувањето на крстоносците низ Македонија или поконкретно низ некои од епархиите на Охридската архиепископија. Важноста на податоците дотолку е поголема бидејќи состојбата на еден поширок простор во врска со преминувањето на крстоносците Теофилакт ја перцепирал токму од Охрид. Тоа се впечатоци и импресии на еден претставник на највисокиот црковен слој.

Обраќајќи му се на китарскиот епископ после одредена пауза во комуникацијата, Теофилакт значителен дел од писмото посветува на двете причини кои придонеле за тоа. Првата причина била “преминувањето на Франките или навлегувањето или не знам како поинаку да го наречам, кое толку не опфати и не привлече, што дури ни самите не се чувствувавме”. Втората причина била што Теофилакт не бил во можност да најде сигурен и доверлив курир за праќање на писмата. Објаснува дека луѓето секојдневно сакаат да добиваат писма, но кога треба да пратат и да им врачат писма на оние за кои се пишувани, тие се немарни како да се без раце. “Но бидејќи веќе се навикнавме на пакостите на Франките и ги поднесуваме злата полесно од претходно-зошто времето е добар учител на

[764] Сп.: К. Аџиевски, Пелагонија, 88-89.

се-па затоа понекогаш сме господари на себеси". Потоа Теофилакт известува дека бил пронајден сигурен доставувач на писма и кој бил тоа.[765]

Писмото во науката со потполно право се датира во 1097 г.[766] Несомнено се работи за време кое е кон крајот или непосредно следувало на поминувањето на неколку крстоносни војски низ Македонија. Бидејќи последната крстоносна војска предводена од херцогот Роберт Нормадиски и грофот Стефан од Блуа и Шартр се претпоставува дека покрај Охрид и низ Македонија поминала во месец април 1097 г., писмото веројатно е напишано приближно во тој период.

Во писмото до китарскиот епископ преку наведување на причините поради кои Теофилакт бил принуден привремено да ја прекине писмената комуникација со односниот епископ, всушност се откриваат податоци за однесувањето на крстоносците при преминувањето преку Охрид и пошироко во Македонија. Паѓа во очи тоа што Теофилакт е во дилема како да го окарактеризира привременото присуство на крстоносците: како преминување (она што требало да претставува) или навлегување, продор (во што всушност се претворило). Во секој случај ваквото известување на Теофилакт треба да се доведе во врска со податоците од западните автори за судирите кои ги имале крстоносците со византиската војска и наемниците или пак со оние од византиските извори за грабежите на крстоносците.

Податокот на Теофилакт упатува на тоа дека за време на поминувањето на крстоносците (1096/1097) состојбата во Охрид и пошироко била неповолна одразувајќи се најмногу на ограничување на движењето на луѓето и осиромашувањето на материјалните и човечките ресурси на градовите.

Во врска со втората причина, неможноста да се најде сигурен и доверлив доставувач на писма, иако била од техничка природа, директно произлегувала и претставувала последица од првата причина-

[765] Theophylacte, 302-305; ГИБИ, IX/II, 132-133. Под поимот Франки Теофилакт воопштено го именува населението од западноевропските земји, меѓу кои пред се влегувале Норманите и останатите народи од Франција, Германија, Италија и др., чии претставници ја сочинувале крстоносната војска.

[766] Theophylacte, 302 (P. Gautier); Р. Катичиќ (ВИИНЈ, III, 271) се чини непотребно предлага пошироко хронологија за писмото датирајќи го 1096-1097 г.;

навлегувањето на крстоносците. Околностите биле такви што тие неколку месеци додека поминувале крстоносните војски привремено била отежната или дури прекината циркулацијата на писма. Затоа Теофилакт иако благо ги укорува своите допишувачи-адресанти дека сакаат да примаат писма, но дека кога треба да одговорат тешко го прават тоа поради нестабилната безбедносна ситуација, сепак имал разбирање за таквата нивна постапка. Во контекст на тоа разбирање и оправдување тој истакнува дека во време на пишување на писмото тие веќе полесно ги поднесуваат пакостите на Франките (крстоносците) од порано, бидејќи времето е учител на се. Секако тука конкретно се мисли на релативно кусиот период на поминувањето на крстоносните војски низ Македонија, односно дека Теофилакт и останатото население од Македонија за разлика од почетокот на преминувањата (есен 1096), кога не биле навикнати и веројатно биле изненадени од пакостите на крстоносците, до крајот на крстоносните преминувања (пролет 1097) веќе се навикнале на таквите нивни постапки.

Токму за овој дел од писмото на Теофилакт Б. Панов нуди сосема поинакво толкување. Според него иако споменувањето на Франките се однесува на поминувањето на крстоносците, делот каде се нагласува дека Теофилакт и населението од Македонија се навиканале на пакостите и дека ги поднесувале нивните зла полесно од порано, тој смета дека всушност се алудира на норманските завладувања од 80-тите години на XI век.[767] Ваквото тврдење сметаме дека нема основа. Споменатиот истражувач од непознати причини при цитирањето на целото писмо ја испушта токму реченицата која претходи,[768] каде Теофилакт благо ги укорува своите адресанти дека сакаат да добиваат писма, но дека не се трудат доволно да организираат и праќаат одговори. Дури потоа доаѓа реченицата дека се навикнале на пакостите на Франките и нивните зла ги поднесуваат подобро од порано, што покрај другото најмногу се однесува на тешкотиите кои се јавиле со циркулацијата на писмата. Значи тука би треба да се подразбере покус период, веројатно од неколку месеци, во кој

[767] Б. Панов, Теофилакт како извор, 362, бел. 420.
[768] Ibidem, 362.

Теофилакт и неговите адресанти биле оневозможени во својата неопходна и честа практика да комуницираат по писмен пат.

Цитирајќи го истиот податок на друго место Б. Панов сосема произволно претпоставува дека при споменувањето на Франките всушност треба да се подразберат Норманите-крстоносци. Па така без никаква основа се констатира дека крстоносците предводени од Боемунд "пљачкосувале и убивале во Охридско и соседните краишта", за што наводно соопштувале и повеќе латински автори, некои од нив директни учесници во походот, како на пример Петер Тудебот.[769]

Додека, од една страна, со право го напушта своето постаро изнесено мислење дека навикнувањето на пакостите на Франките и поднесувањето на нивните зла полесно од порано, всушност се алудира на норманските завладувања од 80-тите години на XI век, од друга страна, спомнатиот автор повторно понудува нови размислувања кои немаат никаква изворна поткрепа. Најпрво во случајот со споменувањето на Франките во писмото на Теофилакт воопшто не е извесно дали се работи за Нормани-крстоносци или за некоја друга крстоносна војска. Уште повеќе кога се знае дека крстоносната војска на Боемунд при своето движење воопшто не го засегнала или поминала во близина на Охрид и Охридско. Затоа повикувањето на податоци од писмото на Теофилакт, како и на некои непостоечки податоци од западните автори, преку кои би се докажувало некакво наводно пљачкосување и убивање во Охридско и соседните краишта, извршено од крстоносците предводени од Боемунд, ни изгледа крајно произволно и потполно во спротивност со расположливиот изворен материјал.

Во едно друго писмо на Теофилакт, особено внимание привлекува делот каде тој му се заблагодарува на деволскиот епископ поради тоа што на Архиепископијата и го испратил својот единствен коњ, иако бил опљачкан од божемните пријатели.[770]

Презентираниот податок бил доволен во науката да се постави претпоставка дека божемните пријатели всушност биле крстоносците.

---

[769] Б. Панов, Развиениот феудализам, 213-214.
[770] Theophylacte, 178-181.

Според еден дел од истражувачите божемните пријатели, односно крстоносците при своето патување ја ограбиле Деволската епископија и околината на Охрид.[771] М. Бошкоски во потполност ја прифаќа ваквата претпоставка, но оди понатаму тврдејќи дека преку податокот се открива однесувањето на крстоносците кон жителите на Охрид и неговата околина, притоа анализирајќи го податокот во делот каде расправа за поминувањето на крстоносната војска предводена од Рајмунд Тулуски.[772]

Најпрво мошне проблематично е датирањето на писмото. Според застапниците на тезата дека случката со предавањето на коњот се случила за време на крстоносните преминувања, природно писмото го датираат 1096-1097 г., додека П. Готие со одредена резерва го датира 1093-1094 г.[773] Според И. Г. Илиев писмото не може точно да се датира.[774]

Сметаме дека не постојат доволно издржани аргументи "божемните пријатели" да се идентификуваат со крстоносците и последователно писмото да се датира во 1096-1097 г. Уште повеќе воопшто не држи упатувањето дека преку посочениот податок наводно се открива однесувањето на крстоносците кон жителите на Охрид и околината. Таков впечаток воопшто не се добива и не може да се извлече таков заклучок. Индиректното поврзување дека податокот всушност го открива однесувањето на крстоносците на Рајмун Тулуски исто така ни изгледа неприфатливо и неаргументирано.

Во преписката на Теофилакт меѓу несигурно датираните писма постои едно, чии делови од содржината дозволуваат можност да се поврзат со поминувањето на крстоносците. Имено во едно од писмата упатено од архиепископот Теофилакт до синот на севастократорот (Исак), кој најчесто се идентификува со драчкиот управител, Јован Комнин, се опишува лошата состојба во која се нашла Деволската епископија, односно нејзината опустошеност која била предизвикана од "страшните насилници".[775]

---

[771] М. Симеонъ, Писмата на Теофилакта, 206-207, бел. 1; ВИИНЈ, III, 272, бел. 53 (Р. Катичић).
[772] М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 156.
[773] Theophylacte, 178 (Gautier).
[774] ГИБИ, IX/2, 95, бел. 1 (И. Г. Илиев).
[775] Theophylacte, 202-205.

Според Е. Којчева токму зад “страшните насилници” споменати од Теофилакт потребно е да се препознаат крстоносците, од кои се разбегало населението на Деволската епископија, која пак се наоѓала на патот по кој тие поминувале.[776] На тој начин писмото всушност се датира 1096-1097 г.

Од друга страна во науката е присутно гледиштето според кое писмото треба да се датира околу 1107 г. и дека било пишувано во време на последниот нормански продор на Балканот (1107-1108) предводен од нивниот водач Боемунд Тарентски.[777] Тоа би значело дека описот во писмото се однесува за подоцнежен настан и дека “страшните насилници” всушност биле Норманите, а не крстоносците.

Во науката постојат и други сосема спротиставени мислења за датирањето на писмото. Според П. Готие писмото треба да се датира 1092-1093 г.,[778] а пак И. Г. Илиев истото го датира мошне широко, во периодот кога според него драчки управител бил Јован Комнин (1092-1106).[779]

Секако и покрај понудената широка хронологија, мислењето на И. Г. Илиев се чини како извесно, но со корекција за периодот кој го поминал споменатиот претставник на семејството Комнин во улога на драчки управник. Токму по тоа прашање долго време во науката постои разногласие. За најприфатливо ни изгледа гледиштето според кое Јован Комнин, на позицијата постојан управител на Драчката тема, непрекинато се наоѓал во периодот 1095/96-1105/1106 г.[780]

Доколку оправдано се прифати таквото мислење, што би подразбирало одредена корекција на гледиштето на И. Г. Илиев, предложените датирања на писмото упатено до Јован Комнин во 1092-1093 г. или во 1107 г. едноставно отпаѓаат бидејќи споменатата личност во тоа време не би требало да се наоѓа на позицијата драчки управител. На тој начин можеби добива на значење тезата на Е. Којчева дека во

---

[776] Е. Койчева, Първите кръстоносни походи, 61. При цитирањето на писмото се забележува делумна некоректност. Додека во еден дел коректно се цитира писмото упатено до драчкиот управител, на крај постои една реченица која е вметната како да е дел од истото писмо, а всушност е превземена од сосема друго писмо упатено до деволскиот епископ, без притоа да се цитира истото.

[777] ВИИНЈ, III, 295 бел. 218 (Р. Катичић).

[778] Theophylacte, 202 (P. Gautier).

[779] ГИБИ, IX/II, 102 (И. Г. Илиев).

[780] К. Аџиевски, Пелагонија, 103-109.

споменатото писмо во еден поголем дел всушност се опишува однесувањето на крстоносците во Деволската епископија. Во 1096/97 г., кога се случило поминувањето на неколкуте крстоносни војски низ Македонија, Јован Комнин сосема извесно веќе бил поставен на управничкото место во Драч.

Кога веќе помислуваме на можноста дека се работи за опустошување на Деволската епископија од страна на крстоносците, како мошне сложено се наметнува прашањето која од крстоносните војски можела да го стори тоа? Се чини дека тешките последици, веројатно од поминувањето на крстоносците, опишани во писмото особено треба да се ограничат на Деволската епископија, бидејќи Теофилакт бара помош од Јован Комнин единствено за неа, но не и за друга епископија или евентуално за градот Охрид. Е. Којчева одлучила да го цитира писмото во контекст на поминувањето на крстоносната војска предводена од Боемунд, без притоа да се изјасни дали опишаните состојби биле последица токму на нивното поминување.[781]

Од изворите е познато дека следната мошне бројна крстоносна војска на чело со Рајмунд Тулуски по копнен пат ја поминала релацијата Драч-Константинопол. Може да се претпостави дека се движеле по главната маршута на најголемиот и најзначајниот пат Виа Егнатиа. Веќе претходно расправавме со какви тешкотии се соочувала крстоносната војска при преминувањето на споменатата релација. Заседите во кои паѓале и нападите кои ги претрпувале од византиските војници и наемници, опишани од западните автори, се смета дека биле последица од нивните грабежи и пустоши, кои ги извршувале при поминувањето главно поради недостаток на прехрамбени продукти.[782]

За да поминат преку Деволската епископија дел од крстоносците требало да отстапат од главната маршута на патот Виа Егнатиа. Поради нивната голема бројност постои можност дел од нив да го користеле помалку значајниот пат по течението на реката Девол и на тој начин да ја

---

[781] Е. Койчева, Първите кръстоносни походи, 61.
[782] Сп.: М. Бошкоски, Македонија ви XI и XII век, 145, 156.

загрозиле Деволската епископија. Сепак таквото мислење мора да остане во доменот на претпоставки без било каква изворна потврда.

Од друга страна единствено во описот на Фулхер од Шартр за поминувањето на крстоносната војска предводена од херцогот Роберт Нормадиски и грофот Стефан од Блуа и Шартр, директно се споменува реката Девол (Демон), што би можело да наведе на помисла дека споменатата војска била причинител на опишаните недела во писмото на еден поширок простор. Но со право се потенцира дека единствено за нивното поминување низ Македонија во изворите потполно отсуствуваат податоци кои би сведочеле за судири со византиските единици или пак дека тие извршувале грабежи.[783] Описот кој го изнесува Фулхер од Шартр изгледа доста убедлив и треба да му се верува.

Може да се констатира дека доколку тешката состојба во која се нашла Деволската епископија била предизвикана од постапките на некоја од крстоносните војски која поминала низ Балканот, тогаш поверојатно е дека се работело за војската на Боемунд или пак за делови од војската на Рајмунд Тулуски, а најмалку веројатно е дека тоа го сторила онаа предводена од Роберт Нормадиски и Стефан од Блуа и Шартр.

Сепак на крај потребно е да се упати на сознанието дека вториот син на севастократорот Исак, Алексиј Комнин во 1105/1106 г. го наследил својот брат Јован, на местото драчки дукс (управител).[784] Од тука може да произлезе дека адресантот на писмото, синот на севастократорот Исак, можел да биде токму новиот драчки дукс, Алексиј Комнин, па во тој случај добива на значење предложеното датирање на писмото околу 1107 г. и неговото поврзување со норманскиот продор од 1107-1108 г.[785]

Постојат силни индиции дека есента 1096 г. и зимата 1097 г. по патот Виа Егнатиа помининале уште две одделни крсоносни војски. Првата помала војска ја предводел Хуго Вермандуа, братот на францускиот крал Филип I, а втората војска ја предводел Роберт Фландриски. Иако не постојат изворни податоци кои би сведочеле за нивното движење по Виа Егнатиа, сепак во науката со право е присутно

---

[783] М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 157.
[784] К. Аџиевски, Пелагонија, 108-109.
[785] ВИИНЈ, III, 295 бел. 218 (Р. Катичиќ).

таквото мислење.[786] Во тој случај по се изгледа и Охрид бил засегнат од нивното поминување.

По неколку години (1100-1101) низ Балканот со задоцнување поминале уште неколку војски во рамките на Првата крстоносна војна, кои главно го користеле патот Виа Милитарис и само делумно Виа Егнатиа. Во науката е сосема сигурно утврдено дека ниту една од нив не се истоварила кај Драч и не го продолжила патувањето по делот на патот Виа Егнатиа кон Охрид за Солун.[787]

б) Норманскиот продор на Боемунд Тарентски (1107-1108)

По една деценија од поминувањето на Боемунд во рамките на крстоносната војна во изворите се бележи последниот обид на споменатиот норманскиот водач потрајно да загосподари со делови од балканските владенија на Византија, кој се случил во текот на 1107 и 1108г.

За да ја постигне зададената цел Боемунд уште од 1105 г., по враќањето од Антиохија во Италија, започнал со превземање на опсежни подготвителни мерки наводно за собирање на нова крстоносна војска, а всушност за следната норманска офанзивна воена операција против Византија. За да ја добие неопходната финансиска и дипломатска помош Боемунд ги посетил: Италија, Франција и Нормандија, а по пристигнувањето во Јужна Италија во втората половина на 1106 г. тој ги започнал конкретните воени подготовки за престојниот продор.[788]

Бидејќи таквата намера на Боемунд била најавена и очекувана од византискиот цар, тој речиси во исто време од своја страна започнал со сериозни и долготрајни дипломатски и воени подготовки со намера Византија овојпат поуспешно да се справи со норманската опасност. Меѓу позначајните мерки кои биле превземени била онаа за концентрација и реорганизација на византиската војска во Сланица (Јужна Македонија) и

[786] Сп.: S. Runciman, First Journey, 214, 218; Idem, The First Crusade, 142-144, 166; К. Ациевски, Пелагонија, 81-82 и бел. 46.

[787] Сп.: Е. Койчева, Първите кръстоносни походи 77-85.

[788] Сп.: Г. Острогорски, Историја на Византија, 344; J. Ферлуга, Драч и његова област, 106; М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 100.

Солун. Царот Алексиј I есента 1105 г. допатувал во Солун, каде останал година и два месеци и лично ги координирал и надгледувал воените подготовки за престојниот судир со Норманите. Меѓу другото бил променет од функцијата дукс на Драчката тема, Јован Комнин и на негово место бил поставен брат му, Алексиј, кој сосема ги оправдал очекувањата во поглед на успешно организирање на одбраната на Драч.[789]

Токму во контекст на подготовките кои биле превземани за што подобро утврдување на градот Драч, А. Комнина меѓу другото се осврнала на реката Дрим, притоа опишувајќи го нејзиното течение од истекот до вливот во Јадранско море. Според авторката реката Дрим се симнува од височините од езерото Лихнид, кое на варварскиот јазик се нарекува Охрид, од/под планината Мокра, преку стотина канали. Тие како посебни рекички на тој начин течат до реката кај Дебар, во која се влеваат. Од тоа место реката се зголемува и се нарекува Дрим. Потоа продолжува описот на течението на Дрим до нејзиното влевање во Јадранското море, во близина на Леш.[790]

Во текот на октомври 1107 г. откако Боемунд со норманската војска се истоварил од своите бродови кај Валона и го освоил споменатиот град, се упатил кон Драч каде започнал со обидите да го завземе овој значаен град. Во меѓувреме Алексиј I во ноември 1107 г. се упатил од Константинопол кон Солун, каде во исто време од сите страни пристигнувале бројни византиски воени единици. Овојпат намерата на Алексиј I била добро да ги утврди позначајните воени пунктови во Епир, Албанија и Западна Македонија. Од војниците кои биле обучувани во Солун, царот ги избрал најискусните и најхрабрите и ги испратил по клисурите и теснините каде се очекувало навлегувањето на Норманите.

---

[789] Anne Comnene, Alexiade-Regne de l'Empereur Alexis I Comnene 1081-1118, Texte etabli et traduit par B. Leib, III, Paris 1945, 56, 59-60, 65-66. Сп.: Ј. Ферлуга, Драч и његова област, 104-106; М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 101-102.

[790] Alexiade, III, 83-84; ВИИНЈ, III, 393-394; Ј. Ферлуга, Драч и његова област, 105. Во науката уште одамна токму овој дел од Алексијадата предизвикал различни преводи и контрадикторни толкувања (Сп.: ВИИНЈ, III, 393-394 и бел. 55-58; Т. Томоски, ΜΟΚΡΟΣ во историјата на македонскиот народ, Македонија низ вековите, Скопје 1999, 321-345). Во секој случај податокот е значаен поради две причини. Прво, поради непријатноста која се јавувала кај византиските автори кога требало да споменат словенски, според нив варварски, топоним или воопшто поим. Второ, се потврдува дека и во средниот век градот и езерото носеле исто име, иако конкретно градот не се споменува во овој случај.

Така според известувањето на Ана Комнена кон крајот на 1107 г. Александар Кавасила со коњаница и пешадија бил испратен да ја брани тврдината Петрела (на средниот ток од реката Ерзен); војскододачот Лав Никерит со поголем одред го чувал Дебар; а на Евстатиј Камица му била доверена заштитата на премините на Арбанон.[791] Превземените мерки на Алексиј I со право се дефинирани како превентивно-одбранбени.[792]

Неспоменувањето на Охрид од страна на Ана Комнена меѓу одбранбените пунктови, може да упатува на помислата дека тој не се наоѓал во првата, односно во најистурена линија на византискиот отпор. Сепак со утврдувањето на Дебар (пункт на патот кој одел по долината на реката Дрим преку Струга за Охрид) и премините на Арбанон (секако еден пункт или пунктови на делот од главната траса на патот Виа Егнатиа, која одела по течението на реката Шкумба кон Охрид), всушност директно се заштитувале главните приоди кон Охрид.[793]

Во текот на пролетта 1108 г. додека Боемунд неколку пати залудно се обидувал да го освои Драч, царот Алексиј I од Солун преку Пелагонија пристигнал во добро утврдениот Девол. Напоредно со вршењето воен притисок и опсада на Драч, на што лично го насочил целото свое внимание, Боемунд со еден дел од војската го испратил својот брат Гвидо, грофот Сарацин и Контопагин да се пробијат кон исток и најпрво да се пресметаат со Александар Кавасила, бранителот на тврдината Петрела. Потоа било планирано да се ослободат главните патишта и да се превземат одредени попатни тврдини од византиска контрола. За остварување на таа цел на Норманите им помогнало населението од

---

[791] Alexiade, III, 104-105; ВИИНЈ, III, 391. Сп.: Ј. Ферлуга, Драч и његова област, 109; М. Бошкоски (Македонија во XI и XII век, 104) некоректно го дополнува податокот на Ана Комнена дека Лав Никерит освен што го чувал Дебар истовремено "го оневозможувал евентуалното навлегување на Норманите кон Скопје и Охрид"(М.Б.). Таквото негово мислење изгледа сосема прифатливо, но според начинот како е изнесено се добива впечаток дека го изнела Ана Комнена, а не споменатиот автор. Имено во делот каде е изнесено мислењето на авторот цитирано е единствено делото на Ана Комнена. За значењето и протегањето на Арбанон (Албанон) види: A. Ducellier, L'Arbanon et les Albanais au XIe siecle, Travaux et Memoires, 3 Paris 1968, 361-366; Б. Ферјанчић, Албанци у византијским изворима, Илири и Албанци, Београд 1988, 289, 292, 301-302; Т. Филипоски, Охридско-дебарските предели и областа Арбанон (Албанон), 105-106.

[792] М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 104.

[793] Ј. Ферлуга (Драч и његова област, 109) особено ја истакнува важноста и позицијата на тврдината Петрела, на реката Ерзен, која од запад го затворала пристапот во областа на клисурите на патот за Арбанон и Охрид.

неколку помали места во близина на Арбанон, кои од претходно веќе се наоѓале под норманска власт. Од нив Норманите добиле информации за положбата на Дебар и споредните патишта кои воделе до него. Всушност тежиштето на акцијата било насочено кон позициите на Евстатиј Камица, кој ги контролирал премините на Арбанон. Делејќи ја норманската војска на два дела, Гвидо со едниот дел од војската се упатил фронтално кон Евстатиј Камица, додека вториот дел од војската на чело со Контопагин и грофот Сарацин се упатила кон Дебар и требало да го нападнат Евстатиј Камица од зад грб. Норманскиот план во потполност успеал. Контопагин и Сарацин движејќи се по споредни патишта релативно брзо се пробиле до Дебар, каде без поголеми тешкотии го совладале византискиот војсководач Лав Никерит и го освоиле градот. Потоа од зад грб го нападнале Евстатиј Камица. Бидејќи споменатиот византиски војсководач истовремено бил нападнат фронтално од Гвидо и од зад грб од војската на Контопагин и грофот Сарацин тој доживеал тежок пораз од Норманите.[794]

Иако од известувањето на Ана Комнена не се добива потполно јасна претстава за движењето на делот од норманската војска предводена од Контопагин и грофот Сарацин, од Дебар до местото каде од грб бил нападнат Евстатиј Камица, сметаме дека треба да се прифати следната претпоставка. Откако од Дебар го поминале делот од патот по течението на реката Дрим, кај Струга веројатно се приклучиле на главната траса на Виа Егнатиа, за потоа да скршнат кон запад од каде се упатиле и стигнале до неидентификуваното место каде го нападнале Евстатиј Камица.[795]

Презентираниот изворен податок на најдобар начин ја опишува норманската воена акција која можела да има мошне сериозни последици

---

[794] Alexiade, III, 104-105. Сп.: А. Тончев, Италианските нормани на Балканите през XII в. (1100-1187 г.), Исторически преглед, XXXIII/3, София 1977, 23; J. Ферлуга, Драч и његова област, 110; М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 106. Посредна потврда на податокот од Ана Комнена дека градот Дебар бил освоен од Норманите, наоѓаме во писмото кое Теофилакт му го испратил на дебарскиот епископ, во кое го замолува што побрзо да се врати во своето епископско седиште. Се претпоставува дека од Дебар побегнал непосредно пред Норманите да го освојат градот (Сп.: Theophylacte, 560-561, n. 4 (P. Gautier); М. Симеонъ, Писмата на Теофилакта, 169-170; В. Н. Златарски, История, II, 510; ГИБИ, IX/1, 76-77 (С. Маслев); Б. Панов, Теофилакт како извор, 349-350; М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 106).

[795] Сп.: М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 106. Ваквото оправдано мислење на авторот на некоректен начин е вметнато во цитираниот податок од Ана Комнена, што методолошки не е оправдано.

за Охрид. Под норманска власт покрај Дебар и долината на реката Дрим потпаднале и одредени предели кои се протегале во непосредна близина на Охрид. Сепак по се изгледа силниот пробив на Норманите во еден помал дел од Западна Македонија и нивното приближување кон приодите на градот Охрид немал за цел загрозување на самиот град во тој момент. Се чини дека намерите на Боемунд биле да излезе од обрачот во кој бил стегнат од Византијците и да дојде до храна, која во тој момент на Норманите им била мошне потребна.[796]

Исто така постојат доволни индиции на норманскиот продор да му се даде и поинаква димензија. Пролетта 1108 г. Боемунд сигурно очекувал да го освои Драч и да го продолжи продорот кон внатрешноста на Балканот. Можеби токму во функција за исполнување на таквите планови испратил дел од норманската војска како претходница, која како главна задача имала да го ослободи главниот пат Виа Егнатиа и другите споредни патишта од византиска контрола.

Но сепак излегло дека се работи за привремен и краткотраен успех на Норманите. Боемунд никако не успевал да го освои Драч. Набрзо следувал византиски контранапад кон Главиница и Валона, каде византискиот војсководач Кантакузин неколку пати ги поразил Норманите.[797]

Набрзо потоа, во летото 1108 г., тешкотиите со кои се соочувал Боемунд станале несовладливи и тој бил принуден на драчкиот дукс Алексиј да му предложи склучување на мир. По прифаќањето на норманската понуда од царот Алексиј I, во септември 1108 г. бил склучен т.н Деволски договор, кој всушност ја официјализирал византиската победа.[798]

Се покажала исклучително успешна промената на стратегијата која ја применил Алексиј I при војувањето со Норманите во 1107-1108 г.

[796] Сп.: Ј. Ферлуга, Драч и његова област, 106-107; М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 108-109.

[797] Alexiade, III, 106-110.

[798] Alexiade, III, 115-123. Со Деволскиот договор освен што Норманите ги загубиле сите освоени територии на Балканот, Боемунд се обврзал да му стане вазал на царот Алексиј I и на неговиот син, а за возврат го добил Антиохиското кнежевство како царско лено. За Деволскиот договор види: М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 110 бел. 254 со наведената литература.

Таквата стратегија се состоела во: навремени дипломатски и воени подготовки; избегнување судири на отворено; добро утврдување и обезбедување на Драч со војска и храна; морска блокада на албанското и епирското крајбрежје; копнена блокада на патиштата кои воделе кон внатрешноста на Епир, Албанија и Западна Македонија и др. Сепак како клучен фактор кој најмногу придонел за конечниот и релативно брзиот пораз на Норманите треба да се издвои нивниот неуспех да го освојат Драч. Повеќемесечните напори и обиди лично на Боемунд да го освои овој значаен византиски град не дале никакви резултати. Тоа директно влијаело главнината од норманската војска долго време да биде ангажирана и зафатена во залудните обиди да се освои градот, наместо на пример со поголем интензитет и на поширок простор да освојува градови и тврдини во внатрешноста на Албанија и Западна Македонија, како што било во случајот со нивниот продор од 80-тите години на претходниот век. Па така со право може да се претпостави дека непаѓањето на Драч под норманска власт всушност директно или посредно влијаело исто така и Охрид да остане поштеден од Норманите. Доколу се случело Драч да падне под норманска власт, Охрид, како значаен град на патот Виа Егнатиа, тешко дека нема да ја поделел истата судбина, впрочем како што се случило во 80-тите години на XI век.

Од норманскиот продор сепак произлегле негативни последици за Охрид. Поконкретно за тоа кои и какви биле последиците за Охрид и околината од овој последен нормански продор предводен од Боемунд, дознаваме од неколку писма на Теофилакт Охридски.

Во две негови писма особено се потенцира проблемот кој настанал поради претераната регрутација на жителите на малата Охридска тема во редовите на византиската војска, што придонело за осетно осипување на машкото работоспособно население. Во писмото, упатено до драчкиот дукс, Теофилакт директно барал да се прекине или барем да се намали собирањето на пешадија од Охридската тема, под изговор дека темата е мошне мала и сиромашна и дека недостатокот на население уште повеќе

ја влошува состојбата.[799] Писмото со право приближно се датира околу 1107 г.[800] Доколку се прифати дека писмото било упатено до Јован Комнин, тогаш тоа најдоцна треба да се датира во 1106 г., зошто до таа година тој останал на позицијата управител на Драчката тема. Веќе од таа година како драчки управител е познат Алексиј Комнин.

Во писмото пак до магистерот Јован Пантехни, кое Теофилакт му го напишал од Солун непосредно пред неговото враќање за Охрид, меѓу другото се наведува дека царот го испратил протостраторот Михаил да собира војска[801] во Охридската тема и пошироко во Македонија, која била потребна за очекуваните престојни судири со Боемунд.[802] Писмото со право се датира 1107-1108 г.[803]

Споредувајќи ги податоците од двете писма на Теофилакт со одделни известувања на Ана Комнена се доаѓа до констатација дека населението на градот Охрид и неговата околина веројатно во еден подолг период било зафатено од спроведеното собирање, односно регрутација на нова војска главно во редовите на византиската пешадија. Од второто писмо непосредно се дознава дека во една прилика таква наредба од царот имал добиено и ја спроведувал протостраторот Михаил, главниот заповедник на византиската војска.

Инаку според податоците на Ана Комнена од есента 1105 г. па се до почетокот на воените дејствија, во есента 1107 г., но и потоа во текот на војувањето царот Алексиј I во повеќе наврати собирал и обучувал војска главно во Солун, како и во Девол напоредно со воените операции.[804] Охридската тема секако влегувала во оние пространи византиски територии од каде по наредба на царот била собирана војска. Последователно сметаме дека собирањето на пешадија од Охридската

[799] Theophylacte, 208-209; ВИИНЈ, III, 298-299. Поопширно на податоците од писмото кои се однесуваат на социјално-економската ситуација во Охрид се осврнуваме во следната глава.

[800] ВИИНЈ, III, 298 ((Р. Катичиќ). П. Готие (Theophylacte, 208) и И. Илиев (ГИБИ, IX/2, 104, бел. 1) иако со резерва го датираат писмото 1093-1094 г.

[801] Theophylacte, 554-555.

[802] ВИИНЈ, III, 318-319, бел. 364 (Р. Катичић); М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 111.

[803] ВИИНЈ, III, 318, бел. 360 (Р. Катичић); Theophylacte, 552 (Gautier); ГИБИ, IX/2, 217, бел. 11 (И. Илиев).

[804] Alexiade, III, 65, 91, 114-115. Сп.: М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 111 види и бел. 255.

тема, потенцирано во писмата, би требало да се претпостави дека се одвивало во еден подолг временски период, како што е набележано во податокот на Ана Комнена.

За следните три писма од Теофилакт, кои ќе бидат предмет на разгледување, во науката исто така преовладува мислењето дека се однесуваат на норманскиот продор од 1107-1108 г., иако во нив директно не се споменува ниту Боемунд ниту Норманите. Податоците се мошне драгоцени бидејќи ја потврдуваат непосредната загрозеност и сериозната опасност која му се заканувала на Охрид од Норманите. Во писмото до солунскиот митрополит Теодул, Архиепископот се жали дека Амалик (Боемунд н.б.) ги зазел сите природни патишта кои водат кон Охрид и настојува да го понижи царското свештенство. Во продолжение Теофилакт го потсетува солунскиот митрополит дека се работи за отпадник и бунтовник од самиот почеток, тиранин на целиот свет,[805] секако притоа мислејќи на Боемунд.

Во писмото упатено до крфскиот епископ се споменува друга библиска личност, Сенахерим Асирецот, за кого Теофилакт вели дека ги разжалостил бидејќи немилосрдно бил испратен од земјата помеѓу двете реки.[806] Содржината на кусата реченица и споменувањето на Сенахерим, еден дел на истражувачите ги навела на помисла дека тука всушност се работи за Боемунд и норманскиот продор од 1107-1108 г. Дополнителен аргумент за таквото мислење се посочува сознанието, извлечено од истото писмо, дека во тоа време царот Алексиј I престојувал некаде на Балканот (веројатно во Солун или Девол н.б.), што секако со право се поврзува со византиско-норманскиот судир од почетокот на XII век.[807]

---

[805] Theophylacte, 386-387; ВИИНЈ, III, 343. Во науката постои дискусија околу вистинскиот идентитетот на библиската личност "Амалик", од што директно произлегува датирањето на писмото. Освен мислењето дека Амалик, всушност бил Боемунд (Сп.: М. Симеонъ, Писмата на Теофилакта, 56; В. Н. Златарски, История, II, 246, бел.1; ВИИНЈ, III, 343, бел. 495 (Р. Катичић); М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 107, бел. 246), кое е доста распространето и според нас најприфатливо, во науката постојат гледиштата дека Амалик всушност бил порезникот Јасит (Сп.: ГИБИ, IX/1, 40-41 (С. Маслев)) или пак зетскиот владетел Бодин (Сп.: Г. Литаврин, Болгария и Византия, 335; Б. Панов, Теофилакт како извор, 330-333, 346).

[806] Theophylacte, 406-409; ВИИНЈ, III, 315-316.

[807] Сп.: ВИИНЈ, III, 315-316, бел. 340, 352, 355 (Р. Катичић); Б. Панов, Теофилакт како извор, 325-326; ГИБИ, IX/1, 70-77 (С. Маслев); М. Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 108.

Во богатата преписка на Теофилакт постои уште едно писмо кое можеби на најдобар начин ја доловува тешката положба во која се нашол Охрид, се разбира предизвикана од навлегувањето на Норманите во првата деценија на XII век. Писмото е упатено до магистерот Јован Пантехни и во него Теофилакт пишува: "Работите во Охрид се многу страшни. Земјата на Мокра (а Мокра е дел од Охридско) е заграбена од робот и отстапникот. А Багора (тоа е голема планина во средината помеѓу бугарските и драчките планини) се наоѓа во рацете на бунтовникот. Со еден збор се е лошо. Но да се надеваме на Бога и на грижите на моќниот цар, дека тој гуштер, којшто стоплен од зраците на царските добрини дигнал глава, лошо ќе помине и нема каде да се скрие."[808]

Презентираните податоци од писмата всушност во голем дел ги потврдуваат и што е уште позначајно ги дополнуваат известувањата кои Ана Комнена ги соопштува во своето дело Алексијада за краткотрајните нормански освојувања. Токму како една од главните последици од претходно опишаната норманска акција предводена од Гвидо, Контопагин и Сарацин, било завземањето на сите природни патишта кои воделе кон Охрид; малата област Мокра (веројатно пределот западно од Охридското Езеро), кој се сметал за дел од Охридската тема; како и планината Багора (Бабагора, Багулат), веројатно некој поголем планински венец во денешна Албанија, исто така западно од Охрид и Охридското езеро.

На тој начин ни се дава можност подетално да дознаеме до каде всушност достигнале Норманите при своето напредување и колку близу се приближиле до Охрид. Најмногу поради сознанието дека Норманите се наоѓале во близина на градот и поради основаната неизвесност која се појавила за судбината на градот, впечатокот на Теофилакт во тој момент, иако можеби изгледа песимистички и драстичен, бил дека работите во Охрид биле страшни или дека со еден збор се било лошо. Сосема е извесно дека ваквата оценка на Теофилакт за состојбата во Охрид, изнесена во писмото адресирано до Јован Пантехни, морала да трае мошне кус период во текот на првата половина на 1108 г. Веројатно два-три месеци пред

[808] Theophylacte, 554-557; ВИИНЈ, III, 318-319. Б. Панов (Развиениот феудализам, 212-213) робот и отстапникот го поистоветува со Константин Бодин.

склучувањето на Деволскиот договор (септември 1108 г.), Охрид веќе бил ослободен од норманскиот притисок и состојбата во многу се подобрила.

# ГЛАВА VI: СОЦИЈАЛНО-ЕКОНОМСКИ И ЦРКОВНИ ПРИЛИКИ ВО XI И ПОЧЕТОК НА XII ВЕК

## 1. Социјално-економски прилики

Скудноста на изворните податоци е главна отежнувачка околност за да може на позадоволителен начин да се проследи социјално-економската состојба во која се наоѓал градот Охрид во текот на XI век. Постојат голем број истражувачи и трудови кои се обиделе да расветлат поедини сегменти од економскиот и стопанскиот развој на Византија. Секако добиените во најголем дел воопштени резултати не се однесуваат подеднакво на балканските и малоазиските владенија на Византија. Исто така осетни разлики во развојот постоеле како меѓу престолнината и провинциите, така и меѓу одделните покрупни административни области.

Сепак се чини дека постои доволно простор главната премиса на која долго време во византологијата вообичаено се темелеле претставите за XI и XII век, како за период на опаѓање, да се релативизира и промени. Токму во таа насока одат резултатите од истражувањата на А. П. Каждан и А. В. Епштајн, според кои во споменатиот период главно постоела тенденција на константен економски развој, кој меѓу другото подразбирал земјоделски и урбан развој во провинциите на Византија.[809]

Со ретки исклучоци мнозинството од византиските градови имале рурален карактер. Земјоделството претставувало носечка стопанска гранка. Тоа секако важело и за градот Охрид во XI век. Споменатото столетие по многу нешта претставува специфичен и во истовреме мошне сложен период од развојот на византиското општество. Наспроти

[809] A. P. Kazhdan and A. W. Epstein, Change in the Byzantine Culture in the Eleventh and Twelfth Centuries, Berkeley-Los Angeles-London, 1985, 24-46. Сп.: M. Mullett, Theophylact of Ochrid, 67. За економските прилики во Византија во XI век види: P. Magdalino, The Byzantine Army and the Land: From Stratiotikon Ktema to Military Pronoia, Byzantium at War (9th-12th c.), Athens 1997, 15-36; G. Dagron, The Urban Economy, Seventh-Twelfth Centuries, The Economic History of Byzantium (From the Seventh through the Fifteen Century), ed. A. E. Laiou, 2, Washington, D.C. 2002, 401-403, 423-425; A. E. Laiou, Exchange and Trade, Seventh-Twelfht Centuries, The Economic History of Byzantium (From the Seventh through the Fifteen Century), ed. A. E. Laiou, 2, Washington, D.C. 2002, 736-758.

утврденото воено и финансиско опаѓање и административна конфузија на државата во време на владеењето на царевите-претставници на крупното цивилно благородништво, во истиот период се забележуваат позитивни промени во економскиот и урбаниот развој на провинциите.

Социјално-економскиот амбиентот во кој се наоѓал Охрид за време на Самуиловата држава засега останува речиси потполно непознат. Податок кој евентуално може да се поврзе со Охрид е оној од “Алексијадата” на А. Комнина, за наводните иригационите зафати кои ги превзел Самуил во почетокот од течението на реката Дрим.[810]

Сепак посредните податоци упатуваат дека во почетокот на XI век стоко-паричните односи сеуште се наоѓале на ниско ниво на развој. Како што е извесно Самуил и неговите наседници не ковале свои монети и даноците кои ги собирале биле во натура.[811]

По покорувањето на Самуиловата држава Василиј II не превзел драстични мерки во доменот на даночната политика. Даноците не биле зголемени и како во времето на Самуил продолжиле да се собираат во натура. Првите промени веројатно се случиле во почетокот на 40-тите години кога во времето на царот Михаило IV (1034-1041), неговиот брат и во исто време главниот чиновник за финансиите, Јован Орфанотроф, ги конвертирал главните даноци од натурални во парични, што истовремено подразбирало нивно зголемување. Токму таквата мерка се истакнува како главна причина за придружување на Никополците кон востанието со

[810] Alexiade, III, 84; ВИИНЈ, III, 393-394. Ваквото толкување на податокот во постарата историографија директно произлегува од поистоветувањето на Мокрос со царот Самуил (Сп: G. Buckler, Anna Comnena, London 1929, 403, n. 5; И. Снегаров, История, I, 33). Имено доколку Мокрос се поистовети со Самуил, за што постои мала веројатност, тој наводно превзел мерки за сушење на мочуриштата и регулирање на коритото на споменатата река во близина на денешна Струга со цел да се добијат нови и особено плодни земјоделски површини. Веројатно се создале услови и се појавила потребата од проширување на таквиот вид земјиште. Уште повеќе постапката можеби треба да се смета како една од мерките за подобрување на снабдувањето на престолнината Охрид со прехрамбени продукти. Сепак поизвесно е дека Мокрос била планина и област, а не личност (Сп.: И. Дуйчев, Сонщинското значение на името Μοκρος у Ана Комнина, Македонски прегледъ, VIII/3, София 1933, 14-35; VIII/4, 1-20; ВИИНЈ, III, 394, бел. 55 (Б. Крекиќ)). Т. Томоски (ΜΟΚΡΟΣ во историјата, 324, бел. 11) иако неправилно ги поистоветува Мокрос и Самуил, за конструкција го смета толкувањето на податокот на А. Комнина во прилог на превземање на иригациони мерки.

[811] Сп. Х. Меловски, Прилог кон даночната политика на Самуиловата држава, ГИНИ, XX/1, Скопје 1976, 177-183.

тежиште во Македонија предводено од Петар Делјан (1040-1041).[812] Ваквите мерки на зголемување и конвертирање на даноците секако не важеле само за темата Никопол, туку за поширокиот балкански простор.

Новите промени во даночниот систем од страна на логотетот Никифорица за време на царот Михаил VII Дука (1071-1078), што всушност довеле до нивно зголемување, во 70-тите години биле искористени да се предизвика ново востание. Овојпат тоа било предводено од скопските првенци на чело со Ѓеорги Војтех и од синот на зетскиот крал, Константин Бодин (1072-1073).[813]

Токму двете востанија потребно е да се сметаат како индикатор за сложениот и тежок процес на социјално-економска адаптација низ кој поминувале поранешните области на Самуиловата држава во рамките на Византија. Таквите околности всушност претставувале дополнителен чинител кој влијаел за забавувањето на развојот на трговијата и феудализацијата. Како непосреден доказ за ниското ниво и бавниот економски развој конкретно на областите на денешна Р. Македонија може да се посочат резултатите од истражувањата на нумизматичките наоди од XI век. Преку анализа на бројноста на наодите возможно е поконкретно да се установи интензитетот на циркулација на монетите во одреден временски период.

Од опсежната анализа на наодите на византиски монети од XI век, откриени на територијата на Р. Македонија, произлегува дека монетаризацијата се наоѓала на доста ниско ниво, наспроти значителниот општ економски и урбан развој во Византија. Од периодот на првата половина на XI век засега се евидентирани исклучително мал број поединечни наоди на монети од најниска вредност-анонимни и неанонимни бронзени фолеси. Дури од почетокот на втората половина на столетието постепено се зголемува бројот на наодите на бронзени фолеси, но исто така се јавуваат ретки поединечни наоди на поголемите номинали (сребрени милиаресии и златни номизми). Во Скопско и Прилепско откриен е по еден колективен наод на сребрени милиаресии. Сепак

[812] Scylitzae, 411-412; ВИИНЈ, III, 150-152 и бел. 232 (Ј. Ферлуга).
[813] J. Scylitzes Continuatus, 162-163; ВИИНЈ, III, 178-179 и бел. 17 (Б. Радојчић).

пронаоѓањето на поединечни наоди од повисоки номиналии и ретките колективни наоди на милиаресии датирани во II-та половина на XI век првенствено се објаснува како последица од воведувањето на фискалните промени и обврската главните даноци да се плаќаат во пари и тоа во високи номиналии.[814]

Според расположливите објавени податоци до крајот на 80-тите години на XX век на територијата на Р. Македонија биле најдени само 60-тина византиски анонимни фолеси од XI век. На територијата на Охрид вкупно биле најдени 7 фолеси (1 од последните години на третото десетлетие; 3 од времето 1030/35-1042? и уште три од II-та половина на столетието пред владеењето на Алексиј I).[815] На просторот на Самуиловата тврдина најдени се уште две монети, односно по една од царевите Михаил VII Дука и Алексиј I Комнин.[816] Од изнесеното може се констатира речиси потполно отсуство на монетни наоди ковани од царот Алексиј I Комнин.

Со поновите археолошки истражувања во Охрид бројната состојба со нумизматички наоди од XI век воопшто не се менува. Соодносот на најдени монети од XI век споредбено со оние од XII, XIII и XIV век речиси останува еднаков. Имено бројот на нумизматички наоди од XI век е драстично помал од оние кои биле ковани следните векови. Во тој контекст Охрид посебно не се издвојувал во својот развој. Од втората половина на XI векот на локалитетот Плаошник посведочени се исклучително ретки поединечни наоди на монети главно во најниска номиналија. Конкретно нумизматичките наоди ковани од царот Алексиј I засега се исклучително малубројни во споредба на следните византиски цареви.[817]

---

[814] К. Христовска, Византиските пари на територијата на Република Македонија во XI и XII век: аспекти на дистрибуција и циркулација, Монетите и монетоковниците во Македонија, Скопје 2001, 104-105.

[815] В. Иванишевиќ-Ј. Кондијанов, Наоди на византиски фолеси од крајот на X и XI век во Македонија, Македонски нумизматички гласник, 1, Скопје 1994, 85-97.

[816] Информацијата ја добивме од м-р Катерина Христовска, раководител на Нумизматичкиот оддел при Народна банка на Р. Македонија, за што и благодариме.

[817] Како илустрација за исклучителната малубројност на досегашните нумизматички наоди од Алексиј I може да се понуди информацијата дека до август 2007 г. на лок. Плаошник била најдена само една монета. До јули 2008 г. бројноста на нумизматичките наоди од Алексиј I се зголемува, но нивната бројност далеку заостанува

Од таквата состојба со бројноста на монетните наоди во периодот XI-XII век во Македонија произлегува дека тие се многу повеќе средство за подмирување на фискалните обврски кон државата, отколку што се активен медиум за размена во трговијата.[818]

### *1.1. Охрид во писмата на Теофилакт*

Доаѓањето на власт на царот Алексиј I Комнен (1081) е одбележан како период кога започнува воена и фискална стабилизација на државата. Економскиот и урбаниот развој продолжува, но со таа разлика што во овој период добива дополнителна динамика. Изворните податоци кои се однесуваат на овој период, најмногу поради писмата на Теофилакт, се побогати и овозможуваат посеопфатно да се следат општите процеси, но што е уште позначајно во еден значителен дел од нив Охрид директно се споменува.

Како што претходно потенциравме се работи за исклучително сложен период низ кој поминувала Византија. Се јавила неопходна потреба од обновување и зајакнување првенствено на воените ресурси и фискалниот капацитет на државата. Освен со ангажирање на значителен број наемници, кое било еден вид инстант решение, како подолгорочно решение се спроведувал системот пронија.[819] Тоа требало да послужи како замена за стариот стратиотски систем кој се наоѓал во процес на исчезнување.

Превземените мерки подразбирале енормно зголемување на државните трошоци, кои единствено можеле да бидат надоместени со зголемување и поголема дисциплина при собирањето на даноците. Фискалните промени предизвикале незадоволство кај поситните и

---

во споредба со нумизматичките наоди од следните византиски владетели Јован Комнин и Мануил Комнин. Уште се дознава дека досега се пронајдени две депоа од т.н. Комнински период (XII-XIII век), но притоа без потврда дали содржат монети од Алексиј I. Прелиминарните информации се добиени од Даница Бачева (виш кустос во Заводот и Музеј-Охрид), за што и благодариме.

[818] К. Христовска, Византиските пари, 109.

[819] За системот пронија постои обемна литература. Во кратки црти се работи за принцип при кој државата делела земја на одредени лица, најчесто на доживотно користење, а тие за возврат биле задолжени да предводат одреден број зависни луѓе од својот имот во војна. Поопширно види: Г. Острогорски, Пронија. Прилог историји феудализма у Византији и у јужнословенским земјама, Београд 1951; P. Magdalino, The Byzantine Army and the Land, 15-36.

покрупните земјопоседници на кои им биле ограничувани претходно стекнатите придобивки, привилегии и имунитетни права. Еден од погласните незадоволници од работата на државните даночни чиновници бил самиот охридски архиепископ Теофилакт. Во неговите писма постојат бројни примери од кои може да се заклучи дека Теофилакт за време на неговиот подолг престој во Охрид се наоѓал во речиси континуиран судир со споменатите чиновници.[820]

При користењето на писмата како извор неизбежно се јавуваат одредени проблеми. Бидејќи воопшто тие се мошне реторички и главно се фокусирани на емоциите и односите кон адресантите, употребливите податоци се обично лимитирани. Во случајот со писмата на Теофилакт тешкотиите се уште повеќе зголемени со честата сложеност на неговата реторика.[821] Сепак од бројните податоци може да се извлечат поедини драгоцени сведоштва преку кои од една страна се потврдуваат актуелните тенденции во економскиот и урбаниот развој на државата, а од друга страна се дознаваат одредени специфични појави кои биле карактеристични за Охрид.

а) судирот меѓу Теофилакт и фискалните чиновници

Во неколку писма од преписката на Теофилакт забележително е дека централно место завземаат случувањата во врска со конфликтот меѓу Архиепископот и парикот Лазар. Иако можби на прв поглед изгледа невообичаено како еден архиепископ влегол во сериозен и долготраен спор со еден парик, сепак ситуацијата станува појасна кога се дознава дека незадоволството на Лазар всушност било поттикнато и максимално злоупотребено од државните даночни чиновници. Преку случајот на Лазар, кој бил искористен како нивни експонент, тие всушност ги поткопувале сопственичките и имунитетните права и привилегии на

---

[820] Сп.: Б. Панов, Теофилакт како извор, 257-258, 264-270; M. Mullet, Theophylact of Ochrid, 127-130; A. Harvey, The Land and Taxation in the Reign of Alexios I Komnenos: Evidence of Theophylakt of Ochrid, Revue des Etudes Byzantines, 53, Paris 1993, 144-153; Idem, Financial Crisis and the Rural Economy, Alexios I Komnenos, Belfast 1996, 167-184; M. Angold, Church and Society in Byzantium under the Comneni 1081-1261, Cambridge 1995, 160-166.

[821] A. Harvey, The Land and Taxation, 143.

црквата. Сето тоа одело во прилог на зголемување на државните за сметка на црковните приходи.

Во писмата упатени до панипарсевастот Никифор Вриениј и великиот доместик Адријан Комнен, приближно датирани 1097-1105 г., Теофилакт интервенира барајќи помош и заштита од бројните обвинувања кои биле покренати во престолнината против него. Иако како главни инспиратори и поттикнувачи ги препознава практорите (собирачите на даноци), сепак во улога на главен извршител го истакнува Лазар. Поконкретно се работело за црковен парик, кој размислувал слободоумно и посакувал да се отргне од статусот на парик. Според Теофилакт како соработник на даночниците Лазар од нив примал подостојна и почиста облека отколку што му прилегала на човек од неговиот ранг и други подароци. Притоа Теофилакт ги запознава адресантите со поединостите за спорот кој бил покренат од страна на парикот Лазар. Всушност Лазар директно пред царот го обвинил Теофилакт дека му го потпалил имотот; дека неговите патишта биле полни со сирење, а низ брдата течело млеко; дека имал големи приходи; дека бил дебел и богат и дека живеел како сатрап поседувајќи многукатни згради и добропроветрени куќи. Теофилакт отфрлајќи ги обвинувањата се обидувал да предочи дека неоправдано се прават обиди да се прошири незадоволството кон него како меѓу Охриѓаните така и пошироко во Македонија. Се барале луѓе кои Теофилакт ги имал осудено за кривоверство, за многуженство и оние кои живееле во недозволен брак. Наоѓајќи многу такви личности од диецезата на архиепископијата тие погрешно биле претставувани како да биле единствено Охриѓани на кои црквата им одзела ниви и лозја. За сериозноста на ситуацијата во која се нашол Теофилакт во еден момент од судкиот спор покренат против него во Константинопол говорат следните редови: "Само никој да не ме осудува во отсуство и да не верува дека клеветите на практорот се вистинити. Туку по она што тој ќе го каже нека почека и на одбраната од страна на црквата."[822]

---

[822] Theophylacte, 482-485, 492-493, 498-505. За жал не постои можност за поточно датирање на писмата и последователно на датирање на спорот. Види: ВИИНЈ, III, 273, бел. 57 (Р. Катичић); Theophylacte, 40-44 (P. Gautier); M. Mullet, Theophylact of Ochrid, 132. Во

Всушност од писмата се разоткрива дека обвинувањата на фискалните чиновници канализирани преку постапките на Лазар имале точно определена заднина. Главната цел била да се дискредитира личноста и делувањето на Теофилакт воопшто и особено да се проблематизира правото и начинот на управувањето со едно село. Се добива впечаток дека најкрупното обвинување кое му било ставано на товар на Теофилакт пред византискиот цар било она за наводното палење на имотот на парикот Лазар и неговото протерување од селото. Токму затоа Теофилакт чувствувал потреба на повеќе места во писмата да повторува дека во времето на потпалувањето на имотот тој воопшто не се наоѓал во Охрид. Но сето тоа изгледало залудно бидејќи во еден момент Теофилакт добил најава дека даночните чиновници и Лазар издејствувале на црквата да и биде одземено "црковното село во Охрид" или "селото на црквата во Охрид" (τὸ ἐν Αχρίδι τῆς ἐκκλησίας χωρίον). Во продолжение се објаснува начинот на кој црквата го добила селото. Се работело за замена на планински пасишта за село со парици. Имено црквата на државата и отстапила планински пасишта, а за возврат добила државно село во паричка служба. За направената замена, според Теофилакт, црквата располагала со сите потребни документи.[823]

Првиот обид на фискалните чиновници за одземање на селото по се изгледа завршил без успех, што може да се заклучи од писмото во кое меѓу другото Теофилакт му изразува благодарност на великиот доместик Адријан Комнен за тоа што му помогнал и го вратил во живот. Сепак обидите продолжувале. Токму за таа цел фискалните чиновници повторно го испратиле парикот Лазар во селото со задача со неколку соселани да организира одметнување од црковната власт. Дури се потенцира дека целта на таквите дејствија била да се оспори валидноста на направената замена и да се предизвика корекција на издадената царска хрисовула и простакса на штета на Теофилакт.[824]

---

ниту едно писмо кое има некаква врска со овој спор не се споменува Јасит, високиот даночен чиновник и големиот противник на Теофилакт, познат од други писма и од други спорови. Токму затоа останува несигурно дали токму Јасит бил даночникот со кој парикот Лазар се поврзал (ВИИНЈ, III, 273, бел. 58(Р. Катичиќ)).

[823] Theophylacte, 444-451; ВИИНЈ, III, 279-280.

[824] Theophylacte, 502-505; ВИИНЈ, III, 281-282.

Во писмата на ниту едно место не се наведува името на посоченото село. Сепак на едно место како да се открива приближната локација на селото. Всушност во науката постојат различни толкувања на двосмислениот дел: "τὸ ἐν Αχρίδι τῆς ἐκκλησίας χωρίον . . ."[825]

Според едни истражувачи во тој дел од писмото всушност се посочува дека спорното црковно село се наоѓало во Охрид,[826] под што веројатно треба да се подразбере Охридската тема. Најмногу поради ваквото толкување на посочениот податок се дошло до логична претпоставка дека неидентификуваното село се протегало во непосредна близина на градот Охрид.[827]

Во науката постои и поинакво толкување на податокот според кое споменувањето на Охрид воопшто не треба да се поврзува со некакво приближно географско одредување на селото туку конкретно за неговата припадност на охридската црква, односно на Архиепископијата. Поточно податокот се преведува како: "село на црквата во Охрид" (the village of the church in Ochrid),[828] односно село на охридската црква. Според ваквото толкување на податокот отпаѓаат сите обиди за било какво лоцирање на селото. Тоа можело да се протега било каде. Веројатно токму затоа еден дел од истражувачите одбегнуваат да се произнесат по прашањето за лоцирање на селото.[829]

Мора да се признае дека се работи за проблематичен и крајно двосмислен податок. Доколку треба да се определиме на мислење сме дека сепак се работи за село кое се наоѓало во близина на Охрид. Во прилог на

---

825 Theophylacte, 446-447.

826 ВИИНЈ, III, 277: J. Катичиќ: "црквено село у Охриду"; Theophylacte, 446: П. Готие: "que le chorion que notre Eglise possede a Achrida . . ".

827 Сп.: ВИИНЈ, III, 277, бел. 88; 278 бел. 101 (Р. Катичић); Б. Панов (Теофилакт како извор, 117, 122, 168; Idem, Охрид во крајот на XI и почеток на XII век во светлината на писмата на Теофилакт Охридски, Средновековна Македонија, III, Скопје 1985, 560) е контрадикторен по ова прашање. На повеќе места цитирајќи го податокот го толкува како селото да се наоѓало до Охрид. Сепак од непознати причини избегнал конкретно да се задржи на прашањето за местоположбата на селото уште повеќе што воопшто не го вброил меѓу имотите на Теофилакт; M. Angold, Church and Society, 161.

828 M. Mullet, Theophylact of Ochrid, 214; 327.

829 Катичиќ (ВИИНЈ, III, 278 бел. 101) со право го отфрла мислењето на В. Златарски (История, II, 280) дека во случајов предмет на спор е село кое се наоѓало во долниот тек на реката Вардар; П. Готие (Theophylacte, 446, n. 6) коментирајќи го преводот на податокот за црковното село во Охрид, единствено забележал дека името на селото е непознато, без да предложи ниту приближна локација; А. Харви (The Land and Taxation, 145) исто така не се изјаснува каде се протегало спорното село.

таквото мислење ги предочуваме следниве посредни аргументи. Во едно од писмата на Теофилакт до Никифор Вриениј на многу јасен начин е посочено дека жариштето на антицрковните активности на Лазар се наоѓало во Охрид. Поконкретно се дознава дека Лазар најпрво собирал свои помошници и истомисленици во Охрид, а дури потоа ги обиколкувал другите предели на Македонија. Во продолжение се дава дополнително објаснување дека помошниците на Лазар всушност биле осудени престапници од црквата. Токму сите тие бројни престапници собирани од поширокиот простор на Македонија лажно биле претставувани како Охриѓани на кои црквата применила казнена санкција одземајќи им ниви и лозја.[830]

Се поставува прашањето зошто Лазар ги започнувал своите активности за дискредитација на Теофилакт од Охрид и притоа имал потреба своите бројни истомисленици-престапници кои не биле од Охрид лажно да ги претставува како Охриѓани? Сметаме дека главната причина за таквите постапки на Лазар треба да се бараат во обидите да се концентрираат наводните или вистинитите "недела" на Теофилакт на еден потесен простор на Охрид и неговата околина. Во тој контекст можеби на Лазар му била потребна дополнителна поткрепа и зајакнување на главното обвинување со кое го товарел Теофилакт за палење на неговиот имот и протерување. Впрочем доколку неговиот изгорен имот се наоѓал во рамките на некое село во близина на Охрид полесно може да се разберат причините поради кои Лазар ги концентрирал своите понатамошни активности на истиот простор бидејќи му бил добро познат. Несомнено постоеле причини кои го поврзувале Лазар со Охрид.

Дека на Лазар во детали му бил познат начинот на управување и живеење на Теофилакт во Охрид сведочи самиот опис на дел од обвинувањата кои против Теофилакт биле презентирани пред византискиот цар. Теофилакт пренесува дека Лазар се заколнал и гарантирал пред царот дека Архиепископот бил дебел и многу богат, дека

[830] Theophylacte, 484-485. Сп.: M. Angold, Church and Society, 162. Иако се сложуваме дека спорното село веројатно се протегало во непосредна близина на Охрид, изворно непоткрепено ни изгледа мислењето на М. Енголд дека парикот Лазар поседувал куќа во градот Охрид. Таа куќа Лазар евентуално можел да ја поседува во спорното село, а не во градот.

живеел како сатрап во многукатни згради и дека летувал и се разладувал во неговите добро проветрени куќи.[831]

Секако дека сето тоа се случувало во Охрид. Тешко дека Лазар можел да се осмели да опстојува на едни вакви тврдења и да се колне пред царот во нивната вистинитост доколку навистина не бил непосреден сведок на случувањата во Охрид. Се добива впечаток дека презентираните обвинувања пред царот потекнувале од човек кој имал директен увид во развојот на ситуацијата во Охрид и токму поради тоа самиот цар нашол за потребно да се занимава со случајот на Лазар.

Дополнителен аргумент во прилог на тезата дека анонимното село се протегало во близина на Охрид може да послужи повеќе пати повторуваното оправдување на Теофилакт во писмата дека тој воопшто не се наоѓал во Охрид во времето кога изгорел имотот на парикот Лазар. Да потсетиме дека меѓу најтешките обвинувања на Лазар против Теофилакт треба да се смета токму она дека наводно Теофилакт бил одговорен за потпалувањето на неговиот парички имот во спорното село. Се поставува прашањето зошто Теофилакт имал потреба повеќепати да потенцира дека во критичниот момент не се наоѓал во Охрид доколку селото не се наоѓало во непосредна близина на Охрид?

Се чини дека напорите и молбите на Теофилакт до исклучително моќните и влијателни личности-адресанти од непосредното опкружување на царот Алексиј I не вродиле со голем успех. Најверојатно благодарение на нивните интервенции дошло до извесно и привремено неутрализирање и отфрлање на дел од бројните обвинувањата кои биле насочени кон него и кон црковната институција која ја претставувал. Таквиот заклучок посредно произлегува од изразите на благодарност кои биле упатени до Никифор Вриениј, Адријан Комнен и Михаил Пантехни,[832] кои секако содржеле доза на куртозаност.

Сепак спорното село веројатно и било одземено на црквата. Од достапните податоци мошне е тешко да се одреди точното време и должината на траење на спорот. Се чини дека се работело за релативно

---

[831] Theophylacte, 486-487.
[832] Ibidem, 482-483; 498-499; 506-507.

долготраен судски процес, во чие разрешување Теофилакт вложил многу труд. Покрај инсистирањето на Теофилакт во писмата дека црквата се здобила со правата над селото на сосема легален начин, во науката постои оправдан сомнеж во неговата искреност. Ј. Катичиќ претпоставува дека црквата најпрво самоволно заменила некое свое планинско пасиште со посоченото државно село, а дека дури подоцна се потрудила да издејствува формална потврда за таквиот чин. Токму тука е потребно да се бара причината поради која париците побарале ревизија на одлуката за влегување на селото во рамките на црковниот имот.[833]

Во врска со спорното село од писмата на Теофилакт постои уште еден податок кој привлекува внимание. Во него се истакнува дека статусот на селото бил неодамна регулиран, односно дека паниперсевастот Никифор Вриениј неодамна издал простакса, со кој документ веројатно се потврдувале правата на црквата да располага со спорното село. Но во продолжение Теофилакт го информира адресантот дека се прават нови обиди токму да се обезвредни неодамна издадената простакса. Фискалните чиновници ги заплашувале селаните дека доколку повторно ја изберат Архиепископијата за свој господар, ќе бидат обременети со даноци, повисоки од оние што можат да ги поднесат.[834]

Ваквиот податок навистина изгледа индикативно. Толкувањето на податокот воопшто не претставува лесна задача. Она што може јасно да се разбере е дека претстоела постапка на некакво повторно изјаснување на селаните за тоа кој ќе биде господар на селото, откако во претходниот период веќе еднаш ја имале избрано Архиепископијата за свој господар. Всушност посредно се открива дека при постапката на замена на црковните пасишта за државното село неопходно било изјаснувањето на зависните селани-парици. Сепак како мошне значајна се наметнува причината поради која дошло до повторно изјаснување на селаните во врска со изборот на нивниот господар?

Сметаме дека главната причина треба да се бара во евентуалниот успех на фискалните чиновници и Лазар во судската постапка за ревизија и

---

833 ВИИНЈ, III, 279, бел. 103 (Р. Катичић)

834 Theophylacte, 492-493. Паниперсевастот Никифор Вриениј простаксата за спорното село на Теофилакт најверојатно му ја издал од позиција на драчки дукс.

оспорување на црковната сопственост над селото. Затоа веројатно најмногу што можеле да предизвикаат било повторно изјаснување на селаните за избор на господар. Притоа, како што се гледа од писмото, фискалните чиновници се потрудиле да извршат притисок врз селаните повторно да не ја изберат Архиепископијата за свој господар. По се изгледа изјаснувањето на селаните било од големо значење во донесувањето на конечната одлука дали селото ќе остане во владение на црквата или ќе го промени господарот. Можеби токму евентуалното второ изјаснување на селаните, за што се подготвувале фискалните чиновници, придонело Теофилакт да го загуби спорното село. Сепак таквото мислење мора да остане во доменот на претпоставки.

Инаку споменатиот податок во науката вообичаено бил користен во контекст на потврдување на постоењето на институцијата патронат. Поконкретно во случајов станувало збор за селани коишто по пат на засновување на патронатски односи со крупниот црковен земјопоседник поминувале под негово господство. Сепак потпаѓањето под таквиот однос веднаш не подразбирал директно и целосно феудално потчинување на селаните. Тие во прво време ја задржувале личната слобода и правото на сопственост на имотот.[835]

Како одговор на силниот притисок кој го трпел од фискалните чиновници во едно писмо Теофилакт се обидел ревносно да ги наброи прекршувањата на имунитетните права и привилегии кои ги уживале црковните имоти. Всушност тој бил принуден да одговара на обвинувањата дека на државата не и ја плаќал целата сума на данокот од црковните имоти. Се дознава дека претходно клириците од црковните имоти на црквата и плаќале данок доколку обработувале земја со површина до еден ѕевгарион (обработувана од пар волови). Единствено ако располагале со земја над еден ѕевгарион разликата од данокот и припаѓал на државата. Но тоа се променило и сега не само што односниот износ на данокот за еден ѕевгарион почнале целосно да го исплаќаат на

[835] Сп.: Г. Цанкова-Петкова, Феодалното землевладение в южните и юугозападните български земи под византийско владичество, Известия на институтот за история, 8, София 1960, 283-284; А. П. Каждан, Деревная и город в Византии IX-X вв., Москва 1960, 175; Б. Панов, Теофилакт како извор, 123-124.

државата туку дури им бил баран повисок износ. Слично се случило и со десетокот кој бил плаќан за добитокот. Наместо како претходно данокот да го плаќаат на црквата клириците сега биле принудени истиот да го даваат на државата и повторно во повисок износ. За разлика од останатите данокоплаќачи, според Теофилакт, незаконски, двојно биле зголемени даноците кои црковните клирици биле задолжени да ги плаќаат како надомест за користење на воденици и рибници. Теофилакт приговара за неоправданото оданочување на свештеници, монаси и неколку световни луѓе за кои не постоеле услови за тоа. Исто така имотот на архиепископот не бил поштеден од покачувањето на даноците. Конкретно се споменува дека биле воведени зголемени даноци за поседување или користење на воденици и места за рибарење. Според Теофилакт попишувачите на имотите вршеле неправилности и злоупотреби при премерот на црковните имоти. Со еден збор на разни начини флагрантно била прекршувана екскусијата (имунитет) на црковните имоти.[836]

Всушност се работело за судир меѓу Архиепископијата и фискалните чиновници по прашањето на приходите од директните производители. Многу е веројатно дека селанството мошне тешко ги поднесувало новите економски услови предизвикани од натпреваручвачките барања на двете страни.

Потребно е да се сложиме со констатацијата дека дополнителен проблем при анализа на писмата на Теофилакт претставува тоа што тој не секогаш ги именува имотите за кои расправа.[837] Но како што разјаснивме погоре спорното село за кое Теофилакт посветил неколку писма најверојатно се наоѓало во непосредна близина на Охрид.

Токму во едно од тие писма, во контекст на спорот со парикот Лазар и споменатото село, се наброени прекршувањата на екскусијата на кои што веќе се задржавме во претходниот пасус. Последователно на тоа постои доволно простор да се претпостави дека најголем дел од наброените прекршувања на екскусијата директно се однесуваат на црковните имоти и зависното население од Охрид и неговата блиска

[836] Theophylacte, 486-491. Сп.: A. Harvey, The Land and Taxation, 146-147; Idem, Financial Crisis, 182; M. Mullet, Theophylact of Ochrid, 131.

[837] A. Harvey, The Land and Taxation, 145.

околина. Впрочем не треба да се сомневаме дека Теофилакт најдобро и најлесно бил информиран за случувањата од неговото непосредно опкружување. Освен спорното село во поблиската околина на Охрид се дознава дека Теофилакт уште поседувал воденици и користел места за рибарење.

Промената на фискалната политика во време на Алексиј I ги предизвикала "злоупотребите" на даночните чиновници. Тешко е да се поверува дека тие можеле да го превземаат тоа на своја рака. Сметаме дека мерките за зголемување на даноците претставувале дел од една координирана политика на централната власт, а не обични злоупотреби на даночните чиновници. Од тука произлегува дека Теофилакт, кој бил сосема свесен за новите околности во кои се нашла државата, настојувал по секоја цена да го заштити и одржи поранешниот најчесто привилегиран статус кој го уживале црковните имоти. Впрочем проблемите кои ги имал Теофилакт со фискалните чиновници ги имале поголемиот дел од крупните земјопоседници од тоа време.[838]

### б) Црковно стопанство

Потребно е да се верува дека Охридската архиепископија и нејзиниот поглавар Теофилакт располагале со крупен движен и недвижен имот. Од податоците во писмата овозможено е да се добие единствено делумен увид во имотната состојба. Според тој увид Архиепископот поседувал или управувал со имоти во Пелагонија, Девол, Воден, Полог и Повардариeто.[839] Сепак нашиот предмет на интерес е ограничен на стопанскиот имот кој Теофилакт и Архиепископијата го располагала во нејзиното седиште и поблиската околина.

Имајќи во предвид дека најголем удел во развојот на византиското стопанство имало земјоделството треба да се очекува дека црквата поседувала или управувала села, делови од села и одделни пространи обработливи површини во близина на Охрид. Единствено село за кое

---

[838] Сп.: M. Mullet, Theophylact of Ochrid, 131.
[839] Б. Панов, Теофилакт како извор, 117.

постојат податоци дека најверојатно се протегало во поблиската околина на градот и макар привремено се наоѓало во доменот на архиепископските имоти било она анонимното и спорното кое што во повеќе наврати се споменува во врска со парикот Лазар. Бидејќи погоре го третиравме проблемот на спорното село и мошне исцрпно се задржавме на одредени аспекти од спорот меѓу Теофилакт и даночните чиновници, во продолжение останува да се осврнеме на карактерот и статусот на селото.

Пред замената на имотите се работело за државно паричко село кое откако преминало под црковно господство, се појавиле отворени сомнежи за регуларноста на постапката на кој начин тоа било сторено. Иако Теофилакт со голем напор се трудел да докаже дека државното село влегло во архиепископскиот домен на легален начин, при што на државата за возврат и биле отстапени црковни пасишта, а тој добил хрисовула и простакса, сепак по се изгледа постапката била ревидирана.

Значи од случајот со спорното село произлегува дека црквата на разни начини се обидувала и настојувала да се здобие со нови земјоделски површини кои и биле многу поважни и веројатно подоходовни од сточарските пасишта. Ваквата упорност и стремеж на црквата треба да се стави во контекст на општиот тренд на проширување на крупните зејмишни имоти во тоа време.

Во писмата се открива уште еден начин преку кој Архиепископијата го проширувала својот земјоделски имот. Имено располагајќи со ограничени судски надлежности црквата на одредени престапници им пресудувала конфискација, односно одземање на ниви и лозја. Таквиот имот станувал црковна сопственост. Се споменува дека меѓу престапниците имало и Охриѓани.[840] Останува непознато во колкави размери се применувала оваа мерка.

На земјоделските површини секако доминантно било производството на жито, кое Теофилакт на едно место го споменува дека се пресејувало за да се оддели од плевелот.[841] Под поимот "жито" споменат

[840] Theophylacte, 484-485; ВИИНЈ, III, 274-275.
[841] Theophylacte, 410-411; 536-537; 578-579.

од Теофилакт потребно е да се подразберат следниве житни култури: пченица, просо, овес, јачмен и др.[842]

За распространетоста на земјоделските површини посеани со житните култури во Охридско посредна потврда наоѓаме во податоците од едно писмо според кои Теофилакт располагал со воденици за мелење на житото. Меѓу другото се дознава дека за нивното користење бил принудуван да плаќа двојно повисок данок отколку останатото население и дека плаќал данок и за урнатите воденици.[843] Се претпоставува дека водениците споменати во писмото биле движени од силата на речните води, кои во охридскиот крај биле доста бројни.[844]

Во земјишните имоти на Архиепископијата влегувале и лозјата. Тие се споменуваат во контекст на тоа дека Теофилакт на престапниците кои биле осудени од црковниот суд им одземал лозја и ги приклучувал кон неговиот земјоделски имот.[845] Од грозјето кое било добивано од лозјата било правено познатото охридско "тенко вино".[846]

Во едно од писмата Теофилакт оставил сведоштво дека во негово време во околината на Охрид се одгледувала и маслинката.[847] Треба да се претпостави дека со нивна преработка се добивало масло. Не постојат други податоци од кои би можело да се дознае нешто повеќе за тоа колку била распространета оваа култура да дадениот простор.

Архиепископијата по се изгледа располагала со пространи планински пасишта на кои се одгледувало ситен и крупен добиток. На едно место во писмата се споменува дека Теофилакт им доделил малку добиток на дел од своето зависно население.[848]

Потврда дека Архиепископијата поседувала пасишта, можеби токму на една од планините во околината на Охрид, добиваме од веќе во повеќе наврати анализираниот податок за замена на црковни пасишта за

---

[842] Б. Панов, Теофилакт како извор, 160.
[843] Theophylacte, 488-489.
[844] Б. Панов, Теофилакт како извор, 164.
[845] Theophylacte, 484-485; ВИИНЈ, III, 274-275.
[846] Theophylacte, 538-539. Сп.: Б. Панов, Теофилакт како извор, 161-162. Интересно е да се спомене дека т.н. тенко вино кое Теофилакт го споменува како карактеристично за Охрид и Охридско, може да се спореди со т.н. "голо вино", кое ден-денес е мошне популарно во Охридско.
[847] Theophylacte, 208-209. Сп.: Б. Панов, Теофилакт како извор, 162.
[848] Theophylacte, 488-493.

паричкото село. Останува непозната причината поради која се случила замената. Треба да се претпостави дека една од причините била дека црквата располагала со голем број пасишта во време кога за повредни и подоходовни се сметале земјоделските површини. Токму затоа по се изгледа замената на имотите се случила по иницијатива на црквата бидејќи тоа било од нејзин интерес.

Инаку во прилог на можноста дека Теофилакт добивал доста големи приходи од пространите пасишта оди едно од обвинувањата на Лазар според кое неговите патишта биле полни со сирење, а од неговите ридови течело млеко.[849] Иако Теофилакт го отфрла ваквото обвинување сепак се чини дека Лазар всушност во оваа прилика пренесува еден веродостоен впечаток кој го имале Охриѓаните и зависните селани за богатите приходи кои ги добивала црквата од сточарството.

Во редот на стопанските гранки од кои црквата без сомнение имала значителни приходи спаѓало рибарството. Тоа изгледа сосема природно поради тоа што градот Охрид со еден голем дел лежел на бреговите на Охридското Езеро. Од писмата се дознава веројатно најраспространетиот начин на кој се ловела рибата. Биле употребувани струги, кои Грците ги нарекувале вади (διωρυχας).[850]

Според Идризи (средина на XII век) за ловеќе на риби во Охридското Езеро биле употребувани и лотки.[851] По се изгледа државата давала на користење одредени места за рибарење, за што добивала одреден надомест во форма на данок. Токму на едно место во писмата Теофилакт приговара дека даночните чиновници неправедно му пресметале и наплатиле значително повисок данок за користење на едно мочурливо место кое давало сиромашен улов на риба.[852] Сепак треба да се претпостави дека црквата од други места за рибарење се снабдувала со големи количества на риба. Токму затоа можела да си дозволи на

[849] Theophylacte, 486-487.

[850] Theophylacte, 488-489. Сп.: Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, 322, бел. 43. ВИИНЈ, III, 276, бел. 79 (Р. Катичић); Б. Панов, Теофилакт како извор, 167.

[851] Б. Недков, България и съседните и земи през XII век според Идриси, София 1960, 37.

[852] Theophylacte, 490-491; ВИИНЈ, III, 277

сиромашните кои немале птици за храна за време на постите да им дава риби.[853]

На повеќе места во писмата се сретнуваат податоци дека Теофилакт испраќал охридски риби на своите адресанти (пријатели и подржувачи) ширум диецезата на Охридскта архиепископија и пошироко. Тие насекаде биле познати како слатки риби, веројатно бидејќи биле вкусни за јадење или можеби дека биле слатководни. Интересно е тоа што се открива дека рибите за конзумирање биле подготвувани на два начини: како солени риби и риби испечени во леб.[854] Дека во езерото се ловеле огромни количества риби, кои воедно биле мошне вкусни потврдува и Скилица.[855]

Иако на ниту едно место не се споменува за конкретните видови на риба кои биле ловени, сепак потребно е да се издвојат пастрмката и белвицата како видови на риби кои и денес се познати по својата реткост, квалитет и вкус. Затоа сметаме дека податоците на Теофилакт според кои охридскта риба била позната како слатка; дека се приготвувала како солена или печена во леб, конкретно се однесува на охридската пастрмка и/или белвица.

Од парцијалните и еднострани податоци, кои главно ги добиваме од писмата на Теофилакт, сепак може да се создаде каква-таква претстава за степенот на развој на црковното стопанство во разгледуваниот период. Покрај несомнените промени кои настанале со доаѓањето на власт на царот Алексиј I во насока на зголемување на државните за сметка на црковните приходи, високиот економски статус кој го уживала Архиепископијата не бил загрозен во значителна мера. Во тој контекст упатува едно од обвинувањата на Лазар дека Теофилакт остварувал мошне големи парични приходи.[856] Покрај отфрлањето на едно вакво обвинување од страна на Теофилакт изгледа дека сепак се работело за изјава која доста реално ја отсликува актуелната ситуација.

---

[853] Theophylacte, 172-173.
[854] Theophylacte, 168-169, 172-173.
[855] Scylitzae, 358.
[856] Theophylacte, 486-487.

Посреден податок кој сведочи за функционирањето на трговијата во Охрид претставува постоењето на градскиот пазар, каде бил забележуван и Теофилакт.[857] Се дошло до прифатливо мислење дека присуството на Теофилакт на пазарот треба да се разбере како негова потреба да тргува со вишоците од земјоделско-сточарските продукти кои ги остварувал од своите имоти.[858] Па така освен преку собирањето на црковните даноци во пари, паричните приходи на Теофилакт уште повеќе се зголемувале со продавањето на вишоците на земјоделско-сточарските производи на охридскиот пазар.

в) Теофилакт и Охриѓаните

Во писмата на Теофилакт на неколку места директно се споменуваат Охриѓаните. Таквите податоци овозможуваат во голема мера да се открие каков бил односот на Теофилакт кон нив и обратно. Притоа потребно е да се нагласи дека освен специфичната локална димензија на значење, споменувањето на Охриѓаните мошне често претставувало персонификација за македонското население воопшто, кое во писмата на Теофилакт се именува како Бугари.[859]

Кратко време по доаѓањето на Теофилакт во Охрид, разочаран од опкружувањето, тој во едно писмо ги соопштува првите впечатоци за Охриѓаните. Користејќи длабока реторика и алузија од тезите на грчкиот филозоф Емпедокле, Теофилакт Охриѓаните ги доживува како вратови без глави, кои не знаеле да го почитуваат ниту Бога ниту луѓето. Понатаму истакнува дека бил осуден да живее со такви чудовишта и дека не постоела надеж под влијание на некакви подобри сили вратовите да добијат глави.[860]

Во писмото-одговор до видинскиот епископ Теофилакт ја споредува актуелната ситуација во Видин со онаа во Охрид. Па така нападите на Куманите на градот Видин, тој ги споредува со Охриѓаните кои се враќале

---

[857] Ibidem, 276-277.
[858] Б. Панов, Теофилакт како извор, 169.
[859] За значењето на поимот Бугари веќе се осврнавме претходно.
[860] Theophylacte, 146-147; ВИИНЈ, III, 264-265, 266 бел. 29 (Р. Катичић). Сп.: M. Mullett, Theophylact of Ochrid, 126.

од Константинопол во Охрид, по обвинувањата кои ги покренувале таму против Архиепископот. Според бројноста на лицата и количеството на злоба граѓаните на Видин претставувале деца во споредба со граѓаните Бугари (Βουλγάρους καστρηνούς), или поконкретно без да ја потценува злобата која го опкружувала во Охрид, сепак по својата злоба особено ги издвојува простаците Мокренци (ἀγροίκους Μοκρηνούς). Уште додава дека по подолгиот престој во Охрид му се чинело како да се наоѓа во некаква долина на солзите.[861]

Во врска со податокот интересно е споменувањето на поимот καστρηνοι (кастрини) и обидите кои постојат во науката за негово толкување. Главно постојат две спротиставени гледишта. Според првото гледиште кастрините треба да се разберат како граѓани/жители на градот (καστρον-кастронот). Па така уште Миње поимот кастрини го превел и толкувал како жители на градови кои биле помали од Константинопол.[862] Истото мислење го застапувал и митрополитот Симеон кој што зборот кастрини го толкува едноставно како граѓани на Охрид, односно Видин.[863] Ваквото толкување во потполност го прифаѓаат В. Златарски и В. Николаев.[864]

При преводот на предметното писмо и споменувањето на кастрините на две места Р. Катичиќ им придава значење на граѓани, објаснувајќи дека кастрон е провинциски утврден град.[865] Според С. Антолјак жителите на градовите (кастра) биле нарекувани кастрини, како што во своите писма ги нарекува Теофилакт Охридски.[866] За превод на грчкиот поим καστρηνοι П. Готие го користи зборот "castriotes", без притоа да го коментира на било кој начин.[867] И. Илиев слично како

---

[861] Theophylacte, 322-325; ВИИНЈ, III, 269. Сп.: M. Mullett, Theophylact of Ochrid, 126; С. Ив. Маслев (ГИБИ, IX/1, 77-78) наоѓа аналогии со писмото М 17 испратено до епископот на Керкира и за разлика од проширеното гледиште во науката дека писмото F 16 треба да се датира во 1094 г., тој го датира во првите години на XII век.

[862] Theophylacti Archiepiscopi Bulgariae, Epistolae ed. J. P. Migne, PG, CXXVI, Paris 1864, 337, n. 37.

[863] М. Симеонъ, Писмата на Теофилакта, 18-19.

[864] В. Н. Златарски, История, II, 271; В. Николаев, Феодалните отнощения в покорената от Византия България отразени в писмата на теофилакт Охридски, архиепископ български, София 1951, 90.

[865] ВИИНЈ, III, 269 и бел. 43 (Р. Катичић).

[866] Историја на македонскиот народ, I, 133 (С. Антолјак).

[867] Theophylacte, 324-325 (P. Gautier).

претходните автори καστρηνοι го преведува со поимот "граждани"-граѓани.[868] М. Милет зборот καστρηνοι го преведува како "townpeople" или "citizens"-граѓани, жители, без притоа да смета дека има потреба посебно да се осврне на неговото толкување.[869]

Второто гледиште главно го застапуваат група руски, односно советски византолози, кои почнувајќи од В. Г. Василевски, па се до Г. Г. Литаврин, на поимот кастрини му придаваат значење на посебен феудален слој на население кое имало свои приватни тврдини и феудални поседи и стопанства надвор од градовите, но кои во исто време имале свои живеалишта во вид на раскошни куќи и во градовите.[870] Особен придонес во своевидното заокружувањето на таквото гледиште дал Г. Г. Литаврин, според кого зборот кастрини ја означувал местната земјопоседничка аристократија, со која Теофилакт се судирал, а не обичните жители на Охрид.[871]

Тезите на Г. Г. Литаврин и на останатите руски/советски истражувачи во потполност ги прифатил Б. Панов. Тој најпрво се надоврзува на Г. Г. Литаврин дека под кастрините на Охрид треба да се разберат во голем број и македонските феудалци.[872] Во друг свој труд тој на неубедлив начин ги поистоветува мирските првенци на Охрид, споменати во едно писмо на Теофилакт, со кастрините т.е. простаците-Мокренци, споменати во сосема друго писмо. Притоа повторува дека тие биле претставници на домашната, македонска феудална аристократија, чии претставници освен што живееле во замоци во околината на Охрид, исто така одреден дел од времето престојувале и во самиот град.[873]

---

[868] ГИБИ, IX/2, 141 (И. Г. Илиев).

[869] M. Mullett, Theophylact of Ochrid, 126.

[870] Варијантите на таквото мислење со соодветна библиографија види: Б. Панов, Теофилакт како извор, 110 со белешките; Б. Панов, Градската самоуправа во Охрид кон крајот на XI и почетокот на XII век, Средновековна Македонија, 3, Скопје 1985, 575 бел. 55. Сп.: Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, 131.

[871] Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, 131.

[872] Б. Панов, Теофилакт како извор, 111.

[873] Б. Панов, Охрид во крајот на XI и почетокот на XII век во светлината на писмата на Теофилакт Охридски, Средновековна Македонија, 3, Скопје 1985, 554-555. Во уште еден свој труд Б. Панов (Развиениот феудализам, 219) повторува за наводното известување на Теофилакт дека во Охридско постоеле голем број кастрини, кои располагале со свои стопанства. Споменатите лица покрај тоа што располагале со дворци на своите имоти, имале и раскошни куќи по градовите.

Споменатиот истражувач уште на едно место се осврнува на кастрините, овојпат во врска со наводното постоење на советот на општината на градот Охрид. Тој изнесува мислење дека во работата на Советот учествувале и кастрините и дека тие доста се мешале во управата на градот, без притоа да постои било каква изворна поткрепа за тоа. Имено според него кастрините дури биле највлијателни во Советот, кои освен во градот силни позиции држеле и во околината каде им се наоѓале замоците. Конкретно "кастрините-Мокренци" всушност биле охридски феудалци кои живееле во соседната област Мокра, каде располагале со богати стопанства и кастра (тврдина). Токму според името на овие приватни тврдини нивните сопственици биле наречени кастрини.[874]

Сметаме дека поблиску до вистината е гледиштето според кое на кастрините им се придава пошироко општо значење на граѓани/жители на односните градови Видин и Охрид. Од друга страна тезата за конкретизирање на значењето на поимот кастрини само за еден феудален слој ни изгледа недоволно изворно поткрепена, релативно произволна и под влијание на една идеологија. Уште повеќе споменувањето на сложенката кастрини-Мокренци[875] наместо изворно посведочената простаци-Мокренци[876] потребно е да се оквалификува како една тенденциозна конструкција. Впрочем поимот кастрон дозволува двоен превод и толкување како град или тврдина, во зависност од времето и контекстот на изворниот податок. Од тука слободни сме да претпоставиме дека значењата на поимите кастрини и Охриѓани (граѓани на Охрид) во потполност се совпаѓаат, односно претставуваат синоними.

Во едно од следните писма Охриѓаните се споменуваат на две места. Се работи за спорот меѓу Теофилакт и парикот Лазар, на што веќе погоре се задржавме. Имено на едно место се открива дека Лазар имал свои помошници и приврзаници меѓу Охриѓаните, а на другото место дека црковните престапници од еден поширок простор на Македонија на кои

[874] Б. Панов, Градската самоуправа, 574-575. За наводите дека кастрините учествувале во работата на Советот не постојат никакви изворни податоци.
[875] Б. Панов, Градската самоуправа, 575.
[876] Theophylacte, 324-325: "ἀγροίκους Μοκρηνούς"

им биле одземени ниви и лозја лажно биле претставувани како Охриѓани.[877]

Претходно веќе споменавме дека располагајќи со ограничени судски надлежности црковната власт на одредени престапници им пресудувала конфискација, односно одземање на ниви и лозја. Секако дека меѓу престапниците имало и Охриѓани, но можеби не во толкав број колку што се трудел да прикаже парикот Лазар. Без разлика колку овие пресуди биле оправдани и праведни нивното изрекување без сомнение влијаело на зголемување на обостраната недоверба и нетрпеливост меѓу Теофилакт и Охриѓаните.

Во писмото каде последен пат се споменуваат Охриѓаните, Теофилакт реторички истакнува дека тие ја слушале неговата песна како магарето лирата,[878] на тој начин нагласувајќи ја нивната неукост и непознавањето на грчкиот јазик.

Постојат уште значителен број податоци во писмата на Теофилакт каде иако Охриѓаните директно не се споменати, негативните квалификации и карактеристики кои се изречени секако најмногу се однесуваат на нив. Така на едно место Теофилакт го генерализира однесувањето на парикот Лазар кон него и напоменува дека причините за таквото однесување треба да се бараат во бугарската човечка природа која е хранителка на секаква злоба.[879]

Во друго писмо користејќи длабока метафора, на три места жителите кои го опкружувале (секако првенствено мислејќи на граѓаните на Охрид н.б.) ги нарекува жаби од смрдлива средина, кои биле пород на овдешното езеро на злото,[880] алузија за Охридското езеро.[881] Уште се дознава дека населението смрдело на козји (и веројатно на овчи н.б.) кожи; дека неговите работи засмрделе и изгниле за време на неговиот долг престој во градот (Охрид н.б.) и дека тој наводно 'робувал' на

---

877 Theophylacte, 484-485; ВИИНЈ, III, 274.

878 Theophylacte, 298-299; ВИИНЈ, III, 332. Тука под поимот песна без сомнение треба да се подразберат проповедите и литургиите кои Теофилакт ги изведувал на грчки јазик, кој бил неразбирлив за мнозинството граѓани на Охрид и воопшто жителите на Македонија.

879 Theophylacte, 484-485; ВИИНЈ, III, 274.

880 Theophylacte, 146-149.

881 ВИИНЈ, III, 265, бел. 27 (Р. Катичиќ).

робовите и нечистите варвари кои живееле во голема сиромаштија.[882] Простотилакот, непријателството, злобата и варваризмот како одлики на луѓето и земјата кои го опкружувале се споменуваат уште на повеќе места во писмата.[883]

Но веројатно откако одминало подолго време од неговиот живот во Охрид, Теофилакт признал дека не останал отпорен на влијанијата на “варварската” средина. Тој во едно писмо истакнува дека откако се наоѓа во Охрид сите негови работи засмределе и изгниле, дури и оние кои биле пријатни и убаво мирисале. Продолжува дека иако бил доживуван и сметан за Константинополјанин, по чудо бил и Бугарин, смрдејќи самиот на козји кожи. Притоа изразува страв и бара помош во блиска иднина гнилежот и смрдеата да не започнат да му мирисаат многу убаво и пријатно.[884] Треба да се потенцира дека иако испишаните зборови содржат голема доза на иронија и самосожалување, сепак тие на оригинален начин ја потврдуваат неизбежната интеракција и влијание кое го примал Теофилакт од “варварската” средина.

Односот на Охриѓаните кон Теофилакт може да се проследи од неколку куси податоци. Во едно од писмата Теофилакт бил сметан за тиранин,[885] веројатно поради неговото сурово однесување во остварување на феудалните привилегии на Архиепископијата на сметка и на Охриѓаните.

За чувството на злоба која го опкружувала Теофилакт во Охрид веќе претходно се осврнавме. Според зборовите на парикот Лазар, по се изгледа Охриѓаните, го доживувале архиепископот Теофилакт како дебел

---

882 Theophylacte, 140-141; 144-145.

883 Theophylacte (G 47-живеам меѓу варвари; G 48- ке поднесеш мака од споменување на варваски имиња; G 13-варварски краеви; G 86-народот од варварските земји; G 127-Ахерусиско езеро (митско езеро од подземниот свет) го нарекува Лихнидското езеро, значи не Охридско (Сп.: ВИИНЈ, III, 289; ГИБИ, IX/2, 225 бел. 27); G 34-сум пиел од чашата на простотилокот и простотилокот ми стана блиска другарка и сожителка; G 25 – тука владее простотилокот; G 37- осуден е да престојува во пустелија, која раѓа змии и шкорпии и поради злобата на луѓето не може ништо добро да роди; G 55-далечен крај каде владее завист, омараза и збир други неволји (злоби), каде го мразат гласот на разумот (образованоста) и каде живее меѓу варвари (Сп.: ВИИНЈ, III, 333; ГИБИ, IX/2, 138)).

884 Theophylacte, 140-141. Сп.: ВИИНЈ, III, 271; ГИБИ, IX/2, 83; M. Mullett, Theophylact of Ochrid, 274.

885 Theophylacte, 500-501. Сп.: Б. Панов, Градската самоуправа, 574-575, смета дека Теофилакт бил наречен тиранин бидејќи вршел самоволија во градот.

и многу богат човек, кој живеел како сатрап во многукатни згради и дека летувал и се разладувал во неговите добро проветрени куќи.[886] Токму за време на повеќепати споменуваниот спор Теофилакт сметал дека и Охриѓаните учествувале и работеле на валкање на неговата чест и го клеветеле пред царот.[887]

Постигнатиот висок материјален статус и луксузен начин на живот сам по себе претставувал доволна причина за мнозинството од Охриѓаните да изградат негативно мислење и расположение кон Теофилакт, уште повеќе поради сознанието дека таквиот статус и богатство било директно остварувано и на нивна сметка.

На крај потребно е да се осврнеме на причините и суштината за таквите односи кои изгледале дека зрачат со меѓусебна нетрпеливост. Реторичкото изразување и честата употребата на метафори во писмата делумно ги обезсилува квалификациите. Потребно е да се смета дека тие главно биле претерани поради настојувањето повеќе да се запази формата и начинот на висок стил на изразување, што претставувало своевиден тренд, отколку да се изрази реалната мерка (интензитетот) на нетрпеливоста.

Забележливо е дека во историографијата досега се правеле обиди да се проникне во правилно толкување на испишаните негативни квалификации на Теофилакт кон Охриѓаните и останатото македонско население. Притоа се јавуваат потполно контракдикторни и спротиставени гледишта.

Од постарите истражувачи бројните негативни квалификации на Теофилакт кон домородното население и нивната земја биле сфаќани крајно еднострано и некритички. Улогата и делувањето на Теофилакт била претставувана во насока на намерно грцизирање на Охридската црква и асимилирање на македонскиот, бугарскиот и другите словенски народи, потчинети на Византија. Во редот на истражувачите кои имале такво гледиште Б. Панов, во својата поширока анализа, ги споменува: Е.

---

[886] Theophylacte, 486-487.
[887] Ibidem, 500-501.

Голубински, Ф. Рачки, Ф. Успенски, Д. Цухлев, В. Н. Златарски, Н. С. Державин, В. Николаев, Горјанов, Х. Поленаковиќ и др.[888]

Според Б. Панов нешто поинакво мислење дека населението, иако било сметано за варварско, сепак не било подложувано на свесна и систематска денационализација од делувањето на Теофилакт, изразил И. Дујчев. Според него византиската власт единствено била заинтересирана варварите да бидат верни поданици на Империјата, да плаќаат даноци и да вршат задолженија. Мошне слично гледиште застапувал и Г. Г. Литаврин, според кого спроведувањето на мерки за утврдување на византиската власт, византискиот начин на живот, византиските закони, грчкиот јазик во смисла на официјален јазик во државата и др., не треба да се толкува како свесна и систематска асимилација на населението.[889]

Во науката постои друга група истражувачи која застапува сосема спротивно гледиште од претходните. Според нивното гледиште Охридската архиепископија во време на Теофилакт ги заштитувала своите верници од неправдата на световната власт; ја затврдувала "бугарската свест" на македонското и бугарското население и ги одвраќала обидите на Цариградската патријаршија да го уништи наводниот "бугарски" карактер на Охридската црква и др. Како силен аргумент за наводно добронамерното и заштитничко однесување на Теофилакт кон верниците се потенцирало неговото авторство на житието и другите дела посветени на големиот словенски просветител Св. Климент Охридски. Ваквите наводи и многу други како аргументи за поткрепување на своето мислење ги истакнуваат: А. Иширков и И. Снегаров, а со сосема слични ставови им се придружиле: митрополитот Симеон, Д. А. Ксаналатос, Г. Делгер и Р. Катичиќ.[890]

Имајќи ги во предвид презентираните спротиставени гледишта во науката по прашањето за карактерот на делувањето на Теофилакт од Охрид, Б. Панов се определил да го прифати мислењето за свесна и систематска асимилација на македонското население и грцизирање на

---

[888] Б. Панов, Теофилакт како извор, 299-301 и цитираната литература во бел. 225-233.

[889] Ibidem, 301-303 и бел. 234-235.

[890] Ibidem, 303-305 и цитираната литература во бел. 236-243.

Охридската архиепископија. Притоа се обидува да понуди пошироко образложение и аргументација за таквото мислење.[891]

За разлика од Б. Панов, кој главно ги анализирал тезите на истражувачите од Источна Европа (главно Русија/поранешен Советски Сојуз и Бугарија), М. Милет детално обработувајќи ги писмата на Теофилакт се осврнува на сличната проблематика. Под намерно избраниот контраверзен поднаслов: “Теофилакт Бугаринот”, споменатата авторка, консултирајќи и расправајќи главно по тезите на група западни истражувачи (Д. Оболенски, И. Шевченко, А. В. Епштајн, Ј. Фаин, А. Достал, Д. М. Ленг, А. П. Каждан и др.), како да се обидува да ги релативизира и се добива впечаток како да бара различни оправдувања (употреба на реторика, иронија, метафора, емоции и др.) за испишаните негативни квалификации во писмата.[892]

Навистина претставува исклучително тешка задача на соодветен начин да се проникне и толкува однесувањето на Теофилакт за време на престојот во една “варварска” средина каков што бил Охрид во тоа време. Но потребно е веднаш да се отфрли можноста дека неговите испишани “тешки” зборови во писмата на сметка на Охриѓаните и на останатото македонско население биле мотивирани од некаква конкретна етничка антипатија. Токму во таа насока веќе постојат одредени постари прифатливи наводи.[893]

Р. Катичиќ мошне исправно забележал дека причините кои стоеле позади негативниот став и драстичното изразување на Теофилакт кон населението не треба да се бара во некаква “национална спротиставеност”, како што мислеле: Ф. Успенски, Шаландон, митрополитот Симеон и особено В. Златарски. Според него постоеле две главни причини поради кои споменатите истражувачи застапувале такви позиции: 1. влијанието кое на истражувачите ги извршиле судирите на разгорените национализми на подрачјето на Македонија во првите десетлетија на XX век; 2. разгледување на писмата на Теофилакт

---

[891] Ibidem, 306-330.

[892] M. Mullett, Theophylact of Ochrid, 266-274.

[893] Сп.: И. Дуйчев, Въстанието во 1185 г. и неговата хронология, Исторически известия за българска история, 6 (1956), 331; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, 363-375.

изолирано од другите современи споменици на византиската книжевност. Токму Р. Катичиќ иследувајќи ги списите на некои други византиски црковни достоинственици од тоа време, кои исто така биле присилени да живеат во оддалечени провинциски градови, забележува дека и тие исто како Теофилакт мошне негативно се изразуваат за локалното населението и за средината во која живеат. Нивното реторичко и претерано изразување во бројни поединости во потполност се совпаѓа со она од Теофилакт. Притоа потенцира дека се работи за предели населени со грчко население. Како примери за византиски црковни великодостојници кои живееле во грчка средина, а изразувале квалификации како: дивјаштво, завист, бес, злоба, варваризам и др., за грчкото население кое ги опкружувало, се споменуваат: кипарскиот архиепископ Никола Музалон (1110-1115), крфскиот митрополит Никола (современик на Теофилакт) и атинскиот митрополит Михаил Хонијат. Во тоа време образованите луѓе биле силно врзани за Константинопол, па животот во провинција го доживувале како прогонство и страдање. Притоа не треба да се заборави дека жалењето поради животот во прогонство станало составен дел од начинот на однесувањето на образованиот човек.[894] Понудената анализа навистина во потполност ја исклучува наводната етничка антипатија која долго време во науката беше истакнувана како главна причина за теофилактовите негативни квалификации кон македонското население.

Мошне прифатливо објаснување за негативното однесување на Теофилакт во "варварскиот" Охрид дава И. Стефоска. Ваквото негово однесување и изразување се чини може да биде сфатливо доколку тоа се подведе во контекст на прашањето за "Другиот" и "Другоста", присутно во историската антропологија.[895]

Пишувајќи за политичката идеологија на Византија, Н. Арвелер дошла до констатација дека комплексот на супериорност кај Ромеите особено дошол до израз во X-XI век. Ромеите сметале дека тие биле оној

---

[894] R. Katičić, Korespondencija Teofilakta Ohridskog kao izvor za historiju srednjovjekovne Makedonije, ЗРВИ, 8/2, Београд 1964, 177-189; ВИИНЈ, III, 266-267, бел. 29 (Р. Катичић). Сп.: P. Stephenson, Byzantine Conceptions of Otherness, 245-246, 249.

[895] И. Стефоска, Словените, 85-86 со наведената литература во бел. 218.

избран народ што изразувал надмоќ спрема сето она што го сметал за туѓо на нивното битие. Ваквиот став најмногу се засновал на сфаќањето за "супериорноста" на класичната грчка култура како извор на византиската цивилизација.[896]

Токму сведоштвата од писмата на Теофилакт, иако понекогаш комично, колоритно и метафорично ја изразуваат и ја покажуваат византиската надменост и презир спрема "Другиот",[897] во случајов кон Охриѓаните и останатото македонско население.

Теофилакт како да се држел до востановената когнитивна шема, користејќи го стереотипот за "Другиот", главно на нивото на морална проценка, а таа по дефиниција е негативна и како таква априори му се прикачува на "Другиот". Таквите записи најчесто се традиционални, шематизирани, упростени и генерализирани и во нив пред се доминира чувството на културна супериорност.[898]

На тој начин доаѓаме до констатацијата дека сфаќањата и однесувањето на Теофилакт биле сосема вообичаени за еден образован Ромеј на висока црковна позиција во провинциски град опкружен со "варвари". Едноставно се работи за цивилизациски и културолошки јаз кој реално постоел меѓу Ромеите и Словените, но исто така меѓу Ромеите и сите останати етницитети кои не го исполнувале општо прифатеното ромејско сфаќање за духовното и моралното одличје.

Останува да се констатира дека делувањето на Теофилакт во Охрид било повеќеслојно и комплексно кое бара понатамошно проследување. Сепак се чини дека приоритет во неговото делување, како лојален човек на византискиот цар, било настојувањето да го покорува и да го држи

---

[896] N. Arveler, Politička ideologija vizantijskog carstva, Beograd 1988, 62-66. Сп.: A. P. Kazhdan and A. W. Epstein, Change in the Byzantine, 167-170.

[897] И. Стефоска, Словените, 90-92. Сп.: P. Stephenson, Byzantine Conceptions of Otherness after the Annexation of Bulgaria (1018), Strangers to Themselves: The Byzantine Outsider, Aldershot 2000, 245-257.

[898] И. Стефоска, Словените, 92. Иако ромејските претстави за варварите биле проткаени со тенденциозност и надменост, неопходно е да се истакне дека во средновековието категориите какви што се: разизам, ксенофобија, шовинизам, геноцид, исклучивост и сл., во семантичка смисла не ги содржат современите значења, бидејќи последниве се добиени како последица од искуставата на подоцнежните времиња. Средновековните држави во принцип биле толерантни кон туѓите елементи. Инаку тешко би можеле да ја разбереме Византија како една наднационална заедница на народи, во која секој народ имал свое место (Ibidem, 88).

покорно кон Византија населението на неговата архиепископија, кое во главно зборувало словенски јазик. За таквата цел биле применувани различни методи на владеење, а понекогаш требало да се постапува мирно, без закана со меч. Едноставно Теофилакт бил човек со две лица и две природи.[899]

Не треба да се заборави дека односите на Теофилакт кон Охриѓаните и обратно во значителна мера биле предодредени од потчинетиот социјален статус кој го имале мнозинството на Охриѓаните кон световната и црковната власт и особено поради нивната тешка обврска да плаќаат високи даноци. Од една страна Теофилакт веројатно не бил во можност во потполност да ги остварува здобиените феудални права и привилегии, а од друга страна зависните лица имале големи потешкотии да ги подмируваат високите даноци и други феудални обврски. Кога се има во предвид таквата претпоставена констелација на односи полесно може да се разбере зошто во писмата се забележува обострано незадоволство, нетрпеливост и антипатија кон другиот.

### *1. 2. Урбана структура и остатоци од материјалната култура*

Подетална реконструкција на средновековната урбана структура на градот Охрид навистина претставува мошне тешка задача. Дотолку повеќе што во науката засега постојат мошне мал број истражувања на таа проблематика. Секако тука треба да се посочат значајните резултати кои се постигнати во утврдувањето на урбаната структура на градот Лихнид во античкиот период,[900] кои делумно може да се употребат како некаква појдовна основа во нашиот осврт.

Пишаните податоци за протегањето и изгледот на Охрид во средниот век се сосема ограничени. Известувајќи за настани од крајот на X и XI век Скилица и М. Деволски градската населба Охрид ја дефинираат

---

[899] Д. Оболенски, Теофилакт Охридски, Шест византијских портрета, Београд 2004, 94, 97.

[900] В. Битракова-Грозданова, Топографија и урбаниот развој, 249-263; В. Битракова-Грозданова-П. Кузман, Lyhnidos во раната антика (нови археолошки докази), Историја, XXXIV/XXXV/1-4, Скопје 1998/1999, 97-105; В. Битракова-Грозданова, Лихнид во ранохристијанскиот период и неговото урбано јадро, Јубилеен зборник 25 години митрополит Тимотеј, Охрид 2006, 257-267.

како полис (πολις).[901] Нешто подоцна Теофилакт на едно место во своите писма го повторува таквото именување, но во друго писмо градот Охрид го нарекол “нашиот кастрон” (τῆς ἐν κάστρῳ ἡμῶν),[902] што во секој случај подразбирало пространа и развиена урбана населба.[903]

Според еден кус податок од Скилица дополнет од М. Деволски, градот Охрид лежи на висок рид (на два високи рида *М. Д.*), непосредно до големо езеро (наречено Лихнид, по кое и градот се нарекува Лихнид, а од стари времиња се вика Диасарит/Дасарит. Во ова езеро се лови огромно количество вкусни риби. *М. Д.*), од кое истекува реката Дрин течејќи кон север . . .[904] Тоа воедно претставува единствен податок од тоа време во кој доста коректно се опишува местоположбата на градот, благодарение и на дополнувањата на М. Деволски.

Може да се забележи дека Скилица освен што погрешно истакнува дека градот се протегал на еден рид, избегнува подолго да се задржува на историјатот на градот. М. Деволски коректно и веродостојно го исправил и дополнил податокот на Скилица, со тоа што правилно забележал дека градот наместо на еден се протега на два рида. Скилица правилно истакнал дека градот се протегал непосредно до големото езеро, но притоа избегнал да го именува. Но затоа во следното дополнување на М. Деволски се нудат интересни податоци според кои езерото се викало Лихнид и според името на езерото наводно градот го добил името.

---

[901] Scylitzae, 358; ВИИНЈ, III, 126.

[902] Theophylacte, 140-141; 324-325.

[903] Се чини проблематично и нереално дефинирањето на Охрид како полис. Споредувајќи ги параметрите: прво, за бројност на жители и второ, просторна распространетост на полисите како што во тоа време на пример биле Константинопол, Солун и Драч на Балканот со оние на Охрид, се чини дека И. Микулчиќ е сосема во право кога градот Охрид го дефинира како средновековен кастрон (Сп.: И. Микулчиќ, Средновековни градови, 18, 43). На тој начин именувањето на Охрид со поимот кастрон и на неговите жители како кастрини, од страна на Теофилакт, ни изгледа сосема реално и веродостојно.

Б. Панов (Охрид во крајот на XI век, 553-554) сосема конфузно и неточно ги толкува податоците од писмото каде се споменуваат поимите кастрон и полис (Theophylacte, 324-325). Имено тој некоректно го цитира поимот полис како тој да се однесува на Охрид, а всушност сигурно се однесува на Константинопол, при што додава дека тој ја одбележувал целата градска населба, а додека со поимот кастрон, кој е употребен во истото писмо, наводно се означувала единствено охридската тврдина (акропол). Ваквите наводи немаат изворна поткрепа.

[904] Scylitzae, 358; ВИИНЈ, III, 126-127.

Во врска со таквото дополнување се јавуваат одредени непознаници. Прво нејасно е поради кои причини М. Деволски го употребил античкото име на градот, кога е сосема извесно дека во тоа време градот се викал Охрид, а не Лихнид. Второ тешко е да се определи веродостојноста на податокот дека градот навистина го добил своето име според името на езерото, а не на пример обратно. Можеби се работело за некаква усна традиција која М. Деволски едноставно ја напишал.

Од други пишани податоци се дознава дека византискиот цар Василиј II, веројатно во 1018 г., ги урнал градските ѕидини и дека тие во почетокот на седумдесетите години на истото столетие сеуште не биле обновени.[905] По се изгледа тука се мисли на појасот подтврдински ѕидини, чии остатоции и денес делумно го опколуваат Варош, додека ѕидините на охридската тврдина (акропол) би требало да останале поштедени од разурнување. Впрочем тврдината, како воено-стратешки објект, била неопходна во одржувањето на елементарно византиско воено присуство и контрола.

Од овој интересен податок недвосмислено произлегува дека еден подолг времески период во текот на XI век пространиот подтврдински дел од градот Охрид не бил заштитен со ѕидини. Но според И. Микулчиќ, освен што двата дела од градот воопшто не биле заштитени со ѕидини таквата состојба временски траела еден подолг период од X па се до крајот од XI век. Царот Јован Владислав во 1015 г. наводно привремено подигнал ѕидини единствено на охридската тврдина, кои по три години византискиот цар Василиј II ги урнал. Според авторот дури кон крајот на XI век, после подолго време, Охрид бил заштитен со подигнување на внатрешни тврдински и надворешни ѕидини, од кои не постојат материјални остатоци.[906]

Во врска со изнесената теза потребно е да се истакне дека не постојат ниту пишани податоци ниту археолошки сознанија за некакво првобитно укрепување на охридската тврдина во време на царот Јован Владислав. Бидејќи веруваме дека охридските тврдински ѕидини постоеле

[905] J. Scylitzes Continuatus, 164; ВИИНЈ, III, 182.
[906] И. Микулчиќ, Средновековни градови, 44, 47, 69, 244-245.

од пред времето на царот Јован Владислав, тогаш ни изгледа произволно мислењето дека двата дела од градот Охрид воопшто не биле заштитени со ѕидини во текот на X и почетокот на XI век. Го сметаме за извесно сознанието дека градот бил укрепен подолг временски период пред 1015 г. се до 1018 г., кога царот Василиј ги урнал единствено подтврдинските ѕидини. Таквата состојба на недостаточна безбедност на архиепископскиот град веројатно била променета во очи на норманско-византиската војна (1081-1085), кога најверојатно потемелно биле обновени подтврдинските ѕидини. Секако таквата постапка треба да се доведе во врска со времето и името на царот Алексиј I Комнин и големото значење кое го имал градот во текот на споменатата војна.

Во науката е застапено мислењето дека градот Охрид во разгледуваниот период се состоел од два територијално споени дела: тврдина-кастрон, опкружена со ѕидини и кули; и подградие, опкружено исто така со ѕидови и кули. Односно поинаку кажано градот се делел на внатрешен град (тврдина-акропол) и надворешен град (подградие, емпорион).[907]

Со својата маркантност и импозантност до денес се истакнуваат остатоците на *обѕидието*[908], кои го опкружуваат стариот дел од градот наречен Варош. Целиот простор е со опфат од 38 хектари. Во рамките на обѕидието се издвојуваат два брега (Горни Сарај или Самоилова тврдина и Дебој), кои претставуваат доминантни точки на двата дела на кои условно се дели Варош. Поголемиот и повисок западен дел од Варош, кој се нарекува Високо Кале, се протега на простор од 25 хектари. Во рамките на тој дел се издига централната фортификациска градба наречена Горни сарај или Самоилова тврдина. Наспроти овој западен дел кон исток се протега другиот понизок дел со доминантно плато наречено Дебој. Опишаните два дела на Варош ги дели благо седло, кое денес ја чини улицата "Илинденска".[909]

---

[907] Б. Панов, Охрид во крајот на XI и почеток на XII век во светлината на писмата на Теофилакт Охридски, Средновековна Македонија, III, Скопје 1985, 553.

[908] Под споменатиот термин треба да се подразбере ѕидот околу утврдениот простор, зајакнат со кули и потпори, ровови, предѕид и други фортификациски елементи (И. Микулчиќ, Средновековни градови и тврдини во Македонија, Скопје 1996, 12).

[909] Сп.: В. Битракова-Грозданова, Топографија и урбаниот развој, 249-250.

Веќе претходно истакневме дека дефинирањето на средновековната просторна и урбана структура на Охрид всушност била направена во доцноантичкиот период (IV-V век), со обѕидување на проширениот дел од градот кон југ и исток. Во средниот век биле доградувани и обновувани доцноантичките ѕидини. Како потврда и доказ дека во средновековието биле обновувани и доградувани доцноантички ѕидини од препознатливата градителска техника-опус микстум, треба да се истакнат трите фрагменти во источниот бедем кај Дебој, на едно место на северниот бедем и на неколку места кај Високо Кале.[910] Но се поставува прашањето во кој период од средновековието за првпат биле обновувани и доградувани доцноантичките ѕидини?

Навистина до денес на терен може да се се идентификуваат остатоци од охридската тврдина и долгите ѕидини кои го опкружувале и заштитувале подтврдинскиот простор. Тврдинскиот ѕид кон запад продолжува до месноста Лабино, потоа свива кон југозапад се до најстрмните карпести делови на брегот на езерото, кои претставуваат природна заштита на градот. Кон исток по линијата на северната изохипса тврдинскиот ѕид се издигнува се до месноста Дебој, од каде свива кон југ до брегот на езерото. Еден крак од ѕидот кон југ ги пресекува улиците “Самоилова” и “Коста Абраш", поминува јужно од црквата Св. Софија, завршувајќи кај куќата на семејството Грдановци на брегот на езерото. Остатоци од ѕидини се идентификувани на стрмната падина над населбата Канео. Охридското обѕидие било зајакнато со вкупно 18 одбранбени кули.[911]

Според И. Микулчиќ видливите остатоци и формата на Самоиловата тврдина или Горни Сарај се смета дека датираат од XIV век. Наводно е подигната на местото на урнатиот византиски кастрон. Во поголем дел ги следи контурите на неговото обзидие, но за 6-10 метри повлечен навнатре, а проширен на североисточниот агол. Со силен

[910] В. Битракова-Грозданова, Топографијата и урбаниот развој, 249; 261-262.

[911] Археолошка карта, II, 271. Со уривањето на зградата на градската библиотека во Охрид и расчистување на просторот, на виделина излегоа остатоци на ѕидини, чија старост според првичната и прелиминарна проценка на археологот Паско Кузман (директор на Управата за заштита на културното наследство), треба да се одреди во XII-XIII век. Во оваа прилика изразуваме благодарност за дадената информација.

внатрешен ѕид тврдината е поделена на два дела. Јужниот, повисокиот дел со полукружна форма, има димензии 100 x 55 метри, а ѕидот му е зајакнат со 8 кули. Главната (јужна) порта со репрезентативна форма и дава монументалност на целата тврдина. Станбените и репрезентативните градби биле поставени во задниот дел на просторот и потпрени на внатрешниот ѕид. Северниот дел од тврдината, поставен на почва која косо, дури стрмо паѓа кон север, служел несомнено за сместување на помошни објекти-амбари, работилници, коњушници, станови за слугите и стражата. Имал влезови во северозападниот агол и на источниот ѕид. Се препознаваат остатоци од постари ѕидови, на византискиот кастрон. Сепак тие остатоци не се толку впечатливи за да може поконкретно да се идентификуваат дека датираат од Комнинскиот период.[912]

Последниве десетина години тврдинскиот простор е подложен на детално археолошко истражување. Речиси е завршена постапката на конзервација и реставрација на тврдинските ѕидини и кули. Познато ни е дека од XI век засега се најдени две монети. Едната е кована 1071-1078 г. во времето на царот Михаил VII Дука, а другата по 1092 г. во време на царот Алексиј I Комнен.[913]

Според добиените информации засега не постојат впечатливи и карактеристични наоди или остатоци од објекти кои на директен начин би можеле да се поврзат со X-XI век. Сепак останува резервата дека таквите неформално добиени и необјавени податоци можеби имаат единствено прелиминарен карактер.[914] Во тој контекст особено изненадува ненаоѓањето на остатоци од охридскиот влатеделски дворец од времето на Самуиловата држава, за чија местоположба се претпоставува дека била на споменатиот доминантен простор.[915] Други наоди и детали од истражувањата бидејќи не се објавени засега ни остануваат недостапни.

---

[912] И. Микулчиќ, Средновековни градови, 58, 65, 73-74, 78.

[913] Информацијата на располагање ни ја стави м-р Катерина Христовска, раководител на Нумизматичкиот оддел при Народна банка на Р. Македонија, за што во оваа прилика и благодариме.

[914] Ваквото сознание ми беше пренесено во еден неформален разговор со археологот Паско Кузман, директор на Управата за заштита на културното богатство на Македонија, кој подолго време раководел или бил вклучен во истражувањата на Самуиловата тврдина..

[915] Во врска со податокот за запалувањето на дворецот на Гаврило Радомир во Битола од страна на Василиј II во 1015 г., Т. Томоски (Butella civitas Pelagoniae, Македонија

Од анализата на поголем број тврдини во Р. Македонија се дошло до сознание дека дури до XII и XIII век главно биле користени ромејските (предсловенски) доцноантички крепости, во меѓувреме евентуално незначително обновувани и адаптирани.[916]

Во науката главно преовладуваат воопштени констатации за датирањето на остатоците од охридското обѕидие. Па така значителен дел од видливите остатоци од обѕидието главно се смета дека датираат од средновековието, доцното средновековие и османлискиот период.[917] Сепак за конкретно датирање на делови од остатоците од обѕидието во XI и почеток на XII век засега не постојат силни аргументи.

Тешкотиите кои реално постојат на терен во идентификувањето на средновековните ѕидини, особено оние од пред XII век, најверојатно се должат на можноста дека градењето ѕидини во споменатиот период била постапка која се изведувала на мошне ниско ниво, главно без малтер, во техника на сувоѕид. Примената на таква техника би можело да претставува задоволително објаснување за отсуството на остатоци на ѕидини и градби од тој период, бидејќи трајноста на таквите градби е ограничена. Иако ни изгледа претерано мислењето дека не постои археолошка идентификација за ново градење на ѕидини од X-XI век, сепак се чини дека во тој период во голема мера биле користени сеуште добро сочуваните доцноантички форификациски системи, особено оние од VI век.[918]

Внатрешната градска патна мрежа во Варош останала фиксирана преку сочуваните значајни архитектонски објекти, при што како назначајни тука се вбројуваат влезните порти на масивниот градски ѕид и

---

низ вековите, Скопје 1999, 289, бел. 1) коментира дека дворецот делумно бил изграден и од дрвен материјал. Надоврзувајќи се на коментарот ни изгледа сосема возможна претпоставката дека охридскиот дворец од време на Самуиловата држава исто така целосно или делумно можел да биде изграден од дрво, па затоа денес е оневозможено или отежнато идентификувањето на остатоците од истиот во рамките на охридскиот тврдински простор. Од друга страна останува отворена можноста дворецот да се наоѓал во подтврдинскиот простор, можеби во близина на црквата Св. Софија, независно дали бил изграден од дрво или од потраен материјал.

[916] И. Микулчиќ, Средновековни градови, 23.

[917] В. Битракова-Грозданова, Топографија и урбаниот развој, 249; И. Микулчиќ, Средновековни градови, 47, 58, 77-78, 245-246; К. Томовски, Средновековна архитектура во Охрид и Охридско, Охрид и Охридско низ историјата, I, Скопје 1985, 382; Археолошка карта, II, 271.

[918] Сп.: И. Микулчиќ, Средновековни градови, 23, 44, 68.

одделните црковни споменици. Се смета дека патната мрежа била формирана уште во текот на раниот среден век, а можеби дури и порано. Таа во своите основни сообраќајни правци не претрпела крупни промени. Всушност постоеле два основни правци на движење: првиот ја поврзувал Долна порта со плоштадот кај црквата Св. Софија; вториот пак Горна порта ја поврзувал со споменатиот плоштад. Се заклучува дека органскиот, спонтано настанатиот, неправилен склоп на средновековниот Охрид, израснал на барем во основа плански поставената постара урбанистичка концепција.[919]

Утврдено е дека почетниот дел од патот кој во античко време врвел од Горна Порта кон Античкиот театар и понатаму кон внатрешноста на градот во средниот век претрпел незначителни промени, но затоа бил одржуван и поправан на тој начин што биле заменувани оштетените и излитени камени подни блокови.[920] Во врска со Челната порта, која се смета за главен влез и излез од градот во средниот век, треба да се претпостави дека постоела засега неубицирана средновековна траса, но секако како варијанта на денешната улица "Св. Климент". Освен околу позначајните јавни објекти (Св. Софија, Св. Климент, Горна Порта), каде е потврдено постоењето на плочник од камен, останува непознато дали слична постапка била применувана за поплочување на внатрешните улици на средновековен Охрид и со каква доследност. Во секој случај очигледна е извонредната урбанистичка идеја формирана секако по органски пат уште во средниот век: поврзувањето на најважните монументални објекти со главните правци на движење. Меѓу овие главни насоки на движење е развиен цел сплет подолги или покуси пешачки улици со голем наклон.[921]

Се чини дека во рамките на "полисот" Охрид условно влегувал уште еден дел. Имено треба да се претпостави дека надвор од ѕидините на т.н. "подградие или надворешен град" постоел уште еден пошироко населен

---

[919] Ѓ. Бошковиќ-К. Томовски, Средновековна архитектура во Охрид, Зборник на трудови (Посебно издание по повод 10-годишнината од основувањето на Музејот, посветено на XII меѓународен конгрес на Византолозите), Охрид 1961, 71-72. Сп.: Б. Чипан, Старата градска архитектура во Охрид, Скопје 1982, 16, 18-19; В. Маленко, Раносредновековна материјална култура во Охрид и Охридско, Охрид и Охридско низ историјата, I, Скопје 1985, 283.

[920] В. Маленко, Раносредновековна материјална култура, 282-283.

[921] Б. Чипан, Старата градска архитектура, 16, 19.

дел, кој што не бил заштитен со ѕидини. Односно просторот на денешните охридски маала: Месокастро, Кошишта и Турско маало; како и месноста Стара чаршија и делот околу Домот на култура “Григор Прличев”, по се изгледа претставувал простор каде биле распространети бројни поскромни живеалишта. Сметаме дека токму тој дел пособдветно е да се нарече подградие или надворешен град. Во прилог на таквото мислење може да се наведе податокот за наоѓањето на релативно бројни археолошки артефакти на тој простор датирани воопшто во средниот век,[922] веројатно опфаќајќи го и периодот на XI и XII век.

На тој начин би можело да се предложи посложена урбана структура и да се претпостави дека средновековниот град Охрид всушност се состоел од три дела: акропол (тврдина); град (подтврдински дел-денес Варош) и подградие (надворешен дел-денес Месокастро, Кошишта, Стара Чаршија и др.).

Еден дел од поширокиот простор надвор од градските ѕидини, до денес е познат под името Месокастро. Всушност се работи за градски реон/маало кој се протега на дел од источното пониско возвишување, непосредно над Старата Чаршија. Споменатиот микротопоним од поодамна привлекува внимание во науката и постојат обиди за негово толкување. Просторот и потеклото на името Масокастро хронолошки најрано се поврзуваат за некаква раннословенска населба, која наводно се развила кон тврдината во средишнината на поранешниот град Лихнид и го добила името Месокастро (средишна крепост).[923] Б. Чипан смета дека во средниот век треба да постоела населба надвор од градските ѕидини, односно на просторот на денешно Месокастро.[924] Во најново време во науката се појави теза според која формирањето на маалото Месокастро се датира во XI век, односно се поврзува со “кастрините” од времето на архиепископот Теофилакт.[925] Токму понудените различни мислења се

[922] В. Маленко, Раносредновековна материјална култура, 285-286; Археолошка карта, II, 264.

[923] Д. Коцо, За доселувањето на Словените, 63-64.

[924] Б. Чипан, Старата градска архитектура, 16.

[925] Љ. Станковска, Од охридската топонимија во текстовите на Кузман Шапкарев, XXXII Научна Конференција на XXXVIII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 15. VIII-17. VIII 2005), Лингвистика, Скопје 2006, 256-257.

наметнаа како повод за да се осврнеме на историјатот на денес познатата охридска населба Месокастро.

Утврдено е дека се работи за топоним кој всушност претставува сложенка од два збора од грчко потекло. Односно од предлогот μεσο- “меѓу, среде” и именката καστρον- “тврдина, ѕидина”.[926] В. Пјанка на микротопонимот Месокастро му придава значење “меѓу ѕидишта”.[927] Б. Чипан во еден свој труд смета дека населбата која постоела во средниот век надвор од градските ѕидишта веројатно се нарекувала Ексокастро. Според неговото мислење останува нејасно како на денешното маало Месокастро, кое се наоѓа надвор од ѕидиштата, се пренело името што одговара на населбата внатре во ѕидините, која денес го зачувала словенското име Варош. Според авторот надвор од градските ѕидини вклучувајќи го и просторот на Месокастро не постојат остатоци од средновековни градби.[928] Во друг свој труд Б. Чипан реонот на Месокастро го третира како дел од стариот град, но надвор од неговите ѕидините. Интересно е да се напомене дека покрај до денес сочуваните градски микротопоними од словенско потекло, кои доминираат по својот број, во редот на оние од грчко потекло се вбројува Месокастро заедно со уште само два. Се додава уште дека споменатиот градски реон погрешно бил нарекуван Средеград.[929]

Повикувањето на наводен податок од преписот на Кодексот на Козма Китијски, кој е уште познат како Кодекс на Охридската архиепископија или Кодекс на црквата Св. Климент од крајот на XVII век, придонсло во науката да се појави мислењето дека името на споменатото охридско маало најрано е изворно посведочено во тоа време.[930] Но со детално иследување на преписот на Кодексот станува сосема јасно дека

---

[926] Љ. Станковска, Од охридската топонимија, 256.

[927] В. Пјанка, Топономастиката на Охридско-преспанскиот базен, Скопје 1970, 287.

[928] Б. Чипан, Старата градска архитектура, 16. Сепак тврдењето дека на поширокиот подѕидински простор не постојат остатоци од средновековни градби треба да се земе со резерва со оглед на резултатите од поновите археолошки истражувања.

[929] Б. Чипан, Св. Софија, 56.

[930] Ц. Грозданов, Извори за познавање на старата градска архитектура во Охрид, ГЗФФ, 13 (39), Скопје 1986, 212-213; Љ. Станковска, Од охридската топонимија, 255. Се забележува некоректност и пропуст бидејќи авторката без да цитира извор или литература наведува податок дека во т.н. кодекс на црквата Св. Климент од 1664 г. (?) покрај маалото Варош се споменува и Месокастро.

маало под име Месокастро воопшто не се споменува. Односно просторот на кој денес се протега Месокастро во тоа време се именува како седма охридска енорија Каменско, според црквата Св. Богородица-Каменско.[931] Исто така потребно е да се нагласи дека маало под името Месокастро не се сретнува ниту во постарите извори од крајот на XVI век. Таков заклучок директно произлегува од увидот во Опширниот пописен дефтер на Охридскиот санџак од 1583 г., каде во редот на дури 25 охридски маала не се сретнува маало под име Месокастро.[932] На првото од двете охридски маала кои се споменуваат под името Банска се допушта можноста дека истото се нарекувало и Каменска,[933] што во потполност се совпаѓа со именувањето на седмата енорија од списокот на охридските енории од Козма Китијски.

Но затоа пак неспорно е постоењето на маалото Месокастро во текот на XIX век, што повеќекратно се потврдува во изворите.[934] На тој начин природно се наметнува тезата дека името на маалото/населбата Месокастро по се изгледа се појавил во XIX век или евентуално во претходното XVIII столетие, но секако не порано.[935] Притоа не се доведува во прашање населеноста и евентуално постоење на маало/населба под друго име на тој простор во претходните векови. Но појавата и поврзувањето на маалото Месокастро со XI век, односно со кастрините од

---

[931] Ив. Снегаров, История на Охридската архиепископия, II, София , 532; Г. Ангеличин-Жура, Страници од историјата на уметноста на Охрид и Охридско (XV-XIX), Охрид 1997, 140-141.

[932] Турски документи за историјата на македонскиот народ (Опширен пописен дефтер на Охридскиот санџак од 1583 г.-превод, редакција и коментар д-р А. Стојановски), VIII/1, Скопје 2000, 48-59. Сп.: Охрид и Охридско низ историјата, II, Скопје 1978, 13-16 (А. Стојановски).

[933] Охрид и Охридско, II, 15 (А. Стојановски).

[934] В. Мошин, Словенски ракописи во Македонија, I, Скопје 1971, 150; Г. Прличев, Автобиографија, Скопје 1974, 125; Охрид и Охридско низ историјата, II, Скопје 1978, 120, 125, 127, 129, 167-168 (К. Битоски); К. Шапкарев, Избор (приредил д-р Т. Тодоровски), Скопје 1984, 56-57, 235, 241;.

[935] Поттикнати од наводно погрешното нарекување на маалото Месокастро со името Средеград (Б. Чипан, Света Софија, 56), се забележува дека тоа “погрешно” нарекување всушност претставува послободен превод на грчкото име. Логиката за именување на маалото Месокастро (Средеград) можеби треба да се бара во новосоздадените позитивни промени кои се случиле во социјално-економскиот развој на градот во текот на XVIII-XIX век, што пак директно влијаело на осетно територијално проширување на градското јадро со нови маала/населби. Можеби во контекст на проширувањето на градот, особено кон исток и север, маалото кое претходно не знаеме како се викало го добило името Месокастро (Средеград), за да асоцира на новата географска местоположба.

времето на архиепископот Теофилакт, без никаков сомнеж потребно е да се оквалификува како крајно произволно и потполно изворно непоткрепено.[936] Од друга страна за отфрлање на т.н. легенда дека населбата Месокастро е формирана дури во XIX век со населување на селани,[937] не постои сериозна аргументација.

Останува да се претпостави евентуално постоење на одредена населба или присуство на поскромни живеалишта на просторот на денешното маало Месокастро во XI-XII век. Но секако дека не постојат никакви изворни показатели дека споменатиот простор толку рано го носел името Месокастро, покрај примамливоста за поврзувањето на грчкиот микротопоним со времето на византиската власт во Охрид.

Во сообразност со новопредложената урбана структура на Охрид интересно е накусо да се прокоментира податокот за првото византиско освојување на Охрид во 1015 г. Имено според Скилица Василиј II се упатил до градот (πολεως) Охрид, каде се наоѓаат дворците на царевите на Бугарија. Откако го заседе градот и се убаво уреди сакал да продолжи кон Драч.[938] Веќе претходно се согласивме со мошне веројатната теза во науката дека охридската тврдина останала поштедена од византискиот продор и потчинување, но затоа преостанатите не еден туку два дела (подтврдинскиот и надворешниот) секако паднале под византиска власт.

Во контекст на можноста за евентуално троделна наместо дводелна урбана структура на Охрид може да послужи толкувањето на еден податок на А. Комнена, на кој веќе претходно детално се осврнавме. Во екот на византиско-норманската војна во 1082 г. Боемунд по повикот од Охриѓаните, брзо пристигнал до Охрид. Задржувајќи се таму кратко

---

[936] Љ. Станковска, Од охридската топонимија, 256-258. Во аргументацијата која ја понунила Љ. Станковска за да поткрепи својата теза за наводно формирање на нова охридска населба Месокастро кон крајот на XI век може да се забележат повеќе нелогичности и произволности во толкувањето на изворите. Споменувањето на некакви лица "феудалци-трговци", изгледа симтоматично, а мошне сомнително е толкувањето во преносна смисла на поимот каструм како "убава куќа, замок, дворец". Поврзувањето на "кастрините" или "простаците-Мокренци", спомената во писмата на Теофилакт, со наводно новата охридска населба Месокастро се чини како целосна конструкција. Постоењето на улица под истото име по кое целата населба го добила името исто така е чиста измислица. Сметаме дека од наведените податоци е доволно за да се заклучи дека понудената теза е потполно несериозна и нерелевантна за научно третирање.

[937] Ц. Грозданов, Извори за старата градска архитектура, 214.

[938] Scylicae, 353-354; ВИИНЈ, III, 116-117.

време, не постигнал ништо, бидејќи Ариебиј ја бранел тврдината.[939] Како што истакнавме претходно, поаѓајќи од сфаќањето за дводелна поделба на Охрид, податокот се толкува дека едниот дел-тврдината останала под византиска власт, додека вториот дел-т.н. подградие паднало под норманска власт. Но се поставува прашањето дали во такви околности Норманите би биле во состојба да одржуваат барем привремено стабилна власт во т.н. подградие доколку доминантната и утврдена точка-тврдината останала во византиски раце?

Имајќи ја во предвид можноста за троделна поделба на градот сметаме дека норманскиот неуспех да ја заземат охридската тврдина последователно и директно влијаел на нивната можност да воспостават своја власт и во вториот подтврдински дел од градот, уште повеќе поради извесноста дека од неодамна тој дел бил повторно заштитен со ѕидини. Но затоа се чини дека единствено третиот дел-подградието го ставиле под своја власт. На тој начин полесно може да се разбере драстичната оценка на А. Комнена дека Боемунд не постигнал ништо при освојувањето на Охрид.

Од писмата на Теофилакт се дознава дека во време на неговиот престој во Охрид имало повеќекатни и добро проветрени куќи, како и кули, улици, пазар и дрвени колиби.[940] За нешто подоцнежно (средина на XII век) постоење на многубројни куќи во Охрид потврда наоѓаме во податоците на географот Идризи.[941]

Споменатите куќи и згради по се изгледа се издигнувале во заштитениот подтврдински дел од Охрид (денешен Варош). Останува нејасно дали кулата која ја споменува Теофилакт била една од кулите во рамките на охридската тврдина или една од оние кои го заштитувале денешен Варош или можеби се работи за посебна кула која била дел од архиепископскиот комплекс за живеење. Потребно е да се претпостави дека просторот каде се протегал пазарот и доминирале дрвените колиби треба да се бара надвор од градските ѕидини (надвор од Варош), можеби

[939] Alexiade, II, 22; ВИИНЈ, III, 381.

[940] Theophylacte, 486-487. Сп.: Б. Панов, Охрид во крајот на XI век, 552-553; К. Томовски, Средновековна архитектура, 383.

[941] Б. Недков, България и съседните, 37.

на просторот кој денес е познат под имињата Месокастро и Стара чаршија.

Иако пишаните изворни податоци кои известуваат за поедини елементи од урбаната структура се крајно фрагментарни сепак прејудицираат дека Охрид како градската населба кон крајот на XI век достигнал релативно висок степен на урбан развој. Но засега се чини дека пишаните податоци не наоѓаат соодветна идентификација и потврда во остатоците од материјалната култура.

Остатоците од материјалната култура вообичаено се користат како корисен и некогаш како неопходен показател за нивото на развој на одредена средина во еден одреден период. Охридската музејска збирка од периодот на средниот век поседува археолошки материјал од следниве локалитети во потесното градско подрачје: "Св. Софија", "Горна Порта", "Плаошник (Имарет) и црква Св. Пантелејмон", "Дебој", "Лабино", "Асан Аго", "Баната", "Античкиот театар", "Попарница", "Дом на култура".[942]

Во рамките на археолошките истражувања на локалитетот Антички театар особено внимение било обрнато на средновековните културни хоризонти. На просторот на периметралните ѕидини и северно од нив биле откриени остатоци на доцноантички градби над кои стратиграфски се надоврзуваат мноштво преплетени ѕидови од профани средновековни објекти. На најгорниот среден дел од театронот-гледалиштето биле констатирани добро сочувани остатоци од раносредновековна профана градба. Објектот е ориентиран во правец исток-запад, во приземјето со отворен трем со колонада од три бази на јужната страна и магацински простории на северната страна. На катот најверојатно се протегале широки чардаци и простории за живеење. Ѕидана е од кршен камен, мноштво од фрагментирани тули и керамиди од доцноантичко потекло кои биле сврзани со кал. Од внатрешната страна е измалтерисана со варов малтер. Опишаниот пример на станбена профана архитектура без сомнение влегува во редот на објекти градени на повисоко ниво на градителската вештина. Таквата градба претставува индикација за оформен град со градски целини и со претпоставен развиен

[942] В. Маленко, Раносредновековна материјална култура, 291; 293.

економски, социјален, духовен и културен живот, најверојатно од периодот од X до XII век.[943]

Впрочем иако за изгледот и формата на средновековната куќа мошне малку е познато, материјалот за градење и градежната техника со сигурност ни се познати-тоа е камен во приземните партии и дрво во горните катови.[944] Можеби токму така изгледала некоја од повеќекатните згради или добро проветрените куќи споеменати во писмата на Теофилакт.

По целата должина и од двете страни на улица "Климентска" откриени се остатоци од профани градби во форма на испреплетени ѕидини. Според градбената припадност, употребените материјали и начинот на ѕидање дел од ѕидините сосема широко се датираат од средновековно време. Остатоци од покватилетни градби со присутна катност и специфичен распоред на простории од средновековниот период се сретнуваат на просторот на југоисточната косина-страна од повисокиот рид и југозападната косина-страна од понискиот рид. [945]

Своевидна потврда за развиениот урбан живот и начинот на кој биле организирани комуналните работи во утврдениот дел од градот (Варош) во средниот век претставуваат на повеќе места откриените: цистерни за вода, водоводни земјени цевки, одводни канали и присутните плитки и длабоки дупки, кои всушност имале функција на јами за отпадоци.[946]

Временската етапа од IX-XII век во Македонија археолошки најдобро е позната преку истражувањата на бројните некрополи, вклучително и оние од Охрид и околината. Голем дел од нив се подигнати врз антички урнатини, уште повеќе врз или околу старите култни места, односно ранохристијанските градби и некрополи. Тоа непосредно зборува и за обновувањето на овие градби и секако за континуитетот на употреба на блиските населби, што како феномен заслужува поголемо внимание во

[943] Ibidem, 279-280.

[944] Б. Чипан, Стара градска архитектура во Охрид, Скопје 1955, 8. Според Б. Чипан виртуозноста во владеењето со дрвените конструкции во XVIII и XIX век е резултат на долговековна традиција која треба да се поврзе со словенскиот среден век (Ibidem).

[945] В. Маленко, Раносредновековна материјална култура, 282-283.

[946] Ibidem, 283.

проучувањата. Во овие некрополи, како и воопшто во сите христијански некрополи во Македонија, доминантен археолошки материјал е накитот и деловите од облеката што не се подложни на гниење; повремено се среќаваат и монети, а уште поретко алатки, култни или утилитарни предмети, керамика и оружје. Иако сеуште не е целосно согледана и археолошки истражена во сите сегменти, материјалната култура од IX-XII век покажува се повеќе специфики, но за нејзиното атрибутирање во засебна културна група или вариетет потребни се пообемни и попродлабочени истражувања. Од друга страна очевидни се многуте паралели со културите од соседните области на Балканот и пошироко. Многу од овие заеднички елементи се дел од глобалниот цивилизациски тренд на времето, но истовремено не смее да се изземе ниту силната рефлексија што во оваа сфера ја зрачи Византија.[947]

Формирањето на некрополите е во тесна врска со формирањето или проширувањето на живеалиштата, кои без сомнение се лоцирани во нивна близина. Меѓутоа за повеќето средновековни некрополи не е идентификувана населбата на која припаѓале, макар што според карактерот на гробниот археолошки инвентар и другите карактеристики можат да се издвојат градски, селски, монашки и др. видови. Средновековните некрополи од Македонија најчесто не се многу големи. Но во оваа состојба на истраженост, не можат да се донесат заклучоци со демографска конотација или барем околу големината и населеноста на живеалиштата. Забележано е дека околу поголемите средновековни градови, меѓу кои се вбројува и Охрид, егзистираат и по неколку некрополи меѓу кои има и од исто време. Мошне интересни одговори треба да се очекуваат на прашањето кои фактори (освен просторните) делувале на ваквото издвојување на некрополите.[948]

Во рамките на старото градско јадро, поконкретно на просторот на локалитетот Дебој идентификувани се 28 гробови, кои се сметаат за дел од

[947] Е. Манева, Аспекти на проблематиката на средновековната материјална култура во Македонија, Цивилизации на почвата на Македонија (Историја на културата на Македонија), кн. 2, Скопје 1995, 132.

[948] Idem, Средновековни некрополи од Македонија, Содржински и методолошки прашања во истражувањето на историјата на културата на Македонија, кн. 1, Скопје 1995, 65-66.

средновековна некропола. Во еден дел од гробовите најдени се стаклени и бронзени белезии, обетки и прстени, со мошне широка хронолошка припадност од IX-XIII век.[949]

На поширокиот простор на локалитетот Плаошник/Имарет, утврдено е постоењето на една поголема некропола или повеќе помали некрополи од средновековниот период, вклучително и од периодот X-XII век. Во редот на најдените скромни гробни прилози од средниот век влегуваат: бронзени прстени, алки, бронзени топчести копчиња, стаклени белезии и др.[950] Во месноста Лабино евидентирано е постоењето на средновековна некропола, која според типолошките особености на најдениот накит (бронзени прстени, белезии и обетки), возможно е да се датира и во XI-XII век.[951]

Средновековни гробови, односно некрополи идентификувани се на две места во реонот на Старата чаршија: северниот дел од чаршијата, просторот јужно од Али-пашината џамија и јужниот дел од чаршијата, просторот западно од Домот на културата "Глигор Прличев". Се претпоставува дека откривањето на споменатите некрополи треба да се поврзат со постоењето на две средновековни цркви (Св. Димитрија и Св. Никола), чија точна локација сеуште не може да се открие.[952] Ваквите наоди потребно е да се сфатат како непобитен доказ за населеноста на деловите каде се протегале некрополите и нивната непосредна околина.

Според првичните анализи на накитот пронајден и прибран во Охридскиот музеј во текот на 50-тите години на минатиот век, В. Лахтов успеал да идентификува дека еден дел припаѓа на раниот среден век, вклучително и периодот од X-XII век. Обетки, наушници, белезии и

---

[949] В. Маленко, Раносредновековна материјална култура, 281-282.

[950] Ibidem, 278-279.

[951] В. Лахтов, Накитот на раносредновековните наоѓалишта во Охридско, Зборник на трудови (Посебно издание по повод 10-годишнината од основувањето на Музејот, посветено на XII меѓународен конгрес на Византолозите), Охрид 1961, 38-40; В. Маленко, Раносредновековна материјална култура, 290.

[952] В. Маленко, Раносредновековна материјална култура, 286. Во поново време на охридскиот плоштад, поконкретно на просторот меѓу ресторанот Летница и платото на споменикот на Св. Климент Охридски, граѓаните на Охрид изградија импровизиран параклис посветен на Св. Димитрија. Се претпоставува дека во старо време токму на тоа место се издигнувала црква посветена на споменатиот светец. За местоположбата на црквата Св. Никола постои теза дека се наоѓала кај Али-пашината џамија и медресата (Сп.: В. Маленко, Раносредновековна материјална култура, 286).

прстени карактеристични за периодот X-XII век најдени се на познати и непознати наоѓалишта во Охрид и околината.[953] Од XI-XII век датираат неколку најдени бронзени крстови-реликвијари.[954]

Особено е вредно да се спомене наоѓањето на над 2000 керамички садови во црквата Св. Софија при вршење на конзерваторски зафати во педесетите години на минатиот век. Постои согласност дека еден дел од пронајдените керамички садови датираат од периодот X-XII век.[955] Значајно е да се спомене дека за време на истражувањата на просторот на Античкиот театар, во рамките на средновековниот културен слој, било интензивно присуството на фрагментирана садова керамика со карактеристични форми на рачки, венци, орнаментирани фрагменти од стомаци и дна, како и различни варијанти на црепни. Слични наоди постојат и од локалитетот Плаошник-Имарет.[956] Сочувани делови од декоративна камена пластика (XI-XII век) идентификувана е во и/или околу двете најголеми охридски цркви: Св. Софија и Св. Богородица Перивлепта.[957]

Од познатата и особено скапоцена колекција на охридски икони потребно е да се издвојат четири кои датираат од XI-XII век. Најстарата икона од првата половина на XI век е онаа посветена на "Св. Василиј Велики и Св. Никола", а од нешто подоцна во истото столетие датира онаа поветена на "Св. Четириесет маченици". Други две икони ("Св. Богородица" и "Св. Архангел Михаил"), кои ја сочинуваат композицијата Благовештение, датираат од XII век.[958] Ваквите ретки наоди сведочат за високите дострели на полето на иконописот во XI-XII век, кој бил во тесна врска со развојот на фрескоживописот.

---

[953] В. Лахтов, Накитот на раносредновековните наоѓалишта, 38-53; В. Маленко, Раносредновековна материјална култура, 312.

[954] Дел од крстовите најдени се на локалитетите Плаошник (Имарет) и Античкиот театар. Види: В. Маленко, Раносредновековна материјална култура, 299; Н. Почуча-Кузман, Реликвијари од Охрид и Охридско, Лихнид, 6, Охрид 1988, 133-148.

[955] Б. Алексова, Средновековна керамика од црквата Св. Софија во Охрид, ГИНИ, V/1-2, Скопје 1960, 175-187; Б. Бабиќ, Средновековно културно богатство на СР. Македонија, Прилеп 1974, 94; В. Маленко, Раносредновековна материјална култура, 284.

[956] В. Маленко, Раносредновековна материјална култура, 279-280.

[957] С. Филипова, Архитектонска камена склулптура во Македонија (5-6 и 11-12 век), Скопје-Мелбурн, 1997, 55, 59-80,

[958] Иконе из Југославије (текст и каталог: В. Ј. Ђурић), Београд 1961, 14-16 ,75, 88-89.

Токму анализата на репрезентативниот и најстар фрескоживопис (XI век) од катедралната црква Св. Софија на своевиден начин го потврдува релативно високото ниво на културен развој на Охрид во тој период.[959]

## 2. Црковни прилики

### *1.1. Охридската архиепископија/патријаршија во време на Самуиловата држава*

По пауза, која може само приближно да се одреди дека траела околу едно столетие, Охрид повторно станал седиште на висока црковна институција. Овојпат наместо формирање епископија, од Преспа во Охрид било пренесено седиштето на највисоката црковна институција на Самуиловата држава, архиепископијата или патријаршијата. Несигурноста во титулацијата на црковната организација и нејзиниот поглавар сосема оправдано се јавува поради неизвесноста дали прогласувањето и крунисувањето на Самуил за цар се случило во Преспа или во Охрид, што пак директно е поврзано со дилемата дали црковниот поглавар дошол во Охрид како архиепископ, па потоа станал патријарх или дошол како патријарх.

Пренесувањето на црковното седиште во Охрид не треба да се третира како изолиран чин, односно одделно од преселувањето на световнта престолнина на државата. Ни изгледа прифатливо мислењето дека пренесувањето на црковното седиште всушност го следело преселувањето на световната престолнина од Преспа во Охрид,[960] а во никој случај не се работело за обратна постапка.

Од "Каталогот на бугарските архиепископи" или поинаку наречен и како Диканжов список (XII век) меѓу другото се дознава за две имиња на архиепископи, Филип и Јован, за кои се потенцира дека столувале во

---

[959] Сп.: Ц. Грозданов, Портрети на светителите, 38-47; Idem, Студии за охридскиот живопис, 24-35; Кирило-методиевска енцикопедия, III, 551-553 (Е. Бакалова).

[960] С. Пириватриќ, Самуилова држава, 156.

Охрид.[961] Иако во “Каталогот” тие се наречени архиепископи сосема е известно дека тие всушност биле патријарси.[962]

Датирањето на нивното “архиепископување” засега останува потполно непознато. Во науката постои мислење дека преселувањето на црковното седиште од Преспа во Охрид се случило за време владеењето на Самуил, поконкретно во последните години од X век, кога архиепископ/патријарх бил Филип.[963]

Сепак во делот каде претходно расправаме за времето кога се случило преселувањето светованата престолнина и црковното седиште на Самуиловата држава за поверојатно го прифаќаме мислењето дека тоа се случило нешто подоцна, во првите години на XI век.[964] Секако останува претпоставката дека тоа се случило во времето на Филип, за кого не може да се утврди колку долго останал на местото охридски патријарх.

Како најверојатен наследник на Филип се јавува патријархот Јован, кој по 1018 г. останал на високата црковна позиција во Охрид, но во ранг на архиепископ. Иако за него постојат побројни известувања останува непознато кога тој станал архиереј на црквата на Самуиловата држава. Она што е познато е дека веројатно се работи за домородна личност од Македонија, која поконкретно потекнувала од селото Агноандника кај Дебар. По замонашувањето Јован станал игумен на манастирот Св. Богородица во близина на Дебар,[965] од каде потоа веројатно бил поставен за охридски патријарх.

Според две известувања од Ј. Скилица кои се однесуваат на времето на последниот цар Јован Владислав (1015-1018), катедрата во Охрид ја

---

[961] Й. Иванов, Български старини, 566.

[962] С. Пириватриќ (Самуилова држава, 157-158) на аргументиран начин ја расчистува секоја дилема во врска со титулацијата на црковниот поглавар на Самуиловата држава. Дека се работи за патријарх кој се наоѓал на чело на патријаршија се потврдува уште од еден малку ползуван податок во преводот на житието на Св. Антониј од страна на Јован Презвитер, инаку српски препис од XIV век.

[963] С. Антољак, Критички осврт на изворите за Самуиловата држава (до 1014), Илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на Самоиловата држава, Скопје 1971, 41.

[964] Види глава IV, стр. 177-178.

[965] Й. Иванов, Блгарски старини , 566. Дека Јован бил замонашен потврдува и Василиј II во Првата своја сигилија издадена за Охридската архиепископија.

држел некој неидентификуван архиепископ Давид.[966] Токму таквите известувања на Скилица директно го оспоруваат проширеното мислење во науката дека Јован бил последниот архиереј на Самуиловата држава. Затоа се јавува поинакво мислење дека Давид, а не Јован се наоѓал на таа позиција последен.[967]

Но состојбата потполно се менува доколку се спомене дека на двете места каде Скилица го споменува Давид, М. Деволски интервенира со исправки и наместо споменатиот архиепископ смета дека треба да стои архиерејот Јован.[968]

Во науката сосема оправдано преовладува мислењето дека исправките на М. Деволски се сосема веродостојни, од што произлегува дека до крајот на 1018 г., кога царот Василиј II ја ликвидирал Самуиловата држава, Јован сеуште се наоѓал на истата позиција.[969]

За улогата на архиерејот Јован во настаните околу ликвидирањето на Самуиловата држава веќе расправавме. Потребно е уште да се напомене дека според едно дополнување на М. Деволски, во триумфалната поворка на царот Василиј II, покрај членовите на потчинетото царско семејство и многу други великодостојници се наоѓал "и архиерејот на Бугарите",[970] зад кој израз секако се криел Јован. Тоа е условно негово последно споменување во изворите како охридски патријарх.

Имињата и бројноста на епископиите, кои влегувале во рамките на Охридската архиепископија во време на Самуиловата држава, единствено постои можност да се реконструира од подоцнежни извори. Современи извори недостасуваат. Бидејќи сметаме дека нивните имиња и бројност веројатно не претрпеле некои позначителни промени во почетокот на византиското владеење подолу се задржуваме на таа проблематика.

---

[966] Scylitzae, 354, 357. Ваквото мислење е доста проширено во бугарската историографија. Сп.: И. Снегаров, История, I, 30-31; В. Н. Златарски, История, II, 17-18 бел. 5; История на България, 2, 132 (Петров); И. Божилов-В. Гюзелев, История на средновековна България, 329, со извесна резерва и оградување. Сп.: С. Антољак, Охридската архиепископија во време на владеењето на царевите Самуил и Василиј II, Средновековна Македонија, 1, Скопје 1985, 683-684.

[967] С. Антољак, Самуиловата држава, 82-83.

[968] Scylitzae, 354 n. 68, 357 n. 77; ВИИНЈ, III, 118, 125.

[969] Сп.: ВИИНЈ, III, 118 и бел. 134, 125 (Ј. Ферлуга); С. Пириватриќ, Самуилова држава, 158 и бел. 70. Сп.: Ц. Грозданов, Студии, 57.

[970] Scylitzae, 365; ВИИНЈ, III, 135 и бел. 192 (Ј. Ферлуга).

## *2. 2. Охридска̄та архие̄иско̄ија во време на визан̄иско̄о владеење (до ̄очеш̄окош̄ на XII век)*

Со ликвидирањето на Самуиловата држава во 1018 г. не се случило паралелно и истовремено укинување на нејзината црковна институција. Охридската патријаршија продолжила да опстојува и функционира уште долго време потоа, но од тогаш формално во понизок ранг, како архиепископија. Освен претпоставеното снижување на рангот, статусот на црквата всушност не претрпел особено големи промени. Во канонски поглед Охридската и Кипарската архиепископија се издвојувале меѓу останатите архиепископии како автокефални институции со посебен статус, непотчинети на ниту една патријаршија. Формално биле архиепископии, но фактички делувале како вистински патријаршии. Нивните архиереи сепак ги поставувал лично византискиот цар, впрочем исто онака како што ги поставувал цариградските и останатите источни патријарси. Се дознава уште дека Архиепископијата броела повеќе од 30 епархии.[971]

Особено драгоцени податоци за статусот, распространетоста и придобивките со кои се здобила или и биле потврдени на Охридската архиепископија на почетокот од византиското владеење, добиваме од трите сигилии издадени од царот Василиј II, по барање на архиепископот Јован. Со првата сигилија од 1019 г. во својата диецеза Охридската архиепископија имала 17 епархии, која бројка веројатно одговарала на бројот на епархии кои биле дел од охридската патријаршија во време на Самуиловата држава. Но веќе следните години со издавање на втората и третата сигилија, датирани околу 1020 г., диоцезата на Охридската архиепископија осетно се проширува па така бројот на епархиите кои влегувале во состав на Архиепископијата се накачил на вкупно 32 епархии. Со издавање на сигилиите главно се одредувал бројот на зависното население-клириците и париците со кои требало да располага секоја епископија одделно. Конкретно Охридската епископија, која била

[971] Сп.: Hieroclis Synecdemus et Notitiae Graecae Episcopatuum, 285-286 (Nili Doxapatrii); ВИИНЈ, III, 362-365 и белешките (Б. Ферјанчиħ).

раководена лично од Архиепископот, во Охрид, Преспа, Мокра и Кичево располагала со 40 клирици и 30 парици.[972]

Во зависност од бројноста на клириците и париците со кои располагале епископиите се класифицирани во: првостепени (Охридска, Костурска, Главиничка, Петерска, Скопска, Нишка, Белградска, Видинска, Дристарска, Средечка); второстепени (Липљанска, Веријска, Сервијска) и третостепени (Мегленска, Пелагониска, Мородвишка, Велбушка, Браничевска, Сремска, Призренска, Рашка, Чернишка, Дринополска, непозната-веројатно Велска, Јанинска, Козилска, Струмичка, Орејска, Химарска, Ботротска, Стагска).[973]

Сметаме дека при предложената класификација како посебна категорија непотребно е да постои второстепени епархии и дека наброените три треба да се вклучат кон првостепените. На тој начин условно би постоеле две групи епархии: покрупни или побогати и поситни или посиромашни. Сепак бројноста на клириците и париците обврзно не мора да упатува на големината на односната епископија. Понекогаш таквите бројни параметри на зависното население можат да послужат единствено како индикатор за имотниот и материјалниот статус на епископијата, но не и за одредување на нејзината големина.

Првиот охридски архиепископ на самиот почеток од византиското владеење, споменат во Првата сигилија на царот Василиј II, се викал Јован. Тој бил монах, кој Василиј II го поставил на позицијата охридски архиепископ.[974]

Иако во Сигилијата не се открива, во науката се дошло до оправдано мислење дека се работи за истата истоимена личност која во изворите се јавува како последен архиереј од времето на Самуиловата

[972] H. Gelzer, Ungedrukte und wenig bekannte Bistümverzeichnisse der orientalischen Kirche, Byzantinische Zeitschrift, 2/1893, 42-48; Й. Иванов, Български старини, 552-555. Сп.: И. Снегаров, История, I, 55-59.

[973] И. Снегаров, История, I, 62. Мислењето на С. Антолјак (Дали се автентични оние три исправи на царот Василиј II издадени во корист на Охридската архиепископија?, Средновековна Македонија, 1, Скопје 1985, 698-708) според кое трите сигилии издадени од Василиј II претставуваат обични фалсификати и поради тоа не треба да се употребуваат во науката, сметаме дека треба да се отфрли.

[974] H. Gelzer, Ungedrukte, 42-44. Според И. Снегаров (История, 55) по симнувањето на патријархот Давид, Василиј II за нов охридски архиереј го поставил Јован.

држава.[975] Како последен црковен поглавар од македонско словенско потекло охридскиот архиепископ Јован останал доста долго на црковната поглаварска позиција, се до својата смрт веројатно во 1037 г. Таквите податоци ги дознаваме од едно подолго дополнување на М. Деволски, кое вообичаено го направил на еден од податоците од Ј. Скилица.[976]

Дополнителна потврда за неговото присуство и делување во Охрид добиваме од сигилографските податоци. Според најновата евиденција на пронајдени печати од охридските архиепископи (1018-1185), која ја подготвил И. Јорданов, засега се познати шест печати кои во својот натпис го содржат името на Јован со двојна титулација: монах и архиепископ (Ιωαννης μοναχος και αρχιεπισκοπος Βουλγαριας). Поради постоењето на уште двајца охридски архиепископи со истото име (Јован Лампин и Јован Аин) кои нешто подоцна, во втората половина на XI век, се наоѓале на таа позиција, Ј. Иванов смета дека не може да се утврди конкретно на кој архиепископ се однесуваат печатите. [977]

Значи од XI век засега се познати најмалку тројца архиепископи со името Јован. Сепак најмногу поради совпаѓањето во двојното титулирање на архиепископ Јован од Првата сигилија на Василиј II со оној од споменатите шест печати, сметаме дека постои голема веројатност сите шест или барем еден дел од печатите со двојна титулација да се однесуваат на една иста личност, првиот византиски архиепископ Јован.

Преку постапката на задржување на архиерејот Јован и издавањето на трите сигилии царот Василиј II покажувал дека му било особено важно во тој првичсн период, кога ја воспоставувал византиската власт, да обезбеди континуитет во функционирањето на црковната организација во лицето на Охридската архиепископија. Како мудро превземени постапки тие можеле само да помогнат во остварувањето на целта-побрзо и полесно интегрирање на поранешните територии од Самуилово царство во рамките на проширената Византија.

---

[975] Види стр. 358; Ц. Грозданов, Портерети на светителите, 253.

[976] Scylitzae, 400; ВИИНЈ, III, 170.

[977] И. Йорданов, Печатите на архиепископи на Бъгария (1018-1185), Сфрагистика и история культуры (Сборник научных трудов, посвященный юбилею В. С. Шандровской), Санкт-Петербург 2004, 71-72. Впрочем познато е дека еден од следните охридски архиепископи, Јован Лампин, пред да биде поставен за црковен поглавар бил монах.

За следниот архиепископ Лав постојат релативно бројни податоци. Од веќе споменатото подолго дополнување на М. Деволски се дознава дека по смртта на Јован византискиот цар поставил друг архиепископ кој се викал Лав. Тој потекнувал од Пафлагонија (Мала Азија н.б.); со своето делување се истакнал во Великата Црква (Св. Софија-Константинопол н.б.) и особено тоа што долги години бил хартофилакс таму. Се дознава дека поради несогласување со актуелната црковна политика извесен период се повлекол од должностите кои ги извршувал. Поседувал целосно образование, како световно така и теолошко. За време додека бил охридски архиепископ оставил многу споменици.[978]

Во т.н. Диканжов список за архиепископот Лав се открива дека бил прв Ромеј на таа позиција, дека бил хартофилакс на Великата Црква (Св. Софија-Константинопол н.б.) и дека ја подигнал долната црква посветена на пресветата божја мудрост (Св. Софија н.б.).[979] Познато е дека бил особено активен во разгорениот црковен судир меѓу Источната-Вселенска патријаршија и Западната-Римокатоличка црква, кој кулминирала со дефинитивен расцеп на христијанската црква во 1054 г.[980]

Во науката е прифатено мислењето дека во 1037 г. Лав бил поставен за охридски архиепископ од византискиот цар Михаило IV (1034-1041).[981] Евидентно е дека византискиот цар се погрижил првиот Ромеј кој застанал на чело на Охридската архиепископија да исполнува високи интелектуелни и чиновнички критериуми. Потврденото сознание дека долги години пред да стане архиепископ бил хартофилакс на црквата Св. Софија во Константинопол токму оди во прилог на таквото настојување на царот.

Подигнувањето или пак темелно обновување на црквата Св. Софија, седиштето на охридските архиепископи, со право му се припишува нему. Освен директниот податок од списокот на Диканж дека ја изградил т.н долна црква, на тоа посредно упатува и делот од додатокот на М. Деволски дека додека бил охридски архиепископ Лав оставил многу

---

[978] Scylitzae, 400; ВИИНЈ, III, 170.
[979] Й. Иванов, Български старини, 566.
[980] Сп.: Г. Острогорски, Историја на Византија, 404-405.
[981] ВИИНЈ, III, 170 бел. 304-307 (Ј. Ферлуга).

споменици, меѓу кои потребно е да се вброи и црквата Св. Софија.[982] Постојат силни индиции дека ја обновил и црквата Св. Ахил во Преспа, што може да се заклучи од анлиза на фрескоживописот.[983]

По смртта на Лав веројатно во 1056/57 г. архиепископското место во Охрид го завзел Теодул. Од неговата скудна биографија познато е дека потекнувал од градот Тетрапол-Мала Азија; дека имал завршено единствено теолошко образование, но се одликувал со голема мудрост; дека пред да дојде во Охрид бил игумен на манастирот Св. Мокиј во близина на Константинопол и дека на високата црковна позиција во Охрид бил поставен од царицата Теодора. Единствениот податок кој е директно известува за неговото присуство и делување во Охрид е оној дека ја подигнал т.н. горна велика црква со помош на Јован Анцо.[984] За Горната црква расправаме подолу.

За следниот охридски архиепископ скудни податоци добиваме од продолжувачот на Скилица. Според неговото известување по смртаа на Теодул царот именувал некој монах Јован, кој потекнувал од Лампа. Тој до именувањето бил монах во еден од малоазиските манастири на планината Олимп. Уште се дознава дека споменатиот архиепископ, веројатно непосредно пред својата смрт, го одвратил узурпаторот Василаки да се прогласи за цар.[985]

Јован Лампин на архиепископската позицијата најверојатно бил поставен во 1064-1065 г. од царот Константин Дука, а останал до својата смртт во 1078-1079 г.[986] Местото од каде потекнувал, Лампа се лоцира на островот Крит.[987] Карактеристично е сознанието дека Јован Лампин успеал да го оневозможи прогласувањето на Никифор Василаки за цар. Со тоа се потврдува значајната улога која ја имале охридските архиепископи во тоа време штом биле во можност да спречат нешто што не можела да

[982] Сп.: И. Снегаров, История, I, 34, 195-197, 266-267; ВИИНЈ, III, 170 бел. 308 (J. Ферлуга). За дополнителните аргументи кои одат во прилог на таквото тврдење расправавме подолу.

[983] Н. Муцопулос, Базиликата "Св. Ахилий" в Преспа-един исторически паметник-Светния, Пловдив 2007, 51.

[984] Й. Иванов, Блгарски старини, 566; И. Снегаров, История, I, 197.

[985] J. Scylitzes Continuatus, 112; ВИИНЈ, III, 176.

[986] Сп.: ВИИНЈ, III, 186; И. Снегаров, История,I, 198.

[987] В. Н. Златарски, История, II, 120, 161.

го стори ослабнатата централна власт во Цариград.[988] Значи без сомнение продолжила практиката на именувањето на образовани, способни и енергични архиепископи во Охрид.

Делото на продолжувачот на Скилица е единствен извор за следната промена на охридските архиепископи. По смртта на Јован Лампин царот поставил друг архиепископ, кој исто како претходниот се викал Јован, но имал надимак Аин, затоа што воопшто не пиел вино. Пред да дојде во Охрид бил игумен на Арицијскиот манастир,[989] за кој не постои можност да се лоцира.

Додека времето на неговото доаѓање релативно лесно може да се одреди, останува неизвесно до кога тој останал во Охрид. Сепак се чини извесно дека Јован Аин релативно кусо време се задржал на архиепископската позиција можеби до доаѓањето на Теофилакт во Охрид.

Последните двајца истоимени охридски архиепископи потребно е да се доведат во врска со засега четирите пронајдени печати на кои главно може да се прочита натписот: Ιωαννης αρχιεπισκοπος Βουλγαριας. Според И. Јорданов сите печати треба да се датираат во II-та половина на XI век.[990] Тоа посредно би значело дека печатите припаѓале на еден од двајцата или пак на двајцата Јовановци. Несомнено слично како нивниот наследник Теофилакт тие практикувале да одржуваат писмена преписка првенствено со видни личности од Константинопол, каде се верува дека се најдени печатите.

Во еден поголем дел од владеењето на византискиот цар Алексиј I, Теофилакт се наоѓал на мошне важната архиепископска позиција во Охрид. Точното време на неговото доаѓање не може да се утврди. Постојат различни претпоставки кои почетокот на неговото присуство во Охрид го сместуваат од 80-тите години до почетокот на 90-тите години на XI век. Исто така голема неизвесност постои за времето на неговото заминување од Охрид. На тоа се надоврзува неизвесноста дали до крајот на животот Теофилакт останал охридски архиепископ или животот го завршил откако веќе го напуштил Охрид, без архиепископска титула.

[988] ВИИНЈ, III, 187 бел. 44 (Б. Радојчић).
[989] J. Scylitzes Continuatus; 195; ВИИНЈ, III, 186-187.
[990] И. Йорданов, Печатите на архиепископи на Бъгария (1018-1185), 72.

Одредени обиди за датирање на неговите писма довеле до заклучок дека по 1107/08 г. Теофилакт не праќал веќе писма, па последователно приближно во тоа време хронолошки се сместува неговото заминување од Охрид. Но постојат мислења и толкувања според кои неговата смрт или заминување од Охрид треба да се помести по 1111 г., па дури до 1126 г.[991]

Од расположливите податоци споредувајќи ги постигнувањата на охридските архиепископи тој тешко може да се споредува било со своите претходници или наследници бидејќи далеку ги надминал. Без сомнение тој воопшто претставувал една од најистакнатите личности на византискиот интелектуален свет во тоа време. Потекнувал од грчкиот остров Евбеа и иако не се познати детали за неговото школување секако го завршил во Константинопол. Самото сознание дека бил ученик на познатиот Михаило Псел прејудицира дека се стекнал со мошне солидно и сестрано образование. Како млад Теофилакт станал ѓакон на големата црква Св. Софија во Константинопол, каде бил назначен за ретор или мајстор на говорниците. Значи бил учител по говорништво на патријаршиското училиште. Се претпоставува дека од тогаш треба да се бараат почетоците на неговото бавење со пишување главно на дела со религиозна содржина. Севкупната негова активност и репутација со која се здобил му овозможиле за него да слушне самиот цар Алексиј I, кој токму затоа го ангажирал за учител на Константин, синот на претходниот починат цар Михаил VII.[992]

Но набрзо се случила голема промена во животот на Теофилакт. Под непознати околности тој бил именуван и испратен за архиепископ во Охрид, каде особено во почетокот од неговиот подолг престој се чувствувал мошне непријатно. Во неговите писма попатно се фрла одредена светлина на провинцискиот амбиентот во кој живеел и работел Теофилакт во Охрид, како и за неговото најчесто тмурно расположение.

---

[991] За хронологијата на неговото доаѓање и заминување од Охрид спореди: ВИИНЈ, III, 258, 161 (Р. Катичић); Б. Панов, Теофилакт како извор, 33-42, 48-52; Theophylacte, 142 (P. Gautier); M. Mullet, Theophylact of Ochrid, 8. И. Јорданов (Печатите на архиепископи на България (1018-1185), 70-71) се изјаснил дека во науката доаѓањето на Теофилакт во Охрид се датира од 1084 до 1092 г., но сепак тој го стеснил периодот и склон е да верува дека тоа се случило меѓу 1088 и 1092 г.

[992] ВИИНЈ, III, 257-259 (Р. Катичић); Б. Панов, Теофилакт како извор, 15-29; M. Mullet, Theophylact of Ochrid, 8 and n. 50-58.

Значаен дел од неговата работа завземало творењето книжевни дела главно со хагиографска содржина. Од преписката која ја водел познато е дека многу енергија трошел во одбрана и проширување на правата и привилегиите со кои располагала Охридската архиепископија и одделно нејзините епархии. Особено треба да се потенцира речиси латентниот судир и несогласувања кои ги имал Теофилакт со даночните чиновници, за што детално веќе расправавме. Норманските продори и крстоносните преминувања на Балканот, кои се случиле во време на Теофилакт, главно негативно се одразиле на севкупниот развој на Охрид.

Дополнителна потврда за неговата интензивна преписка добиваме од податоците кои се содржани во сигилографските наоди. Засега се пронајдени и евидентирани четири оловни печати на кои меѓу другото се исчитува натписот: Θεοφυλακτος αρχιεπισκοπος Βουλγαριας. Тие без сомнение се однесуваат на охридскиот архиепископ Теофилакт.[993]

Лав Мунк за архиепископ веројатно бил поставен околу 1108 г. од царот Алексиј I. Тој бил покрстен Евреин и пред да дојде во Охрид работел како мисионер меѓу јазичниците. Споменувањето на охридскиот архиепископ Лав Филозоф во инвентарот на струмичкиот манастир Св. Богородица Милостива, најверојатно се однесува на него. На архиепископското место останал до 1120.[994]

### *2.3. Црковните градби во Охрид (XI-почеток на XII век)*

а) Св. Софија

Токму на оваа место ја продолжуваме расправата за историјатот на црквата Св. Софија, започната во рамките на третата глава. Освен присутните мислења во науката дека првично подигнување или една постара градежна фаза на црквата треба да се поврзе со бугарскиот владетел Борис или со втората Климентова црква или пак со византиската соборна црква спомената во Пространото житие на Св. Климент,[995] сепак преовладуваат гледиштата според кои тежиштето, односно најзначајната

---

[993] И. Йорданов, Печатите на архиепископи на България (1018-1185), 70-71.
[994] Й, Иванов, Блгарски старини, 582; И. Снегаров, История, I, 204-205.
[995] Види глава III (стр. 138-140, 159-161).

фаза на нејзиното подигнување или пак темелно обновување треба да се помести во XI век.[996]

Во редот на прашањата кои се мошне значајни, но во исто време се одликуваат со исклучителна сложеност се вбројува она за идентификување на охридската катедрална црква која претставувала седиште на архиереите на Самуиловата држава. Додека за првата престолнина Преспа точно се знае дека Самуил изградил катедрална црква која се викала Св. Ахил, во изворниот материјал освен што не се среќаваат никакви основни податоци дека Самуил воопшто изградил нов храм во Охрид, не постојат ниту посредни упатувања кои би го откриле името и местоположбата на патријаршиската црква во време на Самуиловата држава. Сепак во науката постојат претпоставки дека токму црквата Св. Софија, како седиште на архиереите, ја подигнал или барем почнал да ја гради токму Самуил,[997] но секако како објект посветен на некој друг сеуште непознат светител.[998]

---

[996] Особено богата библиографија за историјатот на црквата Св. Софија изготвена во поново време види: Кирило-методиевска енциклопедия, III, 554-555. Во овој поднаслов намерно не се задржуваме на опис на архитектурата и фреско-живописот бидејќи сметаме дека за тој сегмент од истражувањата на историјата на Св. Софија постојат голем број релевантни научни трудови.

[997] Сп.: Н. Мавродинов, Еднокорабната и кръстовидната църква по българските земи до края на XIV в., София 1931, 188; Idem, Старобългарското искуство, София 1959, 264-266; В. Н. Лазарев, История византииской живописи, Москва 1947, 329; В. Н. Лазарев, Живопис XI-XII веков в Македонии, 113-114; Dj. Stricevic, La Renovation Du Type Basilical, 188-189; В. Кораћ, О архитектури катедралних цркава XI века на византијком културном подручју, Између Византије и Запада, Београд 1987, 57-67; Idem, О средњевековним базиликама у Македонији и Србији, Између Византије и Запада, Београд 1987, 68-76; Idem, Света Софија у Охриду, простор, структура, облици-извори, 9; Б. Чипан, Света Софија, 83-86.

С. Антолјак (Охридската архиепископија, 683) смета дека по преселувањето на црковното седиште од Преспа во Охрид црква-архиепископско седиште станала црквата Св. Пантелејмон на Плаошник, а Св. Софија воопшто не ја споменува. Б. Панов (Охрид од средината на X век, 726) избегнувајќи да се изјасни дали Св. Софија треба да се поврзе со Самуил или не, произволно истакнал дека Самуил изградил нова величенствена црква.

[998] Тезата на М. Бошкоски (Прашањето на патронатот, 53-59) дека патрон на самуиловата црква додека престолнината била во Преспа бил Св. Ахил, а дека по преселувањето на престолнината во Охрид, Патријаршијата избрала нов патрон во лицето на Св. Климент, изгледа како конструкција. Иако тезата изгледа примамливо познато е дека недостасуваат изворни податоци кои би откриле кому била посветена патријаршиската црква во Охрид. Во тој контекст потполно неосновано изгледаат тезите дека во време на Самуил при градбата на новата соборна црква во Охрид, која се викала Св. Софија (?), бил исликан ликот на новиот патрон на автокефалната црква, Св. Климент. Исто така без основа се мислењата дека црквата од непознати причини или наводно настрадала во 1015 г., при делумното византиско освојување на Охрид од страна на царот Василиј II.

Ваквите претпоставки изгледа дека се во спротивност и не наоѓаат потврда во расположливиот изворен материјал, кој сведочи дека црквата Св. Софија била подигната или сосема сигурно завршена дури по ликвидирањето на Самуиловата држава, како катедрална црква на охридските архиепископи во време на византиската власт.[999]

Впрочем самото име на охридската катедрална црква неодминливо асоцира на истоимената византиска црква-седиште на вселенските патријарси во Константинопол, па може да се претпостави дека охридската Св. Софија била пандан на константинополската. Исто така се наметнува прашањето доколку Самуил од било кои причини не ја завршил црквата во која црква се преселиле и престојувале охридските патријарси по нивното извесно преселување од Преспа во Охрид? Зарем доликувало еден највисок црковен архиереј да се пресели во својата нова духовна престолнина во која катедралната црква не била завршена?

Доколку се претпостави дека до денес сочуваната црква Св. Софија не била седиште на охридските патријарси од времето на Самуиловата држава, тогаш која била таа по се изгледа завршена црква и каде треба да се бара?

Во најново време се јавуваат некои размислувања кои упатуваат дека таквата, под претпоставка, завршена монументална црковна градба потребно е да се бара во непосредна близина јужно и неколку метри под нивото од денес постоечката црква. Неодамнешните сосема случајни, парцијални и недовршени археолошки истражувања, на просторот оддалечен единствено десетина метри од постоечката црква, доведоа до откривање на остатоци од непозната монументална сакрална градба. Имено откриен е северен столб со големи димензии (1. 20 м.), на чија западна страна е насликана фреска со претстава на непознат архиереј и архитектонски остатоци на проскомидија. Значајно е да се потенцира дека

[999] Од пишаните извори и анализата на материјалните остатоци (архитектура и фрескоживопис) произлегува дека црквата Св. Софија била подигната или темелно обновена или завршена во II-четвртина на XI век. Сп.: В. Лазарев, Живопис XI-XII веков в Македонии, 115; Ц. Грозданов, Портрети на светителите, 42-43; Idem, Студии за охридскиот живопис, 24-34, 53-74; B. M. Schellewald, Die Architektur, 188; Б. Чипан, Света Софија, 86-92; Кирило-методиевска енциклопедия, III, 551-553; Н. Муцопулос, Базиликата "Св. Ахилий", 51.

подот на новооткиената црква е три-четири метри под основата на денешната Св. Софија. Пронајдените архитектонски делови на црквата се доволни да се заклучи дека се работело за раскошен и голем по димензии сакрален објект.[1000]

На пронајдениот столб насликан е непознат архиереј во цел раст, со раце молитвено испружени нанапред. Колоритот со кој е насликан, како и подлогата на кој е насликан, упатуваат дека станува збор за ран среден век. Исто така се добива првичен впечаток дека новопронајдената фреска нема никакви допирни точки во стилот на изработка со фреско-живописот на црквата Св. Софија од XI до XIV век. Веднаш до северниот столб на кој е насликан непознатиот архиереј во еден гроб е пронајден машки скелет со вкрстени раце на градите, закопан во правец исток-запад.[1001]

Ваквите мошне значајни археолошки наоди од 2004 г., кои досега никој посериозно научно не ги третирал, го навеле Г. Ангеличин-Жура да претпостави дека непознатата монументална сакрална градба всушност била самуиловата патријаршиска црква; непознатиот архиереј претставен на фреска веројатно бил Св. Климент (како патрон на Охридската архиепископија), а гробот можеби му припаѓал на некој од многубројните охридски архиепископи.[1002]

Мора веднаш да се истакне дека ваквите тези изгледаат неумерени и избрзани. Вистина е дека прелиминарното толкување на материјалните остатоци упатува на монументална и веројатно постара црковна градба од Св. Софија. Но сепак тоа не е доволно за да се изнесат такви тези.

Моменталните сознанија засега не дозволуваат попрецизно датирање на остатоците од црквата. Доколку се работи за црковна градба од II-та половина на IX век во предвид може да се земат дури три такви градби: црквата-седиште на охридските епископи; најмалку веројатно една од Борисовите соборни цркви или климентовата втора црква. Но доколку со понатамошните истражувања се утврди дека остатоците од црквата

---

[1000] Г. Ангеличин-Жура, Дали во Охрид е откриена, 79.

[1001] Ibidem, 82-83. Со тезата за Св. Климентов патронат на Охридската патријаршија во време на Самуил, Г. Ангеличин-Жура всушност му се придружува на М. Бошкоски (Прашањето на патронатот, 53-59).

[1002] Г. Ангеличин-Жура, Дали во Охрид е откриена, 79-83. Меѓу другото авторот смета дека при градбата на Св. Софија во време на архиепископот Лав бил употребуван градежниот материјал од разурнатата самуилова црква.

потекнуваат од нешто подоцнежно време тогаш останува сосема отворена можноста дека на тој простор навистина треба да се бара новата катедрална црква која ја изградил Самуил или темелно обновил и проширил некоја од претходно наброените цркви, веројатно кон крајот на X и почеток на XI век.

Доколку во иднина евентуално се потврди дека остатоците од новопронајдената градба припаѓаат на т.н. самуилова катедрална црква, тогаш би можело потполно да се отфрлат изнесените претпоставки во науката, кои покрај отсуството на било каква посериозна аргументација (пишана и материјална), сеуште ја поврзуваат денешната црква Св. Софија со Самуил и со Охридската патријаршија од негово време.

б) Горната велика црква на архиепископот Теодул

Податоците за архиепископот Теодул се исклучително скудни. Токму зато особено скапоцено е кусото известување дека ја подигнал т.н. горна велика црква со помош на Јован Анџо.

Прашањето за идентификација и локација на оваа црква сеуште стои отворено во науката. Поконкретно се наметнува прашањето кому му била посветена и каде поточно се наоѓала споменатата горна велика црква во Охрид?

Сметаме дека не е воопшто едноставно да се даде одговор на тоа прашање. За разлика од известувањето за архиепископот Лав во кое се потенцира дека ја изградил долната голема црква посветена на божјата премудрост (Св. Софија), за црквата која ја изградил Теодул не се открива кому била посветена. Така единствено може да се претпостави дека црквата која ја подигнал Теодул била голема и значајна црковна градба во погорниот дел од градот во споредба со Св. Софија, која се наоѓала во долниот дел на градот.

Во науката досега биле предложени неколку денес порепрезентативни цркви под или во чии денешни остатоци евентуално треба да се бара црквата која ја подигнал архиепископот Теодул. Според

И. Снегаров се работи за црквата Св. Богородица во малото Челница.[1003] Б. Чипан по ова прашање има поинакво гледиште. Тој смета дека Теодул ја подигнал горната црква на местото на денешната црква Св. Богородица Перивлепта.[1004]

Постои и трето мислење според кое горната голема црква, која ја изградил архиепископот Теодул, треба да се бара на местото на црквата Големи Св. Врачи (Св. Кузман и Св. Дамјан). Ваквата теза не се темели на археолошки наоди, туку на некои логички поврзувања, совпаѓања и аналогии. Иницијалните причини кои придонеле да се предложи една ваква теза се: големите димензии на денешната црква која била подигната во XIX век; нејзината местоположба (во горниот дел од градот недалеку од Горната порта) и нејзиното второ именување како Грчка црква. Дополнителен аргумент за веројатно постоење на пространа и постара црква на местото на онаа од XIX век се наведува постоењето на црквата Мали Св. Врачи од XIV век, во близина на Челната порта. Посведочената ситуација на егзистирање на постара и помала црква посветена на истите светци на посреден начин упатува на можноста дека во време кога таа била подигната (XIV ве) веќе од претходно постоела поголема црква посветена на истите светци.[1005]

Во врска со споменувањето на Јовам Анџо, кој ја помогнал изградбата на големата горна црква, не постојат други податоци. И. Снегаров можеби е во право кога претпоставува дека се работи за охридски благородник.[1006] Според Д. Коцо во Охрид до најново време е забележано постоење на фамилија со слично презиме Банџо,[1007] која сепак тешко дека може да се поврзе со Јован Анџо од XI век.

---

1003 И. Снегаров, История, I, 197 бел. 7.

1004 Б. Чипан, Света Софија, 67.

1005 Д. Коцо, Едно размислување за црквата што ја подигнал во Охрид охридскиот архиепископ Теодул кон средината на XI век, Прилози на МАНУ (Одделение за општествени науки), XIX/1, Скопје 1988, 5-10. Сп.: Г. Ангеличин-Жура, Натписи од црквата Св. Врачи Голема во Охрид, Зборник на средновековната уметност, 4, Скопје 2003, 75.

1006 И. Снегаров, История, I, 197.

1007 Д. Коцо, Едно размислување, 5.

в) Св. Пантелејмон

Во скудниот пишан изворен материјал не постојат податоци од кои би се потврдило функционирањето на црквата Св. Пантелејмон во XI век, иако влегувала во редот на првите такви градби од времето на возобновување на христијанството кон крајот на IX век. Раното канонизирање на Св. Климент за светец исто така може да претставува една индикација во прилог на можноста дека неговата црква била активна во периодот кој е предмет на интерес.

Но се чини дека од одредени археолошки сознанија се добива посредна потврда за нејзин подолг континуитет во делувањето. Имено со археолошките истражувања на локалитетот Имарет (Плаошник) од 1999 г., меѓу многубројните вредни наоди особено внимание привлекуваат прелиминарните и за жал необјавени сознанија од направената антрополошка анализа на неколку илјади скелети. Ф. Велјановска дошла до заклучок дека мнозинството од ископаните скелети од големата гробница на Имарет (Плаошник) имаат остатоци, односно белези од патолошки болести. Поинаку кажано причинините за нивната смрт треба да се бараат во боледувањето на покојниците од различни тешки болести. Концентрацијата на таков вид гробови на еден релативно ограничен простор секако дека не бил случаен. Хронолошкото одредување на средновековните некрополи е мошне широко, но секако дека еден дел од гробовите датираат од XI и XII век.[1008] Таквите сознанија упатуваат на силна индиција дека манастирот Св. Пантелејмон во еден подолг временски период во средниот век веројатно функционирал како лекувалиште-болница.[1009]

---

[1008] Се работи за необјавени податоци добиени од д-р Фаница Велјановска (Музеј на Македонија-Скопје), за што во оваа прилика и благодариме.

[1009] Општо за функционирањето на манастирите како болници/лекувалишта во Византија види: A. Philipsborn, Der Fortschrift in der Entwicklung des Byzantinischen Krankenhauswesens, Byzantinische Zeitschrift, Munchen 1961, 338-365; D. J. Constantelos, Byzantine Philantropy and Social Welfare, New Jersey 1968, 152-184; Idem, Poverty, Society and Philantropy in the Late Medieval Greek World, New York 1992, 123-128; T. S. Miller, The Birth of the Hospitals in the Byzantine Empire, Baltimore-London 1985, 12-29, 50-189; Byzantine and Islamic Medicine, A History of Medicine, IV, Omaha 2001, 105-121.

*   *   *
*

Освен црквите Св. Софија, Св. Пантелејмон и неидентификуваната горна црква која ја подигнал архиепископот Теодул, во XI век во Охрид веројатно биле подигнати и други помалку значајни црковни градби. За жал за таквите сознанија засега постојат единствено индиции.

Подолго време во науката преовладуваше мислењето дека постоел т.н. вакум период (XI-XII век) во градењето на цркви во Охрид. Имено се сметаше дека од XI век освен црквата Св. Софија; горната голема црква подигната од архиепископот Теодул; како и извесното постоење на манстирската црква Св. Пантелејмон, други црковни градби во Охрид не постоеле. Според последните истражувања, кои не се објавени, постојат одредени индиции дека црквите Св. Никола Чудотворец и Св. Четириесет Маченици веројатно имаат одредени градежни фази од XI-XII век.[1010]

[1010] Се работи за прелиминарни и необјавени податоци добиени од Г. Ангеличин-Жура, виш кустос при Музејот и Завод-Охрид.

# ЗАКЛУЧОК

Временската димензија (V-XI век), која беше предмет на опсежно научно-истражувачко проследување носи свои специфики кои најдоа соодветен одраз во историјата на доцноантички/раносредновековен Лихнид/Охрид. Се работи за период во кој се испреплетуваат и се менуваат различни воено-политички, административни, црковни и културно-просветни власти и влијанија.

По поделбата на Римското царство (395 г.) биле формализирани долготрајните и непремостливи политичко-црковни разлики меѓу Западната римска империја и Источното византиско царство. Од IV век била наследена административно-територијалната поделба, според која Охрид и пошироката околина припаѓале кон провинцијата Нов Епир. Припадноста кон таа провинција, фактот што Охрид уште во тоа време гравитирал кон провинцискиот центар Драч и досегашните незначителни истражувања во македонската историографија на таа тема, беа доволна провокација да се задржиме на историјатот за формирањето и развојот на споменатата провинција со соодветен акцент на вклученоста и значењето на Лихнид. Посебно внимание обрнуваме на варварските продори (V-VI век) од кои сигурно бил погоден или за дел од нив претпоставуваме дека бил засегнат Лихнид. Благодарение на еден подолг сочуван фрагмент од византискиот автор Малх од Филаделфија, опсежно го анализираме остроготскиот продор во провинциите Македонија и Нов Епир од 479 г.. Потребно е да се нотира дека токму Лихнид во тие случувања имал исклучително големо воено-стратегиско значење за Византија во превземените успешни воени и дипломатски акции за справување со остроготската опасност. Сосема е извесно дека уште од IV век во Лихнид била формирана епископија. Поради нерегулираните црковни односи меѓу двете империи двата века (V-VI) се проследени со чести пресметки за црковна превласт на балканските епископии, меѓу кои била и Лихнидската епископија. Улогата на лихнидските епископи била особено важна во тие борби, при што тие редовно се наоѓале во таборот на римскиот папа. Во периодот предмет на научен интерес урбаниот развој на градот достигнува

завидно високо ниво. Се смета дека токму тогаш се случило проширување на градското јадро. Впрочем најдобра потврда за урбаната експанзија претставуваат бројните остатоци на сакрални и профани градби ширум стариот дел на градот (Варош).

Во посебно поглавје се потрудивме објективно да го третираме периодот на словенските продори и населување. Се чини дека досегашните широко распространети мислења во науката за рано масовно словенско населување на целата територија на Македонија и целосно потиснување на византиското влијание постои простор да се ревидираат. Конкретно што се однесува за Лихнид/Охрид и околината извесно е дека бил колонизиран од Словените, но и понатаму останува отворено прашањето за интензитетот и времето на нивно помасовно населување. Од нумизматичката анализа произлегува дека византиската власт во градот била ликвидирана најдоцна до крајот на 80-тите години на VI век. Прекинот, односно дисконтинуитетот во урбаниот развој кој го доживеал градот во периодот на VII-VIII век Византија по се изгледа се погрижила да го надомести со формирање и подржување на најмалку две Комани-Кроја населби во околината на опустошениот Лихнид, кои освен за обезбедување на проодноста на патот Виа Егнатиа веројатно се грижеле за снабдување на Драч со одредени неопходни материјални ресурси (дрво, метали и др.). Посебно се осврнуваме на т.н. доминантна хипотеза за протегањето на словенското племе Берзити и склавинијата Берзитија во Централна и Западна Македонија. Поради присутните доста убедливи тврдења во науката дека племето Берзити од VII век и племето Брсјаци од XIX век немаат никаква етимолошко-етнографска врска, склони сме да ја отфрлиме т.н. доминантна хипотеза. На тој начин ни изгледа недоволно изворно засновано мислењето дека Охрид и околината сигурно или веројатно биле дел од склавинијата Берзитија.

Разгледувањето на прашањата за бугарското освојување на Охрид и неговата административна припадност е отежнато поради недостиг на изворни податоци. Сепак извесно е дека Охрид под бугарска власт приближно паднал во текот на првите десетина години од владеењето на кнезот Борис (852-889) и најверојатно станал дел на Деволскиот комитат.

Историјата на Охрид во тоа време принудени сме да ја проследуваме низ перспектива на животот и делувањето на двајцата словенски мисионери-просветители: Св. Климент и Св. Наум, опишани во хагиографски дела и поткрепени со одредени археолошки сознанија. Особено детално се задржуваме на градителскиот сегмент од делувањето на Св. Климент, при што сметаме дека втората климентова црква не треба да се бара на Плаошник. Додека за Св. Климент Охрид претставувал неформален центар на неговото делување, каде подигнал барем две цркви, ги удрил темелите на книжевната школа и по сопствена желба бил закопан во гробница што сам си ја подготвил, за Св. Наум не постојат податоци од кои би произлегло дека тој воопшто престојувал и делувал во Охрид. Бидејќи неговиот манастир влегувал во Деволската област по се изгледа дека неговата дејност била главно концентрирана на тој простор, па можеби затоа епитетот Охридски покрај неговото име се јавува подоцна за разлика од Св. Климент. Соодветен простор издвојуваме на обработка на податоците кои сведочат за функционирање на Охридска епископија

Од самите почетоци на движењето на комитопулите (969 г.); за време на востанието (976 г.) и подоцна целиот период на постоењето на Самуиловата држава (976-1018) градот Охрид влагувал во "централните" или "внатрешните" области на востанието и на државата. Значајно е да се потенцира дека најверојатно во првите години на XI век од Преспа во Охрид било преселено црковното седиште како и државниот административен апарат и институциите, но по се изгледа како постојано место на живеење до својата смрт Самуил го задржал дворецот во Преспа. Впрочем зачудува отсуството на барем еден податок кој директно или индиректно би упатувал на евентуален престој на Самуил во Охрид. Во времето на царот Јован Владислав Охрид директно се споменува во изворите во врска со два настана. Првиот, дека во 1015 г. градот делумно бил освоен од Византијците и сосема кусо време останал под нивна контрола и вториот поопширен, дека во 1018 г. Охрид бил мирно потчинет лично од царот Василиј II. Двата податока мошне детално ги анализираме и нудиме некои нови согледувања.

Сосема е разбирливо дека за XI век постојат поисцрпни изворни податоци. Тоа е период кога Охрид речиси континуирано се наоѓал под византиска власт, која до владеењето на царот Алексиј I, главно доста неуспешно се обидувала да ги консолидира и зацврсти политичките и црковните позиции. По 1018 г. бил воспоставен исклучително сложен административен систем, кој тешко дека може точно да се реконструира. Откако во првичниот период по византиското покорување градот секако влегувал во новоформираната голема тема-катепанат Бугарија, можеби веќе во текот на III-та четвртина на XI век била формирана посебна мала тема Охрид, која имала фискална и воена функција. Посебно место во истражувањата завземаат податоците кои непосредно или посредно сведочат за опфатеноста на Охрид во востанието на Петар Делјан и она предводено од Ѓеорги Војтех и Константин Бодин. За време на второто востание војсководачот Петрило успеал за кусо време да го завземе градот, но тоа не оставило потрајни последици за градот и за текот на востанието. Во времето на царот Алексиј I Комнин Охрид имал исклучитено важна улога за време на византиско-норманската војна (1081-1085), како воен византиски истурен пункт во борбите со Норманите. Подетално ги толкуваме податоците од А. Комнина за повторното делумно завземање на Охрид, овојпат од норманскиот водач Боемунд Тарентски. Значајни се податоците, главно од западна провиниенција, кои го опишуваат поминувањето на војските од Првата крстоносна војна (1096-1099), по патот Виа Егнатиа. Во тој контекст се задржуваме на извесното именување на Охрид со поимот Lucretia (Лукреција). Исто така го третираме последниот обид на Боемунд Тарентски да завладее со делови од Балакнот во 1107/1108 г.

Несомнено главен пишан извор за проследување на социјално-економските прилики во градот во XI и почеток на XII век претставуваат писмата на охридскиот архиепископ Теофилакт. Од бројните податоци направена е внимателна селекција и ползувани се оние кои подиректно се однесуваат на Охрид. Значајно е да се истакне дека од нив се открива нетрпеливиот и непријателски однос на Теофилакт кон даночниците и обратно во врска со еден актуелен спор кој се водел за едно село во

близина на Охрид. Освен за црковното стопанство во посебен дел расправаме за односот на Теофилакт кон Охриѓаните и обратно и посебно се задржуваме на причините за демонстрираната отворена нетрпеливост. Изложувајќи различни мислења и отфрлајќи го мислењето за некаква "етничка" нетрпеливост, најприфатливо ни изгледа гледиштето дека се работи за византиска идеолошка матрица и културолошко-интелектуален јаз меѓу една образована личност од Константинопол и просечни граѓани-"варвари" од еден оддлечен провинциски град. Особено опширно се осврнуваме на урбаната структура, остатоците на материјалната култура и нумизматичките наоди. Евидентно е дека стоко-паричната размена до крајот на XI век во Охрид незначително била развиена и покрај конвертирањето на натуралните во парични даноци. Тоа е еден важен параметер кој влијае во определувањето на степенот на економски развој и сосема доволен репер за да може да се констатира дека градот сеуште не излегол од раносредновековниот период на развој. Големи потешкотии предизвикува главно неможноста од потесно датирање на движните и недвижните археолошки наоди од XI век. Тоа исто така се однесува и на остатоците од профаните градби. Во врска со црковните прилики градот како седиште на висока црковна институција-Охридската архиепископија имал особено значење. Иако е извесно дека во времето на Самуил, веројатно архиепископот/патријархот Филип се преселил од Преспа во Охрид, ништо не се знае за неговото делување и до кога останал на високата позиција. За идентификација на следниот охридски поглавар постојат контрадикторни податоци, но сепак потрено е да се прифати дека се работело за Јован, а не за Давид, кој по ликвидирањето на Самуиловата држава бил задржан на архиепископската позиција. На крај се задржуваме на охридските црковни градби од кои Св. Софија далеку ги надминува останатите. Во тој контекст останува и натаму неизвесно дали црквата ја подигнал Самуил или архиепископот Лав. Во последно време можеби се засилуваат индициите дека Самуил изградил друга одделна црква, а не постоечката Св. Софија.

# КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

## Извори:


Annales Bertiniani, ed. G. Pertz, MGH SS, 1, 1826.

Anne Comnene, Alexiade-Regne de l'Empereur Alexis I Comnene 1081-1118), Texte etabli et traduit par B. Leib, I-III, Paris 1937, 1943, 1945 **(Alexiade, I, II, III)**

Anonymi Gesta Francorum et aliorum Hierosolymitanorum, ed. Brehier, Histoire anonyme de la Premiere croisade, Paris 1924.

Claudii Claudiani Carmina, rec. T. Birt, MGH AA, X, Berolini 1892.

Constantine Porphyrogenitus, De administrando imperio, (Gy. Moravcsik), Washington D.C., 1967.

Cronaca di Monemvasia. Introduzione, Testo Critico, Traduzione e Note I. Dujcev, Palermo 1976. **(Cronaca di Monemvasia)**.

Византиски извори за историју народа Југославије, I, Београд 1955 **(ВИИНЈ, I)**.

Византиски извори за историју народа Југославије, III, Београд 1966 **(ВИИНЈ, III)**.

Gelzer H., Ungedrukte und wenig bekannte Bistümverzeichnisse der orientalischen Kirche, Byzantinische Zeitschrift, 2/1893, **(H. Gelzer, Ungedrukte)**.

Gesta Frankorum Iherusalem expugnatum, Recueli des Historiens des Croisades. Historiens occidentaux, III, Paris 1879, 486-543.

Guillelmi Tyrensis Archiepiscopi, Historia rerum in partibus transmarinis gestarum, ed. Migne, PL 201, Paris 1903 **(Guillelmi Tyriensis)**.

Гръцки извори за българската история, VI, София 1965 **(ГИБИ, VI)**.

Гръцки извори за българската история, IX/I, София 1974. **(ГИБИ, IX/I)**.

Гръцки извори за българската история, IX/II, София 1994. **(ГИБИ, IX/II)**.

Gregorii I papae registrum epistolarum, ed. P. Ewald, MGH, Epistolae, I, Berlin 1899.

Договорот за сојуз и пријателство напревен меѓу господинот Карло Валоа император Константинолоски и кралот Урош (превод на изданието на L. Mavromatis, Л. Славева), Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, II, Скопје 1977.

Zosimi comitis et exadvocatus fisci Historia Nova, ed. L. Mendelssohn, Lipsiae 1887.

Иванов Й., Български старини из Македония (фототипно издание), София 1970 (**Й. Иванов, Български старини**).

Ioannis Zonarae Epitomae Historiarum, III/XIII-XVIII, ed. Th. Buttner-Wobst, Bonnae, 1897 **(Zonarae).**

Ioannis Scylitzae Sinopsis Historiarum, Editio Princeps (rec. I. Thurn), Berolini et Novi Eboraci 1973 (**Scylitzae**).

Iordanis Romana et Getica (recensuit: T. Mommsen), Berlin 1961 **(Iordanis Romana et Getica)**.

Joannes Scylitzes Continuatus, ed. E. T. Colakis, Thessalonike 1986 **(J. Scylitzes Continuatus)**.

Йордан, О происхождении и деяниях Гетов "Getica" (Е.Ч. Скржинская), Москва 1960 (**Йордан, О происхождении и деяниях Гетов "Getica"**).

La Notitia Dignitatum (Nueva Edicion Critica Y Comentario Historico, Concepcion: Neira Faleiro), Nueva Roma 25, Madrid 2005.

Латински извори за българската история, I-II-III, София 1958, 1960, 1965, (**ЛИБИ, II, III**).

Lemerle P., Les Plus Anciens Recueils des Miracles de Saint Demetrius et la Penetration des Slaves dans les Balkans, I, Paris 1979 **(P. Lemerle, Miracles, I,)**.

Le Quien, Oriens Christianus, II, Parisiis 1740.

Lupus Protospatarus Annales a. 855-1102, MGH SS, V, ed, G. Pertz

Marcellini V.C. Comitis Chronicon, MGH AA, XI, ed. Th. Mommsen, Berolini 1894 **(Marcellini V.C. Comitis Chronicon).**

Michaelis Attaliotae Historia, ed. I. Bekkeri, Bonnae 1853.

Милев А., Гръцките жития на Климент Охридски, София 1966 (**А. Милев, Гръцките жития**).

Miller K., Itineraria Romana (Römische Reisewegen der Hand der Tabula Peuntengeriana), Stuttgart 1916 **(K. Miller, Itineraria Romana)**.

Мошин В., Словенски ракописи во Македонија, I, Скопје 1971.

Недков Б., Бъгария и съседните и земи през XII век според Идриси, София 1960.

Nicephori Bryennii Historiarum, Libri Quattuor, ed. P. Gautier, Bryxellis 1975.

Notitia Dignitatum, accedunt Notitia urbis Constantinopolitanae et Laterculi provinciarum, ed. Seeck, Berolini 1876 **(Notitia Dignitatum).**

Notitia Episcopatuum Ecclesiae Constantinopolitanae (Tehte, critique, introduction et notes par J. Daruzes), Paris 1981 **(Notitia Episcopatuum)**.

Oikonomides N., Les listes de preseance des IX et X sicles, Paris 1972.

Orderici Vitalis Historia Ecclesiastica, ed. Pertz, MGH, Santa Scriptores XX, Hannoverae 1868.

Petri Tudebodi seu Tudebodovis, sacerdotis Sivracensis, Historia de Hierosolymitano itinere, Recueil des historiens des croisades. Historiens occidentaux, III, Paris 1886, 1-117 **(Petri Tudebodi).**

Писмата на Теофилакта Охридски, архиепископъ български, Превел отъ гръцки митрополит Симеонъ Варненски и Преславски, Сборник на БАН, XXVII/15, София 1931 **(М. Симеонъ, Писмата на Теофилакта)**

Procopii Caesariensis Opera Omnia (recognovit Iacobus Haury), Volumen III/2, VI Libri ΠΕΡΙΚΤΙΣΜΑΤΟΣ sive De aedificiis cum duobus indicibus et appendice, Lipsiae in aedibus B. G. Teubneri 1913. **(Procopii De aedificiis).**

Procopii Caesariensis Opera Omnia (recognovit: Jacobus Haury), vol. II, De Bellis, Libri V-VIII (edition stereotypa correctior addenda et corrigenda adiecit: Gerhard Wirth), Lipsiae in Aedibus B. G. Teubneri 1963 **(Procopii De Bellis, II/V-VIII).**

Prokopije iz Cezareje, Tajna istorija (prevod: A. Vilhar; predgovor i komentar: Dr. R. Radić), Beograd 2004. **(Prokopije, Tajna istorija)**

Prosopography of the Byzantine World: Seals (http://linnet.cch.kcl.ac.uk).

Prosperi Continuatio Havniensis, ed Th. Mommsen , MGH Auct. antiquiss, IX, 1892.

Raimundi de Aguilers canonici Podiensis Historia Francorum qui ceperunt Iherusalem, Recueil des historiens des croisades. Historiens occidentaux, III, Paris 1866, 231-310 **(Raimundi de Aguilers).**

Roberti monachi Historia Iherosolimitana, ed. Bongars, Recueil des historiens des croisades, Historiens occidentaux, III, Paris 1879.

Розен В. Р., Императот Василий Болгаробойца, Извлечения из летописи Яахъи Антиохийского, Санктпетербург 1883 (=Variorum Reprints, London 1972).

Sacrorum conciliarum nova et amplissima collection, v. XVII-XVIII (ed. J. D. Mansi), Firenze 1769 **(Sacrorum conciliarum).**

Советы и рассказы Кекавмена, ред. Г. Г. Литаврин, Москва 1972.

Sozomenos Historia Ecclesiastica, Patrologia cursus completus, Series Graeca, 126, ed. J. P. Migne, Paris 1864 **(Sozomenos Historia).**

Турски документи за историјата на македонскиот народ (Опширен пописен дефтер на Охридскиот санџак од 1583 г.-превод, редакција и коментар д-р А. Стојановски), VIII/1, Скопје 2000.

Theophanis, Chronographia, ed. De Boor, Lipsiae 1883. **(Theophanis Chronographia).**

The Chronicle of Theophanes Confessor-Byzantine and Near Eastern History AD 284-813 (Translated with Introduction and Commentary by C. Mango and R. Scott), Oxford 1997 **(The Chronicle of Theophanes)**.

Theophylacti Archiepiscopi Bulgariae, Epistolae ed. J. P. Migne, PG, CXXVI, Paris 1864.

Theophylacte D΄ Achrida Lettres (Introduction, texte, traduction et notes par P. Gautier), Thessalonique 1986 **(Theophylacte)**.

The Alexiad of Anna Comnena (translated from Greek by E.R.A. Sewter), London 1969.

The Fragmentary Classicising Historians of the Later Roman Empire (Eunapius, Olympiodorus, Priscus and Malchus), I, (The Historians: R.C. Blockley), Liverpool 1981.

The Fragmentary Classicising Historians of the Later Roman Empire (Eunapius, Olympiodorus, Priscus and Malchus), II, (Text, Translation and Historiographical Notes: R.C. Blockley), Liverpool 1983 **(The Fragmentary Malchus, II) (The Fragmentary Priscus, II).**

Festi Breviarium rerum gestarum populi Romani, edidit: Carolus Wagner, Lipsiae-Pragae 1886 **(Festi Breviarium)**.

Firmiani Lactanti Opera omnia accedunt carmina eius quae ferentur et L. Caecilii qui inscriptus est de mortibus persecutorum liber, Corpus Scriptorum ecclesiasticorum latinorum, vol. XXVII, fasc. II, ed. S. Brandt, G. Laubmann, Wien 1897.

Fulcherii Carnotensis Historia Iherosolymitana, Recueli des Historiens des Croisades. Historiens occidentaux, III, Paris 1866, 311-486 **(Fulcherii)**.

Fulheri Carnotensis, Historia Hierosolymitana (1095-1127) (Mit Erlauterungen und einem Anhange herausgegeben von H. Hagenmeyer), Heidelberg 1913 **(Fulheri Carnotensis)**.

Fundatio ecclesiae Sancti Albani Namucensis, MGH SS XV, 2.

Hieroclis Synecdemus et Notitiae Graecae Episcopatuum, accedunt Nili Doxapatrii Notitia Patriaarhatuum et Locorum Nomina Imutata, ex recognitione Gustavi Parthey, Amsterdam 1967 **(Hieroclis Synecdemus et Notitiae Graecae Episcopatuum)**.

Hilarius, Collectanea Antiariana, Parisiana B II 4 (ed. A. L. Feder), Corpus scriptorium ecclesiasticorum Latinorum, 65, Wien 1916.

Honigmann E., La Liste Originale des Peres de Nicee, Byzantion, XIV/1, Bruxelles 1939, **(E. Honigmann, La Liste Originale).**

Honigmann E., The Original Lists of the Members of the Council of Nicaea, the Robber-Synod and the Council of Chalcedon, Byzantion, XVI/1 (1942-1943), Boston 1944, **(E. Honigmann, The Original Lists).**

# Литература:


Алексова Б., Средновековна керамика од црквата Св. Софија во Охрид, ГИНИ, V/1-2, Скопје 1960, 175-187.

Алексова Б., Loca Sanctorum Macedoniae-Култ на мартирите во Македонија од IV до IX век, Скопје 1995. **(Б. Алексова, Loca Sanctorum Macedoniae).**

Angold M., Church and Society in Byzantium under the Comneni 1081-1261, Cambridge 1995 (**M. Angold, Church and Society**).

Angold M., The Byzantine Empire 1025-1204-A Political History, London-New York 1997.

Ангеличин-Жура Г., Страници од историјата на уметноста на Охрид и Охридско (XV-XIX), Охрид 1997.

Ангеличин-Жура Г., Натписи од црквата Св. Врачи Голема во Охрид, Зборник на средновековната уметност, 4, Скопје 2003,

Ангеличин-Жура Г., Непознати ликови на свети Климент во средновековни цркви, Св. Климент Охридски-живот и дејност, Скопје 2007, 17-36.

Ангелеичин Жура Г., Дали во Охрид е откриена самоиловата патријаршија?, Транзициите во историјата и културата (Прилози од Меѓународната научна конференција одржана во Скопје на 30-31 октомври 2006 година, во соработка со Етнографскиот институт со музеј при Бугарската академија на науките), Скопје 2008, 79-83 (**Г. Ангелеичин Жура, Дали во Охрид е откриена**).

Ангелов Д., Българската държава и славянската писменост и култура, Константин-Кирил Философ, БАН-София 1969,

Ангеловска-Панова М., Македонија за време на византиско-норманската војна 1081-1085, Македонската историска наука-достигнувања и проблеми, Скопје 2000, 39-45 (**М. Ангеловска-Панова, Македонија за време на византиско-норманската војна**).

Anderson J. G., The Genesis of Diocletian's Provincial Re-organisation, The Journal of Roman Studies, 22, London 1932, 24-32.

Антолјак С., Самуиловата држава, Скопје 1969 (**С. Антолјак, Самуиловата држава**).

Антолјак С., Критички осврт на изворите за Самоиловата држава (до 1014), Илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на Самоиловата држава, Скопје 1971, 21-58.

Антолјак С., Македонските Склавинии, Средновековна Македонија, I, Скопје 1985, 127-151 **(С. Антолјак, Македонските Склавинии)**.

Антолјак С., Македонија во IX век, Средновековна Македонија, I, Скопје 1985, 180-216 **(С. Антолјак, Македонија во IX век)**.

Антолјак С., Македонско-византиските односи во IX век, Средновековна Македонија, I, Скопје 1985, 216-224 **( Македонско-византиските односи)**.

Антолјак С., Воено-административната организација на македонските склавинии, Средновековна Македонија, I, Скопје 1985, 152-160.

Антолјак С., Вистината за востанието на комитопулите, Средновекввовна Македонија, I, Скопје 1985, 604-610.

Антолјак С., Создавање и проширување на јадрото на Самуиловата држава во периодот од 969 до 976 година, Средновекввовна Македонија, I, Скопје 1985, 635-661.

Антолјак С., Охридската архиепископија во време на владеењето на царевите Самуил и Василиј II, Средновековна Македонија, 1, Скопје 1985, 672-694 **(С. Антолјак, Охридската архиепископија)**.

Антолјак С., Учеството и улогата на Србите, Хрватите и Унгарците во востанието на Георги Војтех (1072), Средновековна Македонија, 1, Скопје 1985, 726-770.

Ahrweiler H., Recherches sur l'administration de l'empire byzantin aux IX-XI siecles, Variorum Reprints, London 1971.

Arveler N., Politička ideologija vizantijskog carstva, Beograd 1988.

Археолошка карта на Р. Македонија, II, Скопје 1996 **(Археолошка карта, II)**.

Asbridge T., The First Crusade-A New History, Oxford 2004 **(T. Asbridge, The First Crusade)**.

А. Атанасовски, Преодот од античката кон средновековната римска историја, Транзициите во историјата и културата (Прилози од Меѓународната научна конференција одржана во Скопје на 30-31 октомври 2006 година, во соработка со Етнографскиот институт со музеј при Бугарската академија на науките), Скопје 2008, 51-62.

Ausbutte F. M. l, Theoderich der Grosse, Darmstadt 2003 F. **(M. Ausbuttel, Theoderich der Grosse).**

Аџиевски К., Стипион (Ступион) не е Штип, ГЗФФ, 14 (40), Скопје 1987, 88-92.

Аџиевски К., Пелагонија во средниот век (Од доселувањето на Словените до паѓање под турска власт), Скопје 1994 **(К. Аџиевски, Пелагонија)**.

Бабиќ Б., Средновековно културно богатство на СР. Македонија, Прилеп 1974.

Бабиќ Б., Денешните територии на Република Македонија и Република Албанија во VII и VIII век, Цивилизации на почвата на Македонија- Прилози за истражувањето на историјатана културата на почвата на Македонија, кн. 2, Скопје 1995, 153-182 **(Б. Бабиќ, Денешните територии)**.

Bailly A., Dictionnaire Grec Francais, Paris 1959.

Баласчев Г., Климент, епископ словенски и службата му по стар словенски превод, София 1898.

Baldwin B., Malchus of Philadelphia, Dumberton Ouks Papers, 31, Waschington 1977, 91-107.

Buckler C., Anna Comnena, London 1929.

Баришић Ф., Византиски Сингидунум, ЗРВИ, 3, Београд 1955, **(Ф. Баришић, Византиски Сингидунум)**.

Barnes T. D., The New Empire of Diocletian and Constantine, Cambridge-London 1982 **(T. D. Barnes, The New Empire)**.

Белчовски Ј., Охридската архиепископија од основањето до паѓањето на Македонија под турска власт, Скопје 1997.

Birkenmeier J. W., The Development of the Komnenian Army (1081-1180), Brill-Leiden-Boston-Koln 2002.

Битракова-Грозданова В., Старохристијански споменици во Охридско, Охрид 1975 **(В. Битракова-Грозданова, Старохристијански споменици)**.

Битракова-Грозданова В., Спомениците од предисториски и антички период, Охрид и Охридско низ историјата, I, Скопје 1985, **(В. Битракова-Грозданова, Спомениците од антички период).**

Битракова-Грозданова В., Топографијата и урбаниот развој на Лихнидос, Историја, XXII/II, Скопје 1986, 249-263 **(В. Битракова-Грозданова, Топографијата и урбаниот развој)**.

Битракова-Грозданова В., Мозаиците во охридскиот регион и врските со медитеранот, Цивилизации на почвата на Македонија, Прилози за истражувањето на историјата на културата на почвата на Македонија, кн. 2, Скопје 1995, 67-80.

Битракова-Грозданова В.- Кузман П., Lyhnidos во раната антика (нови археолошки докази), Историја, XXXIV/XXXV/1-4, Скопје 1998/1999, 97-105.

Битракова-Грозданова В., Лихнид во ранохристијанскиот период и неговото урбано јадро, Јубилеен зборник-25 години митрополит Тимотеј, Охрид 2006, 257-268 **(В. Битракова-Грозданова, Лихнид во ранохристијанскиот период)**.

Byzantine and Islamic Medicine, A History of Medicine, IV, Omaha 2001.

Blockley R. C., East Roman Foreign Policy: Formation and Conduct from Diocletian to Anastasius, Leeds 1992 **(R. C. Blockley, East Roman Foreign Policy)**.

Божилов И.- Гюзелев В., История на средновековна България VII-XIV век, История на България в три тома, т. I, София 1999 **(И. Божилов-В. Гюзелев, История на средновековна България, I)**.

Bošković Đ. - Tomovski K., Средновековната архитектура во Охрид, Зборник на трудови (посебно издание по повод 10-годишнината од основувањето на Музејот, посветено на XII меѓународен конгрес на византолозите), Охрид 1961, 71-100.

Бошковић Ђ., О неким проблемима развитка материјалне и духовне културе и ликовних уметности средњег века у Македонији, Зборник, VI-VII (1967-1974)(Зборник посветен на Димче Коцо), Скопје 1975, .

Бошковски М., Македонија во XI и XII век-надворешни упади на територијата на Македонија, Скопје 1997 **(М. Бошковски, Македонија во XI и XII век)**.

Бошкоски М., Имињата Македонија и Македонци во средновековните извори, Скопје 2003 **(М. Бошкоски, Имињата Македонија и Македонци)**.

Бошкоски М., Прашањето за патронатот на црквата во времето на македонската средновековна држава (969-1018), Св. Климент Охридски-живот и дејност, Скопје 2007, 37-59 **(М. Бошкоски, Прашањето за патронатот).**

Bratož R., Razvoj organizacije zgodnjekrščanske cerkve na ozemlju Jugoslavije od 3. do 6. stoletja, Zgodovinski časopis, 40/4, Ljubljana 1986, 363-395 **(R. Bratož, Razvoj organizacije)**.

Братож Р., Ранохристијанската црква во Македонија и нејзиниот однос спрема Рим, Избор од емитуваните содржини на третата програма на Радио Скопје, бр. 44, Скопје 1990, **(Р. Братож, Ранохристијанската црква).**

Browning R., Byzantium and Bulgaria, London 1975 **(R. Browning, Byzantium and Bulgaria)**.

Burns T. S., A History of the Ostrogoths, Bloomington 1984 **(T. S. Burns, A History of the Ostrogoths)**.

Wasilewski T., Les titres de duc, de catepan et de pronoetes dans l'empire byzantin du IX-XI siecles, Actes du XII Congrese Internationale d'Etudes Byzantine, II, Beograd 1964, 233-239.

Vasiliev A. A., Justin the First-Introduction to the Epoch of Justinian the Great, Cambridge 1950 **(A. A. Vasiliev, Justin the First).**

Венедиков И., Климент Охридски и Добета, Климент Охридски 916-1966, БАН-София 1966,

Венедиков И., Военното и административното устройство на България през IX и X век, София 1979 **(И. Венедиков, Военното и административното устройство).**

Williams S., Diocletian and the Roman Recovery, London 1997 **(S. Williams, Diocletian and the Roman Recovery).**

Vinski Z., Rani srednji vek u Jugoslaviji od 400. do 800. god., Vjesnik arheološkog muzeja u Zagrebu 1971,

Wirth G., Atila und Byzanz, Byzantinische Zeitschrift, 60/1, München 1960, 45-57.

Whitby M., The Emperor Maurice: Theophylact Simocatta on Persian and Balkan Warfare, Oxford 1988 **(M. Whitby, The Emperor Maurice).**

Вражиновски Т., Христијанските светци во народната традиција на Македонците, Религиите и религиските аспекти на материјалната и духовната култура на почвата на Република Македонија-Прилози за истражувањето на историјата на културата на почвата на Македонија, кн. 4, Скопје 1996, 289-293.

Вражиновски Т., Култот на Светите Климент и Наум Охридски, Народна традиција-религија-култура, Скопје 1999, 63-76 **(Т. Вражиновски, Култот на Светите Климент и Наум Охридски).**

Wolfram H., History of the Goths, Berkeley 1988 **(H. Wolfram, History of the Goths).**

Георгиев Е., Охридската книжевна школа, Сборник от статии по случай 1050 години от смртта му, София 1966

Георгиев Е., Състояание на научната проблематика около личноста и дейноста на Климент Охридски-Материали за неговото чествуване по случай 1050 години от смртта му, София 1968, 51-66.

Грозданов Ц., Охридско ѕидно сликарство во XIV век, Охрид 1980.

Грозданов Ц., Портрети од светителите од Македонија (IX-XVIII), Скопје 1983 **(Ц. Грозданов, Портрети од светителите).**

Грозданов Ц., Најстарите портрети на Климент Охридски, Климент Охридски-Студии, Скопје 1986, 238-253.

Грозданов Ц., Извори за познавање на старата градска архитектура во Охрид, ГЗФФ, 13 (39), Скопје 1986, **(Ц. Грозданов, Извори за познавање)**.

Грозданов Ц., Студии за охридскиот живопис, Скопје 1990 **(Ц. Грозданов, Студии за охридскиот живопис)**.

Грозданов Ц., Свети Астиј Драчки во средновековниот живопис, Религиите и религиските аспекти на материјалната и духовната култура на почвата на Република Македонија-Прилози за истражувањето на историјата на културата на почвата на Македонија, кн. 4, Скопје 1996, 23-32.

Грозданов Ц., Свети Наум Охридски (второ издание), Скопје 2004 **(Ц. Грозданов, Свети Наум Охридски)**.

Gyorffy G., Zur Geschichte der Eroberung Ochrids durch Basileios II, Actes du XIIe Congres internationale d'etudes Byzantines, II, Beograd 1964, 149-154.

Dagron G., The Urban Economy, Seventh-Twelfth Centuries, The Economic History of Byzantium (From the Seventh through the Fifteen Century), ed. A. E. Laiou, 2, Washington, D.C. 2002.

Delikari A., Der Hl. Klemens und die Frage des Bistums von Velitza (Identifizierung, Bischofsliste-bis 1767 und Titularbischofe), Thessaloniki 1997 **(A. Delikari, Der Hl. Klemens)**

Δημητρακου Δ., Μεγα Λεξικον ολης της Ελληνικης Γλωσσης, Τ. II, Αθεναι 1964.

Димитров Б., Български старини в Македония, София 2000.

Дуйчев И., Сонщинското значение на името Μοκρος у Ана Комнина, Македонски прегледъ, VIII/3, София 1933, 14-35; VIII/4, 1-20.

Дуйчев И., Климент Охридски в научното дирене (постижения и задачи), Материали за неговото чествуване по случай 1050 години от смртта му, София 1968, 21-31.

Ducellier A., La façade maritime de l'Albanie au moyen age, Durazzo et Valona du XIe au XVe siecle, Thessaloniki 1981.

A. Dunn, The Transition from *Polis* to *Kastron* in the Balkans (III-VII cc.): General and Regional Perspectives, Byzantine and Modern Greek Studies, 18, Birmingham 1994, 60-80.

Душаниќ М., Epirus Nova Dalmatorum, Жива Антика, 20, Skopje 1970, **(М. Душаниќ, Epirus Nova Dalmatorum).**

Гюзелев В., Княз Борис Први, София 1969 (**В. Гюзелев, Княз Борис Први**).

Epstein A. W., The Political Content of the Paintings of Saint Sophia at Ohrid, Jahrbuch der Österreichischen Byzantinistik (JÖB), 29, 1980, (**A. W. Epstein, The Political Content**).

Errington M., Malchos von Philadelpheia, Kaiser Zenon und die zwei Theoderiche, Museum Helveticum, 40/2, Basel 1983, 82-110 (**M. Errington, Malchos von Philadelpheia**).

Живковић Т., Дукљанско византијски рат 1072-1075, Историјски часопис, XLVII (2000), Београд 2002, 35-57 (**Т. Живковић, Дукљанско византијски рат**).

Живковић Т., Јужни Словени под византијском влашчу, Београд 2002 (**Т. Живковић, Јужни Словени**).

Живковић Т., Црквена организација у српским земљама (рани средњи век), Београд 2004.

Заимова В., Иван Владислав и неговияат надпис, Битолски надпис на Иван Владислав самодържец български, София 1970.

Зечевић Н., . . . Usque ad Illyricum . . . Ubi Cuncta Perierunt? Илирик у писаним извештајима IV-VII века, Трећа југословенска конференција византолога (Крушевац 10-13. мај 2000), Београд-Крушевац 2002, 165-174 (**Н. Зечевић, Илирик у писаним извештајима IV-VII века**).

Зечевић Н., Византија и Готи на Балкану у IV и V веку, Београд 2002 (**Н. Зечевић, Византија и Готи).**

Златарски В. Н., Багора-Бабагора-Bagulatus, Сборникъ въ честь на А. Иширковъ, София 1933, (**В. Н. Златарски, Багора-Бабагора-Bagulatus**).

Златарски В., История на Българската държава, I, I/2, II, София 1934 (**В. Златарски, История на Българската държава**).

Зоговиќ С., Општеството и народната култура на Македонија во раниот среден век, Прилеп 2002.

Зоговиќ С., Постојат ли суштински врски меѓу Берѕитите/Верѕитите и Брсјаците, Зборник: 70 години од истражувањето на Јосиф Обрембски во Порече, Р. Македонија (Меѓународен научен собир, Самоков, 14-16 септември 2001 г.), Прилеп 2002, 235-249. (**С. Зоговиќ, Постојат ли суштински врски**).

Иванишевиќ В.- Кондијанов J., Наоди на византиски фолеси од крајот на X и XI век во Македонија, Македонски нумизматички гласник, 1, Скопје 1994, 85-97.

Ивановъ Й., Царъ Самуиловата столица въ Преспа, Известия на Българското археологическо дружество, I, София 1910

Иконе из Југославије (текст и каталог: В. Ј. Ђурић), Београд 1961.

Илиевска К., Презвитер Наум (од монашката терминологија), Светите Климент и Наум Охридски и придонесот на охридскиот духовен центар за словенската просвета и култура, Скопје 1995, 203-212.

Илиевски П. Хр., Просветната програма на Св. Климент Охридски, Климент Охридски и улогата на Охридската книжевна школа во развитокот на словенската просвета, Скопје 1989, 267-276 **(Просветната програма на Св. Климент Охридски)**.

Илиевски П. Хр., Свв. Климент и Наум Охридски (Просветителство со удвоени сили), Светите Климент и Наум Охридски и придонесот на Охридскиот духовен центар за словенската просвета и култура, Скопје 1995, 17-30 **(П. Хр. Илиевски, Свв. Климент и Наум Охридски)**.

Илјовски Р., Византиско-унгарски сојуз во почетокот на XI век против Самуил И неговите наследници, ЗРВИ, 29-30, Београд 1991, 75-100.

Историја на македонскиот народ, I, Скопје 1969 **(Историја на македонскиот народ, I)**.

Историја Црне Горе, I, Титоград 1967 **(Историја Црне Горе, I)**

Историја српског народа, I, Београд 1981 **(Историја српског народа, I)**.

История на България, II, София 1981.

Историја на македонскиот народ, I, Скопје 2000.

Јакимовска-Тошиќ М., Црковната организација во Македонија и канонизацијата на словенските светители, Slavia Meridionalis, 5, SOW, Warszawa 2005, **(М. Јакимовска-Тошиќ, Црковната организација)**.

Jones A. H. M., The Later Roman Empire (284-602), III, Oxford 1964 **(A. H. M. Jones, The Later Roman Empire (284-602), III)**.

Йорданов И., Печатите на архиепископи на Бъгария (1018-1185), Сфрагистика и история культуры (Сборник научных трудов, посвященный юбилею В. С. Шандровской), Санкт-Петербург 2004, **(И. Йорданов, Печатите на архиепископи на Бъгария (1018-1185))**

Каждан А. П., Деревная и город в Византии IX-X вв., Москва 1960.

Каждан А. П., Армяне в составе господствуюшего класса византийской империи в XI-XII в.в., Ереван 1975.

Kazhdan A. P. and Epstein A. W., Change in the Byzantine Culture in the Eleventh and Twelfth Centuries, Berkeley-Los Angeles-London, 1985 (**A. P. Kazhdan and A. W. Epstein, Change in the Byzantine**).

Katičić R., Korespondencija Teofilakta Ohridskog kao izvor za historiju srednjovjekovne Makedonije, ЗРВИ, 8/2, Београд 1964, 177-189.

Kyriakides S., Βυζαντιναι Μελεται, Solun 1939.

Кирило-методиевска енциклопедия, I, III, София 1985, 2003 (**Кирило-методиевска енциклопедия, I, III.**).

Кировски П., Природно-географските одлики на Охридско, Охрид и Охридско, I, Скопје 1985, 11-32.

Koder J., The Urban Character of the Early Byzantine Empire: Some Reflections on a Settlement Geographical Approach to the Topic, The 17th International Byzantine Congress Major Papers, Dumbarton Oaks/Georgetown University, Washington, D.C., August 3-8, 1986, (**J. Koder, The Urban Character**).

Koder J., Der Lebensraum der Byzantiner (Historisch-geographischer Abriss ihres mittelalterlichen Staates im ostlichen Mittelmeerraum), Fassbaender-Wien 2001.

Койчева Е., Първите кръстоносни походи и Балканите, София 2004 (**Е. Койчева, Първите кръстоносни походи**).

Коледаров П. Ст., Името Македония в историческата география, София 1985.

Конески Б., Канонизација на словенските светци во Охридскката црква, Прилози на МАНУ (Одделение за лингвистика и литературна наука), I/1-2, Скопје 1976, (**Б. Конески, Канонизација на словенските светци**).

Конески Б., Охридската книжовна школа, Климент Охридски-Студии, Скопје 1986, 9-23.

Конески Б., Берзити-Брсјаци, Прилози на МАНУ (Одделение за лингвистика и литературна наука), XIV/1, Скопје 1989, (**Б. Конески, Берзити-Брсјаци**).

Конески Б., Македонски места и имиња, Скопје 1991.

Косев Д., Делото на Климент Охридски и неговото историческо значение, Климент Охридски-Материали за неговото чествуване по случай 1050 години от смртта му, София 1968, 7-16.

Костић З., Осврт на административне поделе Македоније крајем антике, ЗРВИ, 35, Београд 1996, 77-94 (**З. Костић, Осврт на административне поделе**).

Коцо Д., Климентовиот манастир "Св. Пантелејмон" и раскопката при "Имарет" во Охрид, ГЗФФ, 1, Скопје 1948, 129-180 **(Д. Коцо, Климентовиот манастир)**.

Коцо Д., Триконхалните цркви во Климентовото време, Словенска писменост 1050-годишнина на Климент Охридски, Охрид 1966,

Коцо Д., Нови податоци за историјата на климентовиот манастир Св. Пантелејмон во Охрид, Климент Охридски-Студии, Скопје 1986, 213-224 **(Д. Коцо, Нови податоци)**.

Коцо Д., Прилог кон проучувањето на Величката епископија, Прилози на МАНУ (Одделение за општествени науки), XX/2, Скопје 1989, 5-10 **(Д. Коцо, Прилог кон проучувањето)**.

Коцо Д., За доселувањето на Словените во Охрид, Прилози на МАНУ (Одделение за општествени науки), XXIII/1, Скопје 1992, **(Д. Коцо, За доселувањето на Словените)**.

Constantelos D. J., Byzantine Philantropy and Social Welfare, New Jersey 1968.

Constantelos D. J., Poverty, Society and Philantropy in the Late Medieval Greek World, New York 1992.

Kravari, V., Villes et villages de Macedoine occidentale, Paris 1989 **(Kravari, V., Villes et villages)**.

Крсмановић Б., Успон војног племства у Византији XI века, Београд 2001 **(Б. Крсмановић, Успон војног племства)**.

Кузман П., Македонија во свелоста на археолошките откритија, Содржински и методолошки прашања во истражувањето на историјата на културата на Македонија, кн. 1, Скопје 1995, 29-35 **(П. Кузман, Македонија во свелоста)**.

Kulikowski M., Rome’s Gothic Wars-From the Third Century to Alaric, Cambridge 2007 **(M. Kulikowski, Rome’s Gothic Wars)**.

Lateinsches Etymologisches Worterbuch, von A. Walde, I, Heidelberg 1965.

Лазарев В. Н., История византииской живописи, Москва 1947.

Лазарев В. Н., Живопис XI-XII веков в Македонии, Actes Du XII Congres International D'Etudes Byzantines (Ochride 10-16 septembre 1961), T. I, Beograd 1963, **(В. Н. Лазарев, Живопис XI-XII веков в Македонии)**.

Laiou A. E., Exchange and Trade, Seventh-Twelfht Centuries, The Economic History of Byzantium (From the Seventh through the Fifteen Century), ed. A. E. Laiou, 2, Washington, D.C. 2002.

Leroy-Molinghem A., Les fils de Bulgarie et les Cometopoules, Byzantion, XLII/2, Bruxelles 1972, 405-419.

Les Tresor monetaires byzantins des Balkans et d' Asie Mineure (491-713), par C. Morrisson, V. Popovic et V. Ivanisevic, 13, Realites Byzantines, Paris 2006.

Lippold A., Vzhodni Goti in Rimski Cesarij od 455 do 507, Zgodovinski Casopis, 41/2, Ljubljana 1987, 205-215 **(A. Lippold, Vzhodni Goti).**

Литаврин Г., Болгария и Византия в XI-XII вв., Москва 1960 **(Г. Литаврин, Болгария и Византия).**

Литаврин Г., Склавиниите од VII до IX век како социјално-политичка организација на Словените, Историја, XXI/2, Скопје 1985,

Loud G., The Age of Robert Guiscard: Southern Italy and the Norman Conquest, London 2000 **(G. Loud, The Age of Robert Guiscard).**

Мавродинов Н., Еднокорабната и кръстовидната църква по българските земи до края на XIV в., София 1931.

Мавродинов Н., Старобългарското искуство, София 1959.

Magdalino P., The Byzantine Background to the First Crusade, Toronto 1996, 1-38.

Magdalino P., Innovations in government, Alexios I Komnenos, I, Belfast 1996, 146-166.

Magdalino P., The Byzantine Army and the Land: From Stratiotikon Ktema to Military Pronoia, Byzantium at War (9th-12th c.), Athens 1997, 15-36 **(P. Magdalino, The Byzantine Army and the Land).**

Makk F., Relations Hungaro-Bulgares au Temps Du Prince Geza et du Roi Etienae I, Hungaro-Bulgarica V., Szegedi Bolgarisztika-Сегетската Българистика, Szeged-Сегед, 1994

Максимовић Љ., Северни Илирик у VI веку, ЗРВИ, XIX, Београд 1980, **(Љ. Максимовић, Северни Илирик).**

Максимовић Љ., Организација византијске власти у новоосвојеним областима после 1018. године, ЗРВИ, 36, Београд 1997, **(Љ. Максимовић, Организација византијске власти).**

Максимовић Љ., Традиција и иновација у византијској територијалној организацији државе и цркве (IX-X век), Трећа југословенска конференција византолога, Београд-Крушевац, 2002,

Маленко В., Нови археолошки наоди на локалитетот "Козлук", "Габавци" и "Св. Еразмо", МАА, 2, Скопје 1976, 219-236.

Маленко В., Осврт на извршените работи во 1975 година на ранохристијанската трикорабна базилика и раносредновековната некропола на лок. "Св. Еразмо", МАА, 3, Скопје 1977, 125-142 **(Осврт на извршените работи)**.

Маленко В., Раносредновековната материјална култура во Охрид и Охридско, Охрид и Охридско низ историјата, I, Скопје 1985 **(В. Маленко, Раносредновековната материјална култура)**.

Маленко В.-Кузман П., Хермелеја, Лихнид, 6, Охрид 1988, 133-148 **(В. Маленко-П. Кузман, Хермелеја).**

Маленко В., Ранохристијански објекти во Охрид и Охридско, Лихнид, 7, Охрид 1989, **(В. Маленко, Ранохристијански објекти).**

C. Mango, Les monuments de l'architecture du XIe siecle et leur signification historique et sociale, Travaux et memoires, 6, Paris 1976, 351-364.

Манева Е., Коскени плочки од рефлексни лакови и троребрести врвови од стрели со номадско потекло од Хераклеа, Зборник на трудови на заводот на заштита на спомениците на културата, природните реткости-Музеј и галерија-Битола, 6-8, Битола 1987, 49-60.

Манева Е., Средновековен накит од Македонија, Скопје 1992 **(Е. Манева, Средновековен накит)**.

Манева Е., Аспекти на проблематиката на средновековната материјална култура во Македонија, Цивилизации на почвата на Македонија- Прилози за истражувањето на историјатана културата на почвата на Македонија, кн. 2, Скопје 1995, 127-152.

Манева Е., Некои аспекти за проблематиката на раносредновековната културна група Комани-Круе и нејзиното присуство во Македонија, Изворник, 1-2 (1996), Струга 1997, 11-24 **(Е. Манева, Некои аспекти за Комани-Круе)**.

Maneva E., La tombe 23 de Saint-Erasme-Ohrid, Homage to Milutin Garasanin (ed. N. Tasic, C. Grozdanov), Belgrade 2006, 607-614 **(E. Maneva, La tombe 23)**.

Мареш Ф. В., Словенските светци во Асемановото евенгелие, Лихнид, 6, Охрид 1988, 3-10 **(Ф. В. Мареш, Словенските светци)**.

Мариа Весели Ј., Свети Еразмо од Формија-Свети Еразмо Формиски или Охридски, Лихнид, 6, Охрид 1988, 53-67 **(Ј. Мариа Весели, Свети Еразмо од Формија)**.

Меловски Х., Прилог кон даночната политика на Самуиловата држава, ГИНИ, XX/1, Скопје 1976, 177-183.

Меловски Х., Две житија на Свети Еразмо-Лихнидски, Лихнид, 6, Охрид 1988, 69-86 **(Х. Меловски, Две житија на Свети Еразмо).**

Меловски Х., Св. Наум во Мосхополскиот зборник (1741/2 год.), Светите Климент и Наум Охридски и придонесот на охридскиот духовен центар за словенскатапросвета и култура, Скопје 1995, 245-254.

Меловски Х., Москополски зборник (Пролошки житија на светци), Скопје 1996 **(Х. Меловски, Москополски зборник).**

Metcalf D. M., The Mint of Thessalonica in the Early Byzantine Period, Villes et Peuplement Dans L' Illirycum Protobyzantin, Rome 1984, 111-129.

Мияатев К., Архитектура в средновековна България, София 1965.

Микулчиħ И., Варвари во Македонија во доцната антика, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 48, Скопје 1995 **(И. Микулчиħ, Варвари во Македонија)**.

Микулчиќ И. - Лилчиќ В., Фибули и појасни украси од 6. и 7. век од Македонија, ГЗФФ, 48, Скопје 1995,

Микулчиќ И., Античките градови во Македонија, Прилози за истражувањето на историјата на културата на почвата на Македонија, кн. 8, Скопје 1999 **(И. Микулчиќ, Античките градови)**.

Miller T. S., The Birth of the Hospitals in the Byzantine Empire, Baltimore-London 1985.

Миловска Д., Две словенски житија на Св. Наум Охридски, Светите Климент и Наум Охридски и придонесот на охридскиот духовен центар за словенската просвета и култура, Скопје 1995, 255-260 **(Д. Миловска, Две словенски житија)**.

Милев А., Двете гръцки жития на Климент Охридски, Сборник от статии по случай 1050 години от смртта му, София 1966,

Milin M., Epirus Nova sine Dalmatorum, Ziva Antika, 47/1-2, Skopje 1997.

Миљковиќ-Пепек П., Материјали за македонската средновековна уметност. Фреските во светилиштето на црквата Св. Софија во Охрид, Зборник на Археолошкиот музеј, I, Скопје 1956,

Миљковиќ-Пепек П., Христијанската архиетектура кај Македонските Словени од пред средината на IX век до 1018 година, Климент Охридски-Студии, Скопје 1986, 225-237

Миљковиќ-Пепек П., Генезата на раскажувачкиот, експликативниот и едукативниот ликовен супстрат врз фреските кај Македонските Словени, Климент Охридски и улогата на Охридската книжевна школа во развитокот на словенската просвета, Скопје 1989, 285-291.

Miteva N., The Goths and the Late-Ancient Civilization in the Balkan Peninsula, Etudes Historiques, IX, Sofia 1979, 7-21 **(N. Miteva, The Goths).**

McQueen W. B., Relations Between the Normans and Byzantium 1071-1112, Byzantium, LVI (1986), Bruxelles 1986, 438-447 **(W. B.McQueen, Relations Between the Normans and Byzantium)**.

Mullett M., Alexios I Komnenos and Imperial Renewal, New Constantines (The Rhythm of Imperial Renewal in Byzantium, 4th-13th Centuries), Variorum 1994, 259-267.

Mullett M., Theophylact of Ochrid-Reading the Letters of a Byzantine Archbishop, Variorum 1997 **(M. Mullet, Theophylact of Ochrid)**.

Mullett M., The 'Other' in Byzantium, Strangers to Themselves: The Byzantine Outsider, Aldershot 2000, 1-22.

Мутафчиев П., История на български народ, II, София 1943.

Муцопулос Н., Базиликата "Св. Ахилий" в Преспа-един исторически паметник-Светния, Пловдив 2007 **(Н. Муцопулос, Базиликата "Св. Ахилий")**.

Николаев В., Феодалните отнощения в покореvirtue от Византия България отразени в писмата на теофилакт Охридски, архиепископ български, София 1951 **(В. Николаев, Феодалните отнощения)**.

Николајевић И., (Cahiers archeologiques, Fin de l' Anatiquite et Moyen Age publies par A. Grabar et J. Hubert, XIX, Paris 1969)-Приказ, Starinar 21 (1970), Beograd 1972, **(И. Николајевић, Приказ, Старинар 21 (1970))**

Nikolov G. N., The Bulgarian Aristocracy in the War Against the Byzantine Empire (971-1019), Byzantium and East Central Europe, Byzantina et Slavica Cracoviensia, III, Cracow 2001, 141-158 **(G. N. Nikolov, The Bulgarian Aristocracy)**.

Николов Г. Н., Централизъм и регионализъм в ранносредновековна България (края на VII-началото на XI в.), София 2005 **(Г. Н. Николов, Централизъм и регионализъм)**.

Nikopolis und Kephallenia, Tabula Imperii Byzantini (P. Soustal), 3, Wien 1981 **(TIB, 3)**.

Obolensky D., The Balkans in the Ninth Century: Barrier or Bridge?, Byzantinische Forschung, XIII, Amsterdam 1988, 47-66.

Оболенски Д., Византискиот комонвелт, Скопје 2002.

Оболенски Д., Шест византијских портрета, Београд 2004.

Острогорски Г., Пронија. Прилог историји феудализма у јужнословенским земјама, Београд 1951.

Острогорски Г., Постанак тема Хелада и Пелопонез, ЗРВИ, 1, Београд 1952,

Острогорски Г., Периодизација византијске историје, Сабрана дела, књ. 3, Београд 1970

Острогорски Г., Историја на Византија, Скопје 1991 **(Г. Острогорски, Историја)**.

Охрид и Охридско низ историјата, II, Скопје 1978.

Павлов П., Залезът на Първото българско царство (1015-1018), София 1999 **(П. Павлов, Залезът)**.

Павловић Л., Култови лица код Срба и Македонаца, Смедерево 1965.

Панов Б., Охрид и Охридската област од средината на X до крајот на XII век, Средновековна Македонија, 3, Скопје 1985, 716-783 **(Б. Панов, Охрид од средината на X век)**

Панов Б., Охрид во крајот на XI и почеток на XII век во светлината на писмата на Теофилакт Охридски, Средновековна Македонија, III, Скопје 1985, 550-566 **(Б. Панов, Охрид во крајот на XI век)**

Панов Б., Охрид и Охридско во ранофеудалниот период, Охрид и Охридско низ историјата, I, Скопје 1985, 175-197 **(Б. Панов, Ранофеудалниот период)**.

Панов Б., Охрид и Охридско во периодот на развиениот феудализам, Охрид и Охридско низ историјата, I, Скопје 1985, 199-268 **(Б. Панов, Развиениот феудализам)**.

Панов Б., Охрид и Охридската област во првите векови по словенската колонизација (VI-VIII век), Средновековна Македонија, III, Скопје 1985, 651-679 **(Б. Панов, Охрид и Охридската област)**.

Панов, Теофилакт Охридски како извор за средновековната историја на македонскиот народ, Средновековна Македонија, 2, Скопје 1985 **(Б. Панов, Теофилакт како извор)**.

Панов Б., Охрид во епохата на Климент и Наум, Климент Охридски-Студии, Скопје 1986, 183-203 **(Б. Панов, Охрид во епохата на Климент и Наум)**.

Панов М., Географија на СР Македонија, I, Скопје 1976.

Панов М. Б., Солун за време владеењето на Максимијан Галериј, ГИНИ, 41/1-2, Скопје 1997, 129-148.

Панов М. Б., Македонија меѓу Византискиот исток и Римскиот запад (IV-V век), ГИНИ, 49/1-2. Скопје 2005, 89-110 **(М. Б. Панов, Македонија меѓу Византискиот исток)**.

Панов М. Б., Административните реформи на Диоклецијан, Галериј и Константин I и Македонија, ГИНИ, 50/1, Скопје 2006, 111-124 **(М. Б. Панов, Административните реформи)**.

Панов М. Б., Административни промени во Македонија во IV-V век: нови датирања, Историја, историографија и настава по историја, Скопје 2007, 115-126 **(М. Б. Панов, Административни промени)**.

Папазоглу Ф., Македонски градови у римско доба, Скопје 1957.

Papazoglu F., O pojmovima "Epir" i "Ilirija" u poznorepublikansko doba, Godišnjak Akademije Nauka i Umetnosti Bosne i Hercegovine, Knj. XIII (Centar za Balkanološka ispitivanja, knj. 11), Sarajevo 1976, **(F. Papazoglu, O pojmovima "Epir" i "Ilirija")**.

Папазоглу Ф., Лихнид во доцноцарскиот период, Охрид и Охридско низ историјата, I, Скопје 1985 **(Ф. Папазоглу, Лихнид во доцноцарскиот период)**

Петров П., Образуване и укрепване на западната Българска држава, Годишник на Софийския университет, LIII/2, София 1959

Петровски Б., Односот на населението и локалните власти од Северозападна Македонија (Полог и Скопје) кон норманските "варвари" и "цивилизираните" Византијци за време на византиско-норманската војна 1081-1085 година, Епохи, XI/1-2 (2003), Велико Търново 2005, 129-140. **(Б. Петровски, Односот на населението).**

Петровски Б., Средновековната историја и историографија во Македонија, ракурс на освојувањето на Норманите и траењето на нивната власт во Полог, Историја, Историографија и настава по историја, Скопје 2007, 137-147 **(Б. Петровски, Ракурс на освојувањето на Норманите)**.

Pietri C., La Geographie de L' Illyricum Ecclesiastique et Ses Relations Avec L' Eglise de Rome (Ve-VIe siecles), Villes et Peuplement Dans L' Illirycum Protobyzantin, Rome 1984, 21-62 **(C. Pietri, La Geographie).**

Pillon M., Une Enigme de l'Histoire Administrative Epirote au Siecle: L'Epirus Nova Dalmatorum, Hommage a Alain Ducellier, Toulouse 2004, 283-294.

Пјанка В., Топономастиката на Охридско-преспанскиот базен, Скопје 1970.

Поленаковиќ Х., Климент Охридски-Живот и дејност, Книга за Климент, Скопје 1966,

Popovic V., Les temoins archeologiques des invasions dans I'Illyricum byzantin, Melanges de l'Ecole francaise de Rome, Antiquite, 87/1975, 445-504.

Popovic V., Aux origines de la slavisation der Balkans: la constitution des premieres Sklavinies macedoninnes vers la fin du VIe siecle, Academie des inscriptionset belles letters. Comptes rendus des seances de l'annee 1980, Paris 1980, 230-257 **(V. Popovic, Aux origines de la slavisation)**.

Popovic V., Byzantins, Slaves et Autochtones Dans Les Provinces de Prevalitane et Nouvelle Epire, Villes et Peuplement Dans L' Illirycum Protobyzantin, Rome 1984, 181-243 **(V. Popovic, Byzantins, Slaves et Autochtones).**

Поповић В., Кврат, Кувер и Аспарух, Старинар, XXXVII, Београд 1987, 103-133 **(В. Поповић, Кврат, Кувер и Аспарух)**.

Поповић В., Албанија у касној антици, Илири и Албанци, Београд 1988, 201-284 **(В. Поповић, Албанија у касној антици).**

Почуча-Кузман Н., Реликвијари од Охрид и Охридско, Лихнид, 6, Охрид 1988, 133-148.

Prinzing G., Historisch-geographische Bemerkungen zu Carev dvor und Malaina, Byzantinoslavica, 49/2, Prague 1988, 213-221.

Прличев Г., Автобиографија, Скопје 1974.

Проева Н., Прилог кон историјата на античките Македонци, Годишен зборник на Филозофки факултет, 43-44/17-18, Скопје 1990-1991; Н. Проева, Туѓи елементи во културата на Горна Македонија во римско време, Цивилизации на почвата на Македонија (Прилози за истражувањето на културата на почвата на Македонија), кн. 2, Скопје 1995, 81-88.

Проева Н., Епихорските имиња во Горна Македонија, Јазиците на почвата на Македонија (Прилози за истражувањето на културата на почвата на Македонија), кн. 3, Скопје 1996, 83-93.

Проева Н., Студии за античките Македонци, Скопје 1997.

Б. Прокић, Постанак једне словенске царевине у Маћедоније у X веку, Глас САН, 76, Београд 1908,

Прокић Б., Јован Скилица као извор за најстарију историју Маћедонских Словена, Глас Српске академије наука, 84, Београд 1910,

Pillon M., Une Enigme de l'Histoire Administrative Epirote au Siecle: L'Epirus Nova Dalmatorum, Hommage a Alain Ducellier, Toulouse 2004, 283-294.

Пириватрић, Самуилова држава-обим и карактер, Београд 1997 **(С. Пириватрић, Самуилова држава)**.

Philipsborn, Der Fortschrift in der Entwicklung des Byzantinischen Krankenhauswesens, Byzantinische Zeitschrift, Munchen 1961

Размоска-Бачева Д., Преглед на византиските монети од V до XIII век од нумизматичката збирка во Охрид, Лихнид, 5, Охрид 1983,

Размовска-Бачевска Д., Нумизматичките наоди од југозападниот дел на Република Македонија од V век п. н. е. до XIV век, Охрид 2002.

Rees R., Diocletian and the Tetrarchy, Edinburgh 2004 **(R. Rees, Diocletian and the Tetrarchy)**.

Ристески С., Легенди и преданија за Св. Наум Охридски, Скопје 1990.

Ристески С., Чудата на Св. Наум Охридски, Охрид 2005.

Runciman S., The First Crusader s Journey across the Balkan Peninsula, Byzantion, XIX (1949), 207-221 **(S. Runciman, The First Journey)**.

Runciman S., A History od the Crusades, I: The First Crusade and the Foundation of the Kingdom od Jerusalem, Cambridge 1975 **(S. Runciman, The First Crusade)**.

Runciman S., Byzantium and the Crusades, The Crusades (ed. T. F. Madden), Oxford 2002.

Russell J., Transformations in Early Byzantine Urban Life: The Contribution and Limitations of Archaeological Evidence, The 17th International Byzantine Congress Major Papers, Dumbarton Oaks/Georgetown University, Washington, D.C., August 3-8, 1986,

Саздов Т., Народните преданија и легенди за Климент Охридски, Климент Охридски и улогата на Охридската книжевна школа во развитокот на словенската просвета, Скопје 1989, 151-155.

Селищев А. М., Словяанское население в Албании, София 1931.

Серафимова-Хаџишче Ј., Охридско Езеро, Охрид и Охридско, I, Скопје 1985, 33-59.

Скабаланович Н., Византийское государство и церковь в XI в., С. Петерсбург 1884.

Снегаров И., История на Охридската архиепископия, I, София 1924 **(И. Снегаров, История, I)**.

Снегаров И., Жития на народни светии, писани на охридско наречие съ гръцко писмо, Македонски преглед, 5-6, София 1925,

Снегаров И., Климентъ Охридски, София 1939.

Среднеболгарский перевод хроники Константина Манасия в славянаких литературах, София 1988.

Станковић, Карактер византијске границе на Балкану у IX и X веку, Трећа југословенска конференција византолога, Београд-Крушевац, 2002, **(В. Станковић, Карактер византијске границе)**.

Станковска Љ., Кон прашањето за таинствената Климентова епархија, ГИНИ, 49/1-2, Скопје 2005,

Станковска Љ., Од охридската топонимија во текстовите на Кузман Шапкарев, XXXII Научна Конференција на XXXVIII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 15. VIII-17. VIII 2005), Лингвистика, Скопје 2006, 251-258 **(Љ. Станковска, Од охридската топонимија).**

Stephenson P., Byzantium's Balkan Frontier (A Political Study of the Northern Balkans, 900-1204), Cambridge 2000. **(P. Stephenson, Byzantium's Balkan Frontier)**.

Stephenson P., Byzantine Conceptions of Otherness after the Annexation of Bulgaria (1018), Strangers to Themselves: The Byzantine Outsider, Aldershot 2000, 245-257 **(P. Stephenson, Byzantine Conceptions of Otherness)**.

Stephenson P., The Balkan Frontier in the Year 1000, Byzantium in the Year 1000, Brill-Leiden-Boston 2003, 109-133.

Stephenson P., The Legend of Basil the Bulgar-Slayer, Cambridge 2003 **(P. Stephenson, The Legend)**.

Старогръцко български речникъ, София 1943.

Стефоска И., Словените на почвата на Македонија (од VII до почеток на X век), Скопје 2002 **(И. Стефоска, Словените)**.

Стоименов Д., Времена византийска военна администрация в българските земи (971-987/89), Годишник на Софиския университет, Научен център за славяно-византийски проучвания "Иван Дуйчев", 82/2, София 1988, 39-66.

Стојанов Д., Меѓу Готите и централната власт: бунтот во Тесалоника (479), ГИНИ, 50/1, Скопје 2006, 127-138 **(Д. Стојанов, Меѓу Готите и централната власт).**

Стојков С., Македонија помеѓу Византија и Бугарија VII-X век (Одбранета магистерска теза во ракопис), Скопје 2003.

Стојчевска-Антиќ В., Климент и Наум Охридски во народната традиција, Скопје 1982.

Stricevic Dj., La Renovation Du Type Basilical Dans L'Architecture Ecclesiastique Des Pays Centrales Des Balkans Au IX-XI siecles, Actes Du XII Congres International D'Etudes Byzantines (Ochride 10-16 septembre 1961), T. I, Beograd 1963, 165-211 **(Dj. Stricevic, La Renovation Du Type Basilical)**.

Tabula Imperii Romani (Naissus-Dyrrhachion-Scupi-Serdica-Thessalonike), Ljubljana 1976.

Tapkova-Zaimova V., Les frontiers occidentals des territories conques par Tzimisces, Studia Balcanica, 10, 1975,

Ташковски Д., Самуиловото царство, Скопје 1961.

The Oxford Dictionary of Byzantium, 1-3, New York-Oxford 1991 **(The Oxford Dictionary of Byzantium, 1-3)**.

Тивчев П., За участието на Българи в византийската войска през периода на византийското иго (1018-1185), Исторически преглед, XIX/1, София 1963, 79-93.

Томовски К., Средновековната архитектура во Охрид и Охридско, Охрид и Охридско низ историјата, I, Скопје 1985, 381-398 **(К. Томовски, Средновековната архитектура)**.

Томоски Т., Охрид до крајот на XIV век, Зборник на трудови (посебно издание по повод 10-годишнината од основувањето на Музејот, посветено на XII меѓународен конгрес на византолозите), Охрид 1961, 7-14 **(Т. Томоски, Охрид до крајот на XIV век)**.

Томоски Т., Белешки за некои месности во Македонија во почетокот на XI век, Илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на Самоиловата држава, Скопје 1971, 203-211 **(Т. Томоски, Белешки за некои месности)**.

Томоски Т., Преспа во средниот век, Историја, XV/2, Скопје 1979, 49-80 и карта **(Т. Томоски, Преспа во средниот век).**

Томоски Т., Прилог кон топографијата на Климентовата епархија, Климент Охридски-Студии, Скопје 1986, 204-209 **(Т. Томоски, Прилог кон топографијата)**.

Томоски Т., Записи за средновековниот Девол, Македонија низ вековите, Скопје 1999, 398-418 **(Т. Томоски, Записи за средновековниот Девол)**.

Томоски Т., ΜΟΚΡΟΣ во историјата на македонскиот народ, Македонија низ вековите, Скопје 1999, 321-345 **(Т. Томоски, ΜΟΚΡΟΣ во историјата)**.

Томоски Т., Записи за Драгувитите во Македонија, Македонија низ вековите, Скопје 1999, 474-483 **(Т. Томоски, Записи за Драгувитите)**.

Томоски Т., Butella civitas Pelagoniae, Македонија низ вековите, Скопје 1999, 289-293.

Тончев А., Италианските нормани и балканското население под Византиска власт (1018-1100), Исторически преглед, XXXI/2, София 1975, 25-45 **(А. Тончев, Италианските нормани)**.

Тончев А., Италианските нормани на Балканите през XII в. (1100-1187 г.), Исторически преглед, XXXIII/3, София 1977, 23-38.

Трифуноски Ј. Ф., Охридско-струшка област (Антропогеографска проучавања), Београд 1992.

Угринова-Скаловска Р., За средновековните книжевни школи во Македонија, Климент Охридски-Студии, Скопје 1986

Ferjancic B., Invasions et installation des Slaves dans les Balkans, Villes et Peuplement Dans L' Illirycum Protobyzantin, Rome 1984, 85-109 **(B. Ferjancic, Invasions et installation)**.

Ferluga J., Le soulevment des Cometopoules, ЗРВИ, 9, Београд 1966, 75-84 **( J. Ferluga, Le soulevment).**

Ферлуга J., Драч и Драчка област пред крај X и почетком XI века, ЗРВИ, VIII/2, Београд 1964, 117-130 **(J. Ферлуга, Драч и Драчка област)**.

Ферлуга J., Драч и његова област од VII до почетка XIII века, Глас Српске академије наука и уметности (Оддељење историских наука), CCCXLIII/5, Београд 1986, **(J. Ферлуга, Драч и његова област)**.

Филипова С., Архитектонска камена склулптура во Македонија (5-6 и 11-12 век), Скопје-Мелбурн, 1997.

Филипоски Т., Охридско-дебарските предели и областа Арбанон (Албанон) во XIII век, Ѓерѓ Кастриоти Скендербег (1405-1468), (Материјали од научниот собир, по повод 600 години од неговото раѓање, одржан во Скопје на 25 и 26 ноември 2005), Скопје 2006, 105-117 **(Т. Филипоски, Охридско-дебарските предели и областа Арбанон (Албанон))**.

Филипоски Т., Прашањето за проодноста на западниот дел од патот Via Egnatia (Драч-Солун) во II-та половина на IX век, Пътуванияата в средновековна България и съвремениот туризъм, Шумен (во печат).

Frakes R., The Impact of the Huns in the Balkans in the Late Antique Historiography, Migration in Balkan History, Belgrade 1989, 39-46 **(R. Frakes, The Impact of the Huns).**

Frankopan P., The Imperial Governors of Dyrrakhion in the reign of Alexios I Komnenos, Byzantine and Modern Greek Studies, 26, Birmingham 2002, 65-103. **(P. Frankopan, The Imperial Governors of Dyrrakhion)**.

Harvey A., The Land and Taxation in the Reign of Alexios I Komnenos: Evidence of Theophylakt of Ochrid, Revue des Etudes Byzantines, 53, Paris 1993, 144-153 **(A. Harvey, The Land and Taxation)**.

Harvey A., Financial Crisis and the Rural Economy, Alexios I Komnenos, I, Belfast 1996, 167-184 **(A. Harvey, Financial Crisis)**.

Hatersley-Smith K. M., Byzantine Public Arhitecture Between the Fourth and Early Eleventh Centuries AD, with Special Reference to the Towns od Byzantine Macedonia, Thessaloniki 1996 **(K. M. Hatersley-Smith, Byzantine Public Arhitecture)**.

Хаџи-Манева М., Нумизматички сведоштва за крајот на VI и VII век, Macedoniae Acta Arhaeologica, 18 (2002-2004), Skopje 2008, 381-395 **(М. Хаџи-Манева, Нумизматички сведоштва)**.

Heather P. J., Goths and Romans (332-489), Oxford 1991 **(P. J. Heather, Goths and Romans)**.

Heather P. J., The Goths, Oxford 1996 **(P. J. Heather, The Goths)**.

Heather P. J., The Creation of the Visigoths, The Visigoths from Migration Period to the Seventh Century and Ethnographic Perspective, San Marino 1999, 43-73.

Heil M., Zwei spätantike Statthalter aus Epirus und Achaia, Zeitschrift für Papyrologie und Epigraphik, 108 (1995), 159-165 **(M. Heil, Zwei spätantike Statthalter).**

Hellas und Thessalia, Tabula Imperii Byzantini, Band 1 (Von J. Koder und F. Hild), Wien 1976.

Holmes C., Basil II and the Governance of Empire (976-1025), Oxford 2005.

Χρυσος Ευ., Συμβολη στην Ιστορια της Ηηειρου, Ηπειροτικα Χρονικα, 23 (1981).

Христовска К., Византиските пари на територијата на Република Македонија во XI и XII век: аспекти на дистрибуција и циркулација, Монетите и монетоковниците во Македонија, Скопје 2001, 103-113.

Цанкова-Петкова Г., Феодалното земевладение в южните и юугозападните български земи под византийско владичество, Известия на институтот за история, 8, София 1960,

Цанкова-Петкова Г., За аграрните отношения в средновековна България XI-XIII век, София 1964.

Ceka N., The Illiyrans to the Albanians, Tirana 2005 **(N. Ceka, The Illiyrans to the Albanians).**

Целакоски Н., Свети Наум Охридски Чудотворец, Прилеп 1997.

Целакоски Н., Стари печати и преданија за Св. Наум Охридски, Охрид 2004.

Чаусидис Н., Контактот меѓу културата на јужните Словени и Византија, Цивилизации на почвата на Македонија- Прилози за истражувањето на историјата на културата на почвата на Македонија, кн. 2, Скопје 1995, 91-102.

Чаусидис Н., Дијахрониското компарирање на религиските и етно-културните процеси на почвата на Македонија, Религиите и религиските аспекти

на материјалната и духовната култура на почвата на Република Македонија-Прилози за истражувањето на историјата на културата на почвата на Македонија, кн. 4, Скопје 1996, 251-265.

Чаусидис Н., "Прстестата" фибула од Прилепец и другите аналогни раносредновековни примероци од централниот и јужниот Балкан, МАА, 17 (1999-2001), 303-316.

Чипан Б., Стара градска архитектура во Охрид, Скопје 1955.

Чипан Б., Старата градска архитектура во Охрид, Скопје 1982 **(Б. Чипан, Старата градска архитектура)**.

Чипан Б., Света Софија-катедрален храм на Охридската архиепископија (хронологија на архитектурата), Скопје 1995. **(Б. Чипан, Света Софија)**.

Dzidrova Lj., The Komani-Krue Culture-Another View. An Attempt for the Definition of a Culture and an Ethnic Group as a Contribution to the Political Administration of the Balkans in the Early Middle Ages, Papers From the EAA Third Annual Meeting at Ravenna 1997-Volume I: Pre- and Protohistory (Edited by: M. Pearce and M. Tosi), BAR International Series 717, Ravenna 1998 **(Lj. Dzidrova, The Komani-Krue Culture-Another View)**.

Chalandon F., Essai sur le regne d'Alexis I Comnene (1081-1118), Paris 1900.

Шапкарев К., Избор (приредил д-р Т. Тодоровски), Скопје 1984.

Cheynet J. C., Du stratege de theme au duc: chronologie de l'evolution au cours du XI siecle, Travaux et Memoires, 9, Paris 1985, 181-194.

Ylli Xh., Das slavische Lehngut im Albanischen, 2. Teil-Ortsnamen, Muchen 2000.